УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Докторска дисертација на тема

# САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И НЕГОВАТА ПЕРСОНИФИКАЦИЈА ВО НОВИОТ РЕЛИГИОЗЕН БРАН НА ТЕРОРИЗМОТ

МЕНТОР
проф. д-р Митко Котовчевски

ИЗРАБОТИЛ
м-р Сашо Панчевски

Скопје, 2014

**Содржина**

ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО........5
**КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**
ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........10
ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........11
ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........30
ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ........32
ХИПОТЕЗИ........32
ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........34
ИНДИКАТОРИ........34
МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ........35
ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ........36
**ПРВ ДЕЛ**
1.Тероризам историски развој........37
2.Историски осврт и генеза на самоубиството........46
3.Самоубиствен тероризам........58
3.1 Класификација на феноменот........58
3.2 Етапи на развој и еволуција........61
3.3 Античка традиција........63
3.4 Среден век........65
3.5 Бранот на самоубиствени напади........68
**ВТОР ДЕЛ**
4.Анализа на резултати........73
4.1 Влијанието на образованието и социјалната состојба во регрутацијата на извршители на самоубиствени напади во новиот религиозен бран на тероризмот........73
4.2. Политичките прилики, атмосферата на несигурност и вознемиреност доведуваат до зголемување на авторитетот на верските лидери и нивната интерпретација на религиозните вредности........84
4.2.1 Идеологија........85
4.2.2 Социјализација........89
4.3 Културата, традицијата како и спектарот на лични емоции претставуваат фактори кои влијаат на егзистирање на самоубиствениот тероризам........97
4.4 Догматските ставови во религијата и нивната злоупотреба во насока на радикализација на одредени структури во општеството........112
4.4.1 Христијанство........113
4.4.2 Ислам........119
4.4.3 Хинду религија........127
4.4.4 Јудејска религија........131
4.5 Генеза на радикализмот во религиите........137
4.5.1 Радикализмот во Христијанската религија........148
4.5.2 Радикализмот во Исламот........155
4.5.3 Радикализмот во Хинду религијата........160
4.5.4 Радикализмот во Јудејската религија........163
4.6 Сознанијата и разобличувањето на целиот процес на дејствување на религиозниот бран на тероризмот како клучен фактор во неговото сузбивање........169
4.6.1 Примена на самоубиствени мисии........169
4.6.2 Регрутација за самоубиствени напади........173

4.6.3 Тактики кои ги применуваат терористичките организации за извршувањена самоубиствени напади.....188
4.6.4 Тенденции на терористичките организации за извршување на самоубиствени напади.....195
4.6.5 Бомбаши самоубијци.....199
4.6.6 Индикатори за бомбаш самоубиец.....203
4.7 Дополнителни анализи и компарации значајни за истражувањето.....208
4.7.1 Извештај на Центарот за против терористички активности на САД.....210
4.7.2 Исламскиот тероризам во САД извештај за 2013 година.....216
4.7.3 Извештај на Федералното истражно биро-ФБИ (FBI) за екстремизмот кај Белата супрематија и имплементација на самоубиствени терористички напади.....219
**ТРЕТ ДЕЛ**
5. Исламскиот радикализам и религиозниот бран на тероризмот.....224
**ЧЕТВРТ ДЕЛ**
6. Терористички организации кои применуваат самоубиствен тероризам (класифицирани по региони).....244
Блискиот Исток (Југозападна Азија).....244
Кавкаски регион.....253
Централна Азија.....256
Југоисточна Азија.....258
Јужна Азија.....258
Индиски потконтинент.....261
Африка.....262
Терористички организаии кои дејствуваат на глобално ниво.....265
**ПЕТТИ ДЕЛ**
7.Карактеристики на самоубиствениот тероризам во светот.....267
7.1 Блискиот Исток (Југозападна Азија).....267
Турција.....267
Либан.....279
Израел.....285
Ирак.....291
7.2 Кавкаски регион.....295
Чеченија.....295
7.3 Централна Азија.....300
Авганистан.....300
7.4 Јужна Азија.....308
Пакистан.....308
7.5 Индиски потконтинент.....314
Шри Ланка.....314
8. Студии на случај-самоубиствени бомбашки напади.....320
Американските амбасади во Кенија и Танзанија.....320
Јемен -УСС Кол.....323
Бомбашот чевлар и синагогата во Џерба-Тунис.....325
Израелски туристи во Кенија.....328
Истанбул-Турција.....330
9.Карактеристики на самоубиствениот тероризам во светот за 2013 година.....332
10.Компаративна анализа на региони во кои е присутен самоубиствениот тероризам.....338
10.1 Констатации од анализата на регионите во кои е присутен самоубиствениот

тероризам....................................................................................................................424
10.2 Анализа на самоубиствените терористички напади во светот...................442
11.Резултати од тестирањето на Генерална (општа) хипотеза............................454
**ШЕСТИ ДЕЛ**
12.Стратегии за борба против самоубиствен тероризам и религиозниот
тероризам....................................................................................................................456
12.1 Самоубиствен тероризам.......................................................................................456
12.2 Религиозен тероризам..............................................................................................463
Заклучок........................................................................................................................468
Користена литература.................................................................................................476

САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И НЕГОВАТА ПЕРСОНИФИКАЦИЈА ВО НОВИОТ РЕЛИГИОЗЕН БРАН НА ТЕРОРИЗМОТ

## ВОВЕД ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

*Прво, се чувствувате нервозни поради возењето во автобус. Тогаш, ќе се прашувате самите себе, дали да одите во трговски центар и исто така ќе размислите дали да седнете во вашата омилена кафетерија. Потоа ќе ви се чини дека никаде не е безбедно. Терористичките групи имаат стратегија-да се сведат на минимум местата на кои се движат обичните луѓе со примената на своето најново оружје, бомбаши самоубијци, кои се евтини и смртоносни.....*

*Брус Хофман*[1]

На почетокот на XXI-век, во времето на највисокиот стадиум на развојот на човекот од неговото постоење, светот се соочува со најзастрашувачките форми на наметнување на волјата на поединци или групи кои сметаат дека светот чекори во погрешен правец, односно тие се одредени да го насочат целокупното човештво во вистинската насока. Таквиот начин на наметнување на волјата, во период кога степенот на глобализација, разменување на информации и технологија се на највисоко ниво од нивниот развој, би бил неостварлив без употреба на одредени методи, со кои би се создала плодна почва за остварување на замислените цели. Еден од начините кон кои најчесто се посегнува, а истиот постои во сите етапи на развојот на човештвото е *тероризмот*. Тероризмот се практикувал во различни форми и не секогаш се усогласувале ставовите околу неговата интерпретација, односно тоа што за едни претставува тероризам за други претставува начин преку кој се доаѓа до одредени права, вредности или придобивки кои на друг начин не можат да се добијат. Луѓето кои што го практикувале тероризмот како начин на борба, потекнувале од истите средини каде што терористичките акти биле применувани, при тоа, ги величеле своите дела како херојски и истите претставувале пример за начинот на кој треба да постапувааат останатите. Преку тие примери на ,,херојски дела" кои се неопходни и без кои не би можеле да се остварат замислените цели, се вршел психолошки притисок врз останатите

[1]THE LOGIC OF SUICIDE TERRORISM (2003), www.rand.org

луѓе во општеството за да ги прифатат како такви, но и да пристапат кон терористичките организации. Од тука произлегуваат и одредени пишани правилници за однесување на припадниците на терористичките организации, создадени од првите луѓе на организацијата или највлијателните поединци, кои ,,секако" се безгрешни и нивните ставови и предвидувања се точни, односно не трпат никакви отстапки ниту пак можат да се стават под знак прашалник. Едноставно тоа мора да биде така.

Без оглед на жртвите, страдањата и негативностите кои ги носат терористичките активности, секогаш се наоѓаат форми преку кои истите ќе бидат оправдувани и ќе претставуваат подлога за регрутирање на нови следбеници на беспоштедната борба. Во последните неколку децении централно место во терористичките кампањи има религијата. Манипулација со интерпретирање на одредени делови или примери од верските книги, во кои никаде нема да сретнеме дека се повикува на војни, на страдања, насилно наметнување на одредена религија (туку напротив на мир, љубов, толеранција, меѓусебно почитување и помагање), претставува едно совршено средство за индоктринација на поединци преку кои би се реализирале прокламираните цели. Постојат многу примери во историјата каде што верувањето во некоја повисока цел, која може да се оствари само со лично жртвување на одредени добра, жртвувањето на сопствениот живот или саможртвувањето го зазема највисокото место на човечката посветеност кон делото и затоа следи ,,заслужена награда". Од една страна ,,дарувањето" на сопствениот живот претставува ослободување од страдањата и болката, кои се присутни во овдешниот свет и заслужено место во рајот, каде што се е во изобилство и хармонија. Од друга страна пак се збогатува религијата со уште еден ,,маченик". Зачудувачки е фактот, кој укажува, дека многу луѓе кои егзистирале во средини кои што биле доста напредни за разлика од останатиот дел во светот, (примерот со бомбашите самоубијци во Лондон 2005 година), или кои потекнуваат од многу богати семејства (примерот со Осама бин Ладен)[2]се склони на една

[2]Врз основа на неговата биографија и интервјуата со него, три основни компоненти го детрминираат психолошкиот профил на Осама бин Ладен, тие се: чувство на пониженост, потреба за слобода, и очајната потреба за поддршка и љубов од најблиските. Неговата амбивалентност кон неговата мајка, карактеристична за личности кои имаат проблем со својата индивидуализација, се рефлектира за време на свадбата на неговиот син. Имено, утрото кога мајката, на Осама бин Ладен, требало да ја напушти свадбената церемонија и да се врати во

верска индоктринација, за подоцна да изведат самоубиствени напади или пак да станат лидери во организации кои прокламираат верски радикализам. Воедно едноставноста со која едно човечко суштество си го одзема сопствениот живот, кој претставува најсилен нагон кај човекот, и со тоа ја покажува својата посветеност кон одредена идеологија го создаде најсмртоносното оружје-човекот.

Самиот акт на жртвување на сопствениот живот, во извршување на одредена задача во историјата е познат одамна. Уште во првиот век од нашата ера, членовите на еврејската секта Зелоти, ги напаѓале римските окупатори на Јудеа и нивните сојузници на јавни места наполно свесни дека и тие самите ќе бидат убиени. Потоа во средниот век Асасаните (зборот assassin означува убиец, атентатор односно „човек кој убива други на подмолен и насилен начин", представува назив на радикалниот огранок на муслиманската шиитска секта Исмаили),[3] култ што беше активен на подрачјето на денешен Иран и Сирија, чии припадници ги убиваа своите цели од блиску со ладно оружје и многу мали шанси за бегство. Во средината на XVIII век, други групи извршуваа самоубиствени напади против колонијалните владеења во Индија, Индонезија и на Филипините. Подоцна при крајот на XIX век, руски анархисти напаѓаа членови и поддржувачи на царскиот режим со експлозиви, убивајќи се себеси и нивните жртви.[4] Во Втората светска војна јапонците иницираа повеќе видови на самоубиствени напади, при што од пресудно значење беше смртта на напаѓачот за успешно да се совлада целта, *Камикази*[5] каде што авионите се користеа како летечки бомби, *Шиио* моторен чамец со експлозив на клунот, *Фукури* или човечка мина, каде што пливачите донесуваа експлозивно полнење под бродовите, *Никаку* или човечка противтенковска мина, каде војниците имаа експлозиви прицврстени на нивните тела, *Каитен* лансирано од подморница, човек водено торпедо, *Кориу* мини подморници. Овие подморници, кои не беа

---

Сирија, тој наредил, во нејзина чест, да се послужи традиционалниот оброк кој се служел во Сирија и потоа заминал кај неговите блиски пријатели и заплакал-(но не пред неговата мајка). Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005),„*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY, стр 22.

[3]Митко Котовчевски,(2004)„*Борба против тероризмот*", Македонска цивилизација/Скопје, стр 71.

[4]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

[5]*Божествен ветар*, кој според една легенда во 1281 година ја уништил флотата на монголските освојувачи.

наменети само како самоубиствено оружје, туку биле конструирани на начин да можат да се опремат со две торпеда или со специјална боева глава од 1000 фунти (454 кг.) во клунот за удирање во бродови.[6]

По Втората светска војна настапи едно затишје кое беше прекинато во 80-те години на XX-век. каде што актот на саможртвување повторно воскресна, а религиозната конотација дојде до израз.[7]Бранот на денешните самоубиствени напади вообичаено се сметаат нападите во Либан во 1983 година.[8]Во октомври 1983 година, камион бомба ја уништи касарната на маринците на САД во Бејрут. Експлозијата уби 241 војник на САД кои не беа на должност и повреди повеќе од 100. Во исто време, сличен камион бомба експлодира во кампот на француските мировници во близина, убивајќи 58 војници и повредувајќи 15. Овие напади, припишани на дотогаш непознатата група по име Хезболах (Божја партија)[9], резултираа со повлекување на американските и француските сили од Либан. Следејќи го овој пример, Тамилските тигри (ЛТТЕ) го изведоа својот прв самоубиствен напад во 1987 година, за подоцна, да се прославaт како една од најпознатите секуларни терористички организации кои извршуваа терористички напади.

Зачинет со опиумот на религијата и сета моќ што истата ја поседува, денеска се соочуваме со совршени темпирани човечки бомби, кои самите го одредуваат местото и времето каде ќе бидат активирани, а со тоа и последиците стануваат катастрофални. Почетоците на самоубиствените напади беа како и во првиот

[6]д-р Злате Димовски,(2007)„ *Тероризам* ", Графотранс/Скопје, стр 142.

[7]Според Роберт Папе, во периодот од 1980-2001 год. се случија 188 самоубиствени напади, повеќето од нив не беа од религиозен карактер. Scott Atran,(2004) *Trends in Suicide Terrorism : Sense and Nonsense. Presented to World Federation of Scientists Permanent Monitoring Panel on terrorism, Erice,Sicily, August 2004.*

Податоците за самоубистевениот тероризам од 2000-2003год. укажуваат на извршени повеќе од 300 самоубиствени напади, во кои животот го загубиле повеќе од 5300 лица додека илјадници се повредени. Нападите се реализирани во 17 земји во светот. Повеќето од самоубиствените напади (повеќе од 70%) се религиозно мотивирани и најчесто се извршени од страна на Ал Каеда (повеќе од 100 самоубиствени напади) и нејзините филијали во светот.

Scott Atran,(2004)„ *Mishandling Suicide Terrorism*" The Center for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.

[8]Прв „современ" самоубиствен напад со голем број на жртви се случил на 15 декември 1981 год. Нападат бил извршен врз амбасадата на Ирак во Бејрут (Либан), при што имало 27 загинати и повеќе од 100 повредени. (во други извори се посочени 61 загинато лице). За извршители на нападот се сметаат ирански агенти. Scott Atran,(2004) *Trends in Suicide Terrorism : Sense and Nonsense. Presented to World Federation of Scientists Permanent Monitoring Panel on terrorism, Erice,Sicily, August 2004,* (според други сознанија припадници на терористичката организација Ал Дава).

[9]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

век од нашата ера на Блискиот Исток, но за кратко време се прошириja низ целиот свет како стратешко оружје за остварување на одредени цели. Религијата се искористи како параван за индоктринација во процесот на регрутирање, со една крајна цел, целосна контрола и беспрекорна послушност.

# КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Според една академска дефиниција, која всушност претставува синтеза на повеќе дефиниции, тероризмот е метод на повторливи насилни дела кои предизвикуваат вознемиреност, извршени од страна на (полу) тајни и прикриени поединци, групи или државни елементи поради идеолошки, криминални или политички причини, каде што во споредба со атентатите директните цели на насилството не се главни цели. Директните човечки цели на насилството вообичаено се резултат на случаен избор (цели на можност) или селективно се бираат (репрезентативни или цели кои се некаков симбол), од целната популација и тие служат како генератори на определена порака. Процесите на комуникацијата засновани врз закани и врз насилство меѓу терористите (организација), жртвите (загрозените) и главните цели, се користат за манипулација со главната цел (публиката) претворајќи ја во цел на терор, цел на определени барања или цел на внимание, во зависност од тоа каква е крајната цел, односно дали се работи за заплашување, принуда или за пропаганда.[10] Методите и тактиките на тероризмот само го пратеа развојот на технологијата и со тоа станаа се подеструктивни. Со нивната деструктивна природа го наметнаа своето внимание во светот, односно мерките за безбедност станаа се поголеми и во некои земји составен дел од нивното секојдневие. Во ситуација кога просторот за маневрирање се повеќе се стеснува повторно на сцена стапува самоубиствениот тероризам. Појавата на самоубиствениот тероризам во комбинација со религијата, како оправдување за нивниот маченичко жртвување, доведе до ескалација на судирите во светот. Терористичките организации докажаа дека се способни со малку луѓе но соодветни средства за напад, да предизвикаат многу жртви и јасна порака до демократскиот свет за неговата ранливост. Нападот/ите од 11-ти Септември 2001 год во Њујорк, предизвикаа лавина на безбедносни мерки, подоцна секој напад од слични димензи се повеќе ги зајакнуваше мерките за безбедност но и чувството на несигурност кај граѓаните. Воената интервенција во Авганистан, како упориште на мозокот на операцијата за нападот на кулите близначки во Њујорк, Осама бин Ладен, ја разоткри мрежата Ал-Каеда. Потоа, со секоја успешна акција на безбедносните

[10]Македонска ревија за казнено право и криминологија (2006) год. 13 бр.6.

сили во целиот свет се повеќе се составуваа коцките од мозаикот наречен религиски тероризам, во кој многумина жртвувањето на сопствениот живот за верски идеали беше императив. Од „маченичките" напади на религиските следбеници може лесно да се донесе погрешен заклучок за одредена религија и нејзините вредности. Поради тоа, потребен е еден сериозен пристап со учество на повеќе субјекти во демистифицирање на радикалните структури, кои во своите обиди за наметнување на религиските вредности не бираат средства и начини во остварување на своите цели. Посебен акцент се става на разузнавачко-безбедносните служби, кои во координација со останатите институции чија цел е заштита на општеството, се најповикани за сузбивање на терористичките активности.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување е самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот.
На религиозниот тероризам се гледа како на некакво возвишено дело. Оправдан, од страна на верските влади, на неговите извршители им се дава целосна дозвола, кои тогаш стануваат инструменти на светото односно некоја возвишена цел. Воопшто не се важни бројот на жртвите и нивниот идентитет. Не постои судија кој е над каузата за која терористот се жртвува.[11]Доминацијата на самоубиствениот тероризам во текот на последните две децении сведочи за неговата ефикасност, но истовремено и упатува силна порака дека е невозможно да се спречат самоубиствените напаѓачи без при тоа да се разоткријат мотивите на овие луѓе. Доброволното жртвување на сопствениот живот на едно човечко битие при тоа убивајќи и други човечки битија во XXI-век (каде што технолошкиот напредок овозможува со еден таков неразумен потег да се предизвика катастрофа со апокалиптично сценарио), доволно укажува на потребата од едно научно истражување за атрибутите кои водат кон реализација на една таква идеја. Медиумите ги нарекуваа бомбашите самоубијци неразумни фанатици, експертите по тероризам објаснуваат дека самоубиствениот тероризам има свои тактички предности во однос на конвенционалниот

[11]Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 14.

тероризам.[12] Секоја операција е едноставна, евтина (нема потреба од бегство, барање на излез или комплицирана спасувачка операција), подразбира масовни жртви и големи материјални штети (бидејќи бомбашот самоубиец може да го избере времето, местото и околностите на нападот), не постои страв од тоа што можат да бидат уапсени и при испитување да издадат важни информации (бидејќи нивната смрт е сигурна), и остава силен впечаток на јавноста и медиумите (поради преовладувачкото чувство на беспомошност).

За разлика од Асасините, кои своето убиствено лудило го постигнуваа со земање на хашиш, денешните самоубијци исто така, се обземени со жесток деструктивен порив кој наместо со хашиш, се постигнува со дејството на религиозниот или политички опиум. Луѓето „темпирани бомби" сега во игра ја воведуваат својата смрт како офанзивен и ефикасен начин, во согласност со стратегиската интуиција која првенствено се заснова врз немоќта и огромната ранливост на противникот-целна мета. Тие жестоко удираат на системот кој го достигнал своето квазисовршенство, а со самото тоа станал осетлив и на најмалата искра. Тие според тврдењата на голем број експерти, од својата смрт направија моќно оружје против системот-системите против кои се борат, со што „престанаа да се убиваат без причина". Од своите тела односно од нивната смрт направија смртоносно (контра) офанзивно оружје, против кое и најмоќните средства за одвраќање, разурнување се скоро немоќни.[13] Генералниот секретар на Палестинскиот исламски џихад, др.Рамадан Шалах (dr. Ramadan Shalah),[14] на следниот начин ја сумира ползата од самоубиствените бомбашки напади:

*Нашиот непријател го поседува најсофистицираното оружје во светот и неговата армија е многу добро обучена...... Ние немаме ништо со што би се спротиставиле на убивањата и насилството над* нас, *освен со оружјето на маченништво. Тоа е лесно и не чини само нашите животи.... луѓето бомби не можат да бидат поразени.*[15]

Целосната посветеност кон извршување на поставената задача, во која неминовно е жртвувањето на сопствениот живот, укажува на фактот дека потребни се неколку фази во кои учество ќе земат повеќе субјекти, за на крајот

---

[12] http://www.bhdani.com/arhiva

[13] Митко Котовчевски,(2004),„*Борба против тероризмот*", Македонска цивилизација/Скопје, стр 72-74

[14] http://www.bhdani.com/arhiva

[15] *Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

се добие еден финален производ, човечко битие кое верува во исправноста на своите постапки. Самоубиствениот акт во свеста на извршителот не претставува еден неразумен чин, туку напротив нешто рационално и возвишено. Во истражувањето ќе бидат опфатени причините и целите поради кои самоубиствените операции се повеќе се застапени во репертоарот на терористичките организации, со религиозен предзнак. Начинот на регрутација и индоктринација на извршителите на самоубиствените мисии. Начинот на интерпретација на религијата со цел оправдување на улогата на маченик како и профилот на лицата кои се следбеници на таквиот начин на презентирање на религијата.

**Дефинирање на основни поими**

Поимите со кои ќе се сретнеме во ова истражување се: тероризам, самоубиство, самоубиствен тероризам, религија и религиозен бран на тероризмот.

*Поим за тероризам*

Во стручната литература се сретнуваат голем број дефиниции за тероризмот. Тероризмот е навистина тешко да се дефинира, делумно заради самиот термин и делумно заради тоа што го асоцираме со активност дизајнирана да биде субјективна.[16]Со други зборови, цел на една терористичка епизода не се само убиените жртви кои биле мета, туку влади, јавни места и конституенти од кои терористите се надеваат да предизвикаат некаква реакција како на пример: страв, одбивност, заплашување, паника или радикализација.[17]Тероризам (латински, terror-страв, ужас)[18]претставува примена на непосредно и организирано насилство на една или повеќе групи, кои се спремни и по физички пат да ја наметнат својата волја на државата, односно општеството, и да применуваат психички терор спрема масите предизвикувајќи притоа колективни и индивидуални комплекси на страв, несигурност и апатија.[19]Во текот на Француската револуција (1789-1794 год.) терминот тероризам се употребувал за систем на терор и заплашување кој го поддржувала и спроведувала власта. Régime de la Terreur (1793-1794 год.) претставувал

[16]Одри Курт Кронин и Џејмс М.Лудс,(2009) *„Напад на тероризмот: Елементи на грандиозна стратегија"*, Нампрес/Скопје, стр 3.
[17]Ibid, стр 3
[18]Obren Đordevič,(1986),„ Leksikon bezbednosti", Partizanska knjiga/ Beograd
[19]Трајан Гоцевски, (2006) *„Основи на системот на националната одбрана", четврто дополнето и изменето издание*, Филозофски факултет/Скопје, стр. 51.

инструмент преку кој се обидувала да се зацврсти новата власт.[20]Во својот почеток, како и денес, теророт означувал насилство на оние што се на власт врз потчинетите, а одговорот на тој терор бил тероризмот-борба против државата и сето она што таа го претставува.[21]Првиот сериозен чекор во борбата против тероризмот, се случил после убиството на југословенскиот крал Александар и францускиот министер Бартоа во Марсеј на 9 октомври 1934 година, кога Франција и официјално предложила формирање на Меѓународен кривичен суд. Советот на Лигата на народите, како одговор на францускиот предлог, формира комитет на експерти кој имал за задача да изготви предлог текст на конвенција за спречување на злосторствата од тероризмот. Нацрт Конвенцијата за спречување на тероризмот била усвоена под името „Конвенција на Лигата на народите за спречување на тероризмот.[22]

Кофи Анан, генералниот секретар на Обединетите Нации, во текот на заседанието на 57 седница на Генералното Собрание на Обединетите нации (4.10.2002) изјавил, дека тероризмот во својата природа претставува напад на фундаменталните принципи, права, поредок, човекови права и мирно решавање на конфликти, сите принципи врз чија основа се формирани Обединетите Нации. Обединетите Нации го имаат најзначајното место во овозможувањето на правната и организирана рамка во борбата против тероризмот.[23]Според Брајан Џенкинс (Корпорацијата Ренд), тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување политичка цел кога невини луѓе служат како мета.[24]Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[25]Еден од најпознатите современи теоретичари на тероризмот-Пол Вилкинсон, застапува поинакви сваќања за теророт и тероризмот и аналогно на тоа презентира различна класификација. Според него теророт претставува користење на застрашување со цел да се оствари принуда од страна на револуционерните движења, режими или поединци со политички мотиви, а тероризмот го смета за систематско

[20]Pavle Kalinić, (2003) „Teror I terorizam“, Naklada Jesenski I Turk/ Zagreb, стр. 10.
[21]Ibid, стр 10.
[22]http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php
[23]http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php
[24]Митко Котовчевски, (2003)„Современ тероризам“, Македонска цивилизација/Скопје, стр. 26
[25]Ibid, стр. 26

спроведување на организиран терор, било од страна на државата, движење или фракција, или од страна на мала група поединци.[26]Дефиниција на ФБИ (Federal Bureau of Investigation) за тероризмот презентирана од Американски центар за истражување на тероризмот, (најчесто цитирана дефиниција за тероризмот) гласи:

„Тероризмот е незаконска употреба на сила или насилство против лица или сопственост заради застрашување или присилување на владата, цивилното население или кој било друг сегмент на државата, во поддршка на политички или социјални цели".[27]

Терминот меѓународен тероризам се однесува на тероризам кој вклучува граѓани или територија на повеќе земји. Терминот терористичка група се однесува на која било група која практикува, или пак под себе има значајни подгрупи кои практикуваат тероризам.[28]Парламентарното собрание на Советот на Европа на 24.01.2002 година ја усвои Резолуцијата 1271 (2002) за борбата против тероризмот и почитување на човековите права. Советот на Европа за прв пат промовираше „обединета" дефиниција за тероризмот која беше општоприфатена од страна на Европската Унија. Врз основа на оваа дефиниција „терористички акт" ќе значи еден од следниве намерни акти, кои, дадени во својата природа или својот контекст можат сериозно да загрозат една земја или меѓународна организација, што е дефинирано како повреда на националниот закон преку учество во спроведувањето на следниве цели:

I сериозно заплашување на популацијата.

II нелегално присилување на владата или меѓународна организација да извршува или да се воздржува од извршување на некој акт.

III сериозно дестабилизирање или уништување на фундаментални политички, уставни, економски или социјални структури на една држава или меѓународна организација:

-напад на личниот живот кој би можел да предизвика смрт

-напад на физичкиот интегритет на лицата.

-киднапирање или земање на заложници.

---

[26]Митко Котовчевски, (2003)„Современ тероризам", Македонска цивилизација/Скопје, стр. 33.
[27]*БЕЛА КНИГА*, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија.
[28]Ibid.

-предизвикување екстензивна деструкција на владата или на јавните установи, системот за транспорт, инфраструктура, јавна или приватна сопственост, со цел загрозување на човековиот живот или нанесување голема економска загуба.

-киднапирање на воздухоплови, бродови или други средства од јавниот превоз.

-производство, поседување, набавка, транспорт, снабдување или употреба на оружје, експлозиви или на нуклеарно, биолошко или хемиско оружје, како и истражување и развој на биолошко и хемиско оружје.

-ослободување опасни супстанци или предизвикување пожари, експлозиви или ширење на ефектот со цел загрозување на човековиот живот.

-мешање или прекинување на снабдувањето со вода, енергија или каков и да е друг фундаментален природен извор чија цел би била загрозување на човековиот живот.

-закана за учество во било кој од претходно наведените дела.

-водење на терористичка група

-учествување во активности на терористичка група вклучувајќи собирање информации или извори на материјали, или пак фундирање на своите активности на каков и да е начин со знаење за фактот дека ваквото учество ќе придонесе за криминални активности на групата.

Според оваа Резолуција ,,терористичка група" се дефинира како структурирана група (група која не е случајно оформена и има за цел итно спроведување на терористички акти) составена од повеќе од два члена, зацврстена во еден определен период со определени, формулирани правила за своите членови, континуитет на своето членство и развиена структура.[29]

Во Република Македонија тероризмот е дефиниран во член 313 од Кривичниот законик[30] кој гласи:

,,Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе предизвика или сериозно ќе се закани со предизвикување на експлозија, пожар, поплава или друго општоопасно дејствие или акт на насилство, создавајќи чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со затвор најмалку четири години".

---

[29]Митко Котовчевски, (2003),„*Современ тероризам*", Македонска цивилизација/Скопје, стр 65.
[30] Кривичен законик на Република Македонија. „Службен весник" Број 19/04.

Терористичка организација е дефинирана во член 394-а[31] кој гласи:

(1)Тој што создава група, банда или друга злосторничка организација за извршување на кривични дела на: убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, информациони системи и други објекти во општа употреба, грабнување на авиони или други средства за јавен транспорт, производство, поседување или трговија со нуклеарни оружја, биолошки, хемиски оружја и други видови оружја и опасни материи, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со цел за создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните или за загрозување на уставниот поредок на земјата или интересите на меѓународна организација или на странска држава, ќе се казни со затвор од најмалку осум години.

(2)Припадникот на групата, бандата или друга злосторничка организација, како и тој што обезбедува средства за финансирање или и помага на друг начин, се казнува со затвор од четири до десет години.

(3)Со казната од став 2 ќе се казни и тој што јавно повикува, поттикнува или го поддржува создавањето на терористичка организација.

(4)Сторителот на делото од став 1 кој со откривање на организацијата или на друг начин ќе го спречи извршувањето на планираните дела, ќе се казни со затвор од три месеци до три години, а може и да се ослободи од казна.

(5)Сторителот од став 2 кој ќе ја открие организацијата пред да стори во нејзин состав или за неа некое од делата предвидени во став 1, ќе се ослободи од казна.

(6)Предметите и средствата наменети за подготвување на делата, како и средствата за финансирање на организацијата, се одземаат.

Додека меѓународниот тероризам е опфатен со членот 419 од Кривичниот законик на Република Македонија[32] кој гласи:

„(1)Тој што со намера да наштети на странска држава или на меѓународна организација ќе изврши грабнување на некое лице или некое друго насилство, ќе предизвика експлозија или пожар или со некое општоопасно дејствие или со

[31]Кривичен законик (пречистен текст) Сл.Весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03.2004 година. www.pravo.org.mk

[32]Кривичен законик на Република Македонија. „Службен весник" Број 19/04

општоопасни средства ќе предизвика опасност за животот на луѓето и за имотот од значителна вредност, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2)Ако поради делата од став 1 настапила смрт на едно или на повеќе лица или е предизвикана штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3)Ако при извршување на делата од став 1 сторителот со умисла лишил од живот друг, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор."

*Поим за самоубиство*

Самоубиството и покрај тоа што како општествено-патолошка појава е истражувана од страна на многу научни дисциплини: филозофија, етика, право, медицина, психијатрија, криминалистика, психологија, социологија, статистика и други, сепак не може да се каже дека е најпрецизно дефинирано. Според Е.Томоруг, самоубиството, самоуништувањето, насилниот акт спрема себе, самоповредувањето, своеволната смрт ги смета како синоним на една односно иста појава (суицид) која претставува изолиран акт без ограничување во време и простор. Според Етлингер, самоубиството претставува појава кај лица со растроени психички и социјални односи. За Алварез тоа претставува чин на доброволна смрт, што би требало да значи дека самоубиецот за него се определува правејќи рационален избор помеѓу различни алтернативи, ладнокрвно и своеволно. Фреуд и Менингер самоубиството го дефинираат како резултат на меѓусебниот конфликт на Танатос (Thanatos-инстинкт на деструкција и смрт) и Ерос (Eros-инстинкт на живост и сексуалност) во кој (конфликт) инстинктот на смртта надвладеал над инстинктот на животот.

Бурхард наведува дека самоубиството и обидот за самоубиство претставуваат автоагресија провоцирана од агресија на другите, во облик на омраза и презир.

Миловановиќ вели дека самоубиството е чин на свесно и намерно уништување на сопствениот живот. За Милчински самоубиството претставува намерно дејствие со кое човекот сам се усмртува.[33]Други автори пак самоубиството го

[33]д-р Тодор Кралев, (2000),„*Основни карактеристики на суицидалната популација*", Агенција Академик/Скопје, стр. 37-47.

третираат како автоагресија замена за убиство.[34]Според д-р Тодор Кралев за самоубиството може да се каже дека е човечка реакција како што е секоја друга психичка или психопатолошка реакција. Таа, само за себе не е болест, тоа е само последица на една био-соци-психо-филозофска слабост. Респектирајќи ги сите досегашни мислења може да се каже дека самоубиството како општествено негативна појава и индивидуален чин на човекот, е свесно и намерно уништување на сопствениот живот, облик на човеково реагирање на егзогените и ендогените конфликтни ситуации, но тоа е во некои случаи и психопатолошка реакција која е барем исто толку резултат на склопот на личноста и на интрапсихичките кризи и пресметки колку и на егзогените чинители кои во таквите случаи играат второстепена улога.[35]

*Поим за самоубиствен тероризам*

Самоубиствениот тероризам претставува специфична форма на тероризам каде што од пресудно значење е смртта на извршителот во текот на извршување на терористичкиот акт. Во литературата ги сретнуваме следните дефиниции кои го детерминираат самоубиствениот тероризам:

,,Самоубиствен тероризам е подготвеност на поединецот да го жртвува својот живот поради уништување или обид за уништување на некоја цел, а со намера остварување на политичка цел. Целта на терористот е саможртвување во текот на извршување на задачата, односно извршување на целта." (Vlašić, 2001).[36]

,,Самоубиствен тероризам е напад во кој извршителот предизвикува смрт или најголема можна штета на одредена мета осигурувајќи го тоа со непостоење на намерата да ја преживее акцијата". (Виолета Матовиќ).[37],,Насочена употреба на самоубијците против не-борбена (типично цивилна) популација, како би се влијаело на политички промени. Иако целта на самоубиствениот напад е физичко уништување на метата, првенствено се користи како оружје за психолошко војување, наменето да влијае на голема и јавна публика. Примарна

---

[34]д-р Тодор Кралев,(2000),,*Осврт на одделните пристапи во теоријата за суицидалното поведение*", Агенција Академик/Скопје, стр. 18.
[35] Ibid. стр. 26.
[36] http://hr.wikipedia.org/wiki/Samoubila%C4%8Dki_terorizam
[37]Виолета Матовић,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр 35.

мета не се оние кои се убиени или ранети во нападот, туку оние кои ќе сведочат за истиот."(Атран,2003:1534).[38]

Или самоубиствениот тероризам би можеле да го дефинираме како „Свесно самоуништување на сопствениот живот во текот на уништување на одредена мета, при што саможртвувањето е во насока на постигнување на некои повисоки политички и идеолошки цели".

Самоубиствен напад

Главна карактеристика на самоубиствениот тероризам односно начинот на кој истиот се практикува претставува самоубиствениот напад или напади. Самоубиствениот напад претставува, најсмртоносната и најзастрашувачка форма на тероризам денеска во светот. Проста гласина за претстоен самоубиствен напад, може да фрли илјадници луѓе во паника. Иако самоубиствените напади претставуваат мала бројка од вкупно изведените терористички акти, тие се одговорни за мнозинството жртви на тероризмот, а стапката на самоубиствени напади забрзано расте низ целата земјина полутопка.[39]

„Самоубиствениот напад е оперативна метода во која самиот чин на напад е зависен од смртта на извршителот".[40]Ова претставува уникатна ситуација во која терористот е потполно свесен дека доколку не се самоубие, планираниот напад нема да се смета за извршен, или извршителот не може да ја исполни својата мисија и истовремено да биде жив.[41]Ваквата дефиниција јасно го дефинира самоубиствениот напад од останатите видови на напад кои имаат обележја на самоубиствени напади но сепак во својата суштина не се тоа, како на пример самоубиствено настроените напади. Самоубиствениот напад наједноставно може да се дефинира како терористички акт во кој извршителот уништува или се обидува да уништи некоја цел, свесно жртвувајќи го при тоа и сопствениот живот.[42]Според Швајцер (2001) самоубиствениот напад вклучува бомбаш самоубиец, кој го носи експлозивот на неговото/нејзиното тело или во возило управувано од него/неа, при што по сопствен избор и потполно

[38]Piotr Prokopowicz,(2008),„Suočavanje s najvećom žrtvom. Dragocjeno signaliziranje, fiktivno srodstvo I geneza samoubilačkog terorizma.", Svezak 9/13 broj
[39] Scott Atran, (2006)„The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism".
[40]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism".
[41]Ibid.
[42] http://www.hrvatski-vojnik, broj 104 fevruari 2004.

свесен/свесна пристапува до претходно избраната цел и се саморазнесува. Бомбашот самоубиец, во согласнот со настанатите оклолности, ќе одлучи за времето и местото на експлозијата (саморазнесувањето) со намера да предизвика максимална штета на целта. Извршителот на нападот знае дека успехот на самиот напад целосно зависи од неговата/нејзината смрт.[43]Терминот *самоубиствен бомбашки напад* најчесто се употребува за два вида на напад. Првиот се однесува за бомбаши самоубијци на кои експлозивот (Improvised Explosive Device-IED, импровизирана експлозивна направа-ИЕН) им е прицврстен за телото и вториот вид на напад се однесува за бомбаши самоубијци кај кои експлозивот (ИЕН) е поставен во возило (vehicle borne improvised explosive devices-VBIEDs, импровизирана експлозивна направа во возило или автомобил бомба), воздухоплов, пловен објект или животно при што истото е управувано/насочувано од извршителот на самоубиствениот напад.

Според горенаведеното како и од мноштвото извршени самоубиствени напади би можеле да констатираме дека самоубиствените напади генерално опфаќаат две категории на изведување на актот. Првата категорија го користи експлозивот за извршување на самоубиствениот напад (бомбаши самоубијци), додека втората категорија употребува средства за извршување на нападот без примена на експлозив (примерот со 11-ти септември 2001 год, во Њујорк, каде што самоубиствениот напад беше извршен со грабнување на патнички авион и истиот беше искористен за напад на Светскиот трговски центар) за извршување на самоубиствен напад. Средствата кои би можеле да бидат употребени за самоубиствен напад зависат само од имагинацијата и способноста на терористичката организација да ги спроведе на дело.

Самоубиствен настроен тероризам

Во самоубиствено настроениот тероризам „терористот презема висок степен на ризик во операцијата, во која првенствено тој не се убива себеси за да убие и други, шансите да ја преживее операцијата и да се врати жив се многу мали". Значи „во некои случаи терористите прават конкретни подготовки за можната смрт како резултат на нападот или кога се опремени со оружје или експлозив со кој ќе се усмртат себеси ако нападот тргне наопаку (пример: ако нападот

---

[43]Riaz Hassan, (2008) „Global Rise of Suicide Terrorism: An Overview", *Asian Journal of Social Science 36 (2008) 271–291*, Flinders University.

пропадне или безбедносните сили влезат во зградата каде што терористите држат заложници). Постоењето на такво оружје или експлозив и во случај да одлучат да го употребат, не создава адекватна подлога за нападот да се дефинира како самоубиствен. Вистински самоубиствен напад е кога терористот знае многу добро дека нападот нема да биде извршен ако тој не загине во процесот".

*Самоубиствен настроен тероризам е насилен напад на одбрана мета во која примарна цел е изнуда на отстапка на нападнатата страна или деструкција и во која извршителот има намера и план да преживее, но ако нападот биде прекинат или спречен тој може да одлучи да се убие само себеси или и себеси и метата.*[44]

Пример за двете категории (самоубиствен тероризам и самоубиствен настроен тероризам) се нападот на Америка на 11-ти септември 2001 година и заложничката криза во Беслан во Северна Осетија на 1 септември 2004 година. Првиот пример спаѓа во категоријата на самоубиствен напад на кој не претходела никаква уцена од страна на терористите. Целта на тој напад била на спектакуларен начин да се убијат што повеќе цивили и да се демонстрира моќта на организацијата. Четири авиони кои биле на линиите на комерцијални летови се срушиле на зградите на Светскиот трговски центар во Њујорк и на Пентагон во Вашингтон. Два авиона ги погодиле кулите близначки, еден авион се срушил кај седиштето на Министерството за Одбрана на САД и еден авион се срушил на подрачјето на Пенсилванија, се претпоставува поради борба помеѓу патниците и киднаперите. Загинале вкупно 2792 лица, сознанијата говорат дека позади овие напади стои Ал Каеда.

Како пример кој спаѓа во самоубиствено настроен тероризам е заложничката криза во Беслан.[45]Првиот ден на септември и на училишната година на свечена церемонија се собрале преку 1100 луѓе меѓу кои и деца. Чеченските терористи го заземале училиштето и држеле заложници во фискултурната сала до 3 септември, кога руските сили извршиле упад со намера да ги ослободат заложниците. Во оваа крвава драма страдале 344 луѓе од кои 186 деца. Следбениците на Шамил Басаев освен оружје располагале и со експлозив, со кој

[44]Виолета Матовиħ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/ Београд, стр. 30-35.
[45]Ibid, стр. 37.

се заканувале дека ќе се разнесат самите, а и заложниците ако не им се исполни барањето за повлекување на Руските трупи од Чеченија. Значи постоела уцена во многу ризична операција во која извршителот бил подготвен да загине. Прашањето дали терористите имале намера да преживеат се наоѓа во фактот што видот на барањето, можноста за негово исполнување како и времето кое би било потребно да се исполни дури и уценетата страна да има волја да направи отстапка. Прво, официјална Москва никогаш не дала ниту еден знак кој би можел да навести на помислата дека ќе потклекне на терористичките барања, тогаш е логично дека терористите не можеле да сметаат на руската пресретливост. Второ, ако сметале на таа нерационална мисла морале да знаат дека евентуалното повлекување на руската војска би траело многу подолго отколку што можеле тие и нивните заложници да издржат без вода, па и без храна. Трето, на организаторите на една таква сериозна акција не смее да им се провлече фактот што ќе биде многу тешко да се одржи контрола над толкав број на луѓе, кои во состојба на паника би предизвикале експлозија, посебно во услови на недостаток на елементарни животни потреби вклучувајќи ги и физиолошките. По начинот на кој се одвивала кризата, се укажувало дека тоа бил одложен самоубиствен напад. Сепак е ставен во категоријата на самоубиствено настроен (тероризам) напад, поради тоа што теоретски постоела можност Русија да ги прифати барањата на терористите и во тој случај не би било потребно извршителите да ги жртвуваат своите животи.

*Поим, суштина и функција на религијата*

Познато е дека зборот „религија" потекнува од латинскиот јазик.[46]Старите зборови до кои ја следиме „религијата" немаат никаква врска со денешните значења, зошто, очигледно се создадени од зборови што значеле: да се води многу сметка за некоја дејност (*religere*) или нешто цврсто да се сврзе (*religare*) -таа денес обично се употребува да ги означи верувањата, однесувањата и општествените институции што имаат врска со размислувањата за следниве работи: потеклото, смислата и значењето на вселената; што се случува по

[46]За проучување на религијата во минатото се употребувале следните термини односно тоа што во британската наука се нарекувало „споредбена религија" во Германија е познато како *Religionswissenschaft*, системско проучување (или *Wissenschaft*) на религијата, а во Франција е познато како *les sciences religieuses*. Кристофер Партриџ,(2009)„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 10.

смртта; постоење и барање на моќни нечовечки суштества како што се духови, предци, ангели, демони и богови; начинот на кој сето ова го обликува однесувањето на човекот.[47]Бидејќи сето ова се однесува на невидлив (т.е. неемпириски) свет што некако се наоѓа надвор, или на другата страна на човечката историја, обично се мисли дека работите што ние ги нарекуваме ,,религиски" се во спротивност со институциите што ги нарекуваме ,,политички". Поради тоа се раководиме од претпоставка дека, додека религијата е прашање на лично верување што не може никогаш да се подведе под рационална расправа, работите, како што е политиката, се забележливи, јавни и така отворени за расправа.

Суштина на религијата-иако оваа здраворазумна дистинкција, меѓу интимата и јавното, меѓу чувствувањето и дејствувањето, сама по себе претставува историски факт-некаде во XVII век прв пат гледаме докази дека зборовите што порано се однесувале на однесувањето на поединецот, на неговата јавна положба и општествениот статус (како што е побожноста), станале чувствени како прашање на интимно чувствување–денес, се претпоставува дека сите имаме едно внатрешно јадро на верувања што на некој начин се изразува јавно во обредот, таа претпоставка е толку раширена што нејзиното доведување под сомневање станува контраинтуитивно. Токму оваа претпоставка вдахнува извесен број луѓе кои, колективно, би можеле да ги наречеме ,,есенцијалисти". Тие се ,,есенцијалисти" зашто мислат дека ,,религијата" ги изменува надворешните однесувања, поттикнати од внатрешна работа што ја нарекуваат ,,вера". Затоа можеме да замислиме некој да каже:,,Јас не сум религиозен, но сум духовен". Овде се подразбира претпоставката дека институциите се поврзани со религиите- хиерархии, прописи, обреди и така натаму. Важна е внатрешната вера, внатрешната ,,суштина" на религијата. Иако суштината на религијата, нешто без кое човек се смета за нерелигиозен, е позната под разни имиња (вера, верување, свето итн.), есенцијалистите главно се согласуваат дека *суштината* на религијата е вистинска и неемпириска (т.е не може да се види, слушне, допре и така натаму) таа му дава отпор на проучувањето и мора да се доживее непосредно.

---

[47]Кристофер Партриџ,(2009),,*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 10.

Функција на религијата-освен пристап што подразбира внатрешно искуство, кое претставува темел на религиското однесување, научниците го употребуваат терминот ,,религија" за тоа што го сметаат за интересни области на забележливо човечко однесување што бара објаснување. Таквите луѓе создаваат теории и за да објаснат зошто луѓето, на пример, мислат дека невидливиот дел од нивното тело (што обично се нарекува ,,душа") го наджива телото, дека во вселената владеат моќни суштества, дека постојат многу повеќе работи од тоа што може да се забележи. Овие теории во голема мера се функционалистички, т.е. настојуваат да ја одредат општествената, психолошката или политичката улога што ја имаат работите што ги нарекуваме ,,религиски". Зборувајќи едноставно, имаме функционалности како што се:

- Карл Маркс (1818-1883), кој при изучувањето на политичката економија религијата ја сметал за средство за смирување што истовремено го умртвува осетот за болка кај угнетените луѓе и ги спречува да направат нешто во врска со својата животна судбина, бидејќи се верувало дека најголемата одговорност се наоѓа кај суштествата кои постојат надвор од историјата.
- Емил Диркем (1858-1917), чија социолошка дефиниција на религијата подразбира низи од верувања и постапки што им овозможуваат на поединците вклучени во нив да создаваат заеднички општествен идентитет.
- Сигмунд Фројд (1856-1939), кого занимавањето со психолошката наука го навело да го спореди религиското со улогата што ја имаат соништата кога им помагаат на луѓето да им дадат издив на антисоцијалните безредија на начин што не го загрозува нивното место во рамките на групата.

Иако сите три наведени класични пристапи меѓусебно се разликуваат секој од нив може да се сфати како функционалистички, зашто религијата ја означува институцијата што игра одредена улога во помагањето на поединците и заедниците да се преродат.[48]Се чини во најраниот период голем дел од религијата бил поврзан со плодноста или со годишните времиња. Како што се менувала општествената структура на човекот, така се менувале и неговите

[48]Кристофер Партриџ,(2009),,*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 11-12

сфаќања за боговите. Остатоците од ритуалните погребувања од камениот период укажуваат на тоа дека верувањето во задгробниот живот и во светот на духовите, е старо најмалку 60.000 години. Неолотските споменици и трагите од ритуалниот живот укажуваат на духовен светоглед што го одразува циклусот на годишните времиња и движењето на небесната сфера. Најраното верување на ловците-собирачи е познато под името **анимизам**. Во анимизмот, целата физичка природа има духовен двојник и се станува дел од еден синџир. Секој предмет жив или нежив е алка, но алките се менливи, па човек може да стане птица, животно може да се претвори во карпа. Моќта за тие преобразби потекнува од светот на нејасно дефинирани духови-чувари.[49]Религиозните артефакти од праисториските општества и покрај недостигот од пишани докази, откриваат многу нешта за верувањата. Машки и женски фигури со пренагласени телесни одлики можеби се поврзани со желбата за плодност и напредок. Ритуалните наоѓалишта на кои има животни, останки или слики од нив, укажуваат на тоа дека молителите биле преокупирани со набавка на животни за храна и материјали.

Во почетокот религијата често имала облик на ***политеизам*** (обожавање на многу божества) кој раните христијани го нарекле *паганство*-погрден назив што доаѓа од латинското *pagani* (селани). Со појавата на посложени општества во првите градови новиот општествен поредок се огледал во религијата, боговите како и општествата биле подредени во хиерархија со главниот бог на врвот.

***„Луѓето ги создаваат боговите според сопствениот лик"*** Аристотел, грчки филозоф (384-322 г.п.н.е).[50]

Исто како што човечките заедници имаат водач, секој пантеон[51]имал „врховен бог". Богот бил признаван за врховен со тоа што му била даден важност од некој владетел или град, или затоа што бил поврзуван со некои клучни симболи во човечкиот живот (на пример еден родител) или природна појава (сонцето, небото, океанот или бурите). Боговите станувале врховни кога луѓето почнувале да ги сметаат за „татко" во некое семејство на богови. Еден од тие богови бил Зевс, кој бил делумно татко, а делумно владетел на група грчки божества во

---

[49]Адам Харт-Дејвис,(2009),„*ИСТОРИЈА од создавањето на светот до денес*", Младинска книга/Скопје, стр. 142-144.
[50]Ibid, 142-144.
[51]Пантеон во историјата на религиите претставува назив за збир на божества во некое политеистичко верување. http://365.com.mk/recnik/

постојана расправија. Некој бог можел да биде прогласен за врховен ако неговиот град или неговиот народ станале доминантни. Бел-Мардук, на пример, бил богозаштитник на градот Вавилон од околу 2000 г.п.н.е. Од 1780 г.п.н.е. кога Вавилон почнал да доминира во јужна Месопотамија, статусот на Мардук пораснал и му биле припишани роднински врски со боговите на локалните области и градови, за најпосле да стане и нивни врховен бог.[52]Во античкиот период било вообичаено луѓето да ги гледаат боговите како симболи и предводници на нивната култура. Религијата била дел од нивниот етнички идентитет и затоа не била поттикнувана кај туѓинците. Во мултикултурните кралства, толеранцијата кон многу верувања била животна константа. Некои нови религии особено христијанството и исламот ги смениле тие идеи проповедајќи дека на теоретски план, целото човештво би можело и би требало да има единствен систем на религиски верувања и обреди. Од 300 г.п.н.е. до 700 г.н.е религиозниот пејсаж бил изменет со ширењето на „светските религии" хиндуизмот, будизмот, јудаизмот, христијанството и исламот.[53]Религијата има две страни-едната е духовна и универзална додека другата е партикуларистичка и припадноста на сектите. Не смее да го занемариме овој опасен аспект на религијата. Мора да се препознаат задоволствата кои ги нуди сектата за да ја сфатиме опасноста која произлегува од тоа.[54]Генерално, религиите се делат на монотеистички и политеистички религии. ***Монотеистички*** (гр: *monon*=еден и *Theos*=Бог) религии се карактеризираат со верувањето во еден Бог таквите религии се: христијанската, исламот и јудеизмот. ***Политеистички*** (гр: *poli*=многу и *Theos*=Бог) религии се карактеризираат со верувањето во повеќе богови, таквите религии се старогрчката, римската, египетската, одинизам, племенски религии и др.

Маченииштво (маченик)

Очигледно, најпривлечната награда за извршителите на самоубиствените напади или бомаши самоубијци претставува маченииштвото. За одредено лице да се поистовети со маченик потребно е да умре или да направи голема жртва за одредена кауза. Зборот маченик потекнува од грчки јазик кој значи **сведок**,

[52]Адам Харт-Дејвис,(2009)„*ИСТОРИЈА од создавањето на светот до денес*", Младинска книга/Скопје, стр 143.
[53]Ibid, стр 143.
[54]Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 30.

додека арапски термин за тоа е *шехид*. Шехид е всушност сведок кој сведочи за својата искреност (верување), како термин во исламот се употребува за оние кои умираат исполнувајќи религиозни заповеди.[55]Во најголемиот број на случаи маченииштвото не се смета само како сведоштво за степенот на нечија посветеност туку и како верски чин, посебен акт на саможртва (Juergensmeyer, 2000). Генезата на маченииштвото наведува на размислување за акт кој се однесува на уништување во духовна смисла со оглед дека станува збор за термин кој влече свои корени од латинскиот јазик-sacrificium (да се направи нешто свето, жртвување, да се посвети на некое божество). Уништувањето се врши во еден верски контекст кој го претставува убивањето како позитивен акт, со оглед дека истото се прави за повисоки, божествени цели.[56]Наједноставно целиот процес може да го претставиме на следниот начин *кога само-жртвата е изразена во ритуална форма таа претставува жртвување, без таа форма претставува самоубиство*.[57]Пропагандната вредност на маченците е од голема важност за организацијата, на тој начин се воздигнуват две работи-сопствениот народ и самата организација чиј претставник е маченикот. Преку сопственото саможртвување маченикот посочува да се следи неговиот пример бидејќи причината за која тој умира е поголема од неговиот живот. Пораката која ја упатуваат маченците, претставници на религиозниот бран на тероризмот кон надворешниот свет е следна: „Ние повеќе се плашиме од понижувањата отколку од смртта и затоа ние не чувствуваме страв од вашите добро обучени и опремени војници како и високо-технолошкиот арсенал со кој располагате".[58]Маченииштвото претставува важен метод за регрутација на бомбаши самоубијци особено што и терористичките организации го заменија зборот самоубиство со мачениште. Кон извршителите на самоубиство се гледа како на личности кои се неурамнотежени и луди, додека маченииштвото е претставено како посветување на сопствениот живот за доброто на заедницата и нивните интереси. Факторот на дистинкција помеѓу самоубиството и

[55]http://www.mm.co.ba/sehara.
[56]Nicholas W. Bakken,(August,2007),,THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.
[57]Talal Asad, (2007),,*On suicide bombing*" Columbia University Press.
[58]Nicholas W. Bakken,(August,2007),,THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

мачеништвото е општествено конструиран (Хофман, МеКормик 2004).[59]Маченици постојат само во главите на кои им е доделен овој статус. Социјалната основа на ова толкување произлегува од терористичките организаци кои ги претставуваат (спонзорираат) самоубиствените напади како акти на маченичка смрт. Освен тоа на овој начин тие ги популаризираат самоубиствените напади во очите на нивните политички конституенти и обезбедуваат постојан прилив на нови регрути.

*Новиот (религиозен) бран на тероризмот*

Според Дејвид Ц.Репопорт (David C.Rapoport), почетоците на модерниот терор се 80-тите години на XIX век во Русија, и по една декада се појави во Западна Европа, на Балканот и Индија. „Бранот анархисти" е прво глобално или вистинско меѓународно искуство во историјата, следеа три слични консекутивни примери. „Националниот бран" започна во 1920 година и траеше околу четириесет години. Потоа следеше „Бранот на нови леви", кој речиси исчезна до крајот на XX век, оставајќи зад себе само неколку групи се уште активни денес во Непал, Шпанија, Обединетото кралство, Перу, Колумбија и др. Во 1979 година се појави „Религиозниот бран", според шемата на претходните три брана би значело дека во 2025 година треба да очекуваме раѓање на нов бран. Искуството на уникатноста и упорноста на брановите покажува дека теророт е длабоко вкоренет во модерната култура.[60]Бранот претставува круг од активности во еден даден период на време, круг кој се карактеризира со експанзија и контракциски фази. Најважна карактеристика е неговиот меѓународен карактер, воден од општата предоминантна енергија која ги обликува карактеристиките и нивните взаемни односи на групите учеснички. Нивните имиња „Анархист", „Антиколонијален", „Нови леви" и „Религиозен" покажува која енергија ги води.[61]

---

[59]Nicholas W. Bakken,(August,2007),,THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

[60]Одри Курт Кронин и Џејмс М.Лудс, (2009) „*Напад на тероризмот, елементи на грандиозна стратегија*", Нампрес/Скопје, стр. 47.

[61]Ibid, стр. 47.

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Безусловна посветеност кон целта, водачите и авторитетите како и високиот степен на верски и идеолошки фанатизам води кон целите на истражувањето за примената на самоубиствените напади во името на религијата.

### Општа цел

Дали глорифицирање на саможртвувањето, како неминовна реалност, во која поединецот со неговата смрт не само што се доближува до Бог, туку и добива место на пиедесталот во рајот, ја отсликува природа на човечката слабост и подложност за манипулација. Таквата реалност во која верските фанатици ги наоѓаат своите жртви ги инструираат и потоа ги упатуваа во исполнување на нивните возвишени задачи, остава впечаток кај луѓето за немоќта на институциите на системот да се справат со доброволците за смрт, како и отстапките кои треба да ги стори владата за работи кои влегуваат во сферата на интереси на терористичките организации и верски лидери. Медиумската покриеност ја отсликува дисциплината, посветеноста, и вештина на терористите во извршување на еден таков несфатлив акт. Улогата на религијата во индоктринација на верските фанатици е пресудна во претставување на животот како некоја преодна форма, преку која се докажува својата верба и посветеност на бога. Жртвувањето на сопствениот живот во името на религиските вредности значи потврда за длабоката увереност во исправноста на актот на саможртвување. Како награда за стореното дело вистинските верници ги доживуваат сите благодети за кои сонувале „горе на небото". Ваквиот начин во интерпретација на религиските вредности во голема мерка ги става во втор план вистинските вредности на религијата, а со тоа и значењето на религиите во едно цивилизирано општество. Заканите од овој вид на тероризам како и начинот на превенција и борбата против истиот, претставува императив на секое општество во XXI век, бидејќи пред налетот на верските екстремисти не се важни никакви општествени вредности.

Посебна цел

- Да се појаснат причините поради кои религијата се интегрира во новиот религиозен бран на тероризмот.
- Догмата во интерпретација на религијата.
- Улогата на маченик како начин за регрутација на следбеници.
- Тактичката предност на самоубиствените напади во однос на класичните методите.
- Проблемот со кој се соочуваат безбедносните служби, во обидот да се спречи самоубиствен напад откако терористот се упатил кон својата цел.
- Ефектите од примената на доброволците за смрт.

Практична цел

Сознанијата до кои ќе се дојде од истражувањето, да послужат како рамка преку која ќе се изврши корекција или изработка на нови документи кои ја регулираат материјата од областа на безбедноста, а особено делот кој се однесува на заштита на општеството од религиозни радикални структури. Заклучоците кои ќе произлезат како резултат од истражувањето, треба да овозможат зголемување на ефикасноста на институциите чија примарна цел е борбата против тероризмот, посебно терористички организации со религиозен предзнак.

Општествена цел

Општествените цели на ова истражување служат за поттикнување на свеста на институциите на системот за заканите од овој вид на тероризам како и од потребата и интересот на Република Македонија за изградба на еден ефикасен безбедносен систем (начин на превенција и борба против овој вид на тероризам) кој ќе биде способен да одговори на предизвикот на XXI век. Новиот тренд на тероризмот каде што религијата е ставена во функција на остварување на одредени терористички цели зема се поголем замав во светот, а општеството се поранливо пред предизвикот на „човечките бомби" кои со своето деструктивно однесување имаат тенденција на наметнување на „верските" вредности како единствено исправни. Разоткривање на причините за примената на новиот религиозен бран на тероризам, демистификација на процесот на регрутација, начинот и средствата со кои се извршуваат самоубиствените

напади, се неопходни во процесот на создавање на ефикасен систем во заштита на општествените вредности.

## ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот поставува прашања кои бараат објаснување на причините и изворите на неговото егзистирање како и неговото олицетворение во религиозниот бран на тероризмот.

Операционализијата на предметот на истражување бара објаснување на:

**Прво**-дали религиозниот бран на тероризам е продуциран од нефункционалноста на институциите на системот.

**Второ**-дали некој надворешен фактор, незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини претставува плодна почва за самоубиствениот тероризам.

**Трето**-дали културата, традицијата, субјективно интерпретирање на религијата, допринесува во персонифицирање на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на тероризам.

## ХИПОТЕЗИ

Истражувањето има за цел да предизвика создавање на хипотези за идните истражувања со кои би се демистифицирал самоубиствениот тероризам и радикализмот во религијата.

### Генерална (општа) хипотеза

Нефункционирање на институциите на системот, надворешна окупација, субјективните причини во интерпретација на религијата, внатрешно незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини како и традиционални вредности иницира на персонификација на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на тероризмот.

### Посебни хипотези

- Образованието и социјалната состојба како фактор кој влијае во регрутирање на извршители на самоубиствени напади.

- Предизвикување на атмосфера на несигурност и вознемиреност води кон прифаќање на религијата како единствено решение.
- Глорифицирање на маченичката смрт во културата и традицијата на определени етнички и религиозни групи претставува значаен фактор во поттикнување на самоубиствениот тероризам.
- Догматизмот на одредени ставови во религијата води кон погрешно толкување на религиозните вредности.
- Сознанијата за функционирање на терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам и ефикасноста на институциите на системот како фактор кој е пресуден во спречувањето на религиозниот бран на тероризам.

Поединечни хипотези

*Поединечна хипотеза за првата посебна хипотеза*

- Ниското ниво на образование кое е во корелација со сиромаштијата, претставуваат плодна почва за инструирање на доброволци за смрт.

*Поединечна хипотеза за втората посебна хипотеза*

- Политичките прилики кои наметнуваат чувство на несигурност и страв, како и наметнување на вољата на посилниот, доведува до поголем авторитет на верските лидери и наметнување на нивните ставови и интерпретации на религиските вредности.

*Поединечна хипотеза за третата посебна хипотеза*

- Личниот неуспех, психичката лабилност, желбата за слава, приликите кои владеат на одредено подрачје, допринесуваат за следбеници на маченичка смрт.

*Поединечна хипотеза за четвртата посебна хипотеза*

- Презентација на одредени ставови во светите книги како единствено исправни и неприкосновени од страна на интерпретувачот, води кон лажна слика за моралните вредности на религиите и во таа конотација одговара единствено за остварување на одредени цели на поединци.

*Поединечна хипотеза за петтата посебна хипотеза*

- Разобличување на целиот процес на регрутација, обука, наметнување на верски авторитет, финансирање како и благовремена реакција на безбедносните служби, каде акцентот е ставен на секторот разузнавање, се од витално значење за сузбивање на самоубиствениот тероризам со религиски предзнак.

## ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независна варијабла

*Самоубиствен тероризам*

Шокантната и деструктивна природа на самиот акт со кој се посега по сопствениот живот го потенцира фанатизмот на лицето кое го извршува нападот. Силната волја на промена на нештата во кои е убеден самоубиствениот напаѓач не остава друга можност освен саможртвувањето.

Зависна варијабла

*Персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот*

Индоктринација на религијата во терористичките активности ги отвори вратите на рајот за следбениците на самоубиствениот тероризам, а пеколот за сите останати. Лицата задолжени за регрутирање пронајдоа идеален начин да ги инспирираат идните бомбаши самоубијци со вметнување на верските вредности како идеал за секој вистински следбеник без при тоа да се остави можност за сомнеж.

## ИНДИКАТОРИ

-Неможноста за спротивставување на посилен непријател.

-Чувството на загрозеност на религиските вредности.

-Злоупотреба на верскиот авторитет.

-Културни и традиционални прилики.

-Ниското ниво на образование и социјален стандард.

-Злоупотреба на лица со хендикеп и неизлечиви болести.

-Состојба на анархија, вознемиреност како и слабата ефикасност на институциите на системот.

# МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Со оглед на специфичноста на истражувањето, прегледот на досегашната литература и истражувања ќе бидат од големо значење. Досегашниот парцијален пристап на проблематиката на истражувањето ја нема согледано и одгонетнато конекцијата помеѓу самоубиствениот тероризам и религијата. Методолошката рамка на ова истражување ја сочинуваат општите научни методи кои го детерминираат дескриптивниот карактер на истражувањето. Главна насока на истражувањето е опишување и согледување на одредени тенденции и состојби, за креирање на валидни процени за персонификација на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на терроризмот. Во истражувањето на проблематиката ќе бидат опфатени следниве научно истражувачки методи класифицирани според методот на општост.[62]

*Општи научни методи*:

-*Дескриптивен метод*- ќе се користи за детално опишување на самоубиствениот тероризам и неговата поврзаност со религијата и верскиот фанатизам.

-*Компаративниот метод*- ќе се користи во сите случаи кога ќе биде потребно да се споредуваат податоци од неопределен број слични или исти извори на информации со цел да се добијат релевантни податоци за истражувањето.

-*Историски метод*- ќе се користи за добивање на информации и податоци, со кои ќе се спореди поврзаноста и историските прилики, кои допринеле за експанзија на самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во религиозниот бран на тероризам.

*Одделни методи или истражувачки техники*:

-*Анализа на содржина*- ќе се користи за анализа на соодветни статистички податоци, текстови, книги, документи како и анализа на научни трудови од релевантни институции.

[62]Основи на методологијата на НИР, стр 85.

## ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Во истражувањето ќе се користат повеќе извори на информации, домашна и странска литература.

Од постоечките извори на информации и податоци особено значајни се стручните и научните трудови кои ја обработуваат тематиката на тероризмот и верскиот радикализам. Извори на податоците кои ќе се добијат во текот на работата на истражувањето, од страна на претставници на надлежни институции во чиј домен е темата на истражувањето, исто така ќе бидат употребени во добивањето на релевантни информации

**ПРВ ДЕЛ**

## 1. ТЕРОРИЗАМ-ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ

Тероризмот како феномен се појавил во предисторијата и е постојан придружник на севкупниот развој на општеството. Георг Шварценбергер, еден од водечките теоретичари на меѓународното право, како прв пример на тероризмот го наведува Самсоновото разорување на храмот на филистејците, воинствен несемитски народ во југозападна Палестина, кој долго војувал со Израелците.[63]Тероризмот како традиционална тактика на послабиот-послабите го следи развојот на човековата цивилизација најнапред во форма на атентати, киднапирања и земање заложници. Уште пред христовото раѓање извршениот атентат врз некој тирански владетел не само што бил опростен туку често пати бил величен, пофалуван и почитуван како многу значаен и спасоносен чин.[64]Во текот на историјата, власта почесто се практикувала со терор односно со предизвикување страв, а одговорот на тој терор бил тероризмот-борба против државата и сето она што таа го претставува.[65]Првата империја која се појавила во Месопотамија, таа на Сарагон кој владеел во XXIV век п.н.е се темелела на терор, подоцна така и со првата воена античка империја на Асирците, кои применувале суровост при угнетувањето за да го уништат духот и да ја скрши волјата. Монголите односно Тамерлан (1336-1405-татарски емир и освојувач кој ги покорил Персија, Индија, Месопотамија и голем дел од Мала Азија) го користеле теророт за да ги присилат градовите да се предадат, понекогаш и без опсада.[66]

Волтер Лакер, историчар на политичко насилство, долгогодишен директор на Лондонскиот институт на современа историја, укажува на тоа дека тероризмот секогаш бил оправдуван и прифаќан како легитимно средство за спротиставување на тиранијата и деспотизмот па така неговите корени можат да се најдат уште во античко време. Францускиот писател Жил Ромен истакнува дека тероризмот може да биде метод на владеење, што историјата во повеќе наврати го забележила. Е. Фатах потсетува дека во античкиот период кон

---

[63] Иван Бабановски,(2010),„*Европа таргет во сатанското мени на Ал Каеда*", Скопје,стр 9.
[64] Митко Котовчевски,(2003),„*Современ тероризам*", Македонска цивилизација/ Скопје, стр 19.
[65]Pavle Kalinić, (2003) „*Teror I terorizam*", Naklada Jesenski I Turk/ Zagreb, стр. 10.
[66] Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*", Табернакул, стр. 9-10.

тероризмот се пристапувало во борба против тиранија и тирани, па според Ксенофонт-тираноубијците, не само што не биле казнувани туку биле славени. Аристотел сметал дека политиката е однос помеѓу еднакви, заради задоволување на заедничките интереси. Нема политика ако нема борба на различните политички групи или ако таа се сведува на волјата на еден или на тотална надворешна доминација. Затоа Аристотел го оправдувал тираницидот-убиство на монарх, кој не владее во името на заедницата. Платон има слично мислење, бидејќи тиранијата ја сметал „за расипан облик на владеење". Историчарите на тероризмот велат дека терминот „терор" го опишува државниот терор во текот на Француската револуција но, често заборават и да додадат дека овој феномен, во различен степен, опстојувал низ вековите и оттогаш наваму постојано е присутен. За време на Француската револуција (1789-1794 год.), Робеспиер користел тероризам со цел да уништи поголем дел од француската аристикратија. Повеќе од 40 000 луѓе, најмногу од нив јавно гилотирани го обележале овој крвав период од француската револуција и историја, првенствено од неконтролираната примена на тероризмот.[67]И во периодот на Американската револуција (1775-1783 год.) тероризмот не мирувал. Неговата жестокост првенствено била насочена кон Британците и против нивните колонијални симпатизери. Користењето на организирани терористички групи за време на американската граѓанска војна (1861-1865 год.), било проширено и честопати прекутно одобрувано што овозможило одредени групи од поранешни војници и бандити од двете страни да користат определени тактики на терор. Делата на Михаил Бакунин, Сергеј Нечаев, Моризов и Георги Тарновски се појавиле во Европа во 60-те години на XIX век, со што ги означиле почетоците на современиот тероризам. Попрецизно можеме да констатираме дека нивните дела кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Европа, посебно во царска Русија го промовираат новиот европски и светски „феномен"-современиот тероризам.[68]Во седмата деценија на XIX век, кога се пропагирало дека тероризмот е најефикасно средство за остварување на целите на анархистите, настанало најпознатото дело на револуционерниот анархизам и

[67]Митко Котовчевски,(2003)„*Современ тероризам*", Македонска цивилизација/Скопје, стр. 20.
[68] Ibid, стр 20.

нихилизам[69]познато како „*Катихизис на револуционерот*". Книгата е пронајдена 1870 година кај рускиот нихилист Сергеј Генадијевич Нечајев, кога бил уапсен во Швајцарија. „Катихизис" посебно наложува строго почитување на „моралните" норми од страна на револуционерот. „Револуционер е човек чија судбина е предодредена: тој нема ни свои интереси, ни работи, ни чувства, ниту сопственост, дури ни име. Се во него е одредено со единствен, особен интерес, со една мисла, една страст -*револуција*", пишува во „Катихизис".[70] После убиството на рускиот цар Александар II (1 Март 1881 година) од страна на припадниците на „Народна Волја", група на радикали, во Лондон одржала конференција на која публиката им ракоплескала на егзекуторите. Уверени дека можат да ги охрабрат и засилат анархистичките активности во светот, на конференцијата е одлучено да се формира „Анархистичка интернационала" (Црна интернационала).[71]Истата година кога е изведен атентатот врз Александар II, убиен е исто така во атентат, и американскиот претседател Џејмс А.Гарфилд (James A.Garfield), а извршниот комитет на „Народна волја" издава соопштение во кое ги осудува терористичките активности во демократски земји како САД. Сметале дека тероризмот може да се оправдува само во екстремни но не и во нормални политички околности.[72]Во серијата атентати кои започнале во 1878 год. и траеле се до почетокот на Првата светска војна, анархистите се обиделе да ги убијат: германскиот Кајзер.[73]Во Шпанија дури извеле два успешни атентати на тогашните премиери (1897 и 1912 година), во Австроунгарија е убиена кралицата Елизабета, а во Италија во 1900 година кралот Умберто I. Биле вмешани во бомбашкиот напад на Хејмаркет сквер во Чикаго во 1886 година, парискиот булевар „St. Germain" во 1892 година и Cafe Terminus 1894 година. И поводот за Првата светска војна беше атентатот на австроунгарскиот престолонаследник, надвојводата Франц Фердинанд, извршен на 28.06.1914 година во Сараево, од страна на членови на тајното здружение „Млада Босна".[74]

---

[69]целосно негирање на сите општествени норми, на моралните начела, традициите, културното наследство и др. http://www.365.com.mk/recnik/
[70] Иван Бабановски,(2010),„*Европа таргет во сатанското мени на Ал Каеда*", Скопје, стр 14-15.
[71] Pavle Kalinić,(2003),„*Teror I terorizam*", Naklada Jesenski I Turk/ Zagreb, стр. 17.
[72] Ibid, стр 17.
[73] лат. Kaiser-цар. http://www.365.com.mk/recnik/
[74] Pavle Kalinić,(2003),„*Teror I terorizam*", Naklada Jesenski I Turk/Zagreb, стр. 18.

Во првата половона на XX век поимот „терор" имал широко значење. Зголемениот фашизам во Италија, во почетокот на 20-те години, застрашувачкиот Сталинизам во Советскиот сојуз од средината на дваесетите години па се до национал-социјализмот во Германија, ја одбележале првата половина на векот. Теророт бил инагуриран како државна идеологија со цел решавање на класното (СССР) и расното (Третиот рајх) прашање, но и како превентива на контрареволуцијата.[75]Кон крајот на 40-те години на минатиот век групи на националисти заговараат антиколонијални борби во Азија, Африка и Блисткиот исток, при тоа, користејќи го герилскиот начин на војување со цел создавање на независни држави. Поранешните колонијални метрополи овие акции едногласно ги прогласиле за терористички. После низа на герилско/терористички акции кои претходеле на војната за независност од колонијалната власт, се создале многу нови држави Израел, Кенија, Кипар, Алжир и тн.[76]Земјите на источниот блок поддржувале многу ослободителни движења во земјите на Третиот свет, во борбата против колонијалната доминација на Западот, со толкување дека не се работи за „тероризам" и „терористи" тука за герилци, борци за слобода. Од крајот на 60-тите па се до почетокот на 80-тите години на XX век, исто се третирани и левите и десните движења или терористички организации кои дејствувале во Германија, Италија, Белгија, Франција, Шпанија како и останатиот дел од светот (Азија, Африка, Ј. Америка и тн.). Карактеристично за тој период е доминацијата на идеолошкиот тероризам, кој своите корени ги имал во идеолошкиот идентитет.[77]Тоа било време на „револуционерно левичарско движење" во Западна Европа и САД, кои се бореле против нееднаквоста на општеството, војната во Виетнам, експлатацијата и доминацијата над земјите кои го сочинувале третиот свет. Својот личен и колективен идентитет поединците (обично млади луѓе) го пронаоѓале во „антиимперијализмот", во барањата за поголема општествена правда, во укажувањата на економска експлатација и социјалната нееднаквост, во барањата за реформи во политиката, културата и образованието. Наталожената левичарска енергија се насочила во две насоки. Едната водела кон создавање на бројни контракултурни движења (хипи, панк, рок, поп), а

[75]Pavle Kalinić,(2003)„*Teror I terorizam*", Naklada Jesenski I Turk/Zagreb, стр. 20.
[76] Ibid, стр 21.
[77]Ivan Šijaković,(2003)„*Terorizam I problem identiteta*", Ekonomski fakultet,UDK 323.28/ Banja Luka

подоцна и нови општествени движења (студентски, феминистички, мировни). Додека другата насока водела кон создавање на разни идеолошки „револуционерни" и „левичарски"терористички групи и движења, инспирирани од идеите за „марксизам", „чегеваризам" и други револуционерни и комунистички идеи и движења.[78]Почетоците на четвртиот бран на тероризам го карактеризира религиозната односно верската конотација. За почеток на религиозниот бран на тероризам се смета 1979 година и Иранската револуција. Колку и да е 11-ти Септември ден без преседан, декларацијата на претседателот Буш не е единствена (на тој ден претседателот Буш објави „војна која нема да заврши се додека не се открие секоја терористичка група и на глобален план не се спречи"). Пред точно 100 години, кога еден анархист Леон Чолгаш извршил атентат врз претседателот на САД- Вилијам МекКинли во септември 1901 година, неговиот следбеник Теодор Рузвелт повика на истребување на тероризмот каде и да е.[79]Споредбата на револуционерниот катихизис од Сергеј Нечаев со прирачникот на Осама бин Ладен- *Воените студии во Џихадот против тираните*, ќе покаже дека имаат една важна заедничка особина: огромна желба да станат *поуспешни* со учење од искуствата на пријателите и непријателите. Групите на четвртиот бран користат варијанта на свети текстови или легитимни револуции. Ова поглавје третира големи настани користејќи ги сите бранови, цели и тактики на групите учеснички. Во овој бран се појави една смртоносна тактичка новина **самоубиствени бомбашки напади**-остатоци од анархистичките обиди за фрлање бомби[80](примерот со атентатот на Рускиот цар Александар II).[81]

---

[78]Ivan Šijaković,(2003)„*Terorizam I problem identiteta*", Ekonomski fakultet,UDK 323.28/Banja Luka
[79] Одри Курт Кронин и Џејмс М.Лудс,(2009)„*Напад на тероризмот, елементи на грандиозна стратегија*", Нампрес/Скопје, стр 46.
[80]Ibid. стр. 62.
[81]На 1 март 1881 година членови на групата „Народна Волја" извршиле атентат на рускиот цар Александар II. Неуспехот на претходните осум обиди за убиство на царот ги навела членовите на „Народна волја" да превземат посебни мерки на претпазливост кои ќе доведат до успех односно убиство на царот. На четворицата доброволци, кои биле распоредени покрај патот по кој се движела царската колона, им била дадена по една бомба. Откако колоната се приближила до двајца од доброволците, кои стоеле на иста улица, во момент кога го забележале царот и неговото обезбедување, еден од доброволците ја фрлил бомбата кон царот но за малку ја промашил целта. Застанала целата колона и војниците го зграпчиле несреќниот виновник, додека царот отишол да види еден од масата набљудувачи кој случајно бил ранет, според очевидци, царот ја изговорил реченицата „Фала му на бога добро сум", во тој момент од масата излегол вториот доброволец-бомбаш и го активирал своето оружје, убивајќи се себеси и својата цел.
Предраг Мићић,(2006)„Самоубилачки тероризам: Идеологија револуционарног Ислама", Одбрана, Р Србија, стр 70.

Нападот со сарин гасот во подземната железница на Токио беше пресвртница која што наведе многу земји ширум светот да го преиспитаат својот однос кон борбата против тероризмот. На 20 мај, 1995 год. членовите на култот Аум Шинрикјо (Врховна вистина), поставија контејнер со гас сарин во течна форма на неколку вагони од подземната железница на Токио. Со испарувањето, гасот, почна да се шири низ вагоните при што предизвика смрт на десетина лица, а повреди кај неколку илјади.[82]Овој напад ја покажа способноста на терористичките групи да добијат и применат оружје за масовно уништување против цивилни мети. Од тој ден бројни други напади, како што беше нападот на САД 2001 год. нападите во Шпанија и Англија 2004 и 2005 год. како и бомбашките напади на одмаралиштата во Египет (2005 год.), ја потврдува тенденцијата на терористите да одберат мети кои што ќе им овозможат да предизвикаат многу жртви.

**ПРОМЕНАТА НА ОБЛИЦИТЕ НА ТЕРОРИЗМОТ**

| **Профилот на тероризмот во студената војна** | **Профилот на современиот тероризам** |
|---|---|
| Хиерархиска структура на ќелии | Лабаво поврзани групи |
| Националистички или идеолошки мотиви | Глобална мрежа |
| Класични дела на насилство | Нови фундаменталистички мотиви и тактики што постојано се менуваат |

Извор: Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.[83]

„Секоја политика претставува борба за моќ" пишуваше К.Рајт Милс, „а крајниот облик на моќта е насилството".[84]Тероризмот се наоѓа онаму каде што политиката и насилството се вкрстуваат, со надеж дека ќе ја поделат моќта. Секој тероризам подразбира потрага по моќта, со чија помош ќе доминира и изнудува, заплашува и контролира, при што на крајот ќе резултира со суштински политички промени. Насилството (или заканата со насилство) е на тој начин sine qua non (неопходност, неопходен услов) за терористите, кои се цврсто убедени дека нивната борба може да триумфира само со насилство и

[82]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[83]Ibid.
[84]Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр162.

единствено на тој начин можат да се остварат нивните долгорочни цели. Поради тоа терористите ги планираат своите операции на начин кој ќе шокира, импресионира и застрашува, обезбедувајќи при тоа доволно дрскост на своите акти со цел да го привлечат вниманието на медиумите, а со тоа и на јавноста и власта. Често пати погрешно гледан како бесмислен, тероризмот е всушност крајно, планско применето насилство.[85]Тероризмот може да се претстави како сплет на пет посебни процеси,[86]кои се така поставени да постепено доведат до остварување на следните клучни цели:

- Внимание. Со драматични акти на насилство терористите настојуваат да го свртат вниманието на себе и својата борба, преку публицитетот што го добиваат, најчесто пратен преку медиумите.
- Награда. Бидејќи го привлекле вниманието и ги актуелизирале некои до тогаш заборавени прашања на дотичната држава-или нешто што е пожелно, меѓународната заедница- терористите настојуваат својата слава да ја претворат во награда (и евентуално добивање поддршка) за својата борба.
- Признание. Терористите се обидуваат, интересирањето кое го предизвикале со нивните насилни акти, да го претворат во капитал со добивање на признание за нивните права и дотичната организација, како претставници на електоратот за кој тврдат дека го претставуваат при што во одредени случаи и навистина го претставуваат.
- Власт. Снабдени со ова признание терористите ја бараат власта за промена на владата и/или општеството, што се наоѓа во суштината на нивната борба. Под тоа може да се подразбира промена во начинот на управување на владата или целокупните државни структури, прераспоредување на богатството, прекројување на границите, афирмација на малцинските права и т.н.
- Управа. Бидејќи ја освоиле власта, терористите настојуваат да ја консолидираат директната и потполна контрола над државата, својата татковина или врз народот.

Додека некои терористички движења биле успешни во остварувањето на првите три цели, многу ретко во денешно време се случува било која група да ги

[85]Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр 162.
[86]Ibid, стр 163.

постигне последните две цели. Сеедно, сите терористи постојат и функционираат во надеж дека дека ќе ја постигнат последната цел. За нив иднината повеќе од сегашноста ја одредува нивната реалност.

Според статистичките податоци во првиот квартал на 2013 год. регистрирани се 1537 терористички инциденти во 34 земји во светот. Овие терористички инциденти се причина за 2645 загинати, 5637 повредени како и 178 киднапирани лица. Презентираните податоци претставуваат намалување од 10% во споредба со терористичките инциденти од последниот квартал на 2012 год. Терористичките инциденти во Ирак, Пакистан и Авганистан сочинуваат 65% од сите инциденти во светот.[87]Самоубиствениот тероризам, претставен преку самоубиствените напади (во периодот јануари-март 2013 год. извршени се вкупно 67), е позициониран на шестото место според видот на напад кој го применуваат терористичките организации, но неговата примена предизвикува најголем број на жртви (647 лица) и повредени лица (1825 лица) или вкупно 2472 лица во двете категории. Статистичките податоци укажуваат дека самоубиствениот тероризам предизвикува најголеми последици од сите останати видови на напад поединечно. Податоците се претставени на следната табела.

Видови на терористички напади во светот во периодот јануари-март 2013 год.

| **Вид на напад** | **Број на случаи** | **Жртви** | **Повредени** | **Киднапирани** |
|---|---|---|---|---|
| Импровизирани експлозивни направи -IED | 534 | 631 | 1633 | 0 |
| Вооружен напад | 388 | 574 | 338 | 0 |
| Судири | 233 | 177 | 347 | 0 |
| Импровизирана експлозивна направа во возило или | 142 | 382 | 1296 | 0 |

[87]Centre of excellence defence against terrorism (COE-DAT). Newsletter-Januari, February, March 2013-Turkey. www.coedat.nato.int

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| автомобил бомба -VBIED | | | | |
| Израелски сили за безбедност | 86 | 60 | 163 | 0 |
| Самоубиствени напади | 67 | 647 | 1825 | 0 |
| Киднапирања | 46 | 0 | 0 | 136 |
| Напади | 15 | 153 | 29 | 39 |
| Подметнување пожар | 12 | 0 | 6 | 0 |
| Егзекуција | 11 | 21 | 0 | 0 |
| Измами | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Пиратство | 1 | 0 | 0 | 3 |
| **Вкупно** | **1537** | **2645** | **5637** | **178** |

Извор: COE-DAT, Turkey[88]

[88]Centre of excellence defence against terrorism (COE-DAT). Newsletter-Januari, February, March 2013-Turkey. www.coedat.nato.int

## 2. ИСТОРИСКИ ОСВРТ И ГЕНЕЗА НА САМОУБИСТВОТО

Во светот на вечната игра на животот и смртта не постои понедефиниран чин од феноменот на самоубиството. Да се умре од несреќен случај или пак од болест, тоа значи само да се умре, но да се умре доброволно тоа значи исто како од тишината на смртта се создаде ехо.[89]Постојат многу контраверзии со ставовите на општеството и поединците во врска со самоубиството, од толеранција, почитување и величење до отфрлање од законот и верата. *„По се изгледа дека човекот на еден степен на еволуцијата открил дека може да ги убива не само животните и своите собраќа туку и самиот себе. Мораме да претпоставиме дека од тој момент неговиот живот, од основа, се изменил".* Значи, во развојниот тек на човештвото, убиството му претходело на самоубиството односно човекот прво станал убиец, а почнал да се самоубива дури во една повисока фаза од својата еволуција.[90]Според историските податоци, самоубиството кај најстарите народи е третирано: како личен чин на поединецот кој поради таквиот став не повлекува срам и прекор, како индиферентна постапка која не била осудувана, како херојско дело на победените односно заробени воини, како благороден потег на мудреците или пак, како, последно средство за спас на изнемоштените старци, неизлечивите болни, банкротираните богаташи и тн.[91]

Самоубиствата не биле ретка појава ниту во времето на древната грчка и римска цивилизација. Во делата на прочуените грчки и римски поети можеме да сретнеме описи на самоубиствени акти на видни луѓе од таа епоха, проследени со литерарни коментари во кои или се глорифицира тој акт или пак се осудува како дел од влијанието на демонските сили врз човековата психа, во зависност од актуелните сфаќања кон самоубиствениот чин. Аристотел го осудува и отфрла самоубиството како крајно грешен акт, поаѓајќи од својата филозофија дека животот не му припаѓа само на поединецот, туку и на општеството, па затоа тој нема право самостојно да реши да оди во смртта. Платон им порачува на луѓето дека човекот во својот живот е како на една стража, а стражарот не

[89]д-р Тодор Кралев,(1999),„*Етиолошки аспекти на самоубиствата*", Агенција Академик/Скопје, стр. 15.
[90]д-рТодорКралев,(2000),„*Основните карактеристики на суицидалната популација*", Агенција Академик/Скопје, стр. 28.
[91]Ibid, стр. 28.

смее да го напушти своето стражарско место додека не биде отповикан.[92]Поаѓајќи од ваквите сфаќања властите во Атина ги забрануваат погребните древни церемонијали и донесуваат уште пострашен декрет со кој на самоубијците им се сечат дел од рацете и нозете, за да не би можеле да ги „уживаат благодетите на оној свет". Подоцна, веројатно под влијание на некои спротивни сфаќања, постоела можност лицето кое имало намера да изврши самоубиство да побара официјална дозвола од градските власти и ако ја добило таа дозвола тогаш чинот се сметал како природен и регуларен. Меѓу грчките филозофи кои го прифатиле самоубиството како дел од човековата природа и дел од неговото суштествување е Плиние, кој не само што го одобрува како човечки акт, туку го глорифицира како чин достапен единствено на човекот и преку кој човекот на некој начин им се приближува на боговите, кои немале право ни можност да си го одземат сопствениот живот и така биле осудени кон вечно постоење.

Официјалниот став на древниот Рим исто така бил остар во осудата на самоубиството и обидот за самоубиство. Во Римската војска обидот за самоубиство се сметал за кривично дело, со строги репресивни санкции и кон поединецот што се обидел да си го одземе животот и кон неговото семејство, од забрана на религиозни обреди до конфискација на имотот во корист на државата. На тој начин силниот Рим го бранел својот интегритет, бидејќи за неговите експанзивни планови била потребна голема војска и секој поединец бил неопходен и како војник и како работна сила на господарот. Подоцна и во Рим се насетува одреден толерантен однос кон овие појави од страна на некои поети или филозофи, меѓутоа минале многу векови за да се прифатат овие појави како дел на човековата реакција во одредени, неповолни за него, околности. Вергилиј при крајот на старата ера, во својата *Енеида* го осудува самоубиецот на пеколни маки, бидејќи божјиот закон не го познава и не го дозволува тој чин, Сенека во почетоците на новата ера во своето „Писмо за Луције", пишува дека не е воопшто важно дали човекот ќе умре сега или после, туку дали ќе умре убаво или грдо, па затоа и неговото неприкосновено право е да си го одбере часот на смртта. Самоубиството, пишува Сенека, е највисок израз на човековата слобода и човекот има потполно право да го избере кога

[92]д-р Георги Чадловски,(1985),„*Етиопатогенезата на самоубиството*", Студенски збор/Скопје, стр. 5.

објективните нешта го оневозможуваат да живее во склад со своите идеали.[93]Во Египет за време на владеењето на Клеопатра (која и самата го завршила својот бурен живот со самоубиство), самоубиството не само што е толерирано туку се одржувани и посебни предавања за самоубиството и соодветни средства и техники за самоубиство.[94]Ставовите на различни религиите се невоедначени во поглед на самоубиството. Така, додека едни го претпочитале како благословено дело (Будизам) или спрема него биле рамнодушни (семитизам),[95]други во своите догми го игнорирале (Христијанство) или го отфрлале како богохулен чин (Ислам).

Црковниот собор во Арл, во 452 година, ја објавува својата декларација во која самоубиството се изедначува со злосторство, бидејќи се јавува „како резултат на влијанието на ѓаволовите сили врз човекот". Еден век подоцна и црковниот собор во Прага ја потврдува оваа декларација и на своите верници им соопштува дека во случај на смрт со самоубиство, самоубијците несмеат да се погребаат со традиционалните христијански почести. Набргу црквата не се запира само на овие прокламации и репресии, туку им наредува на сите свои свештеници сите самоубијци да ги горат на јавни места (како во Лил) или пак да висат обесени за нозете на големите плоштади (како во Бордо), за да служат како опомена и закана на сите оние кои имаат намера да си го прекратат својот живот.[96]Муслиманите уште построго и порепресивно ги третираат овие појави отколку христијанската црква, поаѓајќи од своето учење дека смртта е божја волја и дека никој нема право да ја успори или пак забрза, зошто со тој чин човекот наместо Алах (Бог) одлучувал за смртта.

За разлика од христијанството и исламот, будистичката филозофија и религија отсекогаш покажувала изразено толерантен однос кон самоубиството. Во XV век повеќе будисти од сектата Јуодо извршуваат самоубиство, понесени од будистичко учење за нечистиот овоземски свет и благодетите на „чистата" посмртна земја.[97]Харикири и камикази се дел од древниот harikiri-sepiku[98]или

---

[93]д-р Георги Чадловски,(1985)„*Етиопатогенезата на самоубиството*", Студенски збор/Скопје, стр. 6.

[94]потполковник др. Катарина Штрбац, Катарина Терзиќ, Воено дело бр.3, од 2007 год. Министерство за Одбрана на Р.Србија стр 85.

[95]Припадници на еврејската заедница од етногафски аспект.

[96]д-р Георги Чадловски,(1985)„*Етиопатогенезата на самоубиството*", Студенски збор/Скопје, стр.7

[97] Ibid, стр.6.

[98]Вид ритуално јапонско самоубиство (сечење на мевот) резервирано за самураите.

ритуално самоубиство, кое изникнало во колевките на религиозно-моралната филозофија на самураите. Во историјата е познат случајот Мичизано, елитен чиновник, надарен поет, послушен поданик и ревносен министер на царот кој поради нанесената неправда и навреда, извршил самоубиство (околу 900-та година). Со цел да се смири неговиот оправдан посмртен грев, тој не само што е рехабилитиран, туку му се вратени сите титули, доделени нови, а во 947 година дури е прогласен за бог во чија чест е подигнато познатото светилиште Китано. На овој начин, Мичизано станал еден од најомилените божества во Јапонија.[99]Индискиот обичај „сати", опишан во 1200 година п.н.е во „Атхара-веди", кој го проповедал самоубиството на жената по смртта на нејзиниот маж како морална обврска кон семејството и заедницата, е укинат дури во 1892 година од страна на англиските колонијалисти. Кај Ескимите е задржано сфаќањето за самоубиството на стари изнемоштени лица.[100]

Во XVI век, во Англија се изрекувала смртна казна на убиецот по неговата смрт. Според традицијата на црквата и државата, во оваа земја, самоубиецот се сметал за злосторник од најнизок ранг. Неговото тело, пред стравот од божјата казна не се погребувало на гробишта, туку покрај патот, а пред законот (на кој не бил дозволен црковен обред) било прободувано со колец додека рацете и нозете му биле отсекувани и закопани на друго место одделно од телото.[101]Во Франција Луј XIV, во Кривичниот кодекс од 1670 година, предвидел санкција конфискација на имотот за лица кои сами ќе си го одземат животот. Оваа санкција подоцна била превземена и од страна на повеќе европски земји. Во Англија покрај оваа санкција (конфискација на имотот), востановена е уште една и тоа далеку построга. Имено со Кривичниот законик од 1870 година е статуирана казна затвор за сите оние лица кои се обиделе да извршат самоубиство (казната се одржала се до 1961). Ова зборува дека стравот од самоубиството траел подолго од стравот од духовите и вампирите. Со оглед на тоа што легислативата не била во состојба да го разреши овој општествен и личен однос (што впрочем, секогаш било така кога и да се правеле обиди интимите на човекот да се стават во определени рамки), правниците излезот од

[99]д-р Тодор Кралев,(1999),„*Етиолошки аспекти на самоубиствата*", Агенција Академик/Скопје, стр. 20.
[100]д-р Георги Чадловски,(1985),„*Етиопатогенезата на самоубиството*", Студенски збор/Скопје, стр.7-9.
[101]д-р Тодор Кралев,(2000),„*Основните карактеристики на суицидалната популација*", Агенција Академик/Скопје, стр.21.

таквото беспатие го нашле во квалификувањето на самоубиството во ментална болест.[102]Првите позначајни научни приоди и анализа на самоубиствата потекнуваат од германскиот социолог Ауенбургер („Самоубиство"-1783) и од францускиот психијатар Ескирол („Des maladies mentales"-1838). Според мислењето на Ауенбругер самоубиството претставува специфична душевна пореметеност, душевна болест. За разлика од ваквото мислење кое немало многу следбеници, учењето на Ескирол, извршило големо влијание на научната мисла кај неговите современици. Овој автор, поаѓајќи исклучиво од својата психијатриска професионална ориентираност и набљудувајќи ги самоубијците единствено во душевните болници, дошол до заклучок дека самоубиството претставува ментално заболување. За жал со ваквото свое гледање авторот на некој начин и научно ја потврдил постојната, примитивна и лаичка констатација, според која сите самоубијци се ментално болни и непресметливи личности. Вака на симплифициран начин сфатена суштината на самоубиството, сосема се вклопувала во амбиентот и духот на времето или со други зборови, ваквото учење погодувало на желбите и чувствата на тогашната средина.[103]Ставовите на Ауенбургер и Ескирол долго време биле основа на научна мисла на низа истакнати суицидолози (Бриер де Боаман, Озиандер и др) и на нив се приклонувале многу генерации на лекари, правници и социолози, не само во Германија и Франција туку и во други земји во Европа. Меѓутоа со натамошното аналитичко проучување на самоубиствата (како масовна појава, поединечен настан, човечки акт) и развојот на суицидологијата како наука започнува и колебањето во ставовите на Ауенбургер и Ескирол. Подоцнежните автори отстапувајќи од дотогашната премиса, започнуваат да гледаат на самоубиствата само како на знак на извесни душевни заболувања, но не и како на умоболност, и што е мошне важно, сметаат дека извршители на самоубиството може да бидат, иако сосема ретко, и ментално здрави луѓе (Гризингер, Лежоа).[104]

Во последните децении од XIX и почетокот на XX век, како резултат на се поширокиот, потемелен и пообјективен пристап кон суицидот, појасно се

[102]д-рТодорКралев,(2000),„*Основните карактеристики на суицидалната популација*", Агенција Академик/Скопје, стр 21/22.
[103]д-р Тодор Кралев,(2000),„*Осврт на одделните пристапи во теоријата за суицидалното поведение*", Агенција Академик/Скопје, стр 45/46.
[104]Ibid, стр. 46.

воочува неодржливоста на учењето на Ауенбургер и на Ескирол. Имено поновата генерација автори од тој временски период (Крепелин, Хофман, Моте, Хибнер, Хелер, Вагнер, Хаберда, Шавињи, Вајганд и др.) констатираа дека меѓу суицидалната популација, учеството на душевно болните лица било помало од душевно здравите. Нивните истражувања се разликуваат по обемот на партиципирање на оваа популација (1/3, 1/4, 1/5 и сл), меѓутоа гледано од аспект на генералната теза нивните гледања се идентични. Така на пример Миловановиќ („Самоубиство", Белград-1929 год. страна 16-22), наведува дека од сите самоубијци во Белград во дваесеттите години на минатиот век, 13,70% биле психотичари, 31,30% психопати и 55,00% душевно здрави лица. Во функција на оваа теза се и истражувањата на германските психијатри Гауп и Штелцнер кои врз основа на набљудувањата и анамнезата на неуспешните обиди на самоубиствата (кои по обидот биле сместувани во психијатриските клиники во Берлин и Минхен), констатирале дека сите самоубијци може да се поделат во три групи: прва-душевно болни, втора-ментално здрави лица, трета-психопати (гранични случаи помеѓу душевно здравите и душевно болните лица).[105]Одделни автори како што се А.Легоут (1881), Е. Морсели (1879), А. Вагнер (1864) и А. вон Отинген (1882), уште во средината и при крајот на XIX век и пристапиле на оваа појава од еден нов аспект, што за тоа време било мошне смело и авнгардно мислење. Имено тие иако во основа не отстапувале од широко прифатената мисла на тоа време, сепак допуштиле можност на постоење на одредени односи, врски и корелации помеѓу самоубиствата, од една страна, и општествените чинители, од друга страна.

Современите научно истражување на самоубиствата започнува со трудовите на Сигмунд Фројд и Емил Диркем. Со нив всушност се поставени теориски основи на двете, денес застапени, основни ориентации во истражувањето на суштината и етиологијата на самоубиствата: психолошко-психијатриската и социјалната. Студијата на Диркем "Le Suicide"(Самоубиство),[106]објавена во 1897 година, претставува најзначаен социолошки труд за самоубиствата, кој воедно се смета за предвесник на систематското социолошко истражување на оваа појава. Сите подоцнежни

[105]д-р Тодор Кралев,(2000),„*Осврт на одделните пристапи во теоријата за суицидалното поведение*", Агенција Академик/Скопје, стр 47.
[106]Ibid, стр, 50.

социолошки анализи на самоубиствата всушност или поаѓаат непосредно од основните поставки на овој автор или пак наоѓаат инспирација во неговото дело. Диркем во споменатата монографија го застапува становиштето за корелација помеѓу самоубиството и социјалните фактори тврдејќи при тоа дека самоубиството е во константна корелација со одредени состојби во социјалната средина. Јадрото на Диркемовото учење е всушност тезата дека самоубиството претставува резултат на нарушената рамнотежа, помеѓу поединецот и општеството, поставка на која овој автор и ја гради својата класификација на самоубиствата (егоизам, алтруизам, аномија и фатализам).[107]

Егоизмот претставува отсуство на интеграција. Во оваа смисла егоистичното самоубиство се јавува како последица на екцесивна индивидуализација односно како резултат на екстремно лабилните врски помеѓу поединецот и опоштествените институции. Овие лица не се интегрирани во општеството ниту со семејна, ниту со религиозна, ниту пак со некоја друга социјална врска и однос. Оттаму овие самоубиства се најчесто кај осамениците, протестантите, кај лицата кои не се во брак, кај лицата во брак без деца.

Алтруизмот претставува висок степен на интеграција. Алтруистички тип на самоубиство е последица на прекумерната општествена интеграција на поединецот во социјалната заедница. Овде проблемот е во инсифицуентната[108] индивидуализација на суицидентот. Кај него сериозно е нарушена смислата за поимање и корелација на содржините, како што се личен интегритет, општествен интерес и индивидуализација. Суицидентот нема алтернатива на самоубиството зошто неговиот одбранбен механизам е слаб, според неговото мислење натамошното живеење би било нечесно. Кај него е силно изразена смислата за колективност и чувството на чест. Во овие самоубиства спаѓаат ритуалниот хара-кири, индискиот сати (sutti), јапонските камикази и убиствата кај стари и изнемоштени Ескими кај кои преовладува чувството на безполезност за заедницата и чувството дека се нејзин товар. Едноставно во постојаната битка за прехранување тоа е една уста помалку, пример на исконско жртвување на единката за одржување на видот. Овде чистотата на природата останала негибната.

---

[107] д-р Тодор Кралев,(2000),„*Осврт на одделните пристапи во теоријата за суицидалното поведение*", Агенција Академик/Скопје, стр 58.

[108] лат. Insufficientia-недостиг, недоволност, слабост. http://365.com.mk/recnik/.

*Аномија* претставува низок степен на регулација (општествена контрола). Тоа се оние општества во кои не постои контрола над поединците и во кои тие поради таквата состојба стануваат дезориентирани и често склони кон самоубиства. Всушност аномичен тип на самоубиства се јавува како последица на нарушената рамнотежа во општеството и измешани критериуми за вредности. Во вакви услови често се менува општествениот статус на поединецот на кој тој не може да се прилагоди или пак тешко се адаптира. Причини за ова може да бидат на пример неочекувани нагли потреси: општествени (економски кризи, политички пресврти и т.н) или лични (страдање поради смрт на блиско лице, губење на работата, деградирање во професијата и сл.).

*Фатализам*, високиот степен на регулација исто така може да биде еден од високата стапка на самоубиства. Тоа е оној облик на самоубиство кој е спротивен на аномичното и тоа на ист начин како што се спротивни меѓу себе егоистичното и алтруистичното самоубиство. Во општествена состојба ситуацијата на фатализам превагнува интензивна регулација која кај поединецот преку репресивната дисциплина, безмилосно му ја блокира иднината и насилно ги инхибира неговата волја, слобода, страст и сл. Овој општествен причинител за самоубиствата е карактеристичен за жените во брак без деца, кај многу младите сопружници и кај помошниот персонал кај кои објективно се јавува и е присутно чувството на инфериорност.

Фројд, творецот на психоанализата, претставува стожерот на духовната клима на XX век. Неговото свртување кон истражувањето на особеностите на човековата психолошка структура врз основа на несовесниот дел на неговата личност го одбележија патот по кој ќе се движи мислата на целиот XX век. Според Фројд, битието на суицидалното поведение е всушност несовесната хостилност (непријател, непријателски) односно анимозитет[109]спрема интројектованата инкорпорираната[110]сакана личност Кон неа индивидуата е амбивалентна односно чувствува едновремено и љубов и омраза. Неговата општопознатата теза за постоењето на деструктивен нагон, инстинкт на смрт-Thanatos како пандан на инстинктот на живот-Eros, не била пошироко прифатена и нема некоја посериозна примена во современата суицидологија. Американскиот психијатар Карл Менингер во својата книга ,,Човекот против

[109] непријателско чувство спрема некого или спрема нешто лутина, омраза
[110]соединат, обединет, придружен, примен во составот на нешто. http://365.com.mk/recnik/

себе", („Man Against Himself", 1938 год.), продолжувајќи го анализирањето на психодинамиката на хостилноста наведува дека овој феномен го сочинуваат психолошките комплекси: 1.желба за убиство, 2.желба да се биде убиен, 3.желба за смрт, или таканаречени „свето тројство" на суицидот.[111] Овој автор е творец на теоријата за хроничното протрахирано самоубиство која ги опфаќа оние видови на поведенија кои се испреплетуваат како експресија[112] на инстинктот на смрт насочен против сопствената личност (алкохолизам, аскетски живот, склоност кон акциденти, склоност кон сообраќајни несреќи и сл.). Всушност, психоаналитичкото објаснување на самоубиствата се темели на хипотезата дека кај сите луѓе без исключок, постои латентна склоност кон автоагресија самоуништување. Таа „желба да се умре" се спротиставува на „волјата да се живее" и со неа востановува рамнотежа, при што како продукт на пореметениот баланс на вечните вредности смрт-живот (во полза на смртта) се јавува самоубиство.[113]

Постои една невоедначеност помеѓу суицидолошката и криминолошката теорија кога е во прашање дефинирање на обидот за самоубиство како и неговото разграничување од самоубиството. Обидот најчесто се дефинира како неуспешно самоубиство, и на прв поглед изгледа дека на ваквата едноставна дефиниција нема ништо што би можело да се забележи. Тоа и би било така доколку истражувањата не укажуваат и на некои мошне битни разлики во феноменологијата,[114] а во некои елементи и во етиологијата[115] на овие две појави. Оттаму како логичка последица на сето тоа е и постоењето на многу различни мислења во теоријата кои воглавно се поларизираат околу три стојалишта: квалитативно, квантитативно и сфаќање на истоветноста.[116] Според теоријата на истоветноста, обидите за самоубиство и самоубиствата претставуваат иста група на појави при што, како што истакнуваат нејзините приврзаници, обидот претставува всушност неуспешно самоубиство односно „промашено

---

[111] Mikloš Biro„*Samoubistvo-Psihologija I Psihopatologija*", Nolit/Beograd, стр.19.
[112] израз; изразување, изразност.
[113] д-р Тодор Кралев,(2000)„*Осврт на одделните пристапи во теоријата за суицидалното поведение*", Агенција Академик/Скопје, стр. 92/93.
[114] наука за природните и другите појави, независна од искуството, опишување и анализирање на појавите во едно одредено подрачје.
[115] наука за причините и последиците на некоја појава;
[116] д-р Тодор Кралев,(1999)„*Етиолошки аспекти на самоубиствата*", Агенција Академик/Скопје, стр. 42-43.

уништување на сопствениот живот". Оттаму не случајно одделни автори укажуваат на фактот дека основниот проблем кај оваа појава не лежи во исходот на обидот, туку во снагата и искреноста на автодеструктивниот импулс. Според приврзаниците на ова сфаќање обидите за самоубиство не треба да се сметаат за посебен ентитет, односно дека самоубиството и обидот за самоубиство не можат да се издвојат. Слично на гореспоменатото е и квантитативното сфаќање според кое разликата помеѓу самоубиството и обидот за самоубиство е всушност разлика во квантитет или со други зборови, тоа се појави различни по тежина на последицата, а истоветни по својата суштина. Застапниците на квантитативното стојалиште и покрај тоа што прават извесна разлика помеѓу споменатите појави, сепак на крајот се согласуваат дека обидите за самоубиство немаат посебен „суверенитет", туку дека стојат на иста заедничка позиција со самоубиствата. Разликата помеѓу самоубиството и обидот, според квалитативното поимање на овие социопатолошки појави, е всушност разлика во квалитет. Авторите кои инклинираат кон ваквото сфаќање сметаат дека помеѓу обидите за самоубиства и самоубиствата постои јасна дистинкција. Според нив, обидот е посебна социјална, суицидијална и криминолошка категорија, посебен ентитет со свои сопствени специфични обележја и посебни карактеристики кои битно се разликуваат од оние на самоубиството. Генерално би можело да се каже дека обидот за самоубиство е автоагресивност насочена кон себе, која претставува свесен чин насочен кон самоуништување со намера и волја да се одземе сопствениот живот, при што поради одредени околности што се надвор од личноста не дошло до смртна последица. Со други зборови, тоа е сакана постапка со цел намерно уништување на сопствениот живот која резултирала со нарушување на своето здравје. Накратко, обидот е промашување на посакуваното уништување на сопствениот живот.[117]

Во центарот на интересирањето на денешната суицидологија, како и безбедносните и политички науки, се непсихотичните групи на суициденти.[118]Така Дубитшер ја наведува следната поделба на самоубиствата:

[117]д-р Тодор Кралев,(1999),„*Етиолошки аспекти на самоубиствата*", Агенција Академик/Скопје, стр. 49.

[118]Самоубиството се шири како општествена зараза посебно помеѓу младата популација. Истражувањата укажаа дека еден тинејџер чиј пријател или роднина се обидел или извршил самоубиство и самиот ќе биде склон кон една таква постапка.

1.херојско самоубиство (тоа се случаи каде политичарите и војниците се самоубивале поради чест или востановени обичаи, 2.религиозно самоубиство (разни секти), 3.смоубиство како жртвување, 4.самоубиство со цел да се обезбеди сигурност за семејството, 5.самоубиство од чест и тн.[119]Во херојските самоубиства, каде војникот со своето тело ја покрива гранатата со цел неговите соборци да не бидат повредени од експлозијата или возач кој умира, бидејќи неговиот камион е наполнет со експлозив и удира во капија на касарна на американски маринци, уживаат најголемо почитување во општеството, додека ритуалните самоубиства на пример, најчесто во сектите, под силно влијание на индоктринација владее ставот за реинкарнација и верувањето дека „горе на оној свет" ги очекува „посреќен живот". Таквите самоубиства се бројни во човечката историја и иако на прв поглед изгледаат нерационални тие се во потполност рационални и не се предмет на психијатријата ниту на медицината. Во такви самоубиства спаѓаат и самоубиствата поради чест, условени со цврста вклопеност во средината и нејзините обичаи односно во морално-етичкиот кодекс. Во оваа група самоубиства спаѓаат јапонските *сепику*, жртвувањето на грците во борбата на Термопилите (во која загинале сите бранејќи ја татковината од Персијците), полските војници, кои 1939 год. во тврдината Вестерплате загинале до последен во борбата против германците, поручниците на воен брод Спасиќ и Машера, кои во 1941 год. во Бока Которска се „кренале во воздух" заедно со воениот брод за да не падне во рацете на германците.[120]На 3 април 1942 год. еден трагичен настан го потресе политичкиот живот во Унгарија, самоубиство извршил премиерот на унгарската влада грофот Пал Телеки, причината за неговото самоубиството било влегувањето на Унгарија во силите на осовината и окупацијата на Југославија. Бидејќи претходно потпишале Договор за вечно пријателство со Југославија и обидот за прокламирање на политика на неутралност на Унгарија, завршиле без успех, во прошталното писмо кое го напишал до гувернерот Хорти, појаснува дека самоубиството го извршува поради чувството на чест. Неговиот чин останал запаметен во унгарската историја како дело кое морал да го стори за да ја

---

Arie W. Kruglanski-University of Maryland, College Park; Agnieszka Golec Warsaw School of Social Psychology Institute of Psychology Polish Academy of Sciences „*Individual Motivations, The Group Process and Organizational Strategies in Suicide Terrorism*"

[119]потполковник др. Катарина Штрбац, Катарина Терзиќ, Воено дело бр.3, од 2007 год. Министерство за Одбрана на Р.Србија стр 86.

[120] Ibid. стр 86-87.

сочува честа и личното уверување, со тоа станал пример на суицид кој не само што не се осудува туку напротив се смета за достоинствен чин. Откако Полска, заедно со земјите од Варшавскиот пакт извршиле агресија на Чехословачка во август 1968 год. адвокатот Ричард Сивијек, во знак на протест се самозапалил. Неколку месеци подоцна на 19 јануари 1969 год. во знак на протест против советската окупација, младиот студент Јан Палах исто така се самозапалил. После самозапалувањето на Палах, група млади луѓе штрајкувала со глад, а од јануари до април истата година 26 лица се обиделе да се самозапалат, при што седум лица починале како последица на тој чин.[121]Генерација на млади полски поети и писатели, под комунистичкиот режим во 60-те и 70-те години на минатиот век, (наречени kaskaderzy literatury-литературни маченици), починале со насилна смрт или извршиле самоубиство како форма на протест против безнадежноста и угнетувањето (Kolbus, 1986).[122]Очигледна е констатацијата дека самоубиствата извршени од т.н непсихотичната група на суициденти (самоубиствата извршени од чест, херојство, во име на религијата и др.), се прифатени во општеството и истите не се сметаат како нешто негативно. Напротив, нивниот пример претставува највисок акт кој еден поединец го вложил во тоа што е длабоко уверен. Таквите примери, кои ги има во секое општество, најчесто се злоупотребуваат од терористичките организации или поединци кои бараат едноставен но ефикасен начин да го оправдаат жртвувањето или уништувањето на животот на одредени индивидуи во името на остварувањето на некои повисоки цели. Навистина, тешко е да судиме дали самоубиствата од непсихотичната група на суициденти е оправдана и неопходна без при тоа да се земат во предвид околностите и фактите кога истите се извршени, но едно е сигурно, нивниот пример дефинитивно не соодејствува со околностите кои ги претставуваат денешните претставници на новиот религиозен бран на тероризмот како неопходни акти.

[121]потполковник др. Катарина Штрбац, Катарина Терзиќ, Воено дело бр.3, од 2007 год. Министерство за Одбрана на Р.Србија стр стр 86-87.
[122]Arie W. Kruglanski-University of Maryland, College Park; Agnieszka Golec Warsaw School of Social Psychology Institute of Psychology Polish Academy of Sciences „*Individual Motivations, The Group Process and Organizational Strategies in Suicide Terrorism*"

## 3. САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ

### 3.1 Класификација на феноменот

Употребата на самоубиствените напади, како терористичка техника, не се ексклузивно врзани за одредена култура или религија. По откривањето на динамитот, кон крајот на XIX век, употребата на бомбите во терористичките напади станал омилен метод кој бил применуван во самоубиствената тактика. На пример руските радикали кон крајот на XIX век, обезбедувале сигурен успех на нападот со тоа што се доближувале што е можно поблиску до метата, свесно настојувајќи при тоа и самите да бидат разнесени.[123]Известувањата за извршени самоубиствени напади во светот денес претставува топ тема во сите медиуми, се чини како ништо да не може да им застане на патот и да ги спречи креаторите и извршителите на оваа деструктувна појава. Тоа што средствата за категоризација се многу сиромашни не е случајно, феноменот го надминува обичното сфаќање. Поголем дел од времето зборуваме за камикази, затоа што се работи за единствен случај за самоубиствена операција вистински позната поради нејзиниот спектакуларен карактер. Нападот на 11-ти септември 2001 година во САД, ја засили оваа аналогија поради користење на авионот како вектор за напад. Наидуваме на повеќе изрази како што се: самоубиствен напад (suicide attack), самоубиствено бомбардирање или бомбаши-самоубијци(suicide-bombing), човечки бомби (lebenbombe),[124]геноцидно бомбардирање (genocide bombings); напад на убиец (homicide attack); операции на маченици (martyrdom operations)[125]и сл. *Исламикази*- е една неодамна појавена кованица од страна на еден специјалист за тероризам, Рафаел Израели, кој ја оправдува на следниот начин: „*Исламистичките самоубиствени напаѓачи не се самоубијци.....Преку мотивацијата, организацијата, идеологијата и спроведување на нивните задачи тие се поблиску до камиказите*".[126]Точно е дека ваквото самоубиство[127]е

---

[123]Предраг Мићић,(2006),„*Самоубилачки тероризам:Идеологија револуционарног Ислама*",Одбрана, Р Србија, стр 69-70.

[124]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр 421.

[125]м-р Миле Шикман,(2008),„*Самоубилачки тероризам као безбедносна претња савременом свету*"списание БЕЗБЈЕДНОСТ – ГРАЂАНИ – ПОЛИЦИЈА - Висока школа унутрашњих послова, Бањалука, стр 72.

[126]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр 422.

алтруистичко и дејствува во служба на една кауза која е бескрајно поголема од индивидуалниот човечки живот. Но, компарацијата застанува тука. Јапонските пилоти воделе војна напаѓајќи американски воени бродови. Тие го практикувале военото жртвување во традицијата на *сепику*, која потекнувала од еден кодекс на воена чест што се стремела да го лиши непријателот од славата на победата. Во филозофија на акцијата, волјата се дефинира како притисок на духот кон остварување на некоја цел. Доброволец е оној кој откако ја сфатил и во себе ја прифатил вредноста на оваа цел, го избира патот на акцијата. Повеќе не размислувајќи за ништо друго, тој „се ангажира" трудејќи се да ја промени состојбата на нештата.[128]Актот на бомбашите самоубијци се разликува од обичното самоубиство по тоа што освен уништувањето на сопствениот живот тој е подготвен да убие и други.[129]Поимот на самоубиствениот убиец се приспособува точно на природата на делото: да се убиеш себеси предизвикувајќи смрт кај противниците, со цел да се добие поволна промена на односот на материјалните и моралните сили во рамките на конфликтот.[130]Преглед на терминолошките и практични дистинкции на терористичките активности се обидел да ја направи политичкиот научник Роберт Папе со поделба на тероризмот на:

1.Демонстративен тероризам.

2.Деструктивен тероризам.

3.Самоубиствен тероризам.

Демонстративниот тероризам, според Папе, главно е насочен за добивање на публицитет за било која или за сите причини, како што се регрутирање на повеќе активисти, одвлекување на вниманието од жалби на другата страна и за добивање на внимание на трета страна која може да изврши притисок на другата страна. Во овие случаи, терористите најчесто избегнуваат да предизвикаат некое сериозно зло за да не ги загрозат симпатиите за нивните

---

[127]Војниците се тренирани да ги доведат во опасност своите животи во интерес на државата, но бомбашите самоубијци не ги извршуваат нападите под претпоставка дека би можеле да загинат, туку напротив нивната намера е сигурна смрт. Кога една таква личност ќе ги анализира придобивките и штетата на својот живот во однос на вредноста на својата смрт, поголема вредност има смртта, како за неговата татковина така и за него самиот. Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 82.

[128]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009)„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр 422.

[129] Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 82.

[130]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009)„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр 422.

политички цели. Деструктивниот тероризам предизвикува вистински повреди на членовите на аудиториумот на метата, со ризик за губење на симпатии за нивните цели.[131]Оваа поделба ја критикува индискиот академик Рамасубраманиан како недоволно јасна. Тој смета дека „самоубиствениот тероризам не може да се споредува со демонстративен и деструктивен тероризам. Самоубиствен тероризам е просто инструмент или modus operandi и како таков не може да се споредува со останатите два кои се главно насочени кон цели. Тој во себе ги содржи двете цели, да ја уништи непријателската мета и во некои случаи да добие поддршка за политичка цел."[132]Како доказ за ова свое тврдење, академикот Рамасубраманиан, го изнесува случајот со 11/9 во кој страдале многу цивили и за кој смета дека главната цел била да се демонстрира ранливоста на Америка за терористите. Самиот тероризам по својата природа е демонстративен, а неговите акции можат да се поделат на:

1.Уценувачки, кои се несмртоносни.

2.Уценувачко-деструктивни кои можат да бидат убиствени и самоубиствено настроени.

3.Деструктивни кои можат да бидат убиствени, самоубиствено настроени и самоубиствени.

*Уценувачко несмртоносни*-поради преголемата осетливост на меѓународната заедница на користење на тероризмот како метода за остварување на целите, терористите се плашеле дека цивилното крвопролевање непоправливо ќе нанесе штета на нивната организација. Водејќи се со тоа практикувале акции во кои немало сериозна намера да се предизвика нечија смрт. Такви акции се подметнување на лажни бомби на важни места за непријателот или лажно пријавување за постоење на бомба во авион за време на летот и само со помош на закана дека ќе биде активирана се обидувале да ја уценат непријателската страна и да внесат страв со фактот дека некој нареден пат заканите би можеле да бидат вистински. Со тоа успевале да внесат краткотраен немир и поради неефикасност денес ваквите акции ретко се употребуваат.

*Уценувачко-деструктивни* овие акции ја покажуваат намерата на терористите да им се исполнат барањата или во спротивно ќе ја уништат метата. Убиствени,

[131]R.Pape „*The Strategic Logic of Suicide Terrorism, American Political Science Review*", Vol.97, No.3, August 2003.
[132]Виолета Матовић,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 32.

се одликуваат со тоа што според планираните околности во прилична мера овозможуваат сигурност на извршителите Во убиствено настроените акции постои план, влез-извршување на задачата-излез, со тоа што извршување на задачата и запазување на безбедноста на организаторите е повредно од животот на непосредните извршители, и тие со тоа сознание заминуваат во мисија подготвени на големата веројатност да не се вратат живи.

*Деструктивни*, ваквите акции не содржат ни една друга цел освен уништување на одбраната мета. Убиствени се карактеризираат со уништување на непријателските објекти и луѓе со било кои средства. Во самоубиствено настроените акции се стремат кон длабоко продирање на виталните цели на спротивната страна и нејзино максимално ранување. Со самоубиствени се осигурува извршување на планираното уништување. Убиствените, самоубиствено настроени и самоубиствени акции, освен што се разликуваат во тактичка смисла, нивна главна дистинкција е во степенот на повредување на противникот.

### 3.2 Етапи на развој и еволуција

Колку и да е постојаноста во просторот и време, убиственото жртвување познава периоди на латентност, кои некогаш биле долги. Постојат, исто така, и географски области на спокојство кои не го доживеале ваквиот феномен. Воопшто нема сомнеж дека оваа форма на стратешка акција во текот на својот развој доживеала два периоди. Првиот период одговара на воведувањето на модерниот хемиски експлозив, особено на динамитот и на неговите деривати, во количества соодветни со силата за носење на човечки вектор во услови на сокривање. При тоа експлозивот воопшто не го променил ставот на организациите или поединците кои го применуваат во однос на недолжните жртви, за нив тој овозможува убивање со сигурност. Претходно, на човекот му било потребно да се справува со бесот на непријателот. Експлозивот решава технички проблем. Можеле да бидат ранети, измачувани, манипулирани, разменети или вратени, но никогаш не се знаело дали ќе продолжи животот. Во сплетките на контрадикторните планови на повеќето актери елиминирајќи ја случајноста, доброволната смрт става крај на ваквите неизвесности.[133]

[133] Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр. 422.

Пронаоѓачот на динамитот, Нобел, го регенерирал самоубиственото оружје, кое било западнато во застареност и ретко се користело поради соодветната ефикасност. Со студеното оружје воопшто нема потреба од самоубивање. Експлозивот несомнено ја менува техничко-тактичката ситуација. Затоа гледајќи подалеку во иднината, добро е да се запрашаме дали би можело други достигнувања, во доменот на техниките на вооружување, од човекот да направат дури и посмртоносно оружје. Тоа го поставува прашањето за поврзување меѓу самоубиствениот напаѓач и оружјата за масовно уништување што би можело да стане еден од кошмарите на XXI век. Нападот во подземната железница во Токио претставуваше една нова страница во историјата на тероризмот, односно го означи почетокот на новото поглавје во историјата на терористичките акции. Вториот период е оној на враќање на идеологијата на жртвување во муслиманскиот свет. Може да сметаме дека појдовна точка бил иранскиот револуционер, занесен, експанзивен ако не и наметлив шиитизам. Заразата предизвика динамички метастази во еден исламистички свет кој не се сведува само на неговото блискоисточно арапско-персиско јадро. Исламот претставува културна сила во експанзија во она што се нарекува третиот свет, при што располага со фактор на моќно влијание: хуманитарната поддршка. Натпреварувачките идеологии прибегнуваат кон насилство како елемент на стратегија за освојување на власта. Само што замина една генерација, успеа да се создаде една втора генерација на бунтовници убедени во легитимната вредност на убиственото жртвување.[134]Имплементација на религиозните елементи во насока на остварување на политички цели претставува ризична подлога која може да внесе елементи слични на оние кога започнаа крстоносните војни. Овие моменти одговараат единствени на радикални структури кои очигледно не можат на друг начин да стапат на политичката сцена.

[134]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009),„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*",Табернакул, стр. 422.

### 3.3 Античка традиција

Евреите Сикарии[135] и Зелоти (Зелот-фанатичен воин, неумерен борец дејствувале во периодот од 66-73 год од н.е против римскиот окупатор на просторот на денешен Израел)[136] биле несомнено терористи кои во себе носеле чувство на отпор, во кое биле помешани омразата кон римскиот окупатор и потрага по општествена револуционерна „месијанска" трансформација, ако можело да се ризикува тој анахронизам на еврејското општество. Кога на пазарот во Назарет зелотот со сиката ќе му го пресечел грлото на некој Римјанин или на некој Евреин, кој соработувал со окупаторската власт, тој ретко го напуштал местото на нападот. Останувал за да сведочи за неговото дело. Тоа скаменување на местото на убиството имало вредност на напуштање на животот. Овој став бил присутен низ целата историја на доброволците за смрт (така се однесувале и Асасаните во XII век, за кои подоцна ќе стане збор). Исто така се смета дека зелотите користеле и примитивен облик на хемиско војување, труејќи ги бунарите и амбарите кои ги користеле Римјаните, како и оштетување на Ерусалимскиот водовод.[137]

**Devotio-заразно благочестие**. Според Тит Ливиј, битката на Римјаните против коалицијата на Самнитите и Сенонските Гали во 295 година пред Христос, лошо завршила. Левото римско крило било пробиено. Тропотот на галските кочии успеал да направи паника меѓу римската коњаница. Животните ги предале луѓето, гонењето на војската започнало, масакрот се наближувал. Публиј Дакиј „му наредува на понтифит Марк Ливиј да му издиктира формули преку кои тој би се посветил, себеси и непријателските легии, на војската на римскиот народ, при што ги искористил за да се посвети молитвата и ставот со кои татко му, Публиј Декиј Мус,[138] побарал да биде посветен на брегот на

---

[135]Терминот сикарии потекнува од латинскиот збор кој се однесувал за краток нож/кама-*sica*, се однесува за еврејска секта позната во антиката како атентатори/убијци. Со герилски и терористички тактики против римскиот окупатор сикариите започнуваат околу 50 год. па се до нивното уништување од страна на римјаните во тврдината Масада во 74 год. (во други извори е посочена 73 год.), каде што членови на сектата заедно со своите семејства извршуваат колективно самоубиство. Во литературата често пати ги поистоветуваат со Зелотите или се претставени како нивна подгрупа. Голем број на истакнати научници кои ја истражуваат еврејската историја како и историјата на римското владеење во Јудеја посочуваат дека Сикариите и Зелотите се две различни групи кои дејствувале во тој период. http://terrorism.about.com/od/groupsleader1/p/Sicarii.htm

[136]Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр.79.

[137]Ibid, стр.79.

[138]Станува збор за Римјанин прославен по тоа што го дал сопствениот живот како жртва за доброто на римската војска. Истата традиција ќе ја следат и неговиот син и внук. Жерар

Весерис за време на војната против Латините. По свечените молитви, тој додал ,,дека ќе го истурка пред него стравот и бегството, масакрот и крвта, лутината на боговите на небото и онаа на боговите на пеколот; дека со страшна магепсаност ќе удри по знаците, фрлачите и оружјето на непријателот; дека на местото на кое тој ќе загине ќе загинат и Галите и Самнитите". Станува збор за магиско стратешки чин кој имал за цел да го смени текот на битката.

*Девотио* се појавил како магичен ритуал (најверојатно за црна магија бидејќи бил придружен со практика за маѓепсување) и содржел две фази. Најпрво, оној што се жртвувал, со повикување, ги привлекувал врз себе силите на пеколот, кои ги принудувал, во замена за неговиот живот, да се прикажат силни. И во втората фаза, тој ја трансформирал својата личност во оружје за ,,масовно уништување", злинамерен предмет, заразен (Тит Ливиј го користи терминот infectio) со злото што ќе го исфрли врз непријателот. Тој се претвора во ,,пеколна машина" која ќе го зарази непријателот. ,,Од тој момент", сугерира Тит Ливиј ,,повеќе не било можно да се препознае дека борбата одговара на човечките судбини. Галите, а особено групата што го опколувала телото на конзулот, речиси го изгубиле умот и без резултат фрлала со оружјата, некои само стоеле и не помислувале ниту да се борат ниту пак да побегнат", скаменетост.[139]Несреќните востаници од Масада[140]односно самоубијците на победената тврдина никого не убивале. Тие не се обиделе на некакво последно бегство бидејќи истото ќе ги подложело на една кланица меѓу рацете на непријателите. Токму тука е она длабокото и чудното во нивниот чин. Желбата била тие самите со сигурност да се докрајчат, без можност за случајности, и со смрт да ја достигнат слободата, почнувајќи од слабите, жените, децата до старците. Ниеден римјанин не загинал во колективното самоубиство на Масада.

Самоубиствено автентично убиство во хебрејската традиција е Самсон. Сведен на ропство, на тоа негирање на човекот, библискиот текст вели дека направил ,,договор" со Бога: ,,Врати ми ја за последен пат мојата човечка сила и ќе ги

---

Шалијан и Арно Блин. (2009),, *Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 425.

[139]Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009),, *Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 425.
стр. 425-426.

[140]По уништување на храмот во 70 година, стотици мажи и жени, под водство на нивниот водач Елеазар, цели три години пружале отпор во тврдината на Масада (73 година). Под опсада на римските трупи тие повеќе сакале сами да се убијат отколку да паднат во рацете на нивните противници. Ibid, стр 65.

уништам твоите непријатели". Ако бог го прифати пазарот, тој ја оправдува самоубиствената смрт на Самсон. Тука доаѓаме до суштината на жртвувањето, размената, подарок за еден контраподарок, загарантиран преку вербата во тој Бог кој стои на наша страна кога вербата не напушта.

### 3.4 Среден век

Слабата моќ на државите, релативната декаденција на нејзиниот пренос и духовната моќ на христијанството го фаворизирале развојот на „еретичките" секти. Споредено со бројните секти на исламот, христијанските секти се помалубројни. Во средниот век и на почетокот на ренесансата, сектите никнувале во атмосфера на смрт, крај на светот, презир на ова долу, кои биле поволни за самоубиство.

На подрачјето на денешна Индија во периодот од VII па се до XIX век дејствувал еден верски култ посветен на божицата Кали кој ширел терор во цела Индија. Имено припадниците на тој култ наречени thug-силеџии, биле вклучени во акти на ритуални убиства посветени на хиндуската божица на стравот и уништувањето-*Кали*. На одредени свети денови во текот на годината припадниците на верскиот култ ги запоставувале своите дневни обврски и ги „пречекувале" невините патници, за истите потоа ритуално ги задават и како жртви да ги принесат на божицата Кали. Според одредени записи на тој начин се убиени еден милион луѓе во текот на дванаесетвековното постоење на овој култ.[141]Сепак најсилно влијание во тој период (XI-XIII век), а воедно и најпозната секта, била сектата на *Асасаните*. На северот од Персија на планината Елбрус, во тврдината Аламут[142](орловско гнездо), својата власт ја зајакнува Хасан е Сабах како апсолутен владетел над исмаилите и асасаните (на арапски *Хашашини*-пушачи на хашиш).[143]Хасан, на почетокот, од бегалец

---

[141]Brus Hofman,(2000)„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр 80.

[142] Хасан е Сабах познат и како „Старецот од гората"го воспоставил редот на асасаните во оваа тврдина во 1090 год. Тврдината Аламут (изградена околу 840 год.) е освоена без борба односно им е предадена на Монголите во 1256 год. при што е уништена една од најголемите библиотеки во светот во тоа време. Во 1273 год. од страна на мамелучкиот султан Бајбара освоено е и последното засолниште на асасаните.

[143]Пред повеќе милениуми, човекот ги запознал дрогите најнапред како лекови, а подоцна и како стимулативни средства за добро расположение и уживање, но само под строга контрола на заедницата, со посебно користење во обредни цели. Опиумот и афионот им биле познати на Вавилонската, Персиската, на старо Индиската цивилизација, како и на цивилизацијата на старите Грци и Римјани. Војските на Отоманската Империја го користеле опиумот како стимуланс за подвизи во битките, но се користел и за религиозни обреди. Инките во својата

станал свештеник-Даи, кој внимателно го ширел исмаелитското верско учење дека Имамот е божја сенка на земјата и дека само преку него се стигнува до божественото, до вечните радости на рајот. Според неговото учење имамот е овластен луѓето да ги прави среќни, но и да ги осуди на пеколот. Хасан со тврдината Аламут завладеал тивко и без насилство. Тој, за три илјади златници, од тврдината ги иселил жените, децата и старците. Нивните места ги зазеле младите со што тврдината Аламут станала големо училиште. Се учеле странски јазици, обичаи на многу народи, изреки од верските книги и од книгите на мудроста, додека околината на тврдината станала полигон за обука. Локалните старешини паднале под ударите на бодежите на невидливи напаѓачи. Се ширел страв дека *Фидаините*-Ангели на смртта, се подготвени за својата мисија со што Хасановата моќ брзо растела. Турскиот владетел Санџар се одлучил за поход на тврдината Аламут. Со својата огромна војска се улогорил околу тврдината и едно утро изненаден го здогледал во својот шатор телото на својот стражар со нож во градите и со писмо: „Да беше по моја волја овој бодеж сега ќе стоеше во твоите гради", пораката ја напишал Хасан. Санџар отстапува од своите планови за освојување на тврдината, а особено кога дознал што доживеале неговите емисари во Аламут. Тие биле очевидци кога на Хасанов знак најблискиот фидаин со нож си го пресекол грлото или кога стражарот од градобранот се фрлил во амбис длабок стотина метри. На нив Хасан им го поставил прашањето „колку вакви јунаци имате-јас ги имам шеесет

историја масовно го користеле кокаинот, кој во Европа е донесен кон крајот на XVIII век. Многу историски записи, легенди и сведоштва за културите на многу цивилизации ја потврдуваат но истовремено ја покажуваат и „праисконската потреба на човекот за природата, животот во неа да го живее среќно, да живее во просторот каде што владее љубовта, добрината и среќата". Се претпоставува дека првите контакти со дрогата кај првобитните заедници датираат уште во периодот на палеолитот (10.000 години п.н.е) Доказ за овие тврдења претставуваат разни цртежи кои се насликани во пештерите. Многу табли ископани на просторот на Долна Месопотамија покажуваат дека таму активно се негувал афионот наречен "GIL" или "радост" кои исклучиво биле достапни само за духовните луѓе како можност за нивно општење со боговите за пренесување на нивните пораки до обичните смртници. Дрогата и кај старите Индуси помагала исто така луѓето да побегнат од сопствената личност и полесно да се приближат до нивните богови. Во Европа дрогата влегува на голема врата после завршување на Крстоносните војни, кога крстоносците ја донеле од Блискиот Исток. Зборот – дрога, потекнува од арапскиот јазик со основно значење на лековито средство. Во медицината, односно во медицинската литература се појавува во еден англиски годишник од 1327 година, а подоцна почнува да се користи и во Италија и Франција (француски drogue-материја што се употребува сама или со други составни делови во определен лек).
Митко Котовчевски, (2011)„*Национална безбедност*", Филозофски факултет/Скопје, стр.332-333.

илјади".[144]Но, се поставува прашањето како ја создал Хасан својата војска на „Ангели на смртта". Имено, техниката се одвивала на следниов начин: успиен со хашиш идниот фидаин се внесува во градината во Аламут чии порти се отвараат исклучително по Хасанов налог. Успиениот фидаин се буди во рајот опкружен со бујни растенија, ретко мирисно овошје, чешми од кои тече најубаво вино, преубави девојки. По „чувствувањето" на благодетите на рајот „фидаинот го воделе во мрачна ќелија на замокот во која го доживувал пеколот". Враќањето од пеколот во рајот зависи од волјата на имамот. За да ја добие неговата милост мора да извршува покорно се што се бара од него. Таа волшебна формула е едноставна: малку хашиш, Аламутската градина, мрачната ќелија и фидаинот ја губи својата личност пред предизвикот на моќта, на божествената сенка на земјата-*имамот*. Тоа е прапочетокот на првите терористички групи и прва алка во синџирот на дрогата. Во еден период ученикот на Хасан, Синан, во тврдината Масјаф во Сирија развива свое училиште. Доаѓа до судир и ривалство меѓу Синан и Хасан во кој како победник излегува Синан, бидејќи Хасановите борци преминуваат на страната на Синан. Во XIII век, монголските хорди предводени од Џингис Кан им нанесуваат тешки удари на асасините кои засолниште бараат во Египет каде што египетските владетели обилно ги користат нивните знаења и вештини. Така продолжува асасинската традиција низ средниот век до денешен ден. Во обуката и во однесувањето се препознаваат особините на првите асасини како идна основа на подоцнежниот терористички чин.[145]



Аламут (орловско гнездо)
Извор: skriptorijum.blogspot[146]



Аламут (орловско гнездо)

[144]Македонска ревија за казнено право и криминологија,(2006) год.13 бр.1 стр. 253.
[145]Ibid, стр.254.
[146]http://skriptorijum.blogspot.com/2012/06/asasini-iz-alamuta.html

## 3.5 Бранот на самоубиствени напади

Самоубиствените терористички напади продолжуваат во текот на XVIII, XIX па се до почетокот на XX век, кај муслиманските заедници во Азија (на подрачјето на југозападна Индија, Суматра, Минданау и Сулу на Филипини). Извршителите на самоубиствените напади истите ги сметале како начин на борба против колонијалните сили на тие простори, но и како свет чин или жртва за заедницата и Бог. Припадниците на Народна волја во Русија (XIX век) исто така ги применуваат самоубиствените напади во својот репертоар на терористичко дејствување, при што ги забележуваме првите почетоци на денешните бомбаши самоубијци. Во еден период од 1945-1980 год. настапило едно затишје во примената на самоубиствените напади (Папе, 2005), иако ваквиот став не го делат сите научници. Имено, во литературата се спомнува примерот со терористичкиот напад на меѓународниот аеродром Бен Гурион во Израел, извршен на 20 мај 1972 год. од припадници на про-палестинска терористичка организација Јапонска црвена армија. На тој датум тројца (вооружени со автоматско оружје) припадници на Јапонската црвена армија во терористички напад на аеродромот убиле 24 лица. Тие не се ни обиделе да избегаат по извршениот напад, при што од страна на обезбедувањето на аеродромот, двајца терористи биле ликвидирани на лице место. Овој инцидент во литературата се смета како „прв самоубиствен напад на Блискиот Исток".[147]Доминацијата на самоубистениот тероризам во последните неколку децении сведочи за неговата застрашувачка ефикасност.[148]Беше клучен дел на неколкуте терористички офанзиви, вклучувајќи ги акциите на Хезболах против израелската инвазија на Либан во средината на осумдесеттите години, нападите на Хамас во Израел во периодот од 1994-1996 година насочени против мировниот процес и Курдската работничка партија (ПКК-РКК) во борбата против Турција во периодот од 1995-1999 год.

Шиитските терористички организации Хезболах и Амал[149]извршиле околу 25 самоубиствени напади на Западни мети (од околу 50) кои ги имало во Либан во

[147] http://www.ukessays.com/essays/sociology/suicide-terrorism.php

[148]Според статистичките податоци во периодот од 1970-2008 год. извршени се 1438 самоубиствени напади. David Sobek, Sam Rohrer, Joshua Harris (2012) „Name Your Price: Economic Compensation and Suicide Terrorism", http://ssrn.com/abstract=2107145.

[149]АМАЛ-Afwaj al Muqawama al Lubnaniya (AMAL) формирана во 1975 год од страна на Иранскиот имам Муса Садр со цел да се заштити и зголеми влијанието на шиитските муслимани во Либан. Зборот„ амал" на арапски значи-надеж. По смртта на нејзиниот основач во

периодот од 1983-1999 год. остатокот на самоубиствени напади ги извеле пет други групи кои ја признавале нерелигиозната национална идеологија.[150]Создавањето на специјални самоубиствени одреди на Ослободителната војска на Тамилските Тигри (ЛТТЕ-LTTE) додаде сосема нова димензија на граѓанската војна на островот. Со убиството на стотина цивили, војници и високи владини службеници почнувајќи од 1987 година, кога го изведоа својот прв самоубиствен напад (во 1987 год. е формирана воената единица Црни тигри, специјализирана за изведување на самоубиствени напади),[151]припадниците на ЛТТЕ извршија убиство и на двајца шефови на држави, индискиот премиер Раџив Ганди (Rajiv Gandi) во 1991 година и претседателот на Шри Ланка, Ранасинге Премадаса (Ranasighe Pramadasa) во 1993 година.[152]Во Израел, самоубиствениот тероризам започна во 1993 година со Хамас и Палестинскиот исламски џихад (ПИЏ) и двете групи инспирирани и помогнати од Хезболах. Хамас и ПИЏ ги фокусираа своите почетни самоубиствени напади врз воени цели, но се префрлија и на цивилни цели во густо населени области и поголеми градови. Овие две групи предизвикаа голем број жртви меѓу израелското цивилно население,[153]што имаше големо негативно влијание врз израелското јавно мислење во однос на личната безбедност. *Ал Акса Интифада (Intifadat Al Aqsa)*, претставува бран на насилство кој започнал во септември 2000 година помеѓу палестинските Арапи и Израелци, исто така се нарекува и *Втора Интифада* (Првата *интифада* започнала во 1987 год. и траела се до потпишување на договорот во Осло во 1993 год. кога е воспоставена Палестинска самоуправа), која е обележана со бројни самоубиствени напади. Интифада е арапски збор кој значи *„востание"* (во буквален превод *„размрдување"*). Многу палестинци ја сметаат интифадата

---

1978 год. и ривалството на Хезболах, влијанието на организацијата постепено слабееше. Како резултат на тоа многу од членовите ја напуштија организацијата и преминаа во Хезболах. http://www.start.umd.edu/start/data_collections/tops/terrorist_organization_profile.asp?id=3558

[150]Виолета Матовиќ,(2006)„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 80.

[151]Amy Waldman,(2003)„ *The Masters of Suicide Bombing: Tamil Guerillas of Sri Lanka"*, The New York Times, 14 January.

[152]http://www.bhdani.com

[153]Во период од 1993-2003 год. извршени се 311 самоубиствени напади од палестински извршители. Во првите седум години од примената на самоубиствените напади 70% (43 од 61 напад) биле успешни (убиени се други луѓе). Од почетокот на втората интифада (септември 2000) па до крајот на 2003 год. стапката на успешни напади се намали на 52%, но самоубиствените напади се зголемија од 61 на 250 од кои 129 напади се успешни. Scott Atran,(2004)„ *Mishandling Suicide Terrorism*" The Center for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.

како војна за национално ослободување против окупацијата, додека за израелците претставува терористичка кампања. Интифадата никогаш официјално не е завршена. Сепак, релативен успех на преговорите на самитот во Шарм ел Шеик за примирје, со кое се сложија палестинскиот претседател Махмуд Абас и палестинските паравоени организации како и релативно малото ниво на насилство во текот на 2005 година, претставува крај на Втората Интифада за многу набљудувачи, често припишувана на промената на палестинската влада после смртта на Јасер Арафат (11.11.2004 год) и израелското унилатерално попуштање. Бројот на загинати војници и цивили во текот на судирите во периодот од 2000-2004 година е проценет на 3223 Палестинци и 950 Израелци.[154]Во 1995 година, две египетски терористички групи вклучија бомбаши самоубијци. Гама ал Исламија учествуваше во самоубиствен напад во Хрватска, поради одмазда за исчезнување на еден од своите водачи Талат Фуад Ќасим (Talaat Fouad Qasim) во Хрватска и негова екстрадиција во Египет, имено по тој повод беше извршен самоубиствен напад со автомобил бомба врз полициска станица во Риека.[155]Египетскиот исламски џихад (или Гама ал Исламија-Египет) употреби двајца бомбаши самоубијци за да ја уништи египетската амбасада во Пакистан во ноември 1995 година, како одмазда за пакистанско-египетската соработка за екстрадиција на терористи на Египет.[156]Курдската работничка партија (ПКК-РКК) ја започна својата самоубиствена кампања во средината на деведесеттите години на дваесеттиот век, со надеж да го смени трендот на големите воени неуспеси и нискиот морал на своите членови.[157]Во периодот од 1995-1999 година петнаесет лица извршиле самоубиствени напади во име на ПКК, нападите го достигнале својот врв после апсењето на Абдула Очалан, водачот на ПКК, во февруари 1999 година, но пет месеци покасно истите се сопрени откако станало јасно дека нивниот лидер нема да биде осуден на смрт.[158]Заземањето на Грозни од страна на руските сили, со што бил одбележан официјалниот крај на втората војна во Чеченија (2000 год.), очигледно не ставил крај на активностите на исламистичките борци за независност. Таа сепак им нанела суров удар, поради што воените водачи

[154] http://sr.wikipedia.org
[155] http://www.en.wikipedia.org
[156]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[157]Ibid.
[158]http://www.bhdani.com

морале да се задоволат со попрецизни герилски акции и да прибегнат кон самоубиствени операции.[159]Постои поделено мислење околу тоа дали самоубиствените бомбашки напади во Чеченија го означува сојузништвото на бунтовниците со оперативците на Ал-Каеда или пак бунтовниците делуваат сами. Секако од првото појавување во Русија во 2000 година, самоубиствените бомби станаа редовна карактеристика во борбата на сепаратистите.[160]

Во 80- тите самоубистveниот тероризам беше виден во Либан, Кувајт и Шри Ланка. Во 90- тите се рашири во Израел, Индија, Панама, Алжир, Пакистан, Аргентина, Хрватска, Турција, Танзанија и Кенија. Со зголемување на миграцијата на терористичките групи од конфликтни земји, со формирање на раширени интернационални терористички инфраструктури и зголемување на богатството на терористичките групи во периодот по Студената војна, самоубиствениот тероризам почна да се појавува во Европа и Северна Америка.[161]Во првите три месеци од 2004 година, повеќе од триесет бомбаши самоубијци нападнале 6 американски сојузници (2 во Авганистан, 18 во Ирак, 2 во Пакистан, 8 во Израел, 1 во Турција и најмалку 5 жени во Узбекистан) убивајќи повеќе од 600 луѓе и ранувајќи повеќе од 1000. Во Ирак од 1 февруари до 2 март 2004 год. извршени се 10 самоубиствени бомбашки напади при што се убиени повеќе од 400 луѓе.[162]На следната мапа сликовито ќе биде претставена состојбата на извршени самоубиствени терористички напади во светот, во периодот од 1980 до 2008 година.

---

[159]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009) „ *Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр. 444.
[160]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[161]http://www.janes.com
[162]Виолета Матовиħ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 80.



Самоубиствени терористички напади извршени во периодот од 1980 до 2008 год. во светот. Извор: Carnegie Corporation of New York[163]

Во периодот од 1981 год. до 2011 год. во светот се извршени 2297 самоубиствени бомбашки напади во кои загинале повеќе од 30.000 луѓе во 36 земји.[164]Наредната 2012 год. во светот се случија 230 самоубиствени напади додека во 2013 год. осумнаесет земји во светот страдаа од околу 291 извршен самоубиствен напад со приближно 3100 загинати.[165]Институтот за меѓународна безбедност ЦПОСТ (CPOST) при Универзитетот во Чикаго (САД),[166]во податоците што ги презентира за периодот од 1982 до 2013 год. укажува дека во наведениот временски период се случиле 3699 самоубиствени напади во 44 земји во светот. Во истите загинале околу 38014 лица, додека повредени се 102.696 лица.

---

[163]Carnegie Results (2009), *The truth Behind suicide terrorism*,Carnegie Corporation of New York www.carnegie.org

[164] http://www.fas.nus.edu.sg/soc/research/Oct13_Hassan.pdf

[165]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

[166]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago. Проект за Безбедност и Тероризам-Чикаго (ЦПОСТ), претставува институтот за истражување на полето на меѓународната безбедност при Универзитетот во Чикаго (САД). ЦПОСТ има своја база на податоци за извршени самоубиствени напади во периодот од 1982 до 2013 год. Истите се касифицирани во неколку категории и достапни за истражувања. http://cpost.uchicago.edu/

**ВТОР ДЕЛ**

# 4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ

## 4.1 Влијанието на образованието и социјалната состојба во регрутацијата на извршители на самоубиствени напади во новиот религиозен бран на тероризмот

Со цел да го истражиме влијанието на образованието и социјалната состојба како елементи кои имаат свое влијание, во процесот на одлучувањето на една личност за прифаќање на идеологијата на религиозниот бран на тероризмот, ќе извршиме анализа на достапни податоци и информации од повеќе извори кои ги третираат овие појави.

*Социјалната состојба.* Во настојувањето да се разбере состојбата кај личноста која извршува самоубиствен напад, постои верување дека во такви мисии се заминува поради неможноста за пристоен живот или недостаток на елементарни услови. Многу државници сметале дека клучот за решавање на тероризмот претставува борбата против сиромаштијата и врз основа на тој став водечките држави во светот развиле програма за помош.

,,Со верување дека сиромаштијата обезбедува подлога за воспитување на тероризам (базирана е развојна програма за помош).

Терористичките напади од 11-ти септември го реафирмираат ова убедување." (Известување на Стеј Департмент на САД).

,,Ние се бориме против сиромаштијата затоа што се надеваме дека тоа е одговорот на теророт"(Американскиот претседател Џорџ Буш во обраќање на конференција на Обединетите нации во Монтереј во Мексико).[167]Сигурно е дека нерамномерната распределба на светското богатство претставува причина за незадоволство кај сиромашните и дека во такви услови се создаваат борци кои се служат со тероризам во настојување таквата состојба да ја променат. Поранешниот лидер на Ирак, Садам Хусеин им плаќал на палестинските бомбаши самоубијци средства во висина од 25 000 долари по маченик, додека од Саудиска Арабија пристигаа финансии во висина од 5000 долари по маченик.[168]Терористичката организација Хамас, во периодот 2000-2001 год. плаќала од 3000-5000 долари за бомбаш самоубиец, подоцна тој износ бил

---

[167]Виолета Матовиќ,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 90.

[168]Пол Берман,(2005),,*Терор и либерализам*".

зголемен до 10.000 долари во 2002 год. (Рипли, 2002; Хофман, 2006), при што како резултат на поголемата исплата бројот на самоубиствени напади варирал од 0-14.[169]Во таа насока ќе го презентираме следниот графикон на извршени самоубиствени напади во Израел во периодот од 2000-2007 година.




Извор:http://www.jewishvirtuallibrary.org[170]

Евидентно е зголемениот број на самоубиствени напади во 2002 година, односно кога се зголемени економските придобивки. Следниот графикон го прикажува бројот на спречени самоубиствени напади од страна на израелските сили за безбедност каде што забележуваме зголемена терористичка активност на бомбаши самоубијци и во наредниот период.

Број на спречени самоубиствени напади од страна на израелските сили во периодот од 2000-2006 година.




Извор:http://www.jewishvirtuallibrary.org

[169]David Sobek, Sam Rohrer, Joshua Harris (2012) „Name Your Price: Economic Compensation and Suicide Terrorism", http://ssrn.com/abstract=2107145.
[170]http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Peace/aksagraph.html

Во 2002 год. кога се реализирани 60 самоубиствени напади, израелските сили за безбедност спречиле 171 самоубиствен напад или вкупно 231 терористичка активност. Во 2003 год. реализирани се 26 самоубиствени напади додека израелските сили за безбедност спречиле 209 самоубиствени напади или вкупно 235 терористички активности. Во 2004 год. реализирани се 15 самоубиствени напади додека израелските сили за безбедност спречиле 367 самоубиствени напади или вкупно 382 терористички активности. Би можеле да кажеме дека во периодот 2002-2004 год. од аспект на економските придобивки кај бомбашите самоубијци ситуацијата е во „најлош" случај иста или економските придобивки се поголеми.

Во други извори кои се однесуваат за Блискиот Исток се вели, по успешно извршениот самоубиствен напад состојбата на семејството на бомбаш самоубиец се подобрува како во поглед на социјалниот статус во општеството така и на материјално (економско) ниво. Семејството вообичаено добива парични средства во висина од 1.000 до 25.000 долари (Shaked, 2000).[171]Во прилог на овие податоци говорат и други истражувања кои ги третираат економските и психолошките аспекти во процесот на носење на одлука кај лицата кои извршуваат самоубиствени напади. Во нив се спомнуваат парични средства во износ од 3.000-25.000 долари кои ги добиваат семејствата на бомбашите самоубијци.[172]Еден истражувачки тим од Универзитетот во Лујзијана (Louisiana State University) САД, проучувајќи ги економските бенифиции од самоубиствениот тероризам во Авганистан, укажува на фактот дека во Авганистан со помош на финансиска компензација, талибанското движење успешно ја зголемила бројката на извршители на самоубиствени напади. Резултатите од истражувањето се прикажани на следниот графикон.

[171]Nicholas W. Bakken, (August,2007)„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM:A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

[172]Karen Pittel and Dirk T.G. Rübbelke (February 2009) Decision Processes of a Suicide Bomber – Integrating Economics and Psychology.




Извор: http://ssrn.com[173]

Во периодот од 2000-2005 год. талибанците исплаќале по 250 долари на семејствата на бомбашите самоубијци, при што како резултат во периодот од 5 години имале само 13 самоубиствени напади (Fatah; 2006). Но кога плаќањето се зголемило на 15.000 долари во 2006 год. (Fatah 2006; Williams 2007), бројот на самоубиствени напади се зголемува на 23, или во 2006 год. се извршени повеќе самоубиствени напади отколку во претходниот петгодишен период кога исплаќањето било помало. Бројот на напади и понатаму е висок, во 2007 год. 37 напади, во 2008 год. 27 напади, односно секогаш кога исплатата е поголема бројот на извршители на самоубиствени напади се зголемува.[174]Податоците за регрутирање на припадничките на понежниот пол од Чеченија, „црни вдовици" исто така укажуваат на економските бенифиции од „регрутирањето". Сестрите Коку 26 год, и Аиман 28 год. Хаждиеви, мајката ги продала за 20 000 долари. Хадчат Ганиева, родена 1986 год, таткото ја продал за 20 000 долари. Марина Бисултанова, родена 1983 год. која се обидувала да се врати во својот дом но не и било дозволено од страна на сопругот и таткото при што таткото бил парично награден. Мајката на Заира Јулајева, родена 1978 год. била наградена со 30 000 долари-сите девојки биле мажени за вахабисти и загинале во заложничката криза во театарот Дубравка, во Москва, на 22 октомври 2002

[173]David Sobek, Sam Rohrer, Joshua W.Harris (2012),„Name Your Price: Economic Compensation and Suicide Terrorism", http://ssrn.com/abstract=2107145.
[174]Ibid.

год.[175]Поранешниот лидер на ТТП (Студентско движење на Пакистан или ТТП), Бејтула Мехсуд, им исплаќал по 1.000.000 пакистански рупии (9.934 американски долари)[176]на семејствата за „купување" на едно дете од 7 годишна возраст, кои подоцна станувале бомбаши самоубијци за ТТП или некоја нејзина подружница.[177]Врските со талибанското движење во Авганистан постојано растеле, одредени пакистански деца биле фатени во Авганистан од тамошните безбедносните сили непосредно пред да го извршат самоубиствениот напад. Очигледно е дека лидерот на ТТП развил трговија со децата и истите можеле да ги користат и други терористички организации за свои цели со одредена парична надокнада. Економската мотивација, во изминатите неколку години, претставува моќен фактор за регрутација на претставниците на понискиот слој следбеници на ТТП во насока на извршување на самоубиствени мисии. Оваа терористичка организација, во периодот од ноември 2007 до мај 2009 год. по разни основи (најчесто од криминални активности, изнуди, насилство и др.), успеала да собере парични средства во висина од 7,34 милиони до 8,49 милиони американски долари (Muhammad Feyyaz, 2013).[178]Несомнено е дека дел од тие средства се користат за регрутација на самоубиствени извршители. Единствениот преживеан од самоубиствената терористичка мисија во Мумбаи (Индија-2008 год.), Мохамед Аџмал Касаб, во судскиот процес сведочел дека на неговиот татко му биле ветени 2000 британски фунти од страна на терористичката организација Лашкар-е-Таиба.[179]Условот за паричниот надоместок бил учеството на Мохамед во самоубиствената мисија во Мумбаи и жртвувањето на неговиот живот во името на организацијата.

Професорот Бери Хоровиц и д-р Линтон Велс од Универзитетот „Вирџинија"-САД, изработија модел за начинот на кој терористичките организации регрутираат извршители на самоубиствени напади. Во моделот е претставено влијанието на културата и економијата како фактори кои допринесуваат во регрутацијата на извршители на самоубиствени напади.

---

[175]**В**иолета Матовић,(2006)„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 191-192.
[176]http://www.exchange-rates.org/converter/PKR/USD/1000000/Y
[177] Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 6-7. www.ipcs.org
[178]Muhammad Feyyaz (February, 2013), PERSPECTIVES ON TERRORISM-Conceptualising Terrorism Trend Patterns in Pakistan–an Empirical Perspective. Volume 7 Issue 1.
[179]Karen Pittel and Dirk T.G. Rübbelke (February 2009) Decision Processes of a Suicide Bomber – Integrating Economics and Psychology.




Извор: Suicide Bombers-*Profiles, Methods and Techniques*[180]

Од презентираниот модел забележуваме дека, покрај останатите параметри кои имаат свое влијание во насока на креирање на бомбаши самоубијци, присутни се и економските фактори. Во нив се нагласуваат сиромаштијата, малата можност за вработување и паричната награда за семејството како една од причините за регрутација на извршители на самоубиствени напади. Моделот јасно укажува на влијанието на економските фактори во целокупниот процес на регрутација на самоубиствените напаѓачи.

*Образование.* Нивото на едукација како и видот на образованието кај самоубиствените напаѓачи, во одредена смисла го детерминира и степенот на идеолошката застапеност во свеста кај извршителите на самоубиствени напади. Примерот со израелско-палестинскиот конфликт ни дава корисни информации во таа насока. Имено, во едно истражување извршено во Израел кое го опфаќа периодот од 1993 до 2003 год. извршена е анализа во поглед на образованието и идеолошката застапеност на претставници на терористички организации, кои извршуваат самоубиствени напади и претставници на терористички организации кои не извршуваат самоубиствени напади односно не се вклучени

[180]http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a464077.pdf

бомбаши самоубијци во извршување на терористичките акции. Во него, освен бомбашите самоубијци (како поединци), опфатени се останатите структури на терористичките организации (лидери на ќелии, лица кои регрутираат како и останати претставници на повисоко хиерархиско ниво), кои во насока на остварување на целите на терористичката организација применуваат самоубиствени мисии, како и структури на терористички организации кои не извршуваат самоубиствени напади, односно не се вклучени бомбаши самоубијци во извршување на терористичките акции.

| | **Основно училиште** | **Средно училиште** | **Делумно академско** | **Академско** |
|---|---|---|---|---|
| **Ниво на образование на бомбаши самоубијци** | 12,7% | 52.5% | 27,1% | 7,6% |

| **Вид на Образование** | **Секуларно** | **Религиозно** |
|---|---|---|
| **Однос во проценти** | 17% | 83% |

| **Идеологија на самоубиствените терористи** | **Религиозно** | **Националистичка** | **Лево национална** |
|---|---|---|---|
| **Однос во проценти** | 72% | 26% | 2% |

Извор:Виолета Матовиќ „*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*".[181]

Податоците во табелата ни укажуваат на следните констатации. Најголемиот број на бомбаши самоубијци се со завршено средно образование (52,5%) и истото е од религиозен карактер (83%). Извршителите на самоубиствените напади во најголем дел ја потенцирале религиозната идеологија (72%). Образованието од религиозен карактер односно начинот на кој истото се

[181]Базата на податоци содржи 80 извршители на самоубиствени напади и 663 извршители на терористички акти без елементи на самоубиствен напад. Виолета Матовиќ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 87-88.

перцепира во палестинското општество, има големо влијание на индивидуално ниво (во насока на креирање на бомбаши самоубијци). Слично како и кај бомбашите самоубијци, податоците за останатите структури на терористичките организации кои применуваат самоубиствени мисии, укажуваат на следните констатации.

| **Вид на образование** | **Секуларно** | **Религиозно** |
|---|---|---|
| **Самоубиствен** | 17% | 83% |
| **Несамоубиствен** | 36% | 64% |

| **Идеологија** | **Религиозна** | **Националистичка** | **Лево националистичка** |
|---|---|---|---|
| **Самоубиствен** | 76% | 9% | 1% |
| **Несамоубиствен** | 21% | 32% | 36% |

Извор:Виолета Матовиќ „*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*".[182]

Структурите на терористички организации, кои применуваат самоубиствени терористички тактики, се најчесто со религиозно образование (83%) и идеолошки застапуваа ставови на религиозна основа (76%). Учеството на религиозното образование кај структурите на не-самоубиствениот тероризам е 64% и идеолошки застапуваат националистички (32%) и лево-национални ставови (36%). Присуството на религиозни елементи во образованието и ставовите кои ги застапуваат терористичките организации, репрезенти на самоубиствениот тероризам, укажува на високиот процент на имплементирање на религијата и религиозното образование во политиката на терористичката организација.

Сепак неминовно се поставува уште едно прашање поврзано со образованието, односно неговиот квалитет. Можен одговор на ова прашање не е во издадениот документ на некоја институција за степенот на образование, туку во видот на образованието. Кога ќе се каже на видот на образование не се мисли само на секуларното и религиското образование, туку и на информациите кои се добиваат со текот на школувањето. Инсистирање на образовните програми кои опфаќаат тесен поглед кон науката, ориентирајќи се само кон научните

[182]Виолета Матовиќ,(2006)„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 89.

достигнувања внатре во муслиманската заедница, има резултат со кој се исполнети сите обврски предвидени со програмата кои треба да ги задоволи еден студент, но од институцијата излегува со недостаток на информации кои можат да ги сменат погледите на животот и светот. Раната историја на муслиманската заедница покажува нетрпеливост кон научните достигнувања надвор од нивните граници. Дискутабилни се и критериумите кои се поставени во образовните институции, посебно во палестинските услови на постојани судири како и индивидуалната заинтересираност за образование. Недостатокот на овој статистички податок е тоа што не може да се спореди нивото на знаење означено со диплома ниту компарација со случаите што се набљудуваат внатре, исто така не може да се изврши компарација и со таканаречена контролна група од некој друг образовен систем во светот.[183]Видот на образование и идеологијата за која се борат се релативно близу изразени во проценти. Од религиските училишта произлегле најголемиот број на бомбаши самоубијци кои тој акт го извршиле за терористички организации чија идеологија почива на религиозна основа. Во истражувањато под наслов „Економските услови и квалитетот на самоубиствениот тероризам" (2010 год.) исто така, се укажува на силната корелација помеѓу образованието, економските услови и терористите самоубијци на Блискиот исток (Палестина). Поточно, големата стапка на невработеност и слабата економија овозможува терористичките организации да регрутираат образовани, зрели и искусни терористи самоубијци, кои за возврат напаѓаат поважни цели.[184]Во контекст на горенаведеното ќе го спомeнеме случајот со Пакистан. Имено, во периодот на независноста на Пакистан (1947 год.) во државата постоеле 245 верски училишта (Медреси). Во нив било застапено верското образование но и биле дом на многу сираци во земјата. Религијата во медресите се изучувала во духот на високите морални вредности и водењето на праведен живот. За време на конфликтот во Авганистан (2001 год.) медресите во Пакистан се зголемуваат 28 пати од 245, во времето на независноста, на 6870 во 2001 год. Истите претставувале бесплатен образовен

[183]Виолета Матовиħ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 91-94.
[184]Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor,(2010),„*ECONOMIC CONDITIONS AND THE QUALITY OF SUICIDE TERRORISM*, NATIONAL BUREAU OF ECONOMIC RESEARCH 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138

систем кој егзистирал паралелно со државниот.[185]Причините за ваквиот развој била лошата состојба во која се наоѓале државните училишта како и образовниот систем во земјата, имено 15% од нив се наоѓале во несоодветен објект, 52% училниците немале гранични ѕидови, во 40% немало вода, 71% се без електрична енергија, често отсуство на наставниците од училиштата како и постоењето на голем број училишта само на хартија. Ваквите состојби продуцирале политизација на религиозното образование и прокламирање на тврдокорен вахабизам особено во северозападните делови на Пакистан, при што како краен производ во 2002 год. покрај останатите фактори, се создала плодна почва за самоубиствените терористички напади во земјата. Во продолжение би го посочиле примерот кој укажува на образованието и корелацијата со сиромаштијата во Пакистан. Во близина на градот Наваз Кот во декември 2009 год. пакистанската војска пронајде засолниште, за кое тврдат, дека претставувало талибански[186]центар за „перење на мозокот". Во центарот биле воспитувани деца на возраст од 12 до 18 години како од невини души да станат ладнокрвни убијци, за подоцна да станат самоубијци. Родителите на децата кои се подучувани, главно верувале дека децата ги праќале во некој вид прифатилиште, каде што примаат бесплатна храна и образование (бидејќи поради сиромаштија не биле во состојба да плаќаат за нивно образование), не знаејќи низ што нивните наследници навистина поминувале.[187]Вакви примери имаме многу посебно во руралните средини во Авганистан и Пакистан.

Двајца научници од Универзитетот Индијана (САД) М.Најеб Шафик и Абдулкадер Х.Сино извршија истражување во врска со влијанието на образованието, приходите и поддршката за самоубиствени бомбашки напади. Во студијата се опфатени шест муслимански земји кои имаат искуство со самоубиствени бомбашки напади, Индонезија, Јордан, Либан, Мароко, Пакистан и Турција.[188]Врз база на различните наоди во студијата, заклучокот на

---

[185]Haider Ali Naqvi, Syed Faraz Kazim, Shafqat Huma,(January, 2011),Suicide Bombing: A Geopolitical perspective Department of Psychiatry, Department of Surgery, Aga Khan University, Karachi, Vol.61, No.1.

[186]Појавата на Талибанците датира од движењето на студентите од Исламските теолошки факултети, кои се залагале за враќање кон изворниот ислам. „Национална и глобална безбедност", збирка на трудови на специјализанти на Факултетот за Политички науки-Белград (април, 2005 год.). стр.15

[187]www.vesti-online.com

[188]M.Najeeb Shafiq and Abdulkader H.Sinno,( March 24, 2010), Education, Income, and Support for Suicide Bombings: Evidence from Six Muslim Countries. Indiana University. Со оглед што авторите

авторите на истражувањето е дека генерализација во поглед на образованието и приходите во различни муслимански земји е многу сложена операција. Причините за тоа се различностите кои ги сретнуваме во земјите во поглед на образованието, приходите како и целите на напад. Исто така се потенцира и видот односно содржината на образованието со кое се стекнува поединецот бидејќи истото се разликува во секоја земја одделно. М.Наjеб Шафик во врска со тоа вели „Секоја земја е различна, и ставовите се различни во зависност од целите". Општиот заклучок на студијата е дека луѓето кои се со повисок степен на образование силно се противат на самоубиствени бомбашки напади чија цел се цивили во нивните земји.

**Заклучок**

Врз основа на истражувањата можеме да заклучиме дека образованието и социјалната состојба влијаат во донесување на одлука за извршување на самоубиствен напад. Под образование потребно е да се појасни дека видот на образование претставува еден од факторите за регрутирање на доброволците на смрт, лицата со верско образование се повеќе подложни на верска индоктринација и најчесто се среќаваат како извршители на самоубиствени напади. Кога говориме за верското образование мислиме на образование кое има политичка индоктринација во околности на постојан притисок (општествен, економски итн.) врз поединецот за подобар живот при што продуцира радикалните форми на прифаќање на религијата. Исто така дискутабилни се и критериумите за образование, од секуларен карактер, во услови на постојани судири како и квалитетот на информациите (знаење и вештини) со кои се стекнуваат лицата во текот на образовниот процес особено кога државата не вложува доволно финансиски средства. Во поглед на социјалната состојба податоците укажуваат дека економската компензација влијае во насока на

---

на ова истражување го застапуваат ставот дека политичкото незадоволство може да биде иницирано и од високиот степен на образование и истото се однесува за конкретни политички ставови, во истражувањето е вклучен и Ирак. Податоците од студијата велат дека повисокиот степен на образование влијае во насока на обесхрабрување на јавната поддршка за самоубиствени напади врз цивили во Индонезија и Пакистан но ја охрабрува таквата поддршка во Јордан. Во Ирак повисокиот степен на образование ги охрабрува самоубиствените напади насочени кон западните сили но не ги поддржува истите доколку се насочени кон цивили. Во Турција и Мароко поддршката е условена со приходите. Поголемите приходи во Мароко водат кон поголема поддршка за самоубиствените напади додека во Турција пак ситуацијата е обратна односно поголемите приходи ги обесхрабруваат самоубиствените напади.

зголемување на извршители на самоубиствени напади (Авганистан, Палестина и др.). Нискиот животен стандард и борбата за преживување во комбинација со безперспективна иднина во една средина влијае во насока на прифаќање на „бенифитот" кој го носи „маченичкиот статус". Терористичките организации вешто манипулираат со овие сознанија во регионите каде што тие состојби им одат во приолог. Дури би можеле да кажеме дека во одредени средини таквите околности се „одржуваат" на ниво прифатливо за каузата на терористичката организација.

**Заклучок од тестирање на првата посебна хипотеза како и поединечната хипотеза за првата посебна хипотеза.**

Со оглед на претходно изнесеното, а врз основа на добиените податоци од истражувањето сметаме дека првата посебна хипотеза која гласи: *Образованието и социјалната состојба како фактор кој влијае во регрутирањето на извршители на самоубиствени напади,* и поединечната хипотеза за првата посебна хипотеза која гласи: *Ниското ниво на образование кое е во корелација со сиромаштијата, претставува плодна почва за инструирање на доброволците за смрт.* Хипотезите се потврдуваат.

4.2. Политичките прилики, атмосферата на несигурност и вознемиреност доведуваат до зголемување на авторитетот на верските лидери и нивната интерпретација на религиозните вредности

Доколку ги анализираме податоците со кои располагале САД во врска со тероризмот во периодот од 1980 до 2001 год. ќе се воочи смалување на терористичките активности. Имено, врвот на терористичките активности бил достигнат во 1988 год. кога во светот се случиле 666 терористички напади и нивниот број постепено се намалувал во наредните години се до 2001 год. кога се случиле вкупно 348 терористички напади. Истовремено бројот на самоубиствени напади се зголемувал низ целиот свет, во почетокот незначително за подоцна таа бројка алармантно да доживее пораст од просечните 3 самоубиствени напади годишно во текот на 80-те години на минатиот век, на повеќе од 10 самоубиствени напади годишно во 90-те години на минатиот век, 50 самоубиствени напади годишно во периодот од 2000-2003

год. па се до 300 самоубиствени напади во периодот од 2004-2009 год.[189] Клучот за оваа состојба со самоубиствениот тероризам, многумина се сложуваат, е во организацијата која ги регрутира. Организацијата е клучна во изведувањето на повеќето самоубиствени напади, во планирање и набавување на оружје, избор на оперативци, цели и извршување на нападите. Др. Ариел Мерари, професор на Универзитетот Тел Авив (Израел), кој ги има проучувано самоубиствените војници изјавува:

*„Во целата серија на самоубиствени напади во Либан и палестинските самоубиствени напади.......немаше ниту еден единствен случај во кој едно лице само го подготвувило и го извршило нападот. Во сите случаи, организацијата е таа што одлучила да се употребува оваа тактика, го нашла лицето или лицата да го извршат нападот, ги обучила и потоа ги испратила во мисија во време и на место кое организацијата го избрала".*[190]

Од 315 самоубиствени терористички напади помеѓу 1980 и 2003 година, 301, или 95% беа организирани, дел од поврзана кампања, а само 14 беа изолирани или случајно настанати.[191] За успехот на една терористичка организација и нејзиното егзистирање потребни се одредени предуслови, кои ќе предизвикаат прифаќање на авторитетот на лидерите на организациите и нивните ставови, во поглед на интерпретација на одредени вредности (религиски, национални и др.)

### 4.2.1 Идеологија

„Идеологијата претставува систем на идеи, верувања и вредности со кои се изразуваат основните интереси на една група (класа), но не непосредно, туку посредно, т.е. по правило така да тие интереси помалку или повеќе свесно се прикажуваат како интереси на мнозинството на општеството, за така рационализирани, да можат полесно да им се наметнат на другите општествени групи (класи) како нивни сопствени интереси и како нивни сопствени вредносни системи на ориентација и акција". Со оваа дефиниција се прави мошне јасна разлика помеѓу идеологијата и другите облици на свест, но

[189] Robert A. Pape, James K. Feldman, (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and How to Stop It*", Chicago: Chicago University Press, стр 349.
[190] http:// www beyondintractability.org
[191] http://www.fzf.ukm.mk/files/zbornik. Тања Милошевска„ Терористи - самоубијци " стр 502.

истовремено се напоменува дека идеологијата не мора да биде потполно лажна свест.[192]

Фокусот на многу теоретичари во идеологијата е обидот да разберат што ги мотивира бомбашите самоубијци. Ренди Борум (Randy Borum, 2003), на пример, се фокусира на терористичката идеологија[193]и на процесот како овие идеи и доктрини се развиваат. Тој идентификувал процес од четири фази/етапи, каде поединците го развиваат екстремистичкото уверување. Групата или индивидуалците прво идентификуваат непожелна држава или објект, потоа го формулираат како настан или состојба која е неправедна, потоа обвинуваат за неправедност на целната политиката, личност или нација и на крај клеветат или озогласуваат одредена група со што агресијата/нападот изгледа оправдан. Ова страдање од непријателски услови не ги смета нив за лоши или злобни туку само како жртви на неправда, со што ја прави агресијата против злосторниците кои и згрешиле на групата или на некого од групата, полесно психолошки да се оправда.[194]Во други случаи поединците стануваат лути заради фрустрациите и навредите кои ги почувствувале, доживеале, заради нивната припадност кон етнички, културни или религиозни групи, иако тие не го искусиле тоа на персонално ниво. Ваквата констатација има смисла заради фактот што многу терористи се од средна класа кои имаат прилично широко отворени опции и некое ниво на едукација. Нивната силна групна идентификација и лутина, бес кон групната навреда, помага да се објасни нивната спремност за жртвување на сопствените животи. Оние кои се чувствуваат фрустрирани и бесни може да се придружат кон терористичката организација која обезбедува разновидност од емоционални, социјални и економски придобивки. Лицата кои се чувствуваат несигурни во врска со нивната иднина може да пронајдат во терористичките групи чувство на идентитет, структура и водство за кое тежнеат. Идентификацијата со каузата и другите членови на групата може да задоволи поединци, кои имаат потреба од значајност и праведност и им дава можност за

[192]Митко Котовчевски, (2011),„*Национална безбедност*", Филозофски факултет/Скопје, стр.192.
[193]Терористичките организации се разликуваат во степенот кој го придаваат на идеологијата, односно колку е важана идеологијата за организацијата. Некои терористички организации со текот на времето преминуваат во организации водени од профит за кои терористичките акции повеќе претставуваат начин за остварување на профит отколку средство за остварување на целите на организацијата. Jessika Stern, (2003),„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 41.
[194]http:// www beyondintractability.org

зацврстување и самопочитување. Оние кои сметаат дека самоубиствените напади се мотивирани од религиозни и идеолошки причини наведуваат- *бомбашите веруваат во тоа дека Бог ги пратил на мисија.* Тие се најмногу мотивирани од верувањата за среќен живот после смртта и рајска награда. Нивното образложение е дека разнесувајќи се себеси во група луѓе, се прават себеси маченици и си ја отвараат вратата кон рајот. Многу од овие лица се индоктринирани на помлади години за духовната важност од прочистување на светот и жртвување на нивниот живот за светата војна.[195]Тие веруваат дека низ нивните акции ги поддржуваат вредностите на семејството, религијата, националноста и ја носат поблиску победата на Бог. Дејствувајќи во името на Бог, одбраната на тие вредности се гледа како многу поважна работа од самиот живот. На пример муслиманскиот фундаментализам често се плаши дека нивните религиски вредности и култури се во опасност и ќе бидат совладани од секуларизмот, војската и економската моќ на западот. Некои го гледаат тероризмот како начин на одбрана против овие зла.[196]Со примерот на Иран би го појасниле влијанието на идеологија во процесот на регрутација на доброволци за смрт. Со почетокот на иранско-ирачката војна во 1980 година, Иран ја компензира својата сопствена воена инферирорност во однос на Ирак, со бројноста на жителите. Садам Хусеин ја преценил ефикасноста на своите воени сили и очекувал дека Иран, поради внатрешните немири, ќе пружи мал отпор. Иранското раководство набрзо сфаќа дека иднината на Иран е загрозена и го повикува народот да се спротивстави на агресорот односно неверниците со сите расположливи средства. За да се спаси Иран, било потребно да се жртвува како на национално така и на лично ниво. Концептот на маченииштво бил засилен, а смртта на бојното поле би обезбедила за иранскиот војник негово место во рајот. Во почетокот на 1980 година Иран формирал Корпус на иранската револуционерна гарда или *Паздаран.* Неговата функција, како лојални и независни сили покрај регуларните вооружени сили, била да стане „орудие" во иранско-ирачката војна. Помошните доброволни сили од Паздаран, под името *Басиџи мустазафин*, имале за задача да ги обединат како младите така и старите во народна милиција. Басиџи мустазафин во превод значи „мобилизација на обесправени, угнетени маси" што претставува вешт опис со

[195]http:// www beyondintractability.org
[196]http:// www beyondintractability.org

оглед на тоа дека се пополнувал од редовите на сиромашните и очајни луѓе. Така илјадници Иранци, во редовите на паравоените Басици и елитните Паздарена, свесно и доброволно се жртвувале во масовните јуриши кон ирачките позиции. Ликот на маченииштво многу луцидно е претставен во иранските момчиња, кои доброволно се пријавувале како „човечки чистачи на мини", во текот на критичната фаза на војната со Ирак. Немало проблем со пополнување на доброволци за она што во суштина било самоубиствен напад, а одлучувачката улога при нивното доброволно жртвување имала религиозната индоктринација. Човечките бранови кои броеле на дестина илјади ирански деца и момчиња се преливале преку бојното поле, при што данокот на смртта бил страшен. Само во една офанзивна операција во 1984 година повеќе од дваесет илјади луѓе се убиени во напад на „човечките бранови", со кои не е постигнат никаков тактички успех или предност. Процентот на преживување на фронтот изнесувал 5%, односно претставува статистички податок што до тогаш не бил забележан во историјата на војувањето.[197]Уште еден консекутивен пример на терористичките организации од последниот, религиозен бран на тероризмот, исто така укажува како вешто се искористува религиозната идеологијата во сопствена полза. Моделот за регрутација на извршители на самоубиствени напади кој го применува Ал Каеда, претставува добар пример за тоа како се изведува целокупниот процес на регрутација на „маченици". Тој се состои од четири фази и во истиот е нагласен религиозниот карактер.[198]Фазите се распоредени по следниот редослед:

<u>*I.фаза*</u>-Свест за криза на современиот ислам.

<u>*II.фаза*</u>-Идентификација со вознемиреноста на околината во која живее личноста.

<u>*III.фаза*</u>-„Автосугестија" самоубедување во врска со идејата за самоубиство.

<u>*IV.фаза*</u>-Одделување од нормалниот живот, со помош на лично влијание на претставник на Ал Каеда.

Од моделот можеме да заклучиме дека приоритна улога има психолошката подготовка на идниот маченик односно перцепцијата за загрозенот на

---

[197]Предраг Михић,(2006*),,Самоубилачки тероризам:Идеологија револуционарног Ислама"*,Одбрана, Р. Србија, стр. 70.

[198]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005),,,Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY.

религиозните вредности на извршител на самоубиствениот напад (I фаза). Околностите под кои еден поединец или потенцијален маченик функционира во општеството претставува репер за потребната доза на верската индоктринација (II фаза). Откако се поминати првите две фази веќе имаме до одреден степен подготвен маченик, наредната фаза е ослободување на психолошката бариера за стравот од смртта. Овде силно влијание имаат религиозните текстови во кои се нагласува потребата од жртвување на сопствениот живот во името на повозвишените цели, односно потребата од саможртвување во насока на обезбедување место на пиедесталот во рајот кој го очекува идниот маченик. Исто така, саможртвувањето претставува позитивен пример за останатите регрути, маченици, за беспрекорна посветеност кон Бог и исправноста на самиот акт. Последната фаза преставува таканаречена точка на неповрат, односно важен момент во процесот на маченик бидејќи истиот може во последен момент да се предомисли и да надвладее стравот од смртта. Затоа организацијата го изолира од сите надворешни случувања, вклучувајќи ги и семејните контакти со цел да се сведе на минимум шансата за откажување од маченичката смрт.

### 4.2.2 Социјализација

Други теоретичари нагласуваат дека идејата да се стане бомбаш самоубиец е работа на социјализација. Во некои случаи, таа лична фрустрација од нивните животни прилики, може да ги направат да бидат лути, на оние кои ги гледаат како извор на нивните проблеми. Во таа насока би го споменале примерот со синдромот „марш на лудоста",[199]ова се случува во ситуации кога одредени нации полусвесно (филозофите ова го нарекуваат подсвесно суицидно однесување), се движат кон катастрофа. Бунтовната фаза во животот на младата популација исто така партиципира и има свое влијани во општеството, до тој

[199]Синдромот-марш на лудоста, е опишан од страна на многу историчари поврзани со суицидната терминологија при што како пример ја земаат Првата светска војна. Историчарот Алан Кларк во книгата„Битки на Источниот фронт:Самоубиство на империите", го поврзува синдромот со колапсот на трите големи империи во тоа време Германија, Австро-Унгарија и Русија, кои во тој период се исцрпени до точка на колапс на источниот фронт. Фразата „марш на лудоста" ја создал историчарот Барбара Тачмен кој ја истражувал таа војна. Истата се однесува на општествено-политичките прилики кои владееле во тој период кај гореспоменатите империи и ги става во контекст на фактори кои влијаат на суицидно поведение. Приказната продолжува и во Втората светска војна каде што се опишуваат примерите со камиказите односно со културата и традицијата на величење на самоубиството во име на честа. Значи самиот синдром се поврзува со околностите под кои едно општество продуцира суицидно поведение.
IDC Herzliya-Israel, ICT (Instititute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism".

степен што самоубиството може да се прифати како моден тренд. Спорадични „епидемии" на самоубиства кај тинејџерите, исто така ни дава корисни сознанија од аспект на фрустрацијата која ја поседува оваа популација во општеството. Во почетоткот на 1960 год. во Микронезија самоубиството било речиси непознат поим во оваа островска земја, додека на крајот од 80-тите години на минатиот век бројот на самоубиство во Микронезија по глава на жител се искачува на прво место во светот. Стапката на самоубиства за мажи на возраст од 15-24 години изнесувал 22 случаи на 100.000 жители во САД, а во Микронезија изнесувал околу 160 случаи на 100.000 жители. На тоа ниво самоубиството станува речиси вообичаена појава. Предизвикани и од најмали инциденти[200]тинејџерите на островот извршувале самоубиство. Пораките кои ги оставаат суицидентите ја порекнуваат депресијата како причина за оваа појава, туку го нагласува протестот против „малтретирањето", откривајќи ја при тоа психолошката склоност кон феноменот на тинејџерскиот бунт.[201]Според Џесика Стерн (2003), терористите често се поединци кои длабоко во себе се чувствуваат понижени и збунети од нивниот пат во иднината или се фрустрирани околу политичките услови во кои живеат. Понижувањата, сиромаштијата и безнадежноста често предизвикуваат чувство на срам и очај, кои можат да бидат причина за екстремистичките лидери да креираат поддршка за терористичките движења. За илустрација ќе го земеме примерот со Хамас. Процесот на регрутација се одвивал на следниот начин:

-Млад е и најчесто тинејџер.

-Ментално незрел.

-Под притисок е да се вработи.

-Не може да најде работа.

-Нема избор ниту пак некоја социјална сигурност која би му помогнала.

[200]Доколку забележале дека нивната девојка се забавува со друго момче или доколку нивните родители не им дале дополнителни парични средства за пијалок (пиво). Едно 19-годишно момче се самоубило (со бесење) бидејќи неговите родители не му купиле наметка за дипломирањето, 17-годишно момче се самоубива (со бесење) бидејќи бил прекорен од неговиот постар брат за предизвикување на преголема врева. Aric W. Kruglanski-University of Maryland, College Park; Agnieszka Golec Warsaw School of Social Psychology Institute of Psychology Polish Academy of Sciences „*Individual Motivations, The Group Process and Organizational Strategies in Suicide Terrorism*"

[201]Aric W. Kruglanski-University of Maryland, College Park; Agnieszka Golec Warsaw School of Social Psychology Institute of Psychology Polish Academy of Sciences „*Individual Motivations, The Group Process and Organizational Strategies in Suicide Terrorism*".

-Ќе се обиде да најде работа во палестинската самоуправа, но во тоа нема да успее бидејќи нема „врски".

-Ќе се обиде да влезе во воените единици (во текстот изворно се наведуваат воените единици на ПЛО-чиј лидер беше Јасер Арафат), но повторно безуспешно, ги нема вистинските „врски", нема витамин W (витамин W е арапски израз, васта-wasta, и се однесува за политички, општествени и лични врски и познанства).

-Нема девојка или вереница.

-Во слободно време нема финансиски средства за да може да излезе и да се забавува.

-Нема начин било како да ужива во животот.

-Животот за него нема значење освен патење.

-Нема никаква можност да стапи во брак-тоа е прескапо.

-Чувствува дека изгубил се.

-Единствен излез е да се посвети на Бог.

-Ја посетува локалната џамија (најчесто оди во џамија 5 пати на ден, дури и на молитвите во 4 часот наутро што не е вообичаено за просечен муслиман).

-Тогаш членовите на Хамас ја забележуваат неговата збунетост, загриженост и депресивен изглед како и неговото често присуство во џамијата. Потоа ќе се распрашаат за него и ќе ги разоткријат околностите што го навеле за неговото често присуство во џамијата.

-Постепено ќе започне процесот за негова регрутација.

-Ќе му укажуваат за животот после смртта и рајот кој го чека таму доколку умре за џихад. Ќе му предочат дека доколку доброволно се пријави за самоубиствена акција, името на неговото семејство ќе се спомнува со најголема почит. Ќе го паметат како шехид-маченик. Кога ќе стане маченик, Хамас ќе донира на неговото семејство 5.000 долари, брашно, шеќер, облека и др. Но најважно, статусот на неговото семејство значително ќе се зголеми и кон нив ќе се однесуваат како кон јунаци.

-Условот за сето ова е да молчи, да не изусти ниту збор.

Од домот ќе биде одведен 48 часа пред да започне акцијата, така што нема да има можност да се предомисли. За тоа време ќе напише проштално писмо, со

што се отежнува неговото откажување.[202] За поединци кои се чувствуваат длабоко оттуѓени или очајни, маченништвото им обезбедува ултимативно бегство од животните дилеми но и начин како да го овековечат своето име во една таква средината. Марк Јергенсмајер ги смета акциите на бомбашите самоубијци како средство за „исправање на понижувањата" на сите кои се длабоко понижени и трауматизирани „Тие се придружуваат на терористите не само да го омаловажат непријателот, туку и да обезбедат чувство на моќ за себе".[203] Припаѓањето на воена група може да ја задоволи желбата за авантура, гламур и социјални врски. Еднаш откако ќе се приклучат кон групата, поединците може да се чувствуваат силни и моќни и да веруваат дека имаат почисти цели во својот живот. Многу терористички организации нудат финансии за да ги поттикнат односно наговорат поединците, дека е рационално да ги жртвуваат своите животи за доброто на каузата. Семејствата на бомбашите самоубијци често примаат пари и се третирани како херои.[204] Откако еднаш ќе се приклучат кон организацијата која ги дели нивните фрустрации, тие се подложуваат на процесот на индоктринација и со нивното верување и однесување, покажуваат дека се сложуваат со основните принципи на групата. Во оваа цврсто заплеткана комуникација лицата се плашат да не ги разочараат нивните другари и тие стануваат повозвишени од нивниот страв за умирање. Разните видови на социјални притисоци можат да земат учество во обликувањето на терористичките групи. На пример, сиромаштијата, невработеноста и криминалот често водат кон социјална нестабилност, која обезбедува плодна почва за терористички активности. Пренаселеност, социоекономски борби и недостаток на професионални можности исто така можат да продуцираат чувство на бес, сиромаштија и лутина меѓу луѓето. Преминот од незасегнато лице до насилен екстремист обично е олеснето од некои значајни промени. Во поголем број на случаи тоа е акт на екстремно насилство насочено кон поединци, семејства или некои ривали и ривалски групи. Истражувањата покажаа дека најголемиот број на бомбаши самоубијци имаат најмалку еден сакан убиен или неколку повредени од рацете на нивните

[202] Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 79-80.
[203] Mark Juergensmeyer,(2000)„Terror in the Mind of God: The Global Rise of Religious Violence", Berkeley:University of California Press. стр 183.
[204] http:// www beyondintractability.org

непријатели.[205]Многу од нив се придружиле на терористичките групи во една лута и одмаздољубива состојба на умот, со намера да земат учество во агресивните дејствија. Всушност, многу бомбаши самоубијци се гледаат себеси како војници кои се обврзани за војна. Загубите ги гледаат како неизбежни последици од борбата за една кауза. Тие не се жедни за крв и не уживаат во убивањето на цивили, но веруваат дека нивната мисија е единствен начин да се борат за својата кауза. Сфаќањето дека терористите се гледаат себеси како војници обврзани само за војна, не ја оправдува нивната кауза или методот, тоа само овозможува поглед внатре во нивната психологија и мотивација. Психологијата на бомбашите самоубијци е слична на борците од другите конфликти, тие се гледаат себеси како воини кои реагираат на провокативни навреди и неправди од други. Според оваа линија на мислење, бомбашите самоубијци се работа на борба против неправдите и економските политики, авторитарните влади и насилствата.[206]Во насока на психолошките мотиви, исто така, важно е да се спомене дека алтруистичките побуди имаат големо влијание кај самоубиствените напаѓачи. Имено, теоријата за високото ниво на социјална интеграција и почитување на вредностите на заедницата предизвикува, инаку нормални индивидуи, да извршат самоубиство од чувство на должност. Според ова, социјалната интеграција и учеството во групната идентификација се обратно поврзани со нееднаквоста на приходите, теорија на ,,алтруистички самоубиствен тероризам".[207]

Еден консекутивен пример со чеченската култура ни дава еден појасен поглед на влијанието на одредена средина кон поединецот. Имено, почетоците на вахабистичката идеологија во Чеченија ги сублимира клучните елементи на чеченската култура поврзани со одмаздата, од страна на семејството, за смртта на некој нивен член.[208]Традиционалните чеченски правила за одмазда вклучуваат:

---

[205]http:// www beyondintractability.org
[206]http:// www beyondintractability.org
[207]Според оваа теорија се предвидува негативна корелација помеѓу нееднаквоста во приходите и квалитетот на самоубиствениот тероризам. Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor,(2010),,*ECONOMIC CONDITIONS AND THE QUALITY OF SUICIDE TERRORISM*, NATIONAL BUREAU OF ECONOMIC RESEARCH 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138
[208]Robert W.Kurz, Charles K.Bartles (2007),,*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

- Убиството треба да се одмазди со убиство.
- Само мажи можат да вршат одмазда. На жените им е дозволено да се одмаздат само доколку нема мажи во нејзиното семејство и меѓу своите роднини.
- За убиство на жена, двајца мажи треба да бидат убиени, убиецот и член на семејството на убиецот.
- Одмаздата треба да биде насочена само кон убиецот, но не и кон членовите на неговото семејство и негови блиски соработници.
- Одмаздата не е ограничена со време, таа може да се реализира и после многу години по убиството.
- Одмаздата може да се избегне доколку почитуваните старешини интервенираат, односно побараат од семејството на убиениот да му прости на убиецот.
- Одмаздата не го овластува извршителот на самоубиство, додека ја врши или извршил одмаздата.

Во контекст на самоубистрениот тероризам, исто така, важно е да се земе во предвид таканаречен „предсамоубиствен тероризам". Самоубиствените операции на Хамас и Исламски џихад во текот на деведесеттите години на минатиот век следувале после серија на напади со нож кон крајот на 80– тите години на минатиот век. Напаѓачите не планирале да бегаат и биле убиени на местото на нападот. Позади нападите не стоела ниту една позната организација и најверојатно станувало збор за спонтани напади. Но тие го одржувале расположението меѓу младите палестинци за војна против Израел, овозможувајќи создавање на атмосфера во која самоубиствениот тероризам ќе биде институционализиран.[209]Успехот на самоубиствената тактика, има поширока стратегиска цел која самоубиственоит напад ја бара. Може да биде зголемување на рејтингот на организацијата (особено во случај кога терористичката организација, што „спонзорира" самоубиствени напади, своето влијание го насочува кон протерување на странците или странските воени сили од татковината) на политичките јавни пазари од своите потенцијални поддржувачи, односно со проширување на нивната политичка база во јавноста и се ограничува јавната поддршка на ривалската организација. На пример,

[209]http://www.bhdani.com

кампањата со самоубиствени напади на Хамас всушност го предизвика Израел повторно да окупира територија на Палестина, за време на Втората Интифада и при тоа да не се повлече, но нивото на јавна поддршка на Хамас порасна на исто рамниште со тоа на ривалите дури во одреден период ја надмина Палестинската Ослободителна Организација (ПЛО-PLO). Слично на тоа, крајниот резултат на нападите од 11-ти септември во САД, беше постојана зголемена воена интервенција на САД и нејзините сојузници на територии населен претежно со муслимани, со што Ал Каеда се вивна во врвот на светскиот џихад.[210]Всушност самоубиствените терористички кампањи претставуваа „стапица" со која окупацијата на подрачја населени со муслимани, од страна на странски воени сили, го зголемуваа влијанието и поддршката на терористичката организација. Спектарот на емоции вклучувајќи ги и гордоста, гневот, бесот, фрустрациите, понижувањата, срамот, безнадежноста и очајот можат да бидат моќна движечка сила, исто како што е желбата за одмазда или лична слава и чест. Преку самоубиствените напади може да се демонстрира моќ и да се надмине чувството на беспомошност. Преку нив се пренесува пораката: „Ние може да бидеме материјално слаби, но ние сме помоќни бидејќи не се плашиме од смртта", лојалноста кон лидерот, групата, другарите или семејството дополнително ја зацврстува посветеноста на поединецот.[211]Според Оливер Бак Ревел (поранешен заменик директор за истражување во ФБИ-FBI, и одговорен на програмата за борба против тероризмот во Бирото, во периодот од 1980-1991 год.) за самоубиствениот тероризам вели „*Постојат различни мотивации за самоубиствените операции, тие не можат да бидат разгледувани како да се идентични*". Односно религија, политика, тага, омраза, срам, одмазда, етнички национализам, економски услови и финансиска мотивација, претставуваат мотиватори за самоубиствените напади.[212]Кои фактори ќе бидат пресудни зависи од културата на одредена група и она што се очекува во рамките на таа култура.

---

[210]Scott Atran, (2006) „ *The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism*", The Canter for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.
[211]MARTHA CRENSHAW (2007)„Explaining Suicide Terrorism: A Review Essay" Security Studies 16, no. 1, Taylor & Francis Group, LLC.
[212] Marcy Mason, HOMELAND SECURITY,(JANUARY/FEBRUARY 2005)„Suicide bombers", www.mcgraw-hillhomelandsecurity.com

**Заклучок**

Околностите во едно општество влијаат во продуцирање на доброволци за смрт. Истражувањата укажуваат дека поттикнувачки фактор за незадоволство и во крајна линија извршување на самоубиствен терористички акт, се приликите кои владеат во општеството. Идеолошките елементи во услови на несигурност и конфликт, традиционалните вредности на заедницата како и степенот на социјална интеграција на поединецот во такви околности, продуцираат прифаќање на ектремни радикални ставови. Примерот со Иран, укажува на опасноста кога ќе се институционализира саможртвувањето на државно односно национално ниво и неговата психолошка моќ. Секогаш кога поединецот е загрозен и неговата перцепција за подобра иднината е само фикција, претставува лесен плен за радикалните верски авторитети. Предизвикувањето на атмосфера на несигурност и вознемиреност е императив на терористичките организации, останува уште религиската индоктринација односно прифаќањето на религијата како единствено решение. Крајниот резултат на сите елементи кои предизвикуваат општествена нестабилност остава просторот за религиозниот жар и авторитетот на верските лидери, при што како краен производ го имаме жртвувањето на сопствениот живот во името на некои повисоки цели.

**Заклучок од тестирање на втората посебна хипотеза како и поединечната хипотеза за втората посебна хипотеза.**

Со оглед на претходно изнесеното, а врз основа на добиените податоци од истражувањето сметаме дека втората посебна хипотеза која гласи: *Предизвикување на атмосфера на несигурност и вознемиреност води кон прифаќање на религијата како единствено решение.* и поединечната хипотеза за втората посебна хипотеза која гласи: *Политичките прилики кои наметнуваат чувство на несигурност и страв, како и намтнување на вољата на посилниот, доведува до поголем авторитет на верските лидери и наметнување на нивните ставови и интерпретации на религиските вредности.* Хипотезите се потврдуваат.

4.3 Културата, традицијата како и спектарот на лични емоции претставуваат фактори кои влијаат на егзистирање на самоубиствениот тероризам

Почетоците на саможртвувањето во религиозниот бран на тероризмот ги наоѓаме уште во неговата почетна фаза. Нападот кој го изврши Израел врз Либан (во 1982 год.) и веќе познатата иконографија на војната, минување на израелските тенкови низ шиитските села во јужниот дел на Либан, предизвика реакција од другата страна. Иранските милитанти се организирале во Либан и предизвикале создавање на нов вид терористичка група (Хезболах), со нова тактика-*бомбаши самоубијци*. Религиозните терористи ги нападнале израелските напаѓачи со луѓе бомби, при што старите форми на тероризам му отстапиле пат на религиозниот жар на Хезболах.[213]Марта Креншо специјалист за тероризам од универзитетот „Веслиан" САД, вели дека состојбата на свест кај бомбашите самоубијци не се разликува од состојбата на свест кај тибетанските самоубијци, ирските политички затвореници- кои се спремни да умрат во штрајк со глад или одлучни терористи ширум светот кои сакаат да го преживеат нападот но знаат дека нивните шанси да преживеат се занемарливи. Во тоа светло, самоубиствениот тероризам ја губи својата демонска единственост. Се работи за еден вид мачеништво создадено во една култура[214]или верска традиција, но отфрлена од другите кои прифаќаат друг начин на највисока жртва.[215]Чинот за одмазда поради убиството на некој близок (брат, сестра, другар, вереница, вереник), се славата односно почеста што ќе им ја донесат на нивните семејства со нивната смрт. Со самоубиствениот чин, за нив следува и определена финансиска награда и сигурност за членовите на

[213]Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Дата понс/Скопје, стр. 80.

[214]Културата како историско развојна и променлива категорија се јавува и како мерило за политичката и друга самостојност на политичките и големите општествени групи. Културата претставува мошне значајна компонента на општествените движења, посебно на политичките кои може да се одразат како културна интеграција или дезинтеграција на политичките и општествените групи.

Според студијата на УНЕСКО „културата претставува збир од посебните црти кои што ги карактеризираат едно општество или една општествена група (традиции, морал, обичаи, јазик, литература и уметност)". Културата ги опфаќа фундаменталните црти на човекот, начинот на живеење, системот на општествените и личните вредности, верувањата и сл.

Митко Котовчевски, (2011),„*Национална безбедност*", Филозофски факултет/Скопје, стр. 183-184.

[215] http://www.bhdani.com

фамилијата.[216]Понекогаш се употребува и силен притисок и закана дека ќе биде прогласен за кукавица и предавник или дека ќе настрада некој од неговите најблиски. Во палестинските населби се дистрибуираат календари со илустрација на „маченик на месецот", а сликите редовно ги глорифицираат мртвите бомбаши во рајот, победоносно под јато зелени птици (симболиката е втемелена на тврдењето на пророкот Мухамед, дека душите на мачениците патуваат до Алах преку зелени рајски птици), Хасан (Hassan 2001).[217]Саможртвувањето се разликува не само по културата туку и по околностите. Ариел Мерари, психолог од Универзитет Тел Авив (Израел), спровел студија за бомбаши самоубијци. Откако проучил повеќе од педесет муслимански самоубијци од Хезболах, секуларни просириски организации во Либан, како и Хамас и Палестинскиот исламски џихад (ПИЏ) во Израел, заклучил дека не постои единствен психолошки или демографски профил на терористите самоубијци. Истиот заклучок го наведува и Скот Атран (професор по психологија, антропологија и природни ресурси на институтот за социјални истражувања на Универзитетот во Мичиген-САД), во кој се вели *„Не постои психолошки профил на бомбаш самоубиец"*. Истото важи и за физиолошкиот профил.[218]Понатаму, наодите на Мерари наведуваат на заклучок дека интензивните судири произведуваат неколку типови на луѓе со потенцијална желба да се жртвуваат за општа цел. Мерари вели дека ниедна организација не може да ја поттикне желбата за смрт кај луѓето. Работата на луѓето кои регрутираат не е да ја поттикнат желбата за смрт, туку да ја идентификуваат склоноста кон смртта и да ја засилат. Тие често ја користат верската мотивација во индоктринацијата на идните бомбаши самоубијци, користејќи ги нивните уверувања за зацврстување на жртвените мотиви кои постоеле и порано. Но, и други силни мотиви учествуваат во зацврстување на склоноста на саможртвување, како што се патриотизмот, омразата кон непријателот и длабокото чувство на виктимизираност.[219]Хамас и ПИЏ користат *шехиди* во борбата против Израел. Боаз Ганор (Boaz Ganor), директор на Меѓународниот институт за борба против тероризмот (Израел), вели дека шехиди се главно

---

[216]Митко Котовчевски, (2004) *„Борба против тероризмот"*, Македонска цивилизација/Скопје, стр. 72.

[217]Piotr Prokopowicz,(2008) „Suočavanje s največom žrtvom. Dragocjeno signaliziranje, fiktivno srodstvo I geneza samoubilačkog terorizma.", Svezak 9/13 broj.

[218] Ibid.

[219]http://www.bhdani.com

мажи, верници, неженети и невработени, со средно образование, на возраст помеѓу 18 и 27 години. Многу од нив загубиле свои роднини или пријател. Ганор забележува дека шехидите не се јавуваат доброволно туку ги откриваат и препорачуваат нивните вероучители. Откако „офицерите" ги одбрале и регрутирале, започнува процесот на ментално прочистување и воена обука. Бидејќи во поголем број случаи доаѓаат од скромни фамилии, знаат дека самоубиството ќе им го подигне општествениот углед како на нив така и на нивните фамилии. Брајан Барбер, психолог на Универзитетот во Тенеси (САД), интервјуирал околу 900 млади луѓе (муслимани) од појасот Газа (Палестина) и ги споредил со исто таква група (муслимани) од Босна, која претрпела насилство и страдање како групата од Газа, но при тоа немало појава на бомбаши самоубијци. Кај групата од Босна се забележувала значително послаба самодоверба и помалку надеж за иднината. Најголемата разлика помеѓу овие две групи се појавила во верата. Палестинците рутински се повикуваа на религијата и личните трауми ги подигаа на ниво на општествено значење, додека босанците не сметале дека религијата е толку значајна за нивниот живот.[220]Една од најпознатите терористички организации по примената на самоубиствени напади во светот, Тамилските тигри (ЛТТЕ),[221]формирале специјален одред (самоубиствен баталјон) „Црни тигри" наменет за самоубиствените мисии на ЛТТЕ. Социјализацијата станала нов метод за подготовка на бомбашите самоубијци. ЛТТЕ потполно ги интегрирала самоубиствените единици во секуларната националистичка армија, за чие регрутирање не е потребен верски надзор. Слично на палестинските шехиди, припадниците на „Црните тигри" се млади, невработени и неженети. Според зборовите на Рохана Гунаратне (Rohana Gunaratne), од универзитетот во Сент Ендрјус-Шкотска (University of St Andrews Scotland) Обединето кралство, машките и женските доброволци доаѓаат од најдобрите борбени единици и мораат да имаат примерна војничка кариера. Како и другите војници на ЛТТЕ, припадниците на самоубиствениот одред се социјализирани во култура која го глорифицира жртвувањето и многубројните мртви херои. Регрутацискиот

---

[220] Scott Atran „Who Wants to Be a Martyr?", The New York Times May 5, 2003, http://www.nytimes.com

[221]ЛТТЕ ги прифатиле самоубиствените напади и при тоа ја смениле формулата на Хезболах и другите групи на Блискиот Исток. Филип Рајкел,(2009),*„Прирачник за транснационален криминал и правда"*, Дата понс/Скопје, стр 80.

процес е многу тежок и насочен кон изборот на најлојалните и најспособните војници за припадници на самоубиствениот одред. Иако се подготвуваат за изведување на самоубиствени напади во стилот на камиказите,[222]многу од овие доброволци често изведуваат и комплицирани диверзантски операции кои не подразбираат и самоубиство.[223]Исто така карактеристично за ЛТТЕ претставува воведувањето на кампања на терор (во најголем дел заснована на етничка припадност), нагласувајќи ги главно разликите помеѓу будистите и припадниците на хинду религијата. ЛТТЕ регрутирале и киднапирале деца, ги изолирале во кампови за тренинг и ги социјализирале со години во духот на маченииштвото. Децата по своето созревање станувале кандидати по своја волја за самоубиствени мисии.[224]Курдската Работничка Партија (РКК-ПКК) на почетокот ја избегнувала религијата. Тие ги избирале бомбашите самоубијци и им велеле на своите жртви дека доколку не го извршат нападот тие и нивните семејства ќе бидат убиени. ПКК била особено успешна во маскирање на млади жени, сместување на експлозив околу нивниот стомак со цел жената да изгледа како да е бремена.[225]Друга варијација на самоубиствен тероризам се појавил во централна Азија, благодарение на претходните искуства со самоубиствените бомбашки напади. Во декември 1979 год. поранешниот Советски Сојуз го нападна Авганистан за да го зацврсти ослабениот комунистички режим. Конфликтот се претвори во борба меѓу суперсилите, Советскиот сили против герилците во Авганистан, поддржани од САД. Во очите на светот, Советско-Авганистанската војна (1979-1989 година) ја претставуваше последната битка од Студената војна. За Авганистанските герилци, отпорот против Советскиот сојуз претставувал света војна, борба меѓу божјите свети војници-*муџахедини* (mujihadeen) и безбожните марксисти од поранешниот Советски Сојуз. Кога

[222]Изборот на камиказите бил на доброволна основа, но интересен е начинот под кој се пријавувале, имено културата и традицијата (групен притисок) како и харизматичен лидер биле одлична подлога за реализација на самоубиствените мисии. За прв пат камиказите биле употребени во битката за Филипините во ноември 1944 год. сите доброволци биле млади прилично добро образовани, кои сфатиле дека примената на конвенционалните методи на војување ќе завршат со пораз. Кога колективно било побарано од страна на адмиралот Такиџиро Ониши, волонтери за „специјални напади" (tokkotai-„трансцедентирање на животот и смртта"), сите исчекориле напред (знак дека се пријавуваат за волонтери) и покрај уверувањето дека одбивањето нема да има никакви последици по нив, срам или казна.
Scott Atran ,(2003) „Genesis of Suicide Terrorism", MARCH 2003 VOL 299 SCIENCE http://hal.archives-ouvertes.fr/docs/00/50/95/68/PDF/genesis_of_Suicide_terrorism.pdf
[223] http://www.bhdani.com
[224]Филип Рајкел,(2009)„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Дата понс/Скопје, стр 80.
[225]Ibid, стр.80.

Советите се повлекоа и се случи падот на СССР, муџахедините веруваа дека Бог ги поразил комунистите при што дел од нив биле за продолжување на борбата со други непријатели. Авганистан ја зголеми модерната привлечност кон асиметричното војување. Многу ретко се случувало муџахедините да можат да и парираат на Советската армија на бојното поле, но тие можеле да ја намамат во ситуации каде имале привремена супериорност. Тие се бореле на терен поволен за нивната тактика нападни-и-бегај. Борбите меѓу Советите и муџахедините станале класичен пример за асиметрија, претставувајќи слаба сила која се спротивставувала на моќна сила, но со извојување победа на послабата сила, ова секако било протолкувано како извојувана победа со помош на Бог. Постоеле неколку религиозни герилски групи во Авганистанската војна, и тие верувале дека Бог стоел зад нивната победа. Маченииштвото и самоубиствените мисии станувале стандарден начин на дејствување.[226]Лидерите на овие религиозни групи, врз основа на искуствата од претходните самоубиствени мисии (Блискиот Исток, Шри Ланка и др), нашле начин како да ја зголемат ефикасноста на нивните маченици. Наместо насилно да принудуваат жртви или по пат на перење на мозок да присилуваат млади луѓе да вршат самоубиствени мисии, лидерите (како што е примерот со Ал Каеда) им дозволувале на искусните војници доброволно да се пријавуваат за „маченичките мисии". Кога маченикот ќе се приклучи на терористичката група, тој се наоѓа во присуство на харизматичен лидер и други војници кои волонтирале да загинат. Постојано истакнувајќи го маченииштвото (тема што се појавува и во христијанската и во муслиманската традиција), харизматичните лидери можеле да одржат култ кон маченииштвото, каде самоубиството станало највисока форма на организациска или религиозна жртва. Ова и овозможило на Ал Каеда да држи во тајност потенцијални самоубиствени агенти, понекогаш со години.[227]Начинот на кој Ал Каеда ја „легитимизира" маченичката смрт ја претставува спрегата која овозможува командување и контрола на терористичките организации, во тој контекст ќе го спомнеме и пристапот кон религиозното еманципирање. Во психолошка смисла еманципирањето е дефинирано како активност која им овозможува на членовите на една

[226]Шеј С. (2002) The endless jihad:The Mujahidin, The Taliban, and Bin Ladin. Херзлија, Израел:Институт против тероризам, стр 105-146.
[227]Гванаратна Р. (2002) *„Inside Al Kaeda: Global Network of Terror"New York:ColumbiaUniversity Press*, стр 7-8 и 90-97.

организација да носат независни одлуки, независен суд, што подразбира донесување на одлуки во врска со нивните секојдневни животни активност и активности поврзани со организацијата. Се чини дека Бин Ладен имал развиено еден поинаков пристап во начинот на имплементација на психолошките елементи и религиозните вредности. Имено тој ја има „надградено" еманципацијата при што ги задржал нејзините основни карактеристики (обезбедувањето на автономија, индивидуализација на борбата и независноста), базирајќи се на своето лично искуство како и врз база на религијата. Според овој пристап исламот е религија на еманципација и верувањето во Алах и пророкот Мухамед, односно на победата на помалубројните врз мнозинството, на послабите врз посилните, при што се нагласува љубовта кон смртта како начин на воздигнување од страдањето на овој материјален свет. Оваа верска вистина ја препознаваме во карактерот на Калед Ибн ал Валид,[228]историска личност, каде што се величи актот на саможртвувањето.

Во контекст на истражувањето ќе наведеме и други примери на религиозна индоктринација каде што личните емоции во состојба на сиромаштија, лица со хендикеп и неизлечиви болести се злоупотрбуваат за извршување на самоубиствени напади. Во примерот, кој е претходно делумно споменат но поради податоците кои ги презентира ќе биде опишан подетално. Имено во близина на градот Наваз Кот (Пакистан), во декември 2009 година пакистанската војска пронајде засолниште, за кое тврдат, дека претставувало талибански центар за „перење на мозокот". Во центарот биле воспитувани деца на возраст од 12 до 18 години со цел истите подоцна да станат извршители на самоубиствени напади. Градбата во центарот се состоела од четири простории, а на ѕидовите на секоја од нив биле насликани мотиви потполно спротивни од околината во која се наоѓаат. Талибанците ги учеле децата дека тоа што е прикажано на сликите ќе ги чека на небото после смртта. На секој од шарениликите цртежи прикажано е како тече река со мед и млеко, а во околината се нацртани девици. Децата, исто така се учени дека таму ги чека

[228]Калед Ибн ал Валид се спомнува во една битка наречена „битката за Кадисија", што се водела против персијците во 637 год. Во неа Калед Ибн ал Валид повел 120.000 војници против 300.000 персиски војници, како акт на психолошка војна тој испраќа писмо до персискиот командант во кое пишувало-„Преминете во Ислам и мирот ќе биде со вас", понатаму „Ако не се согласувате, ќе дојдам по вас со моите луѓе кои ја сакаат смртта исто како што вие го сакате животот"
Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005)„Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

пророкот и дека тоа е место на изобилство. Родителите на децата кои се подучувани, главно верувале дека децата ги праќале во некој вид прифатилиште, каде што примаат бесплатна храна и образование, не знаејќи низ што нивните наследници навистина поминувале. Пакистанската војска верува дека пронајденото засолниште можело да прими од 200 до 300 деца и дека за децата кои ја поминале тамошната „обука" веројатно е предоцна.

*„Памфлетите кои ги пронајдовме ни откриваат дека се тренирани да ракуваат со оружје, подготвувани за самоубиствени напади и тактики на заседа"*, изјавил еден од војниците. *„Терористите ги изложувале на првите борбени линии и им зборувале дека нивната жртва нема да биде залудна. Така децата ментално ги подготвувале да направат се што од нив се бара".*[229]

Експерт за талибанското прашање, Захид Хусеин (Zahid Husein), вели дека талибанците ги учат децата дека животот на овој свет е трошење на време и единствената добра работа е што побрзо да се умре за да се замине на небото. *„Талибанците им нудат опција за брзо заминување во рајот, кој тие толку многу го посакуваат, како би избегале од насилното секојдневие"*, објаснува Захид Хусеин *„За некој кој нема на што да се надева, кој нема никакви можности, и живее беден живот, такво нешто доаѓа како голем поттик".*[230]

Во студијата што ја направил Авганистанскиот патолог др. Јусеф Јадгари (Yusef Yadgari), врз остатоците од 110 самоубиствени напаѓачи во првата половина на 2007 година во Авганистан, открил дека кај 80% од испитаниците им недостасувал екстремитет пред експлозијата, други боледувале од рак, лепра или други заболувања. Исто така во спротивност на поранешните наоди за самоубиствени напаѓачи, авганистанските бомбаши „не се прославени како нивните истимисленици во другите Арапски нации". Авганистанските бомбаши не се насликани на постер или снимени на видео како маченици.[231]Судскиот психијатар Марк Сагеман (Marc Sageman), во една студија во Авганистан (2007), проучувал 400 припадници на Ал Каеда во таа земја при што го констатирал следното: антисоцијално однесување, ментална болест, социјални трауми и нарушување во однесувањето.[232]

---

[229] www.vesti-online.com
[230] www.vesti-online.com
[231] http:// en.wikipedia. org.
[232] Suicide Bombing: Embarrassment to Mankind (2009) http://www.paranormalknowledge.com/articles/suicide-bombing-embarrassment-to-mankind.html

Потресната приказна за четиринаесетгодишно момче кое било насилно одведено од својот дом и фрлено во немилост на талибанскиот терор го шокираше светот. Усман Гани (Usman Ghani) имал 14 години кога бил одведен од своите родители во талибански камп за да стане бомбаш самоубиец. Талибанците го научиле како функционира опремата и името на неговата жртва –Малак Рахматулах (Malak Rahmatulah), племенски водач кој се противел на талибанското владеење со терор и беззаконие. Наредено му било нападот на Рахматулах да го изврши во петок, на ден кога џамијата била полна со цивили. Гани се побунил, но му рекле дека Алах знае најдобро и дека сите побожни ќе ги прими во рајот додека неверниците ќе горат во пеколот. Гани бил облечен со јакна во која бил ставен експлозив, потоа бил одведенен во џамија. Го упатиле во редот позади метата каде што требало да го активира експлозивот, но момчето се исплашило и избегало.[233]Во еден друг пример се вели:*„Би го убил и сопственото семејство доколку се најде на местото на нападот"*,кажува еден млад забраден пакистанец, кој бил уапсен бидејќи се обидел да изврши самоубиствен напад, додавајќи дека не признава никаква пакистанска влада и дека џихадот е обврска на секој муслиман. На новинарот од една пакистанска телевизија, спокојно му објаснувал зошто заминал кај талибанското упориште Вазиристан и се приклучил на екстремистите. *„Џихадот е задолжителен, иако многу верски учители кажуваат дека за тоа е потребно одобрување од исламската држава. Нив не ги признавам како ни пакистанската влада"*.

[233]Момчето израснало во еден зафрлен град Кар (Khar), на северозападниот дел на Пакистан и бил лесна мета на талибанските милитанти кои најмногу со помош на фундаменталистичките уверувања но и со оружје, ги контролираат тие подрачја. Таткото на момчето Лал Заман (Lal Zaman), ковач по професија, бил фатен во препродажба на хашиш, злосторство кое во тој дел од светот се казнувало со смрт. Но на таткото му е даден избор, да го даде најстариот син на талибанците или смрт. *„Тројца водачи ми рекоа дека поради татковите гревови ќе морам да одам во самоубиствена мисија"*, се сеќава Гани. *„Откако одбив, ме врзаа со јаже и ме претепаа. Подлегнав на притисокот. Се согласив"*.Момчето било изложено на повеќемесечна тортура. Затворен заедно со уште две малолетни момчиња. *„Ни зборуваа дека самоубиствените напади се пат за рајот, каде што не чекаат преубави жени и целата среќа на овој свет и дека можеме да бидеме среќни што Алах ни укажал ваква чест"*. Талибанците го научиле како функционира опремата и името на неговата жртва –Малак Рахматулах (Malak Rahmatulah), племенски водач кој се противел на талибанското владеење со терор и беззаконие. Наредено му било нападот на Рахматулах да го изврши во петок на ден кога џамијата била полна со цивили. Гани се побунил, но му рекле дека Алах знае најдобро и дека сите побожни ќе ги прими во рајот додека неверниците ќе горат во пеколот. Гани бил облечен со јакна во која бил ставен експлозив, потоа бил одведенен во џамија. Го упатиле во редот позади метата каде што требало да го активира експлозивот. *„Кога стигнав во џамијата, видов недолжни старци и деца како доаѓаат на молитва. Како можам да ги убијам сите тие недолжни луѓе за само да отидам во рајот?"*, во тој момент се запрашал Гани. Гани одлучил да побегне знаејќи каква страшна казна го чека од талибанците за чинот на предавство, веројатно и смрт. Бил претепан и затворен во куќа шест дена, но успеал да избега во својот дом. www.vesti-online.com

Животната мисија на тој човек е јасна-да се бори против Американците и нивните сојузници и со тоа да го заслужи рајот. Но, во бомбашките напади всушност најмногу гинат невини муслимани, меѓу кои има исто така од оние кои се противници на Америка. Не значи ли тоа дека ги убива оние за кои се бори? *„Не, никој кој не учествува во џихадот не е невин. Дури ни малите деца"*, отсечно одговара пакистанскиот екстремист на прашањето на новинарот. Слично на претходниот пример и други верски екстремисти ги делат истите ставови. Би убил и деца и стотина случајни минувачи доколку се најдат во близина на неговата мета. Во неговиот ум тоа не е грев, бидејќи секако ќе оди во рајот, или како што им се кажува, ќе им се суди според заслугите доколку ја поддржувале владата. Додека тој ќе одговарал само за смртта на оние кои требало да ги убие. Затоа не чувствува вина, грижа на совеста ниту пак страв. Потекнува од семејство во кое имало девет деца, млад е, но не сака да се жени.
*„Во рајот ме чекаат 70 девици, зошто би имал само една на земјата"*, вели. Ако биде пуштен, ќе го следи својот животен пат, според неговите уверувања единствено исправен.[234]Кога еден истражувачки тим ги интервјуираше оние кои би биле самоубиствени бомбаши и нивните спонзори, како на пример студентите на Хамас или студентите на Индонезиските Медреси кои произведуваат бомбаши самоубијци, беше поставувано прашањето: *„Што ако твоето семејство биде убиено како одмазда за твојата акција?"* или *„Што ако твојот татко умре и мајка ти ги открие твоите планови и те замоли да ги одложиш се додека семејството не се спаси?"*. Скоро сите одговори на крајот завршуваа дека иако должноста кон фамилијата постои, должноста кон господ не може да се одложи. Типичниот одговор на прашањето „Што ако вашата акција резултира само со твојата смрт?" гласи *„Господ ќе те сака и тебе самиот"*[235]

[234] www.vesti-online.com
[235]Scott Atran, (2006),, *The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism*", The Canter for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology. Исто така би споменале и еден постар пример во кој истражувачите од Корпорацијата РАНД (Џенкинс 1984) извршиле интервју со преживеан терорист од јапонската Црвена Армија, откако убил повеќе од 70 луѓе на Аеродромот „Лод" во Израел во 1972 година. Терористот се разжалостил кога открил дека неговата група случајно убила христијански аџии од Порторико наместо Израелци. Но, соочен со грешката, тој го отфрлил проблемот, тврдејќи дека божјата правда ќе направи божествени суштества од Порториканците. Невините жртви не претставуваат проблем за група која го дели светот на праведни и демони. Џенкинс.Б.М.(1984)„*The who,when,what,where and how of terrorism*", Презентиран труд на Конференцијата на Полицискиот оддел од Детроит, Урбан тероризам :Планирање или хаос.

Од друга страна пак самоубиствениот тероризам ги отвори вратите за жените борци, кои во се поголем број се вклучуваат во она што се сметаше за машка работа. Се поактуелна е состојбата каде што како извршители на самоубиствени напади се појавуваат припадничките на понежниот. Од тој аспект ќе го разгледаме и начинот на кој жените се јавуваат како извршители на самоубиствени напади. Традиционалната улога на жените во општеството од кое потекнуваат самоубиствените терористи е важен фактор во понатамошната анализа. Како ,,граѓани од втор ред", обесправени, имаат тесен спектар на задолженија. На прво место раѓање, а потоа одгледување на децата, одржување на домаќинството како и потполна посветеност на своите мажи. Силувањата и неплодноста се познати како фактори кои допринесуваат за жените да извршат самоубиствени мисии. Во првиот случај се давала можност за враќање на изгубената чест, како нејзина така и на нејзиното семејството, и со чинот на ,,мачеништво" ќе го испере срамот на семејното име. Додека во вториот случај се повикувало на бесмисленоста на нејзиното постоење (таквиот став општеството го поддржува) на планетата, но кое може да се преобличи со чинот на ,,мачеништво".[236]Денес најчести се приказните поврзани со одмазда, поради изгубен некој близок (маж, брат, татко), во борбите со непријателот. Најистакнати примери за учество на жените се меѓу членовите на ЛТТЕ каде секој трет напад го изведувале жени[237](во редовите на Тамилските тигри има вклучено околу 3000 жени).[238]Во еден таков напад беше убиен и индискиот премиер Раџив Ганди во 1991 година, додека водеше кампања за повторен избор. Напаѓачката носеше експлозивна направа под облеката, што и даваше изглед на бремена жена. Тамилските тигри, каде што припадничките на понежниот пол сочинувале значителен дел од организацијата, им дозволувале на жените целосно да учествуваат во терористичките акции дури и во првите фази. Исто така и други организации применуваат самоубиствени напади каде што како извршители се појавуваат припадничките на понежниот пол. Сириската социјалистичко-национална партија (ССНП), каде што од вкупно 12 извршени самоубиствени напади половината, односно 6 од извршителите, се

---

[236] Виолета Матовић,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 191-192.
[237]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[238]Митко Котовчевски, (2005),, *Терористи со нежни раце*", Одбрана, година XIV, број 107, стр20.

жени.[239]Курдската работничка партија (РКК-ПКК) исто така имаат вклучено жени во самоубиствени операции. Во ПКК околу две третини од нападите се извршени од жени. Во периодот од 1995-1999 год.[240]петнаесет лица извршиле самоубиствени напади во име на Курдската работничка партија (ПКК-РКК), која се бори за независна курдска држава на југоистокот на Турција.[241]Само четворица од извршителите не биле жени на помлада возраст. Догу Ергил (Dogu Ergil) од универзитетот во Анкара, вели дека овие девојки биле на возраст од 17-27 години, невработени, потекнувале од сиромашни и големи фамилии, а во некои случаи изгубиле и блиски роднини во борбата со турската армија. Доаѓајќи од рурални традиционални средини во кои жените се дискриминирани, нивната мотивација лежела еден дел во лојалноста кон лидерот на ПКК, Абдула Очалан, а друг дел во општествениот престиж кој го добивале со жртвувањето. ПКК најчесто ги користи жените, како бомбаши самоубијци, бидејќи полесно можат да се подготват со експлозив и облека при што оставаат впечаток на трудница, намалувајќи ја при тоа нападноста и ризикот да бидат откриени. Според зборовите на еден од заробените припадници на ПКК, самоубиствените мисии претставувале и начин за „расчистување на редовите", бидејќи жените не секогаш можеле да ги пратат мажите низ карпестите предели на југот на Турција. Се до 2002 год. терористичката организација Ал Акса маченички бригади, немаше вклучено жени во самоубиствени напади. Вафа Идрис беше првата жена што во името на оваа организација изврши самоубиствен напад на 27.01.2002 год. Причините за еден ваков акт на Вафа можеби лежат во нејзиниот личен неуспех. Вафа била жена која семејството ја присилило да се омажи многу млада, не можела да има деца поради што во околината ја сметале за безвредна. Работејќи за една хуманитарна организација на Западниот брег видела многу жртви на израелско-палестинските судири. Очигледно е дека имала тежок живот, нејзината мајка подоцна изјавила дека Вафа сигурно не би

[239]Миа Блом, асистент професор по меѓународни работи на Универзитетот Џорџија (САД), го посочува примерот во кој за прва жена, бомбаш самоубиец, се смета нападот на седумнаесет годишната либанка Сана Мехајдали (Sana'a Mehaydali), извршен во Либан (1985 год.) врз израелски воен конвој, убивајќи пет израелски војници. Инаку, Сана Мехајдали, е припадничка на секуларна просириска либанска организација (Сириската социјалистичко-национална паритија, SSNP/PPS). Mia Bloom (2007)„*Female suicide bombers: a global trend*". American Academy of Arts & Sciences.

[240]Во други извори се наведува периодот од 1996-1999 год. како дистанца на извршување на самоубиствени напади во Турција. http://cpost.uchicago.edu/

[241]http://www.bhdani.com

го направила тоа доколку можела да има деца. Дваесет и двегодишна палестинка Рем ал Рејаши, која зад себе остави сопруг и две деца, стана првата жена бомбаш самоубиец на терористичката организација Хамас кога детонираше бомба на контролен пункт (14.01.2004 год.) убивајќи се себеси и четворица израелски војници.[242]Иако актот на извршување самоубиство и учество на жените во борба се спротивни на чеченската социјална традиција, зголемен број на чеченски жени учествуваат во самоубиствени напади врз руски цели. Мотивациите за чеченските жени напаѓачи самоубијци често се поврзуваат со смртта на сопругот, браќата, таткото и синовите од безбедносните сили на Русија. Руските сили ги нарекуваат овие жени „црни вдовици". Црните вдовици беа одговорни за детонирање на импровизирани експлозивни направи во два руски авиона во Русија на 25 и 31 август 2004 год. после помалку од една недела, сестра на една од бомбашите самоубијци во авионите, детонираше бомба во метро станица во Москва. Жени учествуваа и во опсадата на руското училиште неколку дена подоцна во Беслан.[243]Во 2003 година руската новинарка Јулиа Јузик (Yulia Yuzik) употреби нов збор за црните вдовици- „Невести на Алах", кога го опишала процесот на кој чеченските жени[244]биле регрутирани од Шамил Басаев, лидерот на чеченските бунтовници и неговите помошници. Според новинарката регрутирани се главно девојки на возраст од 15 до 19 годишна возраст. Многу од овие девојки биле продадени од страна на нивните родители за да бидат употребени како шахиди. Друга група на девојки се регрутира од семејства на вахабити,[245]кои биле под притисок да бидат шахиди. Голем дел од девојките биле подготвувани за самоубиствен напад со помош на дрога или биле силувани (правејќи ги неподобни за брак). Некои од девојките биле трудни за време на извршување на самоубиствените мисии. Најчесто

[242] http://www.bhdani.com

[243]Виолета Матовић,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 191-192.

[244]Во многу конзервативни општества обесчестена жена (силување, промискуитет, неможноста да се има деца), може да биде исклучена од средината односно традиционалната улога на сопруга и мајка. Самоубистениот тероризам на овие случаи им дава „чесен" излез од социјалните проблеми со тоа што ќе станат бомбаши самоубијци. Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

[245]Вахабизам-претставува струја во исламот која се однесува на традиционализмот во религијата, втемелена е кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век. Негов духовен водач е Мухамед ибн Абд-ал-Вахаб таканаречен реформатор на Исламот, по потекло од Саудиска Арабија. Суштината на вахабизмот е изворната интерпретација на исламот односно настојува да ги задржи муслиманите на основата без никакво влијание на научни, теоретски или слични сознанија во интерпретација на Исламот.

немале никаков тренинг за време на подготовките за самоубиствени операции, бидејќи немало потреба од никакви вештини за ракување со оружје за да им биде прицврстен експлозив на нивното тело. Во јануари 2009 год. ирачките безбедносни сили успешно го пробија безбедносниот систем за регрутирање на жени самоубијци од страна на терористичката организација Ансар ал Сунах (Ansar al Sunnah) која дејствува во Ирак. На 21 јануари 2009 год. од страна на ирачките безбедносни сили приведена е Самира Јасим (Samira Jassim), која подоцна признала дека учествувала во регрутација, индоктринација и обука на жени за извршување на самоубиствени напади за терористичката организација Ансар ал Сунах. Според нејзините изјави регрутирани се 80 жени, бомбаши самоубијци, од кои 28 се подготвени за извршување на самоубиствен напад.[246]Јасим исто така призна дека ја искористувале културата во начинот на регрутација на жените, имено срамот кој им бил нанесен на жените со силување, бидејќи дел од жените биле намерно силувани, можел да се избрише единствено со тоа што истите ќе извршат самоубиствен напад[247]и на тој начин ќе станат маченици.

[246]http://www.longwarjournal.org/archives/2009/02/female_suicide_bombe_1.php

[247]Факти за жените самоубијци:

-Првиот случај на жена бомбаш самоубиец е забележан во 1985 година. Кога 16 годишната Кидали Сада (Khydali Sada), со камион влетала во конвој на израелската војска и убила двајца израелски војници. (за прв случај на жена-бомбаш самоубиец, Миа Блом -Mia Bloom, асистент професор по меѓународни работи на Универзитетот Џорџија-САД, го посочува примерот со Сана Мехајдали извршен во Либан, 1985 год. врз израелски воен конвој, убивајќи пет израелски војници). Mia Bloom (2007),„*Female suicide bombers: a global trend*". American Academy of Arts & Sciences.

-Тамилските тигри имаат извршено најмногу самоубиствени напади, над 200 од кои 30-40% од нив ги имаат извршено жени. Првата жена самоубиец во организацијата на Тамилските тигри била Дану (Dhanu), која во 1991 година го убила индискиот премиер Раџив Ганди.

-Најмногу жртви во терористички напад во кој учествувале жени, 170, било завземањето на Московскиот театар во 2002 година од страна на чеченските бунтовници.

-Најмладата жена која се согласила да умре во терористички напад била веќе спомнатата 16 - годишна Кидали Сада. Додека најстарата била Шаќир Карима Махмуд (Shaqir Karima Mahmud), 37-годишна припадничка на Сириската социјалистичко-националистичка партија.

-Првата трудна жена, бомбаш самоубиец, чие име е непознато во 1996 година убила 6 турски војници во Курдистан. Откриено е дека многу чеченски жени биле трудни за време на извршување на самоубиствениот напад. За некои од тие жени покасно е утврдено дека имале вонбрачна бременост, што во нивната средина е недопуштено односно своите животи ги сметале за претежок товар, а излезот го гледале во смртта која би им осигурала статус на маченик и истовремено би го повратил угледот на нивните семејства кој поради нивната бременост бил извалкан.

-Првата „црна вдовица" во Русија, Хава Барајев (Hawa Barayev), припадничка на чеченските бунтовнички сили, на 7.06.2000 година убила 27 руски специјалци. Во Русија до сега се забележани 11 жени бомбаши самоубијци кои учествувале во рушењето на два патнички авиони и опсадата на училиштето во Беслан.

-Во 2002 година првата жена маченик на исламистичката група Ал- Акса бригадите на маченици, болничарката Вафа Идрис (Wafa Idris), во Израел, детонирала 11 килограми

 Самира Јасим
Извор: http://www.longwarjournal.org

Зошто терористичките организации користат жени? Една од причините е дека жените даваат нова димензија на медиумското покривање. Медиумите тежнеат да ги опишат женските бомбашки активности како единствен начин овие жени да ја изразат својата фрустрација-сведоштво на очај. Така, жените бомбаши самоубијци не се слават само во нивните општества, тие добиваат симпатии на голем дел од меѓународната заедница. Жените, за возврат, се горди на нивните акции што се толкува како еманципација на нивните сестри. Додека некои ова го сметаат за акт на еманципација, други веруваат дека „тоа не е чекор напред во феминизмот, туку чекор назад за човештвото".[248]Анализите и сознанијата за употребата на припадничките на понежниот пол како извршители на самоубиствени напади, покрај гореспоменатото, посочија на уште две причини поради кои терористичките организации започнаа да користат жени. Тие се изненадувањето и пристапот до целите. Официјалниот профил на „типичен" терорист беше, млад човек, во согласност со тоа, тие што не одговараа на описот не беа проверувани. На жените се гледаше како на „сигурни" и не беа предмет на пребарување од страна на лица од безбедноста, особено во конзервативните општества на Блискиот исток и Јужна Азија. „Бремени" жени кои носеа експлозив околу телото-прикрзан за нивните нозе, грб или стомак, беа во можност да влезат во „безбедните" зони. Како што кажа еден обучувач:„*Се зависи од градбата и обликот на жената и како најдобро на неа да се врзе експлозив без испапчување на делови од нејзиното тело".*[249]Според сите

---

експлозив кој бил прицврстен на нејзиното тело во трговски центар. Се убила себеси и еден маж, а ранила преку 100 лица.

-Прва жена маченик на Палестинскиот исламски џихад била 19-годишна студентка Хиба Дарагмех (Hiba Daraghmeh), која исто така детонирала бомба во трговски центар и убила тројца луѓе. Следната жена маченик на истата организација, 29- годишната правничка Ханади Јарадат (Hanadi Yaradat), во својот напад во еден популарен ресторан во 2003 година, убила 27 луѓе.

-Првата жена бомбаш самоубиец на организацијата Хамас е 21-годишната Рем ал Рејаши (Reem al–Reyashi) во 2004 година, убила четворица израелски војници на контролен пункт. Зад себе го оставила сопругот, тригодишниот син и едногодишната ќерка. http://wiki.velv.hr

[248]Elaine Donnelly,(2002),„*The Suicide Sisterhood*", National Review Online, April 26.

[249]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

досегашни анализи и студии за профилот на жените-терористи, недвосмислен е заклучокот дека жените се посилни, повеќе посветени, побрзи и побезобѕирни од машките терористи. Тие во исто време се подготвени да издржат поголема болка и страдање, бидејќи имаат ,,посилни нерви" од мажите. Жените можат односно имаат способност во исто време да бидат и пасивни и активни, нивната посветеност е искрена и без резерва што значи исклучување на се околу нив дури и на семејните врски и воспитување.[250]

Заклучок

Глорифицирањето на маченичката смрт во културата и традицијата односно во приликите кои владеат на одредено подрачје, претставува важен елемент во поттикнување на самоубиствениот тероризам. Суровата реалност, која владее во одредени подрачја, не дозволува никакви отстапки во поглед на традиционалните вредности. Обичаите се претставени како задолжителни обврски за секој поединец. Од истражувањето се воочува важниот момент на величењето на маченичката смрт, без разлика дали е од верски или национален карактер бидејќи целта е иста, а тоа е беспрекорна послушност и верба во возвишената цел на делото. Во ситуацијата со припадничките на понежниот пол евидентна е злоупотребата на нивната положба во општеството, каде што традицијата налага истите да бидат во една подредена положба. Заедничко и за мажите и за жените, доброволци за смрт, е злоупотребата на сите вредности од религиозен карактер, традиција, култура и обичаи кои егзистираат на одредено подрачје. Исто така би ги спомenале и психолошките аспекти кои се сретнуваат кај личностите желни за маченичка смрт, кои се последица на личен неуспех и одредени деструктивни процеси во општеството.

**Заклучок од тестирање на третата посебна хипотеза како и поединечната хипотеза за третата посебна хипотеза.**

Со оглед на претходно изнесеното, а врз основа на добиените податоци од истражувањето сметаме дека третата посебна хипотеза која гласи: *Глорифицирање на маченичката смрт во културата и традицијата на*

[250] *ОДБРАНА*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, година XIV, број 105-јануари 2005 година, стр 21.

*определени етнички и религиозни групи претставува значаен фактор во поттикнување на самоубиствениот тероризам.*

и поединечната хипотеза за третата посебна хипотеза која гласи: *Личниот неуспех, психичката лабилност, желбата за слава, приликите кои владеат на одредено подрачје, допринесуваат за следбеници на маченичка смрт.* Хипотезите се потврдуваат.

## 4.4 Догматските ставови во религијата и нивната злоупотреба во насока на радикализација на одредени структури во општеството

Податоците поврзани со влијанието на терористичките организации, со религиозен предзнак и нивното партиципирање во вкупната бројка на самоубиствени напади во светот, претставува тема на истражување на повеќе институции во светот. Американскиот Оддел за домашна безбедност (DHS) во координација со Центарот за управување со ризици и економска анализа на терористички настани и соработка со Универзитетот на Јужна Калифорнија (САД), од извршените истражувања, презентира дека во периодот од 1998 год. до 2010 год. се случиле 2448 самоубиствени терористички инциденти. Учеството на терористичките организации со религиозна идеологија изнесувала 69%. од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот. Партиципацијата на извршителите на самоубиствени терористички напади од религиозен аспект, кај таканаречни транснационални бомбаши самоубијци, изнесува 82% додека учеството на „домашните” самоубиствени напаѓачи со религиозна конотација изнесува 63%.[251]Институтот за национално-безбедносни студии на Универзитетот во Тел Авив (Израел), во извештајот за самоубиствениот тероризам во светот за 2013 год. посочува дека во изминатите три децении се случиле приближно 3500 самоубиствени напади во светот. Учеството на терористичките организации со религиозен предзнак (од нивнотот основање во почетокот на 80-те години на минатиот век), изнесува повеќе од

[251]US Department of Homeland Security (DHS) through the Center for Risk and Economic Analysis of Terrorist Events (CREATE) at the University of Southern California, Grant 2010-ST-061-RE0001.(August,2013)„An Empirical Study of Suicide Terrorism: A Global Analysis”.

85% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот. Во 2013 год. нивното учество изнесува речиси 95%.[252]

Со цел да добиеме релевантни информации во поглед на религиозните вредности (начинот на интерпретација на религиозните вредности од страна на верските авторитети) како и догматските[253]ставови во религијата, ќе извршиме компарација на четири религии: христијанска, ислам, хинду и јудејската религија. Исто така ќе ги истражиме почетоците и процесот на радикализмот во наведените религии.

### 4.4.1 Христијанство

Христијанството е една од трите најголеми монотеистички религии. Христијанството е засновано врз обожавањето на Исус Христос како син Божји, единственото самооткровение на бога во човечки род, спасител на луѓето кој на крст го дал сопствениот живот за да можат сите луѓе да се искупат за своите гревови и на тој начин да се спасат. Христијаните веруваат дека Исус станал од мртвите третиот ден по распнувањето се воздигнал на небото и ја победил смртта. Во исто време, тоа го памети истиот тој Исус како вистинска историска личност, како човек со безначајна општествена положба кој во текот на животот бил непознат надвор од зафрлениот дел на Римското Царство во кој живеел и умрел. Сите христијани заедно ја сочинуваат христовата црква, која во Новиот завет на Светото писмо го претставува Исусовото тело.

Под римска окупација христијанството брзо се проширило надвор од своето географско извориште (Палестина) на целиот средоземен басен. Нешто за таа експанзија е запишано во Делата на светите апостоли (во новиот завет). На пример јасно е дека христијанството било присутно во Рим веќе 15 години по воскреснувањето на Христос. Царските трговски патишта овозможувале брзо пренесување не само на стоки туку и на идеи.[254]Култот на царот (обожавањето на римскиот цар се сметал за решавачки фактор на лојалност кон царството) бил многу нагласен во источно Средоземје. Многу христијани биле казнувани

[252]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

[253]Зборот догма (грчки-dogma, мислење) во античко време означувал одлука или наредба на власта. Темелна точка во верското учење. Во религијата означува мислење што се усвојува како сигурно, без критичко проверување и без оглед на конкретните можности за негова примена или некритичен, неповредлив и апсолутен став. http://recnik.off.net.mk/

[254]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 311.

поради инсистирањето да го обожаваат само Христос. Експанзијата на христијанството редовно предизвикувала прогони. Тие често биле од локален карактер, на пример, прогоните од 249-251 год. од страна на римскиот цар Дециј кои биле особено жестоки во северна Африка. Христијанството во римската држава е признато како официјална религија во 313 год. кога Константин, кој што и самиот се крстил, станал заеднички цар. Оттогаш таа е не само призната туку и официјална вера на римската држава.[255]Тој период на христијанската историја е обележан со низа расправии за идентитетот на Исус Христос и за христијанското учење за бог. Биле свикани низа собири за да се разрешат разликите меѓу религиските струи и да се обезбеди единство на христијанската црква во целото царство. Најважен бил Халкедонскиот собир (451 год.), на кој е изнесено конечното толкување на библиското сведоштво за идентитетот на Исус Христос, како „вистинит Бог и вистинит човек". Падот на Римското Царство, што традиционално се сместува во 476 година, довело до голема нестабилност на западната црква. На исток таа продолжила да напредува, зошто Источното Римско Царство со седиште во Константинопол не бил директно погоден со пробивот на напаѓачите од северна Европа, кои на крајот ја окончале римската власт на запад. Но, отстранувањето на Рим како стабилизациски фактор и даде нова улога на црквата на запад, а особено на нејзините манастири. Основањето на првиот бенедиктински манастир во Монте Касино околу 525 год. се смета камен темелник на тој процес. Исто така, во тој период, улогата на папата како политичка сила станува се поголема.

Големото несогласување внатре во Римското Царство во текот на V век создало се поголем јаз меѓу западната и источната црква. Продлабочените тензии околу политичките и теолошките прашања довело до големо цепење, т.н шизма, во 1054 год.[256]Во XVI век почнале процесите што решавачки ќе влијаат врз обликувањето на христијанството. Во средниот век христијанството било првенствено европска религија. Иако било присутно во делови на Индија и во Блискиот исток, бројната сила на неговите верници била концентрирана во Европа. Откритието на Америка отворило нови подрачја за мисионерите и донело ново интересирање за ширењето на евангелието во странство.

[255]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 311.
[256]Ibid, стр. 313.

Друштвото на исусовците (језуити), што го основал Игнациј Лојола во 1540 год. ја презело водечката улога во Католичката црква и испраќало мисионери во Америка, Индија, Кина и во Јапонија. Протестантската мисионерска активност се развила подоцна. Кон крајот на XVIII век дошло до зголемување на мисионерската активност од Англија, Баптистичкото мисионерско друштво (основано во 1792 год. и во почетокот познато како Посебно баптистичко друштво за пропаганда на Евангелието), Лондонско мисионерско друштво (основано во 1795 год. и во почетокот познато како Мисионерско друштво) и Црковното мисионерско друштво (основано во 1799 год. и изворно познато како Црковно мисионерско друштво за Африка и Исток), одиграле голема улога во пресадувањето на христијанството во Африка, Индија и во Океанија. Американските мисионерски друштва исто така одиграле важна улога во прифаќањето на христијанството во разни делови на светот.

**Разграноци на црквата-**[257]Новиот завет истовремено е сведоштво на визијата дека црквата мора да биде една и на реалноста, но и дека таа не е тоа. Историјата на Христијанството, од тој период во најголем дел, претставува историја на фрагментацијата. Дури денес се прават сериозни обиди да дојде до помирување меѓу црквите, што се раздвоени со повеќевековното неразбирање и недоверба. Три историски кризи се „заслужни" за постоење на разни разграноци на христијанската црква. Првата била цепењето на источнокатоличкото христијанство во V век. Втората била т.н голема шизма во 1054 год. која довела до поделба на католичко и православно христијанство. Третата била реформацијата во XVI век, која заедно со последиците од XVII и XVIII век го оставила завештанието на протестанизмот во разни облици.

*Источни цркви-* Во нив спаѓаат православните цркви заедно со оние што со нив го делат духовниот и културниот етос што потекнува од Византиското царство. Црквата на исток доживеала најтешки поделби по соборите во Ефес (431 год.) и во Халкедон (451 год.), кои биле свикани за да се одреди православното христијанско учење за односот меѓу божествената и човечката природа на Христос. Од тој период датираат Несторијанската црква (историски

[257]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 324.

концентрирана во Персија), како и монофизитските[258]цркви во Сирија, Египет и во Етиопија. Во основа на ова конечно одвојување на источните цркви од западното христијанство бил судирот со Рим, поради тоа што римскиот папа сакал да полага право на врховна власт и поради отфрлањето на реченицата што западната црква ја додало на Никејското кредо, во која се вели дека Светиот дух произлегува „од Синот" како и од Отецот. Православните цркви го заземаат просторот на источна Европа и на источното Средоземје. Патријаршијата во Цариград, Александрија, Антиохија и во Ерусалим уживаат посебни почести, но власта и припаѓа на целата црква чиј богат литургиски живот и духовност засновано врз иконите се сметаат живо отелотворение на божествената љубов на земјата. Се проценува дека денес има повеќе од 250 милиони православни христијани.

*Католичка црква-* Со околу 960 милиони припадници Римокатоличката црква претставува најголема поединечна христијанска групација. Римокатолици (или католици) водат потекло од западната католичка црква од средниот век. Ја признаваат власта на врховниот првосвештеник (понтифекс), римски бискуп, кој традиционално се смета за Христов претставник на земјата и наследник на Свети Петар. Кога говори со полн авторитет и кога ги одредува прашањата за верата или за моралот, зборовите на папата се сметаат непогрешливи и задолжителни за католиците. Вториот ватикански концил (1962-1965 год.), резултирал со далекосежни реформи, вклучувајќи: поголемо истакнување на улогата на бискупите-кои дејствуваат како епископски колегиум, поотворен однос со некатоличките цркви и поедноставување на литургијата. Како и православните цркви, католицизмот признава седум свети тајни: крштевање, кризмање,[259]брак, ракоположение, покајание, последно миропомазание и средишна точка на системот на светите тајни-мисата.

***Цркви на реформацијата-***[260]*Англиканска црква*, англиканска верска заедница е семејството на автономни светски цркви што се наоѓаат под управа на кентерберискиот надбискуп, кој има врховен статус меѓу поглаварите на

[258]приврзаник на ранохристијанското учење дека Христос има само една, и тоа божествена природа (без човечка); официјалната црква ги проколнала и ги анатемосала монофизитите, но нивното учење се задржале во ерменската, етиопската и коптската црква. http://365.com.mk/recnik/

[259]потврда, потврдување во верата.

[260]Види поопширно -Кристофер Партриц,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр 324-325.

англиканските цркви, *Лутерански цркви-* лутеранските цркви (следејќи ги учењата на германскиот реформатор Мартин Лутер 1483-1546 год.) го застапуваат протестанизмот во Германија и во Скандинавија, а на верниците им се обраќаат преку Лутеранската светска федерација. *Реформирани цркви-* протестанизмот во Франција, Швајцарија, Холандија и во Шкотска во периодот на реформацијата следел многу главни догми на лутеранизмот, но следејќи ги принципите на Жак Калвин (1509-1564 год.) се применувале на подоследен начин. Авторитетот на Библијата е на прво место, а проповедање на зборот Божји е најважниот дел од службата. Постојат два главни облика на организација на црквата: презвитеријански (локални цркви групирани под управа на регионален синод или на ракоположени презвитери и лаички старешини) и соборен (локални цркви како самостојни). *Слободни цркви-*сите слободни цркви потекнуваат од разни реформирани цркви, а станале самостојни во вековите по реформацијата во XVI век (Баптистички цркви, Методистички цркви, Друштво на пријатели–квекери, Војската на спасот, Пентекостални цркви). *Каризматско движење-* каризматското движење силно влијаело на црквите во многу деноминации вклучувајќи ја и Римокатоличката црква (Африкански независни цркви, Куќни или нови цркви). *Екуменско движење-* (од грчкиот збор „oikumene"- населениот свет) е производ на XX век, го пласира уверувањето дека христијанското сведоштво во светот е сериозно загрозено со длабоките историски поделби меѓу црквите.

**Свети списи-** зборот „библија" доаѓа од грчкиот збор „biblion" што едноставно значи-книга. Множината овде е значајна: Библијата е збирка книги што се пишувани подолго од 1000 години, во многу разновидни култури, историски услови и голема разновидност на стилови и јазици. Сепак таа збирка христијаните ја сметаат единствена целина, затоа што нејзините книги се издвојуваат од другите книги. *Стариот завет-* постојат два дела на Библијата. Првиот, значително поголем кој христијаните го нарекуваат „Стариот завет", едноставно ги претставува хебрејските (и арамејските) списи за јудаизмот. Тие ја претставуваат историјата и религиозната мисла на Божјиот народ до периодот кога Исус се појавил како еврејски месија. Христијаните себеси отсекогаш се сметаат за легитимни наследници на религијата на стариот Израил и затоа книгите на хебрејската Библија ги прифаќаат како целосно канонски-како дел од свето писмо. Без нив, специфичните христијански списи тешко би можеле да

се разберат. *Новиот завет*-изразено христијанските книги на Библијата, познати како „Новит завет", опфаќаат 27 списи што ги напишале христијаните од I век од н.е кои се главно кратки. Иако повеќето од авторите биле од еврејско потекло, списите се на грчки, јазикот што бил во широка употреба во Римското царство. Нив ги сочинуваат најпрвин четирите евангелија, кои од различни стојалишта го опишуваат животот и учењето на Исус Христос, заедно со „Делата на светите апостоли" што е продолжение на „Светото евангелие според Лука", потоа следат 13-те посланија на апостол Павле упатени до цркви и до поединци, 8 други посланија на раните христијански водачи и „Откровение на светиот апостол Јован Богослов".

**Авторитет на библијата-** теоретски гледано сите христијани ја прифаќаат Библијата како авторитативна, и во смисла на своите постапки и во смисла на формирањето на верувањето. Но, во практика, христијаните се разликуваат околу тоа во која мера на Библијата и придаваат авторитет. Целта на протестанската реформација била враќање на Библијата на авторитативно место, над изјавите на водачите на црквата и настанатите традиции. Внатре во протестанското христијанство (просветноста во XVIII век), довело до нова доверба на човековиот разум како краен водич до вистината, а Библијата била сметана како запис на човековиот религиозен развој, не божествено откровение.

Секоја христијанска вера мора да се заснова на Библијата. Поради тоа преведување на Библијата е голема грижа на христијанските цркви. Денес Библијата е достапна на 414 јазици додека преводи на двата завета на 1086 јазици.

Христијанската вера потекнува директно од религијата на Евреите. Во времето на Исус таа ги имала следните карактеристики[261]како што учи Стариот завет, светата книга на Евреите:

-верување во постоење на еден Бог (монотеизам), Господ Творец на вселената кој владее со се.

-верување во фактот дека човечките суштества се создадени во Божји лик, но се побуниле против својот творец и затоа се пред опасност да им се суди.

-верување дека Бог, кој е праведен судија, исто така е милостив. Тој на луѓето им обезбедил пат да се ослободат од судот со покајничко принесување жртви.

[261]Види поопширно -Кристофер Партриц,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 328.

-верување дека Бог му се открил на народот на Израил и дека го повикал да биде негов народ.

-верување дека Бог еден ден ќе воспостави свое владеење над грешниот свет, ослободувајќи го својот народ од неговите непријатели и именувајќи свој избран претставник, месија, засекогаш да владее со него.

-практикување морален живот под водство на законите изложени во Стариот завет, одржување религиски обред во храм што подразбира принесување жртви.

Тие верувања биле решително погодени со доаѓањето на Исус, со доверливите кажувања на неговите следбеници за неговото воскресение од мртвите и за неговиот прием на дарот на духот Божји на Духовден. Точно е дека е задржана основната сличност со еврејската религија, но таа претрпела неколку фундаментални промени. Најважна од тие промени се однесува на христијанското разбирање на Христос. Од самиот почеток христијаните почнале да сфаќаат дека еврејската надеж во избраниот Божји претставник е исполнета во Исус. Тој бил месијата што го чекале Евреите. Одбивањето на Евреите да го признаат тоа ја означило решавачката разлика меѓу нив и христијаните. За христијаните, доаѓањето на Исус значи дека Божјиот план најавен во Стариот завет веќе почнал да се остварува. Божјото владеење е воспоставено на нов начин. Но начинот на кој се случило тоа се разликува од она што го очекувале Евреите. Тие мислеле дека Божјото владеење ќе биде постигнато со воено соборување на нивните непријатели и дека тоа ќе доведе до воспоставување нивно владеење. Но Исус не говорел против надворешните еврејски непријатели, туку ја објавил потребата сите да се променат во срцето. Божјото владеење се остварува со преобраќање на поединците на нов начин на живот, па патот на насилна револуција решително се отфрла.

### 4.4.2 Ислам

Исламот[262]се појавил во Мека околу 610 год. На Арапскиот полуостров (Арабија) во тоа време преовладувал еден облик на семитска религија, со светилишта на разни богови и божици на многу места. Најверојатно било раширено верувањето во еден висок или врховен бог, Алах. Останатите богови

[262]Ислам всушност значи покорување кон Господ/Бог.- Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009),„*Етиката на војната*",Академски печат/Скопје, стр 122.

понекогаш биле сметани за ангели и поклониците кои можеле да ги замолат во нивно име да посредуваат кај врховниот бог.

Арапите живееле во номадски племиња и повеќе се потпирале на човечки доблести отколку на каква била божја моќ. Верувале дека се што им се случува е веќе одредено од судбината или времето, за кои не размислувале како за нешто што треба да се обожава, туку едноставно како за „тек на настани". Некои племиња или барем некои делови од нив го примиле христијанството, а во Медина и на други места во западна Арабија имало еврејски заедници, поради што многу Арапи познавале одредени еврејски и христијански идеи. Исламот не се појавил меѓу номадите, туку меѓу градските жители вклучени во големи тргофски потфати. Кон крајот на VI век стоката се пренесувала на камили, во карваните што патувале на западниот брег на Арабија, па така трговците од Мека добиле монопол над трговијата меѓу земјите на Индискиот океан и Средоземното море. Стариот центар за аџиите во Мека било светилиштето Каба.[263]Тие услови го олеснувале процутот на трговијата но богатството што се слевало во Мека предизвикало социјални тензии, особено меѓу помладата популација. Пророкот Мухамед се родил во Мека околу 570 год. Приближно во 610 год. поверувал дека добива пораки од Бога што треба да им ги пренесе на своите сограѓани во Мека. Тие пораки, наречени и откровенија, подоцна се собрани во *Коранот*. Тие потврдувале дека Бог е еден (Алах) и дека е милослив и семоќен, дека го контролира текот на настаните. На судниот ден тој ќе им суди на луѓето според нивните дела и ќе им додели место во рајот или во пеколот. Од луѓето, меѓу другото, очекувал благородно да го користат своето богатство. Во откровенијата, за самиот Мухамед, понекогаш се зборувало само како за гласник што ја соопштува Божјата казна за грешниците, а понекогаш како за пророк или Божји пратеник. Мухамед искрено верувал дека тие откровенија не ги смислил самиот тој, туку дека се говор од Бога што нему му ги пренесува ангел. Мухамед придобил извесен број следбеници, кои често се состанувале со него и му се придружувале во славењето на Бога. Но сите негови пораки не биле позитивно прифатени. Трговците од Мека силно се спротиставувале на критиките на нивната работа што ја содржи Коранот.

[263]На арапски **квадрат**. Каба е градба во облик на квадрат долга околу 11 метри и висока околу 17 метри. Каба за муслиманите претставува средиштето на светот и централно светилиште на сите муслимани. http://sr.wikipedia.org/wiki.

Трговците говореле за стари пагански богови, а Коранот истакнувал дека постои само еден Бог дека „не постои ниедно друго божество освен Бог”. Како што растело спротиставувањето, така и Коранот почнал да зборува за поранешните пророци што наидувале на отпор и за начините на кои Бог нив ги сочувал, заедно со нивните следбеници, а им донел несреќа на нивните противници. Меѓу тие приказни била и онаа за Ное и потопот, за Лот и уништувањето на Содома, за Мојсеевото бегство од фараоните. Противниците на Мухамед на разни начини ги прогонувале неговите следбеници, кои често биле нивни роднини. Мухамед на крајот веќе не можел да ја продолжи својата верска мисија во Мека, па во 622 год. следен од седумдесетина луѓе се иселил во Медина. Таа селидба, *Хиџра*, го означила почетокот на исламската вера. Медина била плодна оаза, но нејзините жители биле поделени на две непријателски групи. Повеќето од нив го прифатиле Мухамед како пророк и се согласиле со тоа да формира заедница, сојуз со иселениците од Мека. Во Медина, исламската религија го добила својот облик. Главните обредни форми, според примерот на Мухамед биле: богослужба (или молитва), давање милостина, пост (целиот месец рамазан) и аџилак во Мека (вклучувајќи ги и церемониите во соседните светилишта). Пораките што Бог му ги објавил на Мухамед во Медина се однесувале и на законски прашања за кои арапските обичаи не биле доволни, како што е наследувањето богатство или избегнувањето инцест. Еврејските братства во Медина биле поврзани со Мухамедовиот сојуз како сојузници во арапските братства, но речиси сите Евреи одбиле да го прифатат како пророк. Тие исмевале делови од Коранот и понекогаш активно им се спротиставувале на муслиманите. Во 630 год. Мухамед бил доволно силен да ја заземе Мека при што се спомнува дека пред нејзиното освојување имал многу малку допири со христијаните. Кон непријателите бил милозлив и поголем дел од нив придобил за својата вера, многу племиња низ Арабија исто така пристапиле кон неговиот сојуз и станале муслимански. Поради постигнатите успеси, неговата власт како водач била без сомнеж. Кога починал, Мухамед зад себе оставил религија и држава. Во почетокот таа држава имала форма на сојуз на племиња или братства, но со ширењето станувала се поорганизирана. Господарот на државата бил познат како калиф (халифа)-наследник на Мухамед или претставник. Недоразбирањето со соседите биле вообичаени за арапските номадски племиња, па Мухамед и првите калифи сфатиле дека нема да може да одржат мир во

сојузот доколку не најдат начин да ја насочат енергијата на племињата. Затоа организирале освојувачки експедиции (походи) кон Сирија и Ирак. Целта била освојување на плен, вклучувајќи ги и домашните животни. Постоел голем вакум во власта во тој регион поради тоа што тогашните две големи сили Византиското и Персиското Царство, речиси постојано војувале во текот на половина век и сега биле исцрпени. Во неколку решавачки битки муслиманите успеале да ги совладаат противниците, како што се овие две царства. Наместо да се враќаат во Медина по секој напад, тие воспоставувале логори од кои тргнувале во нови походи. Следејќи ја таа стратегија, 12 години по смртта на Мухамед, ги зазеле Египет, Сирија и Ирак, напредувале на запад кон Либија и на исток кон подрачјето на денешен Иран. Византиските и персиските наместници на провинциите бегале, а муслиманите склучувале договори со месното население, давајќи им статус заштитени малцинства. Заштитените можеле да се занимаваат со сопствена работа, но му плаќале данок на муслиманскиот наместник. Статусот заштитено малцинство можел да го добие само „народот од книгата"-заедниците што верувале само во еден Бог и кои имале пишано свето писмо, како што се еврејската или христијанската заедница. Секако и евреите и христијаните биле граѓани од втор ред. И покрај периодот на некои меѓусебни муслимански битки, експанзијата продолжила уште цел еден век. На запад муслиманите ја зазеле северна Африка, до бреговите на Атлантикот, поминале во Шпанија и неколку години ја држеле областа околу Нарбон во јужна Франција. Во битката кај Тур во 732 год. една муслиманска напаѓачка експедиција била поразена од француската војска но тоа не ги ослабело муслиманските сили во Шпанија. На север нападите ги воделе се до Константинопол (денешен Истанбул). На исток, по заземањето на цела Персија и на Авганистан, продреле во централна Азија и ја поминале реката Инд во денешен Пакистан. До 750 год. тоа огромно подрачје станало една држава со која наместо династиите владееле калифите. По 750 год. воената експанзија е забавена па речиси единственото напредување било продирање подлабоко во Индија. До 1500 год. главна област во која бројот на муслимани се намалувал била Шпанија. Христијанските војници постепено го одземале просторот под исламска контрола, а во 1492 год. последниот султан на Гранада морал да се предаде. На запад Турците во текот на XV и XVI век го презеле калифатот и освоиле голем дел од југоисточна Европа и јужниот брег на Средоземно море,

па на тој начин биле во воен и дипломатски допир со европските држави, истовремено одржувајќи трговски врски. Значајна е 1798 год. кога Наполеон го нападнал Египет. Европското влијание на исламскиот свет (како воопшто и во Азија и Африка) бил повеќекратен: економски, политички, интелектуален, религиозен. Во XIX и XX век се развивала европската технологија, па побогатите муслимани сакале да уживаат во нејзините благодети, а независните господари сакале во своите земји да имаат железнички пруги и други видови сообраќај, водоводи, електрична енергија, телефони и др. По 1800 год. христијанските цркви испраќале мисионери речиси во сите делови на светот, но во исламските земји немале успех во обидите, туку нивниот главен придонес бил во полето на развојот на образованието и медицинската грижа. Во почетокот на XX век муслиманите станале свесни за својата позиција. Се појавувале движења за политичка независност, кои на крајот родиле плод. Богатите нафтени извори на Блискиот Исток најнапред ги експлатирале луѓето од Запад, а подоцна кога нафтата ја презеле муслиманските влади, таа станала оружје во светската политика. До крајот на Втората светска војна муслиманските земји биле обединети во борбата за ослободување од колонијализмот. Но оттогаш, расцепите меѓу прогресивните и конзервативните групи станале поочигледни, а конзервативните и реакционерните групи зајакнале со развојот на исламскиот фундаментализам.[264]

**Сунити и Шиити**-Во исламот постојат две основни групи Сунити и Шиити, нивната поделба се протега назад до првата генерација муслимани и одговорот на важното прашање-кој би можел да го наследи Мухамед „последниот веројавител", на местото водач на муслиманската заедница. За муслиманите тоа прашање секогаш било како религиозно така и политичко.[265]

*Сунити*- од вкупниот број на муслимани сунитите сочинуваат 85%, одговорот за нивното егзистирање ќе го бараме во периодот по смртта на пророкот Мухамед. Никој не можел да го наследи Мухамед во неговата природа и својство на пророк, бидејќи го довршил Коранот и го усовршил откровението на божественото водство и објавил дека Мухамед е „последниот веројавител" (33:40). Наследникот на Мухамед би можел да биде само чувар на пророковото

[264]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 356-363.
[265]Ibid. стр. 363-364.

завештание. Тој ќе биде *калиф* со подредена власт, ќе има одговорност за управување со работите на заедницата, во целост покорувајќи им се на Коранот и на примерот на пророкот. Со консензус (иџима) заедницата ќе го избира својот калиф меѓу машките членови од племето Курејши, на кое му припаѓал Мухамед. По смртта на Мухамед во 632 год. калифатското наследство поминало од Абу Бекр (632-634 год.), на Омер (634-644 год.), па на Осман (644-656 год.) и Али (656-661 год.). За овие „четворица праведни калифи" се смета дека живееле толку блиску до пророкот што нивниот пример, заедно со оној на Мухамед, се зема како авторитативна *суна*- обичај, што мора да го следат сите наредни генерации муслимани. Сунитите постепено развиле сеопфатен правен систем на заедницата-*шеријат*. Тој обезбедувал единство во заедницата дозволувајќи разлики меѓу четирите правоверни правни школи: маликиска, ханефиска, шафиска и хамбелиска. По „праведните калифи", калифатот станал династичка институција што се сметала за чувар на шеријатот. Калифатот е укинат во 1924 год.

*Шиити* (Shi`a)- за шиитските муслимани главна личност на религиозната власт е *имамот*. Мухамед го завршил „циклусот на пророштва", а со него и можноста за понатамошни божји откровенија. Шиитските муслимани веруваат дека тој воспоставил „циклус на воведените" за понатамошно предводење на заедницата со тоа што за свој наследник именувал *имам*. Имамот е надарен со моќ на вдахновено и непогрешливо толкување на Коранот. Следствено на тоа, шиитите за себе говорат како за „народ што е именуван и препознаен". Првиот имам бил Али. Како роднина, посвоен син, а подоцна и зет на Мухамед (кој се оженил со Фатима) не бил само припадник на племето на Мухамед туку и „човек од неговата куќа". Таа интимна семејна врска е значајна: шиитите веруваат дека Али ги наследил „духовните способности" на Мухамед, неговиот вилает.[266]Бил непогрешлив во толкувањето на Коранот и во водењето на заедницата. Овие способности ги пренел врз синовите од бракот со Фатима, Хасан и Хусеин, а тие ги пренеле понатаму на наследниците во лозата *имами*. Шиитите веруваат дека циклусот *вилајах* ќе продолжи до крајот на човечката историја, кога на Денот на страшниот суд човештвото ќе воскресне и кога ќе му биде пресудено каков задгробен живот го очекува. Повеќето шиити, попознати како имами (главно

[266](тур. vilayet) 1. роден крај; 2. покраина, провинција, област со која управувал валија (во некогашна Турција). http://recnik.off.net.mk

живеат во Иран), веруваат дека овој циклус ќе заврши со месијанското враќање на 12-тиот имам, кој често се споменува како имам на раздобјето. За него велат дека е вовлечен во темнината на III век на исламот. Неговите насоки се се уште достапни преку докторите на правото (муџахидуните), од кои по ранг во Иран највисоки се ајатоласите. Тие имаат право да го толкуваат шеријатот и да донесуваат религиозни одлуки. Со други зборови за разликата помеѓу сунитите и шиитите би кажале: „Ако сакаме да ја кажеме концизно разликата меѓу сунитскиот и шиитскиот Ислам треба да кажеме дека првиот е Црква заснована врз согласност на заедницата, а вториот авторитативна Црква".[267]

**Разграноци во исламот**-Историјата на исламот забележала два главни разгранока. *Заидите*-кои денес живеат претежно во Јемен, не го ограничуваат бројот на имамите на дванаесет и ја толкуваат нивната функција на сличен начин како кај сунитскиот калиф.

*Исмаилите*-развиле многу езотерични (таен, неразбирлив за секого, наменет само за посветените) учења во врска со имамите. Тие се делат на две големи групи: *низари*-кои за свој имам го сметаат Ага Кан и *мусталии*-(познати и како борски муслимани)–кои веруваат во скриениот имам што на земјата го претставува нивниот водач, **даи**.

**Свети списи**-[268]За муслиманите, Коранот, претставува врвно откровение на Божјиот збор во пишана форма. Тој е единствен меѓу откриените книги, универзален во својата примена и вечен во значењето. Извлечен е од табличките со запишаните божји зборови што се чуваат на небото. Сунитското мнозинство тврдокорно верува дека Коранот е вечен како и Бог. Муслиманите многу го почитуваат Коранот, па со него внимателно ракуваат и убаво го чуваат. Во исламот постојат дополнителни свети списи, збирки *хадиси*-пророчки преданија, кои се значително пообемни од Коранот, а кои служат како образец според кој муслиманите во целиот свет треба да се однесуваат во секојдневниот живот.

**Структура на Коранот**- Коранот се дели на 114 поглавја. Со исклучок на првото, тие се подредени така што бројот на речениците во нив се намалува. Секое поглавје (сура) има број и наслов, кој типично се заснова на клучниот

---

[267]Алфред Гијом,(2001)„*Ислам*", Култура/Скопје, стр124.

[268]Кристофер Партриџ,(2009)„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 368.

збор или тема на поглавјето: Жени (4), Пештера (18), Месечина (54). Основна единица на поглавјата е реченицата или ставот (ајет). Коранот има вкупно 6200 ајети. Неговите поглавја се врзуваат за два временски периоди: оние што му биле откриени на Мухамед во Мека и оние што му биле откриени во Медина. Првите имаат за цел да го одразат гласот на Мухамед како бунтовник што ја критикува состојбата во Мека засновано на идолатријата,[269]општествената неправда и другите зла. Мединските поглавја ја одразуваат улогата на Мухамед како водач на заедницата, се занимаваат со правни прашања, нешта што се во врска со изградбата на државните структури, меѓуетничките и меѓурелигиските односи.

**Тори, псалми и евангелија-** Коранот ги признава светите списи што му претходеле: *Тората* предадена на Мојсеј, *псалмите* пренесени на Давид и *евангелието* пренесено на Исус Христос. Но, тој ги обвинува евреите и христијаните дека ги расипале тие рани откровенија со менување на текстот или намерно погрешно толкувајќи го. Затоа, Коранот, себеси се гледа како завршно совршено откровение што ги надминува сите претходни. Некои исламски мислители ја признаваат мерката на Божјиот авторитет во раните свети списи, но го оспоруваат начинот на кој го толкуваат евреите и христијаните.

Во центарот на исламскиот систем на верување е бескомпромисниот монотеизам кој се нарекува *тавхид*, единство на Бога. Многу ајети од Коранот ги изнесуваат атрибутите и карактеристичните црти на Бог: „Алах е-нема друг бог освен Него-Жив и Вечен! Не го обзема ни дремка ниту сон! Негово е она што е на небото и она што е на Земјата! Кој може пред Него да се зазема за некого без Негово одобрение?! Тој знае што било пред нив и што ќе биде по нив, а од тоа што тој го знае-другите знаат само онолку колку што тој сака. Неговата моќ ги опфаќа и небото и Земјата и Нему не му здодева нивното одржување, Тој е Севишен, Величествен"(Коран, сура 2:255).[270]Бог е врховен, вечен, семожен. Тој ги гледа сите нешта и секаде е присутен. Тој е единствен творец и хранител на вселената, тој владее со животот и смртта на сите суштества. Бог има 99 имиња кои според муслиманското верување ги претставуваат неговите многубројни атрибути и аспекти. Хадисите се најважен

[269]обожавање на идол, идолопоклонство.
[270]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 372.

извор за овие имиња. Некои се однесуваат на сомилост и љубов па сепак приказот за Бог во муслиманската теологија повеќе се однесува на Бог, кого човекот го почитува, од кого се плаши и на кој му се покорува.

### 4.4.3 Хинду религија

Терминот „хиндуизам" како што денес го сфаќаме, се однесува на мнозинската религија на Индискиот Потконтинент. Сегашното сфаќање на хиндуизмот како светска религија е присутно дури од крајот на XIX век. Тогаш хиндуистичките реформатори и ориенталисти од Западот, со терминот хиндуизам, почнале да ги именуваат разните верувања и обичаи карактеристични за луѓето во југоисточна Азија. Хиндуизмот нема еден основач, нема обединет систем на верувања, нема единствен принцип за спасение ниту централизиран авторитет. Во тој поглед таа религија многу се разликува од другите „светски религии". Суштинско обележје на хиндуизмот е разновидноста, иако повеќето научници би се согласиле со тврдењето дека постојат заеднички црти што се протегаат низ разните традиции што ја сочинуваат таа религија. И покрај тоа што терминот хиндуизам е од понов датум, неговите разновидни традиции имаат древно потекло и датираат од периодот пред вториот милениум пред нашата ера. Првите траги на хиндуизам ги наоѓаме кај цивилизацијата во долината на Инд, која доживеала процут во периодот меѓу 2500 и 1500 г.п.н.е. крај бреговите на реката Инд. Археолошките ископини од таа област откриле докази за високоразвиена урбана култура со напреден систем на водовод, канализација и со метод за складирање на ѓубрето. Исто така поседувале добро развиен систем на земјоделство, складирање жито и грнчарство. Малку нешта се познати за религијата на таа цивилизација. Големиот број на статуетки од теракота[271]од тие археолошки наоѓалишта го навестуваат континуитетот меѓу иконографските обележја на тие прикази и некои подоцнежни хиндуистички божества како што се Шива или Божицата Мајка. Археолошките докази навестуваат дека цивилизацијата во долината на Инд пропаднала многу брзо и тоа меѓу 1800 и 1700 г.п.н.е. Она што следува, е период што е доста контраверзен. Има поборници на теоријата што вели дека цивилизацијата во долината на Инд е заменета со ариска култура. Аријците биле

[271]уметнички предмети, без глазура, од грнчарска глина (разни вази, статуетки и др.)

индоевропски освојувачи или иселеници од подрачјето на Кавказ што мигрирале на југ и се населиле на Индискиот Потконтинент. Други веруваат дека ариската цивилизација се развила од културата во долината на Инд и дека не потекнува од друго подрачје. Како и да е, историјата на хиндуизмот каков што денес го сфаќаме е историја на наредните 2000 години ариска култура. Таа често дејствувала заемно со другите неариски култури на тоа подрачје, но и доминирала со нив. Јазикот на Аријците бил санскритот, знаењето на раните аријци главно потекнува од Ведите, рани санскритски текстови. Ведите се збир текстови собирани повеќе стотици години. Најраните Веди биле главно литургиски текстови што се користеле во ритуалите. Ведските ритуали биле обреди на жртвувања наменети за тогашните божества, како што се Агни (бог на огнот) и Сома (бог на растенијата). Клучен бил чинот на принесување разни работи (често животни, но и млеко, прочистен путер, жито и халуциногеното растение сома), а сето тоа го гореле во прочистувачки оган. Ритуалот обично го почнувал богат покровител (уајатапа), а го спроведувале стручњаци за ритуали. Тие стручњаци биле личности од највисок ранг во ведското општество, кое било устроено како четирикратен хиерархиски систем. Под свештеникот, т.е стручњакот за ритуали (брамани), биле воините и владетелите (кшатрии), а потоа обичните луѓе (вајшии). Овие три касти (варни) биле познати како „два пати родени" (двија), зошто нивните машки членови ја минале иницијацијата со која е потврден нивниот статус на полноправни членови на општеството. Тој обичај на иницијација ги одделувал од четвртата каста-слуги (шудри), кои поради својата „ниска" положба биле исклучени од ведските традиционални ритуали што обезбедуваат бесмртност. Ариската култура тогаш била добро утврдена во северна Индија. Браманската идеологија станала клучна за општествениот и за политичкиот живот на земјата. Се однесувала на ритуалното значење и должностите на кралот, на одржувањето на општествениот поредок и на правилата за лично однесување во согласност со сеопфатната идеологија за должноста и праведноста (дарма). Идеологијата според дарма се поврзува со ритуалите и со моралното однесување, а го дефинира соодветното однесување во согласност со фактите како што се кастата на личноста (варна) и нејзината возраст (ашрана). Дарма истовремено дејствува на неколку нивоа: трансцедентално, значи внатрешно (санатана дарма); секојдневно (садарана дарма), како и на индивидуално и лично (свадарма). Се смета дека

запоставувањето на дарма предизвикува непожелни општествени, но и лични последици. Ведските текстови *Арањака* и *Упанишади*, во кои одржувањето на ритуалните дејства се сметале секундарни во однос на здобивањето со духовно знаење. Клучно за овој пристап е учењето карма-самсара-мокша: *сите суштества многупати се реинкарнирале на светот* (самсара); *резултати од дејствувањето* (карма) *се одразуваат во следните животи; тој процес на бесконечен круг на умирање и на раѓање е обележан со страдање* (дука); *ослободување* (мокша) *од тоа страдање може да се постигне со намалување на дејствувањето и со стекнување духовно знаење.*[272]Стекнување духовно знаење станало од клучна важност, а методите на самодисциплина и аскетизмот нужен за нивно остварување, се развивале низ хиндуистичките традиции на јогата и на откажување на световното. Во тој период се појавиле аскетските групи познати како слуги (срамани), кои ослободување бараат низ едноставност. Во Индија во текот на поголемиот дел од првиот милениум процут доживеало секташкото поклонување кон некои божества. Се повеќе се запоставувале ведските жртвувања, кои всушност никогаш целосно не исчезнале, а ги замениле побожни поклонувања, (пуџа). Пуџа е ритуален израз на љубов и приврзаност (бакти) кон божество, кое често може да биде личен бог или божица со кој/а верникот воспоставува интензивен, близок однос. Големите комплекси на храмовите, освен за комерцијални и административни цели, служеле како сведоштво за кралевото дармичко владеење со своето кралство, кое често било устроено според идеалот на божествено владеење, а го симболизирал големиот бог ***Вишну***.

Секташките групи што се појавиле во тој период биле посветени на обожавањето на Вишну (Vaishanavas), Шива (Shaivas) и на божицата Шакти (Shaktas). Процутот на споменатите теистички обичаи во помала или во поголема мера траел во текот на голем дел од следниот период, кога големи делови од Индискиот потконтинент го освоиле и со него владееле муслимански владетели. Управувањето на последниот муслимански владетел во Индија завршило во XVIII век. Хиндуистичките обичаи кои во тој период на интервенција всушност биле осамени како островчиња, тогаш активно подлегнувале на британското, односно на влијателното присуство на

[272]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 137.

христијанството. Се појавиле хиндуистички реформаторски движења што ги предводеле личности како Рам Мохан Рој (1772-1883 год.), Дајананда Сарсвати (1824-1883 год.) и Вивекананда (1836-1902 год.). Сите тие настојувале да ја обноват видната слава на древното хиндуистичко минато. Тогаш хиндуизмот е дефиниран со термините под кој го познаваме денес. Хиндуистите може да бидат политеисти, монотеисти или монисти (верување дека севкупната стварност е всушност едно). Мнозина хиндуисти веруваат дека постои само еден Бог (Браман), кој може да се обожава во многу облици, На пример Бог може да изгледа како дете, пријател, крал, мајка или љубовник. Може да биде прикажан како машко или женско, или пак во нечовечки облик, може да се обожава како да е безобличен (*ниргуна Браман*) или како да има облик (*сагуна Браман*). Може да биде прикажан во облик на икони и статуи (*мурти*) или во човечки облик како жив светец или гуру. Некои хидуистички гуруа како Вивекананда (1863-1902) верувал дека Бог е отелотворен во космосот и во сите чуствителни битија. Значи, служејќи им на други буквално му служиме на Бога.[273]

**Свети списи**-хиндустичките свети списи опфаќаат големи книжевна збирка што датира од 1300 г.п.н.е па се до денешни дни. Повеќето се напишани на санскрит (зборот значи „префинет"), на класичен индиски јазик што сега го употребуваат учените луѓе. Своите списи хиндуистите главно ги делат на две категории, тие што ги чуле или им се откриени (Срути) и тие што ги запаметиле (Смрити). За светите списи „Срути" веруваат дека Бог директно им ги соопштил на древните индиски светци. Од друга страна, светите списи „Смрити" се помалку меродавни и содржат текстови како што се хиндуистички епови *Рамајана* и *Махабхарата*, *Дармасутри* (книги закони, што ги опишуваат обичаите и правилното однесување) и Пурана (митологија). Хиндуистички верски списи обично се нарекуваат *Веди*, што значи-*знаење*. Содржат четири главни вида списи: ведски Самхита, Брамана, Арањака и Упанишада. Хиндуизмот им нуди четири доследни цели (*пурусартха*) на луѓето што заеднички може да обезбедат духовна и општествена хармонија. *Артха* (световно богатсво и успех), *Кама* (уживање и копнеж), *Дарма* (добродетел, чесност), *Мокша* (духовно ослободување).

---

[273]Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 139-144.

Она што денес го знаеме како хиндуизам делумно затоа што нема еден основач, света книга, хиерархија или вероисповед се развило во богата плуралистичка религиска култура со многу обичаи, облици на богослужење, божества и божици, теологии, филозофии, приказни, уметност и музика. Многу хиндуисти веруваат дека низ вековите нивните основни учења останале исти. Но различностите во хиндуизмот навеле некои научници да говорат за хиндуистички религии (за хиндуизми), а не за една религија (хиндуизам), некои други воопшто и не го користат терминот хиндуизам. Дури, голем број хиндуистички мислења и традиции во светот се натпреваруваат во дефинирањето на основните хиндуистички верувања.[274]Хиндуистите се согласуваат дека имаат заеднички верувања, принципи и структури. За многумина, хиндуизмот сепак не е толку систем на верувања колку што е начин на живот, култура, духовна и интелектуална потрага и интензивно идентификување со многуте начини на кои верата е присутна во Индија. Ако ги прашате за нивните верувања, тие често почнуваат да раскажуваат за своите етички учења: љубезност, вистина, гостољубивост, почит кон семејството посебно кон постарите или кон родителите. Можеби ќе продолжат со разгледување на верувањата во определени божества или божици, во авторитетот на важните свети текстови, во важноста на аџилакот или на принципот *карма*.[275]Сите студии на познатите хиндуистички верувања почнуваат со боговите и божиците на хиндуизмот.

### 4.4.4 Јудејска религија

Денешниот рабински јудаизам се доживува како директна гранка на верата од времето на Мојсеј, кој на Евреите им ја подарил Тората пред повеќе од 3000 години. Приказната за јудаизмот (јудејци или евреи) почнала во 6 век п.н.е. Во периодот меѓу 539 и 333 г.п.н.е, Персиското царство било доминантно. Тоа било период во кој јудаизмот се консолидирал како религија што почива на *Библијата*. Во 586 г.п.н.е Набукодоносор II го разорил Ерусалим и неговото население го одвел во ропство во Вавилон. Во јули 539 г.п.н.е војската на персискиот владетел Кир II (Велики), под команда на Губару, го зазела Вавилон.

---

[274]Кристофер Партриџ,(2009)„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 146.
[275]Овој термин во хиндуизмот се однесува за низа дејства, постапки на секое суштество и последиците што произлегуваат од нив врз неговата судбина во неговите следни реинкарнации.

Така Кир ја презел номиналната власт над цело Вавилонско Царство. Четиринаесет години подоцна, Египет паднал под владеење на наследникот на Кир. Езра (Ездра), 1:3, кажува дека Кир им дозволил на Евреите да се вратат од ропство и да го обноват Храмот во Ерусалим. Во Вавилон и во Египет се уште имало заедници што себеси се сметале за Јудејци. Тие заедници биле составени од платени војници или од воени заробеници и нивните семејства. Јудејците биле претставници на владејачката сила и токму затоа биле привилегирани. Во Египет тоа предизвикало огорченост и Јудејците останале одвоени, држејќи се за својата религија (која не била строго библиска) и обичаите што ги донеле со себе. Се претпоставува дека меѓу Јудејците во Вавилон била доминантна библиската религија, иако многу малку се знае за нивниот живот во тој период. Откако Кир им го овозможил тоа, свештениците се вратиле во Ерусалим и градот бил организиран како заедница на храмови што ја воделе свештениците. Постоела строга поделба меѓу јудејците (евреите) и нејудејците во Јуда, кои, според Библијата, биле наметнати од Ездра и Немија. Таа поделеност била создадена врз основа на тоа што Јудејците практикувале обрежување, славеле *сабат* (еврејски сабат што трае од петок навечер до сабота навечер), сабатни години, го признавале законот на Мојсеј (Тората) и ги исполнувале обврските кон ерусалимскиот Храм. Поекстремните, исто така, барале да се склопуваат бракови само меѓу Јудејци. Јудејците верувале дека треба да постои само еден храм. Храмот бил единствено место каде што можеле да се спроведуваат верски жртвувања. Тоа верување, што го наметнала персиската власт, имало далекусежни последици. Кога сите Јудејци живееле во Јуда, било можно сите да одат на поклонение во Ерусалим. Кога Јудејците се раселиле низ целиот свет, тоа било исклучено, иако раселените Евреи се труделе со сите сили да го посетат Ерусалим во знак на почитување на Тората. Прописите на свештенството во Тората станале мртва буква на хартија и морал да се појави нов облик на религија што ќе биде достапен до обичниот Евреин. Тој облик кулуминирал со основањето синагоги, во кои се одржувале молитви, пеење, читање и учење (но не и жртвување).

Во ерусалимскиот Храм била продолжена старата религија. Таму владееле пишани правила, според книга. Книгата почнала да создава сопствено опкружување надвор од (дури и против) свештеничките обреди. Во еден момент во тој период се појавуваат првите писари. Нивниот дом е синагогата. Нивната

работа е да ја разберат Тората и да ги толкуваат нејзините правила во сообразност со современата состојба. Тие исто така се носители на традицијата и на образецот на однесување. Во текот на римскиот период (63 г.п.н.е-200 год.) дошла до израз еврејската надеж во месија (крал од Давидовата лоза, за некои крал-свештеник), кој ќе го спаси народот од Римјаните и ќе ја обнови јудејската држава. Во Јудеја станувало се понемирно, судирот помеѓу Грците и Евреите во крајбрежните градови постојано траел. Судирот меѓу римските наместници и народот се зголемувал. Конечно во 66 год. Евреите се кренале на општо востание против Рим. Почетниот успех брзо се преобратил во страшен пораз. Ерусалим бил заземен и во 70 год. Храмот бил разурнат. Разурнувањето на Храмот било решавачко за иднината на јудаизмот. Со Храмот, високот свештенство и синодот (синдерион) било завршено. Ерусалим, иако центар на поклонението, веќе не можел да биде сила што обединува во самиот јудаизам. Еврејските заедници биле сведени на наследни лози во рамките на поголеми заедници. Односите меѓу Евреите и персиските власти станувале се помалку пријателски настроени почнувајќи од V век . На тој начин тамошните Евреи биле подготвени да ги дочекаат арапските освојувачи. Слично на тоа во Палестина, суровоста на византиските власти ги натерала Евреите да го побараат спасот надвор од границите на земјата. Признавањето на христијанството од страна на Константин во 313 год. не било поволно за Евреите. Иако јудаизмот никогаш не бил прогласен за незаконски, станало многу тешко да се биде евреин.

Муслиманите пак од друга страна во 634 год. ја поразиле византиската војска, биле освоени Сирија и Палестина. Персија била поразена во 637 год. а Египет набрзо потоа. Шпанија била нападната во 711 год. а во 750 год. на нејзината територија била воспоставена независна муслиманска држава. Војската стигнала до Франција, но набрзо била вратена назад до Пиринеите. Во наредните сто години многу Евреи биле под муслиманско владение. Општите услови за живеење за повеќето Евреи значително се подобриле. Евреите земале учество во големиот интелектуален подем на арапскиот свет. Бил постигнат голем напредок во математиката, астрономијата, филозофијата, хемијата и филологијата. Некои Евреи во шпанските области во времето на просветителството биле на влијателни позиции на дворците на владетелите. Периодот од X и XI век во Шпанија биле златен период во литературата. Видот

јудаизам познат како *сефардски* се развил во Шпанија, а обредите се одржувале во синагогите. Сефардите имале и свој шпанско-еврејски јазик, наречен *ладино*. Обредите на другите Евреи во Европа, особено во Германија, биле познати како *ашкенаски*, а ашкеназите зборувале германско-еврејски јазик, јидиш. Во христијанската Франција, Евреите имале многу добар статус во IX век. Но од тој период натаму омразата кон Евреите и безредијата против нив станувале вообичаена појава. Животот во христијанска Европа станал суров за овој народ. Евреите, прогоните ги сметале за маченииштво, како краен облик на осведочување или „посветување на името" (кидуш хашем). Некои извршиле самоубиство за да не се одречат од верата. Евреите пристигнале во Англија во XI век, но оттаму биле прогонети во 1290 год. за повторно да се вратат дури во 1650 год. Новиот бран погром почнал кон крајот на XIII век. Еврејската заедница во јужна Италија била речиси истребена меѓу 1290 и 1293 год. а дошло и до многу присилни покрстувања. Евреите биле протерани од Франција во 1306 год. а нови колежи се случиле во 1348 год. Големите еврејски достигања во средновековна Франција биле завршени. Тие биле обвинувани за труење на бунари и за предизвикување на чумата што во 1348 год. покосила една третина од населението во Европа. Од Шпанија до Полска бил вршен погром на Евреите. Во христијанска Шпанија нападите на Евреите го достигнале својот врв во 1391 год. Многу Евреи го прифатиле христијанството, биле познати според навредливиот прекар *маранос*.[276]Во 1492 год. им било понудено да се покрстат или да си заминат, дел од нив се покрстиле но илјадници луѓе заминале од земјата. Каде и да оделе во Европа или на друго место, од Амстердам до Зефат во Галилеја, изгнаниците имале огромно влијание. Протестанската реформација главно ги фаворизирала Евреите, но антиеврејските безредија и натаму се случувале иако властите настојувале да ги заштитат Евреите кои биле сметани за полезни. Од почетокот на XVII век Евреите постепено почнувале да минуваат од Полска и од Отоманското царство на Запад. Постоело се поголемо разбирање за значењето на еврејските трговски активности, па почнале да се вклучуваат во најразвиените општествени и економски системи. Мрачната противтежа на се поголемата толеранција на јудаизмот бил современиот антисемитизам, што почивал на псевдобиологијата

[276]Зборот „ маранос" е погрден збор и значи- свиња.

и на верувањето во „душата" на народот. Дошол до остар контраст меѓу „семитската" природа (што ја имале практично само евреите) и „ариевската" или „словенската" природа. Во 80-те години на XIX век се јавиле моќни антисемитски движења во Германија и во Франција при што како директна последица на тоа е периодот на Холокаустот 1939-1945 година.

**Разграноци на јудаизмот-**[277]*правоверниот* (ортодоксниот) *јудаизам* себеси се смета за единствен вистински јудаизам. Правоверните Евреи ги карактеризира пристап кон животот што се потпира на Тората. Тие учат дека Бог лично и решително се открил со давањето на Тората на Синај, затоа зборовите од Тората се божествени и од таму сосема авторитативни. Тие се неменливо откровение на вечната божја вистина. Правоверните Евреи многу го почитуваат рабинот како учител и толкувач на Тората. Повеќето правоверни Евреи се ционисти и ја поддржуваат државата Израел. *Реформаторски јудаизам* е зачнат во Германија. Периодот на просветителството во XVII век ги истакнувал разумот и напредокот. Еманципацијата во наредниот век го отворила еврејскиот народ кон новите шанси за истражување на секуларното општество. Под влијание на духот на времето, Абрахам Гајгер (1818-1874 год.) и други, пропагирале дека научниците не можат повеќе да го прифатат откровението на тората како фактографско и нешто што обврзува. Оттаму биле поттикнувани промени во обредниот закон и во богослужбата. Прописите во врска со исхраната биле напуштени. Молитвите биле преведени од хебрејски на говорниот јазик. Богослужбата во синагогата се сменила: биле воведени оргули, службата била скратена, семејната клупа ја заменила сегрегацијата на половите. Некои почнале да вршат богослужба во недела наместо во сабат. Реформаторскиот јудаизам претставува најнапреден дел на современиот јудаизам и денес сеуште е динамичен и иновативен. Настојува да биде актуелен со секоја наредна генерација употребувајќи го разумот и искуството заради утврдување на релевантноста или вистинитоста на некое правило. *Конзервативизмот* како ново движење бил создаден кон крајот на XIX век. Ова движење се обидувало да ги истакне позитивните историски елементи на еврејската традиција. Во САД, Соломон Шехтер (1847-1915 год.) станал водечка личност во улогата на претседател на Еврејското теолошко семениште. Тој ја истакнувал потребата од

[277]Види поопширно Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 273-274.

посветеност на традицијата, но со приспособување доколку тоа е потребно. Шехтер инсистирал на ставот дека зачувувањето на еврејскиот народ е начин да се остваруваат традицијата и промените. Конзерватизмот го истакнува во прв план народот на Израел и современиот ционизам. Големо влијание имаат световните лица, особено во придвижување на промените, на пример некои конгрегации дозволуваат употреба на оргули, а други ги отфрлаат. Некои се залагаат за почитување на нормите во исхраната, а други ги занемаруваат.

**Подгрупи-** *Хасидите* се ултраправоверно крило на јудаизмот. Живеејќи сосема изолирано од нееврејскиот свет, овие Евреи се држат до строга посветеност на Тората во сите фази на животот. Тие се карактеристични по специфичниот стил на облекување (што вклучува носење на црни палта и плетенки преку ушите), а во богослужбата е вклучено пеење и танцување. Тоа движење во Европа го основал Израел Бал Шем Тов (околу 1700-1760 год.). Хасидите имаат многу разграноци, од кои секој има свој рабин. Во САД се посебно влијателни лубавичкиот и сатмарскиот разгранок. Една понова струја на јудаизмот е позната како реконструкционализам, основана од Мордекај Каплан (1881-1983 год.), кој го истакнува јудеизмот како религиозна цивилизација во развој. Ова движење им дава еднаква важност на религијата, етиката и на културата.

**Тринаесет принципи на верата-**[278] 1.Верување во постоење на творецот и на привидението 2.Верување во неговото единство 3.Верување во неговата бестелесност 4.Верување во вечност 5.Верување дека треба само нему да му се служи 6.Верување во зборовите на пророкот 7.Верување дека Мојсеј бил најголемиот пророк 8.Верување во откровение на Тората на Мојсеј на Синај 9.Верување во неменливата природа на откриениот Закон 10.Верување дека Бог е сезнаен 11.Верување во казната на овој и на оној свет 12.Верување во доаѓањето на месијата 13.Верување во воскресението на мртвите.

**Свети списи-** јудаизмот отсекогаш покажува голема љубов кон пишаниот збор, ракописите и кон книгите. Треба да се спомнат три главни текстуални традиции: *Танак* (хебрејски списи), *Мишна* (трактати и прописи за законот на Мојсеј), *Талмуд* (толкување на Мишна и на Тора).

Во еврејската теологија терминот *Тора* се употребува во три основни значења:

---

[278]Види поопширно Кристофер Партриџ,(2009),„*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр стр. 278.

1.Првите пет книги од Светото писмо, што традиционално му се припишуваат на Мојсеј. 2.Целокупното еврејско Свето писмо (пишуваната Тора). 3.Етичките учења на рабинот (усна Тора).

Во ова поглавје Тората се употребува само за првите пет книги на Мојсеј. Кога зборуваме за севкупното Свето писмо можеме слободно да го употребиме името Танак. Терминот потекнува од традицијата, од подоцнежните библиски времиња, делења на хебрејските списи на три одвоени делови.

**Поделба на хебрејските свети списи:**

**Тора-**[279]од битие до Повторени закони

**Невиим** (пророци)

*Поранешни-* Книга Исус Навин, Книга Судии Израилеви, Книга Самуилова, Книга Царства.

*Подоцнежни-* Големи: Книга пророк Исаија, Книга пророк Јеремија, Книга пророк Језекиил.

Мали: Книга на дванаесеттемина-Книга пророк Осија, Јоил, Амос, Авдиј, Јона, Михеј, Наум, Авакум, Софонија, Агеј, Захарија, Малахија.

**Кетувим** (списи)- Псалми, Мудри Соломонови изреки, Јов, Песна над песните, Рут, Плач Јеремиин, Проповедник, Естир, Даниил, Ездра, Неемија, Летописи.

Во хебрејската Библија, Израелците го доживувале Бог како Господ на историјата. Најбескомпромисниот израз на неговото единство е изразен во молитвата *Шема* (терминот „шема"- значи почуј, слушни). Светото писмо, вселената, своето постоење му го должи на единствениот Господ творец на небото и земјата, а бидејќи сите човечки суштества се создадени според неговиот лик, сите мажи и жени се негови браќа и сестри. Таквото верување во еден Господ во еврејската вера подразбира дека постои едно човештво и еден свет.

### 4.5 Генеза на радикализмот во религиите

Под поимот радикализам (латински-radicalis) подразбираме коренитост, темелност, целосна доследност во застапувањето на некое сфаќање или во спроведување на некоја програма. Денес најчесто радикалните поединци, групи, оргнизации со религиски предзнак ги поврзуваме со фундаменталисти и фундаменталистички движења, но што всушност значи терминот

[279]Наука, учење, закон ,пат.

фундаментализам. Фундаменталистичките ставови можат да се најдат во текот на целата историја, скоро сите религии го истакнувале во текот на својот развој паралелно со зголемување на својата моќ (француски- fondamentalisme- радикална верска политизација, агресивно и фанатично настапување за остварување на извесни цели). Први кои го употребиле терминот фундаментализам се американските протестанти во 1920 год. некои од нив започнале да се нарекуваат ,,фундаменталисти"[280]за да се разликуваат од ,,полибералните" протестанти кои, според нивно мислење, целосно отстапиле од христијанската вера.[281]Фундаменталистите сакале да се вратат кон основите и одново да ги истакнат ,,фундаментите" на христијанската традиција, која тие ја идентификувале со буквалното толкување на Писмото и со прифаќањето на определени суштински доктрини.[282]Група на автори низ памфлети, кои под наслов ,,Фундаменти" во периодот 1910-1915 год. ги уредил и објавил А.Ц. Дикон, имале за цел да ги устоличат начелата на христијанската вера во се поскептичниот современ свет. Вкупно има пет начела или фундаменти, а фундаменталистот е верник, според Куртис Ли Лавс (Curtis Lee Laws), кој е спремен ,,на конечна битка за фундаментите". Историчарот Џорџ М. Марсден (George M. Marsden) на следниот начин ги сумира фундаментите: 1.непогрешливост на Светото писмо 2.безгрешното раѓање на Исус 3.неговото искупување на гревовите 4.неговото телесно воскреснување и 5.автентичност на неговите чуда.[283]Авторот на книгата ,,Верски фундаментализам", Клаус Кинклер ги посочува The five points of fundamentalism- Петте точки (начела или фундаменти) на фундаментализмот- станува збор за теолошки принципи со кои фундаменталистите се дистанцираат, според нивното мислење, од модерна, критичка и либерална теологија на современиот свет. Тоа се: 1.*Апсолутна автентичност на Светото писмо* 2.*Партеногенеза* 3.*Жртва на умилостивение* 4.*Телесно воскресение* 5.*Христовото враќање поради воспоставување на илјадагодишно царство се до последниот суд*. При тоа сите точки немаат иста тежина, но сепак еден краток поглед на нив е доволен да се утврди секогаш актуелната експлозивна сила. Фундаментализмот начелно се карактеризира со:

---

[280]лат. Fundamentum- основа, темел, база, подножје, постамент, подлога. http://365.com.mk/recnik/
[281] Stuart Sim,(2004),,,*Fundamentalist world*", стр. 21.
[282]Керин Армстронг,(2008),,,*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. X.
[283]Stuart Sim,(2004),,,*Fundamentalist world*", стр 22.

- Противење на релативизација на Библијата врз основа на историско-критички истражувања, против сведување на Исус Христос на чисто човечко ниво.
- Против дарвинистичкото оспорување, на настанокот на човекот низ посебен божествен создавачки чин.
- Се заложува за спас на душата, со известување за скорешно враќање на Исус Христос кој ќе воспостави своја власт на земјата.

За време на Првата светска војна фундаментализмот прераснал во националистичко-конзервативно движење.[284] Христијанскиот термин не може со прецизност да се примени на движењата кои имаат сосема поинакви приоритети. На пример, муслиманскиот и еврејски фундаментализам не се засегнати со доктрината која е во суштина христијанска преокупација. Буквалниот превод на „фундаментализам" на арапски би бил *усилија*, збор што се однесува на изучувањето на изворите на различни правила и принципи на исламското право.[285] На почетокот на нивниот шесттомен „Фундаменталистички проект", Мартин Е. Марти (Martin E. Marty) и Р.Скот Апелби (R. Scott Appelby) тврдат дека сите фундаментализми следат одреден образец. Тие се воинствени облици на духовност, кои се појавиле како одговор на забележана криза. Тие се во судир со противниците чии секуларистички политики и верувања се перципираат како непријателски расположени кон самата религија. Фундаменталистите не ја сметаат оваа битка за конвенционална политичка борба, туку ја доживуваат како космичка војна меѓу силите на доброто и на злото. Тие стравуваат од уништување и се обидуваат да го зацврстат својот загрозен идентитет преку селективно навраќање кон одредени доктрини и практики од минатото. За да ја избегнат заразата, фундаменталистите често се повлекуваат од главните текови на општеството и создаваат контракултура. Фундаменталистите го впиле прагматичниот рационализам на модерноста и предводени од нивните харизматични водачи ги прочистуваат овие „фундаменти" за да создадат идеологија која на верниците им обезбедува план за акција. На крајот го враќаат ударот и се обидуваат одново да го сакрализираат светот кој станува се поскептичен.[286] Секогаш, во секоја ера и во

[284] Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 26-27.
[285] Керин Армстронг,(2008),„*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. X-XI.
[286] Ibid, стр. XI-XII.

секоја традиција, постоеле луѓе кои се бореле со модерноста на нивното време. Постоел сличен преоден период во древниот свет, што се одвивал некаде меѓу 700 и 200 г.п.н.е. кој историчарите го нарекуваат *аксијална ера*, бидејќи бил пресуден за духовниот развој на човештвото. Оваа ера и самата била производ и плод на илјадагодишна економска, а оттаму социјална и културна еволуција, која започнала во Сумерија, денешен Ирак, и во древниот Египет. Наместо едноставно да произведуваат доволно приноси за да ги задоволат своите непосредни потреби, народите во IV и во III милениум п.н.е. успеале да произведуваат вишок земјоделски производ со кој можеле да тргуваат и на тој начин да се здобиваат со дополнителни приходи. Ова им овозможило да ја изградат првата цивилизација, да ги развијат уметностите, да создадат се помоќни држави: градови, градови-држави и најпосле империи. Во аграрното општество, моќта веќе не лежела само кај локалниот крал или свештеник, таа барем делумно се преместила на пазарот, изворот на богатство за секоја култура. Во овие променети услови, луѓето најпосле почнале да сфаќаат дека стариот паганизам, кој добро им служел на нивните предци, веќе не се совпаѓаат со условите во кои тие живеат. Во градовите и империите од аксијалната ера, граѓаните добиле поширока перспектива и пространи хоризонти кои направиле старите локални култови да им изгледаат ограничени и стеснети. Наместо божественото да го посматраат како отелотворено во бројни различни божества, луѓето се повеќе почнувале да обожаваат единствена, универзална трансцеденција[287]и извор на светост. Тие имале повеќе слободно време, па така можеле да развијат побогат внатрешен живот. Во согласност со тоа, им станала потребна духовност која не зависи целосно од надворешните форми. Најчуствителните ги загрижувала општествената неправда што изгледала како да е вградена во тоа аграрно општество, кое зависело од трудот на селаните кои никогаш немале можност да ги користат предностите на високата култура. Следствено се појавиле пророци и реформатори кои тврделе дека доблеста на сочувство е пресудна во врховниот живот, способноста да се препознае светоста во секое човечко суштество и подготвеноста да се преземе практична грижа за поранливите членови на општеството станале тест за автентична побожност. На

[287]лат. Transscendentio -пречекорување на границите на искуството, она што е неспознајно со искуството, она што е преку границата на искуството, што ги надминува сфаќањата на човекот, што се наоѓа надвор од границите на природниот свет и го минува подрачјето на човековата свест. http://365.com.mk/recnik/

овој начин во текот на аксијалната ера, големите конфесионални вероисповеди кои продолжиле да ги предводат луѓето се прошириле насекаде низ цивилизираниот свет. И покрај разликите на религиите од аксијалната ера тие имаат многу заеднички основи, сите се изградени врз старите традиции за да ја развијат идејата за единствена, универзална трансцеденција. Тие однегувале внатрешна духовност и го истакнале значењето на практичното сочуство.

Денес се минува низ еден сличен преоден период. Неговите корени лежат во XVI и XVII век на модерната ера, кога луѓето од Западна Европа започнале да развиваат различен тип општество, заснован не врз вишокот земјоделски производ, туку врз технологијата која им овозможила бесконечно да ги репродуцираат ресурсите. Економските промени во текот на последните четиристотини години биле придружени со огромни социјални, политички и интелектуални револуции, со развој на целосно поинаков научен и рационален концепт за природата на вистината, при што радикалната религиска промена станала неопходна. Насекаде низ светот луѓето откривале дека во нивните драматично променети околности веќе не им одговараат старите форми на верата–тие не можат да ги обезбедат просветлувањето и утехата што им се потребни на луѓето. Како последица на тоа, мажите и жените се обидуваат да пронајдат нови облици на религиозност. Како реформаторите и пророците од аксијалната ера, тие се обидуваат да градат врз согледбите од минатото на начин што луѓето ќе ги однесе напред во новит свет што си го создале. Еден од овие модерни експерименти колку и да звучи парадоксално на прв поглед е фундаментализмот.[288]

Обично претпоставуваме дека луѓето од минатото биле (помалку или повеќе) како нас, но нивните духовни животи всушност, биле поинакви. Тие развиле два вида размислување, говорење и здобивање со знаење, кои научниците ги нарекуваат *митос* и *логос*.[289]И двете се од суштинско значење, биле сметани за комплементарни начини за доаѓање до вистината и секој од нив имал своја специфична област на компетенција. Митот се враќа кон почетоците на животот, кон основите на културата и кон најдлабоките нивоа на човековата свест. Митот не го засегаат практични проблеми, туку смислата. Ако не најдеме некакво значење во нашите животи, ние, смртните мажи и жени, лесно паѓаме

---

[288]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. XIV-XV
[289]Ibid, стр. XVI.

во очајување. Митосот на едно општество им обезбедувал на луѓето контекст што ги осмислувал нивните секојдневни животи. Тој го насочувал нивното внимание кон вечното и универзалното. Исто така тој е вкоренет во она што можеме да го наречеме несвесен ум. Различните митолошки приказни, кои не биле создадени да се сфаќаат буквално, биле древни облици на психологија. Кога луѓето раскажувале приказни за херои кои слегуваат во подземниот свет, војуваат низ лавиринти или се борат со чудовишта, тие на светлина ги изнесувале скриените региони на потсвесни области, кои не му се достапни на чисто рационалното истражување но кои имаат длабок ефект врз нашето искуство и однесувње. Поради смртта на митот во денешното модерното општество, се развила психоанализата како наука, за да ни помогне да се справиме со нашиот внатрешен свет. Митот не може рационално да се докаже. Неговите погледи биле поинтуитивни, слични како оние на уметноста, музиката, поезијата или скулптурата. Митот станува реалност единствено кога е вграден во култ, ритуали и церемонии кои естетски влијаат врз поклониците, бидејќи во нив чувството за светото значење им овозможува да дојдат до подлабоките струи на постоењето. Митот и култот биле толку неодвоиви што станало проблем за научна дебата кој од нив доаѓа прв, митскиот наратив или ритуалите врзани за него. Митот исто така бил поврзан и со мистицизмот, спуштање кон психата преку структурирани дисциплини на сосредоточување и концентрација, кои биле развиени во сите култури како начин за развивање интуитивна согледба. Во предмодерниот свет луѓето поинаку гледале на историјата. Нив помалку отколку нас ги интересирало што навистина се случило, а повеќе биле засегнати со значењето на еден настан. Историските случувања не биле посматрани како единствени случаи, поставени во дамнешно време, туку се сметале за надворешни манифестации на непроменливи безвремени реалности. Оттаму историјата има тенденција да се повторува, бидејќи нема ништо ново под сонцето.[290]Така, на пример, не знаеме всушност што се навистина се случило кога древните Израелци побегнале од Египет и поминале низ Црвеното Море. Приказната намерно била напишана како мит и врзана со другите приказни за обредите на премин, крштевање во вода и за богови што го делат морето за да создадат нова реалност. Логос бил

[290]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. XVII.

рационална, прагматична и научна мисла која на мажите и на жените им овозможила да функционираат добро во светот. За разлика од митот, логос мора да биде поврзан со факти и да соодетствува на надворешната реалност за да биде делотворен. Тој мора успешно да функционира во земниот свет. Ова логичко, дискурзивно размислување го користиме кога сакаме да ги поттурнеме работите, да сработиме нешто или да ги убедиме другите луѓе да прифатат одредена насока на акција. Логосот е практичен. За разлика од митот, кој се враќа на почетоците и кон основите, логосот создава и се обидува да најде нешто ново: да развие стара согледба, да достигне поголема контрола врз средината, да открие нешто свежо и да измисли нешто ново.[291]Во предмодерниот свет, митосот и логосот се сметале за неопходни, секој од нив би бил осиромашен без другиот. Сепак тие биле суштински различни, па се сметало дека е опасно да се помешаат митскиот и рационалниот дискурс. Тие имале различни задачи, митот не бил разумен, неговите приказни не требало емпириски да се докажуваат. Митосот не требало да се претвора во основа за практичните политики. Доколку го сториме тоа, резултатот би бил катастрофален, бидејќи она што добро функционира во внатрешниот свет на психата не е веднаш применливо врз случувањата од надворешниот свет. Кога, на пример, папата Урбан II повикал на Првата крстоносна војна во 1095 година, неговиот план припаѓал на областа на логосот. Тој сакал рицарите од Европа да престанат да војуваат меѓу себе и така да го растргнуваат ткивото на западното христијанство. Наместо тоа својата енергија да ја трошат во војна на Блискиот Исток и на тој начин да ја зголемат моќта на неговата црква. Но кога оваа воена експедиција се испреплела со народната митологија, со библиските поуки и со апокалиптичните фантазии, последиците биле катастрофални на практичен, воен и морален план. Во текот на крстоносниот проект, крстоносците напредувале секогаш кога логосот доминирал, тие биле успешни на боиштата, создале одржливи колонии на Блискиот Исток и научиле да се однесуваат попозитивно кон локалното население. Но кога крстоносците ќе почнеле своето однесување да го темелат врз митска или мистична визија обично биле поразувани и извршувале страшни ѕверства.[292]Логосот исто така имал и свои ограничувања. Тој не можел да ја смири човечката болка или страдања.

[291]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. XVIII.
[292]Ibid, стр. XIX.

Рационалните аргументи не можат да и дадат смисла на една трагедија, логосот не може да одговори на прашањата за крајната цел на човечкиот живот. Еден научник може да направи работите да функционираат поефикасно и да открие прекрасни нови факти за физичкиот универзум, но тој не може да ја објасни смислата на животот. Тоа било област резервирана за митот и култот.

Религиозниот тероризам ја воведува космичката димензија на насилните политички битки. Авторот на делото „Терор во свеста на Бог", Марк Јергенсмаер, го истражува непопустливиот став на таквата филозофија. Самото постоење на демонизиран непријател е лошо и секое отстапување од христијанскиот пат претставува ѓаволска работа. Затоа, толеранција на разликите е несфатлива. Според Јергенсмаер насилството е принудно, резултат на космичката неопходност да се прочисти креацијата од злото. Повикот за насилство, расправа Јергенсмаер, е повик да се прочисти светот од неверници и оние кои религиозната традиција ја интерпретираат погрешно. Ако светиот војник не успее, не успева ни Бог, па битката повикува маченици подготвени да ја прифатат светата должност на жртвување. Светата војна доаѓа преку традиција која дозволува само еден начин на размислување. Ако светиот војник не успее, тој станува маченик за надеж. Од друга страна пак, успешните војници претставуваат победа за Бог. Ваквите свети војни претставуваат бескомпромисни принципи на борба и жртвување.[293]Јергенсмаер ги разгледува светите војници во неколку различни верски традиции и наоѓа сличности. Интересно е да се примени неговата логика со споредување на еден од прирачниците на Ал Каеда, *Декларација на џихадот против државните тирани*, со *Прирачник за одбрана* на американската екстремистичка десничарска група позната како Ковенант, Меч и Лордовска рака (1982 год.). И двете книги почнуваат со теолошки извадоци во кои се тврди дека нивните интерпретации на Бог се точни. И двете содржат цитати од прирачници на американската армија, интересни тактички насоки со долги извадоци од библијата придружувани од насилна егзегеза. Ако прирачниците го прикажуваат умот на светиот војник, јазикот на религиозниот тероризам останува константен низ културите.[294]Религиозниот тероризам во модерниот

[293]Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Дата понс/Скопје, стр. 79.
[294]Ibid, стр. 80.

свет еволуирал од претходните форми на тероризам, и светиот терор стана теолошки процес. Односно, трансцедентната природа на религиозното насилство надвладеа бидејќи групите почнаа да размислуваат во религиозни услови. Симболите, митовите и светите значења станаа основа за делување и за излегување од нацијата-држава. Бомбашите самоубијци претставуваат краток приказ на оваа логика. Медиумите се преполни со приказни за бомбаши самоубијци кои бараат награда во рајот за нивните самоубиствени подвизи, но теологијата предлага подлабоко објаснување за самоубиствените бомбашки напади. Во секоја религија луѓето вршат различни активности за да се приближат до божественото, а еден од најфундаменталните елементи за покајување е жртвувањето и истото води до влез во светата земја. Гледано од оваа рамка, самоубиствените бомбашки напади стануваат повеќе од едноставно дејство со цел да се добие награда во задгробниот живот. Тоа е највисокиот чин на жртвување за да се достигне божественото. Навистина, некои луѓе доброволно се жртвуваат за семејни и политички цели, но религијата има подготвен рецепт за оправдување на ваквата жртва. Чип Берлет (1998) го поздравува ритуалното жртвување, објаснувајќи како непријателите стануваат несвети. Војниците, политичарите и други ги деградираат своите непријатели, но религиозните терористи одат подалеку. Тие ги демонизираат своите непријатели сметајќи ги поволни за уништување, а не за света жртва. Барлет верува дека процесот започнува кога одредена група се обвинува за општествен проблем. Тој овој процес го нарекува жртвено јагне. Кога жртвените јагниња се демонизираат, тие стануваат претставници на антибожеството во божествената битка. Нивното уништување е овластено.[295]

Според Брајан Џенкинс, политичките терористи од седумдесеттите и осумдесеттите години немале желба да ја преминат линијата од локализирано уништување до користење оружја кои ќе резултираат со масовна смрт. Причината е едноставна. Политичките терористи сакаат да влијаат врз политичкото мислење и да добијат моќ. Со масовни убиства тие ја илегализираат причината. Религиозните терористи кои играат по божји правила, немаат такви кочници. Дотолку повеќе, откако ќе добијат мандат за извршување на таква смрт, свето просветлување, убиствените религиозни фанатици немаат

[295]Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Дата понс/Скопје, стр. 84.

логичен поттик да спречат масовно уништување.[296] Религиозниот тероризам започнува кога потенцијалните терористи веруваат дека постојаниот поредок е закана за божествената структура. Религиозните терористи не се во борба со човечки сили, тие се борат против злото. Јергенсмаер истакнува дека ова води до космичко соочување. Терористите делуваат на бојно поле каде на божествената креација и се заканува неред. Светата војна се повикува на митови, симболи и света идеологија при што битката добива многу повеќе од историска димензија. Целата историја зависи од рамнотежата на случувањето. Теологијата има криминолошка важност. Религиозните терористи можат да излезат од државата бидејќи тие се однесуваат поинаку од политичките терористи. Процесот може да се илустрира со правење разлика меѓу криминалците и политичките терористи. Бодреро расправа дека однесувањето на обичните криминалци е фокусирано кон себе, водено е од моментално задоволство, ориентирано кон бегство и не покажува особена лојалност кон некоја цел. Терористите, од друга страна пак, се фокусирани на група, со волја да го одложуваат задоволството за поголемо добро, ориентирани кон напад и крајно лојални на целта.[297] Хофман истакнува дека религиозните терористи имаат слични карактеристики со политичките терористи освен нивниот став кон смртта.[298] Иако политичките терористи гледаат на смртта како на нешто неопходно, религиозните терористи активно трагаат кон зголемување на смртта. Тие не се грижат за политичката разгранетост на смртта на милиони луѓе, не велат ништо за трагичните човечки жртви, бидејќи постоењето е или добро или зло, а сето зло мора да биде уништено. Овој космички поглед го пречекорува националниот тероризам. Сепак потребно е напомeнеме дека главната доза за маченичката смрт е резервирана за обичните извршители, додека авторитетите на терористичката организацијата повеќе ја претпочитаат политичката моќ и опстојувањето на политичката сцена, која произлегува од успехот на фанатичните извршители. Во продолжение ќе го опишеме целиот процес во кој

[296] Џенкинс Б.М,(1987), Дали терористите ќе прејдат на нуклеарно оружје? Во издание на В. Лакуер и Ј.Александар, The terrorism reader, New York: Meridian стр. 350-357.
[297] Бодреро Д.Д.(2002), Нов предизвик за спроведувачите на законот за истражување, забрана и спречување на тероризмот. The police chief, стр. 41-48.
[298] Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Дата понс/Скопје, стр 85.

еден поединец (фундаменталист) поминува од *радикализација* кон *мобилизација* и *насилство*.[299]Истиот сликовито е прикажан на следниот начин.




Извор: The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR

Радикализацијата е динамичен и мулти-слоев процес кој вклучува неколку фактори кои се поврзани меѓусебно и со самото тоа влијаат врз поединецот. Не постои единствен фактор кој би ја објаснил радикализацијата и мобилизацијата. Во процесот на *радикализација* учествуваат фактори кои се карактеризираат со индивидуалните (личните) причини на поединецот, социо-економски и општествено-политичките состојби (лични фактори, општествени фактори, групни фактори, социо-политички фактори, идеолошки фактори). Процесот продолжува преку селекција (инхибитори) од горенаведените фактори, кои во зависност од перцепцијата на кризата влијаат во насока да одредени околности или состојби делуваат како забрзувачи (катализатори) за преминување во

[299] The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR стр. 140

наредната фаза наречена *мобилизација*. Во мобилизацијата е присутна активната поддршка на индивидуално ниво (подготвеност за дејство, цели, можности, способности), при што останува крајниот стадиум односно фазата на *акција* или дејствување (*насилство*).

### 4.5.1 Радикализмот во Христијанската религија

Повеќето главни светски религии се труделе да го свртат вниманието кон себе како единствена вистинска религија, при што се покажале како исклучително нетрпеливи меѓу себе.[300]Светите војни заземаат истакнато место во светската историја. Тие претставуваат едно мрачно четиво како за религиозните така и за нерелигиозните толкувања за тоа што всушност едно човечкото битие е во состојба да направи, во името на верата, на други човечки браќа: масакр, страшни мачења, горење на клада и др. Окрутноста на религиските фанатици како да нема граници. Нетрпеливоста кон друга цивилизација расте кога ќе се вметне и религијата, крстоносните војни[301]се пример на фундаменталистичка одмазда врз муслиманите за нивното окупирање на христијанските свети места. Светата војна е оправдана војна-воинот за верата наоѓа спасение низ дејството на војната.[302]Западна Европа, во XI-век, го дочека раѓањето на идејата дека оној кој умира борејќи се за идеалите на христијанската вера ја заслужува круната на маченииштвото. Во Клермонт, папата Урбан ја поврза идејата особено со војната против муслиманите: „Ние сега ви нудиме војна која ја содржи достоинствената награда на маченииштвото, која сега и засекогаш ќе го задржи восхитот". Првите маченици почнаа да се

[300]Во 165 г. во времето на владењето на Марко Аурелиј во Римското царство беснеела колера. Христијаните несебично им помагале на сите во тоа време на кои им била потребна помош (на христијани, пагани дури учествувале и во палењето на починатите од колера при што ги ставале во опасност и своите животи). Римјаните биле многу скептични во врска со помошта што ја пружале христијаните односно нивните мотиви. Тие верувале дека христијаните го прават сето тоа со цел да регрутираат повеќе следбеници на нивната вера, постапката на крајот резултирала ,со големо чудење на римјаните, како многу ефикасна во регрутирање на следбеници. Два века подоцна царот Јулије се обидел да создаде пагански добротворни институции со цел да ги надмине христијанските. Социологот Родни Старк објаснува дека до крајот на владеењето на царот Јулије, во четвртиок век, Римјаните не можеле повеќе да бидат во чекор со христијаните во поглед на христијанската социјална работа. Зачетоците на оваа успешна политика ги наоѓаме во самата доктрина која го нагласува доброчинството. Rodney Stark, The Rise of Christianity: A Sociologist Reconsiders History (Princeton N.J:Princeton University Press) стр.73, и Hans Zinsser, Rats, Lice and History (New York:Bantam, 1960).

[301] лат. *cruce signati* (обележани со крст)-што војниците ги носеле на своите наметки обично на десното рамо.

[302]Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009)„*Етиката на војната*",Академски печат/Скопје, стр 52.

појавуваат во изворите во 1097 година.[303] Се воделе вкупно девет крстоносни војни во периодот од 1096-1291 год. кога со падот на Акра, последното упориште и престолнина на Ерусалимското кралство, бил означен крајот на крстоносците на Блискиот Исток. Исто така паралелно со крстоносните војни формирани се и одредени редови кои ќе имаат силно влијание во подоцнежниот период. Во 1118 год. деветнаесет години по завршувањето на Првата крстоносна војна во Ерусалим формиран е *Редот на темпларите*. Неговото име потекнува од локација каде се наоѓал главниот штаб, на местото од древниот Соломонов храм. Помагајќи да се исполни очајната потреба од постојана армија во Светата земја, витезите на Храмот набрзо зајакнале во однос на нивната бројна состојба, богатство и политичка моќ. Исто така им пораснала и ароганцијата, нивниот голем мајстор Де Ридфор бил клучната фигура чии што грешки довеле до пад на Ерусалим во 1187 год. Западните христијани успеале да се задржат на тесниот дел од територијата по должината на брегот, каде што темпларите биле најголемите поседници на земјата и на тврдините.[304] Редот на темпларите долги години после формирањето ќе има влијание во политика на Западна Европа.

Католицизмот во најголемиот дел од својата историја е вмешан во нешто како света војна. Еретички секти во Средниот век никнувале се повеќе (катари, валдензи, братство на Слободниот дух и т.н.), при што црковните власти со сите нив немилосрдно се пресметувала, недопуштајќи со ништо да се предизвика темелот на црковната моќ. Движењата на Катарите и Албижаните, кои биле раширени на југот на Франција во периодот од XI-XIV век, станале мета на крстоносен поход (1209-1229 год.) со кој се искорениле овие секти на подрачјето на јужна Франција.[305] Во почетокот на XVI век се појавува реформацијата, разгорувајќи долготраен судир со протестанското движење, тој судир трае и денес иако ретко во насилен облик (случајот со северна Ирска). Како последица на реформацијата се создава католичка контрареформација прилично успешна во гушење на протестантизмот во Европа, дури и кога се во прашање враќање на териториите кои биле под надзор на протестантите

[303] Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009),„*Етиката на војната*",Академски печат/Скопје, стр, стр 52.
[304] Џон Ј. Робинсон,(2009),„*Родени во крв-загубените тајни на масонството*", Мартина/Скопје, стр. 15.
[305] Stuart Sim,(2004),„*Fundamentalist world*",стр. 45.

(Франција се враќа на католицизмот и покрај тоа што била на работ да премине во протестанското движење).[306]Надминувајќи ја кризата, католицизмот ја зацврстил својата позиција како водечка светска религија со агресивна политика на ,,вработување" и веќе увежбаната способност за цврст надзор на животот на своите верници. И покрај ширењето на протестантизмот, католицизмот и понатаму себе се смета не само за единствено вистинско христијанство туку и единствена вистинска вера, со текот на годините се собираат куп доктрини со кои си го утврдува правото на тој возвишен статус. Непогрешливоста на папата, како и ватиканските прогласи се сметаат за закони без разлика дали станува збор за контрацепција, свештеничкиот целибат или жени свештеници. Може да се тврди дека протестантизмот по своето значење е фундаменталистички од самиот почеток, во своите аспирации за прочистување на Католичката Црква од праксата, која реформаторите како Мартин Лутер и други, ја сметале за предавство на изворната чистота на доктрината на христијанството. Реформата значела враќање на духовните темели на христијанството, кои исчезнал со прераснување на Католичката црква во голема и моќна институција еднакво заинтересирана за политички и општествен надзор од една страна и религијата- односно враќање на поедноставни облици на обожување и директна врска помеѓу верникот и Бог, од друга страна.[307]Можеби најпознатиот плод на фундаменталистичкото разбирање на Светото писмо е *креационизам* (безусловно и буквално признавање на Библиските приказни за настанувањето и истовремено стриктно отфрлање на секој облик на еволуција, без разлика дали станува збор за Дарвиновата теорија или нечија друга теорија). Фундаментализмот, денес претставува уште едно движење внатре во конзервативно-евангелистичкиот протетантизам. Првично се појавува во Северна Америка и Обединетото Кралство, но и во земјите во кои се активни фундаменталистичките мисии.[308]Движењето дарбјуит (darbyite, 1830-1880 год.), претставува претходница за модерниот христијански фундаментализам, преку истото се осигурани теолошките основи за поставување на

[306]Stuart Sim,(2004),,,*Fundamentalist world*", стр 46.
[307]Ibid,стр 47.
[308]Клаус Кинклер,(2002),,*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 41.

фундаменталистичкиот жар за библиската автентичност и непогрешливост.[309]Во продолжение ќе наведеме неколку случаи во кои јасно се изразени екстремните ставови на организации со религиозен (христијански) предзнак.

На 19 април 1985 година, 200 сојузни и државни чувари на законот на САД, извршиле опсада на еден вооружен камп, кој се протега на 240 хектари во руралниод дел на Арканзас. Во него живееле приврзаници на христијанскиот култ ,,Завет Меч и Божја рака" (ЗМБ). Култот долго ја очекувал непријателската инвазија, а приврзаници на култот на маргините на територијата на кампот, закопале нагазни мини и собрале залихи на храна потребни за 5 години. Џејмс Елисон (James Ellison) лидер на култот, сакал да отвори оган кон полицајците, но по тридневни преговорите со Дени Колсон (Danny Coulson), водач на ФБИ (FBI) тимот за спасување заложници, се завршило со предавање на приврзаниците на култот. Кога владините службеници влегле во логорот пронашле голема количина на оружје, вклучувајќи: 50 рачни гранати, 74 парчиња јуришно оружје, 30 митралези, 6 пригушувачи, противтенковски ракети М-72, противавионско оружје од Втората светска војна, 1,5 кг пластичен експлозив, недовршено оклопно возило од домашно производство и буре со цијанид, со кое приврзаниците на култот имале намера да ги загадат залихите со вода на еден голем град. Причините поради кои култот се одлучил на такво нешто било враќањето на месијата ,,спроведувајќи Божји суд". Биле уверени дека хуманисти, комунисти, социјалисти и ционисти ја превземале Американската влада. Дознале дека Евреите се директни потомци на Сатаната, тесно соработувале со Антихристот во чии сили биле вклучени и Обединетите нации и Меѓународниот монетарен фонд, Илуминати. Преку свои разузнавачки канали откриле дека целата таа клика сакала да создаде светска влада, јасен знак дека силите на Сатаната се на сцена.[310]

Поставувањето на бомба[311]во сојузната трговската зграда ,,Алфред П. Мурej", во Оклахома Сити во април 1995 година, повторно во фокусот го стави насилството на-христијанските бели господари во САД. Во јуни 1997 година, Тимоти Меквеј 28-годишен ветеран на војската на САД, е осуден во

[309]Поопширно во Charles B.Strozier (1994),,On the Psychology of Fundamentalism in America (Boston, Mass:Beacon Press), стр.183-184 и James A.Aho(1990),,The Politics of Righteousness:Idaho Cristian Patriotism (Seattle, Wash:University of Washington Press) стр.53-54.
[310]Jessika Stern,(2003),,*Terror in the name of god-why religious militants kill*",стр 42-44.
[311]поставен е камион со експлозив. Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007),,White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism.

федералниот суд во Денвер како извршител на нападот. Два месеци подоцна над него е извршена смртна казна со инекција. Десничарскиот екстремист Меквеј го извршил овој напад со помош на Тери Л. Николс, (на кој му се судело одвоено)- како помен на втората годишнина од крвавиот напад на ФБИ (FBI) на Давидовиот комплекс во Вако, Тексас, во кој се убиени 74 лица од кои 21 дете. Тој и неговите соучесници очигледно биле опседнати со идејата дека нападот во Вако, како и сличната опсада на колибите на Белите господари во Руб Риџ-Ајдахо, во режија на ФБИ една година претходно, претставува почеток на плановите на владата на САД за прогласување на незаконско секое поседување на огнено оружје на цивилни лица. Имало исто така и други побуди вклучувајќи освета, побуна и вооружен отпор, кои се покажале дека Меквеј ги споделувал со припадниците на добро вооружени милитантни антивладини „граѓански" милиции. Тие биле жестоки поборници на вториот член од Американскиот устав, кој дозволува постоење на граѓански милиции и правото за носење на огнено оружје, овие групи исто така ги истакнуваат своите бунтовнички, антисемитски и расистички ставови кои се својствени за движењата на Американските христијански патриоти. На овој начин се отсликува процесот во кој поединците прво се регрутираат во групите врз основа на спротиставување на законската регулатива, која забранува носење на огнено оружје, но постепено добива се понасилни позиции за на крајот да се повикаат на светото писмо и теолошките императиви.[312]

Во јули 1996 година, уапсени се дванаесет припадници на аризонската група позната како „Милиција Гуја", од кои шестмина од нив подоцна се обвинети за поседување на експлозив и митралези како и за завера за предизвикување на граѓански немири. Оваа група две години планирала на кој начин да ги дигне во воздух седум сојузни трговски згради во Феникс, при што за таа цел извршиле детално извидување вклучително и видео снимање на потенцијалните цели. Групата создавала залихи на амониум нитрат-експлозив што е користен за конструирање на бомбата која ја уништила зградата во Оклахома Сити. Во моментот на приведувањето припадниците на групата Гуја имале 900 кг. вештачко ѓубриво-амониум нитрат (бомбата од Оклахома Сити имала околу 2300 кг амониум нитрат, кој бил измешан со високооктанско гориво за болиди).

---

[312]Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр 95-96.

Друг инцидент кој е обелоденет четири месеци подоцна, зборува за приведувањето на тројца членови припадници на групата „Слободна милиција на Република Џорџија". Оваа тројка е осудена за заговор за „водење војна против владата" со планови кои подразбираат атентати на високи државни функционери, па дури и напад на Олимписките игри во Атланта (1996 год-САД). Во ноември седум припадници на Планинската милиција на западна Вирџинија се приведени под обвинение за планирање на кревање во воздух на компјутерскиот центар на ФБИ во оваа земја.[313]Целите и мотивите на овие екстремистички групи всушност опфаќаат широк спектар. Многу „полски прирачници" и други литератури на милициските групации се служат со произволни извадоци од светото писмо, со цел втемелување на своите насилни активности. Исто така ја користат божјата служба со намера да го оправдаат својот параноичен повик за оружје. Еден регрут, на пример, после приемот за членство во една селска црква во Мисури, изјавил: „*Беше чудно. Беше крајно религиозно. Луѓето стоеја во црквата носејќи оружје, пушки, неколкумина имаа пиштоли. Сите пријдовме до олтарот во една чудна поворка. Ни беше кажано дека тоа е дел од ритуалот со кој стануваме* ***Божји војници*** *во оваа* ***света војна****. Еден од организаторите на овој настан се искачи на говорницата и изјави „Наскоро од нас ќе се бара да убиваме, и ние ќе убиваме со љубов во срцето затоа што Бог е со нас*". [314]

Нишката која ги поврзува овие граѓански милиции, даночни затајувачи, антифедералисти, верски фанатици и расисти, претставува верската догма за белата супрематија[315]истакнувано од страна на движењето Христијански идентитет. Христијанскиот идентите се базира на едно постаро движење наречено „Англоизраелизам", кој се појавил во Британија во средината на XIX-век. Клучните верувања на Англоизраелизмот се дека десетте изгубени племиња на древниот Израел биле составени од англосаксонци, а не од Евреи. Меѓутоа за разлика од денешното движење на Христијанскиот идентитет во САД, Англоизраелизмот ја прифатил мирољубивата доктрина. Основното верување на современата американска верзија на Христијанскиот идентитет, ги вклучува следните работи:

---

[313]Brus Hofman,(2000)„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр 99.

[314]Ibid, стр 101.

[315](фр. suprématie) 1. врховен надзор, врховна власт (особено на папата над бискупите и црквите); 2. надмоќ, надмоќност, превласт. http://rechnik.on.net.mk/

- Исус Христос не бил семит туку ариевец.
- Изгубените племиња на Израел не ги сочинувале Евреи туку „плавооки ариевци".
- Бели англосаксонци, а не Евреи се вистинскиот „избран народ".
- Соединетите држави се „Ветената земја".

Во овој контекст Евреите се сметани за лажговци и деца на сатаната кои треба да бидат истребени.[316]Во Европа би ги посочиле следните примери на верски фанатизам и десен екстремистички тероризам.

На 22.07.2011 Андерс Бериг Брејвик активираше експлозивна направа во центарот на Осло (Норвешка), а потоа на островот Утоја, во близина на Осло, застрела уште 69 млади приврзаници на Норвешката работничка партија. Крајниот епилог е 77 загинати. Во судот ја даде следната изјава:

*„Јас сум воен командант во Норвешкото движење на отпорот и носител на орден на норвешките рицари темплари, односно јас ги отфрлам компетенциите на овој суд затоа што вие сте добиле мандат од организации кои ја поддржуваат омразената идеологија и затоа што ја поддржуваат мултикултурата"*[317]

Во Карлсруе, Германија, на 13.11 2011 приведена е Беате Ц. десна екстремистка која заедно со уште двајца соучесници ја формирала терористичката ќелија „Национал-социјалистичко подземје".[318]Тројцата терористи живееле во заедничка куќа во Цвикау, покраината Саксонија. Откако нејзините соучесници се самоубиле Беате Ц. ја запалила куќата во обид да ги уништи доказите. Сепак истражителите успеале да пронајдат видео запис, доказ, дека тројцата извршиле убиство врз деветмина странци и една припадничка на полицијата. Полицијата работи на разоткривање и на останати учесници кои се инволвирани во десно-радикалниот тероризам во Германија.

[316] Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр. 101.
[317] http://www.time.mk
[318] http://www.dw-world.de/dw/article/

## 4.5.2 Радикализмот во Исламот

Исламот во својата основа има пророчка визија за односот помеѓу Бог и човекот. Бог во Куранот е опишан како единствена причина за постоење на светот. Да се посветиш себеси на Бог-што во Куранот е често претставено со формулација ,,*аслама*"- тоа е она со кое човекот го обезбедува своето спасение и претставува ,,ислам" во изворна смисла. Пророкот Аврам, според Куранот, е човек кој живеел во еден потполн однос со Бог. Во деловите од пред хиџра, односно од Мухамедовото преминување од Мека во Медина, Аврам е претставен како прототип на еден муслиман.[319]Првобитниот означен пророчки идеал за односот човек-Бог како ислам, почнал да профанира,[320]верските обичаи и закони добиле првенствено значење. Кон исламот се припаѓало со чинот на раѓање или се пристапувало кон него со некој формален чин. Сето ова влијаело кон разбивање на јадрото на исламот. Оваа внатрешна напнатост во никој случај не одговарала на исламот, па исламската теологија повеќе од три века после хиџра оштро и жестоко се трудела да создаде од исламот една прифатлива целина. Резултат од сето тоа не можело да биде ништо друго освен хармонизација на спротивставените решенија од Коранот и традицијата. Важна била и политичката компонента, односно грандиозниот триумф на исламската држава. Во Медина како парадигма на исламската држава, законот се признавал како инструмент за одржување на исламот. Запрепастувачкиот политички успех на исламската држава, кој е постигнат неколку години после Пророковата смрт, го направил законот како неизбежно средиште на животот на муслиманите. Пророковата држава на чие чело како Пророков наследник бил калиф, кој владеел како застапник на божествениот поредок на земјата, се покажала како успешна.

Исламот во X век се воспоставил како верско-политички систем со три облици-претстава за Бог, толкување на човековата суштина и внатрешниот поредок-во сосојба на привидно стабилна рамнотежа:[321]

1.Бог е единствената причина на се што постои и главна причина на сите настани.

[319] Клаус Кинклер,(2002),,*Верски фундаментализам*", Clio/Белград,стр 67.

[320]лат. profanare-осквернни/осквернува, скврнави, употреби/употребува за ниски цели, злоупотреби/злоупотребува; http://365.com.mk/recnik/

[321]Клаус Кинклер,(2002),,*Верски фундаментализам*", Clio/Белград,стр 68.

2.Муслиманот на овој факт е секогаш и потполно свесен, со тоа неговото спасение е извесно.

3.Исламската држава заснована на божјиот закон е најсовршен поредок, и како таква во потполност ја објавил Пророкот Мухамед и ја остварил во заедницата во Медина.

Помеѓу верско-политичкиот систем на исламот и вистинските односи во исламскиот свет никогаш не владеела согласност. Жестоки граѓански војни имало уште во почетокот на историјата на исламот. Теоретски калифот, како наследник на Пророкот, претставувал отелотворување на верско-политичкиот авторитет на заедницата. Меѓутоа во X век постоеле три калифати, при што секој се прогласил за единствено легитимен: Абасиди во Багдад, Фатимиди во Каиро и Омајади во Андалузија. Калифите не успевале во својот калифат во потполност да ја спроведат својата власт. Платенички групи како и локални владетели насекаде основале емирати, во едни такви околности исламскиот систем тежнеел кон создавање на една заедница уредена според божјиот закон. Идеализирање на раниот период на исламската заедница за наследниците на исламот претставувал историска реалност, задолжителна реалност и идеал за денешницата.[322]На Арапскиот Полуостров[323]Мухамед ибн Абд ал Вахаб (1703-1792), основачот на *вахабизмот*, создал сопствена држава во централна Арабија и во регионот на Персискиот залив, тој бил типичен реформатор. На тогашната криза и излегол во пресрет така што им се вратил на Куранот и на суната, жестоко отфрлајќи ги средновековната правна наука, мистицизмот и филозофијата. Бидејќи застраниле од чистиот ислам, како што тој го замислувал, Абд ал Вахаб, тврдел дека османските султани се апостати[324]дека не се вредни за послушноста на вредните и со тоа заслужуваат да умрат. Нивната шеријатска држава била неавтентична. На нејзино место, Абд ал Вахаб, се обидел да создаде енклава на чиста вера што ќе се темели врз практиките на првата муслиманска заедница од VII век. Тоа било агресивно движење, што

---

[322]Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 68-69.

[323]Во предисламска арабија, одмаздата и масовните убиства биле вообичаена појава. Ако некој бил убиен племето на жртвата ќе се одмаздело врз целото племе на убиецот. Оваа практика била забранета со Куранот (2:178-179). Во врска со оваа правна забрана во Куранот се вели „*По ова, кој ги надминува границите ќе биде во голема казна*" (2:178). Без разлика што не е во ред да гледаме да се прави нешто против нас, ние не можеме со камшик против сите луѓе. http://islam.about.com/cs/currentevents/a/suicide_bomb.htm.

[324]отпадник од вистинското учење или од вистинската вера. http://365.com.mk/recnik/

насилно им се наметнало на луѓето. Некои од овие насилни и одбојни вахабистички техники ќе бидат применети од фундаменталистичките исламски реформатори за време на дваесеттиот век, период на уште поголеми промени и немири.[325]Фундаменталистички тенеденции во исламот се појавуваат многу рано, уште во X и почетокот на XI век. Политичката криза која довела до конечен распад на Абасидскиот калифат, поврзан е со духовната криза и песимистичкото расположение кое во тој период се чуствувало. Повторно, но овој пат засекогаш, да се биде на патот и целта на исламот била тенденција на големиот сунитски мислител од XI век Ал Мавради. Сонот за универзален исламски поредок претставен во калифатот станувал се подалечен, истиот не можел едноставно повторно да биде обновен. Да се воспостави богоугоден живот и истиот да биде остварлив покрај се претставувало за Ал Мавради, а подоцна и за други, постојан поттик на исламската мисла. Било потребно на друг начин да се протолкува стварноста и да се поврати идеалниот стар исламски начин на живот. Веќе кај Ал Мавради се наоѓа типичниот модел на размислување карактеристичен за исламскиот фундаментализам до денес.[326]Накратко може да се констатира: фундаменталистичките ставови на исламот се резултат на длабоки кризи. Повремени докази за тоа се јавуваат уште во X и XI век, како и после погубниот упад на Монголите во XIII век. Истакнатиот мислител Ахмед Ибн Тајмија (1263-1328 год.), дава целосна слика за тоа. Улогата на фундаментализмот е следната, во време на крајна загрозеност на исламскиот свет повторно во рамнотежа да ги донесе трите негови темелни вистини содржани во: 1.Бог е единствен извор на се што постои оттука и упорно отфрлање на филозофијата. 2.Муслиманот треба да се врати на спонтана и непоколеблива верба на предците и да не дозволи да биде заслепен од сјајот на новитетите. 3.Само со неприкосновено и универзално важење на Божјиот закон може да се реализира исламска заедница во целосна смисла.[327]

Радикалното, повторно воспоставување на идеализирани односи од празаедницата, гарантира надминување на кризата во која исламскиот свет секогаш одново запаѓал. За исламот е непознато одвојување на религијата од државата. За разлика од христијанството, исламското движење секогаш било

[325]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за Бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр 67.
[326] Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", /Clio/Белград,стр 69.
[327] Ibid,стр 69.

поврзано со државата. Муслиманските фундаменталисти со задоволство ја истакнуваат државната димензија на исламот, бидејќи исламот во времето на Пророкот и неговите следбеници биле еден вид на божествена држава, и таа божествена држава мора да се изгради на темелите на шеријата.

Исламските реформистички движења кои се појавувале во 80-те години на XIX век се основале на исклучиво фундаменталистичко идеолошко наследство. Овој факт скоро и да не е регистриран на Западот и јасно е изразен дури во изминатите години. Во периодот на преминот од XIX во XX век очигледни се фундаменталистичките тенденции во Османлиското царство, а нешто подоцна и во салафитското[328]движење (движење ориентирано кон враќање на исламот на „чесните предци", современици на Пророкот). Најважна ударна сила на таквите тенденции била Ал икван ал муслимун-Муслимански браќа (Al ikhvan al muslimun), основано од Хасан ал Бана (1906-1948 год.) во Египет во 1928 година, кое подоцна се проширило и на останатите арапски земји. Од салафитското движење кон крајот на XIX век се изродува неосалафизмот. Неосалафизмот претставува верски фундаментализам кој што се враќа на исламот на „набожните предци"(<*al salaf al salih*>). Неосалафистите го идеализираат периодот на Пророкот и неговите следбеници и ги отфрлуваат верувањата и верските појави, кои не се потврдени во Коранот или во Суната (традиција базирана на зборовите и делата на Пророкот). Тие се непријатели на политичкиот и културниот модернизам, како и на локалните верски традиции, постапка која ги негира историскиот развој и културната разновидност на муслиманските заедници.[329]Потребно е да се направи разлика помеѓу *неосалафизмот* од типот ***побожен*** и *неосалафизмот* од типот ***џихадски***. Неосалафизмот од типот **побожен** бара, пред се, да се реисламизираат поединците и заедницата, тој е длабоко конзервативен и негова цел не е рушење на политичките режими, што објаснува дека е охрабрен и финансиран од монархиите на Персискиот залив. Неосалафизмот од типот **џихадски** ја

[328]Во IX век, Сириецот Ибн Ханбал, создал една нова доктрина, ханбализам. Ханбализмот проповедал фундаменталистичка примена на принципите на исламот, инсистирајќи строго имитирање на делата на *салафите* (старите од Медина, термин кој се користи за првите следбеници на Пророкот). Подоцна од ханбализмот се изродил салафизмот (салафија). Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009) „*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 310.

[329]„*Исламот и политиката на Западен Балкан*"(2009), Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) стр 13.

почитува **Умма** (заедница на верниците), како единствена легитимна политичко-религиозна заедница и инсистира на верска задача да води џихад[330](света војна), против западниот свет и безбожните режими на муслиманскиот свет. Тоа претставува еден екстремизам од најнов тип, глобален и територијално неограничен, чиј главен претставник е мрежата Ал-Каеда.[331]Терминот исламизам или политички ислам може да се дефинира како волја за реафирмирање на димензиите и политичката умесност на исламот во современиот свет. Значи тоа не е спротивно со прифаќањето на одреден модернизам, вклучувајќи ги политичките и културните димензии. Исламистичките движења често имаат голема националистичка димензија, како што го илустрира тоа Хезболах во Либан, Хамас во Палестина, Движењето на муслиманските браќа во Арапскиот свет или пак Партијата на правдата и развој (*Adalet ve kalkima partisi*-AKP) во Турција. Треба меѓу другото да се направи разлика помеѓу *модерниот исламизам*, кој што ги прифаќа изборните стратегии и ги почитува демократските принципи и *радикалниот исламизам*, кој што употребува револуционерни и насилни средства за да дојде на власт и да ја води власта на диктаторски начин.[332]Исто така важни движења во денешниот фундаментализам, покрај Ал икван ал муслимун-Муслимански браќа се и Џемати ислами (Dzemaati islami)-исламска заедница, основана во Пакистан од Абу ла ал Маудуди (Abu la al Maududi, 1903-1979 год.) и следбеници на Исламската револуција во Иран.[333]

---

[330]Околу 850 година се пречистил поимот *џихад*, термин кој на почетокот бил формиран врз арапски корен од три букви „џ' х' д" што значи „прави напор". Оттука произлегуваат два различни поима, кои сепак се дополнуваат, големиот џихад и малиот џихад. Големиот џихад е духовниот напор кој секој муслиман мора да го направи врз сам себе (најпосле и негов најголем непријател) за да ги примени правилата на исламот. Задача е постојано да се обновува религиозната вера која му овозможува да се однесува како вистински верник. Малиот џихад е точна задача на секој муслиман да ја брани, со средства со кои располага: учество во борба, финансиска помош, охрабрување на неговата религија кога таа е нападната. Последователни нови толкувања на малиот џихад овозможиле да се појави доктрина на борбениот салафизам, од каде во седумдесеттите години на минатиот век се појавило меѓународното џихадистичко движење/Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009) „*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 304-305.

[331]„*Исламот и политиката на Западен Балкан*"(2009), Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) стр. 13.

[332]Ibid, стр 13.

[333]Покрај овие постојат и организации кои се истакнуваат по својата екстремност и милитантност:

-Al takfir va al hijra (Ал такфир ва ал хиџра-анатема и хиџра)

-Dzund Al(l)ah (Џунд Алах-божјата армија)

-Al Jihad (Ал џихад-Света војна)

-Tanzim al jihad (Танзим ал џихад-организација на светата војна)

4.5.3 Радикализмот во Хинду религијата

Групи на скитници следбеници на Харе Кришна, забавувачи на улиците на Западна Европа во изминатите неколку децении, со своето пеење и облека со светли бои всушност претставуваат еден облик на хинду фундаментализам. Харе Кришна е име под кое е позната Меѓународната асоцијација за свесност на Кришна (ISKCON), која своите корени ги влече од XVI век и посебните форми на вишнуизам-обожување на богот Вишна или Кришна со човечки лик, како што тоа го интерпретира мудрецот Чаитанја (Caitanya). Експертот за хиндуизам Џон Брокингтон (John Brockington), тврди дека Харе Кришна е совршено „ортодоксен следбеник" на традицијата на Вишна, и дека тоа е позитивен фактор во мисионерската работа: *„неговата конзервативна па дури и реакционерна природа.....како да привлекла одреден број на следбеници обесхрабрени од многу аспекти на модерниот Запад, а неговиот анти-научен, анти-интелектуален и фундаменталистички принцип на некој начин делуваат како враќање во минатото"*.[334]Еден друг познавач на таа проблематика А.Л.Херман (A.L.Herman) ги нагласува паралелите на „кришнаистичкиот фундаментализам" и христијанската традиција. Во овој случај фундаменти се: 1.Господарот Кришна е единствен и личен владетел на Вселената 2.Веди и останати свети списи се точни во буквална смисла на зборот 3.Само предавање во екстаза која се однесува на господарот Кришна води кон ослободување и ја уништува секоја претходна злоба и незнаење 4.Патот на предавањето е тежок но достапен на секој.[335]Малкумина ќе го сметаат движењето Харе Кришна за особено загрижувачко, но постои и една морничава страна на фундаментализмот во Индија. Хиндуистичките екстремистички партии ја искористиле се поголемата популарност на фундаментализмот во државата со цел отворено да ги прогонуваат индиските муслимани. Првите терористички организации во Индија се јавиле во почетокот на XX век, како помош на герилата. Првите акции биле насочени против највисоките претставници на колонијалната власт во Индија. Втората генерација индиски терористи се јавува

-Tavakuf va tebejun (Таваку䏠 ва тебејун-постојаност и самоуверување)
-Al Dzem'ija al sher'ija (Ал џемија ал шерија-општество на законот)
-Милиции под иранска контрола како што се Hizbulah (Хезболах-божја партија), Al jihad al islami (Ал џихад ал ислами-света војна) и други.
Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 80-81.
[334]Stuart Sim,(2004),„*Fundamentalist world*",стр. 100.
[335]Ibid, стр. 100.

во дваесеттите години на минатиот век. Најголемиот број потекнувал од Гандиевското ненасилно движење кое го напуштиле кога ја изгубиле довербата во неговите методи на борбата за независност и се определиле за патот на насилството. Хиндустанска социјалистичка републиканска партија била основана во 1928 година, платформата на асоцијацијата била формулирана во манифестот под име „Филозофија на бомбата". Тој претставувал одговор на младите националисти на Гандиевите обвиненија дека „тероризмот не е целосна револуција", тие му одговориле „*Ниту една револуција не е целосна без тероризам*", се додава: „*тероризмот не е увезен од Запад, одгледан е на индиската почва. Тероризмот всадува страв во срцата на угнетувачите носи надеж за освета и спасение на угнетуваните маси, дава храброст и самодоверба на колебливите....бидејќи претставува најавтентичен доказ на гладта на една нација за слобода*".[336]

Иако Индија себеси се смета за секуларна држава во текот на 80-те години на XX век го искуси религискиот национализам. *Хиндутва*, идеологијата на хиндуистичките националисти, денес се манифестира како организиран милитантен облик на религиска надмоќ чии заговарачи предлагаат основање хиндуистички Раџ-држава, во која хиндуизмот би ги дефинирал граѓанските права, националната припадност и националната култура.[337]Влијателни зачетоци на политизираниот, активистички религиски национализам денес се разни организирани хиндуистички движења што се појавиле уште во Британска Индија. Сант Паривар односно т.н „семејство" на општествени и политички организации, работи на промовирање на хиндутва, а нејзиниот политички разгранок партијата-Бхаратија Џаната, добила доволна подддршка на изборите во 1999 год. за формирање петгодишна коалициска влада.[338]Во деведесттите години на XX век во Бомбај на власт дошла партијата Шив Сена (Shiv Sena-војска на господарот Шива), при што започнаа серија на настани кои новинарот Шуам Батиа (Shyam Bhatia) ги опишува како „макартистичка[339]анти-муслиманска кампања". Кон муслиманите, ако не можеле да се докажат на друг начин, се однесувале како кон илегални доселеници, исто така Шив Сена се

---

[336]Иван Бабановски,(2010).,*Европа таргет во сатанското мени на Ал Каеда*", Скопје, стр. 18.
[337]Кристофер Партриџ,(2009).,*Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ*", Младинска книга/Скопје, стр. 139.
[338]Ibid, стр. 139.
[339]Назив за реакционерната политика што ја водел американскиот сенатор Џозеф Р. Макарти под паролата „борба против комунистичката опасност".

трудела да им го скрати и нивното избирачко право. Постојат известувања за киднапирање на муслимани родени во Индија и нивно префрлување во муслиманскиот Бангладеш. Според основачот на партијата Бал Тачкерај (Bal Thackeray), муслиманите претставувале внатрешен државен непријател и како такви мора на останатите индијци „да им го докажат својот кредибилитет".[340]Единствен индиец во чиј кредибилите не се сомнева е хиндусот-вистински фундаменталистички став и одличен пример на спојување на религијата со политиката. Откако хинду националистите се востоличиле на власт, судирите меѓу националистите се повеќе зачестиле. Приврзаници на хиндутва во 1992 год. ја уништиле џамијата Бабри, која датира од XVI век, во градот Ајоџа (Ayodhya) во северниот дел на Индија за веднаш после тоа да кренат кампања за изградба на хиндуистички храм на нејзините темели, посветен на божеството Рама, бидејќи верувале дека токму тоа е местото на неговото раѓање. Кога воз со гневни хиндуистички активисти се враќал од Ајоџа во февруари 2002 год. бил нападнат од страна на муслимани во градот Гоџри (Godhri), при што загинале 58 лица, следела одмазда врз муслиманската заедница и за последица имало 700 мртви. Нетрпеливост од такви размери наведува на заклучок дека фундаментализмот станува значаен политички фактор во индискиот политички живот во блиската иднина или како што рекол Салман Ружди во врска со случувањата:„*Тоа што се случило во Индија, се случило во божјо име. Проблемот е Бог*".[341]Хиндуистичките приврзаници на добро организираните насилни движења, се правдаат со фактот дека муслиманските владетели ги разурнале хиндуистичките храмови и со тоа ја повределе гордоста на хиндусите. Инцидентите како што е уривањето на џамијата Бабри ги сметаат клучни за обновување на чувството на хиндуистичкото достоинство и за повторно афирмирање на нивната гордост.

[340]Stuart Sim,(2004)„Fundamentalist world",стр. 100.
[341]Ibid.

### 4.5.4 Радикализмот во Јудејската религија

Израел секогаш имал „повеќе историја отколку географија",[342]Во историјата на евреите презентирани се страдањата и очекувањата, се зборува за уништување на нивните храмови, протерување од сопствената земја, безброј погроми и обиди за уништување. Библијата особено ги раководела Израелците по повод нивното влегување во Ханаан, кој го освоиле и ги убиле сите негови жители, што е наведено во рабинските извори како „седумте народи" (ammamim) кои го населиле поголемиот дел од земјата. Книгата на Семјуел ја забележала ужасната пресуда која ја донел Господ преку пророкот Семјуел против Саул, првиот крал на Израел, чие истребување на Амалекијците го изоставил како и убивањето на амалекијскиот крал Агаг и ги раширил пљачкосувањата како награда од војната. Поради овие изоставувања Саул ја изгубил можноста да ја продолжи династијата и круната била предадена на неговиот оруженосец и ривал, Давид, наместо на неговиот син Џонатан.[343]Во книгата за Генезата, веднаш по приказната за големата поплава и ветувањата на Господ да не го уништи светот, текстот забележува серии изјави во форма на заповеди. Талмудот идентификувал седум одделни заповеди: не идолизирај, не проколнувај во име на Господ, не врши непотребно крвопролевање, не врши забранети сексуални оптштења, не кради, задолжително создавање на судски систем и на крај не јади месо од секој дел од животното. Талмудските извори укажале дека личноста што не е Евреин, но сака да живее како граѓанин на Израел мора да ги прифати овие седум заповеди за да се усогласи со статусот на „непознат жител" (ger toshav).[344]Темелот на јудеизмот е Тората, таа според рабинската традиција претставува Божји план на создавањето. Бог ја создал сам и тоа пред се останато, со нејзина помош го уредил светот. Според тоа Тората се идентификува со создавањето и уредувањето на светот, и гарантира негово опстојување. На Синај, Бог му ја објавил Тората на Мојсеј и ја направил задолжителна за сите луѓе, меѓутоа истата била прифатена само од евреите.[345]За толкување на Тората постојат овластени учители-рабини и само тие имаат право да ја толкуваат Тората. Бидејќи истата е создадена пред создавањето на светот,

[342]Изјава на Исаја Берлин- Isaiah Berlin „The Origins of Israel" (1953), The power of ideas, ur.Henry Hardy (London and Princeton 2000), 143 Princeton Unevirsity press.
[343]Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009),„*Етиката на војната*", Академски печат/Скопје, стр 119.
[344]Ibid, стр 123.
[345] Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 87

таа е непроменлива и вечна. Според толкувањето на еврејските рабини никогаш ништо не може да се додаде или одземе од Тората односно таа мора да биде автентична од времето кога му била објавена на Мојсеј. Се до денешен ден ортодоксниот[346]јудаизам инсистира на начелото на непроменливост на Тората, додека реформскиот јудаизам е подготвен да се откаже од некои делови на традиционалната Тора. Ортодоксните евреи одбивале на човечката креација под името „држава Израел" да биде опфатено и името на Бог. Покрај тоа сите ортодоксни групи имаат една заедничка основа, а тоа е уверувањето дека секуларната држава е зло кое мора да се надмине. За таа цел да се оствари дозволени се сите средства. Ортодоксноста во државата Израел, од основањето во 1948 година, останала одлучувачка сила до денешен ден. Првиот претседател на државата Давид бен Гурион, сакал идните односи на ортодоксноста и политиката во израелската држава да ги уреди со посебен документ. За таа цел во 1947 год. се обратил на групата ортодоксни организации под името Агудат Израел, на кои заедничка особина од една страна им била одлучното одбивање на реформистичкиот јудаизам и асимилација, а од друга страна строго придржување на традиционалната побожност и начинот на живот. Овој документ е познат под името „Status quo".[347]Во таа повелба на ортодоксната заедница и се гарантира дека:

1.Сабат ќе биде прогласен за неработен ден во цел Израел 2.Верски регулиран начин на исхрана ќе биде застапен во сите државни кујни 3.Јурисдикција на склопување и развод на бракот ќе има исклучиво судот на рабините 4.Во државата ќе биде признаено постоечкото, посебно образование на верските групи.

Верскиот блок во првите години на постоење на Израел се концентрирал на создавање на „еврејскиот карактер" на израелската држава. Во Кнесетот-Парламентот но и во оптштините, верскиот блок допринел да се усвојат закони кои на Израел му даваат облик на Библиска теократија.[348]Во 1977 година, со помошна на национално-верски и ултраортодоксните влијанија на Агудат Израел, на премиерската функција во Израел доаѓа Менахем Бегин, од блокот

---

[346]грч. orthodoxos-што се придржува стриктно кон учењето и прописите на некоја идеологија, особено верска; православен, правоверен; http://365.com.mk/recnik/

[347]Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 92.

[348]грч. theokratia-божја власт, облик на државно уредување во кое владее Бог преку свештенството или преку некој световен поглавар како негов застапник (на пр. папската држава Ватикан, власта на ламите во Тибет, власта на мулите во Иран). http://365.com.mk/recnik/

Ликуд. Припадниците на верскиот блок како против услуга за нивното влегување во коалиција не барале министерско место туку заострување на верските закони. Сметале дека е време да се прекине „Status quo" и законски да се утврди максимумот на верско законските одредби кои ќе важат во областите на верскиот, политичкиот и општествениот живот. Примери на одредби кои верскиот блок сакал да им даде сила на закон се:

*Сабат*. Саботата треба да биде неработен ден во неделата, а не христијанската недела или муслиманскиот петок, што и за самите световни политичари во Израел од почетокот се подразбирало. Истото важи и за примената на стариот еврејски календар според кој светот е создаден пред 5755 години. Со законот се регулираат детали врзани со саботата како неработен ден. Додека поранешните одредби се однесувале само на државните институции, сегашните го опфаќаат и приватниот живот: улиците кои се наоѓаат надвор од еврејските квартови се затвараат за сообраќај, кината, театрите и спортските сали исто така. Еврејската авио компанија ЕЛ АЛ (EL AL) во сабота не смее да полета ниту да слета. Кнесетот во 1988 година усвоил закон со кој општините добиваат овластување за донесување на пооштри закони поврзани со Сабат.

*Кашрут* (верски регулиран начин на исхрана). Во Израел многу добро се платени т.н чувари на кашрутот, но истите не ги плаќа државата туку хотелите кои мора да ги ангажираат. Тие вршат контрола на кујните во рестораните хотелите и јавните установи. Законот Маза им забранува на сопствениците на продавници да изложуваат или продаваат прехрамбени производи кои не одговараат на верските одредби за време на Пасха.[349]Усвоен е закон за забрана на продажба на свинско месо на целата територија на Израел. Во војската, па дури и во најмалите формации се води сметка за подготвување на храната во согласност со строгите верски правила.

*Закон за бракот*. Само рабин може да склопи брак меѓу евреи. Во Израел не постојат световни институции за склопување на брак. Ова има трагични последици доколку во брак сакаат да стапат лица од различна вероисповест. За нив стапувањто во брак во Израел е невозможно, освен доколку едната страна не ја смени вероисповеста.

[349]Празник на евреите со кој се обележува заминувањето на евреите од Египет под водство на Мојсеј

*Закон за враќање.* Добивање на израелско државјанство е предмет на строга ортодоксна контрола. Додека претходно, за секој евреин во странство било доволно да изрази желба и да допатува во Израел со што ќе добиел државјанство, сега најпрво неговото „еврејство" внимателно се проверува и контролира. Тоа пред се се однесува на доселениците од реформските доселенички заедници, како што се тие од САД, Русија, Етиопија и др. Ниту рабините од реформските еврејски заедници во светот не можат да вршат верски обреди во Израел.[350]

Во Април 1984 год. израелската полиција уапсила членови на една еврејска терористичка група (Гуш Емуним). Тие биле осомничени за убиство на неколку студенти од Исламскиот Универзитет во Хеброн и атентати на палестински градоначалници. Организацијата била откриена во моментот кога нејзините припадниците вршеле последни подготовки за бомбашки напад на автобуси, полни со арапски патници. Бил разработен и план за кревање во воздух на Кубето на карпата (Харам ал Шариф- Ридот на Храмот) и Ал Акса во Ерусалим (по Мека и Медина трето свето место за муслиманите),[351]поставување на бомби во арапски автобуси во денови и време кога ќе бидат сигурни дека ќе бидат полни со патници, но при тоа ќе нема евреи на патиштата, како и поставување на експлозивни направи на резервоарот за гориво со тоа што ќе бидат темпирани да се активираат во петок навечер, веднаш по почетокот на еврејскиот сабат (ден за одмор).[352]Откривањето на оваа еврејска тајна организација изненадило голем дел од израелската јавност, особено кога се дознало дека многу од обвинетите припаѓале на тесниот круг на лидери на Гуш Емуним (блок на правоверните)[353]верско-политичко движење формирано во 1973 год. после израелско-арапската војна. Застапувајќи ставови против државата и општеството кои до тогаш биле културно обележани со лаицизиран[354]и социјалистички ционизам, движењето било поборник за рејудеизација на Израел. Ударот на Гуш Емуним го ослободил патот на другите ортодоксни групи, Харедим (побожни). Секоја влада од тој момент требало да смета на нив. Тие припаѓале на движење кое во Израел имал цврста основа во

---

[350] Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград, стр. 92-93.
[351]Ibid,стр 85.
[352]Brus Hofman,(2000),„*Unutrašnji terorizam*", Narodna knjiga-Alfa/Beograd, стр 92.
[353]Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград,стр 85.
[354]грч. laikos-лиши/лишува од свештеничкиот чин, врати/враќа свештеник во положба на световен човек, распопи/ распопува http://365.com.mk/recnik/

70-те години на XX век, и чии барања биле „враќање на јудаизмот” и „покајување”(Тешува), односно враќање кон строго придржување на еврејските закони. Влијанието на доселениците на Гуш Емуним и нивните приврзаници претставува важен фактор во воспоставување на мир во Израел. Доселениците и понатаму носат огнено оружје за самоодбрана. Тие заедно со останатите екстремистички групи, ја користат секоја прилика да извршат притисок на владата да реагира во окупираните територии и врз арапското население кое живее таму, како и да биде строга односно одлучно во спроведување на редот. Движењето, во окупираните територии, подигнало многу населби кои државата не ги признава и пружа жесток отпор на израелското повлекување од полуостровот, кое е во согласност со договорот од Кемп Дејвид (Camp David-2000 год). Освен тоа правниот назив „Државата Израел” го заменила со библискиот „Erec Jisrael”(Земјата на Израел), со кој се оправдува окупацијата на областа во име на посебен сојуз помеѓу Бог и избраниот народ.[355]

На 25 февруари 1994 година лекарот Барух Голдштајн (доселеник од САД), во Пештерата на патријарсите во градот Хеброн (Западен брег) облечен во воена униформа (работел како лекар во израелските безбедносни сили, прво како регрут, а потоа во резервниот состав), влегол внатре и отворил оган кон сите присутни при што убил 29, а ранил повеќе од 125 муслимански верници. На крајот бил претепан до смрт од останатите муслимански верници, причината за нападот била одмазда по повод убиството на педесет и девет евреи од страна на Палестинците на 24 август 1929 год. Барух Голдштајн бил припадник на Еврејска одбранбена лига (Jewish Defense League), чија задача била да се одмаздува за нападите на црната младина врз евреите во Њујорк, формирана од неговиот пријател од детството рабинот Меир Кахане. Голдштајн е погребан во близина на гробот на Меир Кахане, во меморијалниот парк Кирјат Арва-еврејска населба во непосредна близина на Хеброн и важи за свето место на еврејските екстремисти.[356]Во јули 1995 год. израелските безбедносни сили започнале да ги евакуира доселениците на територии кои согласно договорот во Осло требало да се иселат. Рабините биле бесни поради овој договор или како што веделе: отпишувајќи ја со договорот светата земја, владата извршила криминален акт. Рабинот Аврам Шапира и четиринаесет други рабини од Гуш

[355]Клаус Кинклер,(2002),„*Верски фундаментализам*”, Clio/Белград, стр. 96.
[356]http://en.wikipedia.org/

им наредил на војниците да не ги слушаат наредбите на нивните претпоставени офицери. Ова било еднакво на објавување на граѓанска војна. Други рабини од Гуш, го поставиле прашањето дали Јицак Рабин (тогашен премиер на Израел) станал *родеф* (гонител, некој кој активно го загрозува животот на Евреинот), па така според еврејскиот закон заслужил да умре. На 4 ноември 1995 год. Јигал Амир, поранешен студент на една хеседериска јешива, воен ветеран и студент на Универзитетот „Бар Илан", извршил атентат врз Јицак Рабин за време на мировен собир во Тел Авив. Неговото изучување на еврејскиот закон, говорел подоцна, го убедило дека Рабин бил токму таков *родеф* (непријател на еврејскиот народ) и негова должност била да го убие.[357]

**Заклучок**

Некритичкото размислување, мислењето што се базира на непроменети формули кои се наменети со цел да се изврши индоктринација и остварување на одредени лични цели на поединци, води кон лажна слика за вредностите на религиите. Најважната алка во верската индоктринација е токму оправдувањето на „маченичките" акти. Нивната оправданост се бара во светите книги и постапките на пророците на начин кој најмногу одговара на интерпретувачот. Во насока на истражувањето потребно е да се нагласи дека религијата и нејзините фундаменти сами по себе не претставуваат опасност за општеството, опасноста доаѓа од начинот на нивната интерпретација односно ставовите кои ги застапуваат верските авторитети. Секоја религија има свои фундаменти од кои ја црпе својата енрегија, без нив религијата не би егзистирала. Но исто така кога на самите фундаменти ќе се внесат човечки желби, визии, согледувања за тоа како треба да се практицирааат верските вредности, без да се сфати основата на пораките кои се пренесени од страна на оние кои ја проповедале таа религија (Исус, Мухамед и т.н), ќе се добие една друга димензија на самата религија. Таа димензија ја отсликува денешната реалност, каде што религиозните фанатици со своите постапки ја демонизираат основата на самата религија. Никаде во светите списи на религиите кои ги анализиравме за ова истражување, не постои оправдување за убивање на човечки животи во име на Бог и наметнување на религиозни вредности. Од тука произлегува дека таквите постапки се должат

[357]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. 551.

единствено на произволно и селективно толкување на светите списи, како и континуираното следење на догматските ставови околу прашањата поврзани со оправданоста на практицирање на одредени религиозни вредности.

**Заклучок од тестирање на четвртата посебна хипотеза како и поединечната хипотеза за четвртата посебна хипотеза.**

Со оглед на претходно изнесеното, а врз основа на добиените податоци од истражувањето сметаме дека четвртата посебна хипотеза која гласи: *Догматизмот на одредени ставови во религијата води кон погрешно толкување на рглигиозните вредности*, и поединечната хипотеза за четвртата посебна хипотеза која гласи: *Презентација на одредени ставови во светите книги како единствено исправни и неприкосновени од страна на интерпретувачот, води кон лажна слика за моралните вредности на религиите и во таа конотација одговара единствено за остварување на одредени цели на поединци.* Хипотезите се потврдуваат.

## 4.6 Сознанијата и разобличувањето на целиот процес на дејствување на религиозниот бран на тероризмот како клучен фактор во неговото сузбивање

### 4.6.1 Примена на самоубиствени мисии

Истражувањата на самоубиствениот тероризам откри дека терористичките групи употребуваат бомбаши самоубијци кога се доволно моќни но и кога се слаби. Организацијата ги испраќа самоубиствените војници кога мисли дека времето е критично, или се наоѓа на политичко-стратегиски крстопат. Еден таков пример претставуваат самоубиствените бомбашки напади во Израел, кои се зголемија кога екстремистите се плашеа дека мирот меѓу умерените палестинци и Израел би можел да успее. Од организациска перспектива[358]постојат предности во користењето на самоубиствени напади, како дел од терористичката кампања вклучително:

**Големи жртви**

Самоубиствените напади резултираат со многу жртви и предизвикуваат големи штети. На 11-ти септември 2001 год. терористи грабнаа четири авиони во САД

[358]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

со кои извршија самоубиствени напади. Три авиони го уништија Светскиот трговски центар (Њујорк) и тешко го оштетија западното крило во Пентагон (зградата во која е сместено Министерството за одбрана на САД). Четвртиот авион се урна западно од Питсбург, Пенсилванија. Двеста шеесет и шест луѓе загинаа во четирите авиони. Вкупниот број на мртви во Њујорк беше преку 2800 луѓе, а во Пентагон 184, со што по бројот на жртви ова претставува досега најголем современ терористички напад. Од 315 терористички самоубиствени напади кои што се појавиле од 1980 до 2003 година убиени се во просек околу 12 луѓе во секој напад, без да ги сметаме напаѓачите или жртвите од 11-ти септември, и претставуваат 48% од смртноста предизвикана од тероризам во тој период иако тие претставуваат само 3% од сите терористички напади.[359]

**Медиумско покривање**

Шокантната природа на нападот е дел од пресметката заради ужасниот ефект од насилство, кој е со намера да остави впечаток на луѓето. Медиумското покривање дава слика на голема дисциплина, посветеност и вештина на терористите во извршување на еден таков несфатлив акт. Ова влева чувство на страв и беспомошност кај целното население. Самоубиствените напади обично привлекуваат повеќе публицитет од другите видови напади.

**Не е потребен план за бегство**

Од оперативна перспектива, самоубиствениот тероризам е привлечен за организациите бидејќи патот за бегство, често најкомплицираниот дел од нападот, не мора да е дел од планот. Извршителот на самоубиствениот напад не се грижи за неговото заробување, испитување (вклучувајќи и тортура), судење, затвор. Сигурната смрт на напаѓачот и дава право на групата да превземе високо квалитетни операции, да навлезе во високо обезбедена зона и да ја изврши мисијата без да се грижи за рута за извлекување на напаѓачот.

**Оптимална ефикасност**

Дополнителна тактичка предност на самоубиствените операции, во однос на класичните терористички тактики, е можност напаѓачот да го пресмета времето на нападот за да нанесе максимален број на жртви. Слично, многу е тешко да се спречи самоубиствен напад откако терористот е веќе на пат кон целта. Дури и ако терористот биде уапсен, експлозивната направа сепак може да се активира.

[359] http://www.fzf.ukm.mk/files/zbornik. Тања Милошевска,, *Терористи - самоубијци* " стр. 500.

Во палестинско-израелскиот конфликт, поранешниот лидер на Хамас, Абд ал-Азис Рантиси, ги опишува самоубиствените напади како најважно стратегиско оружје на палестинскиот отпор.

**Трошок/полза**

Во однос на економичноста, самоубиствените напади не се финансиски скапи. Подготовките за нападот на Светскиот трговски центар во САД (11.09.2001 год.) чинеле 500.000 долари, но штетата причинета од истиот чинела 500 милијарди долари.[360]Паричната полза за терористичката организација, од друга страна, може да е голема. Симпатиите, сочувството и поддршката кај истомисленициte од дијаспората, внатрешните спонзори и спонзорите надвор од земјата се преточуваат во пари. На пример, после бомбашкиот напад во супермаркет кој го извршила осумнаесетгодишна девојка, еден саудиски спонзор собрал повеќе од 100 милиони долари за Палестинците.[361]

*Селекција на цели*

Целите на самоубистворниот напад, извршени од страна на поединци или групи, укажуваат за природата на нападот и пораката што ја упатува самиот терористичкиот акт.[362]За потребите на безбедносните анализи потенцијалните цели на напад се категоризирани на:

**Владини институции и нивни претставници (политички цели)**

Оваа категорија опфаќа владини претставници (претседател, премиер или министер) како и други политички репрезенти (клучни партиски функционери). Нападите против овие репрезенти можат да бидат извршени на два начини. Првиот начин е во објектите каде што се сместени или престојуваат (најчесто во овие случаи како жртви се појавуваат недолжни лица или се предизвикуваат т.н недискриминирачка штета) и вториот начин е кога нападот е насочен само кон поединци, владините и политички претставници (атентати или т.н дискриминирани напади). Одговорноста за нападот, насочен кон владините и политички претставници, што го превзема одредена терористичка организација, сугерира дека терористичката организација ги смета горенаведените субјекти

[360]Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*" University of Pennsylvania, стр. 34.
[361]http://www.fzf.ukim.mk/files/zbornik. Тања Милошевска,, *Терористи - самоубијци* " стр 501.
[362]Anneli Botha,(2013) Practical guide to understanding and preventing suicide operations in Africa- Institute for Security Studies (ISS), Pretoria, South Africa

како нелегитимни во поглед на моќта која ја остваруваат или политичкиот поредок кој го претставуваат.

**Безбедносни сили**

Во ова категорија влегуваат претставници на безбедносниот систем на една земја (војска, полиција, разузнавачки служби и тн.). Нападите се насочени кон поединци, односно луѓето кои раководат со безбедносните институции, бидејќи истите ја претставуваат првата линија на одбраната на политичкиот поредок на една земја, со тоа претставуваат „легитимна" цел на терористичките организации. По својата природа овие напади се недискриминирачки и страдаат голем број на цивили. Исто така во оваа категорија влегуваат и останатите напади врз безбедносните сили како што се патроли, контролни точки и др.

**Дипломатски мисии**

Цели на напад во оваа категорија претставуваат дипломатските мисии, персоналот на странски земји во одредена земја како и на претставници на меѓународни и регионални организации со дипломатски статус (пример Обединети Нации и др.). Исто така цели на напад на терористичките организации претставуваат и разни меѓународни мисии, специфични по својот карактер или во зависност од карактерот на нивното присуство во одредена област и интересот кој го застапуваат (мировни мисии, хуманитарни мисии и др.). Нападот врз дипломатските мисии претставува ефиикасен удар врз институциите на системот на една земја. Изборот на одредена (специфична) мисија како цел на напад, сугерира на целите кон кои се стреми терористичката организација. Нападот на американските амбасади во Кенија и Танзанија (1998 год.), извршени од страна на Ал Каеда, укажуваше на започнување на света војна против „неверниците" во кои примарно место зазема САД.

**Комерцијални цели**

Претставници во оваа категорија се вработените и структури поврзани со мулти-национални компании (нафтена индустрија, банки и др.). Извршувањето на напад на одредена специфична цел од комерцијален карактер, укажува дека терористичката организација детектирала загрозеност од интересите кои ги претставуваат мулти-националните компании. Такви се примерите со нападите врз странски работници во Алжир на 21.09.2007 год и 20.08.2008 год.

**Цивилни цели**

Во оваа категорија влегуваат обичните луѓе кои не се поединечно идентификувани или посочени, односно се нашле на погрешно место во погрешно време, при што по својата природа овие напади се недискриминирачки. Тука се вклучени и верските односно секташките напади (без оглед дали истите се извршени врз поединци или институции), кои по својот карактер сугерираат на нетрпеливост кон одредена верска заедница или религија. Специфичноста на нападите врз цивилни цели укажува на потребата од „внимание" кон терористичката организација (одговорна за нападот), и влијание на јавноста (јавното мислење) кон одредени прашања или преку јавноста да се изврши притисок кон промена на политиката што ја спроведува владата на една земја. Пример за ваков напад е нападот во Кампала-Уганда, на 11.07.2010 год. каде што самоубиствениот напаѓач го активирал експлозивот кога се доближил до една толпа луѓе кои следеле фудбалски меч од финалето на светскиот куп (Јоханесбург, Јужна Африка). Целта на овој напад била да се присили владата на Уганда да ја промени политиката во однос на своето воено присуство во Сомалија, како дел од Мисијата на Африканската унија во Сомалија.

4.6.2 Регрутација за самоубиствени напади

***Бомбашите се прават-не се раѓаат.***[363]Процесот на регрутирање е исклучително важен за терористичката организација. Самоубиствените напади се од витално значење за успехот на организацијата, при што „селекцијата" има клучна улога во терористичките активности. Членовите на терористичката организација ги регрутираат потенцијалните извршители на самоубиствени напади во џамии, училишта, универзитети, затвори и др. При тоа се посветува внимание лицето, односно потенцијалниот бомбаш самоубиец, да не биде премногу инволвирано во нелегални активности со цел да се избегне негово следење од страна на безбедносните служби. За низок профил на бомбаши самоубијци најважно е да се обезбеди плановите за напад да останат тајна се до нејзино успешно извршување. Некои организации, како што се Из-ал Дин ал-Касам (Izz-al Din al-Qassam) и Палестински исламски џихад (ПИЏ), се инволвирани во училиштата и џамиите за време на предавањата од верски

[363] http://www.psihijatrija-ubija.info/psihijatrija-terorizam/

карактер. Во тие места оперативците задолжени за регрутација презентираат теми поврзани со жртвувањето на сопствениот живот во име на Алах, при што се следи реакцијата на присутните. Оние за кои ќе се процени дека се заинтересирани се одвојуваат и се подложуваат на понатамошна индоктринација (Kushner 1996).[364]Откако организцијата го идентификува лицето кое изразува подготвеност да изврши ваков напад и ќе се убеди во искреноста на лицето, го обучува со недели или понекогаш и со месеци. Овој процес на обука опфаќа два важни елементи. Првиот е дека на лицето му се даваат дополнителни причини за умирање, како што се идеолошки приказни за национална слава, омраза кон непријателот и други. Во овој дел на обуката, религиозната мотивација исто така има голема улога. Друг важен елемент во овој процес на обуката е создавање на *точка на неповрат*. Ова е многу важно бидејќи желбата за умирање не е стабилна. Со цел да се осигура дека лицето нема да се предомисли, организацијата бара од кандидатот да напише последни писма до семејството и пријателите. Кандидатот се снима кога се збогува.[365]Од аспект на психолошкиот профил на лица кои се регрутираат за извршување на самоубиствени напади, најчесто се присутни елементи од алтруистички и фаталистички тип на суициденти.[366]Во таа насока ќе ги појасниме двата типа на суицидни карактеристики односно нивната примена во процесот на регрутација.

*Алтруистичко самоубиство.* Да се потсетиме, според Диркем, алтруистичко самоубиство се случува кога некое лице е премногу интегрирано во еден колектив (заедница, група). Овој поединец себеси се гледа само како член на одредена група, при што целосно е апсорбиран во истата додека неговите индивидуални карактеристики се во потполност отфрлени. Недоволната индивидуализација, како што може да се забележи кај терористичките организации кои користат бомбаши самоубијци, го поттикнува чувството за должност на поединецот кон организацијата (лицето има цврста верба во идеологијата на терористичката организација и нејзините цели, поради што се

[364]Nicholas W. Bakken,(August,2007),„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

[365]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

[366]Nicholas W. Bakken,(August,2007),„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

претвара во човек-бомба и се жртвува за каузата на организацијата), односно актот на самоубиство е неопходен во насока на подобрување на организацијата во целина. Во случај со терористичките организации со религиозен предзнак во литературата го среќаваме следниот пример: *„Замислете луд човек, опседнат со религиозни идеи кои влегуваат во класификацијата на верски фикс идеи. Се смета себеси за повикан да ги реформира не само религиозните уверувања туку и општествените. Најчесто, во овие случаи, највисоките судбински придобивки од една ваква рефомација се резервирани за самата личност (реформатор)".*[367]Диркем, исто така, вели дека алтруистичкото самоубиство произлегува и од надежта и вербата за поубав живот после смртта. За бомбашите самоубијци верувањето дека со смртта стануваат маченици, во некои случаи, може да биде силен поттик да се вклучат во извршувањето на самоубиствен напад. Кога со актот на самоубиство се постигнува маченииштво или едноставно самоубиство за маченииштво, тогаш говориме за процесот кој во литературата се нарекува (етикетира) како **акутно алтруистичко самоубиство.** Според Куранот, придобивките од маченичката смрт во име на колективот (заедницата) се следните: *простување на гревовите на маченикот, спас од маките на гробот, безбедност од „стравот од пеколот", круна на слава на која има рубин-кој вреди повеќе од светот и се што е во него, брак со седумдесет и две црнооки девици и можност да се прошират овие привилегии на седумдесет роднини на „маченикот"*(Рапопорт, 1998). Очигледно е дека „маченииштвото" на овие лица им нуди многу повеќе во задгробниот живот отколку што можат да очекуваат во животот. Еден висок официјален претставник на Хамас во врска со саможртвувањето, изјавил дека актот на маченик е меѓу највисоките ако не и највисока чест (Juergensmeyer 2000). Сето ова, како и почитувањето и подароците кои ќе ги добие личноста, за саможртвувањето во името на организацијата и нејзината кауза, имаат силно влијание кај поединецот во поглед на прифаќањето на смртта. Односно тој што ќе изврши акутно алтруистичко самоубиство нема свој, сопствен, живот.

*Фаталистичко самоубиство.* Овој вид на самоубиство е карактеристичен за личности со висок степен на регулација, односно со една репресивна

[367]Nicholas W. Bakken,(August,2007)„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

дисциплина безмилосно се блокира иднината кај поединецот и насилно ја спречува неговата волја, слобода, страст и сл. Самоубиствата од ваква природа се карактеристични во околности кои произлегуваат од континуирани политички и економски угнетувања (Џонсон 1979; Тејлор 1982). Во контекст на самоубистениот тероризам, среќаваме многу поединци кај кои е присутна висока регулација од аспект на политички и економски прилики. Постојат многу примери каде што семејствата на оние кои се одбрани (регрутирани) или доброволно се пријавиле и извршиле самоубиствен напад, добиваат парични средства. На тој начин со жртвувањето на сопствениот живот, извршителот става крај на економското угнетување на своето семејство. Исто така, во овој процес е вклучено и ветувањето од страна на терористичката организација дека со актот на саможртвување поединецот станува маченик, при што како краен резултат имаме *подобрена економска состојба* на семејството на извршителот на самоубистениот напад, *исполнување на каузата* на терористичката организација и *завршување на животот* на угнетениот поединец. Поединците кај кои е присутна високата регулација се блокирани од можноста на еден легитимен начин за напредување во општеството „*Фаталистичките самоубиства вклучуваат бегство од една нормативна ситуација кај која не постои можност за жалба*" (Стак,1979).[368]Процесот на прекумерната контрола, каде што поединецот е блокиран од политичка слобода и економски можности создава состојба на над–контрола. Во такви околности, каде што имаме тоталитарна животна средина обележана со релативно ниска слобода и почитување на човековото достоинство, потенцијалните суициденти имаат дополнителна причина да го гледаат животот како бесмислен и се повеќе склони да извршат самоубиство. Во истражувањата поврзани со самоубистениот тероризам и присутноста на фаталистичките самоубиства се вели, лицата со висока регулација најчесто се религиозни мажи, на помлада возраст, неженети, невработени со одредено високо образование (Ганор,2000). Овој профил на личности го среќаваме кај извршителите на самоубиствени напади на Хамас, ЛТТЕ (Црни тигри) и шиитите во Либан (Ergil 2001; Gunaratna

[368]Nicholas W. Bakken,(August,2007),„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

2000; Schbley 2000).[369]Од овие причини, многу извршители на самоубиствени напади кај кои се присутни карактеристиките на фаталистичкото самоубиство имаат една заедничка карактеристика, а тоа е социо-економскиот статус на поединецот.

Во насока да го појасниме процесот на наметнување на одредени ставови во свеста на еден поединец ќе го посочиме следниот пример. Еден експеримент извршен во 1950 год. кој го водел канадскиот психолог Доналд Хеб од Универзитетот во Монтреал, наречен „перење на мозокот", без користење на струја и хемиски супстанци, извршена е манипулација на мозокот. Доброволните учесници прифатиле да бидат изолирани во т.н црна комора во потполен мир и апсолутна тишина. Во тие тесни, мрачни и тивки ќелии, во недостаток на импулс, испитниците многу мачно се чувствувале, лошо ја поднесувале осаменоста и после краток временски период станувале деконцентрирани. Мислите им се вртеле во круг и пред крајот на вториот ден секој трет испитаник барал прекинување на експериментот. До крајот на експериментот се откажале многумина и покрај големата парична награда. Причините поради кои се откажувале биле разновидни: главоболка, гастритис, привидно слепило и т.н. Во текот на испитувањето потврдено е дека условите во црната комора овозможувале подлога за сугестија и пропаганда. После поминати 24 часа во ќелијата, испитаниците можеле да слушаат репродукција на магнетофонска лента, на пример нешто во врска со Турција. При што е создадена голема наклонетост кон оваа земја и после четири дена протестантот станувал убеден муслиман. Заклучокот бил фасцинантен, човечкиот мозок под одредени околности, без комплицирани и долготрајни постапки, дава предност токму на тоа кое што лицето кое го врши „перењето на мозокот" сака да го всади во свеста на испитаникот.[370]Кај Виетнамците, Црните тигри и Палестинците секогаш се констатира еден подолг или покус период на затворање, кој и овозможува на групата да биде обучена (од страна на *имам*-верско лице, политички комесар и сл.). Но, исто така и да ја создаде онаа неопходна динамика што ќе ја претопи индивидуалната доброволност во

[369]Nicholas W. Bakken,(August,2007)„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

[370]Виолета Матовић,(2006)„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/ Београд, стр. 175-176.

долапот на колективната волја. Ова повлекување фаворизира конкуренција која во име на каузата го поттикнува секој поединец кон еден „врховен” натпревар: да се убијат што повеќе непријатели, да се уништи што поскапа мета и тн. Како и секоја воена дресура, обуката има за цел да се владее со телото и да се контролира умот. Трупите кои се најотрпнати на војна, најмотивирани и најобележани со кодексот на честа, не се бескрајно отпорни на некое интензивно продолжено бомбардирање. Телото, едноставно дава отпор, независно од секоја фантазија. Стравот, претставува психолошки протест. Токму на тоа ниво, некој лесен лек за смирување може да се покаже корисен. Тој го смирува телото кое ризикува во последен момент да се отрезни и противречи на волјата.[371]Израелскиот институт против тероризмот (ИИПТ, 2001 година) развил исцрпен опис на процесот кој Хезболах го развил за извршување на самоубиствените операции. Според ИИПТ, подготовките за самоубиствени бомбашки напади доаѓаат од две одделни единици. Првата е стандардна милитантна група која се фокусира на извидување, логистика и планирање. Втората единица има психолошка функција. Регрутира и изолира бомбаш самоубиец, по можност млад маж или жена, жртвата е подложена на „перење на мозокот” се додека маченништвото не изгледа како единствена насока во која се оди. Кога жртвата е подготвена, психолошките единици го предаваат маченикот (шахид) на воената единица. Воената единица ја врзува бомбата за жртвата и го насочува шахидот кон целта. Овој процес од два чекори стана модел на Хезболах за самоубиствени бомбашки мисии од 1983 год. па се до средината на деведесеттите години од минатиот век.[372]Моделот со религиозна основа на Хезболах е имитиран од други групи на Блискиот Исток.[373]Во продолжение ќе го презентираме моделот кој го употребува Ал Каеда во контекстот на регрутирање и извршување на една самоубиствена операција.

---

[371]Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009) „*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* “, Табернакул, стр. 450-451.

[372]Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*”, Дата понс/Скопје, стр 80.

[373]Насилните палестински групи се одделиле од етнонационалистичката Палестинска Ослободителна Организација и формирале групи засновани на религија како Хамас. Религиозните групи кои се одвоиле од Египетското Муслиманско Братство, Палестинскиот Исламски Џихад отворено го величеле Хезболах и го следеле неговиот пример во самоубиствените бомбашки напади. Религиозните терористички групи никнувале во Египет и други делови на Северна Африка. Филип Рајкел,(2009),„*Прирачник за транснационален криминал и правда*”,Скопје/Дата понс, стр 80.




Извор: Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

Според овој модел лицата (агенти) задолжени за регрутација, испраќаат на локации предвидени за тоа (кампови и сл.) потенцијални извршители на самоубиствени напади. Наредната фаза претставува всушност набљудување (во текот на верската индоктринација) и лоцирање на склоноста кон саможртвување на потенцијалните извршители на самоубиствени напади. Откако ќе се лоцираат лицата склони кон саможртвување следува неопходна обука (во зависност од потенцијалната мета), засилена индоктринација од религиозен карактер каде што се нагласува вредноста на саможртвувањето и создавањето на чувство за припадност кон организацијата. Откако се завршени претходните фази се врши идентификација на „кандидатите" за самоубиствени напади, односно се издвојуваат најподобните поединци кај кои постои најголема веројатност дека ќе го извршат самоубиствениот напад. Организацијата врши видео запис на идните „маченици", во кој индивидуално се нагласува посветеноста кон „возвишеното" дело кое претстои како и лојалност кон лидерот на организацијата. Доделувањето на одредена самоубиствена мисија е наредната фаза на идниот маченик по која следува „обука" (во зависност од специфичноста на самоубиствената задача која треба да се изврши) и

оперативни подготовки за предвидената цел. Претпоследната фаза се карактеризира со надгледување на пристигнувањето на маченикот односно извршителот на самоубиствениот напад кон таргетираната земја, каде што треба да биде извршена задачата и негово прифаќање од страна на оперативниот командант во земјата. Во последната фаза командантот на операцијата го придружува извршителот на самоубиствениот напад до местото кое е предвидено како почетна точка на самоубиствената операција, од каде што маченикот се упатува кон предвидената цел, а воедно и очекуваната „маченичка" смрт.

Во текот на деведесттите години од минатиот век, терористичките организации од Блискиот Исток почнаа да применуваат тактика на „увезени" бомбаши самоубијци.[374]Имено, терористичката организација Хезболах регрутирала лица, државјани или носители на странски патни исправи, со цел извршување на терористички напади во Израел. Примерот со Стивен Смирек, Германец кој го прифатил исламот и бил регрутиран од Хезболах во Германија, откако изразил подготвеност да изврши самоубиствен напад бил испратен во Израел. Уапсен е на аеродромот „Бен Гурион" во Тел Авив, во ноември 1997 год.[375]Исто така, во Израел биле испраќани и либански шиити со странски пасоши, кои се претставувале како бизнисмени или туристи. Најозогласен од нив бил Хусеини Микдад, кој пристигнал во Израел со лет од Швајцарија. Во април 1996 год. бил уапсен откако предвреме експлодирала една импровизирана експлозивна направа во неговата соба во хотелот „Лоренс", во источниот дел на Ерусалим, во експлозијата тој се здобил со сериозни повреди. На 30.04.2003 во барот „Mike's place" во Тел Авив, двајца бомбаши самоубијци извршија самоубиствен напад при што загинаа тројца, а ранети се повеќе од 50 лица. Нападот го извршија британските државјани Асиф Мухамед Хамид (22 год. од Лондон) и Омар Кан Шариф (27 год. од Дерби) кои потекнувале од

[374]Уште во почетокот на 70-те години на минатиот век секуларните палестински терористички организации регрутираа млади луѓе (меѓу кои голем број и на жени), а особено европејци (британци, холанѓани) како и јужноамериканци (перуанци) со цел да се заобиколат строгите безбедносни проверки од страна на Израел. Задачата на регрутираните лица била да се шверцува експлозив во авион или во Израел. Некои го правеле тоа несвесно додека други биле свесни за тоа и доброволно се пријавувале за таа задача. Published by TEL AVIV UNIVERSITY The Jaffee Center for Strategic Studies& The Moshe Dayan Center for Middle Eastern and African Studies. http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Terrorism/tau77.html

[375]Published by TEL AVIV UNIVERSITY The Jaffee Center for Strategic Studies
& The Moshe Dayan Center for Middle Eastern and African Studies.
http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Terrorism/tau77.html

Пакистан.[376]Исто така и Ал Каеда не заостанува во тој поглед, односно имала свои „увезени" извршители, ќе го посочиме случајот со Ричард Рид, британски државјанин, кој го прифатил исламот додека бил во затвор за потоа да се приклучи на Ал Каеда. Откако му била извршена обука во јули 2000 год. претставувајќи се како турист, пристигнал во Израел и започнал со собирање на информации за различни цели во Израел, со цел да се планираат терористички напади. Ричард Рид стана озлогласен како „бомбашот чевлар" при една самоубиствена мисија во декември 2001 год. Имено, Ричард е уапсен и во неговите чевли е пронајден експлозив, кој требало да биде активиран во авионот на летот од Париз за Мајами.[377]

Според одредени резултати до кои е дојдено при проучувањето на самоубиствените напади од 1983 година (Бејрут), до денес како појдовни се сметаат два вида на околности кои можат да имаат влијание кон продуцирање на бомбаш самоубиец. Првата група ги подразбира оние услови и околности кои директно го насочуваат човековото однесување во правец на изведување на самоубиствен напад. Тие претставуваат непосредна инспирација за таквото дејствување, односно негова непосредна движечка сила, еквивалент на злосторничко дејствување. Меѓутоа, во одредени случаи и некои други посредни услови можат да испровоцираат токму такво однесување на терорист самоубиец. Станува збор за фактори кои „само" допринесуваат да се реализира одредена самоубиствена акција. Фактори од прва категорија се следните:[378]

1. **Верување во живот после смртта или верба во некој облик на постоење после смртта.** Овие верувања се поткрепени со вистински изјави на бомбаши самоубијци, или можат доста веродостојно да се извлечат од контекстот на суштината на религиите во одредени култури (тие верувања се дел од Хинду, исламска, христијанска и Хибру религија.

[376]Асиф Мухамед Хамид ја активирал експлозивната направа, додека Омар Кан Шариф не успеал да го активира експлозивниот појас што го носел на себе, најверојатно поради техничка грешка, при што го фрлил појасот од себе и го напуштил местото на настанот. Подоцна на 12.05.2003 год. било пронајдено безживотното тело на Омар Кан Шариф, на плажа во Тел Авив. Не се утврдени причините од кои починал.
http://en.wikipedia.org/wiki/Mike%27s_Place_suicide_bombing
[377]Published by TEL AVIV UNIVERSITYThe Jaffee Center for Strategic Studies&The Moshe Dayan Center for Middle Eastern and African Studies (2003).
http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Terrorism/tau77.html
[378]Institut za uporedno pravo (2009, Mart) dr Dragana Petrović,, *Samoubilački terorizam"*, Beograd стр. 80-81, www.comparativelaw.info.

Во јапонската Шинто религија се верува дека починатите продолжуваат да живеат после смртта како полубогови).

2. **Состојба на окупираност и пресија која ја наметнала некоја странска култура, етничка и религиозна група пратена со чувство на безнадежност и понижување** (ова се однесува на Палестинците, Чеченците, Курдите, Тамилските тигри, при што претставувало особено поттикнувачки фактор во светите војни, џихад и тн.).
3. **Национален фанатизам или лојалност кон некоја организација,** која се карактеризира со љубов и тотална посветеност кон организацијата или нацијата на сметка на другите нации (Северна Кореја претставува совршен пример за националистички фанатизам без присуство на религиски убедувања).
4. **Сексуалност** (муслиманските бомбаши самоубијци очекуваат и се радуваат дека после смртта во рајот ќе бидат опкружени со 72 девици, додека жените самоубијци уживаат во помислата дека млади момчиња кои се обвиткани само во пешкир, ги масираат нивните тела со ароматични масла).
5. **Наивност.** Поголемиот број на бомбаши самоубијци се млади и не размислуваат на објективен начин за реалноста која ги опкружува, особено за конечноста која смртта ја носи. Поради што со нив лесно се манипулира (што ги прави добри потенцијални кандидати).
6. **Омраза кон целната група.** Примерот со палестинците и евреите.
7. **Религиски фанатизам**. Верување во маченииштво и негова глорификација.
8. **Интензивна индоктринација или таканеречено перење на мозокот од страна на терористички организации.** Иако терористичките организации немаат проблем да регрутираат бомбаши самоубијци, регрутираните кандидати сепак се изложени на интензивни физички и психички подготовки. Во случајот со палестинските самоубијци вклучени се елементи на екстензивна религиозна индоктринација, како и раздвојување на машките и женските кандидати и пријатели, за да се избегне можноста за евентуална промена на мислењето. Таквата индоктринација е полесна кога религиозните уверувања се компатибилни

со целите на организцијата, особено кај палестинските терористички организации.

9. **Користење на дрога или други супстанци,** кои делуваат на психата кај бомбашите со што станува подложен на сугестија, одважен (храбар) и полесен за контрола.

Посредни фактори[379] кои условуваат акции на терористи самоубијци се:

**Надворешна поддршка-** Сите ,,главни организации" кои се вклучени во самоубиствени напади (кои беа спомнати во претходниот дел на текстот), добиваат помош и поддршка од странските влади и значителни донации од истомисленици. Некои исламски доброволни организации се идентификувани како донатори на Хамас и Исламски Џихад, кои испраќаат свои прилози преку интернет .

**Младост-** Скоро сите бомбаши самоубијци се млади, а такви се и членовите на терористичките организации.

**Нееднаквост на половите-** Самоубиствените напади се еден од методите жените да постигнат рамноправност со мажите, во средина во која мажите доминираат и ја контролираат

**Неуспех во личниот живот-** Самоубиствените напади можат да бидат одговор на безнадежност која настанала како резултат на неуспех во личниот живот. Може да биде поврзано и со сексуалноста. Изјавите од жени, бомбаши самоубијци, укажале дека им недостига способност да ја истражат својата сексуалност.

**Злоупотреба на деца-** Џон Лакар (John Lachkar) во списанието ,,Весник на психоисторијата" (Journal of Psychohistory), идентификувал постоење на одреден број на нерешени прашања на едипов комплекс, срам, одрекување на татковство, како основа за изразениот конфликт во Исламот. Лојд де Маусе (Loyd de Mause), укажува на карактерот на женомрзец во фундаменталистичкото општество и злоупотреба на девојчиња во семејството. Како последица, овие девојчиња подоцна не можат да бидат идеални мајки, пренесувајќи го своето незадоволство и беда на своите деца. Децата растат така што ги потиснуваат своите лични задоволства, желби и релативна слобода, за да на крајот ги проектираат

---

[379] Institut za uporedno pravo (2009, Mart) dr Dragana Petrović,, *Samoubilački terorizam*",Beograd стр. 83-84, www.comparativelaw.info.

своите недостатоци низ терористички напади. Со нападот врз другите тие всушност ги рефлектираат сопствените недостатоци.

Во настојувањето да се класифицираат начините под кои еден поединец минува и ја достигнува крајната цел, односно изведува самоубиствена акција,[380] ќе ги издвоиме следните најважни:

- Личности кои имале претходно учество во терористички активности (претпоставено и обука т.е тренинг, со цел унапредување на нивните способности).
- Личности кои немале никакво искуство со терористички активности. Тие, всушност стануваат регрути за самоубиствени акции и после регрутирањето поминуваат низ процесот на тренинг.
- Личности кои не поминуваат низ никаков тренажен процес, односно веднаш по регрутирањето се испраќаат на самоубиствена задача.

Под тренинг се подразбираа два вида на подготовка на регрутите: физичка и психолошка подготовка.[381]Физичката подготовка е составена од интензивно унапредување на физичките способности, кондиција, подвижност, вештини, добро ракување со огнено оружје, експлозивни направи, стрелачки способности, вештини со управување на превозни средства и т.н. Психолошката подготовка подразбира изолација, односно индоктринација „перење на мозок". Првата

[380]Виолета Матовиħ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 178.

[381]Во истражувањата вршени во врска со психологија на убивањето, воениот психолог потполковник Дејв Гросман (САД), дошол до заклучок дека доколку војниците не поминале низ обука за намалување на осетливоста, најголемиот дел од нив нема да отвори оган на непријателот дури и доколку е во нивна непосредна близина. Околу 80% од стрелачките одреди занемариле, одбиле или пропуштиле да отворат оган иако биле изложени пред непријателот, (во текот на Втората светска војна), дури и по цена да го спасат сопствениот живот или животот на својот соборец. Слична тенденција наоѓаме и во останатите воени судири. Но по извршената обука за намалување на осетливоста, процентот на неизвршување на наредбата за отварање оган кон непријателот, на пример во Виетнам, изнесувал 5%. Dave Grossman (1995)„On killing:The Psihological Coast of Learning to Kill in War and Society", Boston:Little,Brown and Company, стр.119.

Во суштина обуката за намалување на осетливоста се состоела во тоа да не се гледа на непријателот како на човечко суштество. И терористите ја користат истата техника, тие се однесуваат кон „непријателот" како кон некоја „пониска" раса. Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*". стр. 48. Со текот на времето како терористичките акции станувале се понасилни, способноста за морално расудување се губи. Психилозите сметаат дека и еден обичен, просечен човек по завршување на обуката за намалување на осетливоста, во состојба е да изврши незамисливо сурови работи. Abert Bandura „Mechanisms of Moral Disengagment" во Walter Reich,(1990)„Origins of Terrorism:Psychologies, Ideologies, Theologies, State of Mind,", Cambrige University Press,1990, стр 182.

категорија на луѓе кои имаат претходно терористичко искуство, во тој период поминуваат низ физичкиот тренинг за подоцна кога ќе донесат одлука за извршување на самоубиствена мисија подлегнуваат на интензивна психолошка подготовка. Периодот на физичкото оспособување на терористот чија цел е да убие, а не да биде убиен, исто така е означен со доза на индоктринација но таа нема самоубиствен карактер. Личностите кои спаѓаат во втората категорија, поминуваат низ психолошкиот тренинг и во зависност од потребите и планот може да се вметнат елементи од физичкиот тренинг. Генерално сите минуваат низ курс, во кој се учат основни работи за експлозивните направи кои ќе се користат во акцијата, нивното детонирање и начинот на отстранување на дефекти кои можат да се појават во моментот на извршување на акцијата. Покрај тоа, доколку извршувањето на одредена задача тоа го бара, регрутот може да помине и низ обука за одредена вештина (управување на моторен чамец, нуркање и т.н). Третата категорија на луѓе не ги поминуваат горенаведените видови на обука. Тие се издвојуваат од масата на општата индоктринација како „најфанатични" и се испраќаат во акција на „препад" (ненадеен напад). Акциите не се сложени односно претставуваат наједноставниот вид на самоубиствен напад. Извршителите се носат од страна на организаторот на местото каде ќе биде извршен нападот, со само една инструкција како да се активира експлозивната направа. Такви места се обично јавни собиралишта како автобуска или железничка станица, пазар и т.н.[382]Позната е употребата на наркотични средства во текот на извршување на самоубиствените мисии. Во таа насока ќе посочиме некои примери каде што се употребени наркотични средства.

Форензичките анализи покажаа дека 31 терористи што го заседоа училиштето во Беслан, Русија и убија најмалку 330 луѓе биле зависници од дрога. Психијатриските дроги се користат во создавањето на бомбашите самоубијци. Полковникот Карим Султан (Karim Sultan), шеф на полицијата во Карбала, Ирак вели: „*Долг е процесот на миење на нивниот мозок. Ги заведуваат со пари, потоа продолжуваат со користење на дрога врз нив, се додека не станат полусвесни*".

[382]Виолета Матовић,(2006)„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ /Београд, стр. 178-179.

Во 2004 година во списанието „The Wasington Times", е објавено дека членовите на народната војска, кои се борат во Ирак под знамето на муслиманскиот свештеник Муктада ал- Садр (Muqtada al- Sadr), се „напумпани" со дрога пред соочувањето со коалициските сили, (според извештаите на американската војска, Министерството за надворешни работи и ирачки извори).[383]Според изјавите на анлитичарите, на Министерството за надворешни работи на САД, на бомбашите самоубијци им се даваат барбитурати[384]додека уличните борци кои се соочуваат со американската армија користат амфетамини.[385]

Во април 2004 год. во јужниот дел на Тајланд, терористички организации поврзани со Ал-Каеда, вооружени главно со мечови започнале масовен самоубиствен напад на три полициски станици убивајќи при тоа тројца полицајци и двајца војници, додека на страната на напаѓачите имало 107 загинати. Во нивниот крвоток се пронајдени метамфетамини[386]и други видови нелегални дроги, според извештајот на националниот министер за здравје Сударат Кијурафан.

Во Кашмир бомбаши самоубијци, наречени фидаини, под дејство на дрога заминувале на извршување на нивните мисии. Ашок Х. Мехта, пензиониран генерал на Индиската армија, вели„*Фидаините доаѓаат во парови, по три или четири на број. Ја вбризгуваат дрогата во себе пред нападот....Влегуваат во кампот вооружени со оружје, гранати, и врзани со експлозив.*"

[383] http://www.psihijatrija-ubija.info/psihijatrija-terorizam/.

[384]Барбитуратите се седативи и истите спаѓаат во групата на психодепресори, најчести психички дејства од неконтролираното земање на психодепресорите се: слаба меморија, забавен говор, емотивна лабилност, непријателски став, повремено дури и насилство, параноја и склоност кон самоубиство, најпознати претставници на барбитуратите се: фенобарбитон, циклобарбитон, винилбарбитон и амобартибал. Се наоѓаат во форма на таблети, раствори и ампули, но најчесто како капсули во различна боја. Д-р Стефан Буџакоски, (2002) „*Превенција од злоупотреба на дрогата*", Летра/Охрид, стр. 91.

[385]Амфетаминот спаѓа во групата на психостимуланси, тој дејствува на централниот нервен систем, кардиоваскуларниот и мускулниот систем, со неговото дејство на централниот нервен систем предизвикува несоница и зголемување на психомоторната активност, како и на повеќе психички активности, го зголемува расположението и кондицијата при што кај консуматорот мисловниот процес е побрз, повеќе зборува, му се зголемува психичката концентрација и е поотпорен на физички напор. На пазарот може да се најде во таблети, капсули во различни форми големини и бои, во вид на прашок и раствор во ампули за инјекција. Најчесто се консумира орално, а многу ретко преку инјекција. Д-р Стефан Буџакоски, (2002) „*Превенција од злоупотреба на дрогата*", Летра/Охрид, стр. 84-85.

[386]Синтетичка дрога чии стимулативни својства се слични на адреналинот, се создава брза зависност при што како негативни ефекти се јавуваат: акутна депресија, психички епизоди, оштетување на мозокот. На пазарот може да се најде во облик на капсула, прашок и др.

Шефот на полицијата во Бандипура во северен Кашмир, Манзор Ахмед, вели дека терористите се вмешани во трговијата со наркотици главно поради две причини. Едната е поради тоа што им ги даваат на своите борци во текот на самоубиствените напади, со цел да ги охрабрат и ослободат од болка. Другата причина е зголемување на фондовите. Наркотиците се многу профитабилни.

Во прилог е следната табела во која е прикажана основна поделба на наркотичните средства (дрога) и нивото на зависност.[387] Според авторот на истата, под поимот толеранција се подразбира дека настанува постепено опаѓање на дејството на дрогата, односно дека не е можно со внесување на иста количина на дрога да се постигне посакуваниот ефект, што резултира со внесување на се поголеми количини на дрога.

| **Вид на дрога** | **Физичка зависност** | **Психичка зависност** | **Толеранција** |
|---|---|---|---|
| Опијати | + | + | + |
| Барбитурати | + | + | + |
| Кокаин | - | + | - |
| Амфетамини | - | + | + |
| Канабис | - | + | - |
| Халуциногеници | - | + | + |

Извор:Виолета Матовић,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*".

[387]Виолета Матовић,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/ Београд стр. 202-204

### 4.6.3 Тактики кои ги применуваат терористичките организации за извршување на самоубиствени напади

**Самоубиствена направа на бомбаш самоубиец**[388]– основниот дизајн и функција на самоубиствените направи, кои ги употребуваат различни терористички организации во светот се во основа исти, иако постојат суптилни разлики таа главно ги има следните карактеристики:

- **Едноставен прекинувач за иницирање**, што се состои од копче на притискање или полукружен прекинувач кој го затвара електричното коло.
- **Фрагментациски материјал**– како што се шајки, лагери или други мали метални парчиња. Фрагментацискиот материјал е основниот механизам за убивање во индивидуални самоубиствени бомбашки напади.
- **Направите** главно се сокриваат во дел од облеката што се носи близу до телото како што е елек, појас или палто. Меѓутоа има примери каде што експлозивната направа е маскирана да личи на обичен безопасен предмет.
- **Главно полнење** може да се состои од пластичен експлозив, од воен квалитет или домашно направена смеса.
- **Многу направи имаат помошен систем за активирање** како што е електронски тајмер, пејџер или прекинувач во вид на стапица. Ако напаѓачот биде убиен, уапсен или се обиде да се откаже од нападот, секундарниот систем за активирање обезбедува алтернативната метода за иницирање. Овој секундарен систем за активирање е исто така безбедносна мерка за организацијата, доколку бомбашот се реши да се откаже во последната минута.

**Самоубиствена облека**

Најголем број од употребените самоубиствени направи се самоубиствените облеки. Направите може да се сокријат во палта, чевли, појаси, елеци, ранци, спортски торби и акт ташни. Самоубиствената облека се развива за да се подобри сокривањето и станува се помала. Почетно, направата беше квадратен блок од експлозив што се носеше на гради или на стомакот. Постепено, направата се разви во блок експлозив, во облик на срце, што се става околу

[388] *Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

нападот. Сега се знае дека терористичките групи развиваат бомби за поставување на градите, бидејќи пребарувањето на телото за самоубиствената направа обично се изведува околу стомакот. Палестински бомбаш самоубиец бил фатен пред да може да детонира нов облик на експлозивен појас, кој бил сошиен така да личи на долна облека. Терористите ќе продолжат да употребуваат нови методи за вешто да ги сокријат самоубиствените направи.

Повеќето самоубиствени облеки воопшто немаат или имаат малку електроника, што им отежнува на безбедносните служби да развијат технологија за откривање на овие направи. Самоубиствената облека може да се направи од комерцијални предмети, со исклучок на прилагодлив пластичен експлозив и детонатор, додека останатите компоненти може да се купат од шивачки дуќан (растегливо платно) и во продавница за авто делови (челични лагери, жици, батерии и прекинувачи). За илустрација, есплозивниот појас кој го користат бомбашите самоубијци чини 150 долари.[389]



самоубиствен елек
извор: DCSINT Handbook No. 1.03, Suicide Bombing



Рачна импровизирана експлозивна направа
извор: DCSINT Handbook No. 1.03, Suicide Bombing

[389] Julian Madsen, "Suicide Terrorism: Rationalizing the Irrational," *Strategic Insights* Vol. III, no. 8 (Aug.2004): 2



Штета направена од рачна импровизирана експлозивна направа
извор: DCSINT Handbook No. 1.03, Suicide Bombing



експлозив во акт ташна
извор: DCSINT Handbook No. 1.03, Suicide Bombing[390]

**Самоубиствена импровизирана експлозивна направа што се носи со возило и моторцикл**

Пример за самоубиствена импровизирана експлозивна направа (во понатамошниот текст-импровизирана експлозивна направа-ИЕН) што се носи со возило е нападот со возило бомба во Џакарта, Индонезија, на 9 септември 2004 година и трите напади во Саудиска Арабија на 12 мај 2004 година каде што беа употребени патничко возило, пикап камион и сервисно возило.

Во Ирак, ИЕН што се носат со возило станаа омилено оружје против ирачките безбедносни сили и американските трупи. Од 136 напади со возила бомби, во периодот од октомври 2004 година до 2006 година, самоубиствените напаѓачи извршија 87 напади.

[390] DCSINT Handbook No. 1.03, Suicide Bombing, A Military Guide to Terrorism in the Twenty First Century, US Army Training and Doctrine Command (2006).

**<u>Самоубиствена ИЕН што се носи со пловен објект- чамец</u>**

Чамци наполнети со експлозив, што ги управуваат бомбаши самоубијци, претставуваат голема закана за поморските интереси. Во изминатите години има голем број на инциденти со голем профил од поморски тероризам, што ја илустрира привлечноста на поморските цели: самоубиствениот бомбашки напад на американскиот брод „USS Col" (УСС Кол) од море во октомври 2000 година; нападот на супертанкерот „М/В Лимбург" на брегот на Јемен; и спречена операција на Ал-Каеда да ги нападне сојузничките воени бродови додека полнеле гориво во Сеута во Гибралтарскиот мореуз. Друга терористичка група, Тамилски тигри, употребувале пет или шест чамци одеднаш за да нападнат брод; при тоа чамците се движат со приближно 40 милји на час (64 км/ч) и удираат во бродот употребувајќи техника т.н „рој" (неколку чамци наидуваат истовремено на брод од различни правци).

**<u>Самоубиствена ИЕН што се носи воздушно (отворен мал авион за рекреација, глајдер, минихелихоптер)</u>**

Бидејќи терористите внимаваат на трошоците, има само неколку случаи на бомбаши кои користеле самоубиствени ИЕН што се користат воздушно. Сепак тие најтешко се спречуваат. Нивната мала големина ги прави тешки за откривање со радар, но дострелот на мал авион е ограничен, чувствителен на време и нема точност.

***Главно полнење на ИЕН***

Најчесто полнење на експлозивните направи, кои ги користат терористите самоубијци, претставува рачно направениот триацетон трипероксид (ТАТП-TATP) и тринитротолуол (TNT-ТНТ). Ацетон пероксид е широко достапен и има голема предност над останатите бидејќи кучињата (за откривање на експлозив) не можат да го откријат. Специјално тренираните кучиња откриваат експлозиви како што се хексоген, амонал, пластичен експлозив но не и ацетон пероксид. Меѓутоа, неговата примена е многу опасна бидејќи мора да биде компресиран за подобра детонација, што од друга страна може да предизвика самостојна експлозија. ТНТ е посилен експлозив од ацетон пероксид но е проблематичен поради потребата од вистински детонатор како и начинот на кој бомбашите самоубијци се доближуваат до целта, направата ја носат во торба

или ја прикриваат со широк капут што предизвикува сомневање кај безбедносните сили и големи шанси за нивно откривање. Ц-4 е пластичен експлозив кој е за 20% посилен од ТНТ но неговата достапност е многу ограничена, што е и главна причина за неговата поретка употреба. Главната убиствена моќ на бомбата не претставува самата експлозијата, туку фрагментите кои се нагаат во нејзе и кои се лансираат во сите правци во текот на експлозијата. Најразорни се челичните лагери со големина од 3-7 милиметри, кои во моментот на детонација на бомбашот самоубиец се растураат како неколку илјади куршуми во еден момент. Понекогаш се користат пластични фрагменти кога е потребно да се помине покрај детектор за метал.[391]



**Триацетон-Трипероксид (ТАТП),-Triacetone-Triperoxide (TATP)**
Извор:The Nacional Counterterrorism Center[392]



**Тринитротолуол (ТНТ)-Trinitrotoluene (TNT)**
Извор:The Nacional Counterterrorism Center

[391]Виолета Матовић,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/ Београд, стр. 209-210.
[392]The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR стр. 126.



**Ц – 4, (C – 4**
Извор:The Nacional Counterterrorism Center



**Амониум Нитрат (АНФО), Ammonium Nitrate Fuel Oil (ANFO)**
Извор:The Nacional Counterterrorism Center

Жртви од ИЕН во Авганистан во период од 2001 до 2013 год.

| период | IED | вкупно | % |
|---|---|---|---|
| 2001 | 0 | 4 | 0.00 |
| 2002 | 4 | 25 | 16.00 |
| 2003 | 3 | 26 | 11.54 |
| 2004 | 12 | 27 | 44.44 |
| 2005 | 20 | 73 | 27.40 |
| 2006 | 41 | 130 | 31.54 |
| 2007 | 78 | 184 | 42.39 |
| 2008 | 152 | 263 | 57.79 |
| 2009 | 275 | 451 | 60.98 |
| 2010 | 368 | 630 | 58.41 |
| 2011 | 252 | 492 | 51.22 |
| 2012 | 113 | 253 | 44,66 |
| 2013 | 52 | 117 | 44,44 |

Извор: http://icasualties.org/oef/[393]

[393]http://icasualties.org/oef/.




Извор: http://icasualties.org/oef/[394]

Појаснување: ИЕН- импровизирани експлозивни направи, непри.жртви-непријателски жртви.

[394] http://icasualties.org/oef/

### 4.6.4 Тенденции на терористичките организации за извршување на самоубиствени напади

За импровизираните експлозивни направи можеме да забележиме дека повеќето групи можат да импровизираат но само неколку се иновативни, што значи дека тие веројатно ќе употребат варијации на самоубиствени направи. Терористите тежнеат да изберат, од репертоарот на тактики, начин со кој ќе го задржат елементот на изненадување, но истовремено и да го избегнат вниманието на безбедносните власти насочено кон борба со стандардни тактики. Самоубиствените направи ќе останат едноставни бидејќи ако направата е софистицирана, таа станува тешка за ракување и поправка кога ќе откаже да функционира. Потенцијалот на терористите да употребат повеќекратни бомбаши самоубијци каде првиот напад е направен да предизвика жртви и да ги доведе првите пружатели на одговор (полиција, брза помош, пожарна и т.н) на местото, за да ги изложи на втор самоубиствен/убиствен напад, мора да се земе во предвид. Во мај 2004 година во Пакистан, експлодира бомба во приватно училиште. По 25 минути, кога полицијата и репортерите дојдоа на местото, друга посилна бомба експлодира во автомобил (со службени регистарски таблички) на околу 10 стапки (3 метри) оддалеченост. За време на истрагата за експлозиите на бомби во Шпанија, беа откриени неколку секундарни направи што биле поставени за пружатели на одговор.[395]Медицинскиот персонал во „Шхаре Зедек" и „Хадасах" болници во Ерусалим, сведочат за повреди здобиени при бомбашки напади, страдањата на жртвите и натчовечките напори на персоналот на болниците да им се помогне на жртвите. Во експлозивните направи се наоѓаат предмети (фрагментациски матреријали) како што се штрафови, шајки и други разни метални предмети, кои се со големина од еден милиметар или поголеми. При експлозија тие се разлетуваат и илјадници такви ситни предмети влегуваат во телото на жртвата, што го претставува скоро невозможно нивното отстранување. Во изминатиот период, во експлозивите се ставаат хемиски средства со антикоагулантно дејство, што значи дека го спречува засирувањето на крвта кај повредените лица. Таквите пациенти често пати поминуваат низ интензивни хируршки интервенции со цел да се санираат повредите на органите. Фрактури,

[395]*Спречување на терористички активности,*(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

изгореници, ампутација, васкуларни повреди, парализа, слепило или оштетување на мозокот се само дел од последиците кои ги преживуваат оние „среќници" кои ќе ја преживеат иницијалната експлозија. Психолошките манифестации кај секој од нив се пост-трауматска стресна нерамнотежа, депресија и анксиозност.[396] Од 2001 год. постои сомневање дека оперативците на Ал Каеда создаваат терористичка морнарица. Има информации кои покажуваат дека таа морнаричка актива опфаќа мини подморници, систем со човечки торпеда и нуркачи обучени за подводни минирања. Ова не е изненадување бидејќи за Ал-Каеда и за други терористички организации се знае дека имаат склоност за искористување на историски методи за напад. Во суштина, нивните бомбаши самоубијци употребуваат или проучуваат многу методи прифатени од Јапонците во Втората светска војна, вклучувајќи пилоти камикази; моторни чамци наполнети со експлозив; човечки мини каде пливачите донесуваат експлозивно полнење под бродот; човечки противтенковски мини; торпеда водени од човек и мини подморници. Во САД компании за подводна опрема веќе извесен период добиваат повици каде повикувачите се обидуваат да набават специјализирана подводна опрема, вклучувајќи апарати за дишење и мини подморници од видот што го употребуваат командосите за специјални операции. Во Шри Ланка (додека биле активни ЛТТЕ), властите пронашле полуизградена мала подморница во бродоградилиште сопственост на лице осомничено како бунтовник (припадник) на Тамилските тигри. Подморницата, долга околу 10 метри, била со капацитет од две или три лица и била од ист тип како тие конфискувани од полициските сили во 90- тите години на минатиот век. Се поголемо е стравувањето дека терористичките групи ќе употребат брод со опасен товар за да нападнат пристаниште. По откривањето на брод натоварен со 680 тони експлозив (еквивалент на атомска бомба) и 8000 детонатори, укажува дека има причина за загриженост. Товарот исто така содржел гумени чамци и опрема за нуркање кои овозможуваат напад од море.[397] Американската влада ги предупреди авиокомпаниите дека некои терористички организации се трудат хируршки да вметнуваат експлозиви на луѓе и на тој начин да изведуваат напади. Нема податоци од разузнавачката служба кои укажуваат на конкретна

---

[396] Beres, R.L; Mesing, M: Bodies in pain,The radiology of suicide bombing terrorism, http://ntvf.8m.com/articles1.htm

[397] *Спречување на терористички активности*,(2006), Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

закана, но САД ја сподели оваа информација со извршните директори на домашните и меѓународните авиопревозници.[398]

На 27 август 2009 год. во градот Џеда (Саудиска Арабија), бомбаш самоубиец се обиде да изврши атентат врз помошникот на Министерот за внатрешни работи на Саудиска Арабија, принцот Мохамед бин Најеф син на Министерот за внатрешни работи, според странските медиуми бомбашот самоубиец ја сокрил импровизираната експлозивна направа во ректумот[399] и во близина на принцот истата ја активирал. Принцот го преживеал нападот со полесни повреди.[400] Палестински терористи на 16 март 2004 год. со измама навеле едно 14 год. палестинско момче Абдула Куран, кое во својот училишен ранец требало да однесе на контролна точка бомба тешка 13 фунти (околу 6 килограми). Нападот бил неуспешен бидејќи поради техничка грешка бомбата не експлодирала. Во текот на истрагата било утврдено дека момчето не знаело што носи во училишниот ранец.[401] Во Пакистан терористите киднапирале 8 годишно девојче Сохана Џавед и го принудиле да изврши самоубиствен бомбашки напад, но несреќното девојче успеало да се извлече непосредно пред контролниот пункт во градот Пешвар, каде што требало да ја активира бомбата. Таа успеала да го симне од себе појасот со експлозив и да повика помош. Целта била да се саморазнесе и да убие што е можно повеќе пакистански војници.[402] На 18.10.2013 год. во Јемен извршен е самоубиствен напад врз командниот центар на 111 воена бригада лоцирана во провинцијата Абијан (јужниот дел на Јемен).[403] Самоубиствениот извршител употребил оклопно возило за извршување на нападот, при што загинале дванаесет јеменски војници додека 30 се повредени.

[398] Дневен печат „Вест"година XII, број 3312 од 8.07.2011 година
[399] завршниот дел од дебелото црево.
[400] Европол, SC5-единица за борба против тероризмот -Хаг,EDOC # 418506_v4 2
[401] потполковник др. Катарина Штрбац, Катарина Терзиќ, Воено дело бр.3, од 2007 год. Министерство за Одбрана на Р.Србија стр 95.
[402] www kanal 5 com mk.21.06.2011
[403] Според јеменски воени извори одговорноста за нападот го превзема јеменска филијала на Ал Каеда која дејствува на ова подрачје http://www.kuna.net.kw/ArticleDetails.aspx?id=2339405&Language=en.

Табела на терористички организации, нивната област на операции и нивните начини на доставување на ИЕН

| Група | Област на операции | Доставување |
|---|---|---|
| Ал-акса маченички бригади | Газа/западен брег | Ч |
| Ал Каеда | Меѓународно | Во, Вх, Чц |
| БКИ | Индија | Ч |
| Чеченски бунтовници | Русија | Ч |
| ДХКП/С | Турција | Ч |
| Египетски исламски џихад | Египет | Ч |
| ГИА (GIA) | Алжир | Ч |
| Хамас | Газа/западен брег | Ч, Во (Л,Т) |
| Хезболах | Либан | Ч, Вх, Во (Л,Т) |
| Џаиш-е-Мухамед | Џаму и Кашмир | Ч, Во (Л) |
| Лашкар-е-Таиба (Армија на праведните) | Џаму и Кашмир | Ч |
| Тамилски тигри (ЛТТЕ-LTTE) | Шри ланка | Ч, Чц, Во (Л,Т) |
| Курдска работничка Партија (ПКК-РКК) | Турција | Ч |
| Палестински исламски џихад (ПИЏ) | Газа/западен брег | Ч, Во (Л) |

Извор: Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД[404]

Човек (Ч), Возило (Во), Чамец (Чц), Товарно возило (Т), Лесно возило (Л), Воздух (Вх).

Учество на мажи и жени во операциите на Црни тигри од 6.07.1987-7.07.2004 год. извршени на подрачјето на Шри Ланка

| Црни тигри | Тигрова канџа (мажи) | Птици на слободата (жени) |
|---|---|---|
| Вкупна сила | 312 | 92 |
| Црни тигри-море | 152 | 22 |

[404] *Спречување на терористички активности*,(2006), Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

| | | |
|---|---|---|
| Успешни мисии | 58 | 27 |
| Начин на операции | Камиони наполнети со експлозив, велосипеди, абдоминален бомба-појас, опрема за нуркање | Абдоминален појас-бомба, прслук бомба |

Извор: Виолета Матовиќ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*"

Истражувањата во ова поглавје ни ја отсликуваат реалната опасност со која се соочуваат институциите на системот задолжени за безбедноста во едно општество. Во насока на превземање на мерки за сузбивање на самоубиствениот тероризам, ќе ги елаборираме мерките кои треба да се превземат за сузбивање на бомбаши самоубијци. Приоритетот треба да биде насочен на службите за разузнавање, бидејќи благовремените информации добиени од нив подразбира успешна реакција на безбедносниот систем, а со тоа и заштита на општеството.

### 4.6.5 Бомбаши самоубијци

На оперативно ниво, еден успешен одговор бара целосно познавање на апаратот за регрутирање и обука на бомбаши самоубијци. Овде подразбираме систем кој опфаќа две паралелни патеки, избор и обука на бомбаш самоубиец и оперативна подготовка за напад. Обично лицето, кое го регрутира бомбашот самоубиец, го придружува за време на неговата воена обука и на неговата духовна подготовка пред нападот. Во меѓувреме се подготвува оперативна подлога за нападот. Ова вклучува безбедна куќа за бомбашот, набавка и сокривање оружје, подготовка на експлозиви според начинот што ќе се употреби и конечно префрлање на напаѓачот и експлозивите до областа каде што е целта. Три клучни работи за ефикасен и успешен контратероризам се:[405]

- **Разузнавање и знаење за растечката закана**-овој вид на активност бара човечки, технички и оперативни мерки со цел да се неутрализира самоубиствениот напад во неговата подготвителна фаза.
- **Спречување**-што се дефинира операционално, како потреба за добро обучени сили за спроведување на законот и информирана и подготвена јавност.

[405] *Спречување на терористички активности*,(2006), Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

- **Подготвеност**-потреба за планирана стратегија за итност и секоја случајност.

Терористите продолжуваат да избираат меки цели за напад особено оние каде што има голем број на жртви, како на пример: станбени објекти, трговски и рекреативни центри, деловни згради и комплекси и др. Сите постоечки антитерористички мерки треба ригорозно да се преиспитуваат за да опфатат:

- Поттикнување на службениците на силите за спроведување на законот и на граѓаните да бидат будни и веднаш да пријават ситуација, што се чини дека претставува закана или сомнителна активност.
- Зголемување на бројот на видлив безбедносен персонал, каде е можно.
- Воспоставување/зголемување на безбедносни патроли со возила, пешки на терен, со променлива големина, време и маршута.
- Проверка на сите нелегално паркирани возила во и околу објекти, испитување на возачите и наредба тие веднаш да се преместат. Ако сопственикот не може да се идентификува, возилото се отстранува.
- Преуредување на надворешните бариери за возила, сообраќајните конуси и барикади на патишта, за да се измени шемата на сообраќајот во близина на објектите кои можеби се надгледуваат.
- Доколку е изводливо, нередовно да се паркираат возила на силите за спроведување на законот близу до влезови и излези.
- Да се ограничи бројот на влезни места и строго да се применуваат контролните процедури за влез.
- Видливо да се распоредат безбедносни камери и сензори на движење.
- Да се отстрани вегетација во и околу периметрите и да се одржува редовно.
- Да се воспостави програм за инспекција на возила во ризични области, што ќе опфати проверка на шасијата, под хаубата и во багажникот.
- Да се обезбеди обука за инспекција на возила на персоналот за безбедност.
- Да се направат проучувања за ранливост со фокус на физичката безбедност, структура на објектите, инфраструктура. На пример електрична енергија, вода и филтрација на воздух, ако е тоа изводливо.

Многу е тешко да се исфрли од колосек бомбаш самоубиец штом тој или таа ќе тргне кон целта. „Откако терорист ќе појде кон неговата цел, половина од битката е веќе загубена“ вели Магнус Рансторп од Центарот за проучување на тероризмот и политичко насилство при Универзитетот „Сент Ендрјус”, (Обединето кралство).[406]Дури и ако целта не е достапна бомбашот самоубиец сепак ќе ја активира бомбата, обично во непосредна околина на наменетата цел. При експлозија на бомба пред московското метро, на пример, жената бомбаш самоубиец се обидела да влезе во метро станицата, но се откажала откако видела двајца полицајци близу до влезот кои проверувале документи и багаж. Тогаш таа ја детонирала бомбата во толпата луѓе близу до станицата.[407]Експлозијата на бомба пред московското метро е еден пример како бомбашите самоубијци ги детонираат нивните направи, без оглед дали пристигнале или не до нивната цел. За ова мора да се свесни силите за спроведување на законот или секој кој приоѓа на бомбаш самоубиец. Бомбашот самоубиец е посветен на својата смрт и на смртта на колку е можно повеќе други лица. Ако не може да дојде до оптимално место, не значи дека други блиски мети се недостапни.

Утврдено е дека терористите сакаат да убијат колку е можно повеќе луѓе, затоа тие ќе имаат за цел јавни места преполни со луѓе, особено во „шпиц” часови. Според тоа целта на безбедносните мерки е да се направат тие места понепристапни за самоубиствените напаѓачи. Во областите со висок ризик треба да се поставaт безбедносни бариери, понекогаш направени за да пропуштат само пешаци, а понекогаш направени наизменично да пропуштаат возила. Бариери против пробивање обично се употребуваат околу владини згради, аеродроми, воени објекти, амбасади, пристаништа и водени патишта, електрани или било која локација каде постои закана од активност со импровизирани експлозивни направи што се носи со возило. Високи бетонски периметарски ѕидови може да се додадат за да го заштитат објектот.[408]Бариерите имаат многу намени, тие:

[406]*Спречување на терористички активности*,(2006), Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[407]CRS Report To Congress http://www.fas.org/irp/crs/Rl32058; http//www.pbs.org/wnet/wideangle/shows/suicide/briefing.html.
[408]*Спречување на терористички активности*,(2006), Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

- Го намалуваат ефектот на самоубиствен бомбашки напад, ако и кога ќе нападне терорист и служат како одвраќање на потенцијален самоубиствен напад
- Овозможуваат подобро набљудување на оние што доаѓаат на местото.
- Обезбедува контрола на толпа.
- Овозможува настаните да се надгледуваат преку мониторинг систем.
- Ја распрскува толпата-толпата ќе биде поraширена, така што постои веројатност помалку луѓе да бидат во непосредната област на бомбашот самоубиец и според тоа ќе имаат поголема шанса да преживеат таков напад.
- Овозможуваат проверка на лични документи и багаж.
- Влеваат доверба на јавноста. Бидејќи самоубиствениот тероризам е вид на психолошка војна, граѓани на кои им е кажано дека се предмет на психолошка манипулација ќе развијат посилен имунитет против такво нешто.
- Го олеснуваат разделувањето на бомбашот самоубиец од толпата.

Запирање на терористите самоубијци пред тие да дојдат до целта е оптимална и најбезбедно дистанца. Ако не се успее во тоа, силите за спроведување на законот мора да применат неутрализација со намера да го намалат ударот и опустошувањето предизвикано од бомбаш самоубиец. Во оваа фаза, интервенцијата е поврзана со голема опасност за минувачите и за силите за спроведување на законот. Како што беше и претходно кажано бомбашите самоубијци ќе ја активираат нивната направа, без оглед дали ќе дојдат или не до посакуваното место. Секундарна направа или напад е секогаш можност, затоа секој план или одговор мора да ја земе предвид оваа можност. Истражувањата во Палестина (Израел), во врска со местата на кои се извршени самоубиствените напади посочија на некои интересни факти, имено растојанието од домицилот на извршителите на самоубиствените напади и целта до која тие патувале во просек изнесувала 26,6 км. додека максималната дистанца до која патувале изнесува 142,4 км. Просечното растојание на седиштето на терористичката ќелија и целта на самоубиствениот извршител изнесува 25,9 км.[409]

[409]Исто така во истражувањето презентирани се податоци во врска со старосната граница на извршителите на самоубиствени напади во Палестина. Најмладиот извршител на самоубиствен напад е на возраст од 12 години, додека најстариот извршител на самоубиствен напад е на

Посочените мерки за безбедност како и примерите за саморазнесување на бомбашите самоубијци, кога ќе проценат дека можат да бидат откриени укажува на комлексноста на целокупниот проблем во сузбивање на самоубиствените терористички напади. При превземањето на безбедносните мерки неопходна е потребата од меѓусебна координација и соработка на безбедносните служби (воени, полициски и др), како и останатите институции на систем. Таквиот начин обезбедува континуиран проток на информации кој во зависност од степенот на класификација се проследува на анализа и обработка или во зависност од заканата се активираат безбедносните процедури. Како што можеме да забележиме најефикасен одговор на самоубиствените напади се постигнува со навремена и точна информација односно спречување на бомбашот самоубиец уште во неговата почетна фаза. Тогаш штетите се минимални, а придобивките за општеството големи. Особена корист кога бомбашот самоубиец е спречен во почетната фаза имаат безбедносните служби бидејќи доаѓаат до драгоцени информации од повеќе аспекти.

### 4.6.6 Индикатори за бомбаш самоубиец

Врз база на анализа на голем број на извршени самоубиствени напади утврдени се одредени показатели кои укажуваат дека одредено лице е подготвено да изврши самоубиствен напад, односно истиот е потенцијален бомбаш самоубиец.[410]Тие се:

- Може да изгледа нервозно, не реагира (тап поглед) или е преокупиран.
- Има торзо кое изгледа тврдо/недостаток на долна подвижност или флексибилност (од направата бомба).
- Можеби ја избричил главата или има кратка коса. Кратка коса или скоро избричена брада или мустаќи, може да се очигледни од разликите во тенот на кожата на главата или на лицето. Процесот на индоктринација и прочистување се прави во исто време кога и финалната фаза на операцијата.

---

возраст од 64 години. Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor,(2010),,*ECONOMIC CONDITIONS AND THE QUALITY OF SUICIDE TERRORISM*, NATIONAL BUREAU OF ECONOMIC RESEARCH 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138.

[410]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

- Може да мириса на невообичаена вода од трева/цвеќе, со цел да мириса подобро кога оди во рајот.
- Покажува енергична акција (за да дојде до посакуваната цел се пробиваат низ толпа луѓе или влегува во забранета област).
- Се до експлозијата, лицето може да се види како се моли длабоко во себе, оддавајќи впечаток дека некому му шепоти.
- Може да се оддалечи кога ќе види полициски службеници или службеници кои проверуваат багаж.
- Бомбаши самоубијци се видени како ги креваат рацете за време на детонацијата за да овозможат оптимално распрскување.
- Ако експлозивната направа ја носи на себе, бомбашот самоубиец може да облече палто или елек што изгледа преголем или гломазен и може да не одговара на климата.
- Може да има необични или сомнителни испапчувања на средниот дел од телото на бомбашот самоубиец.
- Ако експлозивната направа се носи, лицето обично постојано цврсто ќе ја држи торбата или предметот, држејќи го близу до телото. Импровизираната експлозивна направа која се носи е обично скриена од случајни погледи во вообичаен предмет кој се вклопува во средината. Најчеста направа за носење се ранците.
- Појасот наполнет со експлозив може да направи видлива испакнатина на облеката на бомбашот самоубиец. Самоубиствените облеки вообичаено се со тежина од 0,5 кг. до 9 кг. (1 до 20 фунти). Ограничувачки фактор е можноста да се сокрие направата под горната облека.
- Бомбаши самоубијци крадат униформи за да можат да влезат во забранети области.
- Кабел или жица кои се гледаат под преголемо палто, торба, или може да се завиткани околу раката со која се носи направата. Бомбашите самоубијци понекогаш претпочитуваат иницирање со повлекување, бидејќи тоа спречува предвремени експлозии кои често се случуваат со прекинувачи или електрични иницијатори.
- Многу бомбаши самоубијци работат во тимови од по двајца. При конечното доближување до целта бомбашот е придружуван од друг

терорист, кој на бомбашот ќе му даде емоционална поддршка и ќе му помогне да го одбере местото на актуелната цел. Партнерот заминува пред детонацијата.

- Во преглед на видео снимки на самоубиствени бомбашки напади се чини дека голем процент од бомбашите се уплашени и вознемирени, како се приближува времето за детонација. Многумина се потат и се движат прикрадувачки.
- Бомбашите започнуваат да сошиваат експлозив на своите палта. Затоа, бомбаш самоубиец може да носи палто што изгледа дека има необични рабови или затегнувања.

Во други индикатори дека едно лице можеби ќе изврши самоубиствен напад спаѓаат:[411]

- *Испитување на граници*-лице кое се спрема да изврши самоубиствен напад можеби ќе ги испита границите за провлекување во обезбедената област.
- *Дискутирање за маченитштво*-лице можеби ќе дискутира за идејата да стане маченик. Во некои ситуации, смртта на членови од нивните семејства ја забрзуваат желбата на лицето да стане маченик.
- *Самоубиствена белешка или видеоснимка*-многу бомбаши самоубијци оставаат зад себе видеоснимка или самоубиствена белешка.
- *Подарување на сопственост*-некои бомбаши самоубијци преходно го подаруваат својот имот.
- *Надгледување на целта*-секогаш кога ќе се забележат возила кои се паркирани, возат без цел или стојат на исто место повеќе денови, треба да се извести, за да може да се изврши истрага и да се одреди зошто тоа се случува.
- *Мирис на хемикалии, дамки, изгореници*-некои бомбаши самоубијци исто така работат со експлозиви и како резултат на тоа, стануваат „обележани" од бомбата.
- *Тунелска визија*-често, кога самоубиствениот напаѓач го започнува својот напад тој добива тунелска визија, со други зборови тој станува насочен

[411] *Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

само кон целта и ќе остане таков додека не го изврши нападот. Тој е толку индоктриниран и скоро ништо нема да го одврати од извршување на неговата задача.

- *Раце во џебови*-за да ги скријат жиците, бомбашите самоубијци често ги држат рацете во своите џебови за да избегнат да бидат откриени.
- *Не одговараат на усни команди*-овој дел е зачудувачки за лицата од службите/агенциите за спроведување на законот. Повеќето служби/агенции имаат политика „да се пука" или „да не се пука". Во некој кој не е директна закана за полициските службеници или други лица не може да се пука. Меѓународната асоцијација на шефови на полиции работи на упатствата за справување со оваа растечка закана, бидејќи со неа се уште се нема справувано. Ова е проблем што треба да го испитаат сите што се задолжени за спроведување на законот, за да најдат решение пред да се соочат лично со проблемот.
- *Регистарски таблички на возила*-изгледаат импровизирано или не се исти (различна предна и задна табличка).
- *Возило кое е сомнително паркирано*-се однесува за возило кое подолго време е паркирано на централно место или во област забранета за паркирање.
- *Возило со понизок заден дел* или изглед како да содржи тежок товар.

Во поглед на финансиските импликации кои се неизбежен дел во борбата против тероризмот, за илустрација, би го спомнале федералниот извештај на САД за 2003 год. Во истиот се нагласува дека во таа година финансиската помош која ја овозможува САД за борбата против тероризмот во странство е зголемена за 133 %. Во наредната 2004 год. буџетот наменет за Министерството за одбрана на САД, за борбата против тероризмот во странство, се зголемува за дополнителни 200 милијарди долари. Ваквата тенденција на зголемување на финансиите за противтерористички активности укажа на потребата од вклучување на други сегменти од општеството, освен воената компонента, бидејќи за успешна борба против самоубиствениот тероризам со религиозен предзнак не е доволен само воен одговор. Поранешниот секретар за одбрана на САД, Доналд Рамсфелд изјавува: „*Трошоците и придобивките од борбата* (се

мисли на борбата против самоубиствениот тероризам) *се против нас. Нашата цена е милијарди додека цената на терористите е милиони.*"[412]

**Заклучок**

Сознанијата за методите кои ги користат терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам укажуваат на пропустите на безбедносниот систем но и на општеството како целина. Ефикасноста на самоубиствените напади не остава сомнеж дека ќе се отфрлат како метод на терористичките организации за остварување на одредени цели, иако нападите повлекоа лавина на безбедносни мерки во светот. Процесот на регрутација ги користи сите слабости на поединецот и ја наметнува волјата на авторитетите на терористичките организации. Религијата, наркотичните средства, обуката, финансиите, иновативноста во тактиките што се применуваат за самоубиствени напади, укажуваат дека системот постојано се надградува и усовршува. Дефрагментација на целиот процес ни дава една појасна слика за мерките кои треба да се превземат во насока на сузбивање на самоубиствениот тероризам. Во исто време, се воочува неопходноста од примена на антитерористичките мерки во почетниот стадиум, со цел да се намали ефикасноста на самоубиствените напади.

**Заклучок од тестирање на петтата посебна хипотеза како и поединечната хипотеза за петтата посебна хипотеза.**

Со оглед на претходно изнесеното, а врз основа на добиените податоци од истражувањето сметаме дека петтата посебна хипотеза која гласи: *Сознанијата за функционирање на терористичките организации кои применуваат самоубиствен тероризам и ефикасноста на институциите на системот како фактор кој е пресуден во спречувањето на религиозниот бран на тероризмот.*

и поединечната хипотеза за петтата посебна хипотеза која гласи: *Разобличување на целиот процес на регрутација, обука, наметнување на верски авторитет, финансирање како и благовремена реакција на безбедносните служби, каде акцентот е ставен на секторот разузнавање, се од витално значење за сузбивање на самоубиствениот тероризам со религиски предзнак.* Хипотезите се потврдуваат

[412]Scott Atran,(2004),, *Mishandling Suicide Terrorism*" The Center for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.

4.7 Дополнителни анализи и компарации значајни за истражувањето

Роберт Папе (Robert Pape), политички научник од Универзитетот во Чикаго во *Умирајќи да победи: Стратешка логика на самоубиствениот тероризам* („Dying to Win:The Strategic Logic of Suicide Terrorism"), тврди дека странската окупација е коренот кој предизвикува самоубиствен тероризам.[413]Анализирајќи ги податоците од 315 самоубиствени напади во периодот од 1980 до 2003 година, Папе тврди дека заедничка закана која поврзува 95% од сите самоубиствени напади во светот, пред 2004 год. не е религијата или идеологијата, туку биле чисти стратешки политички цели.[414]Во истражувањето извршено од страна на Роберт Папе и Џејмс К.Фелдман (James K.Feldman) објавено во книгата „*Пресекување на фитилот: Експлозија на глобалниот самоубиствен тероризам и како истиот да се спречи*",[415]анализирани се причините за невидениот пораст на самоубиствениот тероризам во изминатите години и нивната насоченост кон САД. Во периодот после 2004 год. доаѓа до значително зголемување на бројот на самоубиствени напади, се проценува дека се приближно околу 500% повеќе, отколку во периодот од 1980-2003 год. (околу 350 самоубиствени напади во целиот свет), односно во период од шест години, од 2003 до 2009 год. во светот се случиле 1.833 самоубиствени напади од кои 92% биле анти-американски. Иако САД напредувале во воведувањето на демократијата во Ирак, истата не допринесе за сузбивање на тероризмот против САД и нивните сојузници. Резултатите од истражувањето укажуваат дека самоубиствените бомбашки напади во Мадрид 2004 год. и Лондон 2005 год. како и бројните завери против американците конкретно се мотивирани од окупацијата на Ирак. Заклучоците од истражувањата на Роберт Папе и Џејмс К.Фелдман го потврдуваат претходно изнесениот став на Роберт Папе, во врска со странската окупација, но ова истражување укажува и на транснационалниот самоубиствен тероризам како и

[413]Scott Atran, (2006),„*The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism*", The Canter for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.
[414]Ibid.
[415]Robert A.Pape James K.Feldman (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. www.cns.ba.

одредени констатации од анализата на самоубиствениот тероризам во изминатиот период.[416]Генерално во истражувањето е констатирано следното:

*-воената окупација е главниот движечки фактор на самоубиствениот тероризам*- се проценува дека стационирањето на странски воени сили (копнени и воздухопловни) на територијата која претставува упориште на терористите предизвикало 87% од самоубиствените нападите во 2004 год. Окупација на западните племенски подрачја во Пакистан, од страна на локалните воени сили (истите се сојузници со американските сили стационирани на авганистанско-пакистанската граница), се причина за дополнителни 12% од нападите. Понатаму, во време на испраќањето на борбени сили кои ги загрозувале териториите на терористичките упоришта случени се осум големи самоубиствени походи[417]во периодот од 1980-2009 год. кои вкупно сочинуваат 96% од 2188 самоубиствени напади случени во тој период.

*-транснационален самоубиствен тероризам*- Во книгата *Умирајќи да победи: Стратешка логика на самоубиствениот тероризам* се вели дека национализмот (желбата да се сочуваат локалните, политички, верски и општествени институции од надворешно влијание), претставува основа за објаснувањето зошто некој припадник на одредена заедница, соочен со странска воена окупација, превзема такви драстични мерки со намера да ги одбрани горенаведените вредности, при тоа не е исклучена и примената на самоубиствениот тероризам. Оваа причинско-последична врска е важна бидејќи најголемиот број на извршители на самоубиствени напади живее во окупираните земји или на подрачја кои непосредно граничат со тие земји и на кои постои опасност од окупацијата. Меѓутоа, Роберт Папе, во *Умирајќи да победи*, не ја објаснува причинско-последичната логика на транснационалните самоубиствени напаѓачи[418]кои сочинуваат 10% од вкупно 2600 самоубиствени

[416]Robert A.Pape James K.Feldman (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. www.cns.ba.

[417]Под самоубиствен поход се подразбира оној самоубиствен напад, еден или повеќе, планирани во рамките на, една или повеќе групи, во насока на постигнување на конкретна политичка цел. Самоубиствени напади кои не се дел од походот се нарекуваат „изолирани" напади.

[418]Транснационалниот терорист самоубиец е класичен случај на поединец кој на повеќе начини ја истакнува националната лојалност: посветен е на повеќе заедници на народи кои се поврзани, територијално, карактеристична култура и заеднички јазик, помеѓу лојалноста кон заедницата и земјата во која престојува надвладува лојалноста кон заедницата. Меѓутоа овој конфликт на лојалност не се одвива вакумски односно истиот е под силно влијание на околностите. Поопширно во Robert A.Pape James K.Feldman (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. стр 9-10.www.cns.ba.

извршители (бомбаши самоубијци) во периодот од 1980-2009 год. Во *„Пресекување на фитилот: Експлозија на глобалниот самоубиствен тероризам и како истиот да се спречи"* го наоѓаме објаснувањето на причинско-последичната логика и феноменот на транснационалниот самоубиствен тероризам, каде што се вели дека воената окупација може да се примени и на објаснувањето за причините на транснационалниот самоубиствен тероризам. Присутноста на странска воена сила на одредено подрачје претставува силен мотивирачки фактор за извршување на самоубиствени напади. Понатамошните анализи на самоубиствениот тероризам укажуваат на зголеменото присуството на самоубиствени напади во средини кои што се економски сиромашни и (или) имаат слаба ефикасност на институциите на системот. Таквата состојба вешто се користи од страна на терористичките организации кои претендираат да се вгнезди радикалната исламска реторика во тие средини. Таков пример претставуваат земјите на Африканскиот континент (Мали, Нигер и Мавританија), Арапскиот полуостров (Јемен) и др. Во таа насока ќе го презентираме извештајот на Националниот центар за против терористички активности на САД презентиран во 2012 год. за состојбата со тероризмот во претходната година.

### 4.7.1 Извештај на Центарот за против терористички активности на САД

Националниот центар за против терористички активности на САД (National Counterterrorism Center-NCTC)[419]во својот годишен извештај презентиран 2012 год. за состојбата со тероризмот во светот во претходната, 2011 год. ги презентира следните констатациите за терористичките активности, во кои централно место има Ал Каеда и нејзините филијали.

Од гледна точка на борбата против тероризмот, експертите од Националниот центар за против терористички активности на САД, нагласуваат дека 2011 год. е доста успешна. Лидерот на Ал Каеда, Осама бин Ладен, беше ликвидиран од страна на специјалните единици на САД (SEAL) на 2 мај 2011 год. во градот Аботабад (Пакистан). Друг висок командант на Ал-Каеда, Илјас Кашмири (Ilyas Kashmiri), беше ликвидиран со помош на беспилотно летало на ЦИА во јуни

[419]NCTC Annual report on Global Terrorism, July 31, 2012
http://www.matthewaid.com/post/28439480656/nctc-annual-report-on-global-terrorism

2011 год. во Пакистан. Лидерот на Ал Каеда за Источна Африка, Харун Фазул, беше ликвидиран од страна на владините сили на Сомалија во јуни 2011 год. Во август 2011 год. еден од главните воени команданти на Ал Каеда, Атија Абдул Рахман, беше ликвидиран во северниот дел на Пакистан со помош на беспилотно летало на ЦИА. Во септември 2011 год, Анвар ал Авлаки, одговорен за операции на Ал Каеда на Арапскиот полуостров, беше ликвидиран со помош на беспилотно летало на ЦИА во јужниот дел на Јемен. Според Националниот центар за против терористички активности, загубата на Осама бин Ладен како и останатите клучни оперативци на Ал Каеда ќе биде тешко да се надомести. Но додека Ал Каеда беше десеткувана, нејзините разграноци надвор од Пакистан постигнаа голем успех.

- Во Јемен, до крајот на 2011 год. филијалата на Ал Каеда на Арапскиот полуостров и нејзините локални јеменски сојузници, успеале да стават под своја контрола голема територија од јужниот дел на Јемен вклучувајќи и неколку позначајни градови. Со контранападот на јеменската армија, во пролетта 2012 год. многу од овие територии беа повратени но по атентатот извршен врз јеменскиот генерал, кој ја предводел офанзивата, интензитетот на јеменската војска бил намален. Атентатот го извршил бомбаш самоубиец член на Ал Каеда.
- Во северниот дел на Африка, филијалата на Ал Каеда во земјите од исламскиот Магреб[420] ја искористи можноста да ги прошири своите активности во сиромашните земји Мали, Нигер и Мавританија. Делумно, благодарение на парите добиени од откупот на многу лица од западните земји кои ги држеше во заложништво. Ал Каеда стави под своја контрола делови од северот на Мали, при што наиде на многу слаб отпор од страна на војската на Мали.
- Во Сомалија филијалата на Ал Каеда-Ал Шабаб, беше принудена да го напушти главниот град Могадишу но продолжи со напади на територијата контролирана од страна на американците и силите на Преодната сојузна Влада на Сомалија. Според извештајот на

[420]Називот „Магреб" потекнува од арапскиот јазик и означува „западно" се однесува за територии на северниот дел од Африка односно северно од пустината Сахара и западно од реката Нил. Ги опфаќа следните земји Алжир, Либија, Мавританија, Мароко, Тунис, Западна Сахара (анкетирана и окупирана од Мароко), како и градовите-териртории под шпанска управа Сеута и Мелиља.

Националниот центар за против терористички активности, од активностите на Ал Шабаб загинаа над 1000 сомалијци во 2011 год. вклучувајќи значителен број на африкански мировници и голем број на сомалиски владини министри.

- Ал Каеда во Ирак ги продолжи своите самоубиствени напади во земјата во текот на цела 2011 год. Загрижува фактот што филијалата на Ал Каеда во Ирак ги прошири своите операции во соседна Сирија, при што дополнително ја искомплицира целата ситуација во таа земја во која се води граѓанска војна.

Во извештајот на Националниот центар за против терористички активности се нагласува и отварањето на нови фронтови на глобалниот тероризам. Филијалата на Ал Каеда во Нигерија-Боко Харам, изврши повеќе напади во таа земја вклучувајќи го и нападот во август 2011 год. врз седиштето на ОН во Абуџа. Исто така во август 2011 год. една група на вооружени милитанти, преку Синај, навлегоа во јужниот дел на Израел и извршија серија на координирани напади врз воени и цивилни цели при што загинаа осум лица. Во продолжение ќе бидат прикажани табели на кои се прикажани операциите на Ал Каеда во периодот 1993-2010 година. Жртви на терористичките напади во светот (поединечно по земји) во 2011 година и бројот на жртви групирани според категории во 2011 година.

Самоубиствени напади на Ал Каеда според бројот на жртви во периодот од 1993-2010 год




Извор:Süddeutsche Zeitung[421]

[421]http://www.statista.com/statistics/184624/al-qaeda-terrorist-attacks-by-death-toll/

Жртви на терористички напади во светот во 2011 год. поединечно по земји




извор: NCTC[422]

Број на жртви од тероризам групирани според категорија на жртви во 2011 год.




Извор: NCTC[423]

---

[422]National Counterterrorism Center ://www.statista.com/statistics

[423]Ibid. //www.statista.com/statistics.

Развојот на терористичките активности во земјите Јемен, Мали, Нигер, Сомалија и Нигерија (за Ирак и Израел подоцна ќе стане збор додека за Мавританија[424]нема податоци за извршени самоубиствени напади во периодот 2011-2013 год.), споменати во Националниот центар за против терористички активности на САД (за 2011 год.) во периодот 2011-2013 год. допринесоа за имплементирање на самоубиствени терористички напади со нагласен радикален исламски предзнак на овие простори во тој период. Вкупно во периодот од 2011 до 2013 год. во Јемен, Мали, Нигер, Сомалија и Нигерија се случија 105 самоубиствен напад во кои животот го загубија 1022 додека повредени се 2087 лица.[425]Исламските радикални терористички организации превземаа одговорност за 57 самоубиствени напади, додека останатите 48 се во категоријата непознати терористички групи за кои постојат сознанија дека се со исламски радикален предзнак. Во најголемиот број на случаи (66,7%) самоубиствените напади беа насочени кон безбедносните служби или нивните сојузници. Поединечно по земји податоците укажуваат на следново.

Во Јемен во периодот од 2011 до 2013 год. се случија 39 самоубиствени напади во кои 431 лице го загуби животот додека 866 лица се повредени. Одговорноста за најголемиот број на самоубиствени напади ги превземаа терористички организации со радикален исламски предзнак (филијали на Ал Каеда на Арапскиот полуостров 11 напади, Ансар ал Шарија 3 напади и др.).

Во Мали во периодот од 2011 до 2012 год. нема податоци за извршени самоубиствени напади, но во текот на 2013 год. се случија 9 самоубиствени напади во кои 15 лице го загуби животот додека 47 лица беа повредени. Одговорноста за најголемиот број на самоубиствени напади ги превземаа терористички организации со радикален исламски предзнак (Движењето за единство и џихад во Западна Африка 1 напад, Џамат Ал-Тавхид Вал-Џихад 1 напад и др.).

Во Нигер во периодот од 2011 до 2012 год. нема податоци за извршени самоубиствени напади, но во текот на 2013 год. се случи 1 самоубиствен напад во кој животот го загуби 1 лице додека 14 лица се повредени. Одговорноста за

[424]На 08.08.2009 год. извршен е еден самоубиствен напад врз француската амбасада во таа земја. Во нападот нема загинати лица освен извршителот додека 3 лица се повредени. Одговорноста за напдот го превзема Ал Каеда во земјите на исламскиот магреб. Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

[425]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

самоубиствениот напад го превзема радикалната исламска терористичка организација Движењето за единство и џихад во Западна Африка.

Во Сомалија во периодот од 2011 до 2013 год. се случија 32 самоубиствени напади во кои животот го загубија 309 лица, додека 412 лица се повредени. Одговорноста за најголемиот број на самоубиствени напади ги превземаа терористички организации со радикален исламски предзнак (Ал Шабаб 26 напади и др.).

Во Нигерија во периодот од 2011 до 2013 год. се случија 24 самоубиствени напади во кои животот го загубија 266 лица, додека 748 лица се повредени. Одговорноста за најголемиот број на самоубиствени напади ги превземаа терористички организации со радикален исламски предзнак (Боко Харам 15 напади и др.).

Како што можеме да забележиме, земјите кои се економски посиромашни и ефикасноста на институциите на системот не е на едно задоволително ниво, претставуваат лесен плен за имплементирање на разна екстремистичка идеологија од религиозниот бран на тероризмот. Во конкретните земји нагласена е исламската екстремистичка идеологија.

### 4.7.2 Исламскиот тероризам во САД извештај за 2013 година

Поучени од искуството со самоубиствените бомбашки напади во Лондон (07.07.2005), кога е констатирано дека владата на Обединетото Кралство не располага со конкретни сознанија (информации) за лица (државјани на Обединетото Кралство) кои се во контакт со терористички организации или осудени за терористички активности од аспект на исламскиот радикализам, институциите надлежни за таа проблематика во САД започнаа една анализа за потенцијалната опасност која би можела да се случи токму од ваквите поединци, државјани на САД. Според информациите добиени од извршените анализи во САД се доаѓа до сознанието дека од вкупно 171 лице (од кои 38% се директно поврзани со Ал Каеда, додека 62% се инспирирани од идеологијата на Ал Каеда), кои се обиделе да извршат акти на самоубиствен тероризам во САД и биле осудени од цивилни или воени судови (во периодот од 1997 до 2011 год.) поголемиот дел биле американски државјани (54%), додека повеќе од една

третина (36%) се родени во САД.[426] Според статистичките податоци доаѓаме до сознание дека е погрешно претходното мислење, кое се базирало на ставот дека извршителите на самоубиствените напади во земјата треба да се бараат само во лица кои не се државјани односно надвор од САД. Врз база на истражувањата извршена е категоризација на лицата (вкупно 171 поединец) во пет категории.

Во *првата категорија* влегуваат лица т.н *активни учесници*- тоа се поединци кои извршиле или без сомнение ќе извршат акти на тероризам. Во оваа категорија влегуваат 38% од вкупниот број.

Во *втората категорија* влегуваат лица т.н *аспиранти*-тоа се поединци кои покажуваат интерес во тероризмот (терористички активности), но чии планови не биле доволно напредни за да претставуваат непосредна закана или чија улога била ограничена. Во оваа категорија влегуваат 25% од вкупниот број.

Во *третата категорија* влегуваат лица т.н *олеснувачи*-тоа се поединци кои се вклучени во подготовките за извршување на актите на тероризмот или извршување на одредени оперативни работи (прибирање на финансиски средства, пренесување на документи и други материјални добра). Во оваа категорија влегуваат 21% од вкупниот број.

Во *четвртата категорија* влегуваат лица т.н *обучени аспиранти*-тоа се поединци слични на аспирантите од втората категорија (покажуваат интерес во тероризмот, терористички активности, но чии планови не биле доволно напредни за да претставуваат непосредна закана или чија улога била ограничена), но истите завршиле обука во терористички кампови во странство. Во оваа категорија влегуваат 15% од вкупниот број.

Во *петтата категорија* влегуваат лица т.н *идеолози*-тоа се поединци кои се вклучени во подготовките во актите на тероризмот од аспект на поттикнување на терористички активности. Во оваа категорија влегуваат 1%.

Податоците од извршеното истражување укажуваат на присутната опасност која произлегува токму од лица државјани на САД. Инспирирани од идеологијата на Ал Каеда истите претставуваат голема опасност по безбедноста на САД. Нивното присуство беше занемарено во изминатиот период односно безбедносните служби беа фокусирани на лица кои доаѓаат од ,,надвор" како главна закана по државната безбедност. Соодветно на тоа не беше земен во

[426] http://dailycaller.com/2013/03/05/report-majority-of-islamist-terrorist-threat-to-us-homeland-has-come-from-us-nationals/

предвид степенот на загрозеност кој „домашните", исламски екстремисти, можат да го испорачаат по националната безбедност. Начинот на изведување на самоубиствените мисии би можел да варира, од т.н *волци самотници* па се до спектакуларни напади како дел од мрежата на Ал Каеда. Присутноста на овие поединци инспирирани од екстремна религиозна идеологија би можеле да најдеме и во останатите земји во светот, кои секако не се имуни од ваквите појави. Анализите и резултатите од овие безбедносни ризици треба да бидат во фокусот на безбедносните служби со цел благовремено превземање на соодветни мерки за нивно неутрализирање.

Терористички напади, топ десет земји во периодот јануари-март 2013 год.

| **Земја** | **Број на напади** | **Жртви** | **Повредени** | **Киднапирања** |
|---|---|---|---|---|
| Ирак | 503 | 812 | 2187 | 7 |
| Пакистан | 294 | 647 | 1298 | 33 |
| Авганистан | 195 | 311 | 373 | 21 |
| Индија | 144 | 103 | 240 | 30 |
| Тајланд | 51 | 39 | 159 | 0 |
| Колумбија | 47 | 36 | 156 | 12 |
| Јеман | 37 | 40 | 50 | 7 |
| Сомалија | 35 | 44 | 89 | 0 |
| Сирија | 29 | 289 | 688 | 0 |
| Нигерија | 27 | 103 | 17 | 11 |
| **Вкупно** | 1362 | 2424 | 5257 | 121 |

Извор: COE-DAT, Turkey[427]

[427] Centre of excellence defence against terrorism (COE-DAT). Newsletter-Januari, February, March 2013-Turkey. www.coedat.nato.int

### 4.7.3 Извештај на Федералното истражно биро-ФБИ (FBI) за екстремизмот кај Белата супрематија и имплементација на самоубиствени терористички напади

Федералното истражно биро на САД изврши истражување во врска со потенцијалот на домашните терористички организации, припадници на движењето *Бела супрематија*, за примена на тактиките од самоубиствениот тероризам.[428] Истите би можеле да бидат применети на ниво на организација или создавање на поедници (т.н осамени волци или волци самотници), кои во име на остварување на прокламираните цели на белата супрематија би можеле да извршат самоубиствени терористички напади. На почетокот би го објасниле поимот бела супрематија. Под овој поим подразбираме верување, теорија или доктрина дека белата раса е супериорна во однос на сите, па поради тоа треба да ја воспостават или задржат контролата врз останатите.[429] Овие теории водат потекло од американската почва, поточно САД во XIX век (периодот 1865-1870 год.). Во современата литература под поимот бела супрематија (или движење бела супрематија), подразбираме организации или групи кои прокламираат ултранационалистички, расистички или фашистички доктрини. Припадниците на овие движења често применуваат насилство за остварување на своите цели.[430] Во истражувањето на Федералното истражно биро, поврзано со белата супрематија и примената на самоубиствените терористички напади се посочуваат следните карактеристики на движењето:

- Ефектите кои произлегуваат од примената на самоубиствениот тероризам придонесоа за негова пролиферацијата како модерна

[428] Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007),,White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism.

[429] Белата супрематија претставува супериорност на припадниците на белата раса во однос на останатите раси. Пред граѓанската војна во САД (1861-1865 год.), расизмот и супериорноста на белата раса биле заеднички ставови на северните и јужните држави во земјата. По прокламацијата за еманципација трупите на Унијата (силите на северните држави во граѓанската војна на САД) се бореле и залагале за еднакви права на сите луѓе вклучувајќи ги и црнците во државата. Спротивен став во врска со еманципацијата на припадниците на црната раса имале силите на јужните држави (или сили на конфедерацијата). По завршување на војната и победата на силите на Унијата (северот) се формираат повеќе тајни организации на југот од САД, кои застапуваат супериорност на белата раса, расизам и сл. Такви организации се Кју Клукс Клан (основана во 1865 год.) и витешкиот ред на Белата Камелија (1867 год.) кои беа тајна групи, додека членовите од Вајт лига (или Бела лига основана 1874 год.) и Црвени кошули (1875 год.) беа јавно познати. Сите четири групи користи насилство да се заплашат црнците и републиканските гласачи. Нивните напори успеале и со крајот на Реконструкцијата во 1877 год. белта супрематија стана реалност на југот од САД. http://www.pbs.org/tpt/slavery-by-another-name/themes/white-supremacy/

[430] http://dictionary.reference.com/browse/white+supremacy

терористичка тактика. И покрај разликите во идеологијата постојат многу заеднички елементи во самите групи/организации кои применуваат самоубиствени терористички тактики, со што се обезбедува основа за анализа и проценка за нивната примена во домашните екстремистички организации, припадници на движењето бела супрематија.

- Групите кои припаѓаат на движењето бела супрематија по својата природа се фрагментирани и со отсуство од цврсто лидерство. Со самото тоа ја немаат потребната инфраструктура или поддршка за широко прифаќање на самоубиствената тактика како групите од странство. Врз база на ова, заканата од самоубистениот тероризам повеќе произлегува од поединци кои ја поддржуваат идеологијата на белата супрематија отколку од организациите-претставници на истата.
- Идеологијата на белата супрематија обезбедува одредена поддршка за самоубистениот тероризам. Истата вклучува соодветна реторика на културата на маченик, што значи подлога за идеалот на саможртва кај поединецот во име на каузата.
- Белата супрематија изрази само спорадичен интерес за самоубистениот тероризам. При што, неговиот потенцијал првенствено го согледува низ призмата на обединување на фрагментираното движење отколку како стратегија за ефикасно унапредување на целите на движењето.
- Екстремистичкото движење бела супрематија, најверојатно, ќе треба да доживее чувство на екстремна криза пред истото да ги прифати тактиките на самоубиствените напади. Современите проблеми кои го зголемуваат чувството на маргинализација, вклучувајќи ги имиграцијата и глобализацијата (кои претставуваат храна за овие движења и основа за расна нетрпеливост) како и паранојата од ционистичкиот заговор за уништување на белата раса, би можел да предизвика индивидуален акт на самоубиствен напад. Тоа би можело да доведе до обединување на поединци по овие прашања, што во најлош случај би довело до ,,кампања" на индивидуални извршители на самоубиствени напади.

*Индивидуални извршители на самоубиствени напади*

Екстремистичкото движење на белата супрематија во својата историја поседува одредени елементи кои одат во прилог на поддршка на маченичката култура. Во литературата, која ја истакнува екстремистичката идеологија на белата супрематија, се посочува самоубиствениот тероризам како ефикасна тактика за остварување на целите. Таков случај претставува романот со наслов „Дневниците на Тарнер", кој го напишал Вилијам Пирс основачот на Националниот сојуз (организација која по својата идеологија припаѓа на движењето на белата супрематија), издаден во САД во 1978 год.[431]Во романот се зборува за самоубиствените операции како тактика која се користи против Окупаторската ционистичка влада, во насока да се создаде единствена бела раса во рамките на САД. Романот завршува со главниот лик Ерл Тарнер, кој извршува акт на самоубиствен терористички напад за потоа истиот да биде одбележан со фиктивен „Ден на маченичите". Дневниците на Тарнер, очигледно, се залагаат во колективната меморија на следбениците на овие сфаќања да се вреже денот на маченичите и на тој начин да се обезбеди поддршка за самоубиствените операции во рамките на движењето. За важноста на овие прослави ќе ги спомнеме примерите со Хезболах кој го слави 11 ноември како „Ден на маченичите", со кој го прославува својот прв самоубиствен напад во 1982 год. и 5 јули кој го прославувале Тамилските тигри-ЛТТЕ како „Ден на Хероите", односно на тој ден во 1987 год. е извршен првиот самоубиствен напад во име на ЛТТЕ.[432]Романот „Дневниците на Тарнер" претставувал инспирација за формирање на организацијата „Ред" (уште една организација која има идентична идеологија со движењето на белата супрематија) и спроведување на една насилна камапања во име на организацијата. Исто така, кај извршителот на бомбашкиот напад во сојузната трговската зграда „Алфред П. Муреј" во Оклахома Сити во април 1995 год. Тимоти Меквеј (кој поставил камион со експлозив), се пронајдени неколку страници од романот „Дневниците на Тарнер" во кои се опишуваат подготовките за поставување на бомба во зградата Џ.Едгар Хувер (во која се наоѓа главниот штаб на Федералното истражно биро во Вашингтон).

---

[431]Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007)„White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism.

[432]Ibid.

*Култура на маченик*

Организациите кои ги вклучуваат самоубиствените напади во насока на остварување на целите на организацијата, посветуваат посебно внимание на маченииштвото. Тие создаваат една култура каде што самоубиството од социјално негативна појава ја трансформираат во прифатлив акт на саможртва. Самоубиството во тој контекст е широко прифатено како од аспект на религиозните (христијански идентитет, одинизам[433]) така и од секуларните организации (национална алијанса, креативизам[434]), како една благородна смрт.

Во контекст на егзистирањето на културата на маченик кај припадниците на белата супрематија, во кратки црти ќе ги појасниме одинизмот како претставник на религиозните организации и креативизмот како претставник на секуларните организации.

-*Одинизам*, следбениците на одинизмот го прифаќаат воениот менталитет кој предвидува насилна акција како средство за достигнување на маченииштвото, односно вечниот живот на Валхала. Оној кој се бори во име на верата, но преживеал, сеуште не ја достигнал крајната цел на маченииштвото. Одинизмот промовира потреба од маченииштво во битка, како единствен начин за постигнување на бесмртен живот во *Валхала* (огромна небеска сала која се наоѓа во замокот на богот Один, во неа престојуваат сите воини убиени во битка). Во екстремистичките настапи на припадниците на белата супрематија често пати се употребува фразата „14 зборови", изговорена од припадник на организацијата

[433]Одинизмот-претставен на јазикот на екстремистичкото движење бела супремација значи мешавина на воин и окултните практики во чест на северноевропскиот пантеон богот Один (на германски Вотан) кои преминуваат во насилна и нацистичка идеологија. Расистичкиот одинизам го перцепира загрозувањето и истребувањето на северноевропскиот ентитет (претхристијанскиот народ и племенските вредности) кои се поврзуваат со еврејскиот заговор. Одинизмот има свои следбеници меѓу расистичките скинхедси како и отворени симпатии меѓу национал-социјализмот кој историски го прифати Вотанизмот од аспект на ариевската култура во текот на Вајмарската и Германија под власта на Хитлер. Следбениците на одинизмот бараат начин како да се емулираат воинствените аспекти на нивните божества и викиншкиот нескротлив бес. Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007),,White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism.

[434]Првичното име на оваа организација е Црква на Креаторот, за подоцна, поради судска одлука во Чикаго да го промени своето име во Креативистичко движење (креатор-самиот збор ја симболизира белата раса како создавач на најголемиот број на вредни нешта во светот). Креативистичкото движење се базира на креативизмот, кој претставува посебна религија основана во 1973 год. во Флорида САД, од страна на Бен Класен. Креативизмот во основа е атеистичка, етноцентрична религија која во себе содржи елементи на антисемитизам, расизам, нео-нацизам, анти-христијанска и сл. Силно ја нагласува супериорноста на белата раса и потребата од нејзиното владеење со планетата. Robinson,B.A. "The Creativity Movement: Introduction". *ReligiousTolerance.org*. Ontario Consultants on Religious Tolerance. Retrieved March 19, 2012. Henry, Sarah. "The Religion of Hatred." The San Francisco Chronicle 6 Feb. 1994. Print.

„Ред" Дејвид Ланес, која гласи-*we must secure the existence of our people and a future for white children*, односно -*ние мора да обезбедиме постоење на нашиот народ и иднина за белите деца.*

-*креативизам* (креативистичко движење) основачот на креативизмот Бен Класен, ги одобрува борбите до смрт (самоубиствените борби) и како пример ги посочува војниците кои ја бранеле тврдината Аламо (битка која се случила во 1836 год. во Тексас-САД, во истата загинале сите војници бранејќи ја тврдината од надмоќен непријател), исто така потенцира, дека борците од таа тврдина претставуваа вистински пример за припадниците на движењето на белата суприматија.

## ТРЕТ ДЕЛ

### 5.ИСЛАМСКИОТ РАДИКАЛИЗАМ И РЕЛИГИОЗНИОТ БРАН НА ТЕРОРИЗМОТ

*Исламот е идеологија и вера, татковина и националнаост, религија и држава, дух и акција, книга и меч.* **Хасан Ал Бана**

*О, вие кои верувате! Бидете исполнители (во вашите задачи) кон Бога и бидете праведни кон луѓето! Омразата кон некој народ нека не ве поттикнува да правите неправда! Бидете праведни, бидејќи тоа е многу близу до побожноста. Плашете се од Бога, бидејќи Бог совршено знае за вашите дела.........* **Куран 5,8,9**[435]

*„Вистински муслиман е само оној кој не ги вознемирува другите луѓе со својот јазик и со своите дејствија"* **Изрека на Мухамед а.с.**[436]

| *Стариот завет* | *Куранот* |
|---|---|
| 1. Немој да имаш други богови освен мене | 1. Забрана на политеизмот, (ширк), наредба за верување во еден бог |
| 2. Немој да правиш за себе леани или резбани идоли-статуи | 2. Добро однесување кон родителите. |
| 3. Немој без потреба да го спомнуваш името на твојот Бог | 3. Забрана на чедоморството поради сиромаштија |
| 4. Почитувај ги твојот татко и твојата мајка за да живееш долго на земјата | 4. Забрана на блудот, неморалноста |
| 5. Не убивај | 5. Забрана на убиство |
| 6. Не чини прељуба | 6. Грижа за имотот на сираците |
| 7. Не кради | 7. Праведно мерење со мерка и вага |
| 8. Не сведочи лажно за ближниот твој | 8. Праведно сведочење и доколку е против ближниот твој |
| 9. Немој да завидуваш на куќите на твојот близок, не завидувај на жените на твојот близок | 9. Исполнување на обврските дадени на Алах |
| 10. Не завидувај ништо на ближниот свој | 10. Следење на вистинскиот Божји пат (Сирати Мустеким) |

Извор:Философија (2002)[437]

[435]Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009) „*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 293.

[436]Философија (2002), година 1, број 2, Аз-Буки/Скопје, стр.83.

Алах го забранил убивањето на невини луѓе.

*„Да се убие невин човек е еден од најголемите гревови според Куранот"*

*...Ако некој убие некого кој не убил никој, или оној што на Земјата неред не прави - како сите луѓе да ги убил; а ако некој биде причина за нечиј живот да се сочува - како на сите луѓе животот да им го сочувал. Нашите пратеници јасни докази им донесоа, но многу од нив, и после тоа, на Земјата сите граници на злото ги поминуваа.*(Al-Ma'ida,32).[438]

Во битката кај Манцикерет во близина на езерото Ван во 1071 год. Турците Селџуци ја поразија византиската армија. По овој пораз, византиската империја, никогаш потполно не се опорави од исходот на оваа битка, односно пред Селџуците ја изгуби вештината да влијае над областите во Мала Азија. Вештина што успешно ја одржуваа градовите држави и претходните византијци за контрола на бројните персиски и арапски обиди. Губењето на областите во Мала Азија неизбежно ја означуваше пропаста на Константинопол. Постојано под азиски притисок, Византија беше очајна за помош од Запад, но не беше подготвена политички да се подреди себеси кон Запад (Источната православна црква се уште се противеше на спој со Католичката црква). Така внатрешните европски конфликти, воглавно франко-унгарски и франко-германски во комбинација со византиската религиозна тврдоглавост против обновувањето на односите со Ватикан, на Отоманците им даде можност незабележано да се вовлечат во регионот како поддршка на која било завојувана фракција, постепено да ја окупираат и заменат Византија. По унгарскиот пораз кај Мохач во 1526 год. Европа почна да гледа на Отоманците како на опасност. Сето ова стана очигледно за време на двата отомански обида за освојување на Виена, едниот во 1529 год. а другиот во 1689 год.[439]

За оној тероризам кој го носи префиксот „исламски" причините ги бараме во изгубените битки и достоинство „*...најдобро покажуваат статистичките податоци според кои во периодот од 1757 година до 1919 година забележани се деведесет и две исламски воени и политички порази кои се пратени со губење на територии"* (списание „Хрватски војник" бр. 39 стр. 13).[440]Новото време,

[437]Филозофија (2002), година 1, број 2, Аз-Буки/Скопје.
[438]Harun Yahya,(2003)„*Islam proklinje teror*", Bosančica print/Sarajevo.
[439]С.А.Јанакос,(2002)„*Етнички конфликт-религија, идентитет и политика*", Просветно дело/Скопје, стр. 56-58.
[440]http://www.mm.co.ba/sehara.

после Втората светска војна исто така изобилува со исламски порази и горчливи мировни спогодби.[441] Пророкот Мухамед, во еден текст во кој се подготвуваат муслиманите за борба, го вели следното:,,*Борете се во име на Бога и на патот на Бога. Борете се против оние кои не сакаат да го прифатат Бога. Не мамете или не вршете предавство. Не треба да му наштетите никому, ниту пак да убивате деца. Кога и да ги пресретнете вашите непријатели, поканете ги да го прифатат исламот. Ако го прифатат, тогаш оставете ги на мира. Тогаш треба да ги поканите да се преместат од нивната територија на побезбедно место... Ако не ја прифатат поканата за исламот, тогаш побарајте им да платат данок. Ако платат прифатете и оставете ги на мира...*"[442] Деталното истражување на секој терористички самоубиствен бомбашки напад во светот од 1980 година па до крајот на 2003 година со вкупно 462 бомбаши–самоубијци кои загинале во извршувањето на мисијата заклучува дека повеќе од половина од овие бомбаши биле мотивирани од верски цели.[443] Авторот на книгата ,,*Ал-Каеда џихад во Европа, авганистанско-босанска мрежа*" Еван Ф. Колман (Evan F.Kohlmann), откако шест години го проучувал Осама бин Ладен и Ал-Каеда, дошол до констатација дека легендите на џихадот и пожртвуваноста потекнуваат од граѓанската војна во Босна (1992-1995 год.). Приказните за луѓето кои ги изгубиле своите животи борејќи се за муслиманската ,,света војна" против европските ,,крстоносци", многу повеќе зборува за историјата и целите на Ал-Каеда, како и за следбениците на организацијата. Американците и Европјаните често го поставувале прашањето за начинот на кој Ал-Каеда успешно се вовлекла во Европа и на Запад, создавајќи терористички ќелии во Италија, Франција, Данска, Австрија, Германија, Шведска, Шпанија, Обединетото Кралство, Канада па дури и САД. Некои од најважните одговори би можеле да се најдат во Босна, каде што ,,кремот" на авганистанските арапи ги вежбале своите воени вештини и привлекле нова генерација фанатични герилски следбеници, при тоа следејќи само два непроменети патокази: вооружен судир и исламски фундаментализам.[444] Веројатно најстар пример на самоубиствен напад изведен во име на Алах се

[441] http://www.mm.co.ba/sehara

[442] Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009),,*Етиката на војната*", Академски печат/Скопје, стр. 86.

[443] http://www.fzf.ukm.mk/files/zbornik. Тања Милошевска,, Терористи - самоубијци " стр 497.

[444] Еван Ф. Колман,(2005),, *Ал-Каеда џихад во Европа, авганистанско-босанска мрежа*", Naklada Ljevak/Загреб, стр. 13-14.

однесува на еден од најзначајните случувања во муслиманската историја.[445] Тоа било самоизбраното маченииштво на Хусеин ибн Али (Hussein ibn'Ali), во битката кај Карбала во 680 година. Група шиити под водство на имамот (верски водач) Хусеин ибн Али, тргнале во поход против Сунитите, за кои Хусеин верувал дека ќе одговорат со гест на помирување. Хусеин во сон добива порака дека нема да има никакво помирување и дека тој и неговите следбеници ќе страдаат во битката со Сунитите. Отпуштајќи ги сите освен 72 најверни следбеници, Хусеин тргнал да се сретне со Сунитите кај селото Карбала, каде што тој и неговите следбеници биле масакрирани од страна на 10.000 сунитски војници. Хусеин бил потполно свесен за немоќта на бојното поле и ја прифатил својата судбина, тој немал политички амбиции но заземал морален став против неправдата и тиранијата. Неговата лична посветеност и непоколебливост, спремност на жртвување, послужила за пример не само за шиитите, туку за сите муслимани со надеж дека ќе излезат на крај со неморалните владетели кои тврделе дека се праведни муслимани. Иако тоа не бил самоубиствен напад во вистинска смисла на зборот, примерот на Хусеиновото маченииштво инспирирал голем број современи терористи самоубијци.[446] Друг историски пример на користење на самоубиствени напади може да се пронајде меѓу муслиманските заедници во Азија во текот на XVIII, XIX и почеток на XX век, особено на брегот на Малабар на југозапад на Индија, во Атјеху на северот на Суматра, во Минданау и Сулу на југот на Филипини. Муслиманите во тие региони изведувале самоубиствени напади во својата борба против хегемонијата на западот и колонијалната власт. Извршителите својата смрт не ја сметале за самоубиство, дури во нивните очи тоа бил чин на жртва за заедницата и во име на Алах. Терористичките акции предизвикале голем страв кај Европјаните. Активистите, често биле млади луѓе и готово секогаш сиромашни, при што нивниот отпор бил реакција на колонијалното владеење. Тероризмот се појавува во период на очај кога милитантните муслимани сфатиле дека отпорот кон Европјаните не може да биде успешен. Намерата на индивидуалните напади била да се одбрани интегритетот на муслиманската заедница со заплашување на

[445] Виолета Матовиќ, ја посочува жената Сумајах бинт Кхабаб како прв маченик во Исламот, која била убиена од рацете на еден политеист од Мека. Виолета Матовић (2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 76.
[446] Предраг Мићић,(2006),„*Самоубилачки тероризам:Идеологија револуционарног Ислама*",Одбрана, Р Србија, стр 69.

Европјаните и локалните христијани. Нивните акции го инспирирале чувството на религиозна должност и желбата да се стекне индивидуална награда. Заеднички фактори во самоубиствениот џихад опфаќале херојска литература (епски песни, поеми, теолошки расправи), која го величела маченииштвото како и специфични ритуали, кои се изведувале непосредно пред изведување на нападот. Всушност самоубиствените напади во очите на заедницата и самиот извршител воопшто не соодејствуваат со сфаќањето дека истото претставува самоубиствен акт, од причина што чинот на самоубиство во исламската религија е строго забранет. Стивен Дејл, професор на државниот универзитет во Охајо (САД), и врвен познавач на муслиманскиот тероризам заклучил дека:,,*Самоубиствените напади кај муслиманите представуваат претходница на модерниот облик на тероризам и проучувањата на тие случувања ни овозможува да разбереме зошто муслиманите, претходните терористички напади на Средниот исток, ги гледаат како една повисока политичка варијанта на моделот на антиколонијалниот отпор, кој долго претходел на XX век*"[447]

Во исламот самоубиството е познато под поимот **intihar-интихар**, и за истото во Куранот се вели ,,*И не се убивај, бидејќи Бог е навистина милослив кон тебе*". Во еден друг стих од Куранот се вели ,,*И не се уништувај со сопствените раце*". Постои и еден општоприфатен обичај **hadith-хадит**, кој ги предупредува муслиманите на последиците од самоубиството, во него се вели ,,*Кој ќе се самоубие со нож, ќе биде засекогаш во пеколот, и постојано ќе се боде со нож во стомакот; кој ќе се самоубие со испивање на отров, вечно ќе пие отров во пламените на пеколот; тој што ќе се самоубие со скокање од карпа засекогаш ќе паѓа во огнот на пеколот*".[448]Поради тоа на самоубиствениот напад се гледа низ призмата на маченииштвото односно-**шахид** (маченик кој паднал во процесот да ја исполни религиозната мисијата на светата војна-џихад). Бог го казнува самоубиството но го наградува маченикот, во Куранот за ова се вели ,,*За оние кои се убиени во Божји цели не мислете дека се мртви. Не, тие живеат во присуство на Господ и од него ќе добијат дарови*"

[447]Предраг Мићић,(2006),,*Самоубилачки тероризам:Идеологија револуционарног Ислама*",Одбрана, Р Србија, стр. 69-70.
[448]Jessika Stern, (2003),,*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*"стр.81.

(3,169).[449]Во исламот ова се нарекува **istishhad-истишхад.**[450]Мачениците биле длабоко почитувани кај муслиманите. Во некои случаи кога поединецот ќе го промени своето мислење во врска со извршување на нападот, истиот бил презиран како „полумаченик".

Почетоците на модерниот џихад ги сретнуваме во минатиот век. Родено на почетокот на седумдесеттите години на XX век, движењето на мечот на џихад (џихадско движење) се потпрело врз една идеологија со постари корени. Таа е застранета завршница на една школа на фундаменталистичка мисла, базирана врз една митска визија на оргиналниот ислам. Таа се стреми кон манипулирање со оние кои се исклучени или маргинализирани од исламските општества. Оваа идеологија, од крајот на седумдесеттите години на минатиот век, била искористена од една нова генерација радикални исламисти за да го оправда преминот кон едно транснационално политичко насилство, сметано како единствен можен начин за дејствување за воспоставување на калифат (симбиоза на политиката и религијата) и реунифицирање на умата (муслиманска заедница). Неговата најрадикална манифестација е муџахединскиот исламски тероризам со неосалафистичка инспирација. По потекло сунитски, денес тој е главната меѓународна закана. Две други форми на современ џихадизам, одбележани од моделот на иранскиот Хезболах и на палестинскиот Хамас, ќе бидат набљудувани на поконцизен начин бидејќи тие не испраќаат иста порака на политичкиот терор. Всушност, и двете имаат еден политички план кој овозможува во даден момент да преминат на преговори со противникот, иако тоа се уште не е случај со палестинскиот исламизам.[451]

- Борбениот шиитизам се родил со создавањето на исламската република Иран во 1979 година. Експанзијата на неговата џихадска идеологија била одбележана, како со задржувањето на регионалните амбиции на Иран, така и со волјата на муласите[452]да го ослабат арапскиот полуостров, кој се сметал како верски ривал. Таа се карактеризирала со подемот на моќта на Хезболах (Божјата партија) на почетокот на 80-те години на минатиот век. Борбениот шиитизам во Либан (во осумдесеттите години на

[449]Jessika Stern, (2003)„*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*", стр.82.
[450]IDC Herzliya-Israel, ICT (Instititute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism".
[451]Жерар Шалијан и Арно Блин. (2009) „ *Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда* ", Табернакул , стр 294-295.
[452]Верски учители, водачи.

минатиот век), си нашол соодветно место за дејствување на политичкото насилство. Но, тој модел се променил. Борбениот шиитизам е прво внатрешен протагонист на иранската сцена, додека либанскиот Хезболах, зачувувајќи до неодамна силни капацитети за терористичко дејство, станал незаобиколен политички актер на локалната сцена.

- Палестинскиот исламизам бил првиот актер во борбата против ционистичкиот проект, од триесеттите години на XX век, под тиранска идеологија на големиот муфтија на Ерусалим. Маргинализиран, по војната, преку дејствувањето на ПЛО или на неговите дисиденции и од подемот на панарабизмот, палестинскиот исламизам се преродил благодарение на првата Интифада (1987 година) и на институционализацијата на ПЛО преку создавањето на еден недовршен палестински ентитет. Меѓутоа, Хамас и исламскиот џихад засега остануваат локални движења, чии милитанти се произлезени од еден автономен калап, палестинските кампови, а не од Авганистан, чии цели се различни од борбениот неосалафизам.

Анализата на речиси сите терористички напади кои се случиле во т.н пост студена ера покажува дека организатори, спонзори и егзекутори биле исламските радикалисти. На тој начин религиозниот тероризам влезе на голема врата во сферата на загрозување на светската безбедност. Причината за ваквиот развој на настаните се бара во неколку димензии. Прво, таа се постигна со цивилизирање на „праведната војна" и со примена на концептот „ius ad bellum",[453] со стапување на сила на Повелбата на народите, по што преку рестриктивното уредување на правото на употреба на сила како нуспродукт произлезе фактот дека војната е „ад акта". Второ, распадот на комунизмот го означи крајот на Студената војна што значеше победа на демократијата и демократските процеси. Трето, каузално поврзано со претходното, започна

[453] Право да се оди во војна, владее и настојува да го ограничи свртувањето кон воена сила во извршувањето на меѓународни односи. Правото да се оди во војна е основано главно врз членот 2(3)(4) и Поглавјето 7 (членови 39 – 51) од Договорот на Обединетите нации. Членот 2(3)(4) од Повелбата на Обединетите нации овозможува:
(3) Сите членови ќе ги решат нивните меѓународни конфликти преку мирни средства на таков начин што меѓународниот мир, безбедност и правда нема да се загрозени.
(4) Сите членови ќе апстинираат во нивните меѓународни односи од заканата или употреба на сила против територијалниот интегритет или политичка независност на која било држава, или на кој било друг начин кој не е во согласност со целите на Обединетите нации.
Поопширно види во „Стратегија во современиот свет" од Џон Бејлис, Џејмс Вирц, Колин Греј и Елиот Коен.(2009), Нампрес/Скопје, стр. 111; http://www.macrofox.com/eng/d/ius-ad-bellum.htm.

процесот на глобализација кој нужно бараше присуство на демократија.[454]Понатаму, во услови на обид за демократизација на исламските општества и во услови на вакум од реална енергија и културна вредност за прифаќање на стандардите кои треба да се увезат, се јавува исламски фундаментализам. Неговите деца, пак, своите радикални акции се обидуват да ги оправдаат со одбрана на основните културни вредности на кои почива религијата на која и припаѓаат, и за кои „таа претставува возвишена задача доделена од Алах". Во една ваква поларизирана атмосфера во која се придвижуваат емоционални чувства и во која вокабуларот изобилува со термините „ние" и „тие", а работите стануваат „наши" и „ваши", во услови на нееднакво воено-техничко ниво и во услови на меѓународна правна забрана на волунтаристичка употреба на сила, повеќе или помалку латентно се изгради принцип (преку повикување на борбата за човекови права и борбата за заштита на „светата кауза") на примена на тероризам, кој зема замав и се издига на рамниште на движење - идеја. Одредени економски и психолошки теории во оваа насока тврдат дека причините за прибегнувањето кон тероризмот и радикализмот е заради презаситеноста од неправдите на кои се изложени муслиманите. Поради тоа се јавува принцип на краен одговор на личноста, по што настапува системот „person fed-up and gone crazy" (на личноста и е смачено и полудува). Оваа теорија интуитивно и емотивно можеби и задоволува некои критериуми.[455]Коментирајќи ја анти-терористичката кампања на САД, Салман Ружди вели: *„Зошто велите дека оваа борба е против тероризмот? Јасно е дека оваа борба е против политичкиот ислам. Ако фундаментализмот е враќање кон корените на исламот, тогаш екстремниот фундаментализам е екстремно враќање кон корените. Се поставува логично прашање: Како може да имате вера воопшто, ако ги немате темелите на верата? Тоа имплицира дека секој верник во основа мора да биде фундаменталист, без разлика на која религија припаѓа"*.[456]

Во Либан високата средна класа која ја поддржува политиката на Хезболах, како и делот на Шиитите (Shi`a) кои се наклонети кон политиката која ја води оваа партија, се залагаат за систем како на оној во Швајцарија или во САД,

---

[454] м-р Методи Хаџи-Јанев, (2005)„*Одбрана*", Министерство за Одбрана на РМ, годинаXIV,број 109, стр17.
[455]Ibid.
[456]Joel Beinin, Joe Stork(1996)„*Political Islam:Essays from Middle East Report*", стр 67

(Харик: „Меѓу исламот и Системот" -Harik, „Between Islam and System"; исто и Емили Салије: „Религиско оживување и политичка мобилизација на Шиитите во Либан" -Emile Sahliyeh:„Religious Resurgence and Political Mobilization of Shi'a in Lebanon"). Истиот став го делат и политичките елити во Ирак. Она, пак, што се случува во Западниот брег и во Газа покажува дека најголемиот дел од Палестинците не се за креирање на исламска држава, или поточно само 3% од нив ја посакуваат идната палестинска држава која ќе биде со исламски систем-религиозна. Од вкупниот број Палестинци кои се изјасниле за тоа на која политичка опција и веруваат, произлегло дека 23% од нив и веруваат или се поддржувачи на она што го спроведува Хамас. Во тој контекст е анализата на Лори Ален во извештајот кој го дава за Блискиот Исток- „Има многу причини зошто: Бомбаши самоубијци и маченици во Палестина"(There many reasons why: Suicide Bombers and Martyrs in Palestine, број 223, 2003 година). Во оваа анализа тој самоубијците ги става во ист контекст со ставовите кои погоре беа изнесени за припадниците на Хезболах и др.[457]

Една личност во муслиманската историја зазема посебно место во насока на прифаќањето на екстремните радикални ставови во религијата, тоа е Сеџид Кутб Шехид (Sejjid Kutb Šehid). Тој, од западните аналитичари често е претставен како отелотворување на радикалниот ислам и негов создавач во ликот на радикалните исламски групи од поновата историја. Сеџид Кутб Шехид, пред да биде извршена неговата егзекуција со бесење (од своите поранешни соборци во периодот на борбата против монархијата во Египет и тогашни носители на новата власт, за кои тој во своите јавни настапи се оградил), тврдел дека *„создавањето на исламскиот систем на владеење е Божја заповед и со тоа не само алтернатива туку императив". „Џихадот е како вооружена борба за одбрана на исламот од неправдата, станал пат пропишан на сите вистински верници во актуелна криза. На оние кои ќе одбијат да учествуваа или се колебаат би требало да се гледа како на непријатели на Бога".*[458]Типичен општествен профил на членови на милитантните исламски организации во Египет може да се илустрира со фактот дека тоа биле млади луѓе (на дваесетина години), кои потекнувале од обични

[457]м-р Методи Хаџи-Јанев,(2005),*„Одбрана"*, Министерство за Одбрана на РМ, годинаXIV,број 109, стр18.
[458]Џон Еспозито: „*Исламска закана - мит или стварност*", стр 155. http://www.mm.co.ba/sehara

семејства, мали градови од средна или од ниска средна класа, со многу силна мотивација, научно или техничко образование. Понекогаш во социологијата се претпоставува дека оние кои се приклучуваат на „радикалните движења" мораат во извесна смисла да бидат оттуѓени, маргинализирани, безимени или на било кој друг начин атипични. Движењата за обнова на исламот стануваат едни од најзначајните внатрешни закани за безбедност на владеачките режими во исламските земји. Оваа закана особено достигна висок степен на политичка валоризација по парламентарната победа на движењето за обнова на исламот во Алжир во 1991 година и по масовното враќање на „светите исламски војници" од Авганистан, на почетокот на 1990 година во исламските земји. Заканата достигна висок степен на политичка алармантност во земјите ширум исламскиот свет.[459]Две хипотези ќе заземат посебно место во стратегијата за обнова на исламот.[460]Во првата хипотеза, Исламското милитантно движење за обнова, во своите прокламации ќе истакне дека Западот сега е поспремен да се бори на страната на богатиот исламски свет против сиромашното исламско население, со што би имал полесен пристап до богатите наоѓалишта на нафта, така што за реализација на оваа стратегија е потребно поголемо воено присуство на Западот во исламските земји. Втората хипотеза е широко експлатирана и активно користена во глобалната стратегија на Исламското движење на обнова, а тоа е дека Западот повеќе инклинира кон мешање во судирите внатре во исламскиот свет, додека апстинира да биде вклучен помеѓу муслиманите и немуслиманите во кои страдаат муслиманите. Користејќи ги овие две хипотези Исламското движење за обнова ќе придобие симпатии меѓу најшироките слоеви на населението, како општо, револуционерно движење во исламскиот свет.

Заедничките особини кои го карактеризираат џихадот и обнова на исламот ги наоѓаме во идентитет. Верскиот идентитет е посилен од сите други идентитети (етнички идентитет, идеолошки идентитет), бидејќи е поврзан со Божјата правда и милост. Бог е некој вид последно (конечно) засолниште на човекот-„азил" после искушението и неуспехот. Поединецот работи се во името на Бог и

[459] Tatsuya Sahara, (1994),„*The Islamic World and the Bosnian Crisis, Current History*",стр 387.
[460] Ghassan Salame, (1993),„*Islamic and the West, Foreign Policy 90*", стр 28.

по „наредба" на Бог.[461] Поради тоа верскиот тероризам е вкоренет во поединечниот и колективниот идентитет, безобзирен и суров во изборот на целите, начинот на извршување на акциите и многу распространет. Од неговиот подем, во 1979 год. со иранската исламска револуција, постојано се зголемуваат групите и организациите кои ја шират идејата за исламскиот фундаментализам, поттикнувањата на борба против „неверниците", при тоа покажувајќи готово безграничен фанатизам во одбрана на чистотата на исламот. Така, верскиот тероризам го потиснал (заменил) идеолошки секуларниот тероризам, при што се позиционирал на централното место и станал основен мобилизирачки фактор (бидејќи за ширењето на верата и одбраната на верскиот идентитет „Божја задача и цел" не постојат препреки ниту оние кои невино страдаат). Тука нема можност за простување на оние кои ќе се охрабрат да го навредуваат или оспорат верскиот идентитет. Ореолот на „маченик" е метафора која покажува на длабочината на корените на верскиот тероризам и негова движечка и мобилизирачка сила во една верска заедница. Тој заведувачки остава простор за единственото средство кое им преостанува на слабите, малите, безначајни, неспособни и потценети. Но всушност ако внимателно се погледне „маченик" е оној кој не сака да напредува, туку сака да ги елиминира подобрите, поспособните, посилните, понапредните. „Маченик" станал главен елемент на верскиот идентитет и посакувана жестина во делот на современиот ислам. Смртта како жестина се спротивставува на животот, како на највисока вредност што ја потврдила човечката цивилизација и која ја истакнуваат скоро сите погледи на светот па и религијата. Овде треба да се потсетиме на мислењето на Карл Попер, кој вели дека веројатноста дека ќе се најде живот на некое друго небеско тело е во сооднос еден спрема милион и дека токму поради тоа животот е една голема тајна, а воедно и драгоценост. Во поглед на човековите права, правото на живот е основно човеково право, тоа е над се, над секоја идеја, акција, програма, намера. Почитување на животот (подеднакво својот и туѓиот) е показател на културниот напредок и еманципација на човекот, општествената заедница и општеството воопшто. Животот низ целиот човечки род симболизира извор, полет, инспирација, а смртта означувала загинување, конечност, неизбежност. Со чинот на „маченииштво" се воздигнува смртта како

[461] Ivan Šijaković,(2003),„*Terorizam I problem identiteta*", Ekonomski fakultet,UDK 323.28 Banja Luka. /

централен дел на верскиот идентитет. Причини можат да бидат многу, но две посебно се истакнуваат.[462]Прво, времето и просторот, целокупното социјално милје во кое „маченикот" се наоѓа, создава чувство на животна тежина, промовирајќи фаталност и незадоволство од кое треба да се побегне во „вечноста". Претставена како апстрактна и метафизичка категорија, која го негира поимот време, сегашност, креативност и можност, го негира и човекот како создавач и креатор, а го промовира Бог како единствен создавач. Второ, верското образование и верските институции како доминантен (а некаде и единствени) облик на социјализација, го глорифицираат самоубиствениот чин како најголем домет на верската посветеност (лојалност кон Бог) и начин кој му обезбедува на „маченикот" директен пат во рајот, а на неговата семејство почитување и заслуги. Манипулацијата достигнала толку снажен идентитет за смрт што „маченикот" заминува од маченичкиот, бесмислениот и празниот живот, со насмевка на лицето уверен дека допрва го чека вистинскиот живот и смисол (означен со познатата синтагма-*рај*), и дека тоа можел да го заслужи само со чинот на жртвување. На овој начин вкоренет тероризам станува се посилен, безобзирен, мобилизирачки и траен.

Комбинацијата на религиозните и социјалните елементи во исламското општество е клучот во разбирањето на феноменот што терминолошки го нарекуваме -самоубиствен тероризам, или она што исламските движења го нарекуваат -саможртвување односно истишхад.[463]Ваквото општество се гледа себеси како угнетено од она што го смета за посилно, додека од друга страна настојува да ја креира својата иднина и иднината на државата. Поради тоа превзема такви радикални мерки за борба бидејќи истите ги перцепира како неопходни да го порази како надворешниот така и внатрешниот непријател (секуларни или националистички елементи во општеството). Во продолжение ќе го презентираме мислењето на истакнати светски филозофи и научници во поглед на перцепирање на религијата. Не се разликуваме многу од Њутн, еден од првите луѓе во западниот свет кои биле целосно проникнати од научниот дух, за кого било невозможно да ја сфати митологијата. Колку и да се трудиме да ја прифатиме конвенционалната религија, имаме природна тенденција да ја

[462]Ivan Šijaković,(2003),„*Terorizam I problem identiteta*", Ekonomski fakultet,UDK 323.28/ Banja Luka

[463]IDC Herzliya-Israel, ICT (Instititute for Counter-Terrorism),„Countering Suicide terrorism".

гледаме вистината како фактичка, историска и емпириска. Многумина биле убедени дека доколку верата се земе сериозно, нејзините митови мора да се покажат како историски и способни практично да дејствуваат во светот со сета ефикасност што ја очекува модерноста. Се поголем број на луѓе, особено во Западна Европа, кои поминале низ страшна трагедија за време на XX век, ја отфрлале религијата. Паскал ужасно се сепнал од празнината на космосот, Декарт го гледал човечкото суштество како единствен жив жител на интерниот универзум, Хобс мислел дека Бог се повлекол од светот, а Ниче прогласил дека Бог е мртов човештвото ја изгубило својата ориентација и се втурнало кон бесконечното ништо.[464]Но други се чувствувале еманципирани од губењето на верата и ослободени од ограничувањата што таа секогаш ги наметнувала. Сартр, кој ја спознал боголиката празнина во модерната свест, тврдел дека се уште е наша должност да го отфрлиме божеството, кое ја негира нашата слобода. Албер Ками (1913-1960 год.) верувал дека отфрлањето на Бога може да им овозможи на мажите и на жените целото свое внимание и љубов да ги концентрираат на човештвото. Други верувале во идеалите на просветителството, очекувајќи иднина во која луѓето ќе станат порационални и потолерантни, тие ја почитуваат светата слобода на индивидуата наместо на некој далечен, имагинарен Бог. Тие создале секуларистички форми на духовност, кои им носат согледба, трансцеденција и екстаза, кои развиле свои дисциплини на свеста и на срцето.[465]Неминовно се наметнува прашањето кое го поставил Хантингтон, а едновремено со него и многу други, во неговата теорија за судирот на цивилизациите. Во врска со ова прашање треба да се наведе карактеристичниот пример на Тарик Рамадан, филозоф на современиот Ислам, кој ја напишал книгата „Исламот, Западот и предизвиците на модерноста"(Islam, the West and the Challenges of Modernity).[466]Рамадан поставува едно прашањето со подзначење, тој сака да знае на што мислиме кога го користиме зборот „цивилизација". Постои ли нешто што се нарекува универзална цивилизација? За критичко испитување на оваа тема Рамадан го одбира Албер Ками, и неговата книга за тоталитаризмот „Бунтовник" објавена во 1951 година. Ками ги бара карактеристичните особеностите на современата

[464]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. 570-571.
[465]Ibid, стр 571.
[466]Пол Берман,(2005),„*Терор и либерализам*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. 31.

цивилизација кои водат кон тоталитаризмот и неговиот ужас. Тој ги бара ваквите особености во класичната митологија и во модерната литература, сепак ги пронаоѓа во културните особености. Рамадан предочува дека во барањето на корените на тоталитаризмот во митологијата и литературата,Ками се ограничува на митовите и литературната класика на Западот. ЗаКами, цивилизацијата е западната култура и не го подразбира исламот. Но тогаш, доколкуКами бил во право во врска со корените на тоталитаризмот кој навира преку единствената и грешна култура на Западот, зар би можело да се каже дека тоталитаризмот претставува универзална опасност? Западот не го претставува универзумот, а западните традиции немаат ништо заедничко со муслиманскиот свет. Рамадан смета дека доколку сакаме да ги разбереме посебните проблеми и очекувања на муслиманскиот свет не би требало да гледаме кон Запад, ниту во Албер Ками и книгите каква што е „Бунтовник". Тој вели:„*Всушност имаме работа со два различни универзума кои не се поврзани, две цивилизации и две култури*"[467]Најширокиот менталитет и емоции на муслиманскиот свет, неговото културно наследство и интелектуалните инстинкти-не само што се разликуваат од оние на Западот, туку се речиси неразбирливи за западниот ум, а последиците од оваа анлиза се сосема очигледни. Но Албер Ками беше единствениот кој интуитивно ја препозна круцијалната реалност. Тој препозна дека во својата суштина, тоталитаризмот и тероризмот се едно исто, и доколку ги откриеме корените на тоталитаризмот ќе можеме да ги откриеме корените на тероризмот и обратно. Ками упатува на посебен, стар и величествен човечки импулс, импулсот на бунтот, кој првично се појавува како импулс за бунт против Бога. Според Рамадан, овој специфичен импулс, поривот за бунт го означува токму она место каде западната цивилизација и исламот се разидуваат. Во западната верска традиција има простор за *скепса* и *сомнеж.*[468]Скепсата и сомнежот се елементи на борба-елементи кои ја докажуваат автентичноста на верата во Бога. Во стариот завет, Бог бара од Аврам да го жртвува својот син Исак, а кај Аврам накратко се јавува сомнеж и борба да се спротистави-сомнежот на Аврам и неговата борба сведочат за искреноста на неговото верување. Според мислењето на Рамадан, импулсот за бунт во западната култура произлегува од почитта која им се укажува на скепсата и сомнежот.

[467] Пол Берман,(2005),„*Терор и либерализам*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. 32.
[468] Ibid, стр. 34-35.

Започнува со скепса и сомнеж, кои се повеќе растат, и чекор по чекор доаѓа до сеопшт бунт. Овие карактеристични обележја-скепсата, сомнежот и бунтот-се тие кои продуцираат толку беда во западните земји денес. Муслиманската традиција ги нема овие обележја. Во исламот, посочува Рамадан, не постои импулс за бунт. Куранот ја раскажува истата приказна за Аврам и Исак, но Куранот не ги истакнува скепсата и отпорот на Аврам. Во верзијата на Куранот, Аврам ги следи поуките од Бога и се подготвува да се покори. Не постои борба, ниту искушение за бунт. Во исламот, покорноста е се. Покорноста пред Бога му овозможува на исламот да создаде, барем потенцијално, унифицирано и морално општество. Општество што задоволува дури и кога муслиманите од крв и од месо, во кој било век, ги заборавиле своите религиозни обврски. Покорноста е патот кон социјалната правда, задоволувањето на душата и хармонијата во светот.

Од мноштвото примери на исламскиот радикализам ќе издвоиме неколку. Во првите два се говори за извршители кои се следбеници на вахабизмот. Терористичкиот напад на полициска станица во Бугојно (Босна и Херцеговина) на 27.06.2010 год. е дело на група вахабисти во која загинал еден полицаец, а шестмина се ранети. Нападот е извршен со поставување на експлозив на паркингот пред полициската станица и истиот е активиран со далечински управувач (убиен е еден полицаец), за потоа да биде фрлена една рачна граната кон останатите полицајци при што се ранети шест полициски службеници. Инцидентот со Американската Амбасада во Сараево ( Босна и Херцеговина) на 28.10.2011 год. каде што вахабистот Мевлид Јашаревиќ (на возраст од 23 год.) со автоматско оружје пукаше кон амбасадата на САД. Во нападот беше ранет еден полицаец кој ја обезбедувал амбасадата. Напаѓачот исто така беше ранет и совладан од страна на полицијата, при што кај него се пронајдени и две рачни гранати.

На 2.03.2011 год. Арид Ука (на возраст од 21 год.) граѓанин на Косово, на Аеродромот во Франкфурт (Германија) влегол во автобус со американски маринци и веднаш почнал да пука, при што смртно застрелал двајца американски војници и тешко повредил уште двајца. При обидот да пука во петтиот војник пиштолот му се закочил со што биле спречени повеќе жртви.

Овој напад се смета за прв напад во Германија со исламски предзнак.[469] На 19.11.2011 год. Њујоршката полиција го уапсила Хозе Пиментел (на возраст од 27 год.), кој планирал бомбашки напади врз американски војници вратени од Ирак и Авганистан, како и врз пошти, полициски автомобили, полициски станици и др. Властите тврдат дека Хозе бил симпатизер на Ал-Каеда и дејствувал сам. Бил уапсен во моментот додека изработувал експлозивна направа.[470] На 2.03.2012 год. во Тулуз (Франција), беше ликвидиран исламски радикалист со алжирско потекло Мухамед Мера (на возраст од 24 год.).[471] Во текот на неговата осумдневна „терористичка кампања" убиени се седум лица, меѓу кои тројца француски војници, еден еврејски рабин и три еврејски деца. Оваа терористичка кампања се смета за почеток на нова стратегија во дејствувањето на Ал-Каеда, односно претставува фаза во која се тренираат само-радикализирани исламски екстремисти во камповите за обука и потоа истите се враќаат во матичните земји, каде што дејствуваат против метите на глобалниот џихад дефиниран од Ал-Каеда. За мети на глобалниот џихад се сметаат модерните крстоносци кои го окупираа Авганистан и еврејската окупација на Палестина, односно земјите од кои доаѓаат војниците на мисиите на НАТО во Авганистан и Еврејската заедница во светот.[472]

Според Брус Ридел[473] начинот на операција на Мухамед Мера во потполност ја разоткрива новата стратешка определба на дејствување на Ал-Каеда, во која оперативците на Ал-Каеда пронаоѓаат осамени млади лица од Западна Европа или Америка, ги регрутира и обучува за потоа да ги испрати на задачи кои ги нарекува *мини-Мумбаи*[474] (изразот потекнува од терористичките напади во Мумбаи во 2008 год. каде што десет вооружени исламски радикалисти го тероризираа градот Мумбаи три дена, додека не беа совладани од страна на безбедносните служби на Индија).

---

[469] http://www.dw-world.de/dw.

[470] Дневен печат „Нова Македонија" број 22437 од 22.11.2011

[471] http://www.dailymail.co.uk/news/article-2118006/Toulouse-shooting

[472] http://www.thedailybeast.com/articles/2012/04/02/

[473] Брус Ридел (Bruce Riedel)-поранешен долгогодишен оперативец на ЦИА е виш научен соработник во институтот Брукингс. По заложба на претседателот на САД-Барак Обама, раководи со стратешкиот преглед на политиката на САД кон Авганистан и Пакистан во 2009 год. Автор е на книгите „Смртоносна прегратка: Пакистан, Америка и иднината на глобалниот џихад" и „Потрага по Ал Каеда: нејзиното радоводство, идеологија и иднина")

[474] http://www.thedailybeast.com/articles/2012/

Во прилог
ЏИХАДОТ ПРОТИВ ЕВРЕИТЕ И КРСТОНОСЦИТЕ[475]
Изјава на Светскиот исламски фронт
23 февруари 1998 година

Шеикот Осама бин Мухамед бин Ладен, Ајман ал Завахири, емир на џихадската група во Египет Абу Јасир Таха, египетската исламска група шеик Мир Хамза, секретар на Џамијат ал Улема е Пакистан, Фазлур Раман емир на џихадското движење во Бангладеш.

Славен да е Алах, кој ја открил Книгата, ги контролира облаците, ги победува фракционизмот и вели во неговата книга: „Но, кога забранетите месеци ќе минат, тогаш војувајте и убијте ги паганите секаде каде ќе ги сретнете, фатете ги, вознемирувајте ги и оставете ги да чекаат во измама (на војната) и мирот ќе владее со нашиот пророк, Мухамед бин Абдала, кој рекол: - Бев испратен со мечот во моите раце за да се осигурам дека никој освен Алах не е обожуван, Алах кој ја стави мојата должност во сенката на копјето и кој ги омаловажува и сожалува оние кои не ги почитуваат моите наредби.

Арапскиот Полуостров никогаш-(откако Алах го израмнил, ја создал неговата пустина и го заобиколил со мориња)-не бил под напад на некакви сили како што се крстоносните армии кои се шират како багреми, ги јадат неговите плодови и ги искоренуваат посевите. Сето ова се случува во време кога нациите ги напаѓаат муслиманите како народ кој се бори за чинија храна. Во светлото на сериозната ситуација и недостигот на поддршка, ние и вие сме обврзани да ги дискутираме тековните настани и сите треба да се согласиме за тоа како да ја решиме ситуацијата.

Денес никој не расправа за трите факти кои секој ги знае, ќе ги наведеме за да се потсетиме на нив:

Како прво, повеќе од седум години САД ги окупира земјите на исламот на најсветите места, Арапскиот Полуостров, ги краде нејзините богатства, диктира со нејзините владетели, ги понижува народите, ги тероризира соседите и своите бази на Полуостровот ги претвора во области преку кои војува со муслиманските народи.

[475]Ричард Сорабџи и Дејвид Родни,(2009),„*Етиката на војната*", Академски печат/Скопје, стр. 114-116.

Ако некои народи во минатото се препирале за фактот за окупација, сите народи од Полуостровот сега го признаваат тоа. Најдобриот доказ за ова е постојната агресија на Американците врз Ирачаните кои го користат Полуостровот како утврдено место, иако сите владетели се против тоа нивните територии да се користат до таа точка, но не можат ништо да преземат.

Како второ, и покрај огромното уништување на ирачките народи од крстоносно-ционистичкиот сојуз и покрај огромниот број убиени лица, кој надмина 1 милион... И покрај сето тоа, Американците се подготвени уште еднаш да ги повторат ужасните масакри, како да не се задоволени со заштитената блокада што ја поставија по жестоката војна или со поделбата и пустошењето.

Овде го уништуваат она што останало од овие луѓе и ги понижуваат нивните муслимански соседи.

Како трето, ако американските цели што стојат зад овие војни се религиозни и економски, целта е исто така да и помогнат на еврејската безначајна држава и да го пренасочат вниманието од нејзиното окупирање на Ерусалим и убивањето на тамошните муслимани. Најдобриот доказ за ова е нивниот ентузијазам да го уништат Ирак, најмоќната соседна арапска држава и нивниот обид да ги поделат сите држави во регионот како што е Ирак, Саудиска Арабија, Египет и Судан на помали државички и преку нивното расцепување и слабост да го гарантираат опстанокот на Израел и продолжението на бруталната крстоносната окупација на Полуостровот.

Сите овие криминални дела и гревови извршени од Американците се јасно изјаснување на војната против Алах, неговиот гласник, и муслиманите. И улемата низ целата исламска историја едногласно се согласи дека џихадот е индивидуална должност ако непријателот ги уништи муслиманските земји. Ова беше откриено од имамот Бин Кадамах во „Ал Мугни", од имамот Ал Кисаи во „Ал Бадаи", од Ал Куртуби во неговото толкување и од Шеикот на Ал Ислам во неговите книги во кои расправа: „Што се однесува до војувањето за возвраќање на ударот (непријателот), се цели кон одбрана на светоста и на религијата, а освен тоа договорено е дека тоа е должност (од страна на улемата). Ништо не е посвето од вербата, со исклучок на возвратниот удар на непријателот кој ги напаѓа религијата и животот".

Врз таа основа и во согласност со наредбата на Алах, ја прикажуваме следната фатва на сите муслимани:

„Правилото да се убијат Американците и нивните сојузници-цивили и војската-е индивидуална должност за секој муслиман што може да го направи тоа во секоја земја во која тоа е остварливо со цел да се ослободи џамијата Ал Акса и светата џамија (Мека) од командата и за да се иселат нивните армии од земјите на исламот, поразени и неспособни да му се заканат на секој муслиман. Ова е во согласност со зборовите на Семоќниот Алах: -И заедно борете се против паганите како што тие заедно се борат против вас, и борете се со нив се додека не прекине немирот или опсесијата и се додека не завладее правдата и вербата во Алах".

Ова е дополнение на зборовите на семоќниот Алах: „И зошто не би се бореле во името на Алах и на оние, кои се слаби и со нив се постапува лошо и се под пресија? -жени и деца, чиј повик е: -Господе, спаси не од овој град чии луѓе се опресори и нека се издигне оној кој ќе ни помогне!"

Ние-со помошта на Алах-го повикуваме секој муслиман кој верува во Алах и кој сака да биде награден, нека се покори на наредбата на Алах да ги убие Американците и да ги украде нивните пари без разлика каде и кога ќе ги пронајдат. Исто така, ги повикуваме муслиманските улеми, лидери, младината и војниците да го отпочнат нападот врз сатанските американски трупи и ѓаволските поддржувачи кои се поврзани со нив и да ги дислоцираат оние кои стојат зад нив за да ја научат лекцијата.

Семоќниот Алах вели: „О ти кој веруваш, возврати на повикот на Алах и Неговиот апостол кога тој те повикува кон она што би ти дало живот. И знај дека Алах се меша меѓу човекот и неговото срце и дека тој е Тој пред кого сите ќе се појават".

Семоќниот Алах вели: „О ти кој веруваш што ти се случува што кога ти кажаа да продолжиш напред во име на Алах, толку тешко си се надвиснал над земјата! Дали го сакаш повеќе овој живот отколку оној што те чека? Но, задоволствата на овој живот се малку во споредба со наредниот. Ако не продолжиш нанапред. Тој ќе те казни со најстрашна казна и ќе стави некој друг на твое место, но нему не треба воопшто да му наштетиш. Алах има моќ над се друго".

Семоќниот Алах вели: „Немој да го загубиш срцето, ниту да паднеш во очај. Треба да се усовршиш ако искрено веруваш".

## ЧЕТВРТ ДЕЛ

## 6. ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ПРИМЕНУВААТ САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ (класифицирани по региони)

### Блискиот Исток (Југозападна Азија)

### Турција

Револуционерна партија-фронт за народно ослободување или ДХКП-С
(Revolutionary People's Liberation Party-Front, or DHKP-C)



Револуционерна партија-фронт за народно ослободување или ДХКП-С (на турски *Devrimci Halk Kurtuluş Partisi-Cephesi* or DHKP/C) е формирана во 1978 год. под името Револуционерна левица (турски: Devrimci Sol односно Dev Sol) или Дев Сол, од страна на Дурсун Каратас. Под сегашното име, ДХКП-С, настапува од 1994 год. Застапува марксистичко-ленинистичка идеологија односно екстремно левичарска организација, истата превзема одговорност за повеќе атентати и бомбашки напади во Турција во изминатиот период. Својот прв самоубиствен бомбашки напад го извршува на 10.09.2001 год. во Истанбул (во нападот освен бомбашот самоубиец загинале уште три лица). На 20.05.2003 год. во Анкара, жена по име Сенгул Акурт, бомбаш самоубиец на ДХКП-С, по грешка го активирала експлозивниот појас во тоалетот на еден ресторан во моментот додека се подготвувала за акција. Потоа следеле уште неколку самоубиствени напади. На 01.07.2005 год. Ејуп Бејаз бил убиен во Анкара во обидот да изврши самоубиствен бомбашки напад врз Министерството за правда, во име на организацијата како и самоубиствениот бомбашки напад кој се случил на 11.09.2012 год. во Истанбул (во областа Султангази) во кој освен бомбашот самоубиец, идентификуван како Ибрахим Чухадар, загинал еден турски полицаец и неколку граѓани. Последниот самоубиствен напад на ДХКП-С се случи на 01.02.2013 кога бомбашот самоубиец Еџевит Санли изврши самоубиствен напад во Американската амбасада во Анкара, во нападот освен

бомбашот самоубиец загинал и еден припадник на обезбедувањето на амбасадата додека неколку лица биле повредени.

Курдска работничка партија (ПКК-РКК) или Kongra-Gel (KGK)[476]






Курдската работничка партија е формиранна во 1978 год.[477]како поддршка на идејата за независен Курдистан (планинско подрачје на југоисточниот дел на Турција, североисточниот дел на Ирак и северозападниот дел на Иран). На почетокот дејствувала како револуционерно-марксистичка, но во 1990 год. почнуваат да се појавуваат првите знаци на национализам и религија. Припадниците на организацијата поминале низ обука во Либан каде се сретнуваат со голем број терористи од светот, кратко време после израелската инвазија на Либан (1982 год.) за свој сојузник ја добиваат Сирија, од која добивале пари и оружје. Терористичката кампања против Турција земала се поголем замав, па за само неколку години припадниците на ПКК убиле повеќе од 10.000 луѓе. Лидерот на ПКК Абдула Очалан побрал од САД, во 1995 год, да посредува со Турција со цел да издејствува некаква федерација на Курдистан со Турција. Американската администрација веднаш ја одбива таа терористичка реторика за подоцна ПКК да почне да се повикува на исламската религија. Од тој момен ПКК наидува на се подобар прием не само кај курдите туку и на Блискиот Исток. ПКК самопрокламирано се означила како сојузник на Ал-Каеда и своето долгогодишно искуство практично го имплементирал во таа соработка. Изјавите дадени од страна на Ал-Каеда во есента 2005 год. зборуваат за напади во Турција при што за таа цел се подготвени 50 бомбаши самоубијци. Нападите претставуваат казна за Турција бидејќи го предала исламот. Припадниците на ПКК изведуваат серија на самоубиствени напади ширум

[476]Според извештајот од National counterterrorism center-NCTC ( NCTC Calendar for 2012) своето име го има променето во Congra-Gel, иако сеуште во литературата се среќава како ПКК. http://www.nctc.gov/site/pdfs/2012_nctc_ct_calendar.pdf

[477]ПКК е формирана во 1978 год. во селото Урфа-Турција. IDC Herzliya-Israel, ICT (Instititute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism". Како датум на формирање се спомнува и 27 ноември 1978 год. во селото Фис во близина на градот Личе (Lice) во провинцијата Дијарбекир-Турција. http://en.wikipedia.org/wiki/Kurdistan_Workers%27_Party.

турските летувалишта во екот на сезоната со цел да го потресат туризмот, кој претставува една гранка која носи значајна финансиска добивка, и на тој начин да ја принудат владата на отстапки. Турските власти го уапсиле Абдула Очалан во Кенија и го осудиле на смртна казна во 1999 год. меѓутоа пресудата не е извршена. Во отсуство на Абдула Очалан лидер на ПКК е Мурат Карајилан (Murat Karayılan).



Мурат Карајилан
Извор: http://www.ekurd.net[478]

**Либан**

Хезболах (Божја партија)

Хезболах претставува воено крило на организацијата на ајтолахот Хомеини која изникнала од Иранската револуција, формиран во 1982 год. во Либан.[479]Пропагирање на идејата за радикален Ислам и настојувањата за воспоставување на исламска држава која почива на Коранот на арапските територии, Хезболах, го практикувал паралелно со заштита на интересите на шиитите кои живееле во Либан. Во почетокот се претставувале како самостојна организација која нема никаква врска со Иран и тоа по директна наредба на самото раководство на Иран. Главната почетна цел на оваа терористичка организација бил исто како и кај револуционерните достигнувања во Иран, анулирање на влијанието на Запад, во што им помогнала и организацијата Исламски Џихад со која се поврзале во периодот од 1982-1985 год. и на која и давале финансиска поддршка за изведување на напади на Израел и западни

[478]http://www.ekurd.net/mismas/articles/misc2011/1/turkey3095.htm
[479]Датумот на формирање е дискутабилен во литературата се споменува 1985 год. како официјално формирање на Хезболах, но неофицијален датум е 1982 год. како што е наведено во некои истражувачки студии „Hezbollah: Portrait of a Terrorist Organization Issued on: 29/11/2012 http://www.terrorism-info.org.il/en/article/20436

мети. На овој начин со посредно делување ја прикривале својата вмешаност како и вмешаноста на Иран. Нестабилниот Либан, во кој разни милиции се бореле за превласт, овозможил на лидерот на Хезболах, Насрал, во 1985 год. да воспостави регионални центри кои подоцна во период од неколку години прераснале во оперативни бази. Во 1990 год. ја формира регионалната милиција која прераснува во единствена вооружена единица која го контролира Либан. Во 1991 год. најголемиот дел од милициите во Либан се разоружани, а Хезболах успева да опстои како организација и да го задржи своето оружје. Припадниците на Хезболах со примена на самоубиствен тероризам предизвикаа повлекување на силите на Израел (како и на Француските и Американските сили во 1983 год.) од централниот дел на Либан. Во текот на 2004 год. Хезболах употреби едно беспилотно летало (UAV), кое го лансирале од воздушниот простор на Либан кон израелскиот град Нахарија. Истата година во март Хезболах и Хамас склучија договор за поголема соработка во извршувањето на напади против Израел.[480]На 12.07.2006 год. припадници на Хезболах навлегле во северниот дел на Израел и грабнале двајца израелски војници, за подоцна да бараат нивна размена за палестински затвореници. Последиците од таа реакција била, окупација на јужниот дел на Либан од страна на израелските безбедносни сили (или втора либанска војна 12.07-18.08 2006 год.). Исто така оваа терористичка организација е позната по своето дејствување на интернационално ниво (Аргентина, Бугарија), со што јасно укажува на нејзината способност за изведување на сложени терористички операции.

**Израел**

Хамас (*Hamās*, акроним од *Harakat al-muqāwama al-islāmiyya*-Харакат ал мукавама ал исламија или Исламско движење на отпорот)

[480]*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.

Хамас[481]претставува една од најразвиените групи од аспект на организациска поставеност, која во својот делокруг освен терористички активности содржи и социјални активности како што се училишта, болници, спортски центри, џамии итн. Исто така е и една од најмилитантните организации на Блискиот Исток, формирана од членови на Муслиманското братство во 1987 год. со цел обединување на исламскиот свет. Мета на Хамас се Евреите, односно константни напади врз нив со надеж дека заедно со нивните сојузници ќе го напуштат тоа подрачје, воедно ги напаѓаат и муслиманите кои се за склучување мир со Евреите.[482]Оваа исклучително голема организација со централизирана структура дејствува многу подалеку од Блискиот Исток, со свои бази за поддршка во САД. Нивните настојувања да ги осуетат сите обиди да се воспостави мир, успеваат со серија на терористички напади. Од периодот кога Јасер Арафат (1929-2004 лидерот на ПЛО-Палестинска ослободителна организација, Palestine Liberation Organization – PLO) го омекнал својот став кон Израел, а ПЛО ги прекинала своите терористички акции, Хамас станува главен центар на сите кои сакаат да ја продолжат борбата против Израел.

Палестински Исламски Џихад

Палестинскиот исламски џихад (ПИЏ) е формиран во 70-те години на минатиот век[483]од страна на Фати Шекаки и Абд ал Азиз Авда. Идеолошки е анти-еврејски и религиско-националистички. Целта на ПИЏ е уништување на Израел и формирање на независна исламска палестинска држава. Во тој контекст има извршено голем број на самоубиствени бомбашки напади (повеќе од 30) против израелски воени и цивилни цели. Во периодот од 2008-2012 год. главно извршува ракетни напади кон градовите во јужниот дел на Израел и поставуваше импровизирани експлозивни направи во Израел. На 21.11.2012 год.

[481]На арапски зборот Хамас значи **ентузијазам**.
[482]Виолета Матовиќ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", Београд/НКЗБПТ/Београд, стр. 65.
[483]http://www.nctc.gov/site/groups/pij.html

оперативци на ПИЏ во соработка со оперативци на Хамас активираа бомба во автобус во Тел Авив, во нападот се повредени 29 лица.[484] Официјално, лидер после убиството на Шекаки (убиен е од страна на израелски агенти во 1995 год.) е професор доктор Рамадан Шалах, кој ја продолжил борбата под истата реторика, омраза кон Израел и без разгледување на можноста за мир додека постои Израел.

Ал Кудс бригади

Ал Кудс бригадите се воено крило на Палестинскиот исламски џихад. Извршуваат насилство со цел уништување на Израел, спротиставувајќи се на секој обид на мировен процес. Еден од повеќето самоубиствени напади кои ги извршиле припадниците на оваа организација е самоубиствениот напад на влез од еден трговски центар во Израел на 4 ноември 2002 год. Во нападот убиени се 2, а 69 лица се ранети. Оваа организација извршила бројни терористички напади под закрилата на Палестинскиот исламски џихад.[485]

Ал Акса маченички бригади

Ал Акса маченички бригади се секуларна националистичка група под надзор на Фатах, од која се одвоила во 2000 год. и почнува самостојно да оперира. Во склад со своите цели не употребува муслимански обележја во пропагандата, и настојува територии како Појасот Газа, Западниот брег и Ерусалим, да ги стави под надлежност на националната држава Палестина. На 27 октомври 2002 год. бомбаш самоубиец детонирал експлозив и убил 4 а ранети се 17 лица. Во период од 2000 до 2006 год. извршиле вкупно 18 терористички напади.[486] Во составот на Ал Акса маченички бригади, се наоѓа и една единица специјализирана за подготвување на жени бомбаши-самоубијци, истата е

[484] http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Terrorism/terror_report_orgs.html#pij
[485] Виолета Матовиќ,(2006),„*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*", НКЗБПТ/Београд, стр. 71
[486] Ibid.

наречена според првата жена „маченик” која извршила самоубиствен бомбашки напад во името на оваа организација „Вафа Идрис”.[487]

Џенин мачечнички бригади

Џенин мачечнички бригади наводно претставува одделение на Хамас, но се претпоставува дека се оформени од некои членови на Хамас кои го обезбедувале просторот на Џенин од упадот на Израелските безбедносни сили во палестинскиот бегалски камп, во зимата 2003 год. На 5 март 2003 год извршиле самоубиствен напад на израелски автобус, каде што бомбаш самоубиец активирал (околу 15 кг.) експлозив при што загинале 16, а ранети се од 30-40 лица. Џенин мачечнички бригади не ги истакнале своите цели и програма, но по се изгледа дека се во потполност со тие на Хамас.

**Сирија**

Ал-Нусра Фронт или Џабат ал-Нусра (Al-Nusra Front or Jabhat al-Nusra)




Ал-Нусра Фронт или Џабат ал-Нусра (Фронт за поддршка на народот на Левант) е терористичка организација, филијала на Ал Каеда, која оперира во Сирија и Либан. Формирана е на 23.01.2012 за време на граѓанската војна во Сирија при што се базира на идеологија од видот на салафистички џихад, сунитски исламизам и исламски фундаментализам. Во мај 2013 год. делови од Џабат ал-Нусра, лојални на терористичката организација Исламска држава во Ирак и Сирија-ИСИС, преминуваат во редовите на ИСИС. Според одредени сознанија членовите и поддржувачите на терористичката организација Џабат ал-Нусра од почетокот на месецот ноември 2013 год. употребуваат ново име Танзим Каедат Ал-Џихад фи Билад Ал-Схам (Tanzim Qa'edat Al-Jihad fi Bilad Al-Sham) или Ал Каеда во Сирија (Al-Qaeda in Syria), но со оглед дека истите не се официјално потврдени ќе го употребуваме името Џабат ал-Нусра. Оваа терористичка организација заедно со ирачката ИСИС е одговорна за извршените

[487]Mia Bloom (2007),„*Female suicide bombers: a global trend*”. American Academy of Arts & Sciences

самоубиствени напади во Сирија (околу 27 самоубиствени напади во кои животот го загубија околу 400 лица во текот на 2013 год.).[488]лидери на организацијата се Абу Мухамед ал-Џавлани (Abu Mohammad al-Jawlani) и Абу Анас ал-Сахаба (Abu Anas al-Sahaba).

## Ирак

Исламска држава во Ирак и Левант или Исламска држава во Ирак и Сирија-ИСИС (Islamic State of Iraq and the Levant or Islamic State of Iraq and Syria-ISIS)




Терористичка организација ИСИС е формирана во Ирак во 2003 год. (или во некои извори е наведена 2004 год.[489]) од членови на различни бунтовнички организации, кои припаѓаат на сунитската група муслимани. На почетокот била сојузник со Ал Каеда и позната под името „Ал Каеда во Ирак", но подоцна во февруари 2014 год. Ал Каеда ги прекинува сите врски со ИСИС подради нивната прекумерна употреба на сила врз цивилите во Сирија.[490]Организацијата до сега неколку пати го менуваше своето име, во 2004 год. беше позната како Џамат ал–Тавхид вал-Џихад (Jama'at al-Tawhid wal-Jihad), во октомври 2004 го менува своето име воТанзим Каидат ал-Џихад фи Билад ал-рафидаин (Tanzim Qaidat al-Jihad fi Bilad al-Rafidayn) или во други извори се сретнува како Каидат ал-Џихад фи Билад ал-рафидаин (Qa'idat al-Jihad fi Bilad al-Rafidayn) што значи– Ал Каеда во земјата на двете реки- но најпозната е под името Ал Каеда во Ирак. Денешното име Исламска држава во Ирак и Левант, под кое настапува оваа терористичка организација, го добива во април 2013 год. за да го нагласи своето инволвирање во граѓанската војна во Сирија. Покрај додавањето на зборот-

[488]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[489]http://www.nctc.gov/site/groups/aqi.htm
[490]Liz Sly (February 3, 2014)."Al-Qaeda disavows any ties with radical Islamist ISIS group in Syria, Iraq". *The Washington Post*. Retrieved February 7, 2014

Левант (кој географски се однесува на земјите од источниот медитеран)[491]ја сретнуваме и под името-Исламска држава Ирак и Сирија (Islamic State of Iraq and Syria-ISIS) што всушност и ја означува кратенката ИСИС. Првичната цел на оваа организација е да воспостави калифат во деловите на Ирак, каде што сунитите се мнозинство, но подоцна во својата агенда ја вклучува и Сирија. Денешниот лидер на оваа терористичка организација е Абу Бакр ал-Багдади (Abu Bakr al-Baghdadi). Идеолошки терористичката организација ИСИС се базира на пан-исламизам, салафистички џихад, анти-шиитско расположение и воспоставување на исламски калифат. Истата е одговорна за најголемиот број извршени самоубиствени напади во Ирак, како и една од терористичките организации која има извршено голем број на самоубиствени напади во Сирија во текот на 2013 год.

Тавхид и Џихад



Целта на оваа организација е да воспостави исламска држава во Ирак каде што ги изведуваат своите напади. Извршиле повеќе од 30 напади, а еден од најтрагичните е извршен на 14 септември 2004 год. кога бомбаш самоубиец активирал експлозив поставен во автомобил пред полициска станица во Багдад, каде што се наоѓале голем број на луѓе, регрути, кои чекале да се придружат на полициските сили. Загинале 47 додека 114 лица се ранети. Лидерот на групата Тавхид и Џихад или „Танзим Каидат ал Џихад фи Билад ал Рафидаин", Абу Мусаб ал Заркави ја превземал одговорноста.

Ал-Бара бин Малек Бригади

Оваа организација е специјализирана ќелија на бомбаши самоубијци на Абу Мусаб ал Заракиви односно „Ал-Каеда во земјата на двете реки", иако се

[491]Зборот левант потекнува од-Levantines (Latin Christians) и се однесувал за христијаните кои живееле во рамките на Отоманската империја или на подрачјето на источниот медитеран. Терминолошки, левант, се однесува за земјите кои географски и од аспект на културата се наоѓаат во источниот меидитеран (од Анадолија до Египет). Со оглед што во литературата нема прецизна дефиниција за границите на тој регион често пати се спомнува како крстосница на западна азија, северна африка и источниот медитеран. Денес под терминот левант ги подразбираме земјите Кипар, Либан, Сирија, Палестина, Јордан и делови од јужна Турција.

претпоставува дека лично тој немал никаков влијание во нејзиното формирање во јуни 2005 год. Групата го добил името по познатиот муслимански херој Ал Бара бин Малеку кој ,според легендата, се фрлил од бедемот на еден замок за да го ангажира непријателот, нешто на кое се повикуваат многу муслимански терористички организации во оправдување на самоубиствените напади. Ал-Бара бин Малек Бригади извршиле самоубиствен напад со автомобил бомба, истата била активирана непосредно до конвојот во кој бил заменикот лидер на Дајала провинциски совет, Хусеин Алвана ал Тамимиа, во Бакуба. Во нападот загинал Тамимиа и тројца негови телохранители додека четворица други се ранети.[492]

## Кавкаски регион

### Чеченија

Ријад ус-салихин маченички бригади или Кавкаски емират

Ријад ус-салихин маченички бригади (позната и под имињата Интернационална исламска бригада и Исламски полк за специјални намени) или Кавкаски емират[493] претставува мала единица на исламски самоубиствени екстремисти, основана (одредени податоци говорат дека истата е формирана во октомври 1999 год. како специјален баталјон за саботажи) од Шамил Басаев.[494] Нивната цел е независна Чеченија (првично се бореле против регуларните ,,окупаторски сили'' и силите на Минстерството за Внатрешни Работи на Русија, но подоцна целта се проширува во панисламска идеја која за својата успешност барала екстензивно делување) под шеријатски закон (сепаратистичка и исламистичка идеологија). Поради тоа, терористичката организација своето дејствување го проширува и на соседните републики, кои се исто така во состав на Руската Федерација (Русија)- Дагестан, Ингушетија, Северна Осетија-Аланија, Ставрополскиот крај и други, но и во главниот град на Русија-Москва. Радикалната вахабитска идеја во Чеченија иницијално пламнала со финансиска,

---

[492]Виолета Матовић,(2006),,*Самоубилачки тероризам како се постаје мученик*'', НКЗБПТ/ Београд, стр 71.

[493]Кавкаски емират самопрогласен виртуелен емират во Русија. Како терористичка организација е формиран на 31.10.2007 год. чиј лидер е Дока Умаров (исто така познат и како лидер на Ријад ус-салихин маченички бригади односно го наследува Шамил Басаев на местото бунтовнички чеченски лидер). Кавкаски емират е спаратистичка терористичка организација која застапува исламска фундаменталистичка идеологија и примената на шеријатот. Се смета дека двете организации се споени и настапуваат заедно.

[494]Убиен на 10.07. 2006 год. во селото Екажево во Ингушетија, соседна република на Чеченија. Околу убиството на Шамил Басаев има две верзии едната е несреќен случај, а другата дека е убиен од руските сили.

идеолошка, логистичка и воена поддршка на вахабитите од Саудиска Арабија. Подоцна, помош околу сепаратистичките идеи и победата на вахабизмот, започнала да пристигнува од многу „заинтересирани" страни. Минстерството за Внатрешни Работи на Русија презентираше докази во кои на чеченските борци им пристигнувала помош од повеќе од 60 меѓународни исламистичко-екстремистички организации, 100 странски компании и 10 банкарски групации. Помош пристигнува од следните меѓународни организации: „Сакира Интернатионал"; „Муслимански браќа"; „Исламски свет"; „Јордански комитет за помош на Чеченската република"; „Џама ал исламиа"; „Ал-Каеда"; „Ал Харамеин"; „Хизб ут-Тахрир"; и „Пакистански комитет на солидарност со Чеченија". Првиот напад на Ријад ус-салихин маченички бригади се случил во декември 2002 год. врз командата на прорускатa чеченска Влада, во која биле убиени 72 лица, а 280 повредени. Во август 2003 год. сличен напад е изведен на руска територија но тогаш мета на нападот била болница, во која биле сместени војници и цивили, епилогот бил 52 убиени и 72 лица ранети. Исто така оваа терористичка организација, покрај останатите напади, одговорна е и за самоубиствениот бомбашки напад на аеродромот Домодедово во Москва (24.01.2011 год.)[495]За извршител на самоубиствениот напад, според руски извори е лицето Магомед Јевлојев (20 год.).[496]Во овој самоубиствен напад загинале 37 лица додека 173 лица се повредени.



Шамил Басаев
Извор: http://www.journeyman.tv/[497]

[495]Според податоците на Стејт департмент нападот е извршен од страна на терористичката организација Кавкаски Емират. http://www.state.gov/r/pa/prs/ps/2011/05/164312.htm
[496]Магомед Јевлојев од Ингушетија на себе имал импровизирана експлозивна направа со тежина од 2-5 кг. експлозив еквивалент на ТНТ http://en.wikipedia.org/wiki.
[497]http://www.journeyman.tv/18134/short-films/shamil-basayev.html



Дока Умаров[498]

Црни вдовици




Извор: *CHECHEN SUICIDE BOMBERS*[499]

Црните вдовици (се верува дека терминот потекнува од фактот што многу жени, бомбаши самоубијци се вдовици на мажи кои се бореле против руските сили во Чеченија) или шахидка (руски термин за шахиди), се женски чеченски одред на терористи самоубијци активен од 2000 год. Застапуваат националистичко-сепаратистичка и религиозна идеологија. Нивното име станува познато во јавноста по заложничката криза во Московскиот дом на култура-Дубравка, во октомври 2002 год. Сознанијата говорат дека Шамил Басаев бил нивниот лидер за подоцна да го наследи Дока Умаров. Покрај самоубиствените напади во домот на култура Дубравка-Москва, извршители се и на други самоубиствени напади како на пример на 5 декември 2003 год. на железничка станица во јужниот дел на Русија (во кој се убиени 46, а повредени се преку 100 лица), рушењето на два авиона во август 2004 год. кога животот го загубиле 90 лица. Припаднички на Црните вдовици со здружени сили на чеченските бунтовници, учествувале во заложничката криза во „Бесланското крвопролевање" во училиште во Северна Осетија-Аланија на 1.09.2004 год. како и нападите на московското метро на 29.03.2010 год, извршени од страна на две жени бомбаши самоубијци, во кој животот го загубија 40 лица, а повеќе од 100 се

[498]Дока Умаров е еден од главните чеченски исламски милитанти во Русија, одговорен за повеќе терористички напади, самопрогласен емир на Кавкаскиот Емират (виртуелен емират прогласен на 31.10.2007 год на јужниот дел од русија на подрачјето на регионот Волга). http://en.wikipedia.org/wiki

[499] Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007)„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

повредени.[500]Овој одред на самоубијци на почетокот се огласувал како самостоен, при што и самите лидери на чеченските терористи одбивале да ја признаат нивната поврзаност. Целта на таквиот настап била да се промени мислењето на светската заедница, во врска со искористувањето на жените во насока на тероризмот и да се нагласи слободната волја за борба кај нив, со оглед на страдањата кои ги доживеале несреќните жени, сестри и ќерки.[501]

## Централна Азија

### Авганистан

Талибанското движење во Авганистан-ИЕА (талибанци)



Знаме кое го користеле припадниците на талибанското движење во периодот од 1997 до 2001 год.

Зборот талибан на паштунскит јазик значи *студент* (Pashto: طالبان *□ālibān* "students"). Основач и духовен лидер на талибанците е мула Мухамед Омар. Под поимот талибанско движење подразбираме исламско (сунитско), фундаментално политичко движење или исламски студенти кои се фундаментални во своите ставови и практикуваат строго спроведување на исламските закони-шеријатот (вклучувајќи и строги кодекси на однесување кои се во согласност со талибанската интерпретација на исламот). Талибанското движење во Авганистан-ИЕА[502]е познато по своето сурово однесување кон женската популација во земјата. Главно припадниците на талибанското движење-ИЕА, припаѓаат на паштунската етничка заедница при што имаат нагласен паштунски национализам. Во периодот од 1996 до 2001 год. на 90% од територијата на Авганистан, од страна на талибанците, е формирана држава т.н Исламски Емират Авганистан со главен град Кандахар. Истата е признаена од

[500]Нападот во станицата „Парк на Културата" на московското метро го извршува 18-годишна Џанет Абдулајева, додека на станицата „Љубљанка", 28-годишната учителка од Дагестан, Марием Шарипова.
[501]Виолета Матовиħ,(2006)„Самоубилачки тероризам како се постаје мученик", НКЗБПТ/Београд, стр 71.
[502]Islamic Emirate of Afganistan (IEA)-Исламски Емират Авганистан или ИЕА.

само три држави: Пакистан, Саудиска Арабија[503] и Обединети Арапски Емирати.[504] Талибанското движење овозможило засолниште на лидерот на Ал-Каеда, Осама бин Ладен, кој од 1996 год. па се до инвазијата на САД и НАТО престојувал во Авганистан. Во периодот 1996-2001 год. талибанците и Ал-Каеда имале сојуз во кој и двете страни имале интерес. Имено, Ал Каеда имала свое засолниште во Авганистан додека за возврат го поддржувала талибанското движење со борци од арапските земји и централна Азија, како и тренинг на воени единици (примерот со бригадата 055-составена од страски борци, која била интегрирана со талибанските сили). По нападот на Светскиот трговски центар во САД на 11 септември 2001 год. и одбивањето на талибанските авторитети да го предадат Осама бин Ладен на САД, (за кого САД сметаат дека стои позади нападите на 11-ти септември 2001 год.), следи инвазија на Авганистан од страна на САД и НАТО со што е ставен крај на талибанското владеење со Авганистан. Талибанското движење се покажало како нетолерантно и кон Иран, имено на почетокот на август 1998 год. талибанците извршиле напад на градот Мазар (Мазар и Шариф), во кој освен цивили настрадале и 10 ирански дипломати и разузнавачи во иранскиот конзулат. После овој инцидент односите помеѓу Талибанците и Иран биле на работ на војна.

Присуството на самоубиствени напади во начинот на дејствување на талибанското движење очигледно е поврзано со присуството на Ал Каеда и нејзиното влијание. Бидејќи не е дел од традицијата на паштунската заедница која е склона на борба со оружје против непријателот, самоубиствените напади на почетокот беа извршени од странци или од граѓани на Авганистан со одредени недостатоци (психички и физички), што се рефлектираше на нивната ефикасност. Подоцна тоа се промени и извршители можеме да најдеме дури и во најмладата популација на Авганистан, со што „започна" самоубиствениот тероризам и во оваа азиска земја. Во текот на 2013 год. во Авганистан според

[503] Саудиска Арабија според одредени извори обезбедувала финансиска поддршка на талибанското движење. Nojum, Neamatollah (2002). *The Rise of the Taliban in Afghanistan: Mass Mobilization, Civil War and the Future of the Region*. Palgrave Macmillan. p. 189. ISBN 978-0-312-29584-4.
[504] "From the article on the Taliban in Oxford Islamic Studies Online". Oxford Islamic Studies. Retrieved 2010-08-27

ИНСС се случија вкупно 65 самоубиствени напади. од кои најголемиот дел се извршени од ИЕА.[505]

**Југоисточна Азија**

Џама ал исламиа



Џама ал исламиа во превод значи исламска заедница, а нејзините почетоци во терористичките активности се во 1993 год. Нивната идеја е воспоставување на исламска држава во Југоисточна Азија која би ги опфатила јужен Тајланд, Брунеи, јужниот дел на Филипини, Малезија, Сингапур и Индонезија.[506]На 12 октомври 2002 год. извршиле самоубиствен напад во Бали во кој настрадале 202 лица, додека 240 биле повредени.[507]

**Јужна Азија**

**Пакистан**

Сипах-е-шахаба Пакистан-ССП (Sipah-e-Sahaba Pakistan –SSP) или Ахле Сунат Вал Џамаат (Ahle Sunnat Wal Jamaat)

ССП е формирана во 1985 год. од страна на Маулана Хак Наваз Џангви, Маулана Зиа-ур Рехман Фароки, Маулана Еасар-ул-Хак Касми и Маулана Мухамед Азам Тарик (Maulana Haq Nawaz Jhangvi, Maulana Zia-ur-Rehman Farooqi, Maulana Eesar-ul-Haq Qasmi и Maulana Muhammad Azam Tariq), во Пакистан. Првичното име на организацијата било *Anjuman Sipah-e-Sahaba* (ASSP), што во превод значи „армија на пријателите на пророкот". Главна цел на ССП била елиминирање на шиитите во Пакистан бидејќи, според нив, шиитите се отпадници на верата и тие не се муслимани. Лидерот на ССП бил во еден период министер во коалициската влада во 1993 год во Пакистан. Во јануари 2002 год. со актот за антитероризам, ССП, се наоѓа меѓу петте терористички организации кои се забранети во Пакистан. Од незадоволните

[505]ИНСС-The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[506]Виолета Матовић,(2006),„Самоубилачки тероризам како се постаје мученик", НКЗБПТ/Београд, стр. 71.
[507] Bali death toll set at 202". *BBC News*. 19 February 2003. Retrieved 14 July 2010.

членови на ССП се формираат уште две екстремни терористички организации. Во 1996 год. е формирана Лашкар-е-Џангви или ЛеЈ (Lashkar-e-Jhangvi, LeJ) екстремна милитантна терористичка организација во чија агенда е елиминирање на шиитската заедница во Пакистан, додека другата терористичка организација е формирана од страна на Маулана Масуд Азхар во октомври 2000 год. со име Џаиш-е-Мухамед или ЏеМ (Jaish-e-Mohammed, JeM) која се фокусираше на џихадот во Кашмир. ССП тесно соработува со ИЕА и Ал Каеда, исто така, одговорна е за повеќе напади врз шиитите како и нејзината вмешаност во масакрот на иранските дипломати во 1998 год. ССП и ЛеЈ се главноосомничени за самоубиствените напади во провинцијата Балучистан, на места во кои има голема концентрација на припадници на шиитската заедница (2003 год во Кета на места во кои се вршат верски обреди, во 2004 год. во Кета во близина на места на кои се вршат за верски обреди и 2007 год. исто така во Кета во цивилна судница како и др.)[508]Денес ССП оперира под името Ахле Сунат Вал Џамаат (Ahle Sunnat Wal Jamaat).[509]

Студентско движење на Пакистан-ТТП (Tehrik-i-Taliban Pakistan- TTP)
Терористичката организација ТТП е формирана во Пакистан во декември 2007 год. од страна на 13 терористички организации кои се обединиле под водство на Бејтула Мехсуд (загинал на 5.08.2009 год во напад со беспилотно летало. ТТП е слично на авганистанските талибанци-ИЕА, со таа разлика што ТТП е „надлежно" за Пакистан). Оваа терористичка организација го извршува својот прв самоубиствен напад во јуни 2009 год. (во Азад Кашмир-област во Пакистан).[510]Прокламираните цели на ТТП вклучуваат отпор против пакистанската власт, спроведување на шеријатското право во земјата како и обединување на сите сили за борба против НАТО силите во Авганистан. Од ноември 2013 год. лидер на оваа терористичка организација е Маулана Фазлула.

[508]http://www.pvtr.org/pdf/RegionalAnalysis/SouthAsia/Twin%20Suicide%20Attacks%20in%20Quetta.pdf
[509]Ahmad Ishaque Jehangir (April, 2013)„Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan, http://en.wikipedia.org/wiki/Sipah-e-Sahaba_Pakistan.
[510]Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 3-4. www.ipcs.org

Ал Канун

Во 2002 год прв пат се слушнало за оваа организација кога ја превземала одговорноста за самоубиствениот напад на камион бомба, во конзулатот на САД во Карачи. Загинале најмалку 10 Пакистанци додека 50 се ранети. Се претпоставува дека Ал Канун е всушност чадорот под кој се наоѓаат организации на лабава коалиција кои го сочинуваат членовите на Лакшар-и-Омар, забранета од страна на пакистанскиот претседател во 2001 год. Нивната цел е да го симнат од власт пакистанскиот претседател и да ги истераат неговите странските сојузници. Ја следат доктрината на Ал-Каеда.[511]

## **Индија**

Ал Мансураин

Кашмирска терористичка организација која изведува напади против индиски мети во долината Кашмир. Нивните ангажмани главно се фокусирани на самоубиствени напади, а се верува дека се продолжена рака на пакистанската организација Лашкар е Таиба. Нивната цел е да издејствуваат независност на Џаму и Кашмир од Индија. Припадник на оваа терористичка организација, бомбаш самоубиец, го активирал експлозивот во еден камп на Централната резервна полиција и убил 5, а ранил 2 припадници на полицијата.[512]

Лашкар-е-Таиба[513](Армија на праведните)

Лашкар-е-Таиба дејствува против индиските власти во Кашмир. Нејзин основач е најозогласениот пакистански екстремист Хафиз Мохамед Саед. Во 2001 год. извршил напад на индискиот парламент при што ги влошува односите на двете соседни земји, Индија и Пакистан, до таа мера што биле на работ од војна. Исто

[511]Виолета Матовић,(2006),,Самоубилачки тероризам како се постаје мученик", НКЗБПТ/Београд, стр. 71.
[512] Ibid.
[513]http://www.glassrpske.com/novosti/vijesti_dana/Uhapsen-instruktor-terorista-iz-BiH/15089.html

така, нејзиниот основач се смета како организатор на нападот во Мумбај - Индија, на 26.11.2008 година.[514]

## Индиски потконтинент

### Шри Ланка

Тамилски тигри (Liberation Tigers of Tamil Eelam, LTTE-Ослободителни Тигри на Тамилскиот Елам)






Велупилаи Прабакаран-лидерот на Тамилските тигри
Извор: http://news.bbc.co.uk/[515]



Тамилските тигри се формирани на 5.05.1976 год. и претставувале радикална сепаратистичка група која дејствувала во Шри Ланка. Нивната цел била формирање на независна тамилска држава на североисточниот дел од Шри Ланка, односно застапувала националистичко-сепаратистичка идеологија. Исто така, ги загрижувале и индиските власти бидејќи тамилската популација која живеела во Индија би можела да тргне по нивните стапки. Организацијата извршувала напади во Индија, како и на свои сонародници таму, со цел да ја добијат нивната поддршка и да се придружат на организацијата, но не постигнале некој значаен успех бидејќи индиските безбедносни сили ги

[514] На 26 ноември 2008 година, десет терористи вооружени со автоматски пушки АК 47, пиштоли калибар 7,62, 8-10 бомби и експлозив, 8кг. РДХ, нападнале неколку локации во Мумбај, главниот индиски комерцијален центар, во кој загинаа 166, а ранети се 304 луѓе. Координираните напади траеја три дена, при што повторно ги вжештија односите помеѓу Пакистан и Индија. Покрај основачот на Лашкар-е-Таиба, како организатори на нападот се и Заки ур Рехман Лахви- шеф во Лашкар-е-Таиба, Зарар Шах и Абу Хамза-команданти на Лашкар-е-Таиба и двајца неидентификувани пакистански војници. Од десеттемина терористи преживеал само еден Мохамед Аџмал Касаб кој се наоѓа во затвор во Индија.- Reuters-извештај на полицијата во Мумбај-Индија, дневен печат Дневник од 27 ноември 2009 година.

[515] http://news.bbc.co.uk/2/hi/south_asia/8053542.stm

принудила на повлекување. Во текот на терористичката кампања покрај големиот број терористички акции и илјадниците жртви, тамилските тигри извршиле атентат на Премиерот на Индија, Раџив Ганди како и Претседателот на Шри Ланка, Рансинга Премдаса. Позната е самоубиствената единица „Црни тигри", кои изведувале самоубиствени напади во името на ЛТТЕ. По воениот пораз на ЛТТЕ од страна на безбедносните сили на Шри Ланка во мај 2009 год. оваа терористичка организација престана да постои.

## Африка

### Алжир

Вооружена исламска група- ГИА (Groupe Islamique Arme – GIA)



После војната со Франција (1954-1962 год), со која Алжир ја стекнал својата независност, во Националната повелба се објавува дека социјализмот и исламот ќе бидат водечки принципи на владата. Во 1990 год. се одржале првите слободни избори, локални и регионални, но националните избори биле планирани за подоцна во 1991 год. Исламскиот фронт на спас (ФИС) на изборите во 1990 год. извојувал изненадувачка победа и станало јасно дека волјата на народот е Алжир да биде исламска држава. За да издејствуваат побрзо одржување на изборите, многумина алжирци ја притискале владата преку напади, што довело до распуштање на владата, одложување на изборите и воведување на вонредна состојба од страна на претседателот Чадли Бенџедид. Изборите на крајот се одржиле во декември 1991 год. при што повторно се сметало дека фундаменталистите ќе бидат победници. За да го спречат ФИС да ја преземе власта во земјата, војската ја превзема контролата над владата и го приморува Претседателот Бенџедид да даде оставка. Формиран е Висок безбедносен совет кој ги поништил изборните резултати. Вооружената исламска група како радикална фракција на ФИС, ги засилува своите дејствувања после

1992 год. Во екот на граѓанската војна муслиманските милитанти формирале герилска армија Вооружена исламска група или ГИА, и под своја контрола ги имала урбаните енклави на малите градови. Како мета на ГИА, за своите терористички активности, биле многубројни Алжирци но и Европјани посебно Французи. Еден од лидерите на ГИА, Антар Зуабри, повеќе пати истакнувал дека со борбата Алжир да биде исламска држава всушност ја спроведува Божјата волја, а Бог по тоа прашање не отвара расправа и преговори. ГИА има извршено еден самоубиствен напад во јануари 1995 год. во близина на централното седиште на полицијата во Алжир, во нападот загинале најмалку 42 лица.[516]

## Сомалија

Харакат ал-Шабаб ал-Муџахедин ХСМ (Harakat al-Shabaab al-Mujahideen-HSM) или Ал-Шабаб (al-Shabaab)






Ал Шабаб како термин на арапски значи млад (младинци), во литературата оваа терористичка организација се сретнува и под името Аш-Шабаб (Ash-Shabaab) и Хизбул Шабаб (Hizbul Shabaab), што на арапски значи *Партија на младите*. Формирана е во 2006 год. и оперира во јужните делови на Сомалија како и териториите на Уганда и Кенија. Во 2012 год. започнува да дејствува како ќелија на Ал Каеда. Застапува идеологија базирана на салафистички џихадизам, стриктно придржување кон шаријата (исламски закони), такфир[517] и сл. Ал Шабаб е одговорна за извршени 14 самоубиствени напади во Сомалија во текот на 2013 год.[518] и се смета за една од најопасните терористички организации во таа земја.

---

[516] Killing Without Dying: the Absence of Suicide Missions STATHIS N. KALYVAS AND IGNACIO SANCHEZ-CUENCA. http://stathis.research.yale.edu//files/Kalyvas_Sanchez_Cuenca.pdf

[517] Во исламскиот закон терминот такфир (takfir или takfeer) практично се однесува за именување односно кога еден муслиман прогласува друг за неверник или кафир (kafir), процесот на именување се нарекува мукафир (mukaffir).

[518] The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

## Мали

Движењето за единство и џихад во Западна Африка (Movement for Unity and Jihad in West Africa-MUJWA).

Движењето за единство и џихад во Западна Африка како терористичка организација дејствува од октомври 2011 год. кога се одвојува од Ал Каеда, мрежата на исламскиот Магреб. Освен во Алжир (во јужниот дел од земјата) и Мали (северниот дел од земјата) има сознанија за нејзини активности и во Нигер. Во текот на 2013 год. терористичката организација Движењето за единство и џихад во Западна Африка е одговорна за најголемиот број на извршени самоубиствени напади во Мали, вкупно 15.[519]Одредени извори говорат дека Движењето за единство и џихад во Западна Африка извршила спојување со Бригада на маскирани мажи (Masked Men Brigade) во август 2013 год. од што произлегла терористичката организација Ал-Моурабитоун (Al-Mourabitoun), што во превод значи-*Чувари*.

## Нигерија

Боко Харам



Официјално име на оваа терористичка организација е -Луѓе посветени на ширење на учењето на Пророкот и Светата борба *(Jama'atu Ahlis Sunna Lidda'awati wal-Jihad*) или Боко Харам (западното учење е грев). Оваа терористичка организација е основана од страна на Мохамед Јусуф во 2001 год. во североисточниот дел на Нигерија. Нејзината идеологија се базира на исламскиот екстремизам, такфир, оштро спротиставување на човечките закони и модерната наука и сл. Позната е по напади врз христијани во Нигерија и поставување бомби во црквите. Освен во Нигерија оперативно дејствува и во северниот дел на Камерун, јужниот дел на Нигер и во Чад. Терористичката организација Боко Харам е одговорна за трите самоубиствени напади извршени

[519]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

во текот на 2013 год. во Нигерија, за разлика од претходната (2012 год.) кога извршила 21 самоубиствен напад.[520]

## Терористички организации кои дејствуваат на глобално ниво

Ал-Каеда



Ал-Каеда е формирана од страна на Осама бин Ладен[521]во 1988 год. Во неа партиципирале арапи кои учествувале во борбата против советската окупација на Авганистан. Подоцна, Ал Каеда се припои кон ал-Џихад (al-Jihad) односно кон организацијата Египетски исламски Џихад во 2001 година, при што си го промени името во Каидат ал Џихад (Qa'idat al-Jihad). Во 2004 г. кон неа се припои организацијата на Абу Мусаб ал- Заркави од Ирак. Групата на ал-Заркави го промени името во Каидат ал-Џихад фи Билад ал-рафидаин (Qa'idat al-Jihad fi Bilad al-Rafidayn– Ал Каеда во земјата на двете реки). Целта на Ал-Каеда е воспоставување на панисламски калифат во светот односно каде што мнозинството се муслимани, обединување на муслиманите во борба против САД (големата сатана) и Израел (малата сатана), да се соборат режими што се сметаат за „неисламски" и да се изгонат луѓе од западниот свет како и немуслимани од муслиманските земји во светот. Ал-Каеда исто така служи како центар или чадор организација за една голема глобална мрежа, што ја сочинуваат бројни екстремистички сили на Сунитските-муслимани, вклучувајќи ги и Гама ал-Исламија (Gama'a al-Islamiyya), Исламското движење на Узбекистан, Харакат ул-Муџахедин (Harakat ul-Mujahidin) и др.

Освен нападите на Кулите близначки во САД на 11.09.2001 год. мрежата на Ал-Каеда со седиште во Саудиска Арабија во 2004 г. заедно со други екстремисти,

[520]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

[521]Ликвидиран од страна на американската специјална единица SEAL во градот Аботабад-Пакистан, на 2 мај 2011 год. http://www.theguardian.com/world/2011/may/02/osama-bin-laden-dead-obama

изврши најмалку 11 напади во Саудиска Арабија, при што беа убиени над 60, а повредени повеќе од 225 лица. Овие дела се изведени со бомби во возила, пешадиски напади, киднапирања, пукање на избрани цели, бомбашки напади и убиства со сечење на глави. Организациската сила на Ал-Каеда е тешко да се утврди, со оглед на апсењата и убиствата на оперативци од среден и висок ранг, кои довеле до изместување на комуникациските, финансиските и други центри.[522] Исто така со нивното спречување за дејствување оневозможени се одредени планови за напад.



Извор: http://www.guardian.co.uk
Осама бин Ладен[523]



Осама бин Ладен



Извор: The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR
Ајман Мухамед Раби ал Завахири (лидер на Ал Каеда по убиството на Осама бин Ладен)[524]

---

[522] *Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
[523] http://www.guardian.co.uk/world/2011/may/03/osama-bin-laden
[524] Според одредени сознанија, Завахири бил личен советник и доктор на Осама бин Ладен. The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR.

**ПЕТТИ ДЕЛ**

# 7. КАРАКТЕРИСТИКИ НА САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ ВО СВЕТОТ

Во истражувањето ќе бидат опфатени географски региони Блискиот Исток (Југозападна Азија), Кавкаскиот регион, Централна Азија, Јужна Азија и Индиски потконтинент, односно земјите Турција, Либан, Израел, Ирак, Чеченија, Авганистан, Пакистан и Шри Ланка. Овие региони односно држави се анализирани поради два аспекта, потврдени од страна на повеќе релевантни институти, меѓу кои Институт за борба против тероризмот Херзлија-Израел; Институтот за национални безбедносни студии (INSS или ИНСС) од Израел; Проект за Безбедност и Тероризам (CPOST или ЦПОСТ) при Универзитетот во Чикаго-САД; како и други релевантни институти и извори кои ги анализираат самоубиствените терористички напади. Првиот аспект е поради тоа што на овие простори се забележани најголемиот број на извршени самоубиствени напади во светски рамки, додека вториот аспект е бидејќи најголемиот број на извршители на самоубиствени напади или доброволци за смрт, потекнуваат од овие географски простори.

## 7.1 Блискиот Исток (Југозападна Азија)

### Турција

Самоубиствениот тероризам во Турција ќе го претставиме преку терористичката организација Курдска работничка партија-ПКК (РКК). ПКК е формирана од страна на млади курдски граѓани на Турција во селото Урфа во 1978 год.[525]нејзината идеологија била марксистичко-ленинистичка и се залагале за културни и политички права на Курдите во Турција. Организацијата набрзо ќе биде позната под името Апаку (Apacu), односно по кратенката на нејзиниот лидер Апо (APO)-Абдула Очалан. Од првите членови кои ја формирале организацијата многу малку се преживеани, останатите или се ликвидирани од страна на лидерот Очалан или загинале во некои од терористичките акции. Во периодот што следел ПКК ќе се преорентира на исполнување на религиозните

---

[525]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.* Постојат и други податоци за формирањето на ПКК каде што се спомнува 27 ноември 1978 год. во селото Фис во близина на градот Личе (Lice) во провинцијата Дијарбекир-Турција. http://en.wikipedia.org/wiki/Kurdistan_Workers%27_Party.

цели, бидејќи очигледно со религиозните вредности можело полесно да се манипулира во една таква средина. Самоубиството не бил почитуван начин на смрт во турското општество, кое е во согласност со доминантната религија-исламот. Сепак постои една културна инфраструктура во поглед на подготвеноста да се умре, која произлегува од два извора. Првиот е националистичко-витешки етос на воинот. Турците и курдите се два народа кои делат заедничка историја во период од 1000 години, така што во тој поглед не се разликуваат многу. Тие се подготвени да умрат за некоја возвишена цел, како на пример за одбрана на својата земја. Лидерот на ПКК, Очалан не случајно креираше еден имагинарен Курдистан, а турската република ја претстави како колонијална сила. Така анти-колонијалната борба на организацијата би била да се ослободи Курдистан. Вториот извор е религиозниот концепт на „шадат"(shadat) или маченииштво во состојба на војна. Овие два извора еден со друг се надградуваат и зајакнуваат при што како резултат имаме терен подготвен за жртвување во името на колективната борба за повисоки идеали.[526]
Карактеристично за ПКК е тоа што раководството на организацијата им издава наредба на одредени поединци да извршат самоубиствен напад.[527]Тие биле „собирани" од разни места, каде организацијата има свое влијание и им била посочувана нивната мисија. Од нив исто така било барано да веруваат во повисоката цел која ја има нивната самоубиствена мисија, нивното витештво било пофалувано и им било укажувано дека ќе заземат истакнато место во историјата на движењето.

Самоубиствените бомбашки напади на ПКК вклучуваат:

1. *Организација.* Организација која е строго хиерархиски подредена во која лидерот го има последниот збор. Тој може да нареди се што ќе посака, а членовите се должни да го извршат тоа без никаков приговор.

[526]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

[527]Според сознанија добиени од приведени лица, членови на организацијата ПКК, освен ретки исклучоци на доброволно пријавување, на сите останати им било наредено да извршат самоубиствен напад. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan..*

2. *Харизматичен лидер.* Веднаш после Бог е лидерот, кој ја создал организацијата и ја води до крај. Лидерот е основач, организатор, идеолог и врховен командант.
3. *Погодна култура.* Курдското општество, од каде што ПКК ги регрутира своите членови, се базира претежно на рурални традиции. Витештвото и вооружениот бунт го разгоруваа пламенот на натпреварувачкиот дух. Племенските поделби во кои речиси секое племе беше против другото создаваа конфликтни ситуации, во една таква средина често како последица се јавува крвната одмазда. Покрај сето ова религијата овозможуваше полесен пристап кон смртта во името на колективното или религиозното жртвување за некоја поголема цел.
4. *Индоктринација.* Индоктринацијата на членовите на ПКК се базира на славата која се стекнува со нивната индивидуална храброст, бунтот против угнетувањето и виктимизацијата. Подготвеноста да се умре за спасение е дополнително засилено со восхитеноста на избраните бомбаши самоубијци, кои се подигнуваат на ранг на херои во нивната култура. Од нив се бара да ја докажат нивната посветеност кон каузата и организацијата, им се укажува дека се посебно одбрани поради нивните лични квалитети како и дека нивниот акт ќе го промени текот на историјата. Оние кои се избрани ќе бидат изолирани одреден временски период за да го доживее ефектот на екскомуникација, во случај да се двоумат. Еден од избраните членови кој одбил да изврши самоубиствен акт бил погубен пред друг член на кој му била понудена таа „чест", во еден друг случај кога едно лице исто така не се согласило да изврши самоубиствен напад било „предадено" на полицијата. Очигледно е дека комбинацијата на силен психолошки притисок, групен притисок и принуда, се често пати користени во ориентацијата на бомбашите самоубијци на ПКК.
5. *Фактори на ситуација.* ПКК не дозволува никакви самоиницијатвни самоубиствени акти од страна на своите членови. Исклучок од ова правило се затворениците осудени на дологодишни затворски казни. Еден симпатизер на ПКК од Западна Европа, бил толку очаен што се обидел јавно да се самозапали кога дознал дека лидерот на ПКК бил фатен и затворен во Турција (февруари 1999 год.). Овој акт беше

реперезент на чувствата кои ги делеа многу симпатизери на ПКК бидејќи лидерот Очалан беше нивна персонификација за борбата на организацијата. Откако лидерорт на ПКК бил затворен, тој го признал поразот и заблудата од вооруженото востание. Тогаш Очалан започнал да ги застапува демократските начини на борба за својот народ, во соработка со демонизираниот непријател-државата.

Од друга страна протестните самоубиства не предизвика никаква друга смрт освен смртта на извршителот. Но ниту тие ниту пак штрајкот со глад и саможртвувањето во турските затвори по задржувањето на Очалан во Италија, не биле поединечни акти, тие претставувале акти на една група. Пред да биде префрлен во затвор во Турција, Абдула Очалан бил задржан во Италија. По официјалното барањето на Турција до италијанската влада истиот да биде ектрадиран во Турција, 22 членови на ПКК во затворите во Турција се самозапалија во знак на протест за неговата екстрадиција во Турција. Пет од нив починале од здобиените повреди додека останатите се спасени. Во изјавата дадена од страна на Очалан во врска со овие настани се вели -„*Јас категорично го отфрлам саможртвувањето. Јас силно сугерирам дека тие треба да се воздржат од ставањето себеси во оган. Ако треба нешто да се изгори тоа не е нашиот свет живот туку поединци и институции. Тие стојат пред нас. Нека се подготват за нив. Зборувам за сериозни подготовки.*”-[528]

Во едно друго интервју дадено на 25.12.1998 год. Очалан има позитивен став кон саможртвувањето, во него вели: „*Оние кои експлодираа со бомби завиткани околу себе на начин да се наштети на цивилното население (во голема мера поддржувачи на официјалната власт) ќе експлодираат повторно во толпа луѓе пооддржувачи на оваа фашистичка влада. Ќе има стотици експлозии. Турција мора да го знае ова, сега јас едвај можам да ги сопрам. Но утре нема да бидам во можност да ги сопрам, а и тоа не е моја одговорност во секој случај*”.[529]

Во продолжение ќе ги претставиме причините кои доведоа до појавата на самоубиствените напади. Во текот на 80-те години на минатиот век, турските безбедносни сили не успеале да го спречат насилството на ПКК, тие биле

[528]Med-TV-телевизиско обраќање на Очалан 13.12.1998 година. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism” Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

[529] Ibid.

неподготвени да се справат со организираниот криминал и етно-националистичкиот бунт кој опфатил голем географски простор и биле вклучени илјадници борци преку границите на Турција. Искуството на турските безбедносните служби се базирало на борбата со урбаните левичарски групи (нивно следење и неутрализирање), што за последица го имаше несоодветниот пристап кон новонастанатиот проблем кој се позиционирал во рурална средина, на географски голем простор и со етнички предзнак. Несоодветната репресија, обука и техничка опременост (уреди за ноќно гледање, хеликоптери, уреди за набљудување и др.), отсуството на комуникација со локалната заедница од страна на безбедносните служби, придонесе за големиот број на регрути во редовите на ПКК како и неефикасна борба за сузбивање на терористичката активност на ПКК. Сето ова се промени во текот на 90-те години. Жестокиот притисок на турските безбедносни сили ги натера припадниците на ПКК на повлекување во северните делови на Ирак, континуираните акции од рурален карактер станаа совршена вежба за турските безбедносни сили. Истовремено се вршеше и дипломатски притисок врз земјите кои ја поддржуваа ПКК како што се Иран, Сирија и др. Драстичните мерки наметнати преку воената состојба доведе до евакуација на речиси две илјади села со што се наруши логистичката поддршка на ПКК.[530]Во почетокот на 1994 год. главната стратегија на ПКК, може да се опише како „стекнување на физичка контрола на парче земја и самопрогласување на легитимен политички претставник на луѓето кои живеат на таа земја", при што истата започна да пропаѓа. Статистичките анализи покажуваат опаѓање на активностите на ПКК, за разлика од претходната 1993 год. кога го достигнаа својот врв со 4198 инциденти (отворен вооружен судир со безбедносните сили, изненадувачки напади, бомбашки напади, минирање на одредени места, блокирање на патишта, вооружени грабежи, киднапирања како и нелегални демонстрации) официјално потврдени. Активностите на ПКК се намалуваат за 15,2% односно 3538 инциденти во 1994 год. овој тренд во надолна линија продолжува во 1995 год. со намалување за 38,1% односно 2200 инциденти, во 1996 год. 1976 инциденти пад од 10,1% за разлика од претходната година, во 1997 год. 1456 инциденти пад од 26,3%. Во 1999 год. ПКК по налог

[530]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

на нејзиниот лидер Абдула Очалан, изјавува дека престануваат непријателствата против Турција, лидерот, исто така им наредува на вооружените формации на ПКК да се повлечат од територијата на Турција. Истата, 1999 год забележани се вкупно 1218 инциденти, извршени од страна на ПКК. На еден драматичен начин во 2000 год. ПКК го отфрла зборот Курдистан од името на организацијата, како и на подредените организации, истото се однесува и за барањето на територија или било каква форма на суверенитет над неа. Врвот на самоубиствениот тероризам од страна на ПКК се случи во периодот февруари-јуни 1999 год. Тоа беше временскиот период кога лидерот Очалан е уапсен во Кенија, неговиот престој во затвор во Турција и изрекувањето на смртна казна од страна на судот во Турција на 29.06.1999 год. Почнувајќи со самоубиствен напад на 4 март во Бетмен (Турција), па се до крајот на месецот се случија шест самоубиствени бомбашки напади, во кои загинаа две лица додека тринаесет полицајци и дваесет случајни минувачи се повредени. Главната концентрација на самоубиствените напади се случуваше во југоисточниот дел на Турција, каде што е сконцентрирано курдското малцинство во државата. Во текот на судскиот процес против лидерот на ПКК, турските безбедносни служби привеле три лица кои требало да извршат самоубиствен напад, две жени Бахар Ерчик и Умут Гулај како и еден маж Неби Куран. Последната самоубиствена мисија на ПКК се случи на 5.07.1999 год. во знак на протест, за изречената смртна пресуда на лидерот Очалан една недела претходно.[531]По судскиот процес целиот дискурс во врска со курдското прашање се промени. Во текот на судскиот процес лидерот на ПКК, Абдула Очалан се извини на семејствата на загинатите припадници на турските безбедносните сили, ја признал погрешната стратегија за вооружена борба и ветил дека ќе нареди милициите на ПКК да престанат со непријателството против безбедносните сили на Турција, подоцна наредил и повлекување на милициите на ПКК од територијата на Турција. Ги признал злосторствата за кои бил обвинет и предложил да работи како агент на мирот, исто така вели дека турците и курдите треба заедно да работат со цел да ја направат Турција подемократска. Смртната казна врз лидерот на ПКК не е извршена, за возврат

[531] IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

од негова страна е издадена наредба до ПКК да престанат непријателствата кон Р. Турција. Самоубиствените бомбашки напади кои ги вршеше ПКК официјално се откажани на 7.07.1999 год.

Карактеристики на самоубиствените напади на ПКК

Самоубиствените бомбашки напади на ПКК започнаа на 30.06.1995 (во други извори се посочува 30.06.1996 год.[532]), а завршија на 5.07.1999 год. (официјално се откажани на 7.07.1999 год.). Во текот на овој временски период извршени се 15 самоубиствени напади според Институт за борба против тероризмот, Херзлија-Израел[533](во други извори се наведуваат 14 самоубиствени напади[534]додека ЦПОСТ наведува 8 официјално потврдени самоубиствени напади од страна на ПКК и 9 самоубиствени напади кои не се официјално потврдени[535]). Шест бомбаши самоубијци беа приведени во подготивелна фаза на нападот, од кои се добиени многу корисни информации за мотивите и методите на работа на ПКК. Од изведените 15 самоубиствени бомбашки напади загинати се 6 полицајци и 9 војници, повредени се 28 полицајци и 47 војници додека на страна на цивилните жртви има 4 загинати и 63 повредени. Големиот број на повредени цивилни жртви се должи на фактот што како цели на напад се одредуваат места кои ќе остават силен впечаток во јавноста, како што се полициски станици, возила со официјални лица во нив, влезови на воени објекти и тн. Од вкупниот број на извршени самоубиствени напади 11 извршители се жени.[536]Овој факт заслужува посебно внимание за улогата на жените во руралните милитантни терористички организации. Културата во руралната курдска заедница е силно поврзана со традицијата, каде што жената

---

[532]Во литературата се посочува 30 јуни 1996 год. како почеток на самоубиствена терористичка кампања во Турција. На тој датум една жена (припадничка на ПКК преправена како трудница, носела на себе експлозивен појас), извршила самоубиствен бомбашки напад за време на воена церемонија во источниот дел на Турција. http://www.timelines.ws/countries/TURKEY_B.HTML; http://cpost.uchicago.edu/ и Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),,*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

[533]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

[534]Edward V. Linden, 2002, "Focus on Terrorism" by Nova Publishers, page 87.

[535]За 8 извршени самоубиствени напади ПКК ја превзема одговорноста додека за 9 самоубиствени напади постојат индиции дека се дело на ПКК. Во случај да се потврдат индициите би имало вкупно 17 самоубиствени напади извршени од страна на ПКК. http://cpost.uchicago.edu/

[536]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

има многу малку права. Се уште се присутни традиционалните бракови каде што сопрузите буквално ги купуваат жените од нејзиното семејство. Местото на жената во семејството е подредено под мажот и е сведено на грижата за децата, домашните обврски со многу мал контакт со надворешниот свет. Повеќето од женската популација не посетува никакво образование и покрај тоа што е задолжително во Турција. Членовите на ПКК вршат насилство кон наставниците во училиштата бидејќи ги учат децата на турски јазик и на тој начин ја „разредуваат курдската заедница". Заробени во традиционалната култура, семејната тиранија и родовата нееднаквост, младите курдски жени гледаа во ПКК како организација која ги руши овие стеги, тие имаат еднаков статус со мажите во организацијата, подложени на иста воена и политичка обука односно работи кои биле незамисливи под други околности во таа средина. Ова чувство на еднаквост засилено со чувството за должност, која е поголема од животот, се чини дека развиле плодно тло за жртвување на сопствениот живот, во овие околности лојалноста на жените кон организацијата и нејзиниот лидер била поголема од таа на мажите. Поради сето ова не зачудува фактот што раководството на организацијата се одлучи за најголемиот број на извршители на самоубиствени бомбашки напади да бидат токму жените.[537]Во поглед на селекцијата на жените како извршители на самоубиствени напади се вели:

1. Полесно е да се убеди жена и да се држи под контрола како „избран" поединец. Покрај тоа, тие се придружувани до крајната дестинација од машки придружник кој ја претставува организацијата која има почитување кон нив.
2. Жената сака да придонесе за каузата на организацијата исто како и машките членови. Но во реални воени услови, нивните перформанси не можат да се споредат со нивните машки колеги. Нивната потреба од докажување го направи самоубиствениот напад како единствено решение.
3. Кога еднаш ќе го остават традиционалното семејство тие не можеле да се вратат повторно, првенствено не биле добродојдени. Покрај тоа доколу

[537]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

биле фатени од страна на безбедносните служби како член на ПКК, биле изложени на дополнители репресии, освен ако се согласеле да бидат информатори на службата.

4. Жените предизвикуваат помало сомневање кај безбедносните служби. Тие можат да носат експлозив на себе (под облеката) и да оддаваат впечаток дека станува збор за бремени жени, со што можат полесно да се приближат до целта.
5. Жени кои изгубиле свои блиски роднини или некое сакано лице во борбите со турските безбедносни сили, биле силно мотивирани за нивна одмазда. Нивното „политичко семејство" (ПКК) им ја нудела можноста за реализација на одмаздата, што пак од своја страна има длабоки корени во традиционалното курдско општество.
6. Според изјавите на приведените машки членови на ПКК, жените претставувале сериозен товар во нивните тактики „удри и бегај" и исклучително долгите маршеви низ планините. Самоубиствените мисии станаа ефикасен начин на чистење на своите редовите.

Возраста на жените, извршители на самоубиствени бомбашки напади, се движи од 17 до 27 години. Ниту една од нив не поседувала некои професионални вештини, додека некои посетувале одредено високо образование но го напуштиле. Најголемиот број од нив доаѓаат од сиромашни и многудетни семејства. ПКК користи комбинација на принудни и мотивациони техники кои се олеснети со апсолутна лојалност кон организацијата и нејзиниот лидер. Апсолутната лојалност е можна главно поради традиционалниот рурален карактер на базата на ПКК. Поделени по феудални и племенски линии, релативно изолирани од општеството и остатокот од светот, курдите не можат да се надеваат на некоја перспектива во поглед на нивната иднина. Индивидуалното размислување во услови на авторитативни семејства, локални угледни личности и племенски врски, е сведено на минимум.[538]Во продолжени ќе наведеме два случаи на жени бомбаши самоубијци принудени да извршат самоубиствен напад. Лејла Каплан изврши самоубиствен напад на влезот на дирекцијата на полициските сили за брзо распоредување во Адана, при што

[538]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

загинаа тројца полицајци додека повредени се осум полициски офицери, еден техничар и тројца случајни минувачи. Таа не волонтирала за самоубиствената мисија, првично мисијата требало да ја изврши друга жена член на ПКК, Туркан-Адијаман, која одбила да изврши самоубиствен напад поради што била егзекутирана, во присуство на Лејла Каплан. По овој настан самоубиствената мисија и била понудена на Лејла, која истата ја прифатила. Друг случај е тој на Елиф Мавис, родена 1980 год. во Франција од семејство на курдски емигранти. Со пропагандата на ПКК за прв пат се сретнува уште додека посетувала средно училиште во градот Креил (Creil)-Франција. Со политичка индоктринација се здобива во Франција, Холандија и Германија од оперативци на ПКК. Во Келн (Германија), оперативците на ПКК ја насочувале кон изведување на самоубиствена мисија во Истанбул (Турција), но кога одбила да ја изврши била подложена на жесток притисок од страна на членовите на ПКК. На 30.12.1998 год. во моментот кога стапнала на аеродромот во Истанбул, Елиф Мавис била приведена од турските безбедносни служби. Од овие примери како и други со слична содржина, можеме да констатираме дека постоел значителен степен на присилба кон извршителите на самоубиствени бомбашки напади, бидејќи начинот на кој се изведуваа самоубиствените мисии не беа дел од културата ниту пак во почетокот на дејствувањето на ПКК. Во еден случај на доброволно пријавување, самоубиствената мисија не заврши успешно. Се работи за Умут Гулај родена 1975 год. во Вирансехив (Viransehif) населено место во Урфа (Турција). Во февруари 1999 год. докажувајќи ја својата лојалност кон лидерот на ПКК, Абдула Очалан, се согласува да изврши самоубиствен бомбашки напад. Откако биле извршени неопходните подготовки заедно со нејзините машки придружници од ПКК, задолжени да ја однесат до целта, се упатува во центарот на градот Мус каде требало да се одржи воено-полициски собир. Откако се доближила до целта Умут се исплашила, ги покрила бомбите кои биле прицврстени за нејзиното тело и се дала во бегство. Со бегството сакала истовремено да постигне две цели, да избега од членовите на ПКК но и од полицијата која ја забележала. За кратко време била приведена од полицијата.[539]Во најголемиот број случаи и кај двата пола, кандидатите за тој

[539]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

„херојски чин" во името на анти-колонијализмот и националното ослободување, биле избирани од организацијата. Единствен достапен видео запис за бомбаш самоубиец на ПКК е видео записот за Лејла Каплан. Во него Лејла изјавува дека своето тело го дава на организацијата и нејзината кауза, маченииштвото не било споменато. Кандидатите за самоубиствена мисија биле изолирани од три до шест месеци без при тоа да добиваат било какви задачи. Изјавите за таквата нивна ситуација биле дека тие се на специјална „мисија", која го исполнува целиот тој вакум во горенаведениот период. Егзалтацијата[540]која ја чувствувале кандидатите претставувал силен притисок за нив, одбивањето на мисијата во најдобар случај ќе завршело со екскомуникација, додека во друг случај завршувало со егзекуција. Најдобро е да се прифатат нештатат такви како што се и оние кои се „избрани" да и служат на каузата. ПКК не им ветуваше на своите бомбаши самоубијци рај на небото, исто така не ги нагласуваше религиозните мотиви и трансцедентното спасение. Таа силно ја нагласуваше организацијата, каузата и култот на лидерот, чиј збор беше се.

Во однос на мажите бомбаши самоубијци тешко е да се издвојат одредени карактеристики. Од извршените четири самоубиствени напади двајца биле на возраст од 18 и 22 години, без образование и без никакви врски со нивните семејства, останатите двајца биле постари на возраст од 35 и 40 години, кои не биле повеќе во можност да одговорат на предизвиците на герилското војување. Четворица мажи (бомбаши самоубијци), кои биле приведени пред да ги извршат своите самоубиствени мисии биле на возраст од 18, 22, 25 и 40 години. Четири жени (бомбаши самоубијци), исто така приведени пред да извршат самоубиствени мисии биле на возраст од 18-24 години.[541]Освен два инциденти во Истанбул и Адана, останатите инциденти се случуваат во југоисточниот дел на Турција, кои според ПКК се географски територии кои треба да се ослободат. Самоубиствената кампања заврши одеднаш во јули 1999 год. исто како што и започна неколу години претходно. Раководството на ПКК прекина со самоубиствените напади по издадената наредба на нивниот заробен лидер Очалан, чија изречена смртна казна била заменета со казната доживотен затвор.

[540](лат exaltatio) 1. голема возбуда, занес, душевна напнатост; 2. претерана заинтересираност за нешто, занесеност, восхитеност, раздразнетост. http://rechnik.on.net.mk/

[541]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

Самоубиствениот тероризам нема традиција во Турција. Тој беше воведен од страна на ПКК како резултат на слабите резултати од класичната војна со турските безбедносни служби, во средината на деведесттите години на минатиот век. Својот врв го достигнува на 16 февруари 1999 год. кога во Кенија е приведен лидерот Абдула Очалан како и периодот на траењето на судскиот процес против него во Турција (од 31.05 до 29.06. 1999 год.). ПКК очајно се трудеше да создаде впечаток дека изречената смртна казна за нејзиниот лидер Очалан ќе предизвика хаос во турското општество.[542]Освен ПКК во Турција постојат и други терористички организации кои применуваат самоубиствени напади. На 1.02.2013 год се случи самоубиствен напад во амбасадата на САД во Анкара (Турција). Имено еден бомбаш самоубиец влегол во амбасадата (на безбедносно контролен пункт на влезот на амбасадата) и го активирал експлозивот кој бил прицврстен на неговото тело при што, освен бомбашот самоубиец, загинал и еден припадник од службата за обезбедување на амбасадата, еден турски телевизиски новинар се здобил со потешки повреди, а двајца припадници на службата за обезбедување се здобиле со полесни повреди. Според турската државна агенција „Анадолу", бомбашот самоубиец е идентификуван како Еџевит Санли на возраст од 40 години, член на една забранета левичарска милитантна организација со име Револуционерна партија-фронт за народно ослободување, ДХКП-С (Revolutionary People's Liberation Party-Front, или DHKP-C), која од 1970 год. превзема одговорност за атентати и бомбашки напади.[543]Самоубиствените напади во репертоарот на оваа терористичка организација се застапени од 2001 год. Покрај овие терористички организации во Турција дејствуваат и филијалите на Ал Каеда кои извршуваат самоубиствени напади во Истанбул (15.11.2003 год. два самоубиствени напади) чие присуството го карактеризира религиозниот бран на тероризмот.

Обележјата на терористичките организации во земјата, од верски и секуларен карактер, кои ги применуваат самоубиствените мисии во насока на остварување на своите цели сеуште го актуелизира овој проблем. Нивната примена ќе има одредени осцилации, кои најмногу ќе зависат од капацитетот на терористичката организација. Ситуацијата со граѓанската војна во Сирија има големо влијание

[542]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Professor Dogu Ergil *Chairman, Department of Political Behavior, Ankara University, Turkey,* Suicide Terrorism in Turkey *The Case of the Workers' Party of Kurdistan.*

[543]http://www.huffingtonpost.com/2013/02/01/us-embassy-turkey-suicide-bombing_n_2597384.html

врз безбедносната состојба во Турција, посебно се погодени јужните делови на земјата (оние кои граничат со Сирија). Познавајќи го фактот дека разни левичарски организации во минатото наоѓаа поддршка и засолниште во Сирија под водство на Хафиз ал Асад, таткото на актуелниот сириски претседател Башар ал Асад, не изненадува сознанието за поддршка на режимот на Башар ал Асад од страна на терористичките организации како што се ДХКП-С (Хафиз ал Асад како и неговиот наследник Башар ал Асад, одржуваа врска со оваа терористичка организација), ПКК (според одредени сознанија лидерот на ПКК, Абдула Очалан во периодот од 1980 до 1998 год. престојувал во Сирија и имал голема поддршка од раководството на Сирија во тој период), Ачилчилер (тур. Acilciler)-отцепена фракција на Турска народно-ослободителна партија ТХКП/С (Turkish People's Liberation Party/Front, THKP/C)[544]и др.

**Либан**

Главен претставник на самоубиствениот тероризам во Либан, а воедно добро познат и на светската сцена е Хезболах. Помогнат и инспириран од иранската револуционерна гарда Хезболах е формиран во Либан 1982 год.[545]Во раните осумдесетти години на минатиот век, верското раководство на Хезболах предводено од шеикот Фадлалах-духовниот лидер, прифаќа повеќе доктрини прокламирани од водачот на иранската револуција ајтолахот Хомеини, поврзани со моралните и религиските аспекти на саможртвувањето. Како релативно мала организација Хезболах била, а сеуште е и денес, чувствителна на жртвите и животите на своите членови. Поради тоа актите на саможртвување мора да бидат оправдани во однос на цена-ефикасност.[546]На 18 април 1983 год. еден бомбаш самоубиец управувајќи комбе со експлозив (400 фунти-181,4 кг.) удира во Американската амбасада во Бејрут (Либан), при што загинаа 63 лица, а повредени се многу повеќе. Одговорноста за нападот го превзема Исламски

[544]Ачилчилер-е формирана во 1975 год. целта на оваа терористичка организација е враќање на турската провинцијата Хатај на Сирија. Лидерот на оваа организација Михрак Урал (припадник на алавитската заедница во Турција), воедно и командант на „Сириски отпор"(алавитска милиција која го поддржува режимот на Асад), се поврзува со голем број на масакри врз сунитско население во селата на западниот дел на земјата покрај крајбрежјето. Stephen Starr (Jun 25, 2013)The Renewed Threat of Terrorism to Turkey, http://www.ctc.usma.edu/posts/the-renewed-threat-of-terrorism-to-turkey

[545]Датумот на формирање е дискутабилен, во литературата се споменува 1985 год. но како што е наведено во некои истражувачки студии формиран е во 1982 год.
http://www.terrorism-info.org.il/en/article/20436.
http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Terrorism/terror_report_orgs.html#hizballah

[546]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.

џихад-име кое понекогаш го користи Хезболах. Тоа претставуваше прв но не и последен самоубиствен терористички напад во Либан.[547]Шест месеци подоцна (23 октомври 1983 год.) бомбаши самоубијци дејствуваат за истата терористичка организација, но овој пат управуваат камиони полни со експлозив при што удираат во штабот на маринците на САД како и штабот на француската војска стационирани во Бејрут. Неколку месеци подоцна бомбаш самоубиец изведува самоубиствен напад врз штабот на Израелската војска во градот Тир-Либан.[548]Овој прв бран на самоубиствени терористички напади беше најзначаен и на некој начин ги постигна клучните стратешки цели на Хезболах[549]и Иран, а тоа е повлекување на странските сили од Либан. Сите цели на напад претставуваа големи командни центри и нападите беа ефективни од терористичка гледна точка.

Во текот на 1985 и 1986 год. ситуацијата во Либан се промени. Израелските безбедносни сили (IDF-ИДФ) се повлекоа од Бејрут како и од други области во Либан и создадоа безбедносна зона северно од меѓународната граница Израел-Либан, истовремено на југот на Либан се повлекоа и командните центри и камповите на ИДФ. Хезболах во овој период ја промени својата тактика и започна со самоубиствени бомбашки напади на ИДФ конвоите во јужните делови на Либан. Во периодот од 1986-2000 год. Хезболах и објави војна на безбедносната зона, самоубиствените бомбашки напади главно се изведуваат на првите линии на безбедносната зона, контролни пунктови и влезови. Но имаше и самоубиствени напади внатре во безбедносната зона. Овој тип на напад има потреба од локална инфраструктура внатре во безбедносната зона како и разузнавачки информации за ИДФ конвоите, рутите на движење и останати

---

[547]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon. На 11.11.1982 год. се смета дека е извршен првиот самоубиствен напад во име на терористичката организација Хезболах, воедно тој датум се слави од страната на Хезболах како „Ден на маченците" Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007)„White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism. Во литературата се спомнува како прв самоубиствен напад воопшто на територијата на Либан нападот на Ирачката амбасада во Бејрут на 15.12.1981 год. Одговорноста за нападот го превземала шиитска исламистичка терористичка организација Ал Дава (al-Dawa).

[548]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.

[549]Во самоубиствената кампања против американската, француската и израелската окупација на Либан, учество земаа лица од сите општествени слоеви. Роберт Папе (*Dying to Win,* 205) ги презентира следните податоци за процентуалното учество на бомбаши самоубијци во самоубиствените акции на Хезболах, од нив 71% се маронитски христијани, 21% биле комунисти или социјалисти и само 8% исламисти. Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*" University of Pennsylvania, стр. 45.

активности. Исто така потребно е да се прокриумчари експлозив внатре во безбедносната зона да се подготви автомобил за нападот како и да се регрутира бомбаш самоубиец за мисијата.[550]Анализирајќи ги статистичките податоци ќе забележиме дека во периодот 1985/86 год. се појавуваат нови елементи во самоубиствената кампања во Либан. На сцена стапуваат просириските терористички организации кои во одреден период го превземаат водството во извршувањето на самоубиствените напади. Најважни од нив се: Сириската социјал-националистичка партија (SSNP-ССНП), Либанската комунистичка партија, Социјалистичка партија на насеристи (Socialist Nasserist Party) и др. Сите биле водени, обучувани, и управувани од страна на Сирија. Нивни мисии не завршувале секогаш со успех, но тоа беше прв случај една нерелигиозна организација како што е ССНП да изведе самоубиствен бомбашки напад.[551]Самоубиствената кампања во Либан може да се претстави во три брана. Првиот бран се случува 1983 година, кога самоубиствените бомбашки напади ги врши Хезболах. Вториот бран е во периодот 1985/86 година, кога е формирана безбедносната зона, во овој период најголемиот дел од нападите ги вршат про-сириските терористички организации. Третиот бран е периодот од 1987 до 2007 год., каде повторно Хезболах го превзема водството во извршување на самоубиствени напади. Во продолжение би ги посочиле главните карактеристики на самоубиствените напади во Либан. Во повеќето случаи самоубиствениот напад беше извршен од еден извршител-бомбаш самоубиец со логистичка, оперативна и разузнавачка поддршка од мрежата или ќелијата. Најголемиот број на извршители се мажи на возраст од 17 до 30 години. Познати се најмалку пет случаи каде како извршители се појавуваат жените и главно се извршени од страна на про-сириските терористички организации. Бомбашите самоубијци претежно користат камиони или автомобили со експлозив (во количина од 150 до 900 кг. експлозив), а во некои случаи експлозивот го прицврстуваа за своето тело (појас со експлозив и сл.), и извршуваат самоубиствени мисии. Имало случаи каде што бомбашите самоубијци користеле животни (главно магариња), кои ги товарале со експлозив и заедно со животното се разнесувале на целта. Исто така има четири случаи

[550]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.
[551]Ibid.

каде се користеле пловни објекти (чамци), за извршување на самоубиствени напади, три од случаите се извршени од палестински организации додека еден е извршен од страна на ССНП.

Според податоците за извршени самоубиствени напади можеме да забележиме дека околу половината од самоубиствените напади во Либан се извршени од страна на шиитски организации (главно на Хезболах но и некои на терористичката организација-Амал во раните осумдесетти години на минатиот век). Подоцна Хезболах промени некои елементи во својата политика, односно првичните самоубиствени напади за кои одговорноста ја превземаше Исламскиот џихад, сега ги превзема под своја одговорност. Во 1983 год. имаше четири случаи на самоубиствени напади во Либан, и истите претставуваа најзначајна и најуспешна кампања на самоубиствениот тероризам во тој регион. Од 1983 год па наваму Хезболах извршуваше не повеќе од еден или два самоубиствени напади, понекогаш дури и помалку. Но и покрај релативно малиот број на самоубиствени напади психолошкото влијание е големо, самоубиствениот тероризам стана симбол на Шиитите дека се уште поседуваат потенцијал за самоубиствени мисии, како и тоа што истите се резервирани за „посебни" прилики. Просириските организации во Либан се одговорни за извршени 23 самоубиствени бомбашки напади, од кои 16 се извршени од страна на ССНП.[552]Палестинските организации се одговорни за 3 самоубиствени напади каде што ги користат чамци со експлозив како средство за напад. Во периодот од 1983 до 2000 год. во Либан се извршени повеќе од 50 самоубиствени напади (тука се вклучени нападите извршени од шиитските терористички организации, просириските терористички организации како и оние кои влегуваат во категоријата „непознато").[553]Од 1986 год. па наваму ефектите од самоубиствените тактики во Либан беше намалена благодарение на мерките кои ги превземаа безбедносните служби, тука предничат израелските безбедносни служби-ИДФ. Самоубиствените напади станаа помалку ефикасни од терористичка гледна точка во споредба со другите методи како што се софистицирани бомби кои се поставуваат на коловоз, замки, експлозивни

[552]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon. Според ЦПОСТ извршени се 8 самоубиствени напади од страна на ССНП. http://cpost.uchicago.edu/

[553]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.

направи, заседи и сл. Поради тоа самоубиствените напади станаа алатка за специјални прилики, главно кога терористичката организација е под одреден притисок или треба да се испратат одредени воени и политички пораки. Хезболах беше инспирација за останатите терористички организации во Либан и на Блискиот исток, но покажа дека истовремено има капацитет да врши самоубиствени напади на различни места во светот. Последните самоубиствени напади, потсетник за капацитетот на Хезболах во Либан, се случиле на 30.12.1999 год.[554] и 22.05. 2007 год.[555]Во првиот напад целта беше ИДФ конвој во близина на селото Клеах. Бомбаш самоубиец со автомобил се разнесе во близина на конвојот, но во овој случај благодарение на почитувањето на оперативната процедура за движење на воените конвои, немало многу жртви. Во вториот напад, еден исламистички милитант се саморазнел откако бил опколен од безбедносните служби во Триполи (Либан), при што немало останати жртви и повредени. Сепак ова претставува силен потсетник за искуството, капацитетот и доволниот број на волонтери со кои располага Хезболах, како и дека новата кампања на самоубиствениот тероризам е прашање на одлука.[556]Хезболах е една од ретките терористички организации која е способна и има капацитет да дејствува интернационално. Самоубиствените напади во Буенос Аирес (израелската амбасада во Аргентина) во 1992 год. како и самоубиствениот напад на Еврејскиот центар за комуникација (Буенос Аирес) на 18.07.1994 год. каде што 85 лица го загубиле својот живот, а 100 се повредени, се поврзуваат со оваа терористичка организација. На истиот датум 18.07.2012 год. осумнаесет години по самоубиствениот напад во Еврејскиот центар за комуникација, извршен е самоубиствен напад во градот Бургас (Бугарија), односно на аеродромот Сарафово, каде што повторна мета беа израелски туристи при што загинаа 7 лица вклучувајќи го и бомбашот самоубиец,[557]додека 32 лица беа повредени. И овој напад, како и претходните, Израел ги поврзува со Хезболах кој дејствува

---

[554]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.
[555]http://cpost.uchicago.edu/
[556]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Dr. Shaul Shay, Suicide Terrorism in Lebanon.
[557]Според службите за информирање на Р. Бугарија, извршителот на самоубиствениот напад употребил 3 кг експлозив тротил. http://www.time.mk/read/2e3087af24/3012e11769/index.html од 22. 07.2012

под закрилата на Иранскиот тероризам.[558]Одреден период во Либан самоубиствени напади стагнираа за повторно да се појават во текот на граѓанската војна во Сирија. Во текот на 2013 год. во Либан се случија четири самоубиствени бомбашки напади.[559]Пораката што ја упатија овие напади беше наменета за Хезболах и неговото учество во граѓанската војна во Сирија, во насока да престане да го поддржува режимот на претседателот на Сирија, Башар ал Асад. Очигледно, развојот на политичката ситуација во Сирија како и поврзаноста на Хезболах со режимот на Сирија, ќе имаат големо влијание во наредниот период од аспект на извршување на самоубиствени напади во оваа земја. Освен врз Хезболах самоубиствените напади во Либан се насочени и кон шиитската заедница во оваа земја. Во почетокот на 2014 год. во Либан се извршени пет самоубиствени напади во области каде што доминира Хезболах, четири се извршени од страна на терористичката организација Ал-Нусра фронт (Al-Nusra Front-филијала на Ал Каеда во Сирија), додека еден од Исламска држава во Ирак и Левант или ИСИС.[560]Очигледна е констатацијата за зголемување на бројот на самоубиствени напади уште на самиот почеток на 2014 год. Развојот на безбедносно-политичката ситуација во Сирија ќе имаат силна рефлексија врз либанското општество во наредниот период. Од аспект на безбедносните закани со очекува зголемување на бројот на самоубиствени напади во Либан особено доколку кризата во Сирија продолжи со несмален интензитет.

[558]http://www.mfa.gov.il/mfa/foreignpolicy/terrorism/palestinian/pages/terror_attack_israeli_tourists_bulgaria_18-jul-2012.aspx
[559]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[560]http://www.islamicinvitationturkey.com/2014/02/12/suicide-terrorism-in-syria-threatening-western-states-report/

## Израел

За прв пат, палестински терористички организации иницираа самоубиствени напади[561]против израелски цели во април 1993 год., во Западниот брег, кој е окупиран од страна на Израел (Швајцер, 2001). Помеѓу 1993 год. и втората интифада во 2000 год. 37 бомбаши самоубијци извршија самоубиствени напади во Израел. Повеќето од нив беа идентификувани како членови на Хамас, додека мал дел биле припадници на Исламски џихад (Насра, 2001).[562]Од почетокот на втората интифада во септември 2000 година, 164 бомбаши самоубијци извршија самоубиствени напади во Израел, повеќето од нив беа мажи додека мал дел биле припаднички на понежниот пол. Од страна на израелските безбедносни служби биле приведени 450 терористи при обидот да извршат самоубиствен напад. Повеќето од самоубиствените напади во Израел се извршени во трговски центри, во автобуси, на улица (на аголот каде што се спојува со друга улица) и на места каде што има поголема концентрација на луѓе.[563]Според една студија во 2007 год.[564]во врска со палестинските самоубиствени бомбашки напади (опфатени се самоубиствените бомбашки напади од втората Интифада во периодот од 2000-2005 год.), се наведува дека 39,9% од самоубиствени напади се извршени од Хамас, 25,7% се извршени од Палестински исламски Џихад, 26,4% се извршени од Фатах, 5,4% се извршени од Народен фронт за ослободување на Палестина (PFLP)-ПФЛП и 2,7% се дело на други организации.

Мотивите за бомбашите самоубијци во палестинското општество се базираат на две главни хипотези. Првата хипотеза се однесува на верскиот пристап во која се нагласува верувањето во исламот кој претставува генератор на тероризмот во израелско-палестинскиот конфликт (Хамас, Палестински исламски Џихад и

[561]На 6.07.1989 год. во автобус (бр.405) кој се движел на линијата Тел Авив-Ерусалим е извршен самоубиствен напад од страна на Абед ал Хади Ганеим (Abed al-Hadi Ghaneim) 25 годишен припадник на Палестински исламски џихад. Во нападот загинале 16 луѓе додека 27 се повредени. Специфично за овој напад е што извршителот не употребил експлозив односно го нападнал возачот и го насочил автобусот кон провалија во областа Кирјат Јеарим (Kiryat Yearim). По падот автобусот се запалил при што неколкумина од патниците биле живи запалени. Напаѓачот го преживеал нападот и бил осуден за убиство, киднапирање и тероризам. http://en.wikipedia.org/wiki/Tel_Aviv_Jerusalem_bus_405_suicide_attack

[562]International Journal of Conflict and Violence, Suicide Bombers in Israel:Their Motivations, Characteristics, and Prior Activity in Terrorist Organizations, Revital Sela-Shayovitz, David Yellin College and The Institute of Criminology, Hebrew University of Jerusalem. IJCV : Vol. 1 (2) 2007, стр. 160–168.

[563]Ibid.

[564]Human Capital and the Productivity of Suicide Bombers pdf Journal of Economic Perspectives Volume 21, Number 3, Summer 2007. Pages 223–238

др.). Верските бомбаши самоубијци веруваат дека Алах ги одбрал за маченици и дека единствена цел на самоубиствениот напад е исполнување на волјата на Алах. Освен тоа, религиозните бомбаши самоубијци се гледаат себеси на возвишено и славено место во духовно и мистично царство, надвор од животот на земјата (Насра, 2001). Ганор (2001) нагласува дека во повеќето случаи бомбашите самоубијци имаат силна верска припадност како и нивно вешто манипулирање со религијата, чија цел е да се приклучат кон извршување на терористичките операции. Исламските терористички организации ги подготвуваа бомбашите самоубијци на тој начин што ја засилуваат нивната посветеност со фокусирање на рајот односно местото каде што е присутен Алах и каде што ќе се сретне со пророкот Мухамед (Телхами, 2002). Освен тоа повеќето бомбаши самоубијци биле едуцирани во верски училишта и практикувале ислам во секојдневниот живот (Ганор 2000; Мерари 1990; Швајцер 2001).[565]Втората хипотеза се базира на политичко-националниот карактер и ја нагласува политичката ситуација како главна причина за извршување на самоубиствени напади (Стерн, 2003). Според овој пристап главна причина за самоубиствен бомбашки напад е колективен бес, безнадежност и очај во рамките на палестинското општество на национално-политичко ниво. Во едно вакво опкружување поединци се одлучуваат да извршат самоубиствен бомбашки напади, со надеж да избегаат од очајот во кој се наоѓаат (Телхами, 2002). Одредени студии, за текот на втората интифада, забележале дека секуларните палестинци ја зголемиле поддршката за самоубиствените напади како ефикасен начин да се направи ситуацијата во окупираните територии неподнослива за Израел (Насра 2001; Телхами 2002).[566]

Како претставници на националистички (секуларни) организации би ги навеле: Народен фронт за ослободување на Палестина-ПФЛП (која пропагира палестински национализам, марксистичко-ленинистичка, анти-империјалистичка и анти-ционистичка идеологија), Ал Акса маченички бригади (кои пропагираат палестински и арпски национализам, анти-ционизам,

[565]International Journal of Conflict and Violence, Suicide Bombers in Israel:Their Motivations, Characteristics, and Prior Activity in Terrorist Organizations, Revital Sela-Shayovitz, David Yellin College and The Institute of Criminology, Hebrew University of Jerusalem. IJCV : Vol. 1 (2) 2007, стр. 160–168

[566]Ibid.

социјализам и сл.),[567]Фатах (пропагира палестински национализам, секуларизам, левичарски национализам и сл.) претставува најголема палестинска политичка партија, воедно е и најголема фракција на Палестинската ослободителна организација-ПЛО и др. Покрај горенаведените мотиви, за регрутирање на бомбаши самоубијци, во палестинското општество присутно е и комбинирање на религиозниот и националистичкиот мотив (Pedahzur et al. 2003). Разликата помеѓу двата мотиви можат да бидат сфатени само во однос на субјективното значење на актот на лицето кое се обврзало да изврши самоубиствен бомбашки напад, односно во психолошката состојба кај извршителот на самоубиствениот напад.

Претходните студии покажаа дека повеќето бомбаши самоубијци се религиозни, млади, мажи, неженети, невработени и со одредено високо образование (Ганор, 2000). Компаративните студии, спроведени во врска со социо-демографските карактеристики на самоубиствениот наспроти несамоубиствениот тероризам откри значителни разлики помеѓу овие два типа на терористи. Средната возраст на бомбашите самоубијци била 24,5 год. тие биле постари од не-самоубиствените терористи. Повеќето бомбаши самоубијци за разлика од не-самоубиствените терористи посетувале верско училиште, исто така процентот на бомбашите самоубијци кои се поврзани со верски фундаменталистички организации е значително поголем од не-самоубиствените терористи (Pedahzur et al. 2003).[568]Интифадите кои се карактеристични за палестинските терористички организации предизвика големи жртви и страдања кај цивилната популација во тоа подрачје. Во тој контекст ќе ги наброиме карактеристиките на втората интифада со оглед на нејзиниот недефиниран статус. Главна карактеристика на втората интифада претставуваат интензивните и бројни самоубиствени напади, кои цивилниот живот во израелското општество го претворија во едно воено поле. Учеството на жените во самоубиствени напади за верски цели првично беше забрането од страна на Хамас (Јафех, 2003). Сепак, овој став се промени во 2002 год. откако шеикот Хасан Јусеф дава изјава со која ги поттикнува жените да извршуваат самоубиствени бомбашки напади.

[567]http://en.wikipedia.org/wiki/Al-Aqsa_Martyrs%27_Brigades
[568]International Journal of Conflict and Violence, Suicide Bombers in Israel:Their Motivations, Characteristics, and Prior Activity in Terrorist Organizations, Revital Sela-Shayovitz, David Yellin College and The Institute of Criminology, Hebrew University of Jerusalem. IJCV : Vol. 1 (2) 2007, стр. 160–168.

Присуството на жени бомбаши самоубијци во вкупниот број на извршени самоубиствени напади се смета дека е приближно околу 24%, што претставува второ место по учеството на женската популација во самоубиствените напади[569](на прво место е Ирак со приближно 25%). Во периодот на интифадата се забележуваат и одредени промени во однос на популацијата која ги извршува самоубиствените напади, имено спектарот на бомбашите самоубијци се движеше од 14-25 год. додека просечната возраст е 20 год. за разлика од претходните студии каде просекот беше 24,5 год. (Pedahzur et al. 2003), исто така во текот на втората интифада забележително е вклучувањето на малолетни лица под 17 год. во извршувањето на самоубиствени бомбашки напади. Социјалната поддршка,[570]како што се јавните собири, постери на бомбашите самоубијци на улиците и финансиската поддршка за семејствата на бомбаши самоубијци, придонесе за колективна перцепција на самоубиствените напади како легитимен чин на национално ослободување во палестинското општество.

Во изминатите две години терористичките активности во Израел најчесто се сведуваа на ракетни и минофрлачки напади (насочени од појасот Газа кон Израел, кои во текот на 2012 год. изнесуваа вкупно 2257 напади)[571]гранични инциденти (21.09.2012 се случи вооружен напад од страна на тројца египетски милитанти врз патрола на израелските безбедносни сили кои обезбедуваа работници на граничната линија помеѓу Израел и Египет)[572]како и поставување на импровизирани експлозивни направи во возила за јавен превоз (21.11.2012 год. беше поставена импровизирана експлозивна направа во преполн автобус, кој се движел во центарот на Тел Авив. Во нападот се повредени 28 цивили од кои тројца посериозно). Во текот на 2013 год. се случија околу 50 напади (ракетни и минофрлачки) според едни извори[573]или (16) минофрлачки и (52)

[569]Jessica Davis (May 16, 2013),,Female Suicide Bombers in Iraq"
http://extremisproject.org/2013/05/female-suicide-bombers-in-iraq/
[570]International Journal of Conflict and Violence, Suicide Bombers in Israel:Their Motivations, Characteristics, and Prior Activity in Terrorist Organizations, Revital Sela-Shayovitz, David Yellin College and The Institute of Criminology, Hebrew University of Jerusalem. IJCV : Vol. 1 (2) 2007, стр. 160–168.
[571]Ban Ki-moon, UN Secretary General (2012-11-21). "Secretary-General's remarks to the Security Council. Tel Aviv. Retrieved 2012-11-22.
[572]Greenberg, Joel (23 September 2012). "Egypt-based Islamist militant group claims responsibility for Israel border attack". The Washington Post. Retrieved 4 October 2012
[573]Kershner, Isabel (Jan. 19, 2014). "Two Are Wounded After Israel Orders Airstrike in Gaza". *The New York Times*. Retrieved 22 January 2014

ракетни напади[574]според други. Истите биле испукани од појасот Газа кон Израел. Во текот на минатата година беше забележано и поставување на импровизирани експлозивни направи во возила за јавен превоз (22.12.2013 год. импровизирана експлозивна направа беше детонирана во автобус во Бат Јам предградие на Тел Авив, во овој инцидент немаше жртви освен материјална штета, бидејќи сомнителната направа била забележана од еден од патниците и извршена е навремена евакуација на останатите патници од автобусот). Овие податоци говорат за отсуството од самоубиствени терористички напади во Израел во изминатиот период. Но со оглед на актуелните состојби во Сирија, Либан и Египет каде што се интензивираат самоубиствените мисии не може да се исклучи можноста од нивна повторна примена во Израел, како рефлексија на присуството на разни терористички елементи и нивни идеологии во тој регион.

[574]Middle Eastern Briefing #39, Gaza and Israel, New Obstacles, New Solutions, by International Crisis Group, 14 July 2014, p4

Области од кои потекнуваат извршители на самоубиствени напади во Израел




Извор: Economic conditions and the quality of suicide terrorism, national bureau of economic research[575]

Забелешка: нумеричките податоци го означуваат бројот на извршители на самоубиствени напади кои потекнуваат од таа област во периодот од 2000-2006 година.

[575] Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor,(2010),,*ECONOMIC CONDITIONS AND THE QUALITY OF SUICIDE TERRORISM*, NATIONAL BUREAU OF ECONOMIC RESEARCH 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138

## Ирак

Првиот самоубиствен напад во Ирак е извршен на 22 март 2003 год. Првичните самоубиствени напади во март 2003 год. биле 100% насочени кон „окупаторските” сили во Ирак (САД и нивните сојузници). Тој процент се намалува на 67% во периодот април-мај и 50% во периодот јули-септември. Во периодот октомври-декември 2003 год. за прв пат бројот на самоубиствени напади во Ирак насочени кон окупаторските сили (само 41%), беше помал од вкупниот број извршени самоубиствени напади во Ирак.[576]Во периодот од февруари 2004 до јуни 2007 год. регистрирани се вкупно 874 самоубиствени напади.[577]Во текот на 2006 год. самоубиствените бомбашки напади во Ирак зачестија, а воедно станаа и посмртоносни откако сунитското малцинство[578] заедно со филијалите на Ал Каеда ги интензивираа нападите против американските сили и нивните сојузници во таа земја. Покрај странската окупација причината за самоубиствените напади беше и доминацијата на шиитите во ирачката влада, институциите за нафта, војската, полицијата како и цивилните институции. Освен тоа, за една нација која немаше историја на самоубиствени напади пред 2003 год. присуството и окупацијата на странски воени сили резултираше со деструктивни тенденции во самото општество[579]односно самоубиствената кампања предизвика целосен колапс на системот и разгорување на секташкото насилство.[580]Од вкупно изведените 874 самоубиствени напади 283 се дело на сунитите додека само еден на шиитите.[581] Големиот број на самоубиствени напади врз владините претставници и ирачките безбедносни сили го рефлектираше ставот на радикалните структури во Ирак, кои сметаа дека ирачката влада е под контрола на САД. Некои од најужасните напади врз ирачките безбедносни сили во текот на 2006 год се

---

[576]Brian M. Kelly,(2008) *„Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq”* University of Pennsylvania, стр. 40-41.
[577]Ibid, стр.10.
[578]60-65% од муслиманите во Ирак се шиити, додека сунитите се застапени со 32-37%.C.I.A., “Iraq,” The C.I.A. World Factbook.http://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/iz.html.
[579]Роџер Мастерс, покрај останатите околности, ги посочува и следниве како причина за ескалација на самоубиствените напади, високиот наталитет во Ирак, нискиот животен стандард, ниското ниво на просечното образование, ниското ниво на инвестиција кај децата.
Roger Masters, “Pre-Emptive War, Iraq, and Suicide Bombers,” *The Forum: Defending Against Terrorism: the Search for Homeland Security* vol. 1, no. 2 (2002):
[580]http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-iraq/suicide-terrorism-iraq-2006-2212.html
[581]Brian M. Kelly,(2008) *„Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq”*University of Pennsylvania, стр.10.

случија во Рамади на 5 јануари каде што загинаа 70 војници, Багдад на 27 март каде што загинаа 40 војници, Бакуба на 11 јуни каде што на армиски контролен пункт загинале 8 војници, Багдад на 13 ноември загинале 35 ирачки регрути.[582]

Паралелно со нападите на безбедносните сили се одвиваа и напади врз цивилни цели како што се пазари, џамии, светилишта, погребни поворки и др. Истите беа одраз на зголеменото ниво на секташко насилство каде што припадниците на сунитското малцинство ги извршуваа во енклави населени со шиити како што се Наџаф (еден од најсветите шиитски храмови), Садр сити (упориште на шиитските паравоени формации под команда на свештеникот Моктада Садр), потоа Махди, Куфа, Кербала, Тал Афар област во Багдад и др.

Анализата на начинот на извршување на самоубиствените напади укажа на два типа есенцијални напади. Употребата на возило за самоубиствен напад доминираше во нападите врз цивили на места каде што фреквенцијата беше голема (пазари и сл.) како и напади врз патролни конвои на безбедносните сили, додека експлозивниот (самоубиствен) појас, прицврстен за телото на бомбашот самоубиец, главно беше употребуван во воените бази и контролните пунктови. Причината за ваквиот начин на практицирање на самоубиствени напади е едноставна, штетата која се предизвикува од автомобил бомба на места кои се преполни со луѓе е многу поголема од таа која се предизвикува со експлозивниот појас, од друга страна пак пристапот до воените бази и контролните пунктови е многу полесен за бомбашите самоубијци со прицврстен експлозивен појас на себе.[583]Од извршените истражувања во врска со американските жртви во Ирак, предизвикани од импровизирани експлозивни направи (вклучени се сите начини на самоубиствени напади како и поставени експлозивни направи во урбани и рурални средини) во 2007 год. констатирано е дека 80% се предизвикани токму од импровизирани експлозивни направи. Во

[582]http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-iraq/suicide-terrorism-iraq-2006-2212.html

[583]Најсмртоносните напади се извршени на отворени јавни места каде што самоубиствените извршители користеле автомобил бомби. Нападот на пазарот во Киркук на 13 јуни кога загинаа 36 лица, нападот во шиитскиот уличен пазар во Багдад на 1 јули каде што загинаа 62 лица, во Садр сиромашен кварт на Багдад на 23 ноември каде што загинаа 160 лица, нападот врз шиитските работници во Багдад на 12 декември каде што загинаа 71 лице. Овие факти се во контраст со самоубиствените напади од претходната 2005 год. кога најголемиот број на напади се извршени против безбедносните сили како што се нападот врз конвој на безбедносните сили на 5 јануари во кој загинаа 21 лице, нападот врз полициско-армискиот регрутен центар на 28 февруари во кој загинаа 125 лица, напад врз полицискиот регрутен центар на 4 мај во кој загинаа 60 лица како и напад врз армискиот регрутен центар на 30 јули во кој загинаа 52 лица. http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-iraq/suicide-terrorism-iraq-2006-2212.html

периодот од 2003 до 2012 год. (заклучно со 6.08.2012 год.) констатирано е дека во 2007 год. најмногу страдале цивили, просекот за таа година била 22 цивили дневно.[584]

Секташкото насилство предизвика голем број на цивилни жртви, се верува дека позади овие напади стојат остатоци од режимот на БААС[585]и странски џихадисти, што пак од друга страна е спротивно на општата перцепција дека самоубиствените напади се модус операнди на радикалните исламски структури. Покрај ова, егзекуцијата на Садам Хусеин дополнително го разгоре секташкото насилство. Очигледна е констатацијата дека конфликтот во Ирак претставува борба за моќ и превласт меѓу малцинството радикални исламисти и мнозинството умерени муслимани. Разгореното насилство помеѓу сунитите и шиитите преставува увертира во граѓанска војна во Ирак, чија крајна цел е земјата да се вовлече во анархија и на тој начин да се стави под контрола на радикалните структури.[586]Исто така карактеристика на самоубиствените бомбашки напади во Ирак претставува и учеството на жените.[587] Терористичките организации, според одредени истражувања (презентирани во 2013 год.), во ирачкиот конфлик во околу 25% од случаите на самоубиствени бомбашки напади употребиле жени како извршители.

Еден од ретките ирачки интелектуалци Мохамед Хафез[588]кој го истражувал конфликтот во Ирак, го презентира следниот став. Според него, припадниците на сунитските организации кои применуваат самоубиствени операции се

[584]www.atimes.com

[585]Арапска социјалистичка партија (БААС) е политичка партија формирана во 1947 год. нејзината идеологија почива на арапскиот национализам, арапскиот социјализам (овој термин е создаден од страна на Мишел Афлак, еден од основачите на БААС, со цел да се направи разлика со марксистичкиот социјализам застапен во источна Европа и источна Азија како и социјалната демократија застапена во западна Европа) и панарабизмот, нејзиното мото е единство, слобода и социјализам. БААС беше владејачка партија во Ирак во 1963 год. (краток период) и од 1968 год до 2003 год. (војната во Ирак). Член на БААС од 1955 год. бил и ирачкиот претседател Садам Хусеин (кој владееше со Ирак во периодот од 1979-2003 год.). Моментално партијата БААС е на власт во Сирија од 1963 год. чиј лидер е актуелниот претседател на Сирија- Башар ал Асад. http://en.wikipedia.org/wiki/Ba%27ath_Party.

Инаку БААС во својата идеолошка матрица ги опфаќала сите арапи без разлика на нивната вероисповед. Мишел Афлак, еден од основачите на партијата БААС, по вероисповед бил арапски христијанин. William Cleveland, *A History of the Modern Middle East* (Boulder: Westview Press, 2000), 316.

[586]http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-iraq/suicide-terrorism-iraq-2006-2212.html

[587] Jessica Davis (May 16, 2013),,Female Suicide Bombers in Iraq" http://extremisproject.org/2013/05/female-suicide-bombers-in-iraq/

[588]Мохамед Хафез е автор на книгите „Самоубиствени бомбашки напади во Ирак: Прелиминарна оценка на квантитативните податоци и документирани докази" и „Бомбаши самоубијци во Ирак". Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*"University of Pennsylvania, стр. 38.

поделени во три групи, првата група се ирачките националисти, втората група се членовите на БААС, додека третата група претставуваат странските џихадисти. Овие три групи ја презентираат следната стратегија на дејствување. Членовите на БААС и странските џихадисти применуваат тактика чија цел е колабрирање на системот додека ирачките националисти се заложуваат за реинтеграција на системот. Иако сите три групи извршуваат самоубиствени напади, Хафез, потенцира дека најголемиот број на извршители на самоубиствени напади потекнува од странските џихадисти[589]воедно нагласува дека членовите на БААС и странските џихадисти преку примената на бомбаши самоубијци сакаат да ги потиснат шиитите од доминација во ирачката влада и да воспостават свој режим. Од друга страна пак, ирачките националисти применуваат самоубиствени напади со цел да ги протераат американските воени сили и нивните сојузници, како и да се интегрираат во новиот ирачки систем. Иако, овие ирачки националистички групи се борат за поголеми права и бенифиции за сунитите во новата ирачка влада, тие сепак не сакаат системот да колабрира. Причините поради која терористичките групи применуваат самоубиствени терористички операции во Ирак, според Хафез, е прво неспособноста да се изборат за своите цели со користење на политички методи и второ неможноста да ги остварат целите со примена на конвенционални воени средства.[590]Во Ирак во текот на 2013 год. се случени најголемиот број на самоубиствени напади во светот извршени за таа година (98 од вкупно 148 самоубиствени напади во целиот свет)[591]при што статистиките укажуваат дека во текот на изминатата година од терористички напади страдале 8955 лица во Ирак.[592]Главна карактеристика на самоубиствените напади во Ирак се религиозните и етнички тензии во земјата, при што фокусот на напад се т.н меки цели односно мета на напад се цивили. Најпогодена заедница во земјата се

[589]Мухамед Хафез ги презентира следните податоци во врска со земјите од каде што потекнуваат бомбашите самоубијци. Од идентификуваните 91 бомбаш самоубиец, процентуално најмногу потекнуваат од Саудиска Арабија (48,3%), потоа Италија (8,9%), Кувајт (7,7%), Сирија (6,6%), Јордан (3,3%), Либија (3,3%), Египет (2,2%), Белгија (2,2%), Франција (2,2%), Шпанија (2,2%), Мароко (1,1%), Турција (1,1%), Британија (1,1%), Либан (1,1%) или Тунис (1,1%). Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*"University of Pennsylvania, стр. 50.

[590]Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*"University of Pennsylvania, стр. 38-81.

[591]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

[592]Iraq 2013:a year of carnage http://iraq2013.rt.com/en.html

шиитите, врз кои се извршени 45% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во изминатата година. Околу 48% од самоубиствените напади се насочени кон владини цели и ирачките безбедносни сили, што посочува на неприфаќање на авторитетот на Ирачката влада како и присуството на разно коруптивно однесување на високи владини функционери. Нестабилната безбедносно-политичка ситуација во Сирија, исто така има свое влијание во Ирак. Терористичката организација Исламска држава во Ирак и Левант или ИСИС (Islamic State of Iraq and the Levant-ISIS), одговорна за најголемиот број на извршени самоубиствени напади во земјата, го шири своето влијание и во Сирија што укажува на проширување на стратешките интереси на оваа терористичка организација како и свое етаблирање на политичката сцена во тој регион. Развојот на настаните Ирак не влева оптимизам во поглед на стабилизација на состојбата. Големиот број на самоубиствени напади и високиот степен на секташко насилство ќе продолжи и во наредниот период, како последица на повеќе околности кои се присутни во ирачкото општество.

## 7.2 Кавкаски регион

### **Чеченија**

Самоубиствените напади во Чеченија започнаа во 2000 год (во текот на првата Чеченска војна 1994-1996 год, не се забележани случаи на самоубиствени напади). Највисоката концентрација на самоубиствени напади во Чеченија се случила во текот на летото 2003 год, по чеченскиот референдум за уставот, претходно поголема концентрација на самоубиствени напади е забележана во текот на летото 2000 год. кога чеченските сепаратисти за самоубиствените напади користеле камиони со експлозив за уништување на воени цели во Чеченија.[593]Чеченските самоубиствени напаѓачи најчесто употребувале руски воени камиони (полни со експлозив), како средство за напад, бомбашот самоубиец го детонирал експлозивот во близина на целта или во самата цел. Вториот најчест метод кој го употребувале чеченските бомбаши самоубијци бил самоубиствениот појас, кој покрај основното полнење, пластичниот експлозив, рачните гранати или ТНТ бил дополнително засилуван

[593]Anne Speckhard and Khapta Ahkmedova, (July–August 2006),,The Making of a Martyr: Chechen SuicideTerrorism", *Studies in Conflict and Terrorism*, Volume 29, Number 5, 3–5, <http://www.annespeckhard.com

со навртки, штрафови, метални ленти, лагери и други топчести метални предмети со цел да се нанесе максимална штета на жртвите. Покрај овие тактики на чеченските самоубиствени оперативци, за самоубиствени напади се употребувале и помали возила како и торби наполнети со експлозив.[594]Во периодот од 2000-2005 год. 50 % од самоубиствените напади во тој регион се случиле во Чеченија, 21% од нападите се случиле во јужните делови на Русија додека 29% се случиле во Москва. Во текот на истиот период 47% од самоубиствените напади во Чеченија биле насочени кон воени и владини цели (лоцирани на цивилни локации), 39% кон руски воени бази, додека 14% се насочени кон владини локации.[595]Во речиси сите случаи извршителите на самоубиствените напади не пројавуваа никакви форми на видео или тонски запис со нивните намери или пак изјави во името на исламот, што укажува дека самоубиствените напади не се од верски карактер и маченииштвото не е нивна примарна мотивација. Во многу случаи основната мотивација, особено кај жените бомбаши самоубијци, претставува одмаздата. Повеќето од извршителите на самоубиствените напади биле жртви на против-терористичките операции кои ги превземала руската армија (доживувале трауми поради загуба на некој близок од семејството-убиство, ранување, мачење и т.н), односно верскиот фундаментализам и склоноста кон самоубиство не ги среќаваме кај овие извршители. Сепак во насока на полесно прифаќање на „маченичката смрт" елементи од религиозен карактер беа имплементирани и кај чеченските самоубиствени извршители, покрај отсуството на „задолжителната" религиозна пропаганда во земјата.

Во речиси 70% од самоубиствените напади во Чеченија учествуваат жени односно во 50% се вклучени исклучиво само жени.[596]Истражувањата во 2013 год. поврзани со учеството на женската популација во извршување на самоубиствени напади на глобално ниво, ни презентираат дека припадничките на понежниот пол од Чеченија учествуваат со 20% (после Ирак и

[594]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007)„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

[595]Anne Speckhard and Khapta Ahkmedova, (July–August 2006)„The Making of a Martyr: Chechen SuicideTerrorism", *Studies in Conflict and Terrorism*, Volume 29, Number 5, 3–5, <http://www.annespeckhard.com

[596]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007)„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC.

Палестина).[597]Како клучни елементи за извршување на самоубиствените напади во Чеченија се сметаат руската бруталност и милитаристичката идеологија на вахабизмот, која се вклопила со традиционалната чеченска традиција и култура. Во овие културни и традиционални елементи се одобрува одмаздата за смртта на некој член од заедницата. Влијанието на радикалната вахабистичка идеологија беше спроведена со присуството на борци од Авганистан, нивните финансии како и едукативниот материјал кој тие го донесоа со себе. Присуството на религиозниот аспект обезбедува кај извршителот на самоубиствениот напад ментално и духовно да се подготви за извршување на актот (да се победи стравот од смртта и носи надеж за иднината), но и покрај присуството на овој верски аспект секогаш како примарен мотив кај извршителите претставуваат политички аспекти и желбата за одмазда.

Споредбата на чеченските извршители на самоубиствени напади со нивните „колеги" од светот (Хезболах во Либан, Тамилски тигри во Шри Ланка, Хамас во Палестина) ни укажува на фактот дека во повеќето култури има силна општествена поддршка за извршителот на самоубиствениот напад, што не случај со Чеченија, видео материјал со самоубиствени напади во Чеченија не се дистрибуираат на Чеченската популација, тој е наменет за надворешна публика и служи за регрутација. Исто така постојат и значителни разлики во користењето на жени бомбаши самоубијци во споредба со останатите делови од светот. Кај терористичките организации Хамас, Тамилски тигри или ПКК жените се користат само по потреба (кога ефектот ќе биде поголем или полесно ќе се дојде до целта) или во случај на крајна нужда, ова не е случај со Чеченија каде што дури и првиот самоубиствен напад во 2000 год беше извршен од страна на две жени.[598]

[597]Jessica Davis (May 16, 2013)„Female Suicide Bombers in Iraq"
http://extremisproject.org/2013/05/female-suicide-bombers-in-iraq/
[598]Anne Speckhard and Khapta Ahkmedova, (July–August 2006)„The Making of a Martyr: Chechen SuicideTerrorism", *Studies in Conflict and Terrorism*, Volume 29, Number 5, стр 11-13, 36-47.
<http://www.annespeckhard.com

Жена бомбаш самоубиец




Извор: *CHECHEN SUICIDE BOMBERS*[599]

Главна карактеристика на самоубиствениот тероризам во Чеченија претставува употребата на жените како извршители на самоубиствени операции, секако најпрочуени се „Црни вдовици". Најчесто црните вдовици се со потекло од Чеченија кои изгубиле некој свој близок во борбите во Чеченија против руските безбедносни сили. Во руските медиуми секој самоубиствен напад од страна на жена, без разлика на нејзиното етничко потекло се нарекува напад на црна вдовица, најчесто поради стравот одредени лица од женски пол и руско потекло да не преминат во ислам и да се приклучат кон терористичките организации. Некои автори црните вдовици ги препознаваат повеќе како еден феномен отколку како организирана група, одредени самоубиствени напади беа извршени од лица кои себеси се нарекуваа „Бригада Црна вдовица". Еден од начините на кои чеченските жени се согласувале на самоубиствени операции бил притисокот од страна на чеченските сепаратисти. Имено, чеченските сепаратисти убедиле многу чеченски вдовици дека претставуваат товар за општеството и загубата на нивниот сопруг била казна за нивните гревови, притоа оставајќи ја опцијата за бомбаш самоубиец како единствен излез од целата ситуација. Исто така биле употребувани и други техники со кои ќе се насочи лицето кон извршување на самоубиствен напад, почнувајќи од употребата на наркотични средства па се до присилното „убедување". Во едно конзервативно општество каде што жената е обесчестена (силувана), неплодна, промискуитетна и сл. таа е исклучена од нејзината традиционална улога на сопруга и мајка, при што може да се соочи со она што го нуди самоубиствениот тероризам, а тоа е еден чесен излез од социјалните проблеми. Според Ана

[599]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

Спекхард[600]мотивацијата кај чеченските жени бомбаши самоубијци е иста со мотивацијата кај нивните машки „колеги" од Чеченија, односно таа се базира на трауматски искуства, тешкото угнетување и милитантна вахабистичка идеологија.

Терористичките организации од Чеченија ги интензивираа самоубиствените напади кон крајот на 2013 год. во јужниот дел од Русија (Волгоград). На 21 октомври 2013 год. во Волгоград жена бомбаш самоубиец[601]го активираше експлозивниот појас во автобус при што 7 лица загинале додека 36 се повредени. На 29 и 30.12.2013 год. се случија уште два самоубиствени напади во Волгоград. Мета на напад беа железничката станица во Волгоград (29.12.2013)[602]каде што загинале 18 лица, додека најмалку 44 биле повредени и самоубиствениот напад во тролејбус (30.12.2013 год.)[603]каде што загинале 16 лица, додека 41 биле повредени. Одговорноста за самоубиствените напади на 29 и 30 12. 2013 год. ги превземаа две терористички организации Шаријат Џамат (Shariat Jamaat–заедница на исламскиот закон или Vilayat Dagestan провинција/област Дагестан), исламска џихадска терористичка организација и Кавкаски емират.[604]Покрај овие терористички напади, припадниците на овие терористички џихадски движења во Чеченија и северен Кавказ активно учествуваат како доброволци во граѓанската војна во Сирија, борејќи се против режимот на актуелниот претседател Асад. Овие активности имаат голема поддршка од Дока Умаров, кој ги поддржува напорите на исламските радикални структури да го воведат шеријатот во Сирија како и повикот за извршување на

[600]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

[601]Извршителот на овој самоубиствен напад е Наида Асијалова. Подоцна на 16.11.2013 год.од страна на руските служби за безбедност е убиен, покрај останати 4 бунтовници и нејзиниот сопруг Димитри Соколов, кој по преминувањето во ислам го променил своето име во Абдул Џабар.

[602]Како извршители на нападот се спомнуваат две лица. Според едни извори како извршител се спомнува Оксана Асланова-црна вдовица (Consecutive Volgograd suicide bombing kills at least 15 RT. 30 December 2013). Додека според други ивори самоубиствениот напад е извршен од страна на Павел Печенкин, етнички русин кој по преминување на ислам го променил своето име во Ар Руси. (Ragozin, Leonid (29 December 2013). "Volgograd train station rocked by suicide bombing". *The Guardian.*

[603]Според одредени извори ивршител на самоубиствениот нападот е маж (Volgograd blasts: New deadly explosion hits Russian city". BBC News. 30 December 2013. Retrieved 30 December 2013).

[604]Кавкаски емират самопрогласен виртуелен емират во Русија. Како терористичка организација е формиран на 31.10.2007 год. чиј лидер е Дока Умаров (исто така познат и како лидер на Ријад ус-салихин маченички бригади, односно го наследува Шамил Басаев како бунтовнички чеченски лидер). Кавкаски емират е спаратистичка терористичка организација која застапува исламска фундаменталистичка идеологија и примената на шеријатот.

самоубиствени напади на Зимските олимписки игри во Сочи 2014 год. (во јули 2013 год. на видео запис во кој Дока Умаров повикува на изведување на напади во Сочи за време на одржувањето на Зимските олимписки игри).[605]Терористичките организации во овој регион и понатаму ќе применуваат самоубиствени напади бидејќи на тој начин можат единствено да се етаблираат на политичката сцена во овој дел од светот. Присуството на конфликти во соседството само го олеснува патот за регрутација и продлабочување на кризата во сите домени на општеството кои влијаат во продуцирањето на плодна почва за егзистирање на самоубистевниот тероризам.

### 7.3 Централна Азија

**Авганистан**

Конфликтот е фактор кој е постојано присутен во последните три децении во историјата на Авганистан, но сепак самоубиствените напади во земјата не беа забележани, авганистанските муџахедини (борци за слобода) не ја користеа оваа тактика против руските сили или талибанците и северната алијанса (главен противник на талибанското движење во Авганистан во периодот 1996-2001 год.) во меѓусебните борби. Првиот самоубиствен напад во Авганистан[606]е извршен во 2002 год. потоа следат два самоубиствени напади во 2003 и шест во 2004 год.[607]Според статистичките податоци во текот на 2006 год. (до средината на месец јуни) имало извршено 47 самоубиствени бомбашки напади,[608]додека до крајот на годината се случиле вкупно 118 самоубиствени напади,[609]наредната година до средината на месец јуни бројките се искачуваат на 57 самоубиствени напади. Еден од најсмртоносните напади во тој период е

---

[605] http://www.rferl.org/content/sochi-olympics-terrorism-umarov/25035408.html

[606]Во литературата како прв самоубиствен напад во Авганистан се наведува атентатот врз командантот на Северната алијанса, Ахмад Шах Масуд, извршен на 9.09.2001 год. (два дена пред нападите на С.Т.Ц. во Њујорк 11/9), од страна на двајца арапски оперативци на Ал Каеда (преправени како новинари исцениралe интервју со командантот на северната Алијанса и на тој начин од непосредна близина го извршиле самоубиствениот напад/атентат).
Suicide Attacks in Afghanistan (2001-2007) 1September, 2007-United Nations Assistance Mission to Afghanistan стр 15.

[607]Hekmat Karzai (April 2007) Strategic and Operational Measures to Curb the Growing Threat of Suicide Terrorism in Afghanistan, -Hekmat Karzai is Director of the Centre for Peace and Conflict Studies, Kabul.
http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ord588=grp1&q51=Suicide&id=31076

[608]http://www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".

[609]Hekmat Karzai (April 2007) Strategic and Operational Measures to Curb the Growing Threat of Suicide Terrorism in Afghanistan, -Hekmat Karzai is Director of the Centre for Peace and Conflict Studies, Kabul.

убиството на 35 авганистански полицајци од страна на еден бомбаш самоубиец.[610]Во периодот од 27.01.2004 до 29.09.2007 год. извршени се 206 самоубиствени напади.[611]Анализите на извршените самоубиствени напади во периодот 2005-2007 год. укажуваат на следните факти. Во 43% од самоубиствените напади извршени во текот на 2006 год. и во 26 од вкупно 56 случаи (анализирани до 15 јуни 2007 год. во една студија од страна на Брајан Г. Вилијамс)[612]жртви на самоубиствените напади се единствено бомбашите самоубијци. Сето ова укажува дека неверојатни 90 бомбаши самоубијци, во текот на 2006 год. заклучно со 15.06.2007 год. се единствени жртви од извршените самоубиствени напади. Во пролетта 2006 год. (во периодот од 20.02-21.06.2006 год), 26 од вкупно 36 бомбаши самоубијци во Авганистан или (72%), завршиле како единствени жртви на сопствените напади. Овој процент на ефикасност ги става на самото дно авганистанските бомбаши самоубијци за разлика од останатите нивни „истомисленици" во Израел, Чеченија, Ирак и Турција. Дел од причините од ваквиот сооднос на ефикасноста на самоубиствените напади се наоѓа во самата култура на Авганистан. Паштуните[613]на пример ја величат боречката храброст и одмаздата, со самото тоа тие се склони на уништување на воените цели стационирани во нивната земја отколку на непотребните цивилни жртви, како што е случајот со Ирак. Во ретки случаи каде имаме големиот број цивилни жртви во Авганистан, како извршители се појавуваа арапски самоубијци, дел од мрежата на Ал Каеда.[614]До истата констатација, во врска со величењето на боречката храброст во Авганистан и присуството на странски извршители на самоубиствени напади,

[610]http://www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".
[611]Brian M. Kelly,(2008) „*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of Suicide Terrorism in Iraq*"University of Pennsylvania, стр 9.
[612]http://www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".
[613]Најбројна етничка заедница во Авганистан (42% од вкупниот број на жители во Авганистан кој брои 31.108.077 според податоците во 2013 год.) https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/af.html се проценува дека се околу 36 милиони од кои 22.300.000 се во Пакистан, а 13.400.000 во Авганистан. http://sr.wikipedia.org/wiki/.
[614]Бомбашот самоубиец кој уби дваесет луѓе во џамија во Кандахар бил арап, бомбашот самоубиец во Спин Болдак во 2006 год. кој уби 26 цивили се смета дека е арап. Исто така еден од лидерите на Ал Каеда-Абу Леит ал Либи е обвинет дека стои зад самоубиствените напади во Баграм, за време на посетата на потпретседателот на САД-Дик Чејни, во кој загинаа 22 цивили. http://www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".

наоѓаме во истражувањето за „Чеченските бомбаши самоубијци"[615]каде што е извршена компарација на чеченските и авганистанските бомбаши самоубијци. Членови на Авганистанската полиција, Владата и Националниот директорат за безбедност кои биле интервјуирани за потребите на едно истражување во врска со самоубиствен тероризам, го посочиле профилот на луѓето кои се регрутираат за извршување на самоубиствени мисии како главна причина за неуспехот на истите. Авганистанските официјални претставници посочија дека главно се регрутираат лица од пониската класа, истите најчесто се заведени, подмитени, изманипулирани, излажани или присилени да извршат самоубиствен напад. Исто така има случаи, кога се регрутираат лица кои се со нарушено здравје, ментална попреченост, лица со ампутирани екстремитети, слепи лица, како и лица под дејство на наркотици. Во Авганистан, се соочуваме со фактот дека се регрутираат и деца, случајот со шест годишно момче[616]кое ги фрапираше локалните жители со начинот на кој истото беше изманипулирано од страна на талибанците. Вообичаено се регрутираат деца на возраст од 11-14 год. регрутацијата се врши во верски училишта најчесто без знаење на нивните родители, но секако остануваат отворени и други начини на регрутација како што е на пример „данокот на маченииштво".[617]Според изјавите на портпаролот на талибанците, Мохамад Ханиф, во почетокот на 2006 год. имало околу 250 фидаини подготвени да извршат самоубиствен напад, при тоа додал дека нивниот број секојдневно се зголемува. Два месеци подоцна еден талибански командант Мула Разајар Норзаи изјавил дека неговата организација подготвила околу 600 бомбаши самоубијци, кои се подготвени да се борат против коалициските сили во Авганистан. До крајот на 2006 год. бомбашите

---

[615]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007)„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC стр.529-531.

[616]Шест годишно момче се доближило до еден контролен пункт на авганистанските безбедносни сили и им кажало дека на себе имало самоубиствен елек, поставен од талибанците, кои му кажале да се доближи до еден американски безбедносен пункт и да го притисне копчето по што ќе се „разлетале цвеќиња". Брзото размислување на момчето го спасило од сигурна смрт. http://www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".

[617]Еден од начините на регрутација е и „исплаќање на маченици" или „данок на маченииштво" каде што талибанците одземале по едно машко дете од авганистанските фамилии, во руралните средини, и истото подоцна станувало бомбаш самоубиец. Извештаите за ваквите регрутации пристигнуваат од провинциите Коуст, Пактика и Пактиа, во источниот дел на Авганистан (на границата со Пакистан). //www.atimes.com/ Brian Glyn Williams „*The world's worst suicide bombers*".

самоубијци предизвикаа смрт на повеќе од 200 луѓе во Авганистан.[618] Во податоците кои ги наведува Хекмат Карзаи, директор на Центарот за мир и конфликтни студии во Кабул (Авганистан), се вели дека постојат две групи кои извршуваат самоубиствени напади. Првата група на извршители се мажи со странско потекло кои се под влијание на глобалниот идеолошки џихад за борба против западот, посебно САД. Тие го перцепираат Авганистан како втор фронт за џихад против западот (првиот е Ирак), кој им дава можност да со соочат со непријателот во битка. Овие поединци се длабоко инспирирано од одредени радикални свештеници како и од талибанците, кои постојано нагласуваат на интернет страните (каде што претежно се потенцира џихадот) изјави како што се „Авганистан е окупиран од страна на крстоносците и лична обврска на секој муслиман е да се бори против нив". На тој начин охрабрени и мотивирани, тие пристигаат во Авганистан со крајна цел да го достигнат заслужениот маченички статус, а воедно и да претставуваа пример за останатата муслиманска заедница во светот. Најчесто доаѓаат од Пакистан, Саудиска Арабија и Чеченија. Втората, помала група на извршители на самоубиствени напади произлегува од Авганистан. Со оглед дека во културата на авганистанскиот народ, како што и претходно споменавме самоубиствените напади не се прифатени, не треба да го игнорираме фактот дека авганистанската култура не е веќе изолирана како во минатото. Во еден период четвртина од авганистанската популација станале бегалци и одреден дел од таа популација бил присутен во пакистанските медреси, каде што биле радикализирани и задоени со екстремистички идеологии. Обуката во овие медреси и понатаму е присутна што го потврдува и сознанието за континуираниот прилив на бомбаши самоубијци од тие локации. Лесниот пристап до видео материјали и друга пропагандна содржина овозможува овие екстремистички идеи рапидно да се зголемуваат. Клучот на сето ова е изложеноста на Авганистанската популација со Ал Каеда, која ја шири својата екстремистичка идеологија на разни групи. Во периодот кога Авганистан беше под контрола на талибанското движење (од јуни 1996 год. до ноември 2001 год.), Ал Каеда и талибанците воспоставија еден „брак од интерес" во кој со поддршка на Ал Каеда беа обучени многу талибански кадри.

[618]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),„*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

По трансформацијата на талибанските сили од конвенционални во бунтовнички, целта беше јасна.[619]Во други извори поврзани со самоубиствениот тероризам во Авганистан се вели дека вообичаено самоубиствените напади се препишуваат на талибанското движење во Авганистан, истите се применуваат поради неможноста на друг начин да се спротивстават на САД и НАТО (ИСАФ) силите во Авганистан. Второ нивната примена, иако има ограничен успех, таа сепак ја зајакнува и зголемува решителноста на талибанците дека повторно ќе ја превземат власта во Авганистан. Секако дека со самоубиствените напади талибанците сакаат да го интензивираат бунтот и да го уништат процесот на реконструкција на државата со отфрлање на потенцијалните инвеститори. Ова е важен момент за „преживување" и стабилноста на Авганистан, бидејќи земјата 90% од своите приходи ги добива преку донации. Трето, примената на самоубиствените мисии придонесуваат за зголемувањето на скептицизмот и стравот кај земјите кои учествуваат со свои војници во ИСАФ силите. Неподготвеноста на Холандската влада да испрати војници во Урузган произлегуваше од самоубиствените напади како и нападите со импровизирани експлозивни направи од страна на талибанците, подоцна се согласиле и испратиле 1400 војници со што ја превземале одговорноста на провинцискиот тим за реконструкција со седиште во Тарин Кот, кој е под контрола на силите на САД.[620]Слични ставови во врска со примената на самоубиствените напади има и Хекмат Карзаи. Според него, самоубиствените бомбашки напади се поефикасни за разлика од примената на други тактики на војување во борбите против авганистанските и коалициските сили. Овој заклучок се базира на успехот на терористичките организации кои ја применуваа оваа тактика како што се Хамас (Палестина), Хезболах (Либан), ЛТТЕ (Шри Ланка) и разни групи кои оперираат во Ирак. Самоубиствените напади овозможуваат да се постигнат максимални ефекти со минимални ресурси. Анализите укажуваат дека доколку бунтовниците (талибанци, Ал Каеда) во Авганистан би се спротивставиле на САД и нивните сојузници во директен судир, штетата за САД и сојузниците би била 5%, со самоубиствените напади можноста за убиство на луѓе се зголемува

---

[619]Hekmat Karzai (April 2007) Strategic and Operational Measures to Curb the Growing Threat of Suicide Terrorism in Afghanistan, -Hekmat Karzai is Director of the Centre for Peace and Conflict Studies, Kabul.
http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ord588=grp1&q51=Suicide&id=31076
[620]http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-afghanistan/suicide-terrorism-in-afghanistan-talibans-new-game-plan-1942.html

повеќекратно. Второ, талибанците и Ал Каеда веруваат дека самоубиствените напади всадуваат страв во срцата на луѓето, при што луѓето веруваат дека владата не може да ги заштити и на тој начин дополнително се дестабилизира институциите на системот и локалната власт. Како резулатат на тоа, јазот помеѓу владата и населението дополнително се шири. Трето, талибанците и Ал Каеда станаа стручни и вршат обука на пошироката џихадска заедница. Милитантите се здобија со големо знаење со примената на самоубиствените тактики во Авганистан и истите почна да го испорачува на разни начини преку директна комуникација, интернет и др. Исто така, со помош на Ал Каеда, се регрутираа нови извршители на самоубиствени напади во медресите во Пакистан со што се овозможи постојан прилив на бомбаши самоубијци. Четврто, самоубиствените напади претставуваат многу ефикасна тактика за изведување на атентати особено кога има значително обезбедување околу целта. Од 2006 год. талибанците и Ал Каеда се почесто почнаа да ги користат самоубиствените напаѓачи како атентатори на важни личности (ВИП личности), како што се атентатот врз Хаким Танивал-гувернерот на провинцијата Пактиа, Мохамед Дауд-поранешниот гувернер на провинцијата Хелманд, Пача Кан Задран-член на авганистанскиот парламент. Најважно, самоубиствените напади овозможуваат ,,видливо" присуство на талибанците и нивните сојузници кога герилските напади нема да генерираат таков впечаток. Со оглед на високата стапка на жртви како и самата природа на нападот, секој самоубиствен напад посочен во медиумите има за цел да допринесе за нивната кауза.[621]За разлика од Палестина и Ирак, самоубиствените напади немаат масовна поддршка во Авганистан односно талибанците немаа успех во воздигнувањето на бомбашите самоубијци на ниво на ,,маченици" или ,,борци за слобода". Дури во одредени делови на Авганистан како што се Херат, Газни, Кандахар и Спин Болдак имаше собири на кои се осудија самоубиствените напади, на овој начин општата популација во земјата укажа дека не се идентификува со идеолошките и религиозните убедувања на бомбашите самоубијци.[622]Секташкото насилство е присутно и на овие простори, шиитската заедница претставува 20% од вкупната

[621]Hekmat Karzai (April 2007) Strategic and Operational Measures to Curb the Growing Threat of Suicide Terrorism in Afghanistan, -Hekmat Karzai is Director of the Centre for Peace and Conflict Studies, Kabul.
http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ord588=grp1&q51=Suicide&id=31076
[622] http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-afghanistan/suicide-terrorism-in-afghanistan-talibans-new-game-plan-1942.html

популација на Авганистан[623] и истата е цел на напад од страна на талибанското движење. Во периодот од 1994-2001 год. талибанците убиваа припадници на шиитската заедница, додека истовремено ги промовираа и штитеа сунитските светилишта и организации. Припадници на талибанското движење, кои имаа блиски релации со пакистанското општество, активно се вклучиле во судирите помеѓу припадниците на сунитската заедница (Орказаи) и шиитската заедница (Бангаш) во Парачинар (област во Авганистан) и Хангу (област во Пакистан) во септември 1996 год. и март 1998 год. Епилогот е повеќе од 300 загинати лица.[624] Исто така во 1998 год. талибанците извршиле напад на градот Мазар и Шариф[625] во кој настрадале од 5000 до 6000 цивили, припадници на Харарас (шиитски муслимани), во овој нападот настрадале и 10 ирански дипломати и разузнавачи во иранскиот конзулат.

Анти-владини елементи и цивилни жртви во Авганистан според начинот на извршување во периодот од јануари 2009 до јуни 2012 год.




Извор: http://www.ohchr.org [626]

Анти-владините елементи во Авганистан најчесто употребуваа импровизирани експлозивни направи во борбата против владините сили, при што во нападите страдаа голем број на цивили. Во 2009 год. бројот на цивилни жртви од овој тип на напад изнесуваше 260, во 2010 год. 378, во 2011 год. 444, додека до јуни 2012 год. 327. Потоа следуваат самоубиствените напади кои се причина за смртта на 152 цивили во 2009 година, во 2010 год. (182), во 2011 год. (276) и до јуни 2012

[623] http://www.c3sindia.org/pakistan/3400
[624] http://strategicstudyindia.blogspot.com/2013/01/sectarian-violence-and-terrorism-in.html
[625] http://www.c3sindia.org/pakistan/3400
[626] http://www.ohchr.org AFGHANISTAN MID-YEAR REPORT 2012 PROTECTION OF CIVILIANS IN ARMED CONFLICT

год. (175). Целните убиства[627]како тактика на анти-владините елементи, предизвикаа 94 цивилни жртви во 2009 година, во 2010 год. (181), во 2011 год. (190), додека до јуни 2012 год. (255).

Податоците за 2013 год. говорат дека во Авганистан се случиле вкупно 65 самоубиствени напади, што претставува бројка која не се разликува многу од претходната година.[628]Најголемиот број на самоубиствени напади во изминатата 2013 год. (околу 59%), се случиле кон воено-полициските сили и кон лица кои се сметаат за соработници на владата на Авганистан. Според извештајот на Обединетите нации бројот на цивилни жртви изнесува 8615 лица во текот на 2013 год.[629](2959 убиени и 5656 повредени од кои 1756 од жртвите се деца) што претставува зголемување за 14%, додека бројот на повредени лица е зголемен за 17% во однос на претходната 2012 год. Обединетите нации ги посочуваат следните податоци во врска со причините за цивилните жртви. Имено околу три четвртини (74%) од цивилните жртви се резултата на дејствувањето на анти-владините сили (талибанците и нивните сојузници), 11% отпаѓаат на про-владините сили (8% авганистанските безбедносни сили и 3% на меѓународните сили) и 10% од меѓусебниот ангажман на анти-владините и про-владините сили.[630]Состојбата во Авганистан не влева надеж во поглед на стабилизирање на оваа земја. Најавеното повлекување на меѓународните сили очигледно претставува добар сигнал за анти-владините елементи да ги насочат самоубиствените напади кон безбедносните сили на Авганистан и претставници на владата на оваа земја. Нападите кон неконсолидираниот безбедносен систем на Авганистан, во овој момент може да се протолкува како намера за превземање на контрола на одредени делови од земјата од страна на анти-владините елементи или во најмала рака се оди кон етаблирање на истите како политички фактор кој мора да се земе во предвид. Зголемениот број на цивилни жртви во „предвечерието" на најавеното повлекувањето на меѓународните сили од Авганистан, како и извршувањето на разни терористички активности на

[627]Под целни убиства се подразбира ликвидирање на владини претставници, лидери на одредена заедница како и цивили, за кои се смета дека се поддржувачи на владата и владините безбедносни сили.
[628]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[629]http://www.csmonitor.com/World/Latest-News-Wires/2014/0208/Afghanistan-UN-reports-increased-civilian-casualties-in-2013 и http://www.cfr.org/afghanistan/taliban-afghanistan/p10551
[630] http://www.thenation.com/blog/178290/afghanistan-civilian-deaths-were-7-percent-2013-says-un#

места „ранливи од напад", во кои страдаа голем број на цивилни жртви (во својот дом, патувањето до училиште, извршување на работните обврски или општествен настан), одат во прилог на горенаведената констатација.

## 7.4 Јужна Азија

### Пакистан

Почетоците на самоубиствените терористички инциденти во Пакистан се сметаат во 2002 год. каде што цел биле странците, додека извршители на самоубиствените напади биле лица со арапско потекло. Во литературата се сретнува и податокот за еден изолиран самоубиствен напад, извршен во оваа земја во 1995 год.[631]но сепак 2002 год. се смета како пресвртница во поглед на самоубиствените терористички инциденти. Од првичните самоубиствени напади во 2002 год. до 2006 год. се случиле најмалку 25 инциденти вклучувајќи ги и двата самоубиствени напади врз највисоките државни функционери на Пакистан, претседателот на државата во тој период Первез Мушараф и премиерот Шаукат Азиз.[632]Во други извори се наведува дека во периодот од 2002 до 2008 год. во Пакистан се случиле 140 самоубиствени напади, во кои имало 1700 жртви.[633]Во секој случај, постои голем скок во поглед на извршување на самоубиствени напади и нивно понатамошно егзистирање на пакистанската почва. Еден настан во земјата изврши силно влијание врз радикалните исламски структури, а тоа е опсадата на џамијата Лал Масџид во јули 2007 год.[634]Случувањата таму одиграа голема улога во радикализација на

[631]На 19.11.1995 год. од страна на терористичката организација Гама ал Исламија (Египет) извршен е самоубиствен напад врз египетската амбасада во Пакистан. Во нападот загинале околу 17 лица додека околу 60 се повредени. http://cpost.uchicago.edu/

[632]Ahmad Ishaque Jehangir (April, 2013),„Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan

[633]Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 2 www.ipcs.org

[634]Од 3-11 јули 2007 год. траела опсадата на џамијата Лал Масџид (црвена џамија- името го добила поради црвената боја на ѕидовите на џамијата односно нејзината внатрешност), операцијата го носела кодното име- Operation Sunrise. Причина за операцијата биле исламски фундаментални милитанти кои претходно биле вклучени во насилни демонстрации, уништување на имот, киднапирања, поднетнување на пожари и вооружен судир со властите. Откако милитантите подметнале пожар во зградата на министерството за животна средина на Пакистан и ги нападнале пакистанските ренџери кои ја обезбедувале зградата, се забарикадирале во џамијата Лал Масџид (џамијата се наоѓа во близина на седиштето на Пакистанската разузнавачка служба позната како Inter-Services Intelligence-ISI) при што од страна на безбедносните сили на Пакистан започнала опсадата на џамијата. Откако пропаднале преговорите епилогот бил превземање на џамијата од страна на безбедносните сили на Пакистан при што загинале 154 лица додека 50 милитанти биле заробени.

исламските екстремисти, односно тој настан од нивна страна се смета како „црвена линија" која државата не смеела да ја премине бидејќи џамијата одиграла голема улога во регрутирањето (со „благослов" на разузнавачката служба на Пакистан) на муџахедини за војната во Авганистан, во 80-те години на минатиот век. Откако заврши опсадата на џамијата Лал Масџид во периодот што следел се случувале по еден самоубиствен напад на секои 5-6 дена, при што главни цели за напад биле воените и државните службеници. Повеќе од 500 припадници на безбедносните сили на Пакистан загинале во наредните 13 месеци од настанот во Лал Масџид, за разлика од 79 загинати во периодот од јули 2006 до јули 2007 год. односно безбедносните сили на Пакистан се цел на напад во повеќе од 60 % од сите случаи.[635] Еден од најкрвавите самоубиствени напади се случил на 27 декември 2007 год кога загинал поранешниот премиер на Пакистан и претседател на најголемата политичка партија во земјата Беназир Буто, во нападот покрај Беназир Буто загинале уште 140 лица.

Според Миа Блум, самоубиствените напади во Пакистан се резултат на неуспехот на конвенционалните средства од страна на бунтовниците во борбата против безбедносните сили на Пакистан, настаните во Лал Масџид во 2007 год. претставуваат втора фаза во конфликтот. Во Пакистан, владините сили се борат против неколку вооружени групи кои имаат под своја контрола цели области (квартови) во племенските подрачја под федерална управа во земјата, што укажува на одредени симптоми на граѓанска војна. Оваа хипотеза е артикулирана од Масуд Шариф Кан Катак, поранешен разузнавачки офицер и генерален директор на бирото за разузнавање на Пакистан. Според трите критериуми на Феарон и Лаитин[636] за еден конфликт да се оквалификува како граѓанска војна, потребно е да имаме постоење на де факто војна помеѓу недржавни актери и владините сили, второ, бројката на загинати да биде повеќе од 1000 лица и најмалку 100 смртни случаи годишно и трето секоја страна на конфликтот треба биде погодена со минимум 100 убиени лица. Само во септември 2008 год. од самоубиствени напади бројот на загинати припадници на безбедносните сили изнесуваше 159 лица, додека во текот на цела 2008 год.

---

http://en.wikipedia.org/wiki/2007_Lal_Masjid_siege

[635] Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 2-3 www.ipcs.org

[636] James Fearon and David Laitin. 2003. "Ethnicity, Insurgeny and Civil War." *APSR*, Vol.97, n°1. February: 75-90.

бројот на загинати припадници на безбедносните сили изнесуваше 654 лица. Од спротивната страна, бројот на загинати бунтовници за 2008 год. изнесувал 3906 лица, додека 2155 цивилни лица го загубиле животот. Во 2009 год. до 26 јуни бројот на загинати припадници на безбедносните сили изнесувал 520 лица, загинати бунтовници 3938 лица, додека бројот на загинати цивили изнесувал 1222 лица.[637]Ендемското насилство во Пакистан може да влезе во таа квалификација односно да се смета за граѓанска војна.

Самоубиствените напади во Пакистан се насочени против три цели: државата, присуството на САД и религиозно-секташките противници, како што е терористичката организација Сипах-е-Шахаба Пакистан-ССП (Sipah-e-Sahaba Pakistan –SSP) која е анти-шиитски настроена. Нападите географски се шират низ целата земја, при што „олеснителна" околност претставува порозноста на границите и недостатокот на ефикасна полициска контрола во рамките на одредени провинции. Повеќето од самоубиствените напади во периодот од 2002-2008 год. (41%) се случиле во северозападните гранични провинции (СЗГП или Хајбер Пахтунва), потоа следи Пенџаб (21%) и племенски подрачја под федерална управа-ФАТА (19%). Исто така, загрижува ширењето на нападите во други области, на пример во јуни 2009 год. терористичката организација ТТП (Tehrik-i-Taliban Pakistan-TTP, Студентско движење на Пакистан или ТТП) го врши својот прв самоубиствен напад во Азад Кашмир.[638]Според податоците на ПИПС (Институт за мировни студии од Пакистан), во 2009 год. 3021 лице го загуби животот од самоубиствени напади во Пакистан, 33% повеќе отколку во 2008 год. Наредната 2010 год. до 1 јули 3719 лица го загубија животот додека 9464 лица се повредени во извршени 257 самоубиствени напади во Пакистан.[639]Уште еден податок е загрижувачки во врска со самоубиствените напад, а тоа е учеството на помладата популација во истите. Повеќе од 40% од населението на Пакистан е на возраст под 14 години, при што употребата на тинејџери во извршувањето на самоубиствени операции е во пораст во

[637]Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 4. www.ipcs.org

[638]Прв лидер е Бејтула Мехсуд кој загинал на 5.08.2009 год во напад со беспилотно летало. ТТП е слично на авганистанските талибанци со таа разлика што ТТП е „надлежно" за Пакистан. Во јуни 2009 год. го извршиле својот прв самоубиствен напад во Азад Кашмир во кој двајца војници го загубија животот додека тројца биле повредени. Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", стр. 3-4. www.ipcs.org

[639]Akbar Nasir Khan (December 2010) Strategic Response to Suicide Terrorism in Pakistan, SAN Analysis, PAK INSTITUTE FOR PEACE STUDIES http://www.san-ips.com/download.php?f=66.pdf

изминатиот период. Почнувајќи од јули 2007 год. пред нападите во Лал Масџид, старосната граница на регрутираните доброволци за смрт или „маченици" се движела од 18 до 24 години. Во полицискиот извештај се вели дека бомбашот самоубиец кој го активирал експлозивот на себе во медресата на муфтијата Наеми, бил на возраст од 16-17 год. и имал желба да биде студент. Постојат повеќе причини за тенденцијата на концептот на „истишхад" да се регрутираат млади личности. Една од нив е веројатноста дека момчето или девојчето се немажени, односно немаат формирано свое семејство, од овој аспект милитантната група не мора да исплати финансиски надоместок на семејството на маченикот. Освен тоа, помлад регрут помало сомневање околу него. Адолесцентите се покажаа како најдобар начин на извршување на самоубиствени напади, при што на талибанското движење во Пакистан му овозможија незабележително приближување до целта како и прикривање на терористичките активности. Во 2012 год. се случи промена во однос на целите на напад, односно од напад на цивилни (меки цели), безбедносни контролни точки и слично, исламските радикалисти преминаа на самоубиствени напади на добро обезбедени цели (нападот на Мехран-морнарската воздушна база и затворот Бану). Во нападите е зголемена употребата на импровизирани експлозивни направи-ИЕН, како и употребата на возила како средство за напад. Одредени активности кои ги превземаа безбедносните сили (меѓу кои и напади со беспилотни летала), каде што беа ликвидирани одредени терористички лидери, успешно детектирање и отстранување на ИЕН, превземање на соодветни мерки за детектирање на самоубиствен елек (кој најчесто го носат бомбашите самоуибијци) ги редуцираа самоубиствените напади, но сепак не може да се каже дека пакистанската влада е на пат да ги сузбие радикалните исламски структури.[640]Пакистан се наоѓа на второ место, после Ирак, како држава која се соочува со екстремно внатрешно насилство и хаос.[641]Во 2012 год. бројот на цивилните жртви се искачи на 3007 лица од кои најголемиот дел се

[640]Ahmad Ishaque Jehangir (April, 2013)„Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan

[641]Пакистан е претежно земјоделска земја во која околу 64% од популацијата гравитира во рурални области и се поврзани со професии базирани на аграрната економија. Процентуално 22,3% од населението живее под границата на сиромаштија (податок од Светската банка), Вклучувајќи ги проблемите за неписменоста и сиромаштијата Пакистан претставуваше добра подлога за развој на милитантноста и тероризмот во земјата.
Ahmad Ishaque Jehangir (April, 2013)„Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan

случија во провинцијата Синд (претежно во Карачи) 44%, потоа следи Балучистан со 23 %, ФАТА со 18% и провинцијата Хајбер Пахтунва (КРК) со 12%. Покрај тоа, нападите со беспилотните летала резултираа со смртта на 344 лица во таа година. Во првите два месеца од 2013 год. во терористички инциденти загинаа повеќе од 612 лица (Крепон и Томпсон, 2013), што укажува на трендот на ширење на насилството и тероризмот во целата земја, посебно погодена со насилство е шиитската заедница во Карачи и Кета.[642] Според Институтот за национални безбедносни студии (INSS) од Израел, во текот на 2013 год. во Пакистан се извршени вкупно 35 самоубиствени напади.[643] Најголемиот процент на самоубиствени напади (59%) биле насочени кон безбедносните сили и владини цели. Според други извори, во Пакистан во текот на 2013 год. се извршени 47 самоубиствени напади во кои животот го загубиле 710 лица, што претставува најсмртоносна година од 2010 год. наваму.[644] Бројот на самоубиствени напади против пакистанските ренџери и граничниот корпус на Пакистан (дел од Пакистанските безбедносни сили) е зголемен двојно, од извршени 4 самоубиствени напади во 2012 год. на 8 самоубиствени напади во текот на 2013 год. Статистиките за 2013 год. говорат за подобрената способност на терористичките организации за спроведување на самоубиствени мисии врз одредена цел, како што се високи државни функционери, лидери на политички партии, полициски функционери и др. Најголемиот број на самоубиствени напади во земјата (47%), минатата година, се случиле во провинцијата Хајбер Пахтунва (КРК), каде што се извршени вкупно 22 самоубиствени напади (слично како и периодот 2002-2008 год. кога се случиле 41% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во земјата), во кои загинале 249 цивили, 40 припадници на безбедносните сили на Пакистан и 55 милитанти (билансот на повредени бил 656 лица, од кои 608 цивили, 42 припадници на безбедносните сили и шест милитанти).[645] Овие податоци говорат за зголемената терористичка активност во оваа провинција за 27% во однос на 2012 год. додека бројот на смртни случаи бележи пораст од 79% и бројот на повредени за 76%. Причините поради оваа состојба во

[642] Ahmad Ishaque Jehangir (April, 2013),,Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan
[643] The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[644] http://www.thenews.com.pk/Todays-News-13-27631-710-lost-lives-to-suicide-bombers-in-2013
[645] Ibid.

провинцијата Хајбер Пахтунва можеме да ја разгледаме од повеќе аспекти. Од аспект на географска положба, таа граничи со Авганистан (голем дел од оваа провинција во минатото припаѓале на Авганистан, при што се нарекува и Источен Авганистан или Паштунистан), друг аспект претставува нестабилната област Азад Кашмир, во која најголемиот дел од населението го сочинуваат етничката група Паштуни (сочинуваат две третини од целокупното населението во областа) и трет аспект претставува присуството на голем број на бегалци, податокот дека во неа има околу 1,5 милиони бегалци од Авганистан со што станува јасна сликата за милитантната активност. Зголемениот број на самоубиствените напади во Пакистан се забележува секогаш кога има успешни акции на безбедносните сили против милитантите. Во 2009 год. безбедносните сили на Пакистан спроведоа успешни акции против теористичките организации во областите Сват и Јужен Вазиристан, што за последица имаше зголемен број на самоубиствени напади. Во периодот 2007-2013 год. се забележува осцилација во поглед на жртвите од примената на самоубиствените напади. Имено во периодот 2007-2009 год. имаше зголемен број на жртви од примената на самоубиствените напади, па потоа следеше период на намалување (2010-2012 год.) за во 2013 год. повторно се забележува трендот на зголемување на истите параметри.

Генерално во Пакистан можеме да заклучиме, дека нападите од страна на терористичките организации кои оперираат во Пакистан, врз претставниците на владата на Пакистан како и безбедносните сили, бележи тенденција на пораст (во 2013 год. се случиле најмалку 6 односно 8 самоубиствени напади, за разлика од периодот 2011-2012 год. кога имало 4 самоубиствени напади).[646]Причините за оваа состојба најверојатно се должи поради фактот, што претставниците на владата на Пакистан како и безбедносните сили, се перцепираат од страна на терористичките организации како сојузници на САД и главна пречка за остварување на целите на теористичките организации. Самоубиствените мисии во земјата ќе продолжат, со оглед на нестабилната ситуација во земјата, а особено во регионите кои граничат со Авганистан (политичката ситуација во Авганистан се рефлектира и во Пакистан). Исто така и присутното секташко насилство, дополнително ќе ја усложни целата ситуација во оваа земја. Не се

[646] http://www.thenews.com.pk/Todays-News-13-27631-710-lost-lives-to-suicide-bombers-in-2013

исклучени можностите од напади, како што беше нападот на Мехран-морнарската воздушна база, бидејќи истите имаат силно влијание во поглед на присутноста на исламските теористички организации (силата и моќта со која располагаат), но и креирањето на плодно тло за егзистирање на самоубиствениот тероризам како ефикасен метод за постигнување на целта.

## 7.5 Индиски потконтинент

### Шри Ланка

Шри Ланка е островска држава која се наоѓа во јужна Азија (во непосредна близина на индискиот потконтинент). Во Шри Ланка[647] мнозинството од населението го сочинува етничката заедница синхалези 73,8% (будизам), додека тамилите како етничка заедница сочинуваат 12.5% (хинду религија)[648]и воедно претставуваат најголемо малцинство во државата. Главен репрезент на самоубиствениот тероризам во Шри Ланка, истовремено и една од најпознатите терористички организации во светот, се Тамилските тигри или Ослободителни тигри на Тамилскиот Елам-ЛТТЕ (Liberation Tigers of Tamil Eelam, LTTE). Во 1970 год. се појавуваат неколку тамилски милитантни групи кои на некој начин се одмаздувале за спроведената дискриминаторска политика кон тамилската популација, од страна на владата на Шри Ланка. Една од тие милитантни групи биле и Тамилските тигри-ЛТТЕ, формирани на 05.05.1976 год. Нејзината цел била формирање на независна тамилска држава на североисточниот дел од Шри Ланка, односно застапувала националистичко-сепаратистичка идеологија. ЛТТЕ постепено станале најмоќна терористичка организација во Шри Ланка, која започнала и примена на самоубиствени операции во земјата. Првата самоубиствена операција била извршена во 1987 год. преку својата креација Црни тигри (специјализирана единица за изведување на самоубиствени напади). Според Меѓународниот институт за стратешки студии во Лондон, ЛТТЕ претставува една од најинвентивните терористички

[647] Шри Ланка се простира на површина од 65,610 км$^2$ бројот на жители изнесува 21.128.773 жители, според пописот во јули 2008 год.
http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2009/01/weodata/weorept.aspx?sy=2006&ey=2009&scsm=1&ssd=1&sort=country&ds=.&br=1&c=524&s=NGDPD,NGDPDPC,PPPGDP,PPPPC,LP&grp=0&a=&pr.x=59&pr.y=9

[648]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka (Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna, додека според Demographics of Sri Lanka#CIA World Factbook demographic statistics, бројот на тамилската популација сочинува 13,9% од вкупниот број на жители на Шри Ланка.

организации, односно таа е првата терористичка организација која примени самоубиствен појас и самоубиствен елек.[649]Податоците кои ги презентираше Министерството за одбрана на Шри Ланка во периодот од 05.07.1987 до 20.11.2008 год. припадниците на Црните тигри извршиле вкупно 378 самоубиствени напади (од кои 274 се извршени од мажи, додека 104 се извршени од жени).[650]Во нападите на ЛТТЕ често пати имало цивилни жртви, но истовремено биле сурови и безмилосно се пресметувале со неистомислениците од тамилската популација. Според одредени извори во тие пресметки ликвидирани се најмалку 8000 припадници на тамилската заедница, жигосани како предавници. Постојат сознанија дека од 1981 год. сите членови на организацијата со себе носат капсули со цијанид, со цел самите да си го одземат животот односно да избегнат да бидат заробени или приведени од безбедносните служби на Шри Ланка.[651]Како што и претходно спомнавме, првиот самоубиствен напад на ЛТТЕ е извршена на 05.07.1987 год. еден месец пред да биде извршена самоубиствената мисија, била извршена операција на безбедносните служби на Шри Ланка за враќање на полуостровот Џафна (се наоѓа на северниот дел на Шри Ланка каде што мнозинството од населението се тамили) под своја контрола. Во тој период ЛТТЕ доживува серија на порази, спротивставувајќи се на безбедносните служби на Шри Ланка при што била неопходна една голема одмазда. Претходно, ЛТТЕ, ги напаѓаше воените кампови со камиони полни со експлозив, каде што возачот ќе скокнел од камионот непосредно пред детонацијата. Овој начин на напад не беше особено ефикасен бидејќи камионите ретко пристигаа до планираната цел. Конечно, еден од возачите на ЛТТЕ доброволно се пријавил за бомбаш самоубиец, односно да изврши самоубиствен напад со камион во еден воен камп. Извршителот на нападот бил маж по име Валипурам Васантхан (Vallipuram Vasanthan), во самоубиствениот напад загинале 16 војници додека 22 биле ранети, постхумно бил промовиран во чин капетан по што е познат во

[649]"Sri Lanka (LTTE) Historical Background". *IISS Armed Conflict Database*. International Institute for Strategic Studies. 2003. Retrieved 9 February 2009
[650] "Humanitarian Operation – Factual Analysis, July 2006 – May 2009". Ministry of Defence (Sri Lanka). 1 August 2011
[651]IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka (Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna

литературата како *капетан Милер*.[652] ЛТТЕ воспоставува еден цел систем на дејствување на самоубиствените операции. Прво, се набљудува целта и внимателно се следат безбедносните процедури. Второ, добиените информации од претходната фаза мора внимателно да се проучат, со цел да се најде најефикасен начин за спроведување на самоубиствената мисија. Трето, потребна е солидна мрежа за логистика на бомбашот самоубиец, оружје, муниција, експлозив, тим за поддршка како и тим за набљудување. Во периодот на присуството на Индиските мировни сили (Indian peacekeeping force IPKF-ИПКФ) на територијата на Шри Ланка,[653] одредени елементи од воспоставувањето на системот за изведување на самоубиствени операции на ЛТТЕ не биле во можност да се спроведат (надзорот-набљудувањето како и воспоставување на логистичка мрежа-сигурна куќа за бомбашот самоубиец и работи од технички карактер), што се смета како главна причина за отсуството на самоубиствени операции на местата каде што биле стационирани ИПКФ. Исто така важно е да се напомене дека во тој период се воделе преговори помеѓу владата на Шри Ланка и ЛТТЕ, при што ЛТТЕ ги искористила тие преговарачки моменти за инфилтрирање во главниот град на Шри Ланка-Коломбо (формирање на заспани-ќелии, транспорт на оружје, муниција и др.). Во врска со набавувањето на експлозив, неопходен за операциите на ЛТТЕ, ќе спомнеме дека тој првично се набавувал со напади и одземање од воено-полициските единици на Шри Ланка, за подоцна во 1994 год. за време на вториот круг на мировни преговори со владата на Шри Ланка, раководството на ЛТТЕ во Лондон започне преговори со владата на Украина за купување на 60

[652] IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),„Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna

[653] Во периодот 1983-87 год. односите помеѓу Шри Ланка и Индија биле на ниско ниво. Шри Ланка била под западно влијание и имала силни економски и политички врски со Европа и Северна Америка, исто така во тој период имала добри односи и со Израел. За разлика од неа Индија била под советската сфера на интерес, таа имала договор за соработка со Советскиот сојуз при што ја перцепираше Шри Ланка како одскочна даска за нејзина дестабилизација. Како резултат на таквото гледиште на ЛТТЕ и било дозволено да има свои бази во јужниот дел на Индија како и да дејствува од внатрешноста на Индија. Но, во 1987 год односите помеѓу Индија и Шри Ланка се променија, тие потпишаа спогодба за мир и соработка при што за последица имаше стационирање на 100.000 индиски војници (ИПКФ) на територијата на Шри Ланка, задолжени за одржување на мирот. ЛТТЕ после оваа спогодба и прогласи војна на Индиската влада и ИПКФ. Индиските мировни сили биле стационирани на Шри Ланка во периодот од јули 1987 год. до март 1990 год.
IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),„Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna

тони моќен експлозив.[654]Регрутација за припадници на самоубиствената единица Црни Тигри на ЛТТЕ (покрај претходно споменатите процедури за регрутација) се одвивала со апликација поднесено директно до лидерот на ЛТТЕ- Велупилаи Прабакаран. Кандидатот потекнува од редовите на ЛТТЕ при што од страна на лидерот Велупилаи Прабакаран била разгледувана неговата апликација, во која се наведуваат способностите на кандидатот, видови на мисии во кои тој или таа биле вклучени, нивната мотивација и семејната состојба. Сите овие фактори биле земени во предвид пред да се одлучи дали тој или таа можат да станат припадник на самоубиствената единица Црни тигри.[655]ЛТТЕ најчесто ги користеше следните методи за извршување на самоубиствени напади, возило со експлозив управувано од бомбаш самоубиец, самоубиствен костум/палто (всушност тоа била јакна наполнета со експлозив и два прекинувачи, едниот служел за да се стави експлозивот во функција додека другиот бил за детонација на истиот, инспирација за ова добиле од јакните кои често пати ги носеле припадниците на тамилските тигри во кои се носела муниција) сличен на самоубиствениот елек, самоубиствен појас кој се носел околу стомакот и др.

ЛТТЕ и периодот после 1990 год

По повлекувањето на ИПКФ од Шри Ланка (во 1990 год.) на 1.03.1991 год. ЛТТЕ го изведува својот прв самоубиствен напад во главниот град на Шри Ланка-Коломбо, во која загина заменикот министер за одбрана Ранџан Виџератна (Ranjan Wijeratna). Следна високопрофилирана мета за напад беше командантот на морнарицата на Шри Ланка вицеадмиралот В.В.Е.Ц. Фернандо (W.W.E.C Fernando)[656]кој бил убиен на 16.11.1992 год. по враќањето од неговата посета на Индија, на која била воспоставена поморска соработка меѓу двете

[654]Оваа набавка вклучуваше 50 тони ТНТ и 10 тони RDX познат и уште под името хексоген. Пратката со експлозив успешно пристигнала во Шри Ланка и од изјавите на специјалисти од таа област, пратката со оваа количина на експлозив би ги задоволил потребите на ЛТТЕ за најмалку 10 год. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna.

[655]De Figueiredo Jr, R.J.P.; Weingast, B.R. (2001). "Vicious Cycles: Endogenous Political Extremism and Political Violence. Institute of Governmental Studies Working Paper, 2001-9". *University of California, Berkeley.*

[656]Во овој напад се користи самоубиствена јакна, која ја носел бомбашот самоубиец и моторцикл управуван од страна на извршителот. Откако ја забележал колоната во која се движел вицеадмиралот, бомбашот самоубиец едноставно се втурнал во главното возило при што загинале командантот на морнарицата, неговиот телохранител и возачот. Второто возило кое се движело позади главното и служело за поддршка не било во можност да го спречи овој напад. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna.

земји. Исто така, оваа соработка имала за цел да се спречат активностите на ЛТТЕ која оперирала во двете земји. Наредната година на 1.05.1993 во атентат е убиен и претседателот на Шри Ланка-Ранасинге Премадаса (Ranasinghe Premadasa)[657]на прес конференција во претседателската резиденција, бидејќи се залагал безбедносните служби на Шри Ланка да го вратат под своја контрола полуостровот Јафна, кој бил контролиран од страна на ЛТТЕ. Во наредните две години, безбедносните сили на Шри Ланка, не успеале да го стават под своја контрола полуостровот Јафна, во 1995 год. од нивна страна бил направен обид за превземање на полуостровот при што од страна на ЛТТЕ биле уништени складиштата за нафта во Коломбо, од кои се снабдувале со нафта авионите, возилата и пловните објекти на Шри Ланка. Во оваа операција учествувале шест бомбаши самоубијци на ЛТТЕ. Во екот на операциите за полуостровот Јафна, ЛТТЕ изврשија напад врз централната банка. Нападот беше извршен во јануари 1996 год. кој што од страна на САД беше класифициран како најлош чин на меѓународен тероризам во 1996 год. Во него 86 лица го загубија животот, 1338 беа повредени вклучувајќи и неколку странци, додека околу 100 лица го загубиле видот. ЛТТЕ во овој напад доживеа и доза на неуспех, имено бомбашот самоубиец кој го управувал камионот со експлозив бил придружуван од три возила, во секое од нив имало по двајца припадници на ЛТТЕ, истите вршеле придружба и заштита на бомбашот самоубиец за безбедно пристигнување на целта. Двајца од припадниците на ЛТТЕ кои вршеле придружба биле заробени од безбедносните служби на Шри Ланка при што откриле значајни информации за операцијата како и за организацијата.[658]Самоубиствените напади продолжуваат и во 1999 год. тогаш, во самоубиствен напад загинал умерениот тамилски политичар и познат научник д-р Нелан Тхиручелвам (Dr. Neelan Thiruchelvam).[659]Причината била

[657]Атентатот е извршен во моментот кога претседателот имал прес конференција во претседателската резиденција. Претходно атентаторот успеал да се инфилтрира во персоналот задолжен за одржување на претседателската резиденција и на тој начин од непосредна близина да го реализира нападот. Ова претставувало сериозен пропуст на разузнавачките и безбедносните служби на Шри Ланка. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)„Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna.

[658]Ibid.

[659]д-р Нелан Тхиручелвам бил убиен од бомбаш самоубиец на ЛТТЕ додека се возел во својот автомобил и со намалена брзина се доближувал до семафор, во тој момент бомбашот самоубиец се доближил до неговиот автомобил и го активирал експлозивот. IDC Herzliya-Israel,

поради тоа што владата на Шри Ланка предлагала нова рунда мировни преговори со ЛТТЕ. Како вовед во преговорите, владата, одлучила да ја прошири автономијата на североисточните делови на земјата каде што претежно живеела тамилската популација, при што како клучен човек за овој проект бил токму д-р Нелан. Од потпишувањето на договорот за примирје во 2002 год. извршени се неколку самоубиствени напади во главниот град на Шри Ланка-Коломбо. Првиот се случил на 7.07.2004 год. кога жена бомбаш самоубиец активирала експлозив во полициска станица, која се наоѓала во близина на премиерската резиденција, се претпоставува дека цел на нападот бил Даглас Девананда (Douglas Devananda) жесток критичар на ЛТТЕ. На 26.04.2006 год. армискиот командант потполковник Сарат Фонсека се здоби со сериозни повреди во самоубиствен бомбашки напад, додека 8 лица загинаа.[660] Два месеци подоцна на 26.06.2006 год. во самоубиствен напад бил убиен заменик началникот на Генералштабот на армијата, генерал-мајор Парами Кулатунга, нападот бил извршен од бомбаш самоубиец кој управувал моторцикл и во моментот кога се доближил до генералот, истиот го активирал експлозивот. Најкрвавиот напад од потпишувањето на договорот за примирје се случил на 16.10.2006 год. кога цел на нападот беше воен конвој во Хабарана (цивилна област), во кој загинаа околу 100 морнари. Во овој случај беше употребен камион полн со експлозив, кој се движел во средината на конвојот, при што во одреден момент од страна на бомбашот самоубиец бил активиран експлозивот.[661]

Во периодот од 1986 до 2006 год ЛТТЕ вршеше преговори во неколку наврати со владата на Шри Ланка, но сепак организацијата не ја изгуби од вид својата крајна цел, а таа беше да создаде посебна Тамилска татковина. За да се постигне целта, ЛТТЕ ги користеше преговорите за да ги зајакне своите воени капацитети, самоубиствените напади станаа често пати користена тактика во нивната стратегија. Психолошкото влијание на овие напади, особно надвор од воените зони, имаа големо влијание врз целата популација, од друга страна пак

---

ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna.

[660] Извршител на нападот е жена бомбаш самоубиец , припадник на ЛТТЕ, која под превезот на фингирана бременост и под изговор дека е во посета на воената болница го извршила самоубиствениот напад. IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism" Suicide Terrorism in Sri Lanka(Article was updated 2006), Dr. Rohan Gunaratna.

[661] Ibid.

се зголемуваше притисокот на владата на Шри Ланка за преговори со ЛТТЕ. Во јануари 2009 год. армијата на Шри Ланка става под своја конторола значајни територии кои претходно ги контролирала ЛТТЕ, вклучувајќи ги градовите Килиночи и Мулаитиву.[662]Кон средината на мај 2009 год. територијата која ја контролираат ЛТТЕ е сведена на 1,5km². Претседателот на Шри Ланка на 16.05. 2009 год. прогласува воена победа над ЛТТЕ, со што практично заврши 26-годишната граѓанска војна.[663]На 18.05.2009 год. армијата на Шри Ланка објавила дека лидерот на ЛТТЕ-Велупилаи Прабакаран и неговите двајца заменици загинале во обидот да избегаат од воено опкружување.[664]Во наредниот период, откако ЛТТЕ беше воено поразена, не се забележани самоубиствени напади во Шри Ланка, со што беше завршено едно поглавје од самоубиствениот тероризам кое во еден момент ги засени останатите терористички организации во примената на самоубиствени мисии. Владата на Шри Ланка вложи напори во рехабилитација и социлизација на заробените припадници на ЛТТЕ. Според Обединетите Нации во оваа граѓанската војна во периодот од 1983-2009 год. загинаа помеѓу 80.000-100.000 луѓе.

## 8. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ-САМОУБИСТВЕНИ БОМБАШКИ НАПАДИ

### Американските амбасади во Кенија и Танзанија

Самоубиствените напади извршени од страна на оперативците на Ал Каеда во Најроби (Кенија) и Дар ес Салам (Танзанија), на 7.08.1998 год. биле планирани во штабот на организацијата во Авганистан. За таа цел бил испратен оперативен командант на Ал Каеда во Кенија, кој ќе ги насочува и надгледува подготовките за таа операција. Командант на теренот бил Фадил Мухамед со кодно име Фазул Харун, по потекло од Коморските острови (Индискиот океан). Како и многу други и Фадил бил регрутиран од организацијата по неговото волонтирање во војната против советската окупација на Авганистан и потврдените способности како војник. Членовите на ќелијата (филијала на Ал Каеда за тој регион) биле обучувани во Авганистан уште во 1994 год. и најголемиот број од нив потекнувал од Танзанија и Кенија. Самоубиствениот напаѓач во Танзанија бил роднина на Абдала ал-Нишири-командант на

[662]Mahendra (3.1. 2009.)„The fall of rebel headquarters: what does it hold for Sri Lanka?". Xinhua News Agency
[663]Sri Lanka army 'defeats rebels', BBC, 2009-05-16
[664] Sri Lankan rebel leader 'is dead', 2009-05-18

самоубиствените напади во Јемен, две години подоцна. Операцијата беше спроведена во утринските часови, кога двајца бомбаши самоубијци управувале автомобил во кој имало неколку стотици килограми експлозив и истиот бил активиран во близина на амбасадата на САД во Најроби. Во самоубиствениот напад загинале 230 лица, додека 4000 биле повредени. Еден од двајцата бомбаши самоубијци го преживеал нападот. Имено, откако се доближиле до амбасадата лицето задолжено за обезбедување на амбасадата одбило да ја отвори влезната врата на амбасадата, поради тоа, еден од бомбашите самоубијци излегол и фрлил рачна граната кон обезбедувањето. Речиси истовремено, во Дар ес Салам, бомбаш самоубиец управувајќи камион полн со експлозив извршил самоубиствен напад во амбасадата на САД, при што загинале 11 лица додека 85 биле повредени.[665]Бројот на жртви најверојатно би бил и поголем доколку бомбашот самоубиец успеал поблиску да се доближи до амбасадата, имено извршителот на самоубиствениот напад пристигнал со возилото до улицата „Лаибон" (една од двата пристапи, односно влезови за возила во амбасадата на САД во Дар ес Салам), поради тоа што во тој момент имало паркиран еден камион-цистерна (со вода) за потребите на амбасадата на истиот влез, очигледно, бомбашот самоубиец не можел да влезе со возилото во внатрешниот периметар на амбасадата при што го активирал експлозивот на растојание од 11 метри (35 feet) од надворешниот ѕид на кабинетот.[666]Подготовките за нападите во источна Африка започнале пет години претходно, Бин Ладен бил лично вклучен во одлуката да се испратата оперативци во Кенија со цел да се добијат првични информации за самоубиствениот напад. Според сведочењето на еден египетски офицер, регрутиран од американските воени служби и инфилтриран во Ал Каеда (кој дискутирал со Бин Ладен во врска со овие привични добиени сознанија за метата на нападот), оперативците на Ал Каеда биле испратени во Кенија за да се интегрираат во средината, се oжениле со жени од локалната средина, започнале сопствен бизнис, ја подготвувале локалната инфраструктура под превезот на комерцијални цели и континуирано собирале информации за селектираната мета. Планирањето континуирани траело со години со неколку оперативни

[665]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY
[666]http://www.fas.org/irp/threat/arb/board_daressalaam.html

проблеми, постоеле одредени сомневања дека ќелијата е откриена, па поради тоа нападот се одложувал неколку пати.[667]Кога конечно Бин Ладен проценил дека нападите против западните цели може да започнат, испратил оперативен командант од Авганистан на теренот. Подготовките за нападот ги превземаат повисоки структури на Ал Каеда односно оперативната команда. Регрутацијата и селекцијата на извршителите на самоубиствените напади била извршена во согласност со постапката на Ал Каеда. Откако ветиле лојалност и подготвеност да го жртвуваат својот живот за Алах, тројца самоубиствени напаѓачи биле одвоени (двајца од нив биле од Саудиска Арабија од кој еден во роднинска врска со командант на Ал Каеда, и еден од Египет). Самоубиствените напаѓачи не биле вклучени во почетната фаза на операцијата, тие пристигнале во Кенија во крајната фаза на операцијата, откако подготовките биле завршени од страна на локалните оперативци и биле под надзор на опративниот командант на теренот. Самоубиствените напаѓачи ги чувале изолирани со цел да се одвратат од можноста да се премислат, командантот вообичаено не дозволува нивна социјализација со останатите членови од ќелијата. Неколку дена, пред одредениот термин за извршување на самоубиствениот напад, на повеќето членови на мрежата им било наредено да го напуштат Најроби и Танзанија, останале само оперативниот командант и бомбашите самоубијци.[668]Еден од бомбашите самоубијци што преживеал во Најроби, предизвикал големи оперативни проблеми за Ал Каеда бидејќи постоела можност да се разоткријат сите процедури на организацијата. Фазул, оперативниот командант, ја напуштил земјата за подоцна да се врати и координира друг напад на Ал Каеда, овој пат против израелски цели во Момбаса. Во овој напад била користена инфраструктурата која била изградена во претходните години. Всушност континентот Африка од самиот почеток бил одбран од Ал Каеда, поради релативно лесната територија за операција. Локалните безбедносни служби биле ограничени во нивните способности за следење на терористичките организации и нивните подготовки, покрај ова и прилично „незабележителниот" начин на движење на оперативците на Ал Каеда низ земјите на континентот, претставувале дополнителена олеснителна околност. Нападите во Кенија и

[667]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY
[668]Ibid.

Танзанија, биле први независни терористички напади извршени од страна на Ал Каеда. Истите претставуваа отскочна штица за операциите кои ќе следат и уникатниот режим на работата на организацијата. Бин Ладен бил директно вклучен во планирањето на операциите, како и во назначувањето на командниот кадар. Овој начин на работа требаше да го трасира патот за идните филијали на Ал Каеда, како и да испрати порака до идните волонтери дека самоубиствените операции можат да удрат во моќта на нивните непријатели.[669]Недостатокот од стравот кон смртта и желбата за самата смрт е клучот на победата и покрај асометријата на воената сила помеѓу нив и непријателот.

Јемен -УСС Кол

На 12.10.2000 год. брод натоварен со половина тон експлозивен материјал и управуван од двајца бомбаши самоубијци, маскиран како услужен-сервисен брод, експлодирал во непосредна близина на американскиот воен брод разурнувач УСС-Кол. Поради безбедносните процедури, бомбашите самоубијци не биле во можност да се доближат поблиску до бродот при што предизвиканата штета била ограничена. Во нападот загинале 17 американски морнари, додека 35 биле повредени. Првичниот план за самоубиствената операција предвидувал напад на еден друг брод на САД, односно на УСС-Саливан на 3.01.2000 год. како дел од предвидениот „милениумски напад". Сепак планот не успеал поради технички причини, бродот со кој требало да се изврши нападот потонал во морето поради преоптовареност (бил преполнет со експлозив), поради што требало да се подготви нов план и одбере алтернативна мета. Новата фаза на планирање траела околу десет месеци и кулуминирала во октомври 2000 год.[670]Нападот на УСС-Кол ги илустрира организациските принципи на Ал Каеда и познатиот режим на работа, вклучувајќи ја и работата на оперативните команданти, односно го задолжува лицето кое ја осмислило идејата за управување со проектот под строга контрола на Бин Ладен (кој го има последниот збор за стратегијата за напад и деталите околу тоа). Оперативниот концепт за напад беше осмислен од Абдула ал-Нишири. Тој предложил напаѓање на комерцијални танкери во аденскиот залив, врз основа на

[669]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY
[670]Ibid.

набљудувањето од негова страна, кое го спровел додека бил во посета на неговата родна земја. Бидејќи ја предложил таа идеја, Бин Ладен го поставил ал-Нишири да го води тој проект заедно со Валид Бин Аташ, кој претходно работел како телохранител на Бин Ладен. Иако Бин Аташ се пријавил доброволно како самоубиствен напаѓач за престојните напади во САД (2001 год.), но неговото потекло (потекнува од Јемен) претставувало пречка да добие виза за САД. Поради тоа, како компензација, Бин Ладен го поставува за асистент на ал-Нишири и партнер во планирањето на нападот на УСС-Кол.[671]Бин Ладен бил активно вклучен од почетните фази на планирање на нападот при што дури ја променил и првичната замисла на ал-Нишири, за таргетирање на нафтен танкер во напад на американски разурнувач, бидејќи на тој начин нападот ќе имал висока симболична вредност, удар на американската моќ персонифицирана во воен брод. Двајцата самоубиствени напаѓачи предвидени за мисијата биле Хасан ал-Камри и Ибрахим ал-Тавар (Нибрас). Нибрас го познавал Бин Ладен и имал добри односи со Бин Аташ, откако претходно му помогнал за една операција на Ал Каеда во југоисточна Азија. Непосредно пред нападот Бин Ладен сакал да ги замени самоубиствените напаѓачи со други двајца. Оперативниот командант ал-Нишири ја почуствувал желбата и посветеноста на самоубиствените напаѓачи и ги охрабрил да продолжат со нивната задача, иако тоа било спротивно на желбата на Бин Ладен. Ал-Нишири сакал да ја искористи првата прилика која ќе му се укаже да отпатува за Авганистан и да го убеди Бин Ладен, дека двајцата кандидати за самоубиствениот напад се најдобри за таа задача. Всушност двајцата самоубиствени извршители самоиницијативно го искористиле овој период за да се подготват за мисијата, без согласност од Бин Ладен и премолчено одобрение од оперативниот командант. Според процедурите на Ал Каеда, задачите на ќелиите и инфраструктурните подготовки се добивале од претпоставениот командант, со одреден степен на одлучување на извршителите, исто така командантот имал одредена слобода во работењето и одлучувањето во врска со нападот. На индивидуално ниво, концептот на „истишхад" имал приоритетно место за време на целиот процес, кој финализира кога организацијата ќе процени дека лицето е подготвено да изврши

[671]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

самоубиствен напад.[672]Бин Ладен, во овие двајца самоубиствени оперативци, го гледал ентузијазмот од нивна страна за спроведување на нападот по секоја цена, (секако со поддршка од ал-Нишири), а не како непочитување на наредба и раскинување на синџирот на команда. Тој гледал на ист начин кон сите кои се отклонувале од неговите инструкции, но сепак биле посветени на задачата, го актуелизирале врховниот принцип на организацијата и имале позитивни резултати. Вклучувањето на Бин Ладен во деталите на оперативните елементи и активности на Ал Каеда, не беше израз на неговото автократско и агресивно однесување. Така, оперативниот командант Нишири, продолжил да оперира под закрилата на Бин Ладен и Ал Каеда при што добил и нова мисија, терористички напад спроведен во октомври 2000 год. во територијалните води на Јемен, кога е нападнат францускиот танкер „Лимбург". Откако биле спроведени неколку успешни операциите, Бин Ладен наредил отсекот на Ал Каеда, задолжен за медиуми (во тоа време го раководел Калед Шеик Мухамед), да изработи еден краток филм кој би бил комбинација од програмата за обука на Ал Каеда, оштетениот УСС-Кол и нападите во Кенија и Танзанија.[673]Во филмот, Ал Каеда ја превзема сета одговорност за гореспоменатите напади и истиот беше прикажуван на младата популација на Јемен и Саудиска Арабија, со што во голема мера беше олеснета регрутацијата во терористичката организација.

### Бомбашот чевлар и синагогата во Џерба-Тунис

Во кампањата на самоубиствени напади, Ал Каеда, одлучила да ги вклучи индивидуалните бомбаши-оперативци од редовите на европските регрути, кои биле нејзини членови. Прв ваков напад се случи на 22.12.2001 год. кога Ал Каеда го испрати Ричард Колвин Рид на авионскиот лет од Париз за Мајами, со цел да изврши самоубиствена мисија во авионот и да настрадаат сите 196 патници и членови на екипажот. За оваа цел експлозивот бил сокриен во чевелот на Ричард, но од технички причини не дошло до негово активирање. Исто така, неговото сомнително однесување во авионот било забележано од една стјуардеса која со помош на патниците успеала да го спречи Ричард во

[672]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY
[673]Ibid.

намерата и по слетувањето да го предадат на безбедносните служби.[674] Ричард Рид бил роден во Англија, неговиот татко потекнувал од Јамајка, додека неговата мајка била од средно-имотно британско семејство. Таткото на Ричард бил склон кон криминални активности и често пати го напуштал семејниот дом и својата бремена сопруга. Ричард го опишувале како млад човек кој бил збунет, изгубен, напнат и лут, кој на своите петнаесет години бил испратен во институција за млади криминалци, а подоцна и во затвор каде што преминал во ислам. По излегувањето на слобода своето внимание го насочува кон радикалните исламистички кругови во Англија, а најголемиот дел од своето време го поминува во џамиите во Брикстон. Овие џамии биле места каде што младите муслимани од цела Европа, идеолошки се подготвувале за приклучување кон глобалниот џихад. По индоктринацијата и подготовките во Лондон, Ричард Рид отпатувал за Пакистан, а подоцна заминал во кампови те за обука на Бин Ладен во Авганистан. Во Авганистан влегува во „светот" на Ал Каеда. По завршената обука, Ричард доброволно се пријавил за извршување на самоубиствена мисија во име на организацијата. Неговите познаници од организацијата, кои волонтирале за самоубиствени мисии биле исто така млади луѓе, од слични средини и со слично минато, на пример Закарија Мусауи, доброволец за нападите на 11-ти септември, кој бил уапсен во САД во август 2001 год. (во тоа време посетувал часови за управување на авион), Низар Трабелси, поранешен професионален фудбалер, кој требало да изврши самоубиствен напад во Белгија како дел од мрежата Џамал-Бегал, нападот бил спречен бидејќи лидерот на мрежата бил притворен.[675] Биографијата на Ричард Рид и начинот на кој истиот бил регрутиран, го отсликува процесот на регрутација на млади оперативци на Ал Каеда во Европа. Сите лица се регрутирани од страна на агенти на организацијата, задолжени за регрутација кои оперираат во џамиите. Потоа регрутираните лица се испраќаат во Авганистан каде се под влијание на Ал Каеда. Откако ќе ја искажат својата подготвеност за извршување на самоубиство и се сметаат соодветни за таа задача, се насочуваат кон извршување на самоубиствената мисија. И покрај напорите на Ричард Рид во текот на истрагата да ги убеди истражните органи

[674] Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY
[675] Ibid.

дека дејствувал по сопствена иницијатива, откриена е неговата поврзаност со Ал Каеда, односно мрежата раководена и финансирана од Калед Шеик Мухамед. Употребата на поединци-самоубиствени напаѓачи, како примерот со Ричард Рид, укажува на еден друг метод на работа на Ал Каеда, односно таквиот метод ќе биде употребен кога авторитетите на организацијата ќе проценат дека мисијата може успешно да се заврши само со дејствувањето на еден самоубиствен напаѓач без никаква поддршка на друг партнер.

Истиот начин на работа бил употребен во нападот на синагогата Гриба во Џерба (Тунис) на 11.04.2002 год., кога бомбаш самоубиец управувал камион цистерна (цистерна за природен гас) полна со експлозив, при што го активирал експлозивот пред влезот на синагогата. Извршител на самоубиствениот напад бил Низар Навар (24 год.), син на туниски имигранти кои живееле во Франција. Во нападот загинало 21 лице, повеќето германски туристи.[676]Низар Навар бил регрутиран во Ал Каеда веднаш откако ја завршил обуката во Авганистан и изразил подготвеност да изврши самоубиство. Негов ментор бил Калед Шеик Мухамед. Во едно интервју, после извршениот самоубиствен напад, истакнат воен командант на Ал Каеда-Абдул Азам ал-Мухаџир, потврдил дека нападот е дело на организацијата, дека подготовките за истиот траеле неколку месеци и комуникацијата помеѓу извршителот и неговиот ментор се одвивала преку интернет. Истрагата на самоубистевниот бомбашки напад откри линкови на самоубиствени оперативци во неколку терористички ќелии во Франција, Германија и Канада.[677]Низар Навар е уште еден од примерите на регрутација на Ал Каеда во Европа. Тој бил млад муслиман, претставник на втората генерација имигранти привлечен од идеите на Ал Каеда, обучен во камп на Ал Каеда и испратен во самоубиствена мисија. Тој работел сам на својата мисија преку далечинска комуникација со својот ментор, Калед Шеик Мухамед и останал цврсто посветен на истата до самиот крај. Непосредно пред да замине на извршување на самоубиствената мисија, Навар повикал еден близок пријател од деновите во кампот за обука на Ал Каеда во Авганистан, за да се збогува и слушне зборови за охрабрување и поддршка за работата која претстои, но и да

[676]Според, Official Procès-Verbal, July 20th, 2002 in Tunis, El Fadel El Malki, Central Directorate of the Judicial police, The Criminal Affairs Bureau, во нападот загинале 15 германски туристи, 3 од Тунис и 2 од Франција, додека повеќе од 30 биле повредени.

[677]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

докаже дека ја спроведува на дело вредноста на саможртвувањето во име на Алах. Ова е принципот на кој беше обучен и кон кој се обврзал во редовите на Ал Каеда.

Израелски туристи во Кенија

На 28.11.2002 год. два наизменични терористички напади се случиле во Момбаса (Кенија) врз израелски цели, од кои едниот бил самоубиствен напад. Првиот напад бил извршен со два проектила земја-воздух (Стрела-SA-7), насочени кон авионот на „Arkia Airlines" во кој се наоѓале 261 патник и членови на екипажот. Проектилите биле истрелани во моментот кога авионот полетувал од аеродромот во Момбаса, но истите не ја погодиле целта од технички причини, при што немало повредени патници. Дваесет минути подоцна автомобил (резервоарот на возилото било полно со бензин), во кој се наоѓале околу 200 кг. експлозив и двајца бомбаши самоубијци, возач и совозач, се упатил и бил активиран во хотелот „Paradise". Целта на нападот на хотелот биле израелските туристи кои тоа утро пристигнале со летот на „Arkia Airlines". Во нападот загинале 10 кенијци и 3 израелци, додека 80 лица биле повредени.[678] Ал Каеда ја превзема одговорноста за нападот, но под името „Каедат ал Џихад" (Qaedat al-Jihad), кое е производ од обединувањето на Ал Каеда со Египетски Исламски Џихад. Во изјавите за терористичките напади нагласено е дека нивната цел била да се покаже постојаноста на светите воини-муџахедини за заштита на палестинската кауза, како и протерување на израелскиот окупатор од светите муслимански места. Исто така потенцирано е дека на овој начин сакаат да се пресечат соништата на еврејско-крстоносната коалиција за влијанието на нивните интереси во овој регион.

Истрагата на нападите посочи дека терористичката мрежа која го планирала нападот била предводена од Фазул Харун (Фадил Мухамед), кој исто така го предводеше нападот во август 1998 год. во Најроби. Освен локалните оперативци за изведување на нападите, биле вклучени и голем број на други членови од мрежите на терористичката организација, како и поединци од муслиманската заедница во Момбаса. Според сведочењето на Умар Саид Омер, кој бил вклучен во терористичкиот напад, подготовките за нападот започнале

[678] Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

една година претходно, при што се собирале разузнавачки информации, се изнајмувале голем број на станбени куќи кои подоцна би биле користени од членовите на мрежата, сокривање на оружјето, набавување на потребниот број на возила и др. Експлозивот во Кенија бил прокриумчарен од Сомалија со помош на камуфлирани рибарски бродови, слично како и за операцијата во 1998 год. Одредени состаноци за координирање на акцијата се одржале во џамиите или во станбените куќи. Примарната комуникација меѓу членовите на мрежата била олеснета со користење на мобилни телефони и електронска пошта. Од Умар Саид било побарано, една недела пред нападот, да замине во Сомалија и да подготви „сигурна куќа" и брод за бегство, со кој би се извлекле надвор од земјата останатите членовите на мрежата вклучени во нападите. Нападите во Момбаса се базирале на локалната инфраструктура на муслиманските оперативци, кои биле регрутирани и обучени во Авганистан. Повеќето од овие оперативци работеле како логистички соработници на централата која го режирала нападот. Членовите на Ал Каеда биле во брак со ќерките на локалните соработници и земале активно учество во локалната заедница, но истовремено истите претставувале и заспани ќелии на организацијата. Активностите на целата група на оперативци била финансирана од Ал Каеда и истите биле под команда на еден оперативец испратен од централата на Ал Каеда, кој бил воедно и задолжен да го надгледува извршувањето на нападот. Нападот на хотелот бил извршен на веќе познат начин на работа на Ал Каеда, со двајца бомбаши самоубијци, кратко време по нападот со проектили земја-воздух на авионот на „Arkia Airlines". Со нападот се изразува директната поддршка на Ал Каеда кон палестинците во борбата против Израел, а воедно се истакнува и посветеноста на организацијата за борба против непријателите на муслиманите.[679] Враќањето на Ал Каеда во земја каде што претходно извршила терористички напад, во случајов Кенија, произлегува од проценките на организацијата за слабоста на безбедносните служби на земјата и нивниот неуспех да ги уапси членовите на инфраструктурата на мрежата во Кенија во 1998 година. Ал Каеда ја идентификуваше Кенија како пропадната држава, во поглед на третманот на тероризмот и неможноста на режимот за ефикасно

[679] Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

спроведување на сопствените закони. Дури и по нападите во Момбаса некои терористи-членови на мрежата, останаа на слобода. Продолжувањето на нивните обиди за напади во Кенија, резултираа со состојба на зголемена безбедност во амбасадите и привремено суспендирање на сите летови кон земјата.

Истанбул-Турција

На 15.11.2003 год. два самоубиствени напади во временски период од една минута се случија во две еврејски синагоги „Неве шалом" и „Беит Израел" во Истанбул. Двајца бомбаши самоубијци активираа два пикап камиони полни со стотина килограми експлозив и хемиско ѓубриво, камуфлирани под кутии со супстанции за чистење. Во нападот загинаа 23 лица, додека 300 беа повредени. Повеќето од жртвите биле муслимани, случајни минувачи, додека осум лица од жртвите биле евреи, кои во тој момент се движеле кон синагогите. Извршителите на нападот, бомбашите самоубијци, се идентификувани како Мазут Чабук (29 год.) и Гохан ал-Тунташ (22 год.), и двајцата од градот Бингол (градот се наоѓа во регион на Турција населен претежно со курди).[680]Одговорноста за нападот во Истанбул ја превзема Ал Каеда преку електронска порака испратена до неделникот „ал-Мајала". Пораката била потпишана од Абу Мухамед ал-Аблај, кој во неколку наврати во медиумите се појавувал во својство на портпарол на Ал Каеда. Во електронска порака испратена од страна на Ал Каеда во весникот „Ал Кудс Ал Араби" објавена во Лондон, организацијата ја превзема одговорноста под името „Абу Хафез баталјони ал- Масри". На интернет форумите, односно на веб-сајтовите поврзани со Ал Каеда, нападот бил опишан како „подарок за Ерусалим". Мотивација за нападот, како што било објаснето, претставувала желбата да се „зададе удар на евреите во целиот свет", како дел од борбата за Палестина.

Пет дена подоцна, на 20.11.2003 год., уште една ќелија на Ал Каеда, поддржана од турска терористичка мрежа, изврши двоен самоубиствен напад во близина на британскиот конзулат и филијала на британската банка ХСБЦ (H.S.B.C). Двајцата бомбаши самоубијци активираа автомобил бомба во временско растојание од 12 минути. Во нападите загинаа 34 лица, додека 500 беа

[680]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

повредени, меѓу загинатите бил и британскиот конзул Роџер Шорт. Бомбашот самоубиец кој го извршил нападот кај британскиот конзулат е идентификуван како Фридон Огрулу, авганистанец кој учествувал во борбите во Чеченија. Неговото име се поврзувало со нападот на синагогите, но тој успеал да го избегне неговото приведување. Вториот бомбаш самоубиец е идентификуван како Мавлут Огур (47 год.), сопственик на продавница во Анкара, кој најголемиот дел од своето време го поминувал во својата продавница и блиската џамија, соседите го опишале како тивок човек кој ретко комуницирал со сопствениците на соседните продавници. Одговорноста за нападот во името на Ал Каеда го превзема „Хафат ал-Масри" (група која е именувана по еден воен командант на Ал Каеда во Авганистан, убиен од страна на САД). Претходно и други две терористички организации ја превземаат одговорноста за нападите:„Големиот источен исламски завојувачки фронт"-И.Б.Д.А.Ц. (I.B.D.A.C.-Great East Islamic Raiders Front) и Турскиот Хезболах (Turkish Hizbollah).[681]

Турската терористичка мрежа е карактеристичен пример за мрежата на поддржувачи на Ал Каеда. Внатрешното јадро се состои од оперативци кои биле поранешни членови на локални терористички организации во Турција, кои, како и многу други млади муслимани одлучиле да заминат во камповите на Ал Каеда во Авганистан. Таму биле обучени, подложени на индоктринација и регрутирани да работат на идејата за глобален џихад во рамките на нивните матични земји. Командантите на мрежата биле повикувани на средба со Бин Ладен, кој ги овластил со надлежност, но и одговорност за актуелизација на глобалниот џихад во рамките на нивните матични земји. Потоа, тие заминувале на исполнување на својата мисија при што секогаш на располагање имале логистичка поддршка, како и последователни консултации со базата. Мрежните команданти, очигледно, преку интернет имале консултации со елементи на Ал Каеда во Пакистан, Авганистан и Ирак, за време на подготовките за самоубиствените операции. Подготовките започнале најмалку шест месеци претходно. При тоа Ал Каеда дискутирала за преферираните цели за напад со врвот на турската мрежа, но им препуштила оперативна слобода во изборот и

[681]Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) „*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

дејствувањето на локалните мрежи, вклучувајќи го и датумот. Всушност, двата брана на самоубиствени напади укажуваат на различниот избор на целите кои биле претходно утврдени од страна на врвот на турската мрежа, пред се поради оперативните ограничувања. Главниот финансиски товар за изведување на операциите го превзема Ал Каеда, но има индиции за финансиска помош од Иран и Сирија, земји кои служеле како засолниште на оперативците и командантите по извршување на нападите. Овој начин им овозможува на командантите да воспостават нови терористички мрежи во нивните матични земји или на други места за да се постигнат целите на глобалниот џихад, преку самоубиствени напади.

## 9. КАРАКТЕРИСТИКИ НА САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ ВО СВЕТОТ ЗА 2013 ГОДИНА

Според Институтот за национално-безбедносни студии (ИНСС) при Универзитетот во Тел Авив-Израел (Institute for National Security Studies-INSS, Tel Aviv University), од почетокот на самоубиствените бомбашки напади во Либан (во почетокот на 80-те години на минатиот век), па се до почетокот на XXI век, во светот се извршени околу 200 самоубиствени напади. Драматично зголемување на самоубиствените напади започнува во 2000 год. По нападот на Светскиот трговски центар во САД (11-ти септември 2001 год.), значително се зголемува бројот на терористички организации кои се поистоветуваат со Ал Каеда (Ал Каеда ја превзема водечката улога во планирање и извршување на самоубиствените напади во светот), како и светскиот џихад. Терористичките организации со религиозен предзнак (од нивното основање во почетокот на 80-те години на минатиот век) учествувале со повеќе од 85% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот. Во 2013 год. нивното учество изнесува речиси 95%. Во изминатата 2013 год. осумнаесет земји во светот ги почувствуваа смртоносните последици од извршените околу 291 самоубиствени напади, предизвикувајќи смрт кај приближно 3100 лица. Овие бројки укажуваат на зголемување на самоубиствените напади за околу 21% во однос на претходната 2012 год., кога се извршени 230 самоубиствени

напади.[682]Понатаму, во извештајот на ИНСС, презентираните статистички податоци укажуваат на зголемување на бројот на самоубиствени напади во земјите на Блискиот Исток, особено во Ирак, продолжување на високата стапка на самоубиствени нападиво Авганистан и Пакистан, континуитет на феноменот во централниот дел на африканскиот континент, како и намалената стапка на учество на жените во самоубиствените нападиОд вкупниот број на извршени самоубиствени нападиѓаат на земји каде што има присуство на странски воени сили, додека најголемиот број на нападисе извршени врз локалното население како дел од внатрешната (меѓусебна) борба. Ова посебно се однесува на земјите каде што режимот нема легитимитет. Отсуството на политичка стабилност во поголемиот дел од земјите на Блискиот Исток, како резултат на арапската пролет, доведе до значително зголемување на самоубиствените бомбашки нападиFIXME

На Блискиот Исток во текот на 2013 год. се случија 148 самоубиствени нападикои претставуваат околу 50% од вкупниот број на извршени самоубиствени нападиво светот за таа година. Најголемо зголемување на бројот на извршени самоубиствени нападиво овој регион имаме во Ирак, каде што се случиле 98 самоубиствени нападиодносно околу една третина од вкупниот број на извршени нападиво светот за 2013 год. Истите претставуваат зголемување од 180% во однос на претходната 2012 год., кога се случиле 35 самоубиствени нападиОд почетокот на самоубиствените бомбашки нападиво Ирак во 2003 год., па се од крајот на 2013 год., во земјата се случиле околу 1500 самоубиствени нападинајголемиот број како резултат на религиозни и етнички тензии. Речиси половината од самоубиствените бомбашки нападиво оваа земја (45%), биле насочени против цивилно население (области во кои доминираат шиити) и се случиле во ресторани, пазари, џамии, погреби и погребни церемонии, додека остатокот од околу 48% биле насочени против владини цели и ирачките безбедносни сили (во области во кои доминираат сунити). Дополнителен фактор во високата стапка на самоубиствени нападиво Ирак, покрај религиозните и етнички тензии, претставува и фактот што по повлекувањето на американските сили од земјата се создаде вакум во ирачките безбедносни сили и разузнувачките служби (способноста на службите за

[682]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

спречување на овој вид на напад). Свое влијание има и зголеменото присуството на џихадските елементи поради граѓанската војна во Сирија, што резултира со зголемениот број на волонтери за самоубиствени напади. Понатаму, би можеле да наброиме и други фактори, како што се коруптивното однесување на мнозинската шиитска влада и суровото однесување кон сунитското малцинство, при што се јавува големо незадоволство кон владата. Најголемиот дел од извршените самоубиствени бомбашки напади во Ирак (2013 год.) се извршени од терористичката организација позната под името Исламска држава Ирак (Islamic State in Iraq-ISI), која го проширува своето дејствување во Сирија и соодветно на тоа го менува своето име во Исламска држава во Ирак и ал-Шам, ИСИС (Islamic State in Iraq and al-Sham, ISIS) или Исламска држава во Ирак и Левант-ИСИС (Islamic State of Iraq and the Levant-ISIS), односно Исламска држава Ирак и Сирија-ИСИС (Islamic State of Iraq and Syria-ISIS). Ал Каеда ги прекинува сите врски со ИСИС во февруари 2014 год. подради прекумерната употреба на сила врз цивилите во Сирија од страна на ИСИС.[683]

Состојбата со граѓанската војна во Сирија е поврана со внатрешните судири во Ирак. Минатата година во Сирија беа извршени околу 27 самоубиствени напади, во кои животот го загубија приближно 400 лица. Граѓанската војна во Сирија, како и состојбата во соседен Ирак, ги карактеризира секташки и етнички тензии, каде што во фокусот се сунитско-шиитската поделеност и борбата помеѓу националистичките секуларни сили наспроти исламистичките странски сили. Поддршката од Иран и Хезболах за режимот на сирискиот претседател Асад, дополнително го влоши конфликтот. Терористички организации кои извршуваат самоубиствени напади во Сирија се Џабат ал-Нусра (Jabhat al-Nusra), која е филијала на Ал Каеда и ирачката ИСИС.[684]Самоубиствениот тероризам во текот на 2013 год. се прелеа и во Либан, кој со години беше слободен од овој феномен. Според ИНСС, кон крајот

---

[683]Liz Sly (February 3, 2014)."Al-Qaeda disavows any ties with radical Islamist ISIS group in Syria, Iraq". *The Washington Post*. Retrieved February 7, 2014

[684]Според други извори терористичката организација Џабат ал-Нусра од своето формирање во јануари 2012 год. до крајот на годината е одговорна за 43 од вкупно 50 извршени самоубиствени напади во Сирија. Во 2013 год. извршила 34 самоубиствени напади. Ривалот на Џабат ал-Нусра ирачката ИСИС од своето дејствување во Сирија (април, 2013 год.) извршила вкупно 9 самоубиствени напади до крајот на изминатата година. Овие две терористички организации во текот на 2013 год. извршиле вкупно 43 самоубиствени напади.
http://www.jpost.com/Syria/Suicide-terrorism-thriving-in-Syria-is-threat-to-West-Israel-new-report-warns-341087.

на 2013 год., се случија три самоубиствени бомбашки напади во Либан (во други извори наведени се 5 самоубиствени напади).[685]Целта на овие напади беше да се одврати Хезболах од испраќањето на стотици оперативци (со одобрение на Иран) како поддршка на режимот на Асад во Сирија.

Ситуацијата во Египет со пролонгираната владина нестабилност доведе до пораст на терористичките активности во земјата, особено по симнувањето од власт на претседателот Мохамед Морси од страна на египетската армија. Зголемени терористички активности имаше особено на Синајскиот полуостров, каде што се случија четири од вкупно шест извршени самоубиствени напади во таа земја во текот на 2013 год.

Ситуацијата во Јемен беше спротивна од таа со Египет, иако и во оваа земја имаше пролонгирана владина нестабилност. Во Јемен во текот на 2013 год. се случија вкупно десет самоубиствени бомбашки напади, што претставува пад од 50% за разлика од претходната 2012 год.

Во Либија и Тунис исто така имаше владина криза, но во текот на целата 2013 год. имаше само еден самоубиствен напад.

Големиот број на извршени самоубиствени напади во Авганистан и Пакистан, каде што во изминатата деценија континуирано се случуваат голем број на напади, беше главна карактеристика за овие земји и за минатата година. Во текот на 2013 год. во Авганистан се извршени 65 самоубиствени напади, додека во Пакистан 35 самоубиствени напади. Овие бројки се слични со извршените самоубиствени напади во двете земји во претходната година. Постојаното присуство на насилството во двете земји, покрај останатото, се должи и на фактот што во 2014 год. е најавено повлекување на западните сили од Авганистан. Талибанското движење во Авганистан ги промени своите цели на напад од цивилни цели во воено-полициски (32%) и врз лица кои се сметаат за соработници со владата на Авганистан (27%). Нападите врз странските сили во земјата исто така продолжија (35%). Терористичките организации во Пакистан извршија самоубиствени напади врз цивилни цели (31%), безбедносните сили (34%) и владини цели (25%).[686]

[685]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

[686]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

Нивото на самоубиствени напади во Африка не претрпе некои суштински промени за разлика од претходната година. Имено, во 2013 год. се случија 34 самоубиствени напади, еден повеќе отколку во претходната 2012 год. Најпогодени земји во Африка од аспект на самоубиствен тероризам се Сомалија, Мали и Нигерија. Најистакната терористичка организација во Сомалија е Ал Шабаб, која најчесто врши напади врз странски владини претставници и воени сили, присутни во оваа земја. Во текот на 2013 год. оваа терористичка организација изврши 14 самоубиствени напади во Сомалија. Во Мали, француските сили се здружија со силите на Африканската унија со цел да го спречат превземањето на власта во оваа земја од страна на џихадските терористички организации. Во текот на 2013 год. во Мали се случија 15 самоубиствени напади, повеќето извршени од терористичката организација-Движењето за единство и џихад во Западна Африка (Movement for Unity and Jihad in West Africa-MUJWA). Во Нигерија доминантна терористичка организација која врши самоубиствени напади е Боко Харам. Во оваа земја се случија само три напади во 2013 год., за разлика од претходната, кога имаше 21 самоубиствен напад, што претставува значително намалување.[687]

Проект за Безбедност и Тероризам-Чикаго или ЦПОСТ (Chicago Project on Security and Terrorism-CPOST), при Универзитетот во Чикаго–САД[688], креираше една категоризирана и транспарентна база на податоци во врска со извршени самоубиствени напади во светот. Од вкупниот број на самоубиствени напади (3699) извршени во 44 земји во светот,[689] според ЦПОСТ, обработени и класифицирани самоубиствени напади во базата на податоци на ЦПОСТ се 3261 самоубиствени напади или 88,15% од вкупниот број на напади презентиран од нивна страна. Врз основа на истата, во 2012 год. извршени се 242 самоубиствени напади во кои загинале 1987 лица, додека 5130 лица се повредени. Просекот на смртни случаи во еден самоубиствен напад изнесува 8,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 21,2

---

[687] The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

[688] Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/ пристапено во јули/август 2014 год.

[689] Авганистан, Алжир, Аргентина, Бангладеш, Боливија, Бугарија, Кина, Египет, Финска, Индија, Индонезија, Иран, Ирак, Израел, Јордан, Казахстан, Кенија, Кувајт, Либан, Либија, Мали, Мавританија, Мароко, Нигер, Нигерија, Пакистан, окупирани територии на Палестина, Катар, Русија, Саудиска Арабија, Сомалија, Шпанија, Шри Ланка, Шведска, Сирија, Таџикистан, Танзанија, Тунис, Турција, Уганда, Обединето Кралство, САД, Узбекистан, Јемен.

лица. Наредната 2013 год., во светот се извршени 358 самоубиствени напади во кои загинале 2964 лица, додека 7440 лица се повредени. Просекот на смртни случаи во еден самоубиствен напад изнесува 8,3 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 20,8 лица. Исто така и овде сретнуваме зголемување на бројот на самоубиствени напади во 2013 год. за 32,40%, во однос на претходната 2012 год.

Самоубиствените напади во светот во изминатите две години (2012-2013 год.), според ЦПОСТ[690] ги имаат следните карактеристики.

| *Самоубиствени напади* | *600* |
|---|---|
| **Загинати лица** | 4951 |
| **Повредени лица** | 12570 |
| **Просек на загинати лица по напад** | 8,3 |
| **Просек на повредени лица по напад** | 21 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 600 самоубиствени напади, загинати се вкупно 4951 лица, додека 12570 лице се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,3 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 21 лице. Цели на напад во 63,3% од случаите се безбедносните служби (380 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (2535) претставува 51,2% од вкупниот број на загинати лица, а стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,7. Политички цели на напад (92) претставуваат 15,3% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (639) во оваа категорија претставуваат 12,9% од вкупниот број на загинати лица, а стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 6,9. Цивилните цели на напад се застапени со 21,2% односно 127 напади, при што бројот на загинати лица (1777) претставува 35,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14. Во категоријата непознато влегуваат 0,2% од случаите (1 напад), при што нема останати податоци за истиот. Во однос на начинот на извршување на нападот, во 54,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 49,5% од вкупниот број на загинати лица. Во 38,5% бомбашите самоубијци

[690]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/ пристапено во август 2014 год.

користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 45,7% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато влегуваат 6,2% од извршените самоубиствени напади и истите се одговорни за 4,7% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата непознато влегуваат 0,7% од извршените самоубиствени напади и истите се одговорни за 0,1% од вкупниот број на загинати лица.

Зголемениот број на самоубиствени напади на Блискиот Исток во 2013 год. пред се се должи на политичката нестабилност во земјите од тој регион, особено по ескалацијата на конфликтите во Ирак и Сирија (каде што локалниот конфликт прерасна во регионален). Со оглед дека и понатаму имаме политичка нестабилност, како и голем број на извршени самоубиствени напади (околу 50% од вкупниот број на самоубиствени напади се извршени во земјите на Блискиот Исток), можеме да очекуваме продолжување на самоубиствените напади, па дури и зголемување на нивниот број, со оглед дека претставуваа ефикасен инструмент на завојуваните страни.

## 10. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА РЕГИОНИ ВО КОИ Е ПРИСУТЕН САМОУБИСТВЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Анализирајќи ги карактеристиките на самоубиствениот тероризам во светот, на претходно споменатите региони, Блискиот исток-југозападна Азија (Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан), Индиски потконтинент (Шри Ланка) за кои, како што рековме, се анализирани поради присуството на најголемиот број на самоубиствени терористички напади во светски рамки, или околу 88% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот,[691]доаѓаме до долунаведените констатации. На почетокот би појасниле, во истражувањето ќе се користат податоците презентирани од Проект за Безбедност и Тероризам Чикаго-ЦПОСТ (Chicago Project on Security and Terrorism CPOST), при Универзитетот во Чикаго–САД,[692]како релевантна институција која ги истражува самоубиствените терористички напади во светот. Од вкупниот број

[691]Од вкупниот број на обработени податоци (3261) според ЦПОСТ. Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

[692]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

на самоубиствени напади (3699) извршени во 44 земји во светот,[693] според ЦПОСТ, обработени и класифицирани самоубиствени напади во базата на податоци на ЦПОСТ се 3261 самоубиствени напади, или 88,15%. При тоа, како вкупна бројка, односно податок кој ќе го употребиме во истражувањето и констатациите кои ќе произлезат од тоа, ќе бидат 3261 самоубиствен напад. Исто така, би нагласиле дека ЦПОСТ го дефинира самоубиствениот напад како напад во кој напаѓачот намерно се убива себеси во обид да убие други лица. Клучен критериум е смртта на напаѓачот, дури и ако тој самиот е единствена жртва во нападот. Оваа дефиниција соодветствува со останатите дефиниции во кои се појаснува самоубиствениот напад. Во базата на податоци на ЦПОСТ се опфатени самоубиствените напади извршени од страна на недржавни актери (терористички организации). Секој самоубиствен напад кој е внесен во базата на ЦПОСТ, освен атрибутите за самоубиствен напад, мора да биде потврден од страна на два независни извори. ЦПОСТ не ги опфаќа, односно, не ги смета за самоубиствени напади следните напади:

1. Неуспешни самоубиствени напади каде што експлозивот не се активирал или оние во кои експлозивот е отстранет (од безбедносни служби), односно активиран од некој друг (трето лице или престрелка со безбедносните служби).
2. Самоубиствена мисија каде што извршителот/напаѓачот нема намера да се самоубие, односно преку престрелка со безбедносните служби самоубиствениот напаѓач настојува да биде убиен и на тој начин да биде активиран експлозивот, со што би настрадале други лица.

## Блискиот исток (југозападна Азија)

## ТУРЦИЈА

Извршувањето на самоубиствените напади во Турција е присутен кај терористички организации кои припаѓаат на религиозниот бран на тероризмот, Ал Каеда односно нејзините филијали, ПКК,[694] но и претставници на

[693] Авганистан, Алжир, Аргентина, Бангладеш, Боливија, Бугарија, Кина, Египет, Финска, Индија, Индонезија, Иран, Ирак, Израел, Јордан, Казахстан, Кенија, Кувајт, Либан, Либија, Мали, Мавританија, Мароко, Нигер, Нигерија, Пакистан, окупирани територии на Палестина, Катар, Русија, Саудиска Арабија, Сомалија, Шпанија, Шри Ланка, Шведска, Сирија, Таџикистан, Танзанија, Тунис, Турција, Уганда, Обединето Кралство, САД, Узбекистан, Јемен.

[694] Специфично е што оваа терористичката организација на почетокот застапува марксистичко-ленинистичка идеологија за подоцна, по распадот на Советскиот Сојуз, започнува со примена на

екстремната левица (секуларни) како што е Револуционерна партија-фронт за народно ослободување или ДХКП-С. Состојбите во оваа земја дополнително се усложнуваат со граѓанската војна во Сирија и присутните релации на терористичките организации од Турција со сирискиот режим. Најчесто блиски релации со Сирија имаат организациите од секуларен карактер, но не се исклучува можноста од големото влијание на терористичките организации од религиозниот бран на тероризмот. Истите како што можеме да забележиме имаат своја логистичка поддршка во Турција, која може уште повеќе да се засили со оглед на присуството на екстремни исламски структури во граѓанската војна во Сирија.

Според ЦПОСТ[695]во период од 1996 год.(кога, според податоците на ЦПОСТ, е извршен првиот самоубиствен напад во Турција) до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Турција е следна.

| **Година** | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **1996** | 3 | 17 | 51 | 5,7 |
| **1997** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1998** | 3 | 1 | 37 | 0,3 |
| **1999** | 5 | 2 | 53 | 0,4 |
| **2000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2001** | 2 | 4 | 28 | 2,0 |
| **2002** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2003** | 4 | 57 | 693 | 14,3 |
| **2004** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2005** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2006** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2007** | 2 | 14 | 110 | 7,0 |
| **2008** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2009** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2010** | 0 | 0 | 0 | 0 |

самоубиствените напади и се вметнуваат елементи од религиозен карактер. Сепак и во овој период присутен е националниот карактер на терористичките активности на ПКК.

[695]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2011 | 2 | 5 | 22 | 2,5 |
| 2012 | 2 | 9 | 4 | 4,5 |
| 2013 | 1 | 1 | 1 | 1,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1996 до 2013 год. во Турција се случиле 24 самоубиствени напади во кои загинале 110 лица, додека повредени се 1001 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,6 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 41,7 лица. Цели на напад во 58,3% претставувале безбедносните служби (14 напади) каде што имаме и најголем број на загинати лица (40) и истите претставуваат 36,4% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 2,9. Политички цели на напад (5) претставуваат 20,8% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (36) во оваа категорија претставуваат 32,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7,2. Цивилните цели на напад се застапени со 20,8% односно 5 напади, при што бројот на загинати лица (34) претставува 30,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,8. Во однос на начинот на извршување на нападот во 16,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 51,8% од вкупниот број на загинати лица, во 79,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 40,9% од вкупниот број на загинати лица и 4,2% од нападите припаѓаат на категоријата непознато каде што влегуваат 7,3% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на ПКК (8),[696] Ал Каеда (5), Големиот источен исламски завојувачки фронт или ИБДА-Ц[697](4), ДХКП-С (2) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1996 год. до 2013 год. во Турција самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

[696] За 8 извршени самоубиствени напади ПКК ја превзема одговорноста додека за 9 самоубиствени напади постојат сериозни индиции дека се дело на ПКК. Во случај да се потврдат индициите би имало вкупно 17 самоубиствени напади извршени од страна на ПКК. http://cpost.uchicago.edu/

[697] *İslami Büyükdoğu Akıncılar Cephesi* или IBDA-C (ИБДА-Ц).

- Во периодот од 18 години (од 1996 до 2013 год.) во Турција се случувале во просек по околу еден самоубиствен напад годишно (1,33), во кои имало просечно околу 4,6 загинати лица и 41,7 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 58,3% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 20,8% цивилните цели и 20,8% политички цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби 36,4 %, потоа следат политички цели со 32,7% и цивилните цели 30,9%.
- Во 79,2% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат со 16,7 % од случаите автомобил бомба и 4,2% од случаите припаѓаат на категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (51,8%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следи самоубиствен појас со 40,9% и во категоријата непознато влегуваат 7,3%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 18 години, тие се движат во опсег од 0 до 5. Започнуваат во 1996 год. со 3 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 5 самоубиствени напади во 1999 год.
- Најсмртоносна била 2003 год. со 4 напади, во кои загинале 57 лица при што просекот бил 14,3 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Турција, во овој период, се со радикален исламски предзнак (филијали на Ал Каеда, Големиот источен исламски завојувачки фронт ИБДА-Ц), потоа национален и исламски предзнак (ПКК) и екстремната левица (секуларни) како што е Револуционерна партија-фронт за народно ослободување или ДХКП-С.

Присуството на самоубиствени терористички напади во Турција би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади во 1996 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1996 | 3 | 17 | 51 | 5,7 |
| 1997 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1998 | 3 | 1 | 37 | 0,3 |
| 1999 | 5 | 2 | 53 | 0,4 |
| 2000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1996 до 2000 год. во Турција се случиле 11 самоубиствени напади во кои загинале 20 лица, додека повредени се 141 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 1,8 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 12,8 лица. Цели на напад во 72,7% претставувале безбедносните служби (8 напади) каде што имаме и најголем број на загинати лица (18) и истите претставуваат 90% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 2,3. Политички цели на напад (2) претставуваат 18,2% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (2) во оваа категорија претставуваат 10% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 1. Цивилните цели на напад се застапени со 9,1% односно 1 напад, при што нема загинати лица односно повредени се 9 лица. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите 11 случаи, бомбашите самоубијци користеле самоубиствени појаси. Во сите извршени самоубиствени напади се спомнува ПКК како терористичка организација која стои позади нив (или како што веќе споменавме за дел од нив одговорноста ја превзема ПКК, додека за останатиот дел постојат сериозни индиции дека се дело на ПКК).

Или, поединечно по години, во 1996 год. се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 17 лица додека повредени се 51 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,7 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 17 лица. Цели на напад во сите случаи биле безбедносните служби (3 напади). Во оваа категорија се наоѓаат и сите загинати лица (17). Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Во сите извршени самоубиствени напади се спомнува ПКК како терористичка организација која

стои позади нив (официјално и неофицијално). Во 1997 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Турција. Во 1998 год. во Турција се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинало 1 лице додека повредени се 37 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 0,3 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 12,3 лица. Цели на напад во 66,7% претставувале безбедносните служби (2 напади) каде што имаме едно загинато лице и стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 0,5. Цивилните цели на напад се застапени со 33,3% односно 1 напад, при што нема загинати лица односно повредени се 9 лица. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите 3 случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Во сите извршени самоубиствени напади се спомнува ПКК како терористичка организација која стои позади нив (официјално и неофицијално). Во 1999 год. во Турција се случиле 5 самоубиствени напади во кои загинале 2 лица додека повредени се 53 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 0,4 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,6 лица. Цели на напад во 60% претставувале безбедносните служби (3 напади) каде што нема загинати лица односно повредени се 24 лица. Политички цели на напад (2) претставуваат 40% од вкупниот број на напади и во оваа категорија се наоѓаат двете загинати лица. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите 5 случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Во сите извршени самоубиствени напади се спомнува ПКК како терористичка организација која стои позади нив (официјално и неофицијално). Во 2000 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Турција.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1996 год. до 2000 год. во Турција самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 5 години (од 1996 до 2000 год.) во Турција се случувале во просек по околу два самоубиствени напади годишно (2,2), во кои имало просечно околу 1,8 загинати лица и 12,8 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 72,7% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 18,2% политички цели и 9,1% цивилните цели.

- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби 90% потоа следат политички цели 10%.
- Во сите случаи (100%) како средство за самоубиствен напад е користен самоубиствен појас.
- Вкупниот број на загинати лица (100%) произлегува од нападите со самоубиствен појас.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 5 години, тие се движат во опсег од 0 до 5. Започнуваат во 1996 год. со 3 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 5 самоубиствени напади во 1999 год.
- Најсмртоносна била 1996 год. со 3 напади во кои загинале 17 лица, при што просекот бил 5,7 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Турција, во овој период, се со национален и исламски предзнак, односно се спомнува ПКК како терористичка организација која стои позади нив (официјално и неофицијално).

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2013 год.

| **Година** | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **2001** | 2 | 4 | 28 | 2,0 |
| **2002** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2003** | 4 | 57 | 693 | 14,3 |
| **2004** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2005** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2006** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2007** | 2 | 14 | 110 | 7,0 |
| **2008** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2009** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2010** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2011** | 2 | 5 | 22 | 2,5 |
| **2012** | 2 | 9 | 4 | 4,5 |
| **2013** | 1 | 1 | 1 | 1,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 до 2013 год. во Турција се случиле 13 самоубиствени напади во кои загинале 90 лица, додека повредени се 860 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,9 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 66,2 лица. Цели на напад во 46,2% претставувале безбедносните служби (6 напади) каде што имаме 22 загинати лица и истите претставуваат 24,4% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 3,7. Политички цели на напад (3) претставуваат 23,1% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (34) во оваа категорија претставуваат 37,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11,3. Цивилните цели на напад се застапени со 30,8% односно 4 напади, при што бројот на загинати лица (34) претставува 37,8% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 30,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 63,3% од вкупниот број на загинати лица, во 61,5% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 27,8% од вкупниот број на загинати лица и 7,7% од нападите припаѓаат на категоријата непознато каде што влегуваат 8,9% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на Ал Каеда (4), Големиот источен исламски завојувачки фронт ИБДА-Ц (4), ПКК (2),[698]ДХКП-С (2) и др.

Или, поединечно по години, во 2001 год. во Турција се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 4 лица додека повредени се 28 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 14 лица. Цели на напад во двата случаи биле безбедносните служби каде што имаме 4 загинати лица, стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 2. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Официјално одговорноста за двата

[698]За 8 извршени самоубиствени напади ПКК ја превзема одговорноста додека за 9 самоубиствени напади постојат сериозни индиции дека се дело на ПКК. Во случај да се потврдат индициите би имало вкупно 17 самоубиствени напади извршени од страна на ПКК. http://cpost.uchicago.edu/

напади не ја превзема ниту една терористичка организација. Во 2002 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Турција. Во 2003 год. се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 57 лица додека повредени се 693 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,3 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 173,3 лица. Политички цели на напад (1) претставуваат 25% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (29) во оваа категорија претставуваат 49,1% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 29. Цивилните цели на напад се застапени со 75% односно 3 напад, при што бројот на загинати лица (28) претставува 50,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи извршителите на самоубиствените напади користеле автомобил бомба. Нападите се извршени од страна на Ал Каеда и Големиот источен исламски завојувачки фронт ИБДА-Ц. Во 2004 год. во Турција се случил еден самоубиствен напад во кој загинале 3 лица додека повредени се 7 лица. Самоубиствениот напад бил извршен врз цивилна цел каде што се загинати (3) и повредени (7) лица, стапката на смртност во овој самоубиствен напад изнесува 3. Во однос на начинот на извршување на нападот истиот влегува во категоријата непознато. Самоубиствениот напад го извршила терористичката организација Ал Каеда. Во 2005 и 2006 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Турција. Во 2007 год во Турција се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 14 лица додека повредени се 110 лица Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 55 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (1 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (8) претставува 57,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Цивилните цели на напад се застапени со 50% односно 1 напад, при што бројот на загинати лица (6) претставува 42,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 42,9% од вкупниот број на загинати лица, додека во категоријата непознато

влегуваат 50% и во оваа категорија се случиле 57,1% од вкупниот број на загинати лица. Двата терористички напади се смета дека се дело на ПКК. Во периодот од 2008 до 2010 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Турција. Во 2011 год. во Турција се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 5 лица додека повредени се 22 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2,5 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 11 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (1 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1) претставува 20% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Политички цели на напад (1) претставуваат 50% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (4), во оваа категорија, претставуваат 80% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 4. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Двата терористички напади се смета дека се дело на ПКК. Во 2012 год. во Турција се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 9 лица додека повредени се 4 лица Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,5 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 2 лица. Цели на напад во двата случаи биле безбедносните служби каде што имаме 9 загинати лица, стапка на смртност во оваа категорија на самоубиствени напади изнесува 4,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас. Самоубиствените терористички напади се извршени од две терористички организации ПКК (1) и ДХКП-С (1). Во 2013 год. во Турција се случил 1 самоубиствени напади во кој загинало 1 лице додека повредени се 3 лица. Самоубиствениот напад бил извршен врз политичка цел каде што имаме 1 загинат и 3 повредени лица, стапката на смртност во овој самоубиствен напад изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот, бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствените терористички напад е извршен од страна на ДХКП-С.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2001 год. до 2013 год. во Турција самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 13 години (од 2001 до 2013 год.) во Турција се случувале во просек по еден самоубиствен напад годишно, во кој имало просечно околу 6,9 загинати лица и 66,2 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 46,2% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 30,8% цивилни цели и 23,1% политички цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати, има подеднакво кај цивилните цели 37,8% и политичките цели 37,8%, потоа следат безбедносните служби со 24,4%.
- Во 61,5% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат со 30,8% од случаите автомобил бомба и 7,7% од случаите припаѓаат на категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (63,3%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следи самоубиствен појас со 27,8% и во категоријата непознато влегуваат 8,9%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 13 години, тие се движат во опсег од 0 до 4. Започнуваат во 2001 год. со 2 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 4 самоубиствени напади во 2003 год.
- Најсмртоносна била 2003 год. со 4 напади во кои загинале 57 лица при што просекот бил 14,3 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Турција, во овој период, се со радикален исламски предзнак (филијали на Ал Каеда, Големиот источен исламски завојувачки фронт ИБДА-Ц), потоа национален и исламски предзнак (ПКК) и екстремната левица (секуларни) како што е Револуционерна партија-фронт за народно ослободување или ДХКП-С.

Самоубиствените терористички напади во Турција се применуваат од страна на терористичките организации кои припаѓаат на радикалните религиозни и секуларни идеологии. Иако во периодот 1996-2000 год. или првиот дел од нашето истражување, забележуваме дека приматот во извршувањето на самоубиствени мисии, во оваа земја, го има ПКК која во својата идеолошка

матрица застапува елементи од национален и религиозен карактер. Сепак забележуваме дека „поволностите" од самоубиствените мисии ги користат сите терористички организации присутни на турската политичка сцена, без оглед на идеолошката матрица на која припаѓаат самите организации.

## ЛИБАН

Почетоците на модерниот самоубиствен тероризам во светот се поврзани со оваа земја. Исто така, почетните успеси на Хезболах, претставуваа инспирација за многу терористички организации кои во својот репертоар на дејствување применуваат самоубиствени напади. Религијата не беше ставена под знак прашалник, односно таа доминираше во идеологијата на Хезболах (шиитски ислам) од самиот почеток. Но, и во Либан, во текот на 80-те години на минатиот век имаше присуство на секуларни организации (партии), кои изведуваа самоубиствени напади, како што се Сириската национал-социјалистичка партија (ССНП), Либанска комунистичка партија и други таканаречени просириски организации. Сепак приматот на самоубиствените напади во Либан го задржа Хезболах, кој овие напади започна да ги користи во специјални прилики и на интернационално ниво (Аргентина, Бугарија). Актуелните случувања со сириската граѓанска војна повторно го актуелизираа Хезболах, но овој пат, самоубиствените напади во Либан се насочени токму кон оваа терористичка организација, односно, поради поддршката што Хезболах ја пружа на режимот на сирискиот претседател Башар ал Асад. Воедно, нападите кон Хезболах би можеле да го означат и почетокот на секташкото насилство кон припадниците на шиитската заедница во оваа земја, со оглед што оваа терористичка организација припаѓа на шиитската струја на исламот.

Според ЦПОСТ[699]во период од 1982 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Либан е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **1982** | 1 | 115 | 28 | 115,0 |
| **1983** | 4 | 408 | 306 | 102,0 |

[699]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1984** | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| **1985** | 19 | 226 | 205 | 11,9 |
| **1986** | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| **1987** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1988** | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| **1989** | 2 | 0 | 9 | 0 |
| **1990** | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| **1991** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1992** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1993** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1994** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1995** | 1 | 0 | 30 | 0 |
| **1996** | 1 | 1 | 8 | 1,0 |
| **1997** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1998** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1999** | 1 | 7 | 14 | 7,0 |
| **2000** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2001** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2002** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2003** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2004** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2005** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2006** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2007** | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **2008** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2009** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2010** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2011** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2012** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2013** | 4 | 36 | 265 | 9,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 43 самоубиствени напади загинати се вкупно 867 лица, додека 950 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 20,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен

напад изнесува 22,1 лица. Цели на напад во 93% од случаите се безбедносните служби (40 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (776) претставува 89,5% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 19,4. Политички цели на напад (3) претставуваат 7% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (91) во оваа категорија претставуваат 10,5% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 30,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 86% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 99,2% од вкупниот број на загинати лица, во 9,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 0,8% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 4,7% од случаите за кои нема податоци за загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади, според ЦПОСТ, се дело на Либанскиот национален фронт на отпорот (9), ССНП (8),[700]Исламска света војна (6), Хезболах (5), Арапска социјалистичка партија-БААС (3), Амал (2), Исламски отпор (2), Народен фронт за ослободување на Палестина-ПФЛП (2), Ајша Ум-ал-Моуменен (Aisha Umm-al Mouemeneen) позната и како Бригадите Ајша (1), Арапско-египетска лига (1), Вооружена борбена група (1), Либанска партија-БААС (1), Либанска комунистичка партија (1) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1982 год. до 2013 год. во Либан самоубистveniот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во период од 32 години (од 1982 од 2013 год. во Либан се случувале во просек по околу еден самоубиствен напад годишно (1,34), во кои имало просечно околу 20,2 загинати лица и 22,1 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 93% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 7% политички цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 89,5% потоа следат политички цели со 10,5%.

[700]Овој податок е според ЦПОСТ иако во друга литература се спомнува за извршени 16 самоубиствени напади.

- Во 86% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 9,3% од случаите самоубиствен појас и 4,7% од случаите припаѓаат на категоријата останато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (99,2%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 0,8%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 32 години, тие се движат во опсег од 0 до 19. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 19 самоубиствени напади во 1985 год.
- Најсмртоносна била 1983 год. со 4 напади во кои загинале 408 лица, при што просекот бил 102 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Либан, во овој период, се со радикален исламски предзнак (Исламска света војна, Хезболах и др.), но присутни се и секуларните терористички организации кои вршат самоубиствени напади во периодот од 1982 до 2000 год. (периодот е одреден според потребите на ова истражување), како што се БААС, ССНП, ПФЛП и др. Во 2013 год. забележани се судири помеѓу сунитската и шиитската заедница.

Присуството на самоубиствени терористички напади во Либан би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади од 1982 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1982 | 1 | 115 | 28 | 115,0 |
| 1983 | 4 | 408 | 306 | 102,0 |
| 1984 | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| 1985 | 19 | 226 | 205 | 11,9 |
| 1986 | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| 1987 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1988** | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| **1989** | 2 | 0 | 9 | 0 |
| **1990** | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| **1991** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1992** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1993** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1994** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1995** | 1 | 0 | 30 | 0 |
| **1996** | 1 | 1 | 8 | 1,0 |
| **1997** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1998** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1999** | 1 | 7 | 14 | 7,0 |
| **2000** | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1982 год. до 2000 год. во Либан се случиле 38 самоубиствени напади во кои загинале 831 лице, додека повредени се 685 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 21,8 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 18 лица. Цели на напад во 94,7% од случаите се безбедносните служби (36 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (748) претставува 90% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 20,8. Политички цели на напад (2) претставуваат 5,3% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (83) во оваа категорија претставуваат 10% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 41,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 89,5% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 99% од вкупниот број на загинати лица, во 5,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 0,7% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 5,2% од случаите за кои нема податоци за загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на Либанскиот национален фронт на отпорот (9), ССНП (8), Исламска света војна (6), Хезболах (5), Арапска социјалистичка партија-БААС (3), Амал (2), Исламски отпор (2), Народен фронт за ослободување на Палестина-ПФЛП (2),

Арабско-египетска лига (1), Вооружена борбена група (1), Либанска партија БААС (1), Либанска комунистичка партија (1) и др.

Или, поединечно по години, во 1982 год. во Либан се случил еден самоубиствени напади во кој загинале 115 лица додека повредени се 28 лице. Цел на напад биле безбедносни служби на Израел (стационирани во Либан) каде што ги имаме сите загинати (115) и повредени (28) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 115. Во однос на начинот на извршување на нападот извршителот/ите на самоубиствениот напад користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на две терористички организации-Вооружена борбена група и Либанскиот национален фронт на отпорот, односно се смета за дел од кампањата која ја водел Хезболах против израелската војска стационирана во Либан. Во 1983 год. во Либан се случиле 4 напади во кои загинале 408 лица додека 306 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 102 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 76,5 лица. Цели на напад во 75% од случаите се безбедносните служби (3 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (348) претставува 85,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 116. Политички цели на напад (1) претставуваат 25% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (60) во оваа категорија претставуваат 14,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 60. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи (4) извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените терористички напади се извршени од страна на организацијата Исламска света војна (4), односно како дел од кампањата која ја спроведува Хезболах против израелската, американската и француската војска стационирана во Либан. Во 1984 год. во Либан се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 29 лица, додека повредени се 49 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,7 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 16,3 лица. Цели на напад во 66,7% од случаите се безбедносните служби (2 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (6) претставува 20,7% од вкупниот број на

загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3. Политички цели на напад (1) претставуваат 33,3% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (23) во оваа категорија претставуваат 79,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 23. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи (3) извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Исламска света војна (1), Либанскиот национален фронт на отпорот (1) и др. Нападите претставуваат дел од кампањата која ја спроведува Хезболах против израелската, американската и француската војска стационирана во Либан. Во 1985 год. во Либан се случиле 19 самоубиствени напади во кои загинале 226 лица, додека повредени се 205 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 11,9, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,8 лица. Цел на напад во сите (19) случаи биле безбедносни служби на Израел (стационирани во Либан) каде што ги имаме сите загинати (226) и повредени (205) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11,9. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи извршителите на самоубиствените напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ССНП (7), Либанскиот национален фронт на отпорот (6), Амал (2), Арапска социјалистичка партија-БААС (2) и др. Во 1986 год. во Либан се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 33 лица додека повредени се 24 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 11, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 8 лица. Цел на напад во сите (3) случаи биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што ги имаме сите загинати (33) и повредени (24) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи извршителите на самоубиствените напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Арапска социјалистичка партија-БААС (1), ССНП (1) и др. Во 1987 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан. Во 1988 год. во Либан се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 7 додека

повредени се 11 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 3,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,5 лица. Цел на напад во двата случаи биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што е вкупниот број на загинати (7) и повредени (11) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 3,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи извршителите на самоубиствените напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Исламски отпор (1) и Хезболах (1) односно претставуваат дел од кампањата на Хезболах против Израел. Во 1989 год. во Либан се случиле два самоубиствени напади во кои нема загинати лица односно само 9 повредени лица. Просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,5 лица. Цел на напад во двата случаи биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што се повредени 9 лица. Во однос на начинот на извршување на нападот во едниот случај извршителот на самоубиствениот напад користел автомобил бомба и истиот е извршен од страна на Хезболах, додека во другиот самоубиствен напад употребен е пловен објект (чамец) и истиот е извршен од страна на ПФЛП. Во 1990 год. во Либан се случил еден самоубиствени напад во кој загинале 5 додека повредено е 1 лице. Цел на нападот биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што е вкупниот број на загинати (5) и повредени (1) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 5. Во однос на начинот на извршување на самоубиствениот напад бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на ПФЛП. Во периодот од 1991 год. до 1994 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан. Во 1995 год. во Либан се случил еден самоубиствени напад во кој нема загинати лица односно повредени се 30 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што се повредени сите (30) лица. Во однос на начинот на извршување на самоубиствениот напад, извршителот употребил автомобил бомба. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на Хезболах. Во 1996 год. во Либан се случил еден самоубиствен напад во кој загинало едно лице додека повредени се 8 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан), каде што е загинато едно лице и повредени 8

лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 1. Во однос на начинот на извршување на самоубиствениот напад бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на Хезболах. Во периодот од 1997 год. до 1998 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан. Во 1999 год. во Либан се случил еден самоубиствен напад во кој загинале 7 лица додека повредени се 14 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби на Израел (стационирани во Либан) каде што се загинати 7 лица и повредени се 14 лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7. Во однос на начинот на извршување извршителот на самоубиствениот напад користел автомобил бомба. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на Хезболах. Во 2000 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1982 год. до 2000 год. во Либан самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 19 години (од 1982 до 2000 год.) во Либан се случувале во просек по 2 самоубиствен напад годишно, во кои имало просечно околу 21,8 загинати лица и 18 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 94,7% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 5,3% политички цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 90% потоа следат политички цели со 10%.
- Во 89,5% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат со 5,3% од случаите извршени со самоубиствен појас и 5,2% од случаите припаѓаат на категоријата останато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (99%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 0,7%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 19 години, тие се движат во опсег од 0 до 19. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го

достигнат максималниот број од 19 самоубиствени напади во 1985 год.

- Најсмртоносна била 1983 год. со 4 напади во кои загинале 408 лица при што просекот бил 102 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Либан, во овој период, се од религиозен карактер (Исламска света војна, Хезболах и др.) како и секуларните терористички организации како што се БААС, ССНП, ПФЛП и др.

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2013 год.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2002 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2003 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2009 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2010 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2011 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2013 | 4 | 36 | 265 | 9,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 год. до 2013 год. во Либан се случиле 5 самоубиствени напади во кои загинале 36 лице, додека повредени се 265 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 53 лица. Цели на напад во 80% од случаите се безбедносните служби (4 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (28) претставува 77,8% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7. Политички цели на напад (1) претставуваат 20% од вкупниот број на

напади додека бројот на загинати лица (8) во оваа категорија претставуваат 22,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Во однос на начинот на извршување на нападот во 60% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 97,2% од вкупниот број на загинати лица, во 40% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 2,8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените терористички напади се извршени од страна на Бригадите на Абдула Азам (1), Бригадите Ајша (1) и др.

Или, поединечно по години. Во периодот од 2001 год. до 2006 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан. Во 2007 год во Либан се случил еден самоубиствен напад во кој нема повредени и загинати лица. Цел на нападот биле израелски безбедносни сили. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас Не е позната терористичката организација која го извршила самоубиствениот напад, односно претставува дел од кампањата на Хезболах против Израел. Во периодот од 2008 год. до 2012 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Либан. Во 2013 год. во Либан се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 36 лице додека повредени се 265 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 66,3 лица. Цели на напад во 75% од случаите се безбедносните служби (3 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (28) претставува 77,8% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,3. Политички цели на напад (1) претставуваат 25% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (8) во оваа категорија претставуваат 22,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Во однос на начинот на извршување на нападот во 75% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 97,2% од вкупниот број на загинати лица, во 25% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 2,8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените терористички напади се

извршени од страна на Бригадите на Абдула Азам (1), Бригадите Ајша (1)[701] и др. Нападите, од овие две терористички организации, беа насочени против Хезболах и Иран (иранската амбасада во Бејрут). Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Либан, во овој период, припаѓаат на радикалниот ислам и присутно е секташкото насилство кон припадниците на шиитската заедница.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2001 год. до 2013 год. во Либан самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 13 години (од 2001 до 2013 год.) во Либан се случиле 5 самоубиствени напади во кои имало просечно околу 7,2 загинати лица и 53 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 80% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 20% политички цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 77,8% потоа следат политички цели со 22,2%.
- Во 75% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат 25% од случаите извршени со самоубиствен појас.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (97.2%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 2,8%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 13 години, тие се движат во опсег од 0 до 4. Започнуваат во 2007 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 4 самоубиствени напади во 2013 год.
- Најсмртоносна била 2013 год. со 4 напади во кои загинале 36 лица, при што просекот бил 9 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Либан, во овој период, се карактеризираат со

---

[701] Одговорноста за самоубиствениот напад од 27.12.2013 год. го превзема исламистичката милитантна организација Бригадите на Абдула Азам (Abdullah Azzam Brigades), додека одговорноста за друг самоубиствен напад (15.08.2013 год.) го превзема исламистичката организација Ајша Ум-ал-Моуменен (Aisha Umm-al Mouemeneen) позната и како Бригадите Ајша.

религиозен исламски предзнак и судири помеѓу сунитската и шиитската заедница.

Самоубиствените терористички напади во Либан, се применуваат од страна на терористичките организации кои припаѓаат на радикалните религиозни и секуларни идеологии. Во периодот 1982-2000 год. или првиот дел од нашето истражување, имаме забележителна бројка на извршени самоубиствени напади од страна на секуларните терористички организации. Истите егзистираат покрај присуството на најпознатата (религиозна) терористичка организација Хезболах, која во тој период ги постигнува своите најзначајни успеси со примената на самоубиствените напади. Сепак, во оваа земја, приматот во извршувањето на самоубиствените напади го имаат терористичките организации со радикална религиозна идеологија. Во текот на 2013 год., забележуваме присуство на самоубиствени напади во рамките на двете главни струи на исламот, сунити и шиити. Во оваа временска дистанца (2013 год.), Хезболах, е главна цел на нападите што ги вршат терористички организации кои припаѓаат на сунитската струја на исламот.

## ИЗРАЕЛ

Најголемиот процент на самоубиствени напади во Израел се извршени од страна на палестински терористички организации, кои по својата идеологија, припаѓаат на религиозни бран на тероризмот со исламски предзнак (Хамас, Палестински исламски Џихад и др.). Истите се одговорни за 65.6% од вкупно извршените самоубиствени напади за време на втората интифада (во периодот 2000-2005 год.) или 2/3. Секуларни терористички организации (Народен фронт за ослободување на Палестина-ПФЛП, Фатах, Ал Акса маченички бригади) се одговорни за 31.8% од вкупно извршените самоубиствени напади во периодот на втората интифада, односно 1/3. Учеството на жените-бомбаши самоубијци во палестинското општество е доста голем во претходниот период. Според истражувањата презентирани во 2013 год. истите се рангирани на второ место во светот (веднаш по Ирак), што ни укажува на степенот на влијание на општествените прилики кон женската популација во оваа средина. Во изминатите шест години самоубиствените напади стагнираа во Израел, главно поради превземените мерки на безбедносните структури на Израел. Последниот самоубиствен напад во Израел е извршен од страна на терористичката организација Ал Акса маченички бригади на 4.02.2008 год. Нападот е извршен

од страна на маж (21 год.) кој на своето тело имал прицврстен самоубиствен појас. Епилогот е 1 загинат и 11 повредени лица.[702]Во 2012 год. терористичките активности се карактеризираа со минофрлачки и ракетни напади (2257), гранични инциденти и поставување на импровизирани експлозивни направи во возила за јавен превоз. Во 2013 год. терористичките активности имаа слични карактеристики како и претходната година, минофрлачки (16), ракетни напади (52)[703]како и поставување на импровизирани експлозивни направи во возила за јавен превоз. Сепак нестабилните политички состојби во регионот (Сирија, Либан и Египет) создаваат предуслови за нов бран на самоубиствени напади во Израел, со оглед на присуството на разни милитантни идеологии во тој регион.

Според ЦПОСТ[704]во период од 1994 год.(кога, според податоците на ЦПОСТ, е извршен првиот самоубиствен напад во Израел) до 2008 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Израел е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1994 | 4 | 37 | 236 | 9,3 |
| 1995 | 2 | 12 | 140 | 6,0 |
| 1996 | 4 | 59 | 221 | 14,8 |
| 1997 | 1 | 3 | 48 | 3,0 |
| 1998 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1999 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2001 | 17 | 80 | 660 | 4,7 |
| 2002 | 39 | 205 | 1491 | 5,3 |
| 2003 | 17 | 127 | 665 | 7,5 |
| 2004 | 5 | 34 | 216 | 6,8 |
| 2005 | 5 | 24 | 222 | 4,8 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[702]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

[703] Middle Eastern Briefing #39, Gaza and Israel, New Obstacles, New Solutions, by International Crisis Group, 14 July 2014, p4

[704]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 1 | 1 | 11 | 1,0 |
| 2009 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2010 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2011 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2013 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 95 самоубиствени напади загинати се вкупно 582 лица, додека 3910 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,1 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 41,2 лица. Цели на напад во 15,8% од случаите се безбедносните служби (15 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (26) претставува 4,5% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,7. Цивилните цели на напад се застапени со 84,2% односно 80 напади, при што бројот на загинати лица (556) претставува 95,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 11,6% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 6,2% од вкупниот број на загинати лица, во 88,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 93,8% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на Хамас (41), Ал Акса маченички бригади (25), ПИЦ (21), ПФЛП (6), Исламска света војна (2) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1994 год. до 2008 год. во Израел самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 15 години (од 1994 до 2008 год.) во Израел се случувале во просек по околу шест самоубиствени напади годишно (6,33), во кои имало просечно околу 6,1 загинати лица и 41,2 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 84,2% од случаите цел на напад се цивилни цели, потоа следат безбедносните служби со 15,8%.

- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај цивилните цели со 95,5%, потоа следат безбедносните служби со 4,5%.
- Во 88,4% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат во 11,6% од случаите автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (93,8%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 6,2%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 15 години, тие се движат во опсег од 0 до 39. Започнуваат во 1994 год. со 4 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 39 самоубиствени напади во 2002 год.
- Најсмртоносна била 2002 год. со 39 напади во кои загинале 205 лица при што просекот бил околу 5,3 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Израел, во овој период, се со радикален исламски предзнак (Хамас, ПИЦ, Исламска света војна и др.), но присутни се и секуларните терористички организации (ПФЛП, Ал Акса маченички бригади и др.), кои исто така извршуваат самоубиствени мисии.

Присуството на самоубиствени терористички напади во Израел би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади од 1994 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати Лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1994 | 4 | 37 | 236 | 9,3 |
| 1995 | 2 | 12 | 140 | 6,0 |
| 1996 | 4 | 59 | 221 | 14,8 |
| 1997 | 1 | 3 | 48 | 3,0 |
| 1998 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1999** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2000** | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1994 год. до 2000 год. во Израел се случиле 11 самоубиствени напади во кои загинале 111 лица додека повредени се 645 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,1 лице, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 58,6 лица. Цели на напад во 9,1% од случаите се безбедносните служби (1 напади), при што во оваа категорија нема загинати лица, односно 13 лица се повредени. Цивилните цели на напад се застапени со 90,9% односно 10 напади, при што бројот на загинати лица (111) претставува вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 11,1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 18,2% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 12,6% од вкупниот број на загинати лица, во 81,8% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 87,4% од вкупниот број на загинати. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на Хамас.

Или, поединечно по години, во 1994 год. во Израел се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 37 додека повредени се 236 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 59 лица. Цел на напад во 75% од случаите се цивилни цели (3 напади), при што бројот на загинати (37) претставува вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 12,3. Во 25% цел на нападот претставуваат безбедносните служби (1 напад), при што во оваа категорија нема загинати лица односно 13 лица се повредени. Во однос на начинот на извршување на нападот во 25% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 24,3% од вкупниот број на загинати лица, во 75% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 75,7% од вкупниот број на загинати. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на Хамас. Во 1995 год. во Израел се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 12, додека повредени се 140 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен

напад изнесува 6, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 70 лица. Цел на напад во двата случаи се цивилни цели каде што ја имаме вкупната бројка на загинати лица (12), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за вкупната бројка на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на Хамас. Во 1996 год. во Израел се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 59 додека повредени се 221 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 55,3 лица. Цел на напад во сите случаи (4) се цивилни цели каде што ја имаме вкупната бројка на загинати лица (59), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,8. Во однос на начинот на извршување на нападот во 25% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 8,5% од вкупниот број на загинати лица, во 75% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 91,5% од вкупниот број на загинати. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на Хамас. Во 1997 год. во Израел се случиле еден самоубиствен напад, во кој загинале 3 додека повредени се 48 лица. Мета на нападот била цивилна цел каде што се загинати 3 лица и повредени 48 лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 3. Во однос на начинот на извршување на самоубиствениот напад бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на Хамас. Во периодот од 1998 год. до 2000 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Израел.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1994 год. до 2000 год. во Израел самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 7 години (од 1994 до 2000 год.) во Израел се случувале во просек по околу еден самоубиствен напад годишно (1,57), во кој имало просечно 10,1 загинати лица и 58,6 повредени лица во еден самоубиствен напад.

- Во 90,9% од случаите цел на напад се цивилните цели, потоа следат безбедносните служби со 9,1%.
- Вкупната бројка на загинати лица се наоѓа во категоријата цивилни цели.
- Во 81,8% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат во 18,2% од случаите автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (87,4%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 12,6%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 7 години, тие се движат во опсег од 0 до 4. Започнуваат во 1994 год. со 4 самоубиствени напади. Максималниот број од 4 самоубиствени напади е забележан исто така и во 1996 год.
- Најсмртоносна била 1996 год. со 4 напади во кои загинале 59 лица, при што просекот бил 14,8 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Израел, во овој период, се со радикален исламски предзнак при што терористичката организација Хамас најчесто се поврзува со извршените самоубиствени напади.

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2008 год.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **2001** | 17 | 80 | 660 | 4,7 |
| **2002** | 39 | 205 | 1491 | 5,3 |
| **2003** | 17 | 127 | 665 | 7,5 |
| **2004** | 5 | 34 | 216 | 6,8 |
| **2005** | 5 | 24 | 222 | 4,8 |
| **2006** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2007** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2008** | 1 | 1 | 11 | 1,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 год. до 2008 год. во Израел се случиле 84 самоубиствени напади во кои загинале 471 лице, додека повредени се 3265

лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,6 лице, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 38,9 лица. Цели на напад во 16,7% од случаите се безбедносните служби (14 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (26) претставува 5,5% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,9. Цивилните цели на напад се застапени со 83,3% односно 70 напади, при што бројот на загинати лица (445) претставува 94,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 10,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 4,7% од вкупниот број на загинати лица, во 89,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 95,3% од вкупниот број на загинати. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на Хамас (30), Ал Акса маченички бригади (25), ПИЦ (21), ПФЛП (6), Исламска света војна (2) и др.

Или, поединечно по години, во 2001 год. во Израел се случиле 17 самоубиствени напади во кои загинале 80, додека повредени се 660 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 38,8 лица. Цел на напад во 94,1% од случаите се цивилни цели (16) при што бројот на загинати (80) претставува 100% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 5. Во 5,9% цел на нападот претставуваат безбедносните служби (1 напад), при што во оваа категорија нема загинати лица, односно 10 лица се повредени. Во однос на начинот на извршување на нападот во 17,6% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 1,3% од вкупниот број на загинати лица, во 82,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 98,8% од вкупниот број на загинати. Самоубиствените напади се извршени од страна на Хамас (10) и ПИЦ (7). Во 2002 год. во Израел се случиле 39 самоубиствени напади во кои загинале 205, додека повредени се 1491 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 38,2 лица. Цел на напад

во 76,9% од случаите се цивилни цели (30), при што бројот на загинати (183) претставува 89,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,1. Во 23,1% цел на нападот претставуваат безбедносните служби (9 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (22) претставува 10,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 2,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 15,4% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 10,2% од вкупниот број на загинати лица, во 84,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за најголемиот број на загинати лица 89,8% од вкупниот број на загинати. Самоубиствените напади се извршени од страна на Ал Акса маченички бригади (18), Хамас (10), ПИЦ (7), ПФЛП (3), Исламска света војна (1). Во 2003 год. во Израел се случиле 17 самоубиствени напади во кои загинале 127, додека повредени се 665 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 39,1 лица. Цел на напад во 82,4% од случаите се цивилни цели (14), при што бројот на загинати (125) претставува 98,4% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,9. Во 17,6% цел на нападот претставуваат безбедносните служби (3 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (2), претставува 1,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 0,7. Во однос на начинот на извршување на нападот, во сите случаи (17) бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, каде што го имаме и вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Хамас (8), ПИЦ (4), Ал Акса маченички бригади (2), ПФЛП (2), Исламска света војна (1). Во 2004 год. во Израел се случиле 5 самоубиствени напади во кои загинале 34 додека повредени се 216 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 43,2 лица. Цел на напад во 80% од случаите се цивилни цели (4), при што бројот на загинати (32) претставува 94,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Во 20% цел на нападот претставуваат безбедносните служби (1 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (2) претставува 5,9% од вкупниот

број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 2. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи (5) бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, каде што го имаме и вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Ал Акса маченички бригади (3), Хамас (1), ПФЛП (1). Во 2005 год. во Израел се случиле 5 самоубиствени напади во кои загинале 24, додека повредени се 222 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 44,4 лица. Цел на напад во сите случаи (5) се цивилни цели каде што ја имаме вкупната бројка на загинати лица (24), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,8. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ПИЦ (3), Ал Акса маченички бригади (1), Хамас (1). Во периодот од 2006 год. до 2007 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Израел. Во 2008 год. во Израел се случил 1 самоубиствен напад во кој загинало 1 лице додека повредени се 11 лица. Мета на нападот била цивилна цел, каде што загинало 1 лице додека повредени се 11 лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на самоубиствениот напад бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствениот терористички напад е извршен од страна на Ал Акса маченички бригади. Во периодот од 2009 год. до 2013 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Израел.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2001 год. до 2008 год. во Израел самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 8 години (од 2001 до 2008 год.) во Израел се случувале во просек по околу 10 самоубиствени напади годишно (10,5), во кои имало просечно 5,6 загинати лица и 38,9 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 83,3% од случаите цел на напад се цивилните цели, потоа следат безбедносните служби со 16,7%.

- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај цивилните цели со 94,5%, потоа следат безбедносните служби со 5,5%.
- Во 89,3% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат во 10,7% од случаите автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (95,3%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 4,7%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 8 години, тие се движат во опсег од 0 до 39. Започнуваат во 2001 год. со 17 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 39 самоубиствени напади во 2002 год.
- Најсмртоносна била 2002 год. со 39 напади во кои загинале 205 лица, при што просекот бил околу 5,3 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Израел, во овој период, се карактеризираат со радикален исламски предзнак (Хамас, ПИЦ, Исламска света војна и др.) како и секуларен карактер (ПФЛП, Ал Акса маченички бригади и др.).

Самоубиствените терористички напади во Израел се применуваат од страна на терористичките организации, кои припаѓаат на радикалните религиозни и секуларни идеологии. Во периодот 1994-2000 год. или првиот дел од нашето истражување, најчесто самоубиствените терористички напади се извршени од страна на терористички организации со радикален религиозен предзнак, додека во периодот 2001-2013 год. или вториот дел од нашето истражување секуларните терористички организации имаат забележително учество (околу 1/3) од вкупниот број на извршени самоубиствени напади. Сепак и во овој временски период приматот во извршувањето на самоубиствени напади го имаат терористичките организации со радикална религиозна идеологија (околу 2/3 од вкупниот број на извршени самоубиствени напади).

## ИРАК

Според Институтот за национално-безбедносни студии (ИНСС) при Универзитетот во Тел Авив-Израел, во текот на 2013 год. во Ирак се случија 98 самоубиствени напади.[705]Една четвртина од извршените напади се реализирани од страна на жени бомбаши самоубијци, што е највисок процент на учество на женската популација, присутен кај терористичките организации кои извршуваат самоубиствени мисии. Најчесто, самоубиствените напади се извршени од страна на сунитски организации и истите се категоризирани во три групи. Во првата група се оние организации кои застапуваа националистичка идеологија, втората група ја претставуваат поранешните членови на БААС односно владејачката партија до 2003 год. (чиј лидер беше Садам Хусеин), додека во третата група влегуваат странските исламски екстремисти. Карактеристично за Ирак се религиозните и етничките тензии каде што најпогодена е шиитската заедница во земјата. Во текот на 2013 год. 45% од вкупниот број на самоубиствени напади се извршени токму против оваа етничка заедница, додека 48% од нападите се насочени против владините претставници и безбедносните сили. Одредени терористички организации како што се Исламска држава Ирак и Левант или Исламска држава Ирак и Сирија-ИСИС (која според ИНСС во 2013 год. ги има извршено најголемиот број на самоубиствени напади во земјата), ја користат ситуацијата со граѓанската војна во Сирија за свое етаблирање во регионот, но и ширење на екстремна исламска идеологија.

Според ЦПОСТ[706]во период од 2003 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Ирак е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2003 | 29 | 183 | 726 | 6,3 |
| 2004 | 108 | 1232 | 3602 | 11,4 |
| 2005 | 271 | 2513 | 5325 | 9,3 |
| 2006 | 184 | 1761 | 4035 | 9,6 |
| 2007 | 270 | 3334 | 7692 | 12,3 |

[705]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[706]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2008 | 171 | 1416 | 3557 | 8,3 |
| 2009 | 78 | 1075 | 3471 | 13,8 |
| 2010 | 71 | 647 | 2044 | 9,1 |
| 2011 | 55 | 635 | 1700 | 11,5 |
| 2012 | 47 | 503 | 1295 | 10,7 |
| 2013 | 157 | 1422 | 3587 | 9,1 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 1441 самоубиствени напади загинати се вкупно 14721 лица, додека 37034 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 25,8 лица. Цели на напад во 63,6% од случаите се безбедносните служби (917 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (6765) претставува 46% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7,4. Политички цели на напад (189) претставуваат 13,1% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (1914) во оваа категорија претставуваат 13% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 10,1. Цивилните цели на напад се застапени со 23% односно 332 напади, при што бројот на загинати лица (6034) претставува 41% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 18,2. Во категоријата непознато влегуваат 0,2% односно 3 самоубиствени напади, при што бројот на загинати лица (8) претставува 0,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 2,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 68,9% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 63,2% од вкупниот број на загинати лица, во 29,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 35,8% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато влегуваат 1,6% од случаите при што се одговорни за 0,99% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато влегуваат 0,06% од случаите при што бројката е незначителна во однос на вкупниот број на загинати лица (0,0067% од вкупниот број на загинати лица). Најголемиот

број на извршени самоубиствени напади се дело на ИСИС(245),[707]Јамат Ал-Тавхид Ваал-Џихад-JTJ (25),[708]Ансар ал Суна (20) и др. Идеолошки, ИСИС и Ансар ал Суна припаѓаат на сунитската струја исламски радикални организации.

Или, поединечно по години, во 2003 год. во Ирак се случиле 29 самоубиствени напади во кои загинале 183 додека повредени се 726 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 26,9 лица. Цели на напад во 65,5% од случаите се безбедносните служби (19 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (114) претставува 62,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6. Политички цели на напад (8) претставуваат 27,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (59) во оваа категорија претставуваат 32,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7,4. Цивилните цели на напад се застапени со 6,9% односно 2 напади, при што бројот на загинати лица (10) претставува 5,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 89,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 97,3% од вкупниот број на загинати лица, во 10,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 2,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Ансар ал Суна (3), Ансар ал Ислам (1), терористичка организација Ирачка влада (1), Јамат Ал-Тавхид Ваал-Џихад или JTJ (1) и др. Во 2004 год. во Ирак се случиле 108 самоубиствени напади во кои загинале 1232 додека повредени се 3602 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 11,4, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 33,7 лица. Цели на напад во 76,9% од случаите се безбедносните служби (83 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (821) претставува 66,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,9. Политички

[707]Во литературата се спомнува Ал Каеда во Ирак (4), Исламска држава Ирак (8), Исламска држава Ирак и Сирија (3) но се работи за иста терористичка организација ИСИС.
[708]Jama'at Al-Tawhid Wa'al-Jihad-JTJ

цели на напад (14) претставуваат 13% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (143) во оваа категорија претставуваат 11,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 10,2. Цивилните цели на напад се застапени со 10,2% односно 11 напади, при што бројот на загинати лица (268) претставува 21,8% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 24,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 91,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 84,2% од вкупниот број на загинати лица, во 6,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 15,8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ЈТЈ (23), ИСИС (6), Ансар ал Суна (2), терористичката организација-1920 Револуционерни бригади (1) и др. Во 2005 год. во Ирак се случиле 271 самоубиствени напади во кои загинале 2513 додека повредени се 5325 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 19,7 лица. Цели на напад во 66,1% од случаите се безбедносните служби (179 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1426) претставува 56,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Политички цели на напад (44) претставуваат 16,2% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (250) во оваа категорија претставуваат 9,9% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 5,7. Цивилните цели на напад се застапени со 17,7% односно 48 напади, при што бројот на загинати лица (837) претставува 33,3% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 17,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 76,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 67,3% од вкупниот број на загинати лица, во 20,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 30,5% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато влегуваат 3% од случаите кои се одговорни за 2,3% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (61), Ансар ал Суна (13), ЈТЈ (1) и др. Во 2006 год. во Ирак се

случиле 184 самоубиствени напади, во кои загинале 1761 додека повредени се 4035 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,6, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 21,9 лица. Цели на напад во 60,3% од случаите се безбедносните служби (111 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (664) претставува 37,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6. Политички цели на напад (13) претставуваат 7,1% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (120) во оваа категорија претставуваат 6,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 9,2. Цивилните цели на напад се застапени со 32,1% односно 59 напади, при што бројот на загинати лица (971) претставува 55,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,5. Во категоријата непознато влегуваат 0,5% односно 1 самоубиствени напади, при што бројот на загинати лица (6) претставува 0,3% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 72,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 66% од вкупниот број на загинати лица, во 25,5% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 33,3% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато влегуваат 1,6% од случаите, при што се одговорни за 0,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (20), терористичка организација Муџахедин Шура Совет (7), терористичката организација-1920 Револуционерни бригади (1) и др. Во 2007 год. во Ирак се случиле 270 самоубиствени напади во кои загинале 3334 додека повредени се 7692 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 12,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 28,5 лица. Цели на напад во 60,4% од случаите се безбедносните служби (163 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1333) претставува 40% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,2. Политички цели на напад (34) претставуваат 12,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (344) во оваа категорија претставуваат 10,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од

оваа категорија е 10,1. Цивилните цели на напад се застапени со 27% односно 73 напади, при што бројот на загинати лица (1657) претставува 49,7% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 22,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 75,9% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 78,9% од вкупниот број на загинати лица, во 22,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 19,6% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато влегуваат 1,5% од случаите, при што се одговорни за 1,4% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (36) и др. Во 2008 год. во Ирак се случиле 171 самоубиствен напад, во кои загинале 1416 додека повредени се 3557 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 20,8 лица. Цели на напад во 73,7% од случаите се безбедносните служби (126 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (838) претставува 59,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,7. Политички цели на напад (17) претставуваат 9,9% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (187) во оваа категорија претставуваат 13,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11. Цивилните цели на напад се застапени со 15,8% односно 27 напади, при што бројот на загинати лица (390) претставува 27,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,4. Во категоријата непознато влегуваат 0,6% односно 1 самоубиствени напади, при што бројот на загинати лица (1) претставува 0,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот, во 52% од случаите, извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 36,1% од вкупниот број на загинати лица, во 45,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 62,9% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато влегуваат 2,3% од случаите, при што се одговорни за 1,1% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (16) и др. Во 2009 год. во Ирак се случиле 78 самоубиствени напади во

кои загинале 1075 додека повредени се 3471 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 44,5 лица. Цели на напад во 59% од случаите се безбедносните служби (46 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (347) претставува 32,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7,5. Политички цели на напад (19) претставуваат 24,4% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (434) во оваа категорија претставуваат 40,4% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 22,8. Цивилните цели на напад се застапени со 16,7% односно 13 напади, при што бројот на загинати лица (294) претставува 27,3% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 22,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 51,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 60% од вкупниот број на загинати лица, во 46,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 39,2% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато влегуваат 2,6% од случаите при што се одговорни за 0,8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (12) и др. Во 2010 год. во Ирак се случиле 71 самоубиствен напад во кои загинале 647 додека повредени се 2044 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,1, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 28,8 лица. Цели на напад во 54,9% од случаите се безбедносните служби (39 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (244) претставува 37,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,3. Политички цели на напад (11) претставуваат 15,5% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (96) во оваа категорија претставуваат 14,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 8,7. Цивилните цели на напад се застапени со 29,6% односно 21 напад, при што бројот на загинати лица (307) претставува 47,4% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 62% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил

бомба, при што се одговорни за 47,1% од вкупниот број на загинати лица, во 38% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 52,9% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (14) и др. Во 2011 год. во Ирак се случиле 55 самоубиствени напади во кои загинале 635 додека повредени се 1700 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 11,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 31,5 лица. Цели на напад во 56,4% од случаите се безбедносните служби (31 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (255) претставува 40,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,2. Политички цели на напад (9) претставуваат 16,4% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (146) во оваа категорија претставуваат 23% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 16,2. Цивилните цели на напад се застапени со 25,5% односно 14 напади, при што бројот на загинати лица (233) претставува 36,7% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,6. Во категоријата непознато влегуваат 1,8% односно 1 самоубиствен напад, при што бројот на загинати лица (1) претставува 0,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 54,5% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 48.3% од вкупниот број на загинати лица, во 43,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 51,2% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато влегуваат 1,8% од случаите при што се одговорни за 0,5% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (11) и др. Во 2012 год. во Ирак се случиле 47 самоубиствени напади во кои загинале 503 додека повредени се 1295 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 27,6 лица. Цели на напад во 61,7% од случаите се безбедносните служби (29 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (244) претставува 48,5% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,4. Политички цели на напад

(5) претставуваат 10,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (42) во оваа категорија претставуваат 8,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 8,4. Цивилните цели на напад се застапени со 27,7% односно 13 напади, при што бројот на загинати лица (217) претставува 43,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 68,1% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 51,9% од вкупниот број на загинати лица, во 29,8% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 47,9% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (5), Ансар ал Суна (2) и др. Во 2013 год. во Ирак се случиле 157 самоубиствени напади во кои загинале 1422 додека повредени се 3587 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9,1, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 22,8 лица. Цели на напад во 58% од случаите се безбедносните служби (91 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (479) претставува 33,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 5,3. Политички цели на напад (15) претставуваат 9,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (93) во оваа категорија претставуваат 6,5% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 6,2. Цивилните цели на напад се застапени со 32,5% односно 51 напад, при што бројот на загинати лица (850) претставува 59,8% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 54,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 40,9% од вкупниот број на загинати лица, во 44,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 59% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИСИС (64) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2003 год. до 2013 год. во Ирак самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 11 години (од 2003 до 2013 год.) во Ирак се случувале во просек по 131 самоубиствен напад годишно, во кои имало просечно околу 10,2 загинати лица и 25,8 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 63,6% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 23% цивилни цели, 13,1% политички цели и 0,2% од случаите на напад влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 46%, потоа следат цивилни цели со 41%, политички цели со 13% и категоријата непознато со 0,1%.
- Во 68,9% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 29,4% од случаите самоубиствен појас, 1,59% од случаите припаѓаат на категоријата останато и 0,06% влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (63,2%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 35,8%, во категоријата останато влегуваат 0,99% и во категоријата непознато влегуваат 0,0067%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 11 години, тие се движат во опсег од 29 до 271. Започнуваат во 2003 год. со 29 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 271 самоубиствен напад во 2005 год.
- Најсмртоносна била 2007 год. со 270 напади во кои загинале 3334 лица, при што просекот бил околу 12,3 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Ирак, во овој период, се со радикален исламски предзнак (ИСИС и др.). Но, присутни се терористички организации кои застапуваат националистичка идеологија како и судири помеѓу сунитската и шиитската заедница во оваа земја.

Самоубиствените терористички напади во Ирак се рефлексија на состојбите кои владеат во Ирачкото општество. Присуството на разни елементи од социјален,

идеолошки и верски карактер го детерминираат присуството на терористички организации и нивниот идеолошки карактер. Во Ирак се присутни терористички организации кои припаѓаат на радикалната религиозна и секуларна идеологија, но забележано е присуство на самоубиствени напади во рамките на двете главни струи на исламот сунити и шиити каде што сунитските организации го имаат приматот во извршување на самоубиствените напади. Генерално терористичките организации со религиозен предзнак се одговорни за извршувањето на најголемиот број на самоубиствени напади.

## Кавкаски регион

## ЧЕЧЕНИЈА

Карактеристики на терористичките организации кои извршуваат самоубиствени напади во Чеченија се националистичко-сепаратистичка и религиозна идеологија. Присуството на жените како извршители на самоубиствени напади, претставува уште една карактеристика во Чеченската самоубиствена терористичка кампања. Нивното учество во самоубиствените мисии, претставува рефлексија на состојбата и општествената положба на женската популација во Чеченското општество. Најчесто како мотив во делот на учеството на женската популација се спомнува одмаздата, но присутни се и останати елементи кои имаа силно влијание со оглед на традиционално-конзервативни вредности, присутни во чеченската култура.

Според ЦПОСТ[709]во период од 2000 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Чеченија е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2000 | 8 | 58 | 111 | 7,3 |
| 2001 | 1 | 1 | 0 | 1,0 |
| 2002 | 2 | 76 | 200 | 38,0 |
| 2003 | 4 | 64 | 389 | 16,0 |
| 2004 | 1 | 1 | 4 | 1,0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[709]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2006** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2007** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2008** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **2009** | 8 | 18 | 43 | 2,3 |
| **2010** | 1 | 0 | 7 | 0 |
| **2011** | 1 | 9 | 22 | 9,0 |
| **2012** | 1 | 4 | 3 | 4,0 |
| **2013** | 1 | 3 | 6 | 3,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 28 самоубиствени напади загинати се вкупно 234 лица, додека 785 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,4 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 28 лица. Цели на напад во 71,4% од случаите се безбедносните служби (20 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (121) претставува 51,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,1. Политички цели на напад (8) претставуваат 28,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (113) во оваа категорија претставуваат 48,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 14,1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 46,4% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 77,4% од вкупниот број на загинати лица, во 46,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 20,9% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато влегуваат 7,1% кои што се одговорни за 1,7% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на терористичката организација Чеченска република Ичкерија[710](9), чеченските сепаратисти (1), Ријад ус-салихин маченички бригади (1) и др.

Или, поединечно по години, во 2000 год. во Чеченија се случиле 8 самоубиствени напади во кои загинале 58 додека повредени се 111 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,3, а просекот

[710] Лидер на терористичката организација Чеченска република Ичкерија е Дока Умаров, кој исто така се спомнува и како лидер на други терористички организации во тој регион вклучувајќи го и самопрогласениот Кавкаски емират.

на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,9 лица. Цел на сите напади (8) биле безбедносните служби, каде што ги имаме сите загинати (58) и повредени (111) лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на терористичката организација Чеченска република Ичкерија (8). Во 2001 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад во кој загинало 1 додека нема повредени лица. Нападот е извршен врз политичка цел и стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот, извршителот/ите на самоубиствениот напад користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршен од страна на терористичката организација Чеченска република Ичкерија. Во 2002 год. во Чеченија се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 76 додека повредени се 200 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 38, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 100 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (1 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (4) претставува 5,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4. Политички цели на напад (1) претставуваат 50% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (72) во оваа категорија претставуваат 94,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 72. Во однос на начинот на извршување на нападот, во 50% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 94,7% од вкупниот број на загинати лица, во 50% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 5,3% од вкупниот број на загинати лица. Едниот самоубиствен напад е извршен од страна на чеченските сепаратисти, додека другиот напад е извршен од страна на непозната терористичка организација. Во 2003 год. во Чеченија се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 64 додека повредени се 389 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 16, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 97,3 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби

(2 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (42) претставува 65,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 21. Политички цели на напад (2) претставуваат 50% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (22) во оваа категорија претставуваат 34,4% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 73,4% од вкупниот број на загинати лица, во 50% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 26,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Ријад ус-салихин маченички бригади (1) и др. Во 2004 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад во кој загинало 1 лице, додека повредени се 4 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби каде што е вкупниот број на загинати (1) и повредени лица (4), при што стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас. Самоубиствениот напад е извршен од страна на непозната терористичка организација. Во периодот од 2005 год. до 2008 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Чеченија. Во 2009 год. во Чеченија се случиле 8 самоубиствени напади во кои загинале 18 додека повредени се 43 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,4 лица. Цели на напад во 75% од случаите се безбедносните служби (6 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (9) претставува 50% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,5. Политички цели на напад (2) претставуваат 25% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (9) во оваа категорија претставуваат 50% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 4,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 75% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 77,8% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато влегуваат 25%, кои се одговорни за 22,2% од вкупниот број на загинати лица. Одговорноста за самоубиствените напади ја нема превземено ниту една терористичка

организација. Во 2010 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад во кој нема загинати лица, односно повредени се 7 лица. Нападот бил извршен врз политичка цел. Во однос на начинот на извршување на нападот, бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас, каде што го имаме вкупниот број на повредени лица (7). Самоубиствениот напад е извршени од страна на непозната терористичка организација. Во 2011 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад во кој загинале 9 додека повредени се 22 лица. Нападот бил извршен врз политичка цел, при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршени од страна на непозната терористичка организација. Во 2012 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад, во кој загинале 4 додека повредени се 3 лица. Нападот бил извршен врз безбедносна цел (безбедносни служби), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршени од страна на непозната терористичка организација. Во 2013 год. во Чеченија се случил 1 самоубиствен напад, во кој загинале 3 додека повредени се 6 лица. Нападот бил извршен врз безбедносна цел (безбедносни служби), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3. Во однос на начинот на извршување на нападот, извршителот на самоубиствениот напад користел автомобил бомба, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршени од страна на непозната терористичка организација.

Кон крајот на 2013 год. забележливо е зголемената активност на терористичките организации. Најактивни се исламска џихадска организација Шаријат Џамат и Кавкаски емират, кои извршија самоубиствени напади во јужните делови на Русија (во градот Волгоград) во периодот октомври-декември 2013 год. (3 самоубиствени напади). Нападите беа извршени во предвечерието на зимските олимписки игри во Сочи 2014 год. (Русија). Целта на овие напади беше актуелизација на чеченското прашање, но и да се зацврстат позициите на екстремната исламска идеологија. Поради тоа, чеченските терористички организации, го проширувaат своето влијание и извршуваат самоубиствени

напади во другите соседни републики од Кавкаскиот регион[711]како што се: Дагестан (17 самоубиствени напади), Ингушетија (10 напади), Северна Осетија-Аланија (7 напади) и Ставрополскиот крај (1 напад).

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2000 год. до 2013 год. во Чеченија, самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 14 години (од 2000 до 2013 год.) во Чеченија се случувале во просек по 2 самоубиствени напади годишно, во кои имало просечно околу 8,4 загинати лица и 28 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 71,4% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 28,6% политички цели
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 51,7%, потоа следат политички цели со 48,3%.
- Во 46,4% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, исто така во 46,4% од случаите користен е самоубиствен појас и 7,1% од случаите припаѓаат на категоријата останато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (77,4%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 20,9% и во категоријата останато влегуваат 1,7%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 14 години, тие се движат во опсег од 0 до 8. Започнуваат во 2000 год. со 8 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број, од исто така 8 самоубиствени напади во 2009 год.
- Најсмртоносна била 2002 год. со 2 напади во кои загинале 76 лица при што просекот бил 38 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Чеченија, во овој период, се карактеризираат

[711]Презентираните податоци за извршени самоубиствени напади во останатите републики од Кавкаскиот регион се според податоците на ЦПОСТ. Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

со националистичко-сепаратистичка и религиозна идеологија. (Чеченска република Ичкерија, чеченските сепаратисти, Ријад ус-салихин маченички бригади).

Традицијата, културата, ужасот на војната и сите негативни последици кои таа ги носи со себе, се водечките елементи кои ги определуваат насоките на дејствување на терористичките организации во овој регион. Самоубиствените напади извршени од страна на чеченските терористички организации имаат обележја од секуларен (национално-сепаратистички) и религиозен аспект. Но сепак, идеолошката матрица која ја сочинуваат радикално-религиозните елементи, во поголем дел доминира и има водечката улога во извршувањето на самоубиствени мисии кај овие терористичките организации. Исто така самоубиствените напади се прошируваат и во блиското соседство на Чеченија-Дагестан, Ингушетија, Северна Осетија-Аланија и Ставрополскиот крај, при што ја потенцираат радикално-религиозната конотација.

## Централна Азија

## АВГАНИСТАН

Талибанското движење во оваа земја го има приматот во однос на останатите терористички организации, кои извршуваат самоубиствени напади во Авганистан. Првично, бомбашите самоубијци од оваа средина не се ,,прославија" со својата успешност, главно, поради културните и традиционалн околности кои го карактеризираат традиционалниот начин на војување како и несоодветниот избор на кандидати за самоубиствени мисии. Сојузништво со Ал Каеда продуцираше бран на самоубиствени напади кои во текот на 2013 год. според ИНСС[712]изнесуваа 65 самоубиствени мисии, од кои 59% беа насочени кон воено-полициските сили и кон лица кои се сметаат за соработници на владата на Авганистан. Базичната идеолошка основа, на талибанското движење, е екстремната имплементација на исламското право-шеријатот, при што, врз база на постулатите на божјиот закон се вршат разни влијанија на целокупните општествени и традиционални прилики во земјата. Присутните секташки

[712]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.

насилства, помеѓу шиитската и сунитската заедница,[713]дополнително ја усложнува целата ситуација. Злоупотреба на децата во извршување на самоубиствени напади е уште една карактеристика во Авганистанската средина, вообичаено за бомбаши самоубијци се регрутираат деца на возраст од 11-14 год. Во средина каде што имаме постојани судири, меѓусебно ривалство, отсуството на стабилна и авторитетна влада како и присуството на разни милитантни исламистички идеологии, не влева надеж во поглед на стабилизирање на состојбата. Исто така, соседен Пакистан, има свое влијание (од негативен аспект) врз состојбите во Авганистан. Во Пакистан постојат територии кои се под контрола на разни екстремни исламски структури. Истите имаат блиски релации со авганистанските екстремисти, при што споделуваат слични идеологии.

Сепак и покрај присутното незадоволство, кое инцидентно го истакнува авганистанската популација во врска со самоубиствените терористички напади, исламските радикални екстремисти пронајдоа начин за нивно егзистирање. Според студиите во кои се третираат извршителите на самоубиствени напади во Авганистан, постојат две групи кои извршуваат самоубиствени напади. Репрезенти на првата група се странските џихадисти (најчесто мажи), кои се под влијание на глобалниот исламски џихад, при што Авганистан го сметаат како арена за борба против Западот (САД и нивните сојузници). Претставници на втората група се „домашните" извршители на самоубиствени напади, предводени од околностите, кои се присутни во авганистанското општество (после 2001 год.) и силното влијание на екстремната исламска идеологија тие се охрабруваат за еден таков чекор.

Според ЦПОСТ[714]во период од 2002 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Авганистан е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2002 | 1 | 1 | 3 | 1,0 |
| 2003 | 2 | 9 | 31 | 4,5 |

[713]Паштуните се претставници на сунитската струја на Исламот и во најголем дел партиципираат во талибанското движење.

[714]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2004** | 3 | 6 | 15 | 2,0 |
| **2005** | 17 | 46 | 132 | 2,7 |
| **2006** | 97 | 265 | 704 | 2,7 |
| **2007** | 135 | 594 | 1119 | 4,4 |
| **2008** | 112 | 520 | 1158 | 4,6 |
| **2009** | 87 | 454 | 1134 | 5,2 |
| **2010** | 95 | 392 | 1024 | 4,1 |
| **2011** | 92 | 508 | 1360 | 5,5 |
| **2012** | 75 | 447 | 1085 | 6,0 |
| **2013** | 80 | 301 | 929 | 3,8 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 796 самоубиствени напади загинати се вкупно 3543 лица додека 8694 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,5 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,9 лица. Цели на напад во 81% од случаите се безбедносните служби (645 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (2381) претставува 67,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3,7. Политички цели на напад (106) претставуваат 13,3% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (714) во оваа категорија претставуваат 20,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 6,7. Цивилните цели на напад се застапени со 5,5% односно 44 напади, при што бројот на загинати лица (448) претставува 12,6% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,2. Во категоријата непознато влегуваат 0,1% односно 1 самоубиствени напади, при што нема останати податоци за истиот. Во однос на начинот на извршување на нападот во 48,5% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 37,3% од вкупниот број на загинати лица, во 39,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 51,6% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 11,8% од случаите кои се одговорни за 11,1% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато влегуваат 0,3% од случаите, при што нема останати податоци за истите. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на

Талибанското движење во Авганистан-ИЕА[715](510), Хизби и Ислами (6), Исламска унија на џихадот (1), Исламско движење на Узбекистан (1), ТТП[716](1) и др.

Или, поединечно по години, во 2002 год. во Авганистан се случил 1 самоубиствен напад во кој загинало 1 додека повредени се 3 лица. Нападот бил извршен врз безбедносна цел (безбедносни служби), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршени од страна на непозната терористичка организација. Во 2003 год. во Авганистан се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 9 додека повредени се 31 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,5 лица. Цели на напад во двата случаи се безбедносните служби додека бројот на загинати лица во оваа категорија (9) претставува вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 55,6% од вкупниот број на загинати лица, во 50% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 44,4% од вкупниот број на загинати лица. Едниот самоубиствен напад е извршен од страна на ИЕА, додека другиот самоубиствен напад е извршен од страна на непозната терористичка организација. Во 2004 год. во Авганистан се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 6 додека повредени се 15 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 5 лица. Цели на напад во сите случаи се безбедносните служби (3 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (6) претставува вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 2. Во однос на начинот на извршување на нападот во 33,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 33,3% од вкупниот број на загинати лица, во 66,7%

[715]Islamic Emirate of Afganistan (IEA)-Исламски Емират Авганистан ИЕА.
[716]Tehrik-i-Taliban Pakistan.

бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 66,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (3). Во 2005 год. во Авганистан се случиле 17 самоубиствени напади во кои загинале 46 додека повредени се 132 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2,7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,8 лица. Цели на напад во 82,4% од случаите се безбедносните служби (14 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (46) претставува 100% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3,3. Политички цели на напад (3) претставуваат 17,6% од вкупниот број на напади, при што во оваа категорија имаме само повредени лица (27). Во однос на начинот на извршување на нападот во 58,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 34,8% од вкупниот број на загинати лица, во 35,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 45,7% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 5,9% од случаите кои се одговорни за 19,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (11) и др. Во 2006 год. во Авганистан се случиле 97 самоубиствени напади во кои загинале 265 додека повредени се 704 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 2,7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,3 лица. Цели на напад во 83,5% од случаите се безбедносните служби (81 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (156) претставува 58,9% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,9. Политички цели на напад (13) претставуваат 13,4% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (89) во оваа категорија претставуваат 33,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 6,8. Цивилните цели на напад се застапени со 3,1% односно 3 напади, при што бројот на загинати лица (20) претставува 7,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 58,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба при што се одговорни за 36,2% од вкупниот број на загинати лица, во 30,9% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен

појас при што се одговорни за 43,4% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 10,3% од случаите кои се одговорни за 20,4% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (52) и др. Во 2007 год. во Авганистан се случиле 135 самоубиствени напади во кои загинале 594 додека повредени се 1119 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,4, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,3 лица. Цели на напад во 88,1% од случаите се безбедносните служби (119 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (429) претставува 72,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3,6. Политички цели на напад (13) претставуваат 9,6% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (152) во оваа категорија претставуваат 25,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11,7. Цивилните цели на напад се застапени со 2,2% односно 3 напади, при што бројот на загинати лица (13) претставува 2,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 43,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 18,7% од вкупниот број на загинати лица, во 42,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 71,7% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 14,1% од случаите кои се одговорни за 9,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (78), Хизби и Ислами (1) и др. Во 2008 год. во Авганистан се случиле 112 самоубиствени напади, во кои загинале 520 додека повредени се 1158 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,6, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,3 лица. Цели на напад во 87,5% од случаите се безбедносните служби (98 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (415) претставува 79,8% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,2. Политички цели на напад (13) претставуваат 11,6% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (103) во оваа категорија претставуваат 19,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7,9. Цивилните цели на

напад се застапени со 0,9% односно 1 напад, при што бројот на загинати лица (2) претставува 0,4% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 2. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50,9% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 53,7% од вкупниот број на загинати лица, во 41,1% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 39,6% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 8% од случаите кои се одговорни за 6,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (93), Исламска унија на џихадот (1), Хизби и Ислами (1), ТТП (1) и др. Во 2009 год. во Авганистан се случиле 87 самоубиствени напади во кои загинале 454 додека повредени се 1134 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,2, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 13 лица. Цели на напад во 83,9% од случаите се безбедносните служби (73 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (316) претставува 69,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,3. Политички цели на напад (9) претставуваат 10,3% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (63) во оваа категорија претставуваат 13,9% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7. Цивилните цели на напад се застапени со 5,7% односно 5 напади, при што бројот на загинати лица (75) претставува 16,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15. Во однос на начинот на извршување на нападот во 55,2% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 47,4% од вкупниот број на загинати лица, во 35,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 38,3% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 9,2% од случаите кои се одговорни за 14,3% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (67), Хизби и Ислами (1) и др. Во 2010 год. во Авганистан се случиле 95 самоубиствени напади во кои загинале 392 додека повредени се 1024 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 4,1, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,8 лица. Цели на

напад во 77,9% од случаите се безбедносните служби (74 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (213) претставува 54,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 2,9. Политички цели на напад (11) претставуваат 11,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (94) во оваа категорија претставуваат 24% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 8,5. Цивилните цели на напад се застапени со 9,5% односно 9 напади, при што бројот на загинати лица (85) претставува 21,7% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,4. Во категоријата непознато влегуваат 1,1% односно 1 самоубиствен напад при што нема останати податоци. Во однос на начинот на извршување на нападот во 44,2% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 34,4% од вкупниот број на загинати лица, во 40% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 53,8% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 15,8% од случаите кои се одговорни за 11,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (67), Хизби и Ислами (1) и др. Во 2011 год. во Авганистан се случиле 92 самоубиствени напади во кои загинале 508 додека повредени се 1360 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 5,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,8 лица. Цели на напад во 72,8% од случаите се безбедносните служби (67 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (323) претставува 63,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,8. Политички цели на напад (17) претставуваат 18,5% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (70) во оваа категорија, претставуваат 13,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 4,1. Цивилните цели на напад се застапени со 8,7% односно 8 напади, при што бројот на загинати лица (115) претставува 22,6% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 39,1% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 33,3% од вкупниот број на загинати

лица, во 45,7% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 60,8% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 15,2% од случаите кои се одговорни за 5,9% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (62) и др. Во 2012 год. во Авганистан се случиле 75 самоубиствени напади во кои загинале 447 додека повредени се 1085 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,5 лица. Цели на напад во 73,3% од случаите се безбедносните служби (55 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (253) претставува 56,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,6. Политички цели на напад (10) претставуваат 13,3% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (73) во оваа категорија претставуваат 16,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 7,3. Цивилните цели на напад се застапени со 13,3% односно 10 напади, при што бројот на загинати лица (121) претставува 27,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 12,1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 45,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 32,4% од вкупниот број на загинати лица, во 44% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 55,9% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата останато се сметаат 10,7% од случаите кои се одговорни за 11,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (44) и др. Во 2013 год. во Авганистан се случиле 80 самоубиствени напади во кои загинале 301 додека повредени се 929 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 3,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 11,6 лица. Цели на напад во 72,5% од случаите се безбедносните служби (58 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (214) претставува 71,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3,7. Политички цели на напад (17) претставуваат 21,3% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (70) во оваа категорија претставуваат 23,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност

во самоубиствен напад од оваа категорија е 4,1. Цивилните цели на напад се застапени со 6,3% односно 5 напади, при што бројот на загинати лица (17) претставува 5,6% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3,4. Во однос на начинот на извршување на нападот во 51,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 49,5% од вкупниот број на загинати лица, во 33,8% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 35,2% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 12,5% од случаите кои се одговорни за 15% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато се сметаат 2,5% од случаите кои се одговорни за 0,3% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ИЕА (32), Хизби и Ислами (2), Исламско движење на Узбекистан (1) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2002 год. до 2013 год. во Авганистан самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 12 години (од 2002 до 2013 год.) во Авганистан се случувале во просек по околу 66 самоубиствени напади годишно (66,33), во кои имало просечно околу 4,5 загинати лица и 10,9 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 81% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 13,3% политички цели, 5,5% цивилни цели и 0,1% од случаите на напад влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 67,2%, потоа следат политички цели со 20,2% и цивилни цели со 12,6%.
- Во 48,5% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 39,4% од случаите самоубиствен појас, 11,8% од случаите припаѓаат на категоријата останато и 0,3% влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (51,6%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 37,3%,

во категоријата останато се сметаат 11,1% и во категоријата непознато влегуваат 0,02%.

- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 12 години, тие се движат во опсег од 1 до 135. Започнуваат во 2002 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 135 самоубиствен напад во 2007 год.
- Најсмртоносна била 2007 год. со 135 напади во кои загинале 594 лица, при што просекот бил околу 4,4 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Авганистан, во овој период, се карактеризираат со радикален исламски предзнак и судири помеѓу сунитската и шиитската заедница.

Присуството на конфликтни ситуации во Авганистан не претставува нешто ново во историјата на оваа земја. Во изминатите неколку децении Авганистан беше арена каде што се спротивставуваа секуарни и религиозна идеологии, но и место каде што започна концептот на џихадот. Присуството на самоубиствени терористички напади на тлото на Авганистан е релативно од понов датум. Примената на самоубиствени мисии во земјата резултираше со широк спектар на употребата на доброволците на смрт. Под влијание на терористичките организации, присутни во оваа земја, самоубиствени напади извршува и помладата популација на возраст од 11 до 14 години, при тоа, освен домашните извршители на самоубиствени напади присутни се и странски доброволци за смрт. Неизбежен е фактот што и во оваа земја е забележано насилството во рамките на исламската заедница (секташкото насилство), помеѓу сунити и шиити (кои се мета на нападите). Генерално терористичките организации во Авганистан се под силно влијание на радикалната исламска идеологија и истата е двигател на самоубиствените терористички напади во оваа земја.

## Јужна Азија

## ПАКИСТАН

Присуството на самоубиствени терористички напади во оваа земја започнува слично како и кај својот сосед Авганистан (2002 год.), со таа разлика што во Пакистан се случи еден изолиран самоубиствен напад во 1995 год. од

страна на странска терористичка организација. Во периодот од 1996 до 2001 год не се регистрирани самоубиствени напади, но во 2002 год. истите официјално стапуваат на политичката сцена на Пакистан. Двете соседни земји (Авганистан и Пакистан), имаат свои сличности од аспект на практикување на радикалниот ислам и насилството помеѓу сунитската и шиитската заедница. Разликата е што во Пакистан тоа е далеку поизразено (постојат терористички организации како што е Сипах-е-Шахаба Пакистан–ССП, чии напади се насочени кон шиитската заедница во оваа земја). Контролата на одредени области во земјата е во рацете на терористичките организации кои во комбинација со голем број бегалци од Авганистан, што се присутни во земјата, претставуват одлична подлога за регрутација на извршители на самоубиствени напади. Сознанијата говорат дека како извршители на самоубиствени напади се сретнуваат лица на 16-17 годишна возраст. Во текот на 2013 год. во Пакистан, според ИНСС, извршени се 35 самоубиствени напади во кои најголемиот број (59%), се насочени против безбедносните сили и владини цели (кои се перцепираат како сојузници на САД), потоа следат религиозно-секташките насилства.

Според ЦПОСТ[717]во период од 1995 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Пакистан е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1995 | 1 | 17 | 60 | 17,0 |
| 1996 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1997 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1998 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1999 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2001 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2002 | 2 | 27 | 72 | 13,5 |
| 2003 | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| 2004 | 6 | 88 | 271 | 14,7 |
| 2005 | 3 | 22 | 113 | 7,3 |

[717]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2006** | 10 | 83 | 151 | 8,3 |
| **2007** | 51 | 666 | 1170 | 13,1 |
| **2008** | 53 | 693 | 1641 | 13,1 |
| **2009** | 80 | 947 | 2605 | 11,8 |
| **2010** | 49 | 751 | 1764 | 15,3 |
| **2011** | 37 | 500 | 1177 | 13,5 |
| **2012** | 37 | 275 | 618 | 7,4 |
| **2013** | 34 | 371 | 853 | 10,9 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 363 самоубиствени напади загинати се вкупно 4440 лица додека 10495 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 12,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 28,9 лица. Цели на напад во 61,7% од случаите се безбедносните служби (224 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1972) претставува 44,4% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,8. Политички цели на напад (72) претставуваат 19,8% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (1261) во оваа категорија претставуваат 28,4% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 17,5. Цивилните цели на напад се застапени со 18,2% односно 66 напади, при што бројот на загинати лица (1207) претставува 27,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 18,3. Во категоријата непознато влегуваат 0,3% односно 1 самоубиствен напад при што нема останати податоци за истиот. Во однос на начинот на извршување на нападот во 46,6% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 45,9% од вкупниот број на загинати лица, во 44,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 46,2% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 8,5% од случаите кои се одговорни за 7,8% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато влегуваат 0,3% од случаите при што нема останати податоци за истите. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на Студентско движење на Пакистан или ТТП (103), Лашкар-е Џангви Ал-

алми (12), Ал Каеда (4), Ансар ал-Муџахедин (2), Ал Канон (1), Џаиш-е-Мухамед (1), Карван-е Наиматулах (1) и др.

Или, поединечно по години, во 1995 год. во Пакистан се случил 1 самоубиствен напади во кој загинале 17 додека повредени се 60 лица. Нападот бил извршен врз политичка цел каде што го имаме вкупниот број на загинати лица (17), стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 17. Во однос на начинот на извршување, извршителот на самоубистбениот напад користел автомобил бомба каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади е извршен од страна на египетската терористичка организација Гама ал Исламија. Во периодот од 1996 год. до 2001 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Пакистан. Во 2002 год. во Пакистан се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 27 додека повредени се 72 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 36 лица. Политички цели на напад (1) претставуваат 50% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (12) во оваа категорија претставуваат 44,4% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 12. Цивилните цели на напад се застапени со 50% односно 1 напад, при што бројот на загинати лица (15) претставува 55,6% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15. Во однос на начинот на извршување на нападите и во двата случаи извршителите на самоубиствените напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Три терористички организации се инволвирани во извршувањето на самоубиствените напади Ал Каеда, Ал Канон и Џаиш-е-Мухамед. Во 2003 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Пакистан. Во 2004 год. во Пакистан се случиле 6 самоубиствени напади во кои загинале 88 додека повредени се 271 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 45,2 лица. Политички цели на напад (1) претставуваат 16,7% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (8) во оваа категорија претставуваат 9,1% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Цивилните цели на напад се застапени со 83,3% односно 5 напади, при што

бројот на загинати лица (80) претставува 90,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16. Во однос на начинот на извршување на нападот во 16,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 9,1% од вкупниот број на загинати лица, во 83,3% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 90,9% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Лашкар-е Џангви Ал-алми (3) и др. Во 2005 год. во Пакистан се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 22 додека повредени се 113 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 37,7 лица. Цел на напад во сите случаи (3) биле цивилни цели каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 7,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во сите случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на Лашкар-е Џангви Ал-алми (1) и др. Во 2006 год. во Пакистан се случиле 10 самоубиствени напади во кои загинале 83 додека повредени се 151 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,1 лица. Цели на напад во 60% од случаите се безбедносните служби (6 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (50) претставува 60,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,3. Политички цели на напад (1) претставуваат 10% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (4) во оваа категорија претставуваат 4,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4. Цивилните цели на напад се застапени со 20% односно 2 напади, при што бројот на загинати лица (29) претставува 34,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,5. Во категоријата непознато влегуваат 10% односно 1 самоубиствен напад при што нема останати податоци за истиот. Во однос на начинот на извршување на нападот во 40% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 14,5% од вкупниот број на загинати

лица, во 50% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 85,5% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 10% од случаите при што нема останати податоци Самоубиствените напади се извршени од страна на Ал Каеда (1) и др. Во 2007 год. во Пакистан се случил 51 самоубиствен напад во кои загинале 666 додека повредени се 1170 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,1, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 22,9 лица. Цели на напад во 74,5% од случаите се безбедносните служби (38 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (333) претставува 50% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,8. Политички цели на напад (8) претставуваат 15,7% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (260) во оваа категорија претставуваат 39% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 32,5. Цивилните цели на напад се застапени со 9,8% односно 5 напад, при што бројот на загинати лица (73) претставува 11% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 51% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 52% од вкупниот број на загинати лица, во 39,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 41,3% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 9,8% од случаите кои се одговорни за 6,8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (5), Ал Каеда (1) и др. Во 2008 год. во Пакистан се случиле 53 самоубиствени напади во кои загинале 693 додека повредени се 1641 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,1, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 31 лице. Цели на напад во 62,3% од случаите се безбедносните служби (33 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (268) претставува 38,7% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,1. Политички цели на напад (16) претставуваат 30,2% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (403) во оваа категорија претставуваат 58,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од

оваа категорија е 25,2. Цивилните цели на напад се застапени со 7,5% односно 4 напади, при што бројот на загинати лица (22) претставува 3,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 5,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 67,9% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 67,7% од вкупниот број на загинати лица, во 26,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 25,4% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 5,7% од случаите кои се одговорни за 6,9% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (13), Ал Каеда (1) Карван-е Наиматулах (1) и др. Во 2009 год. во Пакистан се случиле 80 самоубиствени напади во кои загинале 947 додека повредени се 2605 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 11,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 32,6 лица. Цели на напад во 68,8% од случаите се безбедносните служби (55 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (512) претставува 54,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,3. Политички цели на напад (10) претставуваат 12,5% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (91) во оваа категорија претставуваат 9,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 9,1. Цивилните цели на напад се застапени со 18,8% односно 15 напад, при што бројот на загинати лица (344) претставува 36,3% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 22,9. Во однос на начинот на извршување на нападот во 53,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 53,6% од вкупниот број на загинати лица, во 40% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 42,2% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 6,3% од случаите кои се одговорни за 4,1% од вкупниот број на загинати лица Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (31), Лашкар-е Џангви Ал-алми (1) и др. Во 2010 год. во Пакистан се случиле 49 самоубиствени напади во кои загинале 751 додека повредени се 1764 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,3, а просекот на повредени лица во еден

самоубиствен напад изнесува 36 лица. Цели на напад во 65,3% од случаите се безбедносните служби (32 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (266) претставува 35,4% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8,3. Политички цели на напад (7) претставуваат 14,3% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (194) во оваа категорија претставуваат 25,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 27,7. Цивилните цели на напад се застапени со 20,4% односно 10 напад, при што бројот на загинати лица (291) претставува 38,7% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 29,1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 30,6% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 34% од вкупниот број на загинати лица, во 61,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 59,5% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 8,2% од случаите кои се одговорни за 6,5% од вкупниот број на загинати лица Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (20), Лашкар-е Џангви Ал-алми (2) и др. Во 2011 год. во Пакистан се случиле 37 самоубиствени напади во кои загинале 500 додека повредени се 1177 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 31,8 лица. Цели на напад во 62,2% од случаите се безбедносните служби (23 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (246) претставува 49,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,7. Политички цели на напад (8) претставуваат 21,6% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (136) во оваа категорија претставуваат 27,2% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 17. Цивилните цели на напад се застапени со 16,2% односно 6 напади, при што бројот на загинати лица (118) претставува 23,6% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 19,7. Во однос на начинот на извршување на нападот во 43,2% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 45% од вкупниот број на загинати лица, во 45,9% бомбашите самоубијци

користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 44,6% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 10,8% од случаите кои се одговорни за 10,4% од вкупниот број на загинати лица Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (13) и др. Во 2012 год. во Пакистан се случиле 37 самоубиствени напади во кои загинале 275 додека повредени се 618 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7,4, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 16,7 лица. Цели на напад во 54,1% од случаите се безбедносните служби (20 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (124) претставува 45,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,2. Политички цели на напад (10) претставуваат 27% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (47) во оваа категорија претставуваат 17,1% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 4,7. Цивилните цели на напад се застапени со 18,9% односно 7 напади, при што бројот на загинати лица (104) претставува 37,8% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,9. Во однос на начинот на извршување на нападот во 37,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 28% од вкупниот број на загинати лица, во 48,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 46,9% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 10,8% од случаите кои се одговорни за 24,4% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато се сметаат 2,7% од случаите кои се одговорни за 0,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (14), Лашкар-е Џангви Ал-алми (1) и др. Во 2013 год. во Пакистан се случиле 34 самоубиствени напади во кои загинале 371 додека повредени се 853 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,9, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 25,1 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (17 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (173) претставува 46,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,2. Политички цели на напад (9) претставуваат 26,5% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (89) во оваа категорија претставуваат 24% од

вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9,9. Цивилните цели на напад се застапени со 23,5% односно 8 напади, при што бројот на загинати лица (109) претставува 29,4% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 13,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 32,4% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 25,6% од вкупниот број на загинати лица, во 52,9% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 61,7% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 14,7% од случаите кои се одговорни за 12,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади се извршени од страна на ТТП (7), Лашкар-е Џангви Ал-алми (4), Ансар ал-Муџахедин (2) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1995 год. до 2013 год. во Пакистан самоубистевениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 19 години (од 1995 до 2013 год.) во Пакистан се случувале во просек по околу 19 самоубиствени напади годишно (19,01), во кои имало просечно околу 12,2 загинати лица и 28,8 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 61,7% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 19,8% политички цели, 18,2% цивилни цели и 0,3% од случаите на напад влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 44,4%, потоа следат политички цели со 28,4% и цивилни цели со 27,2%.
- Во 46,6% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 44,6% од случаите самоубиствен појас, 8,5% од случаите припаѓаат на категоријата останато и 0,3% влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (46,2%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 45,9%, во категоријата останато влегуваат 7,8% и во категоријата непознато влегуваат 0,04%.

- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 19 години, тие се движат во опсег од 0 до 80. Започнуваат во 1995 год. со 1 самоубиствени напади за потоа да го достигнат максималниот број од 80 самоубиствени напади во 2009 год.
- Најсмртоносна била 2009 год. со 80 напади во кои загинале 947 лица при што просекот бил околу 11,8 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Пакистан, во овој период, се карактеризираат со радикален исламски предзнак и судири помеѓу сунитската и шиитската заедница. Разликата, во однос на својот сосед Авганистан е тоа што овие судири помеѓу двете исламски заедници се поизразени во оваа земја.

Помеѓу двата соседа Пакистан и Авганистан постојат доста сличности во поглед на практикувањето на радикалната исламска идеологија и употребата на доброволците за смрт. И тука забележуваме употреба на бомбаши самоубијци кои се на возраст од 16-17 години како и нетрпеливост кон шиитската заедница во оваа земја. Сепак, постои една суптилна разлика која ги двои овие две соседни земји. Пакистан претставува деклариран сојузник на САД, кој во својот воен арсенал поседува и нуклеарно оружје. Поради тоа, често пати на мета на терористички напади се безбедносните служби на оваа земја па дури и добро обезбедените воени бази и аеродроми.

## Индиски потконтинент

## ШРИ ЛАНКА

Главен репрезент на самоубиствениот тероризам во оваа земја претставуваат Тамилските тигри-ЛТТЕ. Оваа терористичка организација, во еден период, ги засени сите терористички организации кои извршуваат самоубиствени напади во светот во однос на големиот број на извршени самоубиствени напади, но и нивната инвентивност во начинот на извршување на истите (на копно, море и воздух). Во поглед на идеолошката определеност, ЛТТЕ припаѓа на секуларните терористички организации (националистичко-сепаратистичка идеологија). Со примена на самоубиствените напади започна во

ситуација кога довербата во организацијата беше разнишана. За успешно егзистирање на сопствените цели, организацијата создаде култ кон лидерот и во таа насока го воздигна и маченииштвото, како највисок акт за посветеност на остварување на целите на организацијата. Фактот што реализирањето на самоубиствени мисии ги применуваше во духот на националистичката идеологија, создаде општествена подлога во која насилството, понижувањата и угнетувањата беа секојдневие кај тамилската популација. Во една таква ситуација на насилство, ЛТТЕ, најде совршен начин на одржување на атмосфера во која на самоубиственото жртвување се гледаше како на нешто неопходно. Секое отстапување од „зацртаното" кај припадници на тамилската популација било најстрого санкционирано. Последниот самоубиствен напад, извршен од страна на ЛТТЕ, се случи на 20.04.2009 год. Во нападот учествувале тројца бомбаши самоубијци кои носеле на себе самоубиствен појас. Епилогот е 17 загинати лица додека 200 лица биле повредени.[718]По воениот пораз што го претрпе ЛТТЕ, од страна на безбедносните сили на Шри Ланка (2009 год.), самоубиствените напади престанаа во оваа земја.

Според ЦПОСТ[719]во период од 1987 год. до 2009 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во Шри Ланка е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1987 | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| 1988 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1989 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1990 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1991 | 2 | 60 | 60 | 30,0 |
| 1992 | 1 | 4 | 0 | 4,0 |
| 1993 | 2 | 36 | 60 | 18,0 |
| 1994 | 3 | 57 | 0 | 19,0 |
| 1995 | 6 | 79 | 87 | 13,2 |
| 1996 | 7 | 195 | 1470 | 27,9 |
| 1997 | 0 | 0 | 0 | 0 |

[718]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/
[719]Ibid.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1998 | 4 | 63 | 315 | 15,8 |
| 1999 | 9 | 61 | 210 | 6,8 |
| 2000 | 10 | 88 | 234 | 8,8 |
| 2001 | 2 | 3 | 3 | 1,5 |
| 2002 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2003 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2004 | 1 | 5 | 13 | 5,0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 6 | 131 | 210 | 21,8 |
| 2007 | 4 | 25 | 61 | 6,3 |
| 2008 | 11 | 77 | 357 | 7,0 |
| 2009 | 3 | 48 | 116 | 16,0 |
| 2010 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2011 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2012 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2013 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 72 самоубиствени напади загинати се вкупно 987 лица додека 3223 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,7 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 44,8 лица. Цели на напад во 65,3% од случаите се безбедносните служби (47 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (514) претставува 52,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,9. Политички цели на напад (19) претставуваат 26,4% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (291) во оваа категорија претставуваат 29,5% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 15,3. Цивилните цели на напад се застапени со 8,3% односно 6 напади, при што бројот на загинати лица (182) претставува 18,4% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 30,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 13,9% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 42,9% од вкупниот број на загинати лица, во 50% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се

одговорни за 42,2% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 36,1% од случаите кои се одговорни за 14,9% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на извршени самоубиствени напади се дело на ЛТТЕ (51) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1987 год. до 2009 год. во Шри Ланка самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 23 години (од 1987 до 2009 год.), во Шри Ланка се случувале во просек по околу 3 самоубиствени напади годишно (3,13), во кои имало просечно околу 13,7 загинати лица и 44,8 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 65,3% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 26,4% политички цели, 8,3% цивилни цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 52,1%, потоа следат политички цели со 29,5% и цивилни цели со 18,4%.
- Во 50% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат со 36,1% од случаите кои припаѓаат на категоријата останато и 13,9% од случаите извршени се со автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (42,9%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас со 42,2% и во категоријата останато влегуваат 14,9%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 23 години, тие се движат во опсег од 0 до 11. Започнуваат во 1987 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 11 самоубиствени напади во 2008 год.
- Најсмртоносна била 1996 год. со 7 напади во кои загинале 195 лица, при што просекот бил околу 27,9 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Шри Ланка, во овој период, се

карактеризираат со националистичко-сепаратистичка идеологија односно секуларен карактер. Најпозната терористичка организација која извршува самоубиствени напади во овој период е ЛТТЕ.

Присуството на самоубиствени терористички напади во Шри Ланка би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади од 1987 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **1987** | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| **1988** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1989** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1990** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1991** | 2 | 60 | 60 | 30,0 |
| **1992** | 1 | 4 | 0 | 4,0 |
| **1993** | 2 | 36 | 60 | 18,0 |
| **1994** | 3 | 57 | 0 | 19,0 |
| **1995** | 6 | 79 | 87 | 13,2 |
| **1996** | 7 | 195 | 1470 | 27,9 |
| **1997** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **1998** | 4 | 63 | 315 | 15,8 |
| **1999** | 9 | 61 | 210 | 6,8 |
| **2000** | 10 | 88 | 234 | 8,8 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1987 год. до 2000 год. во Шри Ланка се случиле 45 самоубиствени напади во кои загинале 698 лица додека повредени се 2463 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,5 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 54,7 лица. Цели на напад во 64,4% од случаите се безбедносните служби (29 напади) додека бројот на загинати лица во оваа категорија (323) претставува 46,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 11,1. Политички цели на напад (12) претставуваат 26,7% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (234) во оваа категорија претставуваат 33,5% од вкупниот број на загинати лица, стапката на

смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 19,5. Цивилните цели на напад се застапени со 8,9% односно 4 напади, при што бројот на загинати лица (141) претставува 20,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 35,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 13,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 43% од вкупниот број на загинати лица, во 55,6% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 43,8% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 31,1% од случаите кои се одговорни за 13,2% од вкупниот број на загинати лица Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (34) и др.

Или, поединечно по години, во 1987 год. во Шри Ланка се случил 1 самоубиствен напад во кој загинале 55 додека повредени се 27 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби каде што го имаме вкупниот број на загинати лица (55), стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 55. Во однос на начинот на извршување, извршителот на самоубиствениот напад користел автомобил бомба каде што го имаме вкупниот број на загинати лица . Самоубиствените напади е извршен од страна на ЛТТЕ. Во периодот од 1988 год. до 1990 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Шри Ланка. Во 1991 год. во Шри Ланка се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 60, додека повредени се исто така 60 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 30, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува исто така 30 лица. Цел на напад во двата случаи се безбедносните служби, каде што ја имаме вкупната бројка на загинати лица (60), при што стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 30. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи извршителите на самоубиствениот напад користеле автомобил бомба, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (1) и др. Во 1992 год. во Шри Ланка се случил 1 самоубиствен напад во кој загинале 4 додека нема повредени лица. Цел на нападот биле безбедносните служби каде што го имаме вкупниот број на загинати лица (4), стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4. Во однос на начинот на извршување, овој напад влегува во категоријата останато, каде што

го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади е извршен од страна на непозната терористичка организација. Во 1993 год. во Шри Ланка се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 36 додека повредени се 60 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 18, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 30 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (1 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (12) претставува 33,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 12. Политички цели на напад (1) претставуваат 50% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (24) во оваа категорија претставуваат 66,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 24. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 66,7% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 50% од случаите кои се одговорни за 33,3% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (1) и др. Во 1994 год. во Шри Ланка се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 57 додека нема повредени лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 19. Цели на напад во 66,7% од случаите се безбедносните служби (2 напади), при што во оваа категорија нема загинати и повредени лица. Политички цели на напад (1) претставуваат 33,3% од вкупниот број на случаи, додека бројот на загинати лица (57) во оваа категорија го претставува вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 57. Во однос на начинот на извршување на нападот во 33,3% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 66,7% од случаите во кои нема загинати и повредени лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (2) и др. Во 1995 год. во Шри Ланка се случиле 6 самоубиствени напади во кои загинале 79 додека повредени се 87 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 13,2, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 14,5 лица. Цели на напад во 83,3% од случаите се безбедносните служби (5 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (59) претставува 74,7% од

вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 11,8. Цивилни цели на напад (1) претставуваат 16,7% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (20) во оваа категорија претставуваат 25,3% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 20. Во однос на начинот на извршување на нападот во 16,7% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 36,7% од вкупниот број на загинати лица, во 50% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 50,6% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 33,3% од случаите кои се одговорни за 12,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (3) и др. Во 1996 год. во Шри Ланка се случиле 7 самоубиствени напади во кои загинале 195 додека повредени се 1470 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 27,9, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 210 лица. Цели на напад во 71,4% од случаите се безбедносните служби (5 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (75) претставува 38,5% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15. Цивилни цели на напад (2) претставуваат 28,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (120) во оваа категорија претставуваат 61,5% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 60. Во однос на начинот на извршување на нападот во 14,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 61,5% од вкупниот број на загинати лица, во 42,9% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 18,5% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 42,9% од случаите кои се одговорни за 20% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (6) и др. Во 1997 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Шри Ланка. Во 1998 год. во Шри Ланка се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 63 додека повредени се 315 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 78,8 лица. Цели на напад во 75% од

случаите се безбедносните служби (3 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (27) претставува 42,9% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 9. Политички цели на напад (1) претставуваат 25% од вкупниот број на случаи, додека бројот на загинати лица (36) во оваа категорија претставува 57,1% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 36. Во однос на начинот на извршување на нападот во 25% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 57,1% од вкупниот број на загинати лица, во 50% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 14,3% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 25% од случаите кои се одговорни за 28,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (4). Во 1999 год. во Шри Ланка се случиле 9 самоубиствени напади во кои загинале 61 додека повредени се 210 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 23,3 лица. Цели на напад во 55,6% од случаите се безбедносните служби (5 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (22) претставува 36,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,4. Политички цели на напад (3) претставуваат 33,3% од вкупниот број на случаи додека бројот на загинати лица (38) во оваа категорија претставува 62,3% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 12,7. Цивилни цели на напад (1) претставуваат 11,1% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (1) во оваа категорија претставуваат 1,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 66,7% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 93,4% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 33,3% од случаите кои се одговорни за 6,6% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (9). Во 2000 год. во Шри Ланка се случиле 10 самоубиствени напади во кои загинале 88 додека повредени се 234 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен

напад изнесува 8,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 23,4 лица. Цели на напад во 40% од случаите се безбедносните служби (4 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (9) претставува 10,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 2,3. Политички цели на напад (6) претставуваат 60% од вкупниот број на случаи додека бројот на загинати лица (79) во оваа категорија претставува 89,8% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 13,2. Во однос на начинот на извршување на нападот во 90% од случаите бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 94,3% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 10% од случаите кои се одговорни за 5,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (34) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1987 год. до 2000 год. во Шри Ланка самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 14 години (од 1987 до 2000 год.) во Шри Ланка се случувале во просек по околу 3 самоубиствени напади годишно (3,21), во кои имало просечно околу 15,5 загинати лица и 54,7 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 64,4% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 26,7% политички цели, 8,9% цивилни цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 46,3%, потоа следат политички цели со 33,5% и цивилни цели со 20,2%.
- Во 55,6% од случаите како средство за напад е користен самоубиствен појас, потоа следат со 31,1% од случаите кои припаѓаат на категоријата останато и 13,3% од случаите извршени се со автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (43,8%) произлегува од нападите со самоубиствен појас, потоа следат нападите со автомобил бомба 43% и во категоријата останато влегуваат 13,2%.

- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 14 години, тие се движат во опсег од 0 до 10. Започнуваат во 1987 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 10 самоубиствени напади во 2000 год.
- Најсмртоносна била 1996 год. со 7 напади, во кои загинале 195 лица при што просекот бил околу 27,9 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Шри Ланка, во овој период, се карактеризираат со националистичко-сепаратистичка идеологија односно секуларен карактер (ЛТТЕ).

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2009 год.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 2 | 3 | 3 | 1,5 |
| 2002 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2003 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2004 | 1 | 5 | 13 | 5,0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 6 | 131 | 210 | 21,8 |
| 2007 | 4 | 25 | 61 | 6,3 |
| 2008 | 11 | 77 | 357 | 7,0 |
| 2009 | 3 | 48 | 116 | 16,0 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 год. до 2009 год. во Шри Ланка се случиле 27 самоубиствени напади во кои загинале 289 лица додека повредени се 760 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 10,7 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 28,1 лица. Цели на напад во 66,7% од случаите се безбедносните служби (18 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (191) претставува 66,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,6. Политички цели на напад (7) претставуваат 25,9%

од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (57) во оваа категорија претставуваат 19,7% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 8,1. Цивилните цели на напад се застапени со 7,4% односно 2 напади, при што бројот на загинати лица (41) претставува 14,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 20,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 14,8% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 42,6% од вкупниот број на загинати лица, во 40,7% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 38,4% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 44,4% од случаите кои се одговорни за 19% од вкупниот број на загинати лица Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (17) и др.

Или, поединечно по години, во 2001 год. во Шри Ланка се случиле 2 самоубиствени напади во кои загинале 3 додека повредени се исто така 3 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 1,5, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 1,5 лица. Цели на напад во 50% од случаите се безбедносните служби (1 напад), при што нема загинати лица во оваа категорија. Политички цели на напад (1) претставуваат 50% од вкупниот број на случаи додека бројот на загинати лица (3) во оваа категорија претставува вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3. Во однос на начинот на извршување на нападот во двата случаи бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (2). Во периодот од 2002 год. до 2003 год. не се забележани самоубиствени терористички напади во Шри Ланка. Во 2004 год. во Шри Ланка се случил 1 самоубиствен напад, во кој загинале 5 додека повредени се 13 лица. Цел на нападот биле безбедносните служби, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 5. Во однос на начинот на извршување на нападот бомбашот самоубиец користел самоубиствен појас, каде што го имаме вкупниот број на загинати лица. Самоубиствениот напад е извршен од страна на непозната терористичка организација. Во 2005 год. не се забележани самоубиствени

терористички напади во Шри Ланка. Во 2006 год. во Шри Ланка се случиле 6 самоубиствени напади во кои загинале 131 додека повредени се 210 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 21,8, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 35 лица. Цели на напад во 66,7% од случаите се безбедносните служби (4 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (122) претставува 93,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 30,5. Политички цели на напад (2) претставуваат 33,3% од вкупниот број на случаи додека бројот на загинати лица (9) во оваа категорија претставува 6,9% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 33,3% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 77,1% од вкупниот број на загинати лица, во 16,7% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 6,9% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 50% од случаите кои се одговорни за 16% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (3) и др. Во 2007 год. во Шри Ланка се случиле 4 самоубиствени напади во кои загинале 25 додека повредени се 61 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 6,3, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,3 лица. Цели на напад во 75% од случаите се безбедносните служби (3 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (24) претставува 96% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 8. Политички цели на напад (1) претставуваат 25% од вкупниот број на случаи, додека бројот на загинати лица (1) во оваа категорија претставува 4% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1. Во однос на начинот на извршување на нападот во 50% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 88% од вкупниот број на загинати лица, во 25% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 4% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 25% од случаите кои се одговорни за 8% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (2) и

др. Во 2008 год. во Шри Ланка се случиле 11 самоубиствени напади во кои загинале 77 додека повредени се 357 лице. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 7, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 32,5 лица. Цели на напад во 72,7% од случаите се безбедносните служби (8 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (37) претставува 48,1% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 4,6. Политички цели на напад (2) претставуваат 18,2% од вкупниот број на случаи, додека бројот на загинати лица (29) во оваа категорија претставува 37,7% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14,5. Цивилните цели на напад се застапени со 9,1% односно 1 напад, при што бројот на загинати лица (11) претставува 14,3% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 11. Во однос на начинот на извршување на нападот во 36,4% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 62,3% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато се сметаат 63,6% од случаите кои се одговорни за 37,7% од вкупниот број на загинати лица. Самоубиствените напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (10) и др. Во 2009 год. во Шри Ланка се случиле 3 самоубиствени напади во кои загинале 48 додека повредени се 11 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 16, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 38,7 лица. Цели на напад во 33,3% од случаите се безбедносните служби (1 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (3) претставува 6,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 3. Политички цели на напад (1) претставуваат 33,3% од вкупниот број на случаи, додека бројот на загинати лица (15) во оваа категорија претставува 31,3% вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15. Цивилните цели на напад се застапени со 33,3% односно 1 напад, при што бројот на загинати лица (30) претставува 62,5% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 30. Во однос на начинот на извршување на нападот во 66,7% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 93,8% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата останато

се сметаат 33,3% од случаите кои се одговорни за 6,3% од вкупниот број на загинати лица. Одговорноста за самоубиствените терористички напади официјално не ја превзема ниту една терористичка организација, но постојат сериозни индиции дека истите се дел од кампањата која ја спроведува ЛТТЕ против владата на Шри Ланка.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1987 год. до 2000 год. во Шри Ланка самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 9 години (од 2001 до 2009 год.) во Шри Ланка се случувале во просек по околу 3 самоубиствени напади годишно, во кои имало просечно околу 10,7 загинати лица и 28,1 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 66,7% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 25,9% политички цели, 7,4% цивилни цели.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 66,1% потоа следат политички цели со 19,7% и цивилни цели со 14,2%.
- Во 44,4% од случаите, средствата за напад влегуваат во категоријата останато, потоа следат со 40,7% самоубиствен појас и 14,8% од случаите извршени се со автомобил бомба.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (42,6%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 38,4% и во категоријата останато влегуваат 19%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 9 години, тие се движат во опсег од 0 до 11. Започнуваат во 2001 год. со 2 самоубиствени напади, за потоа да го достигнат максималниот број од 11 самоубиствени напади во 2008 год.
- Најсмртоносна била 2006 год. со 6 напади во кои загинале 131 лице, при што просекот бил околу 21,8 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во Шри Ланка, во овој период, се

карактеризираат со националистичко-сепаратистичка идеологија односно секуларен карактер (ЛТТЕ).

Иако примената на самоубиствени напади, од страна на терористички организации кои припаѓаат на секуларна идеологија, не е нешто непознато на светската политичка сцена, начинот на оперирање на ЛТТЕ во Шри Ланка, укажува на иновативноста со која располагаат организациите во насока на остварување на своите цели. Исто така, ЛТТЕ, претставува еден класичен пример за начинот на имплементирање на секуларни елементи во насока на саможртвувањето. Воениот пораз кој го нанесоа безбедносните служби на Шри Ланка врз ЛТТЕ, означи крај на едно поглавје како во историјата на оваа земја така и од аспект на примената на самоубиствени мисии во рамките на една секуларна терористичка организација. Со поразот кој го претрпе ЛТТЕ, престанаа и самоубиствените напади во оваа земја, а се отворија можностите за детална анализа за начинот на нивното имплементирање во репертоарот на оваа терористичка организација.

## 10.1 Констатации од анализата на регионите во кои е присутен самоубиствениот тероризам

Врз основа на податоци забележуваме неколку базични работи поврзани со примената на самоубиствените терористички мисии на Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан) и Индискиот потконтинент (Шри Ланка).

*Прво*, самоубиствениот тероризам не е ексклузивно врзан за одредена религија, иако во моментов најголемиот број на организации кои го применуваат се со исламски предзнак. Неговата примена зависи од способноста и капацитетот на терористичката организација да ги примени самоубиствените операции во рамките на остварување на своите цели. Мотивите можат да бидат на религиозна или национална основа, во зависност од тоа која од нив би имала поголеми резултати во поглед на прифаќањето на идеологијата на организацијата.

*Второ*, неопходен услов за примената на самоубиствените напади претставува моќен непријател, кој поради својата супериорност ќе ги претстави

,,маченичките" напади како неопходни. Во овој контекст религиозната индоктринација го олеснува процесот на ,,маченичките" операции. Присуството на странски воени сили на Блискиот Исток и Азија, во изминатиот период, претставуваше еден акцелератор на претходното незадоволство кај одредени групи или етнички заедници во земјата. Тие, го користат периодот на консолидирање на новата државна власт и нефункционирање на институциите на системот за наметнување на својот интерес. Од друга страна пак, самоубиствените операции во земјите каде што немаше присуство на странскиот фактор, претставува одраз на акумулираното незадоволство на одреден дел од популацијата (етничка заедница) на таа земја, во борбата за остварување на одредени права (најчесто како реакција на одредена дискриминаторска политика на државата кон тој дел на популацијата) или едноставно промена на власта односно општественото уредување на земјата. Генерално потребни се двајца актери на сцената, едниот се карактеризира со својата моќ од повеќе аспекти (воено, политички и т.н), односно имаме непријател кој е супериорен, додека од другата страна се терористичките организации кои немаат капацитет да се спротистават на конвенционален начин на војување и остварување на своите цели.

*Трето*, традицијата и културата кои се присутни во одредено подрачје, се пресудни во поглед на стратегијата која ќе се примени за ,,хранење" на самоубистveниот тероризам. Социјалните состојби само го олеснуваат процесот, на примена на елементи од национален или религиозен карактер. Извршителите на самоубиствените напади не се подеднакво прифатени во сите региони кои ги анализиравме, но често беше присутен алтруистичкиот момент кој го доживува лицето со чинот на самоубиствениот акт. Очигледно е дека психолошките моменти, кои се диктиран од околностите во општеството, се од големо значење за доброволците за смрт. Приликите кои владеат во средината или застапеноста на верските вредности во секојдневието на луѓето, имаат силно влијание во процесот на ,,маченик" кај двата пола. Тука би го спомenале и кин-кантри синдромот[720]кој има големо влијание во извршувањето на самоубиствени

[720]Кин-контри синдром- под овој поим се подразбира сојуз на групи или држави кои имаат исти или слични култури и традиции односно припаѓаат на иста цивилизација. Овој синдром е ,,замена" за политичката идеологија и традиционалната рамнотежа на моќ, односно се смета за основа на соработка и коалиција на земји кои ги делат гореспоменатите вредности. Кин-контри синдромот во литературата се појавува во периодот после студената војна во воените конфликти

напади (присутен кај транснационалните извршители на самоубиствени напади).

*Четврто*, самоубиствените напади се применуваат од страна на терористичките организации од аспект на три гледишта. Првото гледиште е карактеристично за зголемување на рејтинг на терористичката организација, во случаи кога истиот е симнат на критично ниво (претрпени се големи загуби и се наоѓа пред пораз, со што е неопходен пресврт на сосотојбата во корист на терористичката организација). Второто гледиште ја отсликува моќта на терористичката организација, која со примената на самоубиствените напади се етаблира на политичката сцена како доволно силна и влијателна, со што нивната идеолошка матрица се наметнува во определена средина. Третото гледиште доаѓа до израз кога со самоубиствените операции се потиснува и елиминира конкуренцијата, односно се демонстрира на дело потенцијалот на организацијата. Воедно се укажува на останатиот дел од популацијата кон која организација да се „доближи".

Студиите на случаи, ни презентираат една појасна слика за начинот на оперирање на една од најекстремните терористички организации во светот, Ал Каеда. Преку начинот на нејзиното функционирање доаѓаме до многу корисни информации, за примената на самоубиствените терористички операции. Како што е присуството на цврста структура (терористичка организација) со одредена цел (религиозна, национална и др.). Во нашиот случај најзастапени се терористичките организации со исламски радикален предзнак. Потоа, терористичката организација (или нејзините филијали), во сите случаи е присутна на одредено подрачје подолг временски период и се изборила за сопствениот авторитет (безусловна послушност кон претпоставените во хиерархиската структура, култ кон лидерот, засилување на алтруистичките елементи кај членовите на организацијата како и поддршката од локалната популација). Паралелно со авторитетот се наметнува и целта на организацијата, која е „општоприфатена" и нејзината реализација претставува императив за сите

---

кои беа карактеристични за Персискиот залив, војната во поранешна Југославија (Босна), Кавказ и др. Истиот претставува синоним за солидарност во момент кога една земја припаѓа на една цивилизација и истата е нападната од друга земја која претставува друга цивилизација. Во тој случај земјите кои делат исти вредности со нападнатата земја треба да и помогнат со сите средства да се одбрани, примерот со Босна кога пристигнуваше помош од земјите кои беа со иста вероисповед (Ислам). Samuel P. Huntington (April 12, 2002) „The Clash of Civilizations", http://www.freerepublic.com/focus/news/664292/posts

членови. Условите и околностите во кои егзистира одредена популација во општеството, максимално се искористуваат од страна на организацијата (сиромаштија, традиција, култура и т.н). Тука се вклучени и разузнувачките проценки од страна на терористичката организација, во врска со потенцијалот на безбедносните служби во насока на сузбивање на терористичките активности. Врз база на собраните информации, авторитетите на терористичката организација одлучуваат за начинот на извршување на самоубиствениот напад, како и сите потребни детали околу неговата реализација.

Географските региони-Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка), кои беа анализирани во истражувањето, во изминатиот период, страдаа од голем број на самоубиствени терористички напади. Во таа насока ќе ги презентираме статистичките податоци поврзани со нивната примена и нивните карактеристики. Според ЦПОСТ[721] во период од 1982 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во горенаведените региони е следна.

| **Година** | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **1982** | 1 | 115 | 28 | 115 |
| **1983** | 4 | 408 | 306 | 102,0 |
| **1984** | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| **1985** | 19 | 226 | 205 | 11,9 |
| **1986** | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| **1987** | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| **1988** | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| **1989** | 2 | 0 | 9 | 0,0 |
| **1990** | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| **1991** | 2 | 60 | 60 | 30,0 |
| **1992** | 1 | 4 | 0 | 4,0 |

[721] Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1993** | 2 | 36 | 60 | 18,0 |
| **1994** | 7 | 94 | 236 | 13,4 |
| **1995** | 10 | 108 | 317 | 10,8 |
| **1996** | 15 | 272 | 1750 | 18,1 |
| **1997** | 1 | 3 | 48 | 3,0 |
| **1998** | 7 | 64 | 352 | 9,1 |
| **1999** | 15 | 70 | 277 | 4,7 |
| **2000** | 18 | 146 | 345 | 8,1 |
| **2001** | 22 | 88 | 691 | 4,0 |
| **2002** | 44 | 309 | 1766 | 7,0 |
| **2003** | 56 | 440 | 2504 | 7,8 |
| **2004** | 124 | 1366 | 4121 | 11,0 |
| **2005** | 296 | 2605 | 5792 | 8,8 |
| **2006** | 297 | 2240 | 5100 | 7,5 |
| **2007** | 463 | 4633 | 10152 | 10,0 |
| **2008** | 348 | 2707 | 6724 | 7,8 |
| **2009** | 256 | 2542 | 7369 | 9,9 |
| **2010** | 216 | 1790 | 4839 | 8,2 |
| **2011** | 187 | 1657 | 4281 | 8,8 |
| **2012** | 162 | 1238 | 3005 | 18,5 |
| **2013** | 277 | 2134 | 5643 | 7,7 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 2862 самоубиствен напад загинати се вкупно 25484 лица додека 66092 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,90 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 23 лица. Цели на напад во 67,15% од случаите се безбедносните служби (1922 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (12595) претставува 49,42% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,55. Политички цели на напад (402) претставуваат 14,04% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (4420) во оваа категорија претставуваат 17,34% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11. Цивилните цели на напад се застапени со 18,62% односно 533 напади, при што бројот на загинати лица

(8461) претставува 33,20% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15,87. Во категоријата непознато влегуваат 0.17% од целите на напад (5) при што бројот на загинати лица изнесува 8 односно 0,03% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 56,70% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 55,83% од вкупниот број на загинати лица, во 36,89% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 40,05% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 6,25% од случаите кои се одговорни за 4,10% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато се сметаат 0,13% од случаите кои се одговорни за 0,01% од вкупниот број на загинати лица.

Поединечно по земји, според бројот на извршени самоубиствени напади, состојбата е следна:

- Во Ирак се извршени 1441 напад во кои загинале 14721 лице. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2005 год. (271), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2007 год. со 270 напади и 3334 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 63,6%.
- Во Авганистан се извршени 796 напади во кои загинале 3543 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2007 год. (135). Исто така 2007 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 594 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 81%.
- Во Пакистан се извршени 363 напади во кои загинале 4440 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2009 год. (80). Исто така 2009 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 947 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 61,7%.

- Во Израел се извршени 95 напади во кои загинале 582 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2002 год. (39). Исто така 2002 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 205 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле цивилни цели 84,2%.
- Во Шри Ланка се извршени 72 напади во кои загинале 987 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2008 год. (11), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1996 год. со 7 напади и 195 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 65,3%.
- Во Либан се извршени 43 напади во кои загинале 867 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 1985 год. (19), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1983 год. со 4 напади и 408 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 89,5%.
- Во Чеченија се извршени 28 напади во кои загинале 234 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2000 год. (8) и 2009 год. (8), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2002 год. со 2 напади и 76 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 71,4%.
- Во Турција се извршени 24 напади во кои загинале 110 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 1999 год. (5), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2003 год. со 4 напади и 57 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 58,3%.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1982 год. до 2013 год. на Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна

Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка), самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 32 години (од 1982 до 2013 год.) во горенаведените региони се случувале во просек по 89 самоубиствени напади годишно (89,43), во кои имало просечно околу 8,9 загинати лица и 23 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 67,15% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 18,62% цивилни цели, 14,04% политички цели и 0,17% од случаите на напад влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 49,42%, потоа следат цивилни цели со 33,20%, политички цели со 17,34% и категоријата непознато со 0,03%.
- Во 56,70% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 36,89% од случаите нападите со самоубиствен појас, 6,25% од случаите припаѓаат на категоријата останато и 0,13% влегуваат во категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (55,83%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 40,05%, во категоријата останато влегуваат 4,10% и во категоријата непознато влегуваат 0,01%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 32 години, тие се движат во опсег од 1 до 463. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 463 самоубиствени напади во 2007 год.
- Најсмртоносна била 2007 год. со 463 напади, во кои загинале 4633 лица, при што просекот изнесува 10 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади на овие географски простори се карактеризираат со религиозен (радикален исламски предзнак), како и секуларен карактер (националистичко-сепаратистички и екстремна

левица). Исто така, освен верската нетрпеливост што ја истакнуваат екстремните религиозни терористички организации кон останатите религии, присутни се и насилствата во рамките на одредени заедници кои се од иста вероисповед (сунити и шиити).

Самоубиствените терористички напади на Блискиот исток (Југозападна Азија- Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка) би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади од 1982 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век. Во овој временски период не се регистрирани самоубиствени напади во Ирак и Авганистан. Според ЦПОСТ[722] во период од 1982 год. до 2000 год. состојбата со самоубиствените терористички напади е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1982 | 1 | 115 | 28 | 115 |
| 1983 | 4 | 408 | 306 | 102,0 |
| 1984 | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| 1985 | 19 | 226 | 205 | 11,9 |
| 1986 | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| 1987 | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| 1988 | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| 1989 | 2 | 0 | 9 | 0,0 |
| 1990 | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| 1991 | 2 | 60 | 60 | 30,0 |
| 1992 | 1 | 4 | 0 | 4,0 |
| 1993 | 2 | 36 | 60 | 18,0 |
| 1994 | 7 | 94 | 236 | 13,4 |
| 1995 | 10 | 108 | 317 | 10,8 |
| 1996 | 15 | 272 | 1750 | 18,1 |
| 1997 | 1 | 3 | 48 | 3,0 |

[722]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1998** | 7 | 64 | 352 | 9,1 |
| **1999** | 15 | 70 | 277 | 4,7 |
| **2000** | 18 | 146 | 345 | 8,1 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1982 год. до 2000 год. се случиле 114 самоубиствени напади во кои загинале 1735 лица додека повредени се 4105 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,2 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 36 лица. Цели на напад во 71,92% од случаите се безбедносните служби (82 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1147) претставува 66,10% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 14. Политички цели на напад (17) претставуваат 14,91% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (336) во оваа категорија претставуваат 19,36% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 19,76. Цивилните цели на напад се застапени со 13,15% односно 15 напади, при што бројот на загинати лица (252) претставува 14,52% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,8. Во однос на начинот на извршување на нападот во 44,73% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 69,97% од вкупниот број на загинати лица, во 41,22% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 24,72% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 14,03% од случаите кои се одговорни за 5,30% од вкупниот број на загинати лица.

Поединечно по земји според бројот на извршени самоубиствени напади состојбата е следна:

- Во Шри Ланка се извршени 45 напади во кои загинале 698 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2000 год. (10), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1996 год. со 7 напади и 195 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 64,4%.

- Во Либан се извршени 38 напади во кои загинале 831 лице. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 1985 год. (19), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1983 год. со 4 напади и 408 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 94,7%.
- Во Израел се извршени 11 напади во кои загинале 111 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 1994 год. (4) и 1996 год. (4), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1996 год. со 4 напади и 59 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле цивилни цели 90,9%.
- Во Турција се извршени 11 напади во кои загинале 20 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 1999 год. (5), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 1996 год. со 3 напади и 17 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 72,7%.
- Во Чеченија се извршени 8 напади во кои загинале 58 лица. Со оглед, дека во Чеченија самоубиствените терористички напади започнуваат токму во оваа година, истата се однесува и за останатите параметри (најголемиот број на извршени самоубиствени напади-8 и жртви-58 лица). Цел на нападите во сите случаи се безбедносните служби.
- Во Пакистан е извршен 1 самоубиствен напад во кој загинале 17 лица. Овој напад претставува изолиран терористички акт во оваа земја. Нападот е извршен врз политичка цел.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1982 год. до 2000 год. на Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел,), Кавкаскиот регион (Чеченија), Јужна Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка), самоубистениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 19 години (од 1982 до 2000 год.) во горенаведените региони се случувале во просек по 6 самоубиствени напади годишно,

во кои имало просечно околу 15,2 загинати лица и 36 повредени лица во еден самоубиствен напад.

- Во 71,92% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 14,91% политички цели и 13,15% цивилни цели.
- Најголемиот процент на загинати од вкупната бројка на загинати лица има кај безбедносните служби со 66,10%, потоа следат политички цели со 19,36% и цивилни цели со 14,52%.
- Во 44,73% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 41,22% од случаите се извршени со самоубиствен појас и 14,03% од случаите припаѓаат на категоријата останато.
- Најголемиот процент на загинати лица, во однос на начинот на извршување на нападот (69,97%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 24,72% и во категоријата останато влегуваат 5,30%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 19 години, тие се движат во опсег од 1 до 19. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 19 самоубиствени напади во 1985 год.
- Најсмртоносна била 1983 год. со 4 напади во кои загинале 408 лица при што просекот изнесува 102 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади, во овој период, се карактеризизираат со религиозен (радикален исламски предзнак), како и секуларен карактер (националистичко-сепаратистички и екстремна левица).[723]

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2013 год. Според ЦПОСТ[724]во овој период состојбата со самоубиствените терористички напади е следна.

[723]Според податоците на ЦПОСТ во овој период се случиле околу 114 самоубиствени напади во горенаведените региони, при што секуларните терористички организации учествуваат со околу 52 самоубиствени напади или 45,61% од вкупниот број на напади.
[724]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **2001** | 22 | 88 | 691 | 4,0 |
| **2002** | 44 | 309 | 1766 | 7,0 |
| **2003** | 56 | 440 | 2504 | 7,8 |
| **2004** | 124 | 1366 | 4121 | 11,0 |
| **2005** | 296 | 2605 | 5792 | 8,8 |
| **2006** | 297 | 2240 | 5100 | 7,5 |
| **2007** | 463 | 4633 | 10152 | 10,0 |
| **2008** | 348 | 2707 | 6724 | 7,8 |
| **2009** | 256 | 2542 | 7369 | 9,9 |
| **2010** | 216 | 1790 | 4839 | 8,2 |
| **2011** | 187 | 1657 | 4281 | 8,8 |
| **2012** | 162 | 1238 | 3005 | 18,5 |
| **2013** | 277 | 2134 | 5643 | 7,7 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 год. до 2013 год. се случиле 2748 самоубиствени напади, во кои загинале 23749 лица додека повредени се 61987 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,64 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 22,55 лица. Цели на напад во 66,95% од случаите се безбедносните служби (1840 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (11511) претставува 48,46% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,25. Политички цели на напад (385) претставуваат 14,01% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (4084) во оваа категорија претставуваат 17,19% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 10,60. Цивилните цели на напад се застапени со 18,85% односно 518 напади, при што бројот на загинати лица (8209) претставува 34,56% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15,84.

Во категоријата непознато влегуваат 0,18% од целите на напад (5), при што бројот на загинати лица изнесува 8 односно 0,03% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,6. Во однос на начинот на извршување на нападот во 57,20% од случаите

извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 54,79% од вкупниот број на загинати лица, во 36,71% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас, при што се одговорни за 41,17% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 5,93% од случаите кои се одговорни за 4,01% од вкупниот број на загинати лица и во категоријата непознато се сметаат 0,14% од случаите кои се одговорни за 0,01% од вкупниот број на загинати лица.

Поединечно по земји, според бројот на извршени самоубиствени напади, состојбата е следна:

- Во Ирак се извршени 1441 напад во кои загинале 14721 лице. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2005 год. (271), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2007 год. со 270 напади и 3334 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 63,6%.
- Во Авганистан се извршени 796 напади во кои загинале 3543 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2007 год. (135). Исто така 2007 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 594 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 81%.
- Во Пакистан се извршени 362 напади во кои загинале 4423 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2009 год. (80). Исто така 2009 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 947 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 61,7%.
- Во Израел се извршени 84 напади во кои загинале 471 лице. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2002 год. (39). Исто така 2002 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 205 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле цивилни цели 83,3%.

- Во Шри Ланка се извршени 27 напади во кои загинале 289 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2008 год. (11), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2006 год. со 6 напади и 131 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 66,7%.
- Во Чеченија се извршени 20 напади во кои загинале 176 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2009 год. (8), додека најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади се случил во 2002 год. со 2 напади и 76 загинати лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 60%.
- Во Турција се извршени 13 напади во кои загинале 90 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2003 год. (4). Исто така 2003 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 57 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 46,2%.
- Во Либан се извршени 5 напади во кои загинале 36 лица. Најголемиот број на самоубиствени напади во оваа земја се извршени во 2013 год. (4). Исто така 2013 год. се смета за година со најголемиот број на жртви од извршени самоубиствени напади, во кои загинале 36 лица. Цел на нападите во најголемиот број на случаи биле безбедносните служби 80%.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2001 год. до 2013 год. на Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка) самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 13 години (од 2001 до 2013 год.) во горенаведените региони се случувале во просек по околу 211 самоубиствени напади годишно (211,38), во кои имало просечно околу 8,64 загинати лица и 22,55 повредени лица во еден самоубиствен напад.

- Во 66,95% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 18,85% цивилни цели, 14,01% политички цели и категоријата непознато со 0,18%.
- Најголемиот процент на загинати лица од вкупната бројка на загинати има кај безбедносните служби со 48,46%, потоа следат цивилни цели со 34,56%, политички цели со 17,19% и категоријата непознато со 0,03%.
- Во 57,20% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 36,71% од случаите се извршени со самоубиствен појас, 5,93% од случаите влегуваат во категоријата останато и 0,14% од случаите припаѓаат на категоријата непознато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (54,79%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 41,17%, во категоријата останато влегуваат 4,01% и категоријата непознато со 0,01%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 13 години, тие се движат во опсег од 22 до 463. Започнуваат во 2001 год. со 22 самоубиствени напади, за потоа да го достигнат максималниот број од 463 самоубиствени напади во 2007 год.
- Најсмртоносна била 2007 год. со 463 напади во кои загинале 4633 лица, при што просекот изнесува 10 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади во овој временски период, се карактеризираат со религиозен (радикален исламски предзнак) и истите ги имаат извршено најголемиот број на самоубиствени напади. Во одредени делови, од анализираните региони, забележуваме дека самоубиствените напади се користат како средство во меѓусебните пресметки на двете главни заедници на исламот-сунити и шиити. Примената на самоубиствени мисии, од страна на терористичките организации од секуларен карактер (националистичко-сепаратистички

и екстремна левица), се присутни и во оваа временска дистанца но во многу помал број за разлика од претходниот период.

Во периодот од 1982 до 2013 год. се случиле 3699 самоубиствени напади во 44 земји во светот.[725]Бројот на загинати лица изнесува 38014 додека повредени се 102.696 лица.[726]Од вкупниот број на самоубиствени напади во светот (3699), во базата на податоци на ЦПОСТ[727]обработени се 3261 самоубиствен напад, односно 88,15%, во кои загинале вкупно 29502 лица додека повредени се 81972 лица. Според обработените статистички податоци (3261), во анализираните региони Блискиот исток (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак), Кавкаскиот регион (Чеченија), Централна Азија (Авганистан), Јужна Азија (Пакистан) и Индиски потконтинент (Шри Ланка), се случиле 2862 самоубиствени напади, односно 87,77% од вкупниот број на обработени податоци. Во нападите загинале 25484 лица, што претставува 86,38% од вкупната бројка на загинати лица според обработени податоци во светот (29502), додека 66092 лица се повредени, што претставува 80,62% од вкупната бројка на повредени лица според обработени податоци во светот (81972).

Од извршената анализа на регионите во нашето истражување, во периодот од 1982 год. до 2013 год. констатирано е следното:

- Најмногу самоубиствени напади се случиле на **Блискиот исток** (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак) 1603 или 49,15% од вкупниот број на напади (3261). Во истите загинале 16280 односно 55,18% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 42895 односно 52,32% од вкупниот број на повредени лица (81972).

  Поединечно по земји состојбата е следна. Прва земја според бројот на извршени самоубиствени напади во овој географски регион е *Ирак*, со 1441 или 89,89% од вкупно 1603 самоубиствени

[725]Базата на податоци на ЦПОСТ за извршени самоубиствените напади ги содржи податоците за следните земји: Авганистан, Алжир, Аргентина, Бангладеш, Боливија, Бугарија, Кина, Египет, Финска, Индија, Индонезија, Иран, Ирак, Израел, Јордан, Казахстан, Кенија, Кувајт, Либан, Либија, Мали, Мавританија, Мароко, Нигер, Нигерија, Пакистан, окупрани територии на Палестина, Катар, Русија, Саудиска Арабија, Сомалија, Шпанија, Шри Ланка, Шведска, Сирија, Таџикистан, Танзанија, Тунис, Турција, Уганда, Обединето Кралство, САД, Узбекистан, Јемен. http://cpost.uchicago.edu/

[726]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

[727]Ibid.

напади, извршени на Блискиот исток (Југозападна Азија), со 14721 загинато лице односно 90,42% од вкупниот број на загинати лица (16280), додека повредени се 37034 лица односно 86,33% од вкупниот број на повредени лица (42895). Потоа следат, *Израел* со извршени 95 самоубиствени напади или 5,92% од вкупниот број на напади (1603), во кои загинале 582 односно 3,57% од вкупниот број на загинати лица (16280), додека повредени се 3910 лица односно 9,11% од вкупниот број на повредени лица (42895). *Либан* со извршени 43 самоубиствени напади или 2,68% од вкупниот број на напади (1603), во кои загинале 867 лица односно 5,32% од вкупниот број на загинати лица (16280), додека повредени се 950 лица односно 2,21% од вкупниот број на повредени лица (42895). *Турција* со извршени 24 самоубиствени напади или 1,49% од вкупниот број на напади (1603), со 110 загинати лица односно 0,67% од вкупниот број на загинати лица (16280), додека повредени се 1001 лице односно 2,33% од вкупниот број на повредени лица (42895) во овој регион.

- **Централна Азија** (*Авганистан*) со извршени 796 самоубиствени напади или 24,40% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 3543 лица односно 12% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 8694 лица односно 10,60% од вкупниот број на повредени лица (81972).
- **Јужна Азија** (*Пакистан*) со извршени 363 самоубиствени напади или 11,13% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 4440 лица односно 15,04% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 10495 лица односно 12,80% од вкупниот број на повредени лица (81972).
- **Индиски потконтинент** (*Шри Ланка*) со извршени 72 самоубиствени напади или 2,20% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 987 лица односно 3,34% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 3223 лица односно 3,93% од вкупниот број на повредени лица (81972).

- **Кавкаски регион** (*Чеченија*) со извршени 28 самоубиствени напади или 0,85% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 234 лица односно 0,79% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 785 лица односно 0.95% од вкупниот број на повредени лица (81972).

Констатациите од примената на самоубиствените напади, ја презентираат состојбата на самоубиствениот тероризам на географските региони Блискиот исток (Југозападна Азија), Кавкаскиот регион, Централна Азија, Јужна Азија и Индиски потконтинент, во споредба со останатиот дел од светот. Приближно околу 88%, од вкупниот број на самоубиствени напади во светот, се случиле на овие географски подрачја. Овој податок, укажува за причината поради која истите претставуваа предмет на анализа во нашето истражување. Исто така, општествените прилики кои се присутни во овие региони, презентираат мноштво одговори за причините поради кои се применуваат самоубиствените напади. Идеолошки, терористичките организации кои применуваа самоубиствени напади на овие простори, во своите почетоци, поточно последните децении од минатиот XX век (онаму каде што беа присутни), застапуваа религозна и секуларна идеологија. Подоцна, особено со почетокот на XXI век, тој соодност се промени во полза на религиозната идеологија.

## 10.2 Анализа на самоубиствените терористички напади во светот

Генерално статистичките податоци, според Проектот за Безбедност и Тероризам-Чикаго или ЦПОСТ[728]во врска со примената на самоубиствените терористички напади во светот, укажуваат на следното. Од вкупниот број на самоубиствени напади (3699), обработени и класифицирани самоубиствени напади во базата на податоци на ЦПОСТ се 3261 самоубиствен напад или 88,15% од вкупниот број на напади. Терористичките организации со религиозен предзнак (од нивното основање, во почетокот на 80-те години на минатиот век, учествувале со повеќе од 85% од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот), според ИНСС (Институтот за национално-безбедносни студии при Универзитетот во Тел Авив-Израел), во 2013 год. учествуваат со

[728]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

речиси 95%.[729]Според ЦПОСТ[730]во период од 1982 год. до 2013 год. состојбата со самоубиствените терористички напади во светот е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 1982 | 1 | 115 | 28 | 115,0 |
| 1983 | 5 | 414 | 368 | 82,8 |
| 1984 | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| 1985 | 21 | 236 | 226 | 11,2 |
| 1986 | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| 1987 | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| 1988 | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| 1989 | 2 | 0 | 9 | 0 |
| 1990 | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| 1991 | 3 | 74 | 60 | 24,7 |
| 1992 | 1 | 4 | 0 | 4,0 |
| 1993 | 5 | 37 | 102 | 7,4 |
| 1994 | 9 | 182 | 436 | 20,2 |
| 1995 | 15 | 184 | 738 | 12,3 |
| 1996 | 15 | 272 | 1750 | 18,1 |
| 1997 | 2 | 3 | 55 | 1,5 |
| 1998 | 11 | 276 | 5434 | 25,1 |
| 1999 | 15 | 70 | 277 | 4,7 |
| 2000 | 21 | 155 | 381 | 7,4 |
| 2001 | 32 | 349 | 875 | 10,9 |
| 2002 | 60 | 346 | 1925 | 5,8 |
| 2003 | 72 | 588 | 3032 | 8,2 |
| 2004 | 152 | 1581 | 4999 | 10,4 |
| 2005 | 313 | 2799 | 6762 | 8,9 |
| 2006 | 305 | 2259 | 5161 | 7,4 |
| 2007 | 485 | 4817 | 11048 | 9,9 |

[729]The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
[730]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2008** | 366 | 2848 | 6999 | 7,8 |
| **2009** | 274 | 2739 | 7877 | 10,0 |
| **2010** | 246 | 2053 | 5523 | 8,3 |
| **2011** | 220 | 2021 | 5225 | 9,2 |
| **2012** | 242 | 1987 | 5130 | 8,2 |
| **2013** | 358 | 2964 | 7440 | 8,3 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Од вкупно извршените 3261 самоубиствен напад загинати се вкупно 29502 лица додека 81972 лица се повредени. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 9 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 25,2 лица. Цели на напад во 65,9% од случаите се безбедносните служби (2149 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (14229) претставува 48,2% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,6. Политички цели на напад (475) претставуваат 14,6% од вкупниот број на напади, додека бројот на загинати лица (5551) во оваа категорија претставуваат 18,8% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија е 11,7. Цивилните цели на напад се застапени со 19,3% односно 631 напад, при што бројот на загинати лица (9714) претставува 32,9% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15,4. Во категоријата непознато влегуваат 0.2% од целите на напад (6), при што бројот на загинати лица изнесува 8 односно 0,02% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 56,6% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 56,8% од вкупниот број на загинати лица, во 37,2% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 38,9% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 6% од случаите кои се одговорни за 3,6% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата непознато се сметаат 0,12% од случаите кои се одговорни за 0,01% од вкупниот број на загинати лица и нападите со авион учествуваат со 0,06% при што се одговорни за 0,64% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на самоубиствените терористички напади во овој период се извршени од страна на Талибанското

движење во Авганистан-ИЕА (511), ИСИС (250), ТТП (104), Хамас (66), ЛТТЕ (51), Ал Акса маченички бригади (38), Ал Шабаб (36), ПИЦ (32) и др.

Самоубиствени терористички напади во светот би можеле да ги анализираме во два дела. Првиот дел го опфаќа периодот на почетокот на самоубиствените терористички напади од 1982 год. па се до крајот на 2000 год. односно минатиот XX век. Според ЦПОСТ[731]во период од 1982 год. до 2000 год. состојбата со самоубиствениот тероризам во светот е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| **1982** | 1 | 115 | 28 | 115,0 |
| **1983** | 5 | 414 | 368 | 82,8 |
| **1984** | 3 | 29 | 49 | 9,7 |
| **1985** | 21 | 236 | 226 | 11,2 |
| **1986** | 3 | 33 | 24 | 11,0 |
| **1987** | 1 | 55 | 27 | 55,0 |
| **1988** | 2 | 7 | 11 | 3,5 |
| **1989** | 2 | 0 | 9 | 0 |
| **1990** | 1 | 5 | 1 | 5,0 |
| **1991** | 3 | 74 | 60 | 24,7 |
| **1992** | 1 | 4 | 0 | 4,0 |
| **1993** | 5 | 37 | 102 | 7,4 |
| **1994** | 9 | 182 | 436 | 20,2 |
| **1995** | 15 | 184 | 738 | 12,3 |
| **1996** | 15 | 272 | 1750 | 18,1 |
| **1997** | 2 | 3 | 55 | 1,5 |
| **1998** | 11 | 276 | 5434 | 25,1 |
| **1999** | 15 | 70 | 277 | 4,7 |
| **2000** | 21 | 155 | 381 | 7,4 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 1982 год. до 2000 год. во светот се случиле 136 самоубиствени напади во кои загинале 2151 лица додека повредени се 9976 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 15,8

[731]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 73,4 лица. Цели на напад во 66,9% од случаите се безбедносните служби (91 напад), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (1210) претставува 56,3% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 13,3. Политички цели на напад (24) претставуваат 17,6% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (594) во оваа категорија претставуваат 27,6% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 24,8. Цивилните цели на напад се застапени со 15,4% односно 21 напад, при што бројот на загинати лица (347) претставува 16,1% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 16,5. Во однос на начинот на извршување на нападот во 47,1% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 73,7% од вкупниот број на загинати лица, во 39% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 21,9% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 14% од случаите кои се одговорни за 4,4% од вкупниот број на загинати лица. Најголемиот број на самоубиствените терористички напади во овој период се извршени од страна на ЛТТЕ (34), Хамас (17), Либански национален фронт на отпорот (9), ССНП (8), Чеченска република Ичкерија (8), Исламска света војна (6), ПКК (6), Хезболах (5), ПИЦ (5) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 1982 год. до 2000 год. во светот, самоубиствениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 19 години (од 1982 до 2000 год.) во светот се случувале во просек по 7 самоубиствени напади годишно (7,15), во кои имало просечно околу 15,8 загинати лица и 73,4 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 66,92% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 17,6% политички цели и 15,4% цивилни цели.
- Најголемиот процент на загинати од вкупната бројка на загинати лица има кај безбедносните служби со 56,3%, потоа следат политички цели со 27,6% и цивилни цели со 16,1%.

- Во 47,1% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 39% од случаите самоубиствен појас и 14% од случаите припаѓаат на категоријата останато.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (73,7%), произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 21,9% и во категоријата останато влегуваат 4,4%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 19 години, тие се движат во опсег од 1 до 21. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад, за потоа да го достигнат максималниот број од 21 самоубиствени напади во 1985 год. и 2000 год.
- Најсмртоносна била 1983 год. со 5 напади во кои загинале 414 лица, при што просекот изнесува 82,8 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади, во овој период, се карактеризизираат со религиозен (радикален исламски предзнак) како и секуларен карактер (националистичко-сепаратистички и екстремна левица).[732]

Вториот дел го опфаќа периодот од 2001 год. односно почетокот на XXI век па се до крајот на 2013 год. Според ЦПОСТ[733]во овој период состојбата со самоубиствените терористички напади во светот е следна.

| Година | Самоубиствени напади | Загинати лица | Повредени лица | Стапка на смртност |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 32 | 349 | 875 | 10,9 |
| 2002 | 60 | 346 | 1925 | 5,8 |
| 2003 | 72 | 588 | 3032 | 8,2 |
| 2004 | 152 | 1581 | 4999 | 10,4 |
| 2005 | 313 | 2799 | 6762 | 8,9 |
| 2006 | 305 | 2259 | 5161 | 7,4 |

[732]Според податоците на ЦПОСТ, во овој период секуларните терористички организации учествуваат со приближно 52 самоубиствени напади или 38,23%.

[733]Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago, (2014), http://cpost.uchicago.edu/

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2007** | 485 | 4817 | 11048 | 9,9 |
| **2008** | 366 | 2848 | 6999 | 7,8 |
| **2009** | 274 | 2739 | 7877 | 10,0 |
| **2010** | 246 | 2053 | 5523 | 8,3 |
| **2011** | 220 | 2021 | 5225 | 9,2 |
| **2012** | 242 | 1987 | 5130 | 8,2 |
| **2013** | 358 | 2964 | 7440 | 8,3 |

Извор: Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)

Вкупно во периодот од 2001 год. до 2013 год. се случиле 3125 самоубиствени напади во кои загинале 27351 лице додека повредени се 71996 лица. Просекот на загинати лица во еден самоубиствен напад изнесува 8,8 лица, а просекот на повредени лица во еден самоубиствен напад изнесува 23,1 лице. Цели на напад во 65,9% од случаите се безбедносните служби (2058 напади), додека бројот на загинати лица во оваа категорија (13019) претставува 47,6% од вкупниот број на загинати лица, стапка на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 6,3. Политички цели на напад (451) претставуваат 14,4% од вкупниот број на напади додека бројот на загинати лица (4957) во оваа категорија претставуваат 18,1% од вкупниот број на загинати лица, стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 11. Цивилните цели на напад се застапени со 19,5% односно 610 напади, при што бројот на загинати лица (9367) претставува 34,2% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 15,4. Во категоријата непознато влегуваат 0.2% од целите на напад (6), при што бројот на загинати лица изнесува 8 односно 0,02% од вкупниот број на загинати лица. Стапката на смртност во самоубиствен напад од оваа категорија изнесува 1,3. Во однос на начинот на извршување на нападот во 57,1% од случаите извршителите на самоубиствени напади користеле автомобил бомба, при што се одговорни за 55,4% од вкупниот број на загинати лица, во 37,1% бомбашите самоубијци користеле самоубиствен појас при што се одговорни за 40,3% од вкупниот број на загинати лица. Во категоријата останато се сметаат 5,6% од случаите кои се одговорни за 3,6% од вкупниот број на загинати лица, во категоријата непознато се сметаат 0,1% од случаите кои се одговорни за 0,01% од вкупниот број на загинати лица и нападите извршени со авион се застапени со 0,06% од случаите при што се одговорни за 0,69% од вкупниот број на

загинати лица. Најголемиот број на самоубиствените терористички напади во овој период се извршени од страна на Талибанското движење во Авганистан-ИЕА (511), ИСИС (250), ТТП (104), Хамас (49), Ал Акса маченички бригади (38), Ал Шабаб (36), ПИЏ (27), Џамат Ал Тавхид Ваал Џихад (26), Ансар ал Суна (20), ЛТТЕ (17), Боко Харам (15) и др.

Врз основа на статистичките податоци би заклучиле дека во периодот од 2001 год. до 2013 год. во светот самоубистениот тероризам ги имаше следните обележја:

- Во периодот од 13 години (од 2001 до 2013 год.) во светот се случувале во просек по околу 240 самоубиствени напади годишно (240,38), во кои имало просечно околу 2104 загинати лица (2103,92) и 5538 повредени лица во еден самоубиствен напад.
- Во 65,9% од случаите цел на напад се безбедносните служби, потоа следат со 19,5% цивилни цели, 14,4% политички цели и во категоријата непознато влегуваат 0,2% од случаите.
- Најголемиот процент на загинати од вкупната бројка на загинати лица има кај безбедносните служби со 47,6%, потоа следат цивилни цели со 34,2%, политички цели со 18,1% и во категоријата непознато имаме 0,02%.
- Во 57,1% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 37,1% од случаите самоубиствен појас, 5,6% од случаите припаѓаат на категоријата останато, 0,1% од случаите припаѓаат на категоријата непознато и во 0,06% од случаите како средство за напад е користен авион.
- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (55,4%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 40,3%, во категоријата останато влегуваат 3,6%, од нападите со авион произлегуваат 0,69% и во категоријата непознато 0,01%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 13 години, тие се движат во опсег од 32 до 485. Започнуваат во 2001 год. со 32 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 485 самоубиствени напади во 2007 год.

- Најсмртоносна била 2007 год. со 485 напади во кои загинале 4817 лица при што просекот изнесува 9,9 загинати лица во еден самоубиствен напад.
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади, во овој временски период, се карактеризираат со религиозен (радикален исламски предзнак) и истите ги имаат извршено најголемиот број на самоубиствени напади. Во одредени делови од светот забележуваме дека самоубиствените напади се користат како средство во меѓусебните пресметки на двете главни заедници на исламот-сунити и шиити. Примената на самоубиствени мисии од страна на терористичките организации од секуларен карактер (националистичко-сепаратистички и екстремна левица), се присутни и во оваа временска дистанца но во многу помал број за разлика од претходниот период.

Од извршената анализа на податоците во нашето истражување, во врска со светските тенденции на извршените самоубиствени терористички напади на глобално ниво (во периодот од 1982 год. до 2013 год.), фактите укажуваат на големи осцилации на самоубиствениот тероризам во однос на неговата примена, во временскиот период од 32 години. Исто така постои разлика и од аспект на идеолошката генеза на која се базираат самоубиствените мисии. Од појавата на првите самоубиствени напади на светската политичка сцена (1982 год.) па се до крајот на минатиот век (2000 год.) во светот се случиле 136 напади или 4,17% од вкупниот број на напади (3261 според обработените податоци на ЦПОСТ). Секуларните терористички организации учествуваат со приближно 52 самоубиствени напади или околу 38,23% од вкупниот број на самоубиствени напади во тој период (136). Потоа, во периодот што следи или од почетокот на XXI век (2001 год.) до 2013 год. самоубиствените терористички напади имаат драстично зголемување на 3125 напади или 95,83% од вкупниот број на напади (3261). Идеолошки терористичките организации во овој период се повеќе се базираат на религиозна основа, една од најпознатите секуларни терористички организации во овој период ЛТТЕ престана да постои, односно претрпе воен пораз од безбедносните служби на Шри Ланка во 2009 год. На глобално ниво, иако во помал број, секуларните терористички организации сеуште егзистираат во Израел, Турција и други места, но сепак, нивното значење е далеку помало за

разлика од претходниот период. Учеството на радикални религиозни терористички организации во оваа временска дистанца е повеќе од 90%, при што религиозниот импулс ја има движечката сила во примената на самоубиствените мисии. Во продолжение ќе ги презентираме генералните констатации за самоубиствените терористички напади во светот.

- Во изминатиот период од 32 години (1982 год до 2013 год.) во светот се случувале во просек по околу 102 самоубиствени напади годишно (101,9), во кои имало просечно околу 290 загинати лица (289,51) и околу 804 повредени лица (804,43), во еден самоубиствен напад.
- Најмногу самоубиствени напади се случиле на **Блискиот Исток** (Југозападна Азија-Турција, Либан, Израел, Ирак) 1603 или 49,15% од вкупниот број на напади (3261). Во истите загинале 16280 односно 55,18% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 42895 односно 52,32% од вкупниот број на повредени лица (81972). Потоа следи **Централна Азија** (Авганистан) со извршени 796 самоубиствени напади или 24,40% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 3543 лица односно 12% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 8694 лица односно 10,60% од вкупниот број на повредени лица (81972). **Јужна Азија** (Пакистан) со извршени 363 самоубиствени напади или 11,13% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 4440 лица односно 15,04% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 10495 лица односно 12,80% од вкупниот број на повредени лица (81972). Овие три географски региони учествуваат со 84,69% (2762 напади), од вкупниот број на извршени самоубиствени напади во светот (3261).
- Најпогодени земји од извршени самоубиствени терористички напади се: *Ирак* со извршени 1441 самоубиствен напад или 44,18% од вкупниот број на напади во светот (3261), во истите загинале 14721 лице односно 49,89% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 37034 лица односно 45,17% од

вкупниот број на повредени лица (81972). *Авганистан* со извршени 796 самоубиствени напади или 24,40% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 3543 лица односно 12% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 8694 лица односно 10,60% од вкупниот број на повредени лица (81972). *Пакистан* со извршени 363 самоубиствени напади или 11,13% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 4440 лица односно 15,04% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 10495 лица односно 12,80% од вкупниот број на повредени лица (81972). *Израел* со извршени 95 самоубиствени напади или 2,91% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 582 односно 1,97% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 3910 лица односно 4,76% од вкупниот број на повредени лица (81972). *Шри Ланка* со извршени 72 самоубиствени напади или 2,20% од вкупниот број на напади (3261), во кои загинале 987 лица односно 3,34% од вкупниот број на загинати лица (29502), додека повредени се 3223 лица односно 3,93% од вкупниот број на повредени лица (81972).

- Во 65,9% од случаите, цел на напад се безбедносните служби (2149 напади) од вкупниот број на напади (3261), потоа следат со 19,3% цивлни цели (631 напад) од вкупниот број на напади, политички цели со 14,6% или 475 напади од вкупниот број на напади и во категоријата непознато се сметаат 0,02% или 6 напади од вкупниот број на напади.
- Најголемиот процент на загинати од вкупната бројка на загинати лица има кај безбедносните служби со 48,2%, потоа следат цивилни цели со 32,9%, политички цели со 18,8% и категоријата непознато е застапена со 0,02%.
- Во 56,6% од случаите како средство за напад е користен автомобил бомба, потоа следат во 37,2% од случаите самоубиствен појас, 6% од случаите припаѓаат на категоријата останато, 0,12% од случаите припаѓаат на категоријата непознато и во 0,06% од случаите како средство за напад е користен авион.

- Најголемиот процент на загинати лица во однос на начинот на извршување на нападот (56,8%) произлегува од нападите со автомобил бомба, потоа следат нападите со самоубиствен појас 38,9%, во категоријата останато влегуваат 3,6%, од нападите со авион произлегуваат 0,69% и во категоријата непознато 0,01%.
- Самоубиствените терористички напади осцилираат во текот на временската дистанца од 32 години, тие се движат во опсег од 1 до 485. Започнуваат во 1982 год. со 1 самоубиствен напад за потоа да го достигнат максималниот број од 485 самоубиствени напади во 2007 год.
- Најсмртоносна била 2007 год. со 485 напади во кои загинале 4817 лица додека повредени се 11048 лица, просекот на загинати лица изнесува 9,9, додека просекот на повредени лица изнесува 22,77 лица во еден самоубиствен напад..
- Идеолошки, терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади, во овој период, се карактеризизираат со религиозен (претежно радикален исламски предзнак), како и секуларен карактер (националистичко-сепаратистички и екстремна левица).

Секуларната идеологија е повеќе присутна во почетокот на 80-те години на минатиот век, за потоа со преминот во новиот XXI век, нејзиното влијание се повеќе се намалува. Религиозната идеологија пак, за разлика од секуларната се повеќе се етаблира на светската политичка сцена, особено во изминатите 13 години. Таа е двигател на најголемиот број терористички организации кои применуваат самоубиствени терористички напади. Во одредени делови од светот, забележуваме, дека самоубиствените напади се користат како средство во меѓусебните пресметки на двете главни заедници на исламот, сунити и шиити. Ова укажува на развојот на самоубиствените мисии како ефикасно средство за меѓусебни пресметки, во рамките на една етничка заедница (од иста вероисповест), со цел доминација во политичката моќ.

## 11.Резултати од тестирањето на ГЕНЕРАЛНА (ОПШТА) ХИПОТЕЗА

ГЕНЕРАЛНАТА хипотеза на истражувањето гласи:

*Нефункционирање на институциите на системот, надворешната окупација, субјективните причини во интерпретација на религијата, внатрешно незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини како и традиционални вредности иницира на персонификација на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на тероризам.*

Според истражувањето, а барајќи ги врските помеѓу самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот, ќе се потсетиме на основните поими, со кои го операционализиравме проблемот на истражување.

**Прво**-дали религиозниот бран на тероризам е продуциран од нефункционалноста на институциите на системот.

**Второ**-дали некој надворешен фактор, незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини, претставува плодна почва за самоубиствениот тероризам.

**Трето**-дали културата, традицијата, субјективно интерпретирање на религијата, допринесува во персонифицирање на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на тероризам.

Во таа насока добиени се следните одговори:

**Прво**: Парцијално или нефункционалноста на институциите на системот, допринесува до прифаќање на религијата и нејзиното толкување на правото како авторитетно во средината. Таквите околности оставаат можност за злоупотреба од поединци, верски лидери, кои искористувајќи го авторитетот на религијата се наметнуваат како неприкосновени водачи во конкретна средина.

**Второ**: Истражувањето укажа на поврзаноста на странската окупација, незадоволството кај поединецот од социјален, идеолошки или личен аспект, како генератор за самоубиствениот тероризам. Терористичките организации кои практикуваат самоубиствен тероризам ни даваат целосна слика за приликите кои владеат во општеството, во кое ги регрутираат доброволците за смрт.

**Трето**: Целокупниот процес на функционирање и енергија за изведување на едни такви „маченички" операции, би бил многу тежок без присуството на елементи од културата, традицијата и субјективното толкување на религијата.

Не случајно е иницирањето на конфликтни ситуации во одредени делови од светот, од страна на самите терористички организации, со цел да се задржат спрегите на контрола на одредено подрачје. Таквата атмосфера, во потполност одговара со интересите за опстојување на светската сцена на самоубиствениот тероризам и концептот на новиот религиозен бран на тероризмот.

**Заклучок во однос на тестирање на главната хипотеза** *Нефункционирање на институциите на системот, надворешната окупација, субјективните причини во интерпретација на религијата, внатрешно незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини како и традиционални вредности иницира на персонификација на самоубиствениот тероризам во новиот религиозен бран на тероризам.*

Во однос на главната хипотеза можеме да заклучиме дека:

Нефункционирањето на институциите на системот, надворешната окупација, субјективните причини во интерпретација на религијата, внатрешното незадоволство предизвикано од социјални, идеолошки или лични причини, како и традиционалните вредности се елементи кои го иницираат самоубиствениот тероризам, и неговата персонификација во новиот религиозен бран на тероризмот. **Со тоа се даде основ и практично се потврди главната хипотеза.**

## ШЕСТИ ДЕЛ

### 12. СТРАТЕГИИ ЗА БОРБА ПРОТИВ САМОУБИСТВЕН ТЕРОРИЗАМ И РЕЛИГИОЗНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Генерално стратегиите за борба против тероризмот се базираат на три различни начини, во зависност од која перспектива се перцепира тероризмот.[734] Првиот пристап се базира на службите задолжени за јавниот ред и мир во државата (полицијата) и разузнувачките служби. Овој пристап, најчесто се користи во Европа, и во основа е концепиран како метод на сузбивање на тероризмот кој се согледува низ призмата на кривичната аналогија. На овој начин тероризмот се согледува како феномен кој се повторува и истиот не може да се отстрани, но може да се ограничи, казни и заплаши. Вториот пристап се базира на перцепцијата на тероризмот како болест, поради што се нагласуваат неговите корени во околината каде што терористичките групи егзистираат, се развиваат и ја добива поддршката за нивно понатамошно дејствување. Овој пристап бара долгорочни стратегии за сузбивање на терористичките активности. Третиот пристап го третира тероризмот низ објективот на воената аналогија, што значи употреба на сила, превентивни напади (тука се вклучени и држави кои се сметаат за „домаќини" или овозможуваат засолниште на терористички организации) и физичка елиминација на терористичкото раководство. Ова гледиште на тероризмот не ја исклучува и можноста за една глобална војна против тероризмот.

### 12.1 Самоубиствен тероризам

Од аспект на „успешност" при извршувањето на самоубиствени напади, терористичките организации постигнуваат три цели:[735]

1.Предизвикуваат голем број на жртви врз одредена селектирана група на невини луѓе.

2.Има негативно влијание врз јавниот морал.

3.Медиумското покривање на самоубиствениот напад најчесто е фокусирано врз национална или религиозни кауза.

---

[734]Transworld-The Transatlantic Relationship and the future Global Governance (April,2013) ISSN 2281-5252. New and Evolving Trends in International Security-Edited by Anne-Marie Le Gloannec, Bastien Irondelle and David Cadier. Стр. 9.

[735]Nicholas W. Bakken,(August, 2007),„THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM: A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

По самоубиствениот напад на Светскиот трговски центар во Њујорк, на 11 септември 2001 год. во деценијата што следеше САД ги превзема следните активности:[736]

-освои и окупираше две големи муслимански земји (Авганистан и Ирак).

-присили една голема муслиманска армија да превземем мерки за искоренување на терористичките засолништа (Пакистан).

-испрати илјадници војници, припадници на специјалните единици во повеќе муслимански земји (Јемен, Чад, Нигерија и тн.).

-затвори илјадници муслимани без основ.

-ја поведе војната против идеите, во која ангажираше муслимански свештеници, чија задача беше да го осудат насилството и создаде нови институции, преку кои ги воведе западните норми во муслиманските земји.

Се поставува прашањето дали превземањето на овие акции ја зголемија безбедноста на САД. Во потесна смисла на зборот да, во САД немаше повеќе напади со размер како тој на 11 септември. Одбранбените мерки во поглед на контрола на имиграцијата, безбедноста на аеродромите и откривањето на домашните заговори беше подобрена. Во поширока смисла на зборот, сепак САД не се безбедни. Анти-американскиот самоубиствен тероризам рапидно се зголемил во целиот свет. Во 2003 год секретарот за одбрана на САД, Доналд Рамсфелд, го поставува прашањето: *„Дали можеме да фатиме, убиеме, одвратиме или спречиме повеќе терористи, отколку што може медресата и радикалните свештеници да регрутираат, обучат и истите да ги испоратат против нас?"*.[737]Денес, само во текот на еден месец, повеќе терористи самоубијци настојуваат да убијат што е можно повеќе американци и нивни сојузници во Авганистан, Ирак и други муслимански земји, отколку за сите години заедно пред 2001 год. Да се потсетиме, нападите на американските сили во Саудиска Арабија во 1995 и 1996 год. нападите на американските амбасади во Кенија и Танзанија во 1998 год. и нападот на американскиот разурнувач УСС-Кол (USS Cole) во Јемен во 2000 год. претставуваа клучни точки, кои укажуваа на престојната опасност за нападот на 11 септември 2001 год.

---

[736]Robert A.Pape, James K.Feldman (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. стр 13.www.cns.ba.
[737]Ibid.

(Светскиот трговски центар во Њујорк-САД). Такви точки денес имаме по неколку во текот на еден месец.[738]Клучот за сопирање на самоубиствените терористички походи претставува превенција од нови генерации на терористи самоубијци, односно нивно спречување. Со оглед на поврзаноста на странската окупација и самоубиствениот тероризам, како и целта да се осуети новиот бран на самоубиствени напади, потребно е поместување на воената стратегија на државите кои се воено присутни на странски подрачја. Стратегијата на „**вон територијално балансирање**" се покажала како доста успешна во изминатиот период. Имено станува збор за стратегија со која се настојува да се остварат политичките цели, во клучните регии во светот, при што се ослонува на воените сојузниците и дејствувањето на воздухопловните, поморските и копнените силите за брза реакција од море, наместо разместување на копно на големи воени сили. Во суштина оваа стратегија потсетува на воениот ангажман на САД во Персискиот залив од крајот на Втората светска војна (1945 год.), до периодот пред почетокот на првата војна со Ирак 1990 год. Во тој период, САД успешно ги остварувал своите интереси и обврски кон регионот и покрај локалната нестабилност и војните кои таму се воделе, при тоа не стационирал тенковски или пак единици на воената борбена авијација. Со тоа САД не го провоцирале тероризмот против себе, како и против своите воени сојузници. После војната со Ирак во 1991 год. САД бил присутен на Арапскиот полуостров, со десетици илјади војници како „останати" сили. Истите тие сили, станаа главната причина на повикот на Осама бин Ладен за превземање на терористички акции против САД и неговите сојузници. Спротивно на тоа, кога Израел ги повлече воените сили од Газа и поголемиот дел на Западниот брег, ослонувајќи се на одбранбени мерки како „ѕидот" во 2004 год. самоубиствениот тероризам значително се намали. Кон крајот на 2006 год. САД во Ирак започнале да ја пренесуваат политичката контрола и економските ресурси директно на големите сунитски племиња во Ал-Анбар, кои формирале милиции познати како „Будење на Ал-Анбар" и на тој начин на покраината и се дадени неопходните механизми за самата да ја обезбеди потребната заштита. Во исто време, САД распоредуваат свои копнени сили во најчувствителните квартови во Багдад, чија задача била заштита на најранливата група на сунитите овозможувајќи им засолништа во

[738]Robert A.Pape, James K.Feldman (2010),„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. стр 13.www.cns.ba.

градот како и нивен транспорт до соседната покраина. Овој начин на зајакнување на клучната локална заедница со цел да биде способна да се заштити, независно од САД, како и зајакнување на централната власт во земјата, наредната година довела до намалување на самоубиствениот тероризам во Ирак за една третина. Важно е што стратегијата на „**зајакнување на локалната заедница**", се базира на фактот дека самоубиствениот тероризам почива на логиката за отстранување на надворешната/странската закана на локалната култура. Стратегијата на „**зајакнување на локалната заедница**" или „**внатрешен баланс**", може во текот на конфликтот да доведе до ублажување на самоубиствениот тероризам и да послужи како преодна фаза во преминувањето кон една поголема стратегија, односно стратегијата на „**вонтериторијално балансирање**" или „**надворешен баланс**", која ќе овозможи регионална стабилност на подолг рок.[739]Горенаведената стратегија за „внатрешен" и „надворешен баланс" се однесува за превземање на мерки кои се однесуваат на едно глобално односно регионално ниво, додека на микро ниво[740] би ја посочиле следната стратегија, која се состои од еден координиран систем на три нивоа.

- *Последното ниво* на одбрана вклучува мерки на заштита од напад на чувствителни објекти и популација. Во ова ниво се употребуваат најновите научни сознанија (технологија) со цел да се блокира самоубиствениот извршител да „удри" врз целта или доколку не се спречи да се намалат ефектите од „ударот".
- *Средното ниво* на одбрана подразбира превземање на мерки со кои превентивно би се инфилтрирале и уништиле терористичките организации и мрежи, со комбинирана акција на разузнавачките и воено-полициските служби.
- *Првото ниво* на одбрана подразбира сознанија со кои би го разбрале и дејствувале на коренот на самоубиствениот тероризам, бидејќи истиот опстојува благодарение на неговите извршители.

Следната табела содржи податоци кои се наменети за изработка на планови, за итна евакуација од објекти кои се под непосредна закана од напад со

[739] Robert A.Pape, James K.Feldman (2010)„*Cutting the Fuse: the Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*"Chicago University Press. www.cns.ba.
[740]Scott Atran,(2004)***Trends in Suicide Terrorism:Sense and Nonsense.*** *Presented to World Federation of Scientists Permanent Monitoring Panel on terrorism, Erice, Sicily, August 2004*

импровизирани експлозивни средства. Ранливоста на објектите од импровизирани експлозивни средства, зависи од обликот на објектот како и компонентите кои се употребени во материјалот за изградба на објектот. Податоците во табелата може да варираат (во зависност од експлозивот со кој ќе биде изведен нападот), односно постои ризик за сите оние лица кои ќе се најдат во периметарот помеѓу задолжителна дистанца на евакуација и препорачаната дистанца за евакуација (внатре и надвор од објектот), да се соочат со смртни последици. Пожелна е препорачаната дистанца за евакуација.

| ОПИС НА ЗАКАНАТА | | КАПАЦИТЕТ НА ЕКСПЛОЗИВ ЕКВИВАЛЕНТ НА ТНТ-TNT | ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДИСТАНЦА ЗА ЕВАКУАЦИЈА | ПРЕПОРАЧАНА ДИСТАНЦА ЗА ЕВАКУАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
|  | ЦЕВКА-БОМБА | 5 lbs/2.3 kg | 70 ft/21 m | 1200 ft/366 m |
|  | САМОУБИСТВЕН ЕЛЕК | 20 lbs/9.2 kg | 110 ft/34 m | 1,700 ft/518 m |
|  | АКТ ТАШНА | 50 lbs/23 kg | 150 ft/46 m | 1,850 ft/564 m |
|  | ВОЗИЛО | 500 lbs/227 kg | 320 ft/98 m | 1,900 ft/580 m |
|  | КОМБЕ- ПАТНИЧКО, ТОВАРНО | 1,000 lbs/454 kg | 400 ft/122 m | 2,400 ft/732 m |
|  | КАМИОН САНДУЧАР | 4,000 lbs/1,814 kg | 640 ft/195 m | 3,800 ft/1159 m |
|  | КОНТЕЈНЕР / ЦИСТЕРНА | 10,000 lbs/4,536 kg | 860 ft/263 m | 5,100 ft/1555 m |
|  | КАМИОН ПОЛУПРИКОЛКА | 60,000 lbs/27,216 kg | 1,570 ft/479 m | 9,300 ft/2835 m |

Извор:The Nacional Counterterrorism Center COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR

Појаснување: Параметрите за задолжителна дистанца на евакуација (убиствена моќ на експлозијата), се според градежните стандарди на САД. Пожелно е консултација со квалификувани лица од таа област, при анализирање на објектите за заштита од горенаведените напади. Препорачана дистанца на евакуација претставува безбедна зона.[741]

[741]The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR стр.125.




Извор: The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR




Самоубиствен бомбашки напад во Чеченија
Извор: *CHECHEN SUICIDE BOMBERS*[742]

[742]Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),,*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies*, 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

Стандарди за експлозиви[743]

| ATF | Опис на возилото | Максимален капацитет за експлозив | Убиствена моќ | Минимална дистанца за евакуација | Домет на фрагментац-иски материја-ли |
|---|---|---|---|---|---|
|  | ВОЗИЛО compact sedan | **227** килограми (во багажен простор) | 30 метри | 457 метри | 381 метар |
|  | ЛИМУЗИНА Full size sedan | 455 килограми (во багажниот простор) | 38 метри | 534 метри | 534 метри |
|  | ТОВАРНО ИЛИ ПАТНИЧКО КОМБЕ | 1818 килограми | 61 метар | 838 метри | 838 метри |
|  | КАМИОН САНДУЧАР | 4545 килограми | 91 метро | 1143 метри | 1143 метри |
|  | КАМИОН ЦИСТЕРНА | 13636 килограми | 137 метри | 1982 метри | 1982 метри |
|  | КАМИОН ПОЛУ ПРИКОЛКА | 27273 килограми | 183 метри | 2134 метри | 2134 метри |

Извор: http://www.globalsecurity.org.military

[743]http://www.globalsecurity.org.military/intro/images/vbied-standards

## 12.2 Религиозен тероризам

Не можеме да бидеме религиозни на ист начин како што биле нашите предци во предмодерниот свет. Митовите и ритуалите на верата, им помагале на луѓето да ги прифатат ограничувањата кои биле суштински дел на аграрната цивилизација. Сега сме ориентирани кон иднината, а оние од нас кои се обликувани од рационализмот на модерниот свет не можат лесно да ги разберат старите форми на духовност. Сепак, голем број луѓе се уште сакаат да бидат религиозни, тие се обиделе да развијат нови облици на вера.

Фундаментализмот е само еден од тие модерни експерименти и како што видовме тој донекаде успева да ја врати религијата на меѓународната агенда, но често губи од вид некои од најсветите вредности на конфесионалните вери. Фундаменталистите често го претвараат митосот на својата религија во логос, или со инсистирање дека нивните догми се научно вистинити или со преобразување на нивната комплексна митологија во ефикасна идеологија. Така тие спојуваат два комплементарни извори и стилови на знаење за кои луѓето од предмодерниот свет обично решавале дека е мудро да се држат одвоени.[744]Фундаменталистичкото искуство ја покажува вистинитоста на овие конзервативни согледби. Инсистирајќи дека вистините на христијанството се фактички и научно докажливи, американските протестански фундаменталисти создаваат карикатура и на религијата и на науката. Оние Евреи и муслимани, кои ја претставуваат својата вера на разумен систематичен начин за таа да се натпреварува со другите секуларни идеологии, исто така ја искривуваат својата традиција, сведувајќи ја со процесот на безмилосна селекција на една поента. Како последица на тоа, сите тие ги запоставиле потолерантните инклузивни и сочуствителни учења и негувале богословие на гнев, огорченост и одмазда. Во некои случаи, тоа, дури довело едно малцинство да ја первертира религијата така што ќе ја користи за да одобри убиство. Исто така и огромно мнозинство фундаменталисти, кои се противставувале на такви акти на терор, имаат тенденција да бидат ексклузивни и да ги осудуваат оние кои не ги споделуваат нивните гледишта. Често, модерното општество се дели на „две нации", секуларисти и верници, кои живеат во иста земја но не можат да го зборуваат

[744]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр. 574

јазикот на другиот или да ги видат нештата од иста перспектива. Она што му изгледа свето и позитивно на едниот табор, на другиот му се чини демонско и извртено. И секуларистите се чувствувале длабоко загрозени едни од други, а кога има судир на два целосно непомирливи светогледи, чувството на оддалеченост и оттуѓеност само се влошува. Концептот на задушувањето и принудата неизбежно води кон реакција и тоа може да ги направи фундаменталистите поекстремни или потенцијални фундаменталисти. Протестанските фундаменталисти во САД станале уште повеќе реакционерни, тврдоглави и некреативни, по понижувањата што ги претрпеле на судењето на Скоупс.[745]Најекстремните облици на сунитски фундаментализам избиле на површина во концентрационите кампови на Насер, а острите мерки на Шахот ја поттикнале Иранската револуција. Не е за изненадување што еврејските фундаменталисти (ционистите и ултраортодоксните), се уште се прогонувани од стравови од холокаустот и антисемитската катастрофа. Репресијата длабоко загризала во душите на оние кои ја доживеале секуларизацијата како агресија и ја деформирале нивната религиозна визија, правејќи ја насилна и нетолерантна од своја страна. Фундаменталистите насекаде гледаат заговор и понекогаш се обземени од гнев кој изгледа демонски.

Насоката кон сузбивање на религиозниот тероризам треба да се базира на четири основни компоненти:

***Прво***-важно е да се сфати дека овие теологии и идеологии се вкоренети во стравот. Желбата да се дефинираат доктрини (да се кренат бариери, да се воспоставуваат граници и да се одвојат верните во света енклава каде што законот е строго почитуван) извира од стравот од истребување, кој направил сите фундаменталисти, во едно или во друго време да веруваат дека секуларистите само што не ги избришале.[746]Модерниот свет кој на либералите им изгледа толку возбудлив, на фундаменталистите им изгледа безбожен, бесмислен и па дури и сатански. Невозможно е да се отстрани таков страв или да се направи обид да се искорени со присилни мерки.

[745]Џон Скоупс млад учител од гратчето Дејтон во јуни 1925 год бил изведен на суд поради прекршување на антиеволуцискиот закон (поврзан со теоријата на Чарлс Дарвин за потаникот на човекот) набрзо судењето се претворило во натпревар меѓу Бог и науката. Поопширно на стр 275, Керин Армстронг,(2008),,*Битката за бога*",Скопје/Евро-Балкан пресс/Скопје.
[746]Керин Армстронг,(2008),,*Битката за бога*",Скопје/Евро-Балкан пресс/Скопје.

- Борбата против насилната екстремистичка пропаганда треба да се одвива во текот на целиот процес (процесот опфаќа-радикализација, регрутација и оправдување на насилството), паралелно со промоција на обединувачки фактори и општествените вредности.[747]

***Второ***-овие движења не се архаично враќање кон минатото, тие се модерни и иновативни. Протестанските фундаменталисти ја читаат Библијата на буквален, рационален начин кој е прилично различен од помистичниот, алегоричен пристап на предмодерната духовност. Теоријата на Хомеини за *Велајат-и факих*[748]била шокантно и револуционерно уривање на вековната шиитска традиција. Муслиманските мислители проповедале теологија на ослободувањето и продуцирале антиимперијалистичка идеологија која била во хармонија со другите движења од Третиот свет, во тоа време. Дури и ултраортодоксните Евреи, кои изгледале како одлучно да му вртат грб на модерното општество, откриле дека нивните *јешиви* во суштина се модерни, волунтаристички институции. Тие усвоиле нова ригорозност во нивното придржување кон Тората и научиле да манипулираат со политичкиот систем на начин што им донел повеќе моќ, отколку што имал кој и да било религиозен Евреин, речиси веќе два милениуми.[749]

- Всушност фундаментализмот се бунтувал против хегемонијата на секуларното општество. Тоа било начин да се врати Бог во царството на политиката од каде што бил исклучен. На различни начини фундаменталистите ги отфрлале поделбите на модерноста (меѓу црквата и државата, секуларното и профаното[750]) и се обидувале да ја возобноват изгубената целост.[751]Мерките што треба да се превземат во овој контекст треба да бидат насочени кон јасна дистинкција на државата и религијата, односно немешање на верските претставници во креирање на државната политика и наметнување на религиозните решенија како основа за функционирање на општеството

[747]US National Counterterrorism Center 2014 edition of the Counterterrorism (CT) Calendar. NCTC 2014.
[748]Теорија дека на муслиманите, како и на сите останати, им се потребни чувари во форма на доминација или контрола од страна на водечки исламски судии-како Хомеини.
[749]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр 576.
[750]лат. profanare обесвети/обесветува, обесчести/обесчестува, понижи/понижува, повреди/ повредува некоја светиња. http://365.com.mk/recnik/
[751]Керин Армстронг,(2008),„*Битката за бога*", Евро-Балкан пресс/Скопје, стр 576

***Трето***-во борбата против религиозниот тероризам неопходно е функционирање на институциите на системот, при тоа, со оглед на чувствителноста на материјата која треба да биде третирана од општеството, не смее да се дозволи селективниот пристап на правото и фаворизирање на одредена религија доминантна во државата. Секоја отстапка во тој поглед има за последица разгорување на национална и верска нетрпеливост.

- Институционалното функционирање треба да биде насочено кон поддршка на локалната заедница, особено оној дел кој е таргетиран од екстремистичката организација.[752]Ова е од суштинско значење за владата во напорите да се спречи екстремистичката идеологија и истовремено овозможува на двата субјекта (владата и локалната заедница), да споделат информации, загриженост како и потенцијални решенија.

***Четврто***-современ и едуциран безбедносен систем, каде што акцентот ќе биде ставен на разузнавачките служби, чии сознанија ќе бидат од пресудно значење за превземање на конкретни мерки во сузбивањето на радикалните елементи.

- Потребна е постојана „будност" на Владините службеници (безбедносни експерти), како и припадниците на безбедносните служби во делот на идентификувањето, предвидувањето и усовршување на превентивните мерки.[753]За таа цел потребни се континуирани истражувања, анализи како и проток на информации помеѓу поединци, заедница и владините институции, кои работат на фронтот на спротиставување на заканите со кои се соочува општеството.

Врз база на изнесените насоки за сузбивање на религиозниот тероризам би можеле да констатираме дека основата енергијата, која го води религиозниот тероризам, почива на слабостите на системот односно општеството во целина. Поединецот кој се наоѓа во една таква средина станува лесен плен на т.н „верски лидери", кои ја гледаат своја прилика за стекнување на политичка моќ во рамките на одредена општествена средина. Верската кауза, секогаш била императив во општества каде што има напластено голем број проблеми од сите сфери на животот, за во одреден временски период елементите од радикален и екстремистички карактер се посочат како решение за сите тегоби во

[752]US National Counterterrorism Center 2014 edition of the Counterterrorism (CT)Calendar. NCTC 2014.
[753]Ibid.

општествената средина. Ваквиот пристап кон потрагата за решение, кулуминира во форма на борба помеѓу верници и неверници односно вечната борба на доброто (Бог) и злото (сатана).

# ЗАКЛУЧОК

Тероризмот е постојан придружник на развојот на човештвото, начинот на кој ќе биде применет зависи од околностите кои ќе го продуцираат. Сооченоста на општеството со самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во религиозниот бран на тероризмот, го наметна проблемот на истражувањето. Во таа насока, нашата цел беше да се анализираат базичните причини и тензии кои создаваат основа за практицирање на самоубиствените напади и нивното олицетворение во тероризмот со религиозен предзнак. Истражувањето укажа на комплексноста на појавата со кој се соочуваат институциите и начинот на кој преку повеќе општествени, социјални, културни и образовни фактори се влијае кон свеста на поединецот. Доклоку истите соодветно се анализираат можеме благовремено да влијаеме на коренот, односно причината за тензии и кризи со кои може да се соочи општеството. Во насока да го разобличиме процесот на создавање на плодна почва за конфликт, кој подоцна би можел да ги има карактеристиките на самоубиствениот тероризам со религиозната конотација, би го класифицирале проблемот во три фази.

Во **првата фаза** би биле опфатени основните причини за тензии и кризи. Конфликтите без исклучок имаат своја логичка подлога, своја внатрешна закономерност, бидејќи поединците и групите како нации и држави имаат свои цели:[754]

-целите можат да бидат некомпатибилни и взаемно исклучувачки како две држави што ја сакаат истата земја, или две нации што ја сакаат истата држава

-кога целите се некомпатабилни, се јавува контрадикција, односно се јавува проблем.

-колку повеќе целта е побазична (односно се однесува на основните потреби и интереси), толку повеќе секој од учесниците и од страните со неисполнета цел се чувствува пофрустрирано.

-фрустрацијата може да води кон агресија, формирајќи став на омраза во себе или однос на вербално и на физичко насилство кон другите.

[754]Митко Котовчевски,(2007),,*Етиологија на вооружените конфликти*", Бомат графикс, стр. 21.

-омразата и насилството можат да бидат насочени кон оние што ви стојат на патот до целта, но, сепак, не е секогаш така „рационално".
-насилството само по себе уништува и поврзува (вклучувајќи се и себе) и може да доведе до спирала на контранасилство поради одбрана и/или одмазда.
-спиралата на насилство се претвара во мета-конфликт што ги надминува првобитните цели за заштитување и уништување.
Во оваа фаза, од аспект на проблемот на истражувањето, би ги посочиле општествено-политичката состојба, културата и традицијата кои владеат на определено подрачје како и степенот на интеграција на религијата во општествениот живот. Исто така, во овој контекст би го спомeнале синдромот „марш на лудоста", како илустрација за општествено-политичките прилики и последиците што ќе се рефлектираат од истиот во состојба кога општеството колабрира.

**Втора фаза**- *Акцелератори или забрзувачи на конфликтот*-акцелераторите се критични настани кои рапидно го зголемуваат нивото на важност на промените на главните услови, но исто така може да го означуваат и распадот на системот или да ги означуваат основните промени во политичките односи.[755]

Тука влегуваат сите околности кои го детерминираат однесувањето на поединецот (социјалната состојба и нејзиното влијание врз повеќе сегменти од развојот на едно општество, состојби кои наметнуваат чувство на страв, атмосферата на несигурност и вознемиреност), односно претставува опкружување кое е неперспективно и без можност во блиска иднина истото да се промени кон позитивно. Во оваа фаза се бара и виновникот за таквата состојба, при што, често пати на сцена стапува идеолошки, националистички и верски субјекти со свои решенија за надминување на таквата состојба. Исто така, се користи моментот на инфериорноста на општествените механизми и се наметнуваат ставовите на авторитетни поединци (религиозни лидери или лидери на терористички организации кои го користат религиозниот елемент како оправдување за постапките на организацијата), кога ќе се додаде и догматскиот став кон одредени прашања од верски карактер, тогаш целиот круг се затвара и имаме подлога за продуцирање на маченици. Ставот кон смртта (маченици или заштита на честа, угледот) во определена средина влијае кон

---

[755]Митко Котовчевски,(2007),„*Етиологија на вооружените конфликти*", Бомат графикс/Скопје, стр. 24-25.

начинот на прифаќање на истата, а воедно ја демонстрира интеграцијата и вредноста на човечкиот живот во едно такво опкружување. Истражувањето укажаа на социјалниот и образовниот момент во креирањето на доброволци за смрт, тука го наоѓаме силниот елемент на поврзаност на економската нееднаквост и на квалитетот на образованието во поглед на продуцирање на кадри од верски аспект, подложни на верска индоктринација (во овој контекст ќе појасниме дека се работи за верски институции во региони каде што поради одредени околности религиозните вредности се злоупотребуваат за постигнување на целите на организацијата-Хамас во Палестина, Талибанското движење во Авганистан и др).

**Трете фаза**- *Тригери или катализатори*- тригерите претставуваат непосредни настани кои што го поттикнуваат (забрзуваат) разгорувањето на конфликтот, ненадеен катализатор или иницијален настан (атентат на лидер, изборен фалсификат или голем политички скандал) што може да го запали конфликтот.[756]

Од наш аспект би ги споменале ситуациите каде што одредени настани, (изградба на верски објект или образовна институција од верски карактер), се сметаат како загрозување на вредностите во одредена средина (најчесто во места каде што егзистира популација од различна вероисповед), инцидент поврзан со присуството на странски воени сили, мерки на владата по одредени прашања кои се чувствителни за дел од популација, инцидент предизвикан од нефункционирање на институциите на системот и сл. Тука се соочуваме со сите пропусти на целиот процес и целокупното незадоволство на поединецот, кој е претставен како последната линија на одбраната на општествените или религиозните вредности. Во вакви околности се создава слика за неопходноста од себежртвување со цел да се спречи пред се сопствената агонија, потоа да се подигне сопствениот углед и чест во средината, за на крајот да се дојде до повисоки верски вредности или да се „сведочи" за религиозната посветеност кон Бог. При тоа самоубиствените напади стануваат вообичаена појава и истите ја рефлектираат состојбата во која се наоѓаат доброволците за смрт.

Историските примери на фанатичност, која ги водела „божјите воини" и последиците кои се чувствуваат до денешен ден, не можат да се потценат и да

[756]Митко Котовчевски,(2007)„*Етиологија на вооружените конфликти*", Бомат графикс/Скопје, стр. 25.

се остават под правот на историјата. Теророт продуцирал тероризам, кој во комбинација со религиозната опиеност го дава денешниот финален производ самоубиствен тероризам со религиозен предзнак. Силата на секоја религија потекнува од нејзините верници, односно од нивниот начин на прифаќање на религиозните вредности. Секако дека голема улога играат и религиозните авторитети, бидејќи нивниот начин на интерпретација на верските вредности се од пресудно значење за обичниот верник. Самоубиствениот тероризам и неговата персонификација во религиозниот бран на тероризмот означува едно ново поглавје во еволуцијата на тероризмот. Истражувањето кое го спроведовме ни ги потврди хипотезите односно укажа на повеќе аспекти кои влијаат на терористичките активности со религиозен предзнак, исто така укажа и на мерките кои е потребно да се превземат со цел сузбивање на тероризмот со религиозна конотација.

- ✓ Потврди дека образованието и социјалната состојба имаат свое влијание (дел) во креирањето на подлога за продуцирање на доброволци за смрт.
- ✓ Потврди дека атмосферата на несигурност и вознемиреност придонесува кон прифаќање на религијата како единствено решение.
- ✓ Потврди дека глорифицирањето на мараченичката смрт во културата и традицијата на определени етнички и религиозни групи, има големо влијание во извршување на „маченички напади".
- ✓ Потврди дека догматските ставови во религијата се злоупотребуваат во насока на потврдување на одредени ставови на терористичките организации, со цел поуспешна регрутација на извршители на самоубиствени напади.
- ✓ Потврди дека за успешното сузбивање на самоубиствениот тероризам и неговото олицетворение во религиозниот бран на тероризмот, неопходно е разобличување на целиот процес на функционирање на терористичките организации (регрутација, методи, тактики, инкорпорираност на религијата во процесот и т.н) и потребата од современи и едуцирани безбедносни институции.

Како што можеме да забележиме самоубиствениот тероризам со религиозен предзнак е условен и врз него свое влијание имаат повеќе фактори кои генерално би можеле да ги поделиме во надворешни и внатрешни фактори.

Во надворешни фактори кои продуцираат самоубиствен тероризам со религиозен предзнак ги вбројуваме:

-странска окупација

-неможноста за спротивставување на посилен непријател.

-чувство на загрозеност на религиозните вредности.

Во внатрешни фактори кои продуцираат самоубиствен тероризам со религиозен предзнак ги вбројуваме:

-злоупотреба на верскиот авторитет и религијата.

-состојба на анархија, вознемиреност како и слабата ефикасност на институциите на системот.

-културни и традиционални прилики.

-образованието и социјалниот стандард.

Со цел да се појасни персонификацијата на самоубиствениот тероризам во религиозниот бран на тероризмот, наидовме на повеќе сегменти кои ја детерминираат таквата појава, при што, во основа кај сите нив е присутна ,,доброволно" избраната смрт. Саможртвувањето е присутно во целата историја на човекот, но мотивите и факторите кои ја продуцираат таквата појава се различни и зависат од средината. Извршителите на самоубиствениот акт испраќаат силна порака преку чинот на мачеништвото, таа од една страна ја демонстрира состојбата и волјата на извршителот како и неговото лично незадоволство и очај, но од друга страна укажува на силната желба на извршителите за промена на нештата. Кога не би постоеле одредени околности саможртвувањето тешко би било остварливо, бидејќи пред се истото е условено со одредена цел. Присутноста на религиозните мотиви кај ,,мачениците" претставува движечка сила за доброволците за смрт. Познато е дека Тамилските тигри, како секуларна терористичка организација, го потенцираа националниот елемент како и култура на мачеништво во средината каде што егзистираа. Ова, ни укажува на фактот дека методот на кој ќе се врши регрутација, како и мотивите за егзистирање на самоубиствените терористички акции, се прилагодуваат во зависност од средината или истите се модифицираат во насока која ќе биде најприфатена за средината. Сепак на долгорочни патеки попродуктивно се покажа религиозниот мотив на извршителите. Согледувајќи ги двата пристапа кон саможртвувањето, религиозен и секуларен, доаѓаме до заклучок дека мотивите за мачеништвото што ќе бидат употребени, од лидерите

на терористичките организации, претходно се добро анализирани и осмислени. Најважно е да се има плодна почва за регрутација, односно средината да биде доволно „подготвена" со потребните елементи за извршување на самоубиствени напади. Присутноста на терористичките организации кои го применуваат самоубиствениот тероризам ја предочи потребата од безусловна посветеност на припадниците на терористичката организацијата кон лидерот на организацијата, идеолошкиот фанатизам кон остварување на целите на организацијата како и еден важен импулс во целиот процес- индоктринација.

Во истражувањето беше опфатен верскиот елемент на индоктринација, при што, како што можеме да видиме, истиот има силна движечка моќ и претставува иницијална написла за саможртвувањето. Религиозните елементи во процесот на културата на саможртвувањето ги наоѓаме многу одамна во човечката историја. Очигледно е дека вештото манипулирање со истите, под одредени околности, создава фанатизирани послушници и извршители, додека од друга страна задоволено е и личното его на извршителот, тој е длабоко убеден во делото што го врши и загарантираното место во рајот. Целокупниот процес се отсликува односно персонифицира во самоубиствениот тероризам и елементот на индоктринација во новиот религиозен бран на тероримот.

Начините на демонстрација и посветеност кон остварување на целите на терористичките организации, кои го претставуваат новиот религиозен бран на тероризмот, ги поттикна институциите на едно општество во поглед на превземање на превентивните и репресивни мерки за заштита и неутрализирање. Од аспект на безбедноста секогаш треба да се има на увид дека најдобро е да се спречи терористичката организација уште во првата фаза на подготовка, тука акцентот е ставен на разузнавачките служби како и нивната соработката со странски разузнавачки служби со цел благовремено укажување на одредена состојба од безбедносен аспект. Добар пример за потребата од таква соработка претставува самоубистевниот напад во Бургас (Р. Бугарија), каде што бомбаш самоубиец изврши самоубиствен напад врз туристи од Израел, во автобус на аеродромот во Бургас. Извршителот на нападот, според бугарските безбедносни служби, не е од Р. Бугарија односно претставува транснационален бомбаш самоубиец. Посочувањето на овој пример ги воочува проблемите со кои би можела да се соочи и нашата земја, како членка и учесник во повеќе воени мировни мисии во странство, но и дестинација на странски

туристи вклучувајќи и израелски. Тактичката предност која ја имаат терористичките организации во извршувањето на самоубиствените напади (време, место, начин) како и проблемот со кој се соочуваат безбедносните служби, во обидот да се спречи самоубиствениот напад, дополнително ја комплицира целата ситуација. Ограничувањето на човековите слободи и права одат во прилог на терористичките организации, факт што треба да се земе во предвид при изготвување на безбедносни планови за заштита од самоубиствени напади. Периодот од три децении присутност на самоубиствениот тероризам, резултираше со неколку параметри кои укажуваат на следното. Во просек се случуваат околу три самоубиствени напади дневно (од вкупно 3261 обработени и класифицирани самоубиствени напади во базата на податоци на ЦПОСТ). Во најголемиот број случаи (околу 2/3), самоубиствените напади се насочени кон безбедносните служби, додека како средство за напад најчесто се користи автомобил бомба. Бројот на загинати лица од ваков начин на напад изнесува повеќе од половината од вкупната бројка на загинати лица. Најранлива популација (највисока стапка на смртност) од самоубиствените напади имаме кај цивилните цели (околу 15 лица во еден напад), кои вообичаено претставуваат т.н мека цел на напад или едноставно колатерална штета. Цивилните жртви најлесно ја „пренесуваат" пораката на терористичката организација и истите оставаат најсилен впечаток во јавноста.

Присуството на самоубиствените терористички напади на светската политичка сцена пред се е условено од нивната ефикасност, односно се додека преку нив постои шанса за одреден бенифит на терористичките организации истите ќе продолжат. Светските тенденции ни укажуваат дека религиозниот тероризам во догледна иднина ќе ја загрозува светската безбедност. Бранот на самоубиствени напади ќе биде присутен и во наредната деценија. Асиметричните закани од религиозниот бран на тероризмот нема да поштедат ниту една земја доколку истата, според проценката на терористичките лидери, би била од интерес за остварување на нивните политичките цели. Светската глобализација беше искористена за ширење на бранот на тероризмот и негово медиумско презентирање. Во таа насока треба да се движат и стратегиите за сузбивање на религиозниот тероризам, односно во еден глобален систем за заштита од тероризмот, бидејќи како што можеше да се види од претходно презентираниот труд, религиозниот тероризам дејствува на слабостите на системот. Секако дека

не треба да се занемаруваат ниту безбедносните мерки кои треба да се превземат на едно микро ниво, кои се од суштинско значење за функционирање на општествениот систем. За таа цел, Република Македонија, мора да ги согледа опасностите и благовремено да одговори на предизвиците од религиозниот бран на тероризмот со соодветни мерки на заштита.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1.Robert A.Pape, James K.Feldman (2010),,*Cutting the fuse: The Explosion of Global Suicide Terrorism and how to stop it*" Chicago University press. (www.cns.ba.)

2.International Journal of Conflict and Violence, Suicide Bombers in Israel:Their Motivations, Characteristics, and Prior Activity in Terrorist Organizations, Revital Sela-Shayovitz, David Yellin College and The Institute of Criminology, Hebrew University of Jerusalem. IJCV : Vol. 1 (2) 2007

3.Robert W. Kurz, Charles K. Bartles (2007),,*CHECHEN SUICIDE BOMBERS*" Foreign Military Studies Office, *Journal of Slavic Military Studies,* 20: 529–547, 2007 Copyright © Taylor & Francis Group, LLC

4. MARTHA CRENSHAW (2007),,*Explaining Suicide Terrorism: A Review Essay*" Security Studies 16, no. 1, Taylor & Francis Group, LLC.

5.Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor,(2010),,*ECONOMIC CONDITIONS AND THE QUALITY OF SUICIDE TERRORISM*, NATIONAL BUREAU OF ECONOMIC RESEARCH 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138

6.Scott Atran, (2006),. *The Moral Logic and Growth of Suicide Terrorism*", The Canter for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.

7.Published by TEL AVIV UNIVERSITY The Jaffee Center for Strategic Studies & The Moshe Dayan Center for Middle Eastern and African Studies (2003).

8.IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism),,Countering Suicide terrorism".

9.Talal Asad, (2007),,*On suicide bombing*" Columbia University Press

10.Walter Reich,(1990),,Origins of Terrorism:Psychologies, Ideologies, Theologies, State of Mind,", Cambrige University Press

11.Yoram Schweitzer and Sari Goldstein Ferber (November, 2005) ,,*Al-Qaeda and the Internationalization of Suicide Terrorism*", Jaffee Center for Strategic Studies, TEL AVIV UNIVERSITY

12.Scott Atran,(2004),, *Mishandling Suicide Terrorism*" The Center for Strategic and International Studies and the Massachusetts Institute of Technology.

13.Charles B.Strozier (1994),,On the Psychology of Fundamentalism in America (Boston, Mass:Beacon Press), и James A.Aho(1990),,The Politics of Righteousness:Idaho Cristian Patriotism (Seattle, Wash:University of Washington Press)

14.Mark Juergensmeyer,(2000),,Terror in the Mind of God: The Global Rise of Religious Violence", Berkeley:University of California Press.

15.De Figueiredo Jr, R.J.P.; Weingast, B.R. (2001). "Vicious Cycles: Endogenous Political Extremism and Political Violence. Institute of Governmental Studies Working Paper, 2001-9". *University of California, Berkeley.*

16.Riaz Hassan, (2008) ,,Global Rise of Suicide Terrorism: An Overview", *Asian Journal of Social Science 36 (2008) 271–291,* Flinders University.

17.Arie W. Kruglanski-University of Maryland, College Park; Agnieszka Golec Warsaw School of Social Psychology Institute of Psychology Polish Academy of Sciences ,,*Individual Motivations, The Group Process and Organizational Strategies in Suicide Terrorism*".

18.Nicholas W. Bakken, (August,2007),,THE ANATOMY OF SUICIDE TERRORISM:A DURKHEIMIAN ANALYSIS", University of Delaware, International Foundation for Protection Officers.

19.US Department of Homeland Security (DHS) through the Center for Risk and Economic Analysis of Terrorist Events (CREATE) at the University of Southern California, Grant 2010-ST-061-RE0001.(August,2013),,An Empirical Study of Suicide Terrorism: A Global Analysis".

20.M.Najeeb Shafiq and Abdulkader H.Sinno,( March 24, 2010), Education, Income, and Support for Suicide Bombings: Evidence from Six Muslim Countries. Indiana University.

21.Haider Ali Naqvi, Syed Faraz Kazim, Shafqat Huma,(January, 2011),Suicide Bombing: A Geopolitical perspective Department of Psychiatry, Department of Surgery, Aga Khan University, Karachi, Vol.61, No.1.

22.The Nacional Counterterrorism Center-COUNTERTERRORISM 2012 CALENDAR.

23.Federal Bureau of Investigation –FBI (april, 2007),,White supremacy: Contexts and Constraints for Suicide Terrorism.

24.US National Counterterrorism Center 2014 edition of the Counterterrorism (CT) Calendar. NCTC 2014.

25.Brian M.Kelly (2008),,*Martyrs in Mesopotamia: The Logic of suicide terrorism in Iraq*" University of Pennsylvania.

26.Mia Bloom (2007),,*Female suicide bombers: a global trend"*. American Academy of Arts& Sciences.
27.G.I.Wilson,(2007),,*Terrorism:Psihology and Kinetics"*.
28.DCSINT Handbook No.1.03, suicide bombing, A Military Guide to Terrorism in the Twenty First Century, US Army training and Doctrine Comand (2006).
29.Rodney Stark, The Rise of Christianity: A Sociologist Reconsiders History (Princeton N.J:Princeton University Press) стр.73, и Hans Zinsser, Rats, Lice and History (New York:Bantam, 1960).
30.Scott Atran,(2004) *Trends in Suicide Terrorism : Sense and Nonsense. Presented to World Federation of Scientists Permanent Monitoring Panel on terrorism, Erice, Sicily, August 2004*
31.Stuart Sim,(2004),,*Fundamentalist World*".
32.Jessika Stern, (2003),,*TERROR IN THE NAME OF GOD, Why Religious militants kill*".
33.Amy Waldman,(2003),, *The Masters of Suicide Bombing: Tamil Guerillas of Sri Lanka"*, The New York Times, 14 January.
34.Julian Madsen, "Suicide Terrorism: Rationalizing the Irrational," *Strategic Insights* Vol. III, no. 8 (Aug.2004): 2
35.James Fearon and David Laitin. 2003. "Ethnicity, Insurgeny and Civil War." *APSR*, Vol.97, n°1. February
36.Roger Masters, "Pre-Emptive War, Iraq, and Suicide Bombers," *The Forum: Defending Against Terrorism: the Search for Homeland Security* vol. 1, no. 2 (2002):
37.Transworld-The Transatlantic Relationship and the future Global Governance (April,2013) ISSN 2281-5252. New and Evolving Trends in International Security-Edited by Anne-Marie Le Gloannec, Bastien Irondelle and David Cadier.
38.Anneli Botha,(2013) Practical guide to understanding and preventing suicide operations in Africa-Institute for Security Studies (ISS), Pretoria, South Africa
39.Elaine Donnelly,(2002),, *The Suicide Sisterhood*", National Review Online, April 26.
40.Dave Grossman (1995),,*On killing:The Psihological Coast of Learning to Kill in War and Society*",Boston:Little,Brown and Company
41.Tatsuya Sahara,(1994),,*The Islamic World and the Bosnian Crisis, Current History"*.
42.Ghassan Salame,(1993),,*Islamic and the West, Foreign Policy 90*".
43.R.Pape ,,*The Strategic Logic of Suicide Terrorism*, American Political Science Review, Vol.97, No.3, August 2003.
44.Joel Beinin, Joe Stork(1996),,*Political Islam:Essays from Middle East Report*".
45.Karen Pittel and Dirk T.G. Rübbelke (February 2009) Decision Processes of a Suicide Bomber – Integrating Economics and Psychology.
46.Muhammad Feyyaz (February, 2013), PERSPECTIVES ON TERRORISM-Conceptualising Terrorism Trend Patterns in Pakistan–an Empirical Perspective. Volume 7 Issue 1.
47.Isaiah Berlin ,,The Origins of Israel" (1953), The power of ideas, ur.Henry Hardy (London and Princeton 2000), 143 Princeton Unevirsity press.
48.Шеј С.(2002),,The endless jihad:The Mujahidin, The Taliban and Bin Laden. Херзлија, Израел: Институт против тероризам.
49.Гванаратна Р.(2002),,*Inside Al Kaeda:Global Network of Terror*" New York:Columbia University Press.
50.Џенкинс Б.М.(1984),,The who, when, what, where and how of terrorism" (Police department Detroit).
51.Piotr Prokopowicz,(2008) ,,*Suočavanje s največom žrtvom. Dragocjeno signaliziranje, fiktivno srodstvo I geneza samoubilačkog terorizma.*", Svezak 9/13 broj.
52. м-р Миле Шикман,(2008),,*Самоубилачки тероризам као безбедносна претња савременом свету*"списание БЕЗБЈЕДНОСТ – ГРАЂАНИ – ПОЛИЦИЈА - Висока школа унутрашњих послова, Бањалука
53.Виолета Матовиђ, (2006) ,,*Самоубилачки тероризам-Како се постаје ,,мученик"*, НКЗБПТ/Београд. Национален комитет за борба против тероризам.
54.Предраг Мићић,(2006*),,Самоубилачки тероризам:Идеологија револуционарног Ислама"*,Одбрана, Р Србија.
55.Mikloš Biro,,*Samoubistvo-Psihologija I Psihopatologija*", Nolit/ Beograd.
56.Harun Yahya,(2003),,*Islam proklinje terror"*, Bosančica print/ Sarajevo.
57.Pavle Kalinić, (2003) ,,*Teror I terorizam"*, Naklada Jesenski I Turk/ Zagreb.
58.Brus Hofman(2000),,*Unutrašnji terorizam*",Narodna Knjiga-Alfa/Beograd.
59.Obren Đorđević, (1986) ,, Leksikon bezbednosti", Partizanska knjiga/Beograd.
60.Митко Котовчевски, (2011),,*Национална безбедност*", Филозофски факултет-Скопје
61.Иван Бабановски,(2010),,*Европа таргет во сатанското мени на Ал Каеда*", Скопје.

62.Македонски центар за меѓународна соработка (2009) „*Исламот и политиката на западен балкан*".
63.Жерар Шалијан и Арно Блин,(2009)„*Историја на тероризмот од антика до Ал Каеда*", Табернакул.
64.Филип Рајкел (2009)„*Прирачник за транснационален криминал и правда*", Датапонс/Скопје.
65.Ричард Сорабџи, Дејвид Родин,(2009)„*Етика на војната*",Академски печат/Скопје.
66.Џон Ј.Робинсон (2009) „*Родени во крв-загубените тајни на масонството*", Мартина комерц/Скопје.
67.Одри Курт Кронин и Џејмс М.Лудс, (2009) „*Напад на тероризмот: Елементи на грандиозна стратегија*", Нампрес/Скопје.
68.Кристофер Партриџ,(2009)„Нов Лајонов прирачник РЕЛИГИИ ВО СВЕТОТ", Младинска книга/Скопје.
69.Адам Харт-Дејвис,(2009)„*ИСТОРИЈА од создавањето на светот до денес*", Младинска книга/Скопје.
70.Керин Армстрон,(2008)„Битката за Бога", Евро-Балкан пресс/Скопје.
71.Митко Котовчевски,(2007)„Етиологија на вооружените конфликти", Бомат графикс.
72.д-р Злате Димовски,(2007) „*Тероризам*", Графотранс/Скопје.
73.Трајан Гоцевски,(2006) „*Основи на системот на националната одбрана", четврто дополнето изменето издание*, Филозофски факултет/Скопје
74.*Спречување на терористички активности*,(2006) Оддел за помош во борба против тероризмот, Министерство за надворешни работи на САД.
75.Еван Ф. Колман,(2005)„ *Ал-Каеда џихад во Европа, авганистанско-босанска мрежа*", Naklada Ljevak/Загреб.
76.Пол Берман,(2005)„*Терор и либерализам*", Евро-Балкан пресс/Скопје.
77.Митко Котовчевски,(2004) „*Борба против тероризмот*", Македонска цивилизација/Скопје.
78.Митко Котовчевски,(2003)„*Современ тероризам*", Македонска цивилизација/Скопје.
79.Клаус Кинклер,(2002)„*Верски фундаментализам*", Clio/Белград.
80.С.А.Јанакос,(2002)„*Етнички конфликт-религија, идентитет и политика*", Просветно дело/Скопје.
81.д-р Стефан Буџакоски,(2002) „*Превенција од злоупотреба на дрогата*", Летра/Охрид.
82.Бодреро Д.Д. (2002)„*Нов предизвик за спроведувачите на законот за истражување, забрана и спречување на тероризмот*"(The Police chief).
83.Алфред Гијом,(2001)„Ислам", Култура/Скопје.
84.д-рТодор Кралев, (2000)„*Осврт на одделните пристапи во теоријата на суицидалното поведение*".
85.д-рТодор Кралев,(2000)„*Основните карактеристики на суицидната популација*".
86.д-р Тодор Кралев,(1999)„Етиолошки аспекти на самоубиствата", Агенција Академи/Скопје.
87.*БЕЛА КНИГА*, Министерство за Внатрешни Работи на Република Македонија.
88.Основи на методологијата на НИР.
89.Ценкинс Б.М.(1987)„Дали терористите ќе прејдат на нуклеарно оружје" Во Издание на В.Лакуер и Ј. Александар,The terrorism reader New York:Meridian.
90.д-р Георги Чадловски,(1985)„*Етиопатогенезата на самоубиствата*", Студентски збор/Скопје.
91.*ФИЛОЗОФИЈА 1*,(филозофско списание) број 2-август 2002, Аз-Буки/Скопје.
92.Европол, SC5 - единица за борба против тероризмот -Хаг,EDOC # 418506_v4 2.
93.Кривичен законик на Република Македонија. „Службен весник" Број 19/04.
94.Македонска ревија за казнено право и криминологија (2006) год 13 бр 1.
95.Македонска ревија за казнено право и криминологија (2006) год 13 бр 6.
96.*ОДБРАНА*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, годинаXIV-број 109-мај 2005 година.
97.*ОДБРАНА*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, годинаXIV-број 105-јануари 2005 година.
98.*ОДБРАНА*, Министерство за Одбрана на Република Македонија, годинаXIV-број 107-март 2005 година.
99.Министерство за Одбрана на Р.Србија, Воено дело бр.3, од 2007 год. потполковник др. Катарина Штрбац, Катарина Терзиќ.
100.„Национална и глобална безбедност", збирка на трудови на специјализанти на Факултетот за Политички науки-Белград (април, 2005 год.).
101.Institut za uporedno pravo (2009, Mart) dr Dragana Petrović„ *Samoubilački terorizam*",Beograd стр 75, www comparativelaw.info.

102.Ivan Šijaković,(2003)„Terorizam I problem identiteta", Ekonomski fakultet,UDK 323.28/ Banja Luka.
103.William Cleveland, *A History of the Modern Middle East* (Boulder: Westview Press, 2000), 316.
104.Beres, R.L; Mesing, M: Bodies in pain,The radiology of suicide bombing terrorism, http://ntvf.8m.com/articles1.htm.
105.David Sobek, Sam Rohrer, Joshua W.Harris (2012)„Name Your Price: Economic Compensation and Suicide Terrorism", http://ssrn.com/abstract=2107145.
106.Carnegie Results (2009), *The truth Behind suicide terrorism*,Carnegie Corporation of New York, www.carnegie.org
107.Samuel P. Huntington (April 12, 2002) „The Clash of Civilizations", http://www.freerepublic.com/focus/news/664292/posts
108.Hekmat Karzai (April 2007) Strategic and Operational Measures to Curb the Growing Threat of Suicide Terrorism in Afghanistan, -Hekmat Karzai is Director of the Centre for Peace and Conflict Studies, Kabul.
http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ord588=grp1&q51=Suicide&id=31076
109.Institute of Peace and Conflict Studies (IPCS, September 2009) Jermie Lanche „Suicide Terrorism in Pakistan", www.ipcs.org.
110.The Institute for National Security Studies Strategic.doc report suicide terrorism 2013 INSS Insight No. 507, January 14, 2014-Yotam Rosner, Einav Yogev, Yoram Schweitzer.
111.NCTC Annual report on Global Terrorism, July 31, 2012
http://www.matthewaid.com/post/28439480656/nctc-annual-report-on-global-terrorism
112.Ahmad Ishaque Jdiangir (April, 2013)„Challenges to Policing Terrorism in Pakistan", Police foundation report. http://www.scribd.com/doc/139182507/Challenges-to-Policing-Terrorism-in-Pakistan
113.Scott Atran „Who Wants to Be a Martyr?", The New York Times May 5, 2003, http://www.nytimes.com
114.Suicide Bombing: Embarrassment to Mankind (2009)
http://www.paranormalknowledge.com/articles/suicide-bombing-embarrassment-to-mankind.html
115.Scott Atran ,(2003) „Genesis of Suicide Terrorism", MARCH 2003 VOL 299 SCIENCE
http://hal.archives-ouvertes.fr/docs/00/50/95/68/PDF/genesis_of_Suicide_terrorism.pdf
116.Marcy Mason, HOMELAND SECURITY,(JANUARY/FEBRUARY 2005)„Suicide bombers", www.mcgraw-hillhomelandsecurity.com
117.Anne Speckhard and Khapta Ahkmedova, (July–August 2006)„The Making of a Martyr: Chechen SuicideTerrorism", *Studies in Conflict and Terrorism*, Volume 29, Number 5, 3–5,<http://www.annespeckhard.com
118.Akbar Nasir Khan (December 2010) Strategic Response to Suicide Terrorism in Pakistan, SAN Analysis, PAK INSTITUTE FOR PEACE STUDIES http://www.san-ips.com/download.php?f=66.pdf
119.Suicide Bombers-*Profiles, Methods and Techniques*
http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a464077.pdf
120.Centre of excellence defence against terrorism (COE-DAT). Newsletter-Januari, February, March 2013-Turkey. www.coedat.nato.int
121.Jessica Davis (May 16, 2013)„Female Suicide Bombers in Iraq"
http://extremisproject.org/2013/05/female-suicide-bombers-in-iraq/
122.Iraq 2013:a year of carnage http://iraq2013.rt.com/en.html
123.National Counterterrorism Center ://www.statista.com/statistics.
124.Stephen Starr (Jun 25, 2013)The Renewed Threat of Terrorism to Turkey,http://www.ctc.usma.edu/posts/the-renewed-threat-of-terrorism-to-turkey
125.http://www.fzf.ukm.mk/files/zbornik Тања Милошевска,„*Терористи-самоубијци*"
126.CRS Report To Congress http://www.fas.org/irp/crs/Rl32058
127.http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-afghanistan/suicide-terrorism-in-afghanistan-talibans-new-game-plan-1942.html
128.http:// recnik. off. net.mk.
129.http:// www Longwarjournal.org/archives/2009/02/female_suicide_bomb
130.http://www.ipcs.org/article/suicide-terrorism-in-iraq/suicide-terrorism-iraq-2006-2212.html
131.http://www.huffingtonpost.com/
132.http://www.fas.org/irp/threat/arb/board_daressalaam.html
133.http://www.exchange-rates.org/converter/PKR/USD/1000000/Y
134.http://atimes.com
135.http://icasualties.org/oef/
136.http://www.state.gov/r/pa/prs/ps/2011/05/164312.htm

137.http://www.ohchr.org.
138.http://cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/.
139.http://www.start.umd.edu/terrorist_organization_profile.
140.http://www guardian.co.uk/word.
141.http://www journeyman.tv.
142.http://www.psihijatrija-ubija.info/psihijatrija-terorizam/
143.http://www.jewishvirtuallibrary.org/jsource/Peace/aksagraph.html
144.http//www.pbs.org/wnet/wideangle/shows/suicide/briefing.html.
145.http://www.globalsecurity.org.military/intro/images/vbied-standards
146.http://www.janes.com
147.http://www.bhdani.com/arhiva.
148.http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php.
149.http://hr.wikipedia.org/wiki/Samoubila%C4%8Dki_terorizam.
150.http://www.hrvatski-vojnik, broj 104 fevruari 2004.
151.http://www.mm.co.ba/sehara.
152.http://wiki.velv.hr/wiki/index.php.
153.http://www.novosti.rs/code/navigate.php
154.http://sr.wikipedia.org
155.http://www en.wikipedia.org.
156.www kanal 5 com mk.
157.http://www.time.mk
158.http://www.dw-world.de/dw/article/
159.http:// www beyondintractability.org
160.http:// www.vesti-online.com
161.http://www.macrofox.com/eng http
162.http://www.dailymail.co.uk/news/article-2118006/Toulouse-shooting
163.http://www.thedailybeast.com/articles/2012/04/02/
164.http://islam.about.com/cs/currentevents/a/suicide_bomb.htm.
165.http://news.bbc.co.uk
166.http://www.fas.nus.edu.sg/soc/research/Oct13_Hassan.pdf
167.http://www.mfa.gov.il/mfa/foreignpolicy/terrorism/palestinian/pages/terror_attack_israeli_tourists_bulgaria_18-jul-2012.aspx
168.http://www.imf.org/external/pubs/ft/weo/2009/01/weodata/weorept.aspx?sy=2006&ey=2009&scsm=1&ssd=1&sort=country&ds=.&br=1&c=524&s=NGDPD,NGDPDPC,PPPGDP,PPPPC,LP&grp=0&a=&pr.x=59&pr.y=9
169. http://www.ekurd.net/mismas/articles
170.http://skriptorijum.blogspot.com/2012/06/asasini-iz-alamuta.html
171.http://365.com.mk/recnik/
172.http://www.glassrpske.com
173. www.pravo.org.mk
174.http://www.kuna.net.kw/ArticleDetails.aspx?id=2339405&Language=en
175.http://www.ukessays.com/essays/sociology/suicide-terrorism.php
176. http://terrorism.about.com/od/groupsleader1/p/Sicarii.htm
177.http://www.thenews.com.pk/Todays-News-13-27631-710-lost-lives-to-suicide-bombers-in-2013
178.http://www.islamicinvitationturkey.com/2014/02/12/suicide-terrorism-in-syria-threatening-western-states-report/
179.http://dailycaller.com/2013/03/05/report-majority-of-islamist-terrorist-threat-to-us-homeland-has-come-from-us-nationals/
180.http://www.rferl.org/content/sochi-olympics-terrorism-umarov/25035408.html
181.http://www.thenation.com/blog/178290/afghanistan-civilian-deaths-were-7-percent-2013-says-un#
182.http://www.csmonitor.com/World/Latest-News-Wires/2014/0208/Afghanistan-UN-reports-increased-civilian-casualties-in-2013
183.http://www.cfr.org/afghanistan/taliban-afghanistan/p10551
184.http://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/af.html
185.http://strategicstudyindia.blogspot.com/2013/01/sectarian-violence-and-terrorism-in.html
186.http://www.pbs.org/tpt/slavery-by-another-name/themes/white-supremacy/
187.http://dictionary.reference.com/browse/white+supremacy
188.http://www.jpost.com/Syria/Suicide-terrorism-thriving-in-Syria-is-threat-to-West-Israel-new-report-warns-341087
189.http://www.terrorism-info.org.il/en/article/20436

190.www.rand.org
191.Chicago Project on Security and Terrorism (CPOST)-University of Chicago,(2014), http://cpost.uchicago.edu/
192.Ban Ki-moon, UN Secretary General (2012-11-21). "Secretary-General's remarks to the Security Council. Tel Aviv. Retrieved 2012-11-22.
193.Liz Sly (February 3, 2014)."Al-Qaeda disavows any ties with radical Islamist ISIS group in Syria, Iraq". *The Washington Post*. Retrieved February 7, 2014
194.Kershner, Isabel (Jan. 19, 2014). "Two Are Wounded After Israel Orders Airstrike in Gaza". *The New York Times*. Retrieved 22 January 2014
195."Humanitarian Operation – Factual Analysis, July 2006 – May 2009". Ministry of Defence (Sri Lanka). 1 August 2011
196."Sri Lanka (LTTE) Historical Background". *IISS Armed Conflict Database*. International Institute for Strategic Studies. 2003. Retrieved 9 February 2009
197.Human Capital and the Productivity of Suicide Bombers pdf Journal of Economic Perspectives Volume 21, Number 3, Summer 2007. Pages 223–238
198.Killing Without Dying: the Absence of Suicide Missions STATHIS N. KALYVAS AND IGNACIO SANCHEZ-CUENCA. http://stathis.research.yale.edu//files/Kalyvas_Sanchez_Cuenca.pdf
199.Suicide Attacks in Afghanistan (2001-2007) 1September, 2007-United Nations Assistance Mission to Afghanistan.
200.http://www.timelines.ws/countries/TURKEY_B.HTML
201.Official Procès-Verbal, July 20th, 2002 in Tunis, El Fadel El Malki, Central Directorate of the Judicial police, The Criminal Affairs Bureau
202.Demographics of Sri Lanka#CIA World Factbook demographic statistics
203.Mahendra (3.1. 2009.)„The fall of rebel headquarters: what does it hold for Sri Lanka?“. Xinhua News Agency
204.Sri Lanka army 'defeats rebels', BBC, 2009-05-16
205."From the article on the Taliban in Oxford Islamic Studies Online". Oxford Islamic Studies. Retrieved 2010-08-27
206.Robinson,B.A. "The Creativity Movement: Introduction". *ReligiousTolerance.org*. Ontario Consultants on Religious Tolerance. Retrieved March 19, 2012.
207.Henry, Sarah. "The Religion of Hatred." The San Francisco Chronicle 6 Feb. 1994. Print.
208.Bali death toll set at 202". *BBC News*. 19 February 2003. Retrieved 14 July 2010
209.Nojum, Neamatollah (2002). *The Rise of the Taliban in Afghanistan: Mass Mobilization, Civil War and the Future of the Region*. Palgrave Macmillan. p. 189. ISBN 978-0-312-29584-4.
210.Middle Eastern Briefing #39, Gaza and Israel, New Obstacles, New Solutions, by International Crisis Group, 14 July 2014, p4.
211.Edward V. Linden, 2002, "Focus on Terrorism" by Nova Publishers.
212.Дневен печат „Вест"година XII, број 3312 од 8.07.2011 година.
213.Дневен печат „Нова Македонија" број 22437 од 22.11.2011 година.
214.Дневен печат „Дневник" од 27.11.2009 година.